ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (НПАА)
# РЕВИЗИЈА 2016 - 2018

Декември, 2015

## СОДРЖИНА


00. РЕЗИМЕ ... 3
I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ ... 15
1.1 ДЕМОКРАТИЈА ... 17
1.2 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 24
1.3 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ... 26
1.4 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ... 30
1.5 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ... 32
II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ ... 35
2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ... 37
2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ ... 50
3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ... 60
3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ... 69
3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ... 74
3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ... 78
3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ ... 82
3.06. ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ... 87
3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ... 90
3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА ... 96
3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ... 99
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ... 107
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 113
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 124
3.13 РИБАРСТВО ... 137
3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА ... 141
3.15 ЕНЕРГЕТИКА ... 151
3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ... 166
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ... 174
3.18 СТАТИСТИКА ... 179
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ... 188
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 207
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ... 218
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ... 224
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ... 231
3.24 ПРАВДА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ... 244
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ... 259
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ... 265
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ... 272
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ... 296
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ... 313
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ... 318
3.31 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА ... 324
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ... 327
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ... 333
IV. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ... 336
4.01 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 336
4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ... 338

# 00. РЕЗИМЕ

**ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ (НПАА)**

Ќе продолжат реформите во приоритетните области од процесот на европска интеграција. За реализација на приоритетите подготвена е Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2016), која претставува десетта по ред ревизија на оваа програма. НПАА претставува клучен стратешки документ, кој ги вклучува приоритетите, динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

Клучни елементи при ревизија на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочните (2016 година) и среднорочните (2017-2018) приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ за 2015 година (вклучувајќи ги и претходните извештаи) и Стратегијата за проширување и главните предизвици за 2015 -2018 година
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно препораките на Европската комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети одржани во изминатата година;
- Итните реформски приоритети, приоритетните реформски цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, и Планот за реализација на активностите на итните реформски приоритети (ПАРИРП).
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ;

Во ревизијата на НПАА за 2016 година, вграден е и новиот пристап на Европската комисија, за следните селектирани области: владеење на правото и фундаменталните права (функционирање на правосудството, борба против корупција, борба против организиран криминал, слободата на изразување) , реформа на јавната администрација, јавни набавки, статистика, и финансиска контрола

Ревизијата на НПАА за 2016 година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, односно содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација. Посебно внимание беше посветено на поврзувањето на приоритетите на НПАА со Економска реформска програма (ЕРП), стратегијата ЈИЕ2020, како и приоритетите на ПАРИРП.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- I Политички критериуми
- II Економски критериуми
- III Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- IV Административен капацитет

Програмата структурално е поделена на наративен дел со матрица на цели и активности и табеларен дел прилози – и тоа:

- Прилог 1 - Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодвството на ЕУ (со ЕУ мерките и меѓународните стандари кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување).
- Прилог 2- Дистрибуција на работни места
- Прилог 3- Проектирани буџетски средства
- Прилог 4- Инструмент за претпристапна помош (ИПА) и друга странска помош, и TAIEX обуки

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе воспоставените механизми. Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2016).

## ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРЕДВИДЕНИ СО НПАА

Со цел унапредување на севкупните состојби во процесот на европска интеграција, и воедно пресретнување на отворените прашања, наодите и препораките на Извештаите на Еворпската комисија, се планираат следните клучни приоритети:

Во однос на **политичките критериуми**, главниот фокус во текот на 2016 година ќе биде спроведување на преостанатите обврски од Политичкиот договор како обврските од листата на итните реформски приоритети и препораките на Групата високи експерти за состојбите со владеењето на правото. Фокусот исто така ќе биде ставен и на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво, како и останатите обврски кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во делот на **избори**, а со цел ефикасна организација и спроведување на Предвремените парламентарни избори 2016 година, Државната изборна комисија (ДИК) ќе се фокусира на засилена едукација на изборните органи како и спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Согласно последните измени на Изборниот законик ДИК доби зголемени надлежности во однос на водењето и ажурирањето на Избирачкиот список.

Клучен приоритет во исполнувањето на политичките критериуми ќе биде остварување на **конструктивен политички дијалог** во Собранието на Република Македонија. Ќе продолжат напорите за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година. **Анкетната комисија** за скандалот со прислушувањето, врз основа на наодите ќе треба да изготви и на Собранието да му поднесе извештај, до крајот на јануари 2016 година. Ќе продолжат активностите за обезбедување функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби.

Со цел спроведување на НПАА-ревизија 2016 година, Собранието ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција.

Во однос на развојот на локалната самоуправа и процесот на **децентрализација,** Владата на Република Македонија ќе продолжи со активностите за подобрување на правната, финансиската, институционалната и административната средина за обезбедување на одржлив локален развој и децентрализација и за влез во втората фаза од фискалната децентрализација, со посебен фокус на општината Пласница. Ќе се подобри хоризонталната и вертикалната координација на националните политики поврзани со за одржлив локален развој. Исто ќе се продолжи со активности за зголемување на средствата за финансирање на проекти во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој.

Во делот на **граѓанско општество** ќе продолжат активностите за вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање на политики преку формирање на Совет за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор.

Во делот на **реформа на полицијата** планирано е донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, со цел регулирање на употребата на гумени куршуми и средствата за прислиба, согласно Европската конвенција за човекови права. На среднорочен план се предвидува донесување на закон со кој ќе се уреди основање на нова, независна институција која ќе функционира во системот на надворешна контрола на почитувањето на човековите слободи и права, професионалните стандарди. Во однос на борбата против организиран криминал ќе се донесе нов Закон за следење на комуникациите како и Стратегија за компјутерска безбедност и Акциски план.

Во делот на **реформа на јавната администрација**, ќе се спроведува на правната рамка за јавната и државната администрација и Методологијата за планирање на вработувањето. До крајот на 2016 година ќе обезбеди интероперабилност на 25 државни институции.

Во тек е усогласување на над 200 материјални закони со новиот Закон за општа управна постапка. Ќе се воспостави Каталог на сите управни постапки во државата и ќе се воспостави сала за јавни услуги, ќе продолжи

имплементацијата на новата законска регулатива во доменот на управување со човечки ресурси во јавната администрација, а притоа во постапките за вработување ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност. Ќе се подготви нова Стратегија за реформа на јавната администрација 2015-2020.

Во делот на **правосудство,** се очекува донесување и измени на дел од правната рамка која ја регулира го системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, јавното обвинителство и кривичната постапка. Ќе се донесе Закон за управни спорови. Ќе започне почетната обуката на шестата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители. Ќе се испраќаат судии на престој во ЕСЧП, додека на кандидатите на почетна обука ќе им биде овозможен едномесечен престој во Европскиот суд за човекови права. Ќе продолжат активностите за надминување на прашањето за т.н. стари предмети.

Во делот на **антикорупциската политика** ќе продолжи анализата на анти-корупциската правна рамка во насока на нејзино унапредување. За имплементација на Законот за заштита на укажувачи**,** ќе се донесат подзаконските акти за уредување на заштитеното внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор, заштитеното надворешно пријавување, како и насоките за внатрешно пријавување во приватниот сектор. Фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и зголемување на вклученоста на јавноста во борбата против корупцијата и судирот на интереси.

Во делот на **слобода на медиуми/слобода на изразување** ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Планирани се измени на Законот за медиуми за зголемување на транспарентноста на медиумското финансирање. Ќе се подготви методологија за распределба на средства кои се наменети за кампањи од јавен интерес.

Во делот на **заштита од дискриминација** ќе се спроведуваат активности кои се планирани во Стратегијата и Националниот Акциски план за родова еднаквост. Ќе се работи на имплементација на Стратегијата за родово буџетирање и евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

Во однос на вклучувањето на Ромите**,** ќе се продолжи со имплементација на Националните акциски планови од Стратегијата за Ромите. Ќе продолжи континуирано спроведување на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“. Ќе продолжи акцијата за евиденција на лица без лични документи во матичната книга на родените.

Во делот на **регионални прашања и меѓународни обврски** унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка останува високо на листата на приоритети. Ќе продолжат акстивностите за продлабочување на односите и соработката со земјите од соседството. Земјата ќе продолжи со активното учество во регионалните инцијативи. Во фокусот на односите со Република Бугарија ќе биде унапредување на договорната рамка и зголемување на соработката во духот на добрососедството и регионалната соработка. Република Македонија ќе продолжи со конструктивен пристап во соработката со Грција, како и во разговорите под покровителство на ОН, во согласност со принципите и нормите на меѓународното право, вклучително пресудата на МСП од 2011 година.

Во однос на **економските критериуми**, макроекономската политика во 2016 година ќе продолжи да ги остварува стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст на земјата. Макроекономската политика е во функција на оддржување на макроекономската и финансиската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, вработеноста и подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението.

Досегашните економски остварувања и здравите макроекономски политики се цврста основа поволните економски движења да продолжат во 2016 година, во услови на позитивни очекувања за глобалниот економски раст и растот на економијата на ЕУ, како најзначаен трговски партнер на Македонија. Растот на економската активност во Македонија во 2016 година е проектиран на ниво од околу 4%. Извозот на стоки и услуги се предвидува да оствари реален раст од 8,1% во 2016 година, главно како резултат на очекувањата за активноста на извозните капацитети на странските компании, при постепен раст на надворешната побарувачка.

Монетарната политика и во 2016 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност како значајна компонента на макроекономската стабилност.

Предвидениот економски раст во 2016 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Бројот на вработени се очекува да се зголеми за 2,4%, како резултат на очекуваните инвестиции на странските компании во слободните економски зони, активните мерки и програми за вработување, како и реализацијата на инфраструктурните проекти на јавниот сектор, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност.

Во периодот јануари - август 2015 година се регистрирани нето приливи врз основа на странски директни инвестиции од 155 милиони евра, што е за 17,2% повеќе во однос на нивното ниво во истиот период претходната година.

Државниот долг[1] заклучно со 30.9.2015 година изнесува 3.233,3 милиони евра, односно 36,0% од БДП, додека јавниот долг[2] во истиот период изнесува 3.941,4 милиони евра, односно 43,9% од БДП.

Согласно Извештајот на Светска банка, Doing business 2016, земјата е рангирана на прво место во Европа и второ место на светско ниво во однос на показателот- започнување на бизнис.

При продолжен солиден економски раст, и покрај силно изразените домашно политички превирања и присутни ризици и неизвесност во врска со исходот на должничката криза во Грција, вкупните активности на банките во земјата остварија пораст и во текот на 2015 година. Така, заклучно со октомври 2015 година, активата на банкарскиот систем оствари солиден годишен раст од 6,3%, како и кредитите и депозитите од нефинансискте субјекти, кои остварија раст од 8,5% и 6,1%, соодветно (октомври 2014 година, растот изнесува 6,3% за активата, 9,7% за кредитите и 6,3% за депозитите).

Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 25.578 милиони денари (зголемени за 15% во однос на 2015 година) наменети за доизградбата на автопатот на Коридор X и подобрување на железничката инфраструктура на истиот,изградба и рехабилитација на источен дел од железничка пруга на Коридор 8, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Во март 2015 година, на предлог на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) Владата го усвои Вториот пакет мерки за подобрување на конкурентноста на Република Македонија. Пакетот содржи 32 мерки во 9 области за унапредување на пристапот до финансии, ликвидноста, продуктивноста, вештините и образованието на вработените, транспортот, регулативата и бизнис опкружувањето, како и иновациите и технолошкиот развој на компаниите во Македонија. Во септември 2015 година Светскиот економски форум го објави Извештајот за глобална конкурентност за 2015-2016 година во кој Република Македонија се искачува на 60-тото место, подобрувајќи го рангирањето за 3 места во споредба со минатата година или за вкупно 20 места споредбено со 2012 година.

Во 2015 година продолжија преговорите за натамошна либерализација на трговијата со услугите во ЦЕФТА во секторите: деловни и професионални услуги, туристички услуги, услуги за животна средина , комуникациски услуги, аудиовизуелни и градежни услуги, образовни и здравствени услуги.

Во однос **на способноста за преземање на обврските од членство во ЕУ**, планирани се следните клучни приоритети:

Во делот на **слободно движење на стоки**, ќе се транспонираат новите директиви на ЕУ од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот.

Ќе се реализираат останатите 9 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.

Во делот на **слободно движење на работници**, ќе се продолжи да унапредувување на законската рамка со цел поедноставување на постапките за стекнување на работна дозвола, како и зголемување на мобилноста на странците. На среден рок, националното законодавтво ќе се усогласи со одредбите од Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011. Ќе се продолжи со следење на законодавтсвото за

ЕУРЕС (Европски портал за професионална мобилност). Земјата ќе продолжи со иницирање и склучување на билатерлани договори со неколку земји на ЕУ. Продолжува унапредување и надградување на системот за електронската здравствена картичка (ЕЗК). Во наредниот период се планира иницирање за склучување на договори за користење на Европската картичка за здравствено осигурување (ЕКЗО) со неколку земји.

Во делот на **право на основање и слобода на давање услуги**, се планира усвојување на Предлог Законот за услуги во 2016 година, во кој се транспонира Директивата 32006L0123. Ќе продолжат активностите за натамошна анализа на усогласеноста на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 во делот на прекуграничното давање на услуги и врз основа на резултатите од анализата, ажурирање на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123. Се планираат активности за воспоствување на „Единствена точка за контакт" (ЕТК) како обврска од Директивата 32006L0123.
Со поддршка на ИПА2011 проектот, се планира вклучување на сите засегнати страни во процесот на признавање на професионални квалификации, како и целосно усогласување на националното законодавство со одредбите од Директивите 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ.

Во делот на **слободно движење на капитал**, во 2016 година ќе се донесе Закон за платежни услуги во кој ќе биде транспонирана Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕЗ) и Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ). Во овој период се планира и донесување на подзаконските акти од областа на платежните услуги согласно Законот за платежни услуги.. Во насока на правилна и ефикасна имплементација на одредбите на IV Директива во националното законодавство, Управата за финансиско разузнавање ќе спроведе анализа на влијанието на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и ќе ја утврди потребата за негово изменување.

Во делот на **јавни набавки**, се планира донесување на Закон за јавните набавки во кој ќе се транспонираат: Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, Директивата 2014/24/ЕУ за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правни лекови 2007/66/ЕЗ.
Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе започне со опремување со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер, како и план за воведување на целосен електронски систем, со што ќе се овозможи електронско водење на целокупната жалбена постапка.

Во делот на **право на трговски друштва**, до крајот на 2016 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.
Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе започне со спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување на членовите на Институтот.
Во делот на **право на интелектуална сопственост**, донесени се подзаконски акти за примена на Законот за измени и дополнувања на законот за авторското право и сродните права со што се овозможи поефикасно колективно остварување на авторското право и сродните права. Со поддршка на ИПА проект, ќе се донесе Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018.

Во делот на **политика на конкуренција**, КЗК ќе ја продлабочи соработката со Министерството за внатрешни работи во насока на ефикасно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК) и ќе продолжи со блиска соработка со останатите регулаторни тела во земјата.
Ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и Уредбата за помош од мало значење, со цел да се утврди нов праг на помош во земјата, согласно препораките на Европската комисија.
Исто така, ќе се воспостави електронски Регистар за државна помош, со што ќе се постигне подобра контрола и следење на државната помош.

Во делот на **финансиски услуги**, во текот на 2016 година, ќе се донесени измени и дополнување на Законот за банки, и ќе се изврши усогласување на банкарската регулатива со Директивата 2013/36/ЕУ за пристапот на активностите на кредитните институции и пруденттната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013 за пруденттните барања за кредитните институции и инвестициските фирми.

Исто така, ќе се донесе и посебен Закон за оправување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестицикси фирми.
Два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за пазарот на хартиите од вредност и Закон за издавање и понуда на хартии од вредност) ќе бидат донесени до крајот на 2016 година, кои ќе биде во голема мера усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал, ќе обезбедат поголема заштита на малцинските акционери во акционерските друштва, поголема транспарентност на компаниите и воведување нови финансиски инструменти. За подготовка на новите закони беше одобрен проект преку ИПА 2010.

Во делот на **информатичко општество и медиуми**, ќе се прошири системот за интероперабилност и ќе се воспостави централен портал за електронски административни услуги. Во текот на 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски акти во случај на измени и дополнувања на позитивните законски прописи во Република Македонија од оваа област. Исто така, Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет.

Во делот на **земјоделство и рурален развој**, ќе се имплементираат активностите предвидени во Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2013-2017, и Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (НСЗРР) за периодот 2014-2020 година.
Со акредитирањето на *четвртата мерка од ИПАРД 2007-2013, мерката за Техничка помош*, ќе продолжат активностите за поддршка на развој на земјоделството и руралниот развој.
Усвоената Програмата за земјоделство и рурален развој, во рамки на ИПА2 за периодот 2014-2020 е основа за спроведување на низа активности, кои се продолжение на активностите од минатите години, во насока на подобрување на општата состојба во земјоделството.
Во завршна фаза се измените и дополнувањата на Законот за органско земјоделско производство во согласност со последните измени на ЕУ Регулатива 889/2008 и тоа најмногу во делот на надзорот и контролата во органското земјоделско производство. Во тек е реализацијата на Националниот план за органско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е дел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020. Активностите ќе продолжат и во 2016 година.

Во делот на **безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика**, донесени се измени на Законот за безбедноста на храната, и постигната е потполна усогласеност со Регулатива 32011R1169 и Одлука 32006D0677. Поголем дел од активностите кои се предвидени во НПАА 2016 произлегуваат од овој закон. Ќе продолжат активностите за подготовка за акредитација на инспекциските служби на АХВ согласно меѓународниот стандард EN/ISO/IEC17020:2012.
Во делот на фитосанитарна политика, постигнат е напредок во однос на усогласување на ЕУ законодавството во делот за здравје на растенијата, како и преземање на меѓународните фитосанитарни ИСПМ стандарди, а како краткорочен приоритет предвидено е донесување на нов Закон за производи за заштита на растенијата, усогласен со важечкото законодавство на ЕУ. Во текот на 2016, се планира подготовка на Националната стратегија за фитосанитарна политика 2016-2020, со поддршка на ИПА2010 проект.

Во делот на **рибарство**, активностите во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку оддржлив развој со финализирање на постапките за доделување на концесии за стопанисување со риби, како и непречен пласман на рибите и производите од риба на пазарот.
Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми, како и со реализација на предвидените мерки во оперативниот план утврдени во Стратегијата за земјодлеството и руралниот развој 2014-2020 година.

Во делот на **транспортна политика,** во областа на железничкиот сообраќај, се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем[3] со цел понатамошно усогласување со Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија). Исто така, планирано е да започне постапката за преговори за склучување на

[3]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14 и 152/15.

Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Грција и Република Македонија, како и усогласување на постојните подзаконски акти, со техничките спецификации за интероперабилност (TSI). Понатаму, ќе продолжат планираните активности за реализација на проектите во рамки на областите од внатрешниот воден сообраќај, комбинираниот сообраќај и сателитската навигација, како и планираните активности во рамки на воздушниот сообраќај.

Во делот на **енергетиката**, во наредниот период ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси., со цел намалување на узвозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси. Исто така, се планира подготовка на *Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2035.*
Се очекува имплементација на третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.
Во делот на *обновливи извори на енергија*, се планира измена на Законот за енергија и Законот за биогорива, во кои се транспонира Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија. Исто така, се планира донесување на *Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во за наредниот десетгодишен период*. Понатаму, се планира подготовка на Акционен план за ОИЕ, согласно барањата на Енергетската заедница и Директивата 32009L0028.
Во областа на *енергетската ефикасност* ќе се се подготви Акционен план за енергетска ефикасност (Втор АПЕЕ), како обврска од Договорот за Енергетска заедница.

Во делот на **оданочување**, на полето на директните и индиректните даноци ќе продолжи да ги проучува и анализира сите релевантни ЕУ акти и истите соодветно ке ги вгради во домашното законодавство, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност и да се овозможи непречена имплементација на истите.
Управата за јавни приходи е насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.

Во делот на **економска и монетарна унија**, Народната банка ќе продолжи да ја преиспитува поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика и ќе презема активности за натамошно усогласување на правната рамка за монетарните операции со регулативата на ЕЦБ, односно, се планира подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за народна банка.
Макроекономската политика во периодот 2016-2018 година ќе биде насочена кон задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Се очекува продолжување на позитивните економски движења во Македонија, при што се предвидува реалниот раст на БДП да изнесува 4%. Министерството за финансии ќе продолжи со редовна емисија на државни записи, како и фокусирање на проширувањето на рочната структура на портфолиото на државните хартии од вредност со подолги рочности, односно со емисија на две, три, пет, седум, десет и петнаесет годишни државни обврзници.
*Програмата за економски реформи за 2016* година ќе биде претставена како еден интегриран документ со поголем фокус на вработувањето и социјалните предизвици, согласно препораките на ЕК.

Во делот на **статистика,** ќе се продолжи со обезбедување на висококвалитетни статистички податоци согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Посебно внимание се посветува на развојот на метаинформацискиот систем, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснување на прибирањето податоци и подобрување на квалитетот на комуникацијата со давателите на податоци и корисниците.

Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.
Народната банка во областа на статистиката ќе обезбедува квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди.

Во делот на **социјална политика и вработување**, клучните приоритети во областа на социјалната политика и вработување во претстојниот период се во насока на подобрување на состојбите на пазарот на труд, зголемување на стапката на вработеност и справување со високата невработеност, особено невработеноста на младите, зголемување на ефикасноста и инклузивноста на пазарот на труд, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување. Ќе се преземаат напори за унапредување на социјалниот дијалог, јакнење на капацитетите на социјалните партнери и зголемување на нивното учество во процесот на креирање на политиките.
Во континуитет ќе продолжи спроведувањето на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и за подобрување на квалитетот на услугите и грижата за различните ранливи категории на граѓани (лица со инвалидност, стари лица, деца, социјално загрозени семејства, жители на руралните области, Роми, итн.). Ќе се работи и на воведување и развој на нови услуги во делот на професионална рехабилитација и персонална асистенција на лицата со посебни потреби, развој и поттикнување на алтернативни услуги за згрижување на деца, како и на развој, поддршка и унапредување на условите за социјално претприемништво во државата.
Продолжува имплементација на активности во согласност со стратешките и оперативни документи од областа на еднаквост и недискриминација, активности за зајакнување на капацитетите и подигнување на свеста за прашања поврзани со родовата еднаквост, родово одговорно буџетирање, за концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација, промовирање на работата на Комисијата за заштита од дискриминација и јакнење на нејзините капацитети.
За реализација на планираните активности и остварување на приоритетите во рамките на ова поглавје и во наредниот период, покрај финансирањето од националниот буџет, значителна помош и поддршка ќе се обезбедува и преку повеќето проекти кои се имплементираат во рамки на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА – Компонента 1 и 4).

Во делот на **претпријатија и индустриска политика**, ќе се продолжи со мерките за подобрување на деловната клима и дијалогот со бизнис заедницата за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери со понатамошна имплементација на регулаторната гилотина и РИА, водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентна економија базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништво, кластеринг и извозна ориентација.
Од аспект на подобар пристап до финансии значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој, можностите кои се нудат преку Програмите на Заедницата, КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020, регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан“, а од неодамна во Скопје е отворена канцеларијата на Регионалниот фонд за иновации ENIF.
Од 2016 година се очекува да отпочне реализација на ИПА Проектно фише за Развој на приватниот сектор и ИПА 2 за 2016 преку кои ќе се поддржи зголемување на бројот на мерки кои се нудат за поддршка на бизнисот.
Со носењето на новата Стратегија за развој на МСП по угледот на Актот за мали бизниси и Стратегијата за конкурентност, се очекуваат нови иницијативи и мерки за поддршка на развојот на секторот претпријатија.

Во делот **на транс-европски мрежи**, постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во земјата. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата долж Коридор VIII и X (Xd), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО). Исто така, Република Македонија ја поддржува иницијативата за интегрирање на СЕЕТО-мрежата во Трансевропските транспортни мрежи. Во однос на енергетските мрежи, изградбата на интерконеконективни врски со соседните земји продолжува во континуитет, што ќе придонесе за поголема сигурност во снабдувањето со електрична енергија во регионот на долгорочен план. Земјата континуирано учествува во работните тела на

Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (CEETO), Енергетската заедница и Европската асоцијација на електропреносните систем-оператори (ENTSO-E) итн.

Во делот на **регионална политика и координација на структурните инструменти**, фокусот останува врз максимална апсорпција на средствата од ИПА, обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и соодветни контроли. Особен акцент ќе се стави на воведувањето на целосно децентрализирано управување на ИПА без „ex-ante“ контроли. Согласно донесените регулативи од Европската комисија за спроведување на ИПА II за програмскиот период 2014-2020 година фокус ќе се стави на обезбедување на правото за индиректно управување со новите одобрени програми/нови мерки во рамките на ИПА II (2014-2020). Воедно,ќе продолжат напорите за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата, со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура.

Во делот на **правосудство и фундаментални права** во областа на **судство** ќе се измени правната рамка која го регулира системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, ќе се донесе нов Закон за јавното обвинителство а се очекува и изменување и дополнување на Законот за кривична постапка. Ќе се имплментира Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2016-2020. Во насока на примена на измените на Законот за судскиот совет со кои се воспоставија нови критериуми за избор на членови на ССРМ, од страна на Судскиот совет ќе се разработат внатрешни процедури со образложение за квантификација за избор на членови на ССРМ.
Ќе бидат изготвени насоки за изречување на мерката притвор, согласно одредбите на Законот за кривична постапка. Ќе се изврши алокација на опрема и човечки ресурси за целосна оперативна функционалност на Правосудната полиција и Истражниот центар.
Во однос на **антикорупциската политика** ќе се продолжи со евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција. Ќе се зајакнуваат капацитетите на ДКСК со цел примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата и ќе се изготви ИТ решение за воспоставување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем. Ќе се спроведуваат активности во насока на воспоставувањето на системот на заштита на укажувачите. Со цел утврдување на националните законски услови за пристапување кон Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до јавните документи, ќе се изготви анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. ДЗР ќе врши ревизија на финансирањето на политичките партии и финансирањето на изборните кампањи за спроведените претседателски избори и предвремените парламентарни избори 2014 година, и за следните предвремени парламентарни избори 2016 година.
Во делот на **фунадаментални права** ќе бидат усвоени измени на Законот за Народниот правобранител со цел да се обезбеди целосна усогласеност со Париските принципи. Се очекува целосно да биде заокружена легислативната рамка за воспоставување на пробациска служба. Во однос на реформата на затворскиот систем, ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем преку проектот за “Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија”. Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со ЕУ регулативите. Ќе се донесе Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2020 година. Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП и евиденцијата на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Ќе продолжи и процесот на формирање на локалните совети за превенција од детско престапништво.

Во делот на **правда, слобода и безбедност** во областа на **миграција** ќе се донесат Стандардни оперативни процедури за идентификација, профилирање и упатување на ранливите категории на мигранти, и Стандардни оперативни процедури за Прифатниот центар за странци. Ќе се зајакнат националните капацитети за управување со мешаните миграциски текови на бегалци и економски мигранти за краткотраен прифат на мигрантите во привремените транзит центри во зимски како и преку јакнење на техничките капацитети за регистрација на мигрантите. Ќе се донесе нов Закон за странци. Ќе се донесе Миграциски профил за 2015-2016 година.
Во делот на **азил** ќе се донесе нов Закон за азил и привремена заштита и Стратегија за интеграција на бегалци и странци (2015-2025). Се планира воспоставување база на податоци на барателите на право на азил.

Во делот на **визна политика** согласно измените на Законот за странци, ќе се донесе Правилник за начинот на избор на надворешните даватели на услуги за визи, за натамошното усогласување на законодавството на со законодавството на ЕУ/Шенген земјите.
Во делот на **надворешни граници и граници на шенген** зоната ќе се донесе Стратегија за развој на полицијата вклучувајќи ја и граничната полиција, и ќе се јакнат капацитетите на граничната полиција за поефективно справување со мигрантската криза. Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс, како и во делот поврзан со НКЦГУ.
Во делот на **судска соработка во граѓански и кривични предмети** ќе започнат преговорите за склучување на договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Чешката Република, Република Словачка, Полска, како со Руската федерација.
Во делот на **полициска соработка и борба против организиран криминал** ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017 до 2020 година. Во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал ќе се воведе нова Методологија за кадровско екипирање на Одделот, како и воспоставување на Методологија за изготвување на анализа на заканите од организиран криминал на стратешко ниво. Исто така, ќе се воспостави и Методологија за поефикасно надминување на утврдените слабости во водењето на истрагите за финансиски криминал.
Во делот на **борба против тероризам** се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој ќе се усогласи со Рамковната Одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот, Рамковната одлука на Советот (2008/919/JHA) од 28 Ноември 2008 и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година. Ќе се донесе Национална стратегија за борба против тероризам за периодот 2016-2019 и Акциски план**.**
Во делот на **борба против дрога** за усогласување на националното законодавство со Одлука 2005/387/JHA на Советот, за размена на информации, анализа на ризик и контрола на психотропни супстанци во 2015 година, ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции.

Во делот на **наука и истражување** и понатаму приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016-2020 година, како и продолжување со спроведување на Стратегијата за иновации 2012-2020. Република Македонија активно ќе ги спроведува мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.
Во доменот на искористување на можностите на Рамковната програма "Хоризонт 2020" приоритет е зголемување на учеството на малите и средни претпријатија и искористување на активностите "Марија Склодовска Кири". Промовирањето на програмата од страна на националните контакт-лица ќе се интензивира со цел анимирање на научната и бизнис-заедница и зголемување на бројот на успешни апликации.
Република Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА) преку зајакнување на придонесот на претставниците на Република Македонија во високите работни тела на ЕРА, преку зајакнување на соработката со Заедничкиот истражувачки центар (ЗИЦ) на ЕУ како и преку развивање на билатералната и мултилатералната соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.

Во делот на **образование и култура,** продолжуваат сеопфатните реформи. Се планираат мерки за подобрување на опфатот на деца на предучилишно ниво, како и унапредување на положбата на децата од руралните средини од немнозинските заедници и децата со попречености во предучилишно образование.
Планирани се реформи во однос на обука на наставници насочени кон подобрување на основните и трансверзалните вештини во основните нивоа на образованието, како и кон зголемување на бројот на маргинализирани деца во квалитетно и инклузивно рано учење и образование преку реализација на двогодишни акциски планови за 2016-2017 и за 2018 - 2020. Продолжуваат активностите во рамки на програмата за менторство и туторство за ученици и студенти Роми до 2018 година.
Со цел подготовка на младите за лесен премин од образование кон пазарот на труд, од 2016 започнуваат реформите за комплетирање на процесот на модернизација на 2 и 3 годишното стручно образование и модернизација на техничкото стручно образование, како и анализа на законската поставеност на постсредното образование. Почеток на операционализацијата на Опсерваторијата на вештини (ОВ) се предвидува во 2016 година, како веб платформа со цел обезбедување на информации во однос на програмите кои ги нудат високото и средното стручно образование како и образованието за возрасни, но и информации за пазарот на труд и понудата на обука.

Реформите во високото образование се насочени кон нов Модел на финансирање на високото образование како и реализирање на надворешна евалуација на високото образование во земјата.
Во 2016 година се предвидува донесување на нова стратешка рамка за образование: Сеопфатана стратегија за образование 2016-2020.
Во 2016 година, ќе отпочне имплементацијата на IPA твининг проектот, со кој се планира понатамошен развој на Националната рамка за квалификации.
Продолжува учеството во програмите на Унијата Erazmus+, Европа за граѓаните, како и учеството во програмата Креативна Европа, и подпрограмата МЕДИА.

Во делот на **животна средина и климатски промени**, во наредниот период, земјата ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, како и со негово спроведување. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина и ќе се вложат напори за зголемување на инвестициите.

Во делот **на заштита на потрошувачите и јавно здравје**,. се планира подготовка на нов Закон за заштита на потрошувачите во кој ќе се транспонира релевантното законодавство на ЕУ, како и реализација на Програмата за заштита на потрошувачите 2015-2016 година, и подобрување на соработката со НВО во областа.
Приоритети во областа на јавното здравство се подигање на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентивата и воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани.
Министерството за здравство е посебно фокусирано на зајакнување на човечкиот потенцијал во здравството преку стручната доедукација на здравствениот кадар во јавните здравствени установи, спроведување на специјализации и стручни обуки во странство. Исто така, во континуитет се спроведува осовременување на медицинската опрема како икомплетната реконструкцијана јавните здравствени установи.

Ви делот на **царинска унија**, ќе се продолжи со спроведување на основните обврски: зачувување на финансиските интереси на земјата, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент. Клучни приоритети претставуваат: инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола врз примена на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка, како и одржување и надградба на ИТ системите.
Во 2016 година, Царинската управа ќе се фокусира на финализација на имплементација на новиот електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи,финализирање и консолидирање на тековните ИТ проекти и обезбедување на нивно одржување и континуитет на работењето на ИТ системите, како и понатамошно усогласување на царинското законодаство и забрзување на постапките.

Во делот на **надворешни односи**, активностите се насочени кон имплементација на ЦЕФТА 2006 и Столбот за интегриран раст на Стратегијата на ЈИЕ 2020 , креиран е нов развоен модел во димензија А ,,слободна трговска област“, и во димензија Ц ,,интегрирање во глобалната економија“.
Фокусот на активности е насочен во олеснување на трговијата, либерализација во трговијата со услугите, со постепено пристапување кон прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги. Олеснувањето на трговијата треба да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот. Една од позначајните активности која е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само према постојните извозни дестинации, туку и према други пазари во рамки на ПЕМ регионот е измената на Протоколите за потекло на стоката согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.

Во делот на **заедничка, надворешна и безбедносна политика**, Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Земјата учествува во операцијата на ЕУ во БиХ ЕУФОР „Алтеа“, НАТО мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил“ во Либан како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” во Косово. Во наредниот период, државата ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички

дијалог со ЕУ преку учеството на состаноците на ЕУ за политички дијалог со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ.

Во делот на **финансиска контрола**, ќе продолжи развојот на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилен и ефикасен систем на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор. Во областа на финансиското управување и контрола, ќе се зајакнува системот на внатрешни контроли преку развој на системот на управување со ризиците со што ќе се обезбеди разумно уверување дека во постигнување на целите, буџетските и другите средства ќе се користат правилно, етички, економично, ефикасно и ефективно. Заради зајакнување на спроведувањето на внатрешната ревизија и заокружување на процесот на сертификација на внатрешните ревизори, во 2016 година ќе продолжат подготовките за отпочнување национална сертификација, а исто ќе продолжи меѓународна сертификација на внатрешните ревизори.
Во текот на 2016 година ќе бидат зајакнати капацитетите на Државниот завод за ревизија и ќе биде донесена и Националната стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2016- 2018 година.

Во делот на **финансиски и буџетски одредби**, на среден рок, ќе се преземат активности за воспоставување на целосна оперативна координативна структура за да се обезбеди точна пресметка, сметководство, предвидување, собирање, плаќање и контрола на сопствените ресурси и известување за спроведување на правилата на ЕУ за сопствени ресурси.

# I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

***Резиме***

*Во однос на политичките критериуми, главниот фокус во текот на 2016 година ќе биде спроведување на преостанатите обврски од Политичкиот договор од 2 Јуни и Протоколот од 15 Јули како обврските од листата на итните реформски приоритети и препораките на Групата високи експерти за состојбите со владеењето на правото. Фокусот исто така ќе биде ставен и на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво, како и останатите обврски кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.*

*Во делот на избори, а со цел ефикасна организација и спроведување на Предвремените парламентарни избори 2016 година, Државната изборна комисија (ДИК) ќе се фокусира на засилена едукација на изборните органи како и спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Согласно последните измени на Изборниот законик ДИК доби зголемени надлежности во однос на водењето и ажурирањето на Избирачкиот список.*

*Клучен приоритет во исполнувањето на политичките критериуми за Собранието ќе биде остварување на конструктивен политички дијалог во Собранието на Република Македонија. Ќе продолжат напорите за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година. Анкетната комисија за скандалот со прислушувањето, согласно Одлуката за основање, врз основа на наодите ќе треба да изготви и на Собранието да му поднесе извештај, до крајот на јануари 2016 година. Ќе продолжат активностите за обезбедување функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби.*

*Со цел спроведување на НПАА-ревизија 2016 година, Собранието ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство, со обем и динамика во зависност од овластените предлагачи на закони. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција.*

*Во однос на развојот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација, Владата на Република Македонија ќе продолжи со активностите за подобрување на правната, финансиската, институционалната и административната средина за обезбедување на одржлив локален развој и децентрализација и за влез во втората фаза од фискалната децентрализација, со посебен фокус на општината Пласница. Ќе се подобри хоризонталната и вертикалната координација на националните политики поврзани со за одржлив локален развој.* [4] *Исто ќе се продолжи со активности за зголемување на средствата за финансирање на проекти во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој.*

*Во делот на граѓанско општество ќе продолжат активностите за вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање на политики преку формирање на Совет за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор.*

*Во делот на реформа на полицијата планирано е донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, со цел регулирање на употребата на гумени куршуми и средствата за прислиба, согласно Европската конвенција за човекови права. На среднорочен план се предвидува донесување на закон со кој ќе се уреди основање на нова, независна институција која ќе функционира во системот на надворешна контрола на почитувањето на човековите слободи и права, професионалните стандарди. Во однос на борбата против организиран криминал ќе се донесе нов Закон за следење на комуникациите како и Стратегија за компјутерска безбедност и Акциски план за нејзино спроведување.*

*Во делот на реформа на јавната администрација, ќе се спроведува на правната рамка за јавната и државната администрација и Методологијата за планирање на вработувањето. До крајот на 2016 година ќе обезбеди интероперабилност на 25 државни институции.*

---

[4] Преку реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015 - 2020 година

*Во тек е усогласување на над 200 материјални закони со новиот Закон за општа управна постапка. Ќе се воспостави Каталог на сите управни постапки во државата и ќе се воспостави сала за јавни услуги, ќе продолжи имплементацијата на новата законска регулатива во доменот на управување со човечки ресурси во јавната администрација, а притоа во постапките за вработување ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност. Ќе се подготви нова Стратегија за реформа на јавната администрација 2015-2020.*

*Во делот на правосудство, се очекува донесување и измени на дел од правната рамка која ја регулира го системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, јавното обвинителство и кривичната постапка. Ќе се донесе Закон за управни спорови. Ќе започне почетната обуката на шестата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители. Ќе се испраќаат судии на престој во ЕСЧП, додека на кандидатите на почетна обука ќе им биде овозможен едномесечен престој во Европскиот суд за човекови права. Ќе продолжат активностите за надминување на прашањето за т.н. стари предмети.*

*Во делот на антикорупциската политика ќе продолжи анализата на анти-корупциската правна рамка во насока на нејзино унапредување. За имплементација на Законот за заштита на укажувачи, ќе се донесат подзаконските акти за уредување на заштитеното внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор, заштитеното надворешно пријавување, како и насоките за внатрешно пријавување во приватниот сектор. Фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и зголемување на вклученоста на јавноста во борбата против корупцијата и судирот на интереси.*

*Во делот на слобода на медиуми/слобода на изразување ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Планирани се измени на Законот за медиуми за зголемување на транспарентноста на медиумското финансирање. Ќе се подготви методологија за распределба на средства кои се наменети за кампањи од јавен интерес*

*Во делот на заштита од дискриминација ќе се спроведуваат активности кои се планирани во Стратегијата и Националниот Акциски план за родова еднаквост. Ќе се работи на имплементација на Стратегијата за родово буџетирање и евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.*

*Во однос на вклучувањето на Ромите, ќе се продолжи со имплементација на Националните акциски планови од Стратегијата за Ромите. Ќе продолжи континуирано спроведување на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“. Ќе продолжи акцијата за евиденција на лица без лични документи во матичната книга на родените.*

*Во делот на регионални прашања и меѓународни обврски унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка останува високо на листата на приоритети. Ќе продолжат акстивностите за продлабочување на односите и соработката со земјите од соседството. Земјата ќе продолжи со активното учество во регионалните инцијативи. Во фокусот на односите со Република Бугарија ќе биде унапредување на договорната рамка и зголемување на соработката во духот на добрососедството и регионалната соработка. Република Македонија ќе продолжи со конструктивен пристап во соработката со Грција, како и во разговорите под покровителство на ОН, во согласност со принципите и нормите на меѓународното право, вклучително пресудата на МСП од 2011 година.*

# 1.1 ДЕМОКРАТИЈА

## 1.1.1 ИЗБОРИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

| СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ОБСЕ ОДИХР ВО ОБЛАСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ |
|---|

Во насока на адресирање на препораките на ОБСЕ/ОДИХР се усови Закон за зименување и доплнување на Изборниот законик со кој, меѓу другото се промени соствот на Државната изборна комисија (ДИК) и нејзините надлежности во однос на водењето на Избирачкиот список. Исто така зајакнати се одредбите кои се однесуваат на одвојување на државата од пратијата, изборната кампања и финасирањето на изборната кампања, изменет е моделот за гласање на дијаспората итн. Измение се донесоа со консензус меѓу клучните политички партии. ДИК во текот на 2015 година спореведе активности за проверка и прочистување на Избирачкиот список односно Работната група за проверка на Избирачкиот список продолжи со своите активности и за таа цел беше усвоена Методологија за проверка и прочистување на Избирачкиот список.

Со цел ефикасна организација и спроведување на Предвремените парламентарни избори 2016 година, Државната изборна комисија (ДИК) ќе се фокусира на засилена едукација на изборните органи како и спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Согласно последните измени на Изборниот законик ДИК доби зголememни надлежности во однос на водењето и ажурирањето на Избирачкиот список. Во таа насока, продолжуваат заложбите за целосоно преземање на водењето на Избирачкиот список и јакнење на соодветните капацитети.

Како резултат на измените и дополнувањата на Изборниот законик кои стапија на сила во ноември 2015 година, во следниот период, ДИК има за цел имплементација на истите и ќе биде насочена кон:

- проверка и ажурирање на податоците во Избирачкиот список.
- усвојување на Правилник за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка и Правилник за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренски проверки заради ажурирање на истиот и
- организација и спорведување на Предврементие парламентарни избори 2016 година.

ДИК ќе се фокусира на ефикасна организација и спроведување на предвремените Парламентарни изборипреку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Активностите вклучуваат едукација на изборните органи преку континуирани обуки за изборниот процес, онлајн-обуки и семинари, надгледување на процесот на едукација на изборните органи, како и едукација и информирање на гласачите преку брошури и информативни материјали, подготовка на видео-спотови, запознавање со изборниот процес на гласачите кои прв пат гласаат, подготовка и дистрибуција на упатства за правата и обврските на овластените претставници на подносителите на листи, подготовка на информативни кампањи за предизборно информирање на граѓаните, развивање на континуирани обуки од областа на изборите за сите државни службеници во Република Македонија при вработување.
Во однос на јакнењето на административните капацитети, акцент ќе се стави на зајакнување на Секторот за избирачки список и дополнително ќе се пристапи кон формирање правен сектор или одделение согласно препораките на ОДИХР и вооченатa потреба од страна на ДИК.

Исто така ќе се работи на:

- воспоставување на електронски систем за управување со предмети и приговори и

- имплементација на алатка за управување со ризици со цел идентификација на можните ризици кои претставуваат закана за правилно спроведување на изборниот процес и изнаоѓање мерки за превенција на истите.
- Подготовка на Извештај за можноста и план за воведување на систем за идентификација на гласачи со отпечаток на прсти

Во однос на проекти, во тек е ТАИЕКС проект за ескпертска мисисја за едукација и обуки.

## 1.1.2 СОБРАНИЕ

Тековната криза ја нагласи потребата Собранието значително да ја подобри својата функционалност како форум за конструктивен политички дијалог и претставување, како и неговите законодавни и надзорни функции. Ова треба да вклучи веродостоен функционален надзор над работата на разузнавачките служби и капацитет за следење на заштитата на човековите права и фундаментални слободи во земјата. Отсуството на главната опозициска партија за време на поголемиот дел од периодот за кој се известува го намали квалитетот на реформи и го попречи функционирањето на контрола и рамнотежа.

Од 01 септември 2015 година, најголемата политичка партија од опозицијата учествува во работата на Собранието и се одржуваа редовни средби меѓу Претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието и координаторите на сите пратенички групи. На 65 седница одржана на 04.09.2015 година се избра потпретседател на Собранието од редот на пратениците кои припаѓаат на најголемата опозициска партија; беа донесени одлуки со кои се комплетираше составот на: Националниот совет за евроинтеграции, работните тела на Собранието; Делегацијата на Собранието во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација; Комитетот за односи меѓу заедниците.

Во текот на 2015 година, континуирано и ефикасно се спроведуваше Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања во 2015 година одржаа седници посветени на клучни приоритети од европската агенда на Република Македонија. Во рамките на Петтиот состанок на ПДВН, на 18.09.2015 година во Собранието се одржа седница на НСЕИ на која свое обраќање имаше Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување.

Собранието на 75 седница одржана на 09.11.2015 донесе Одлука за основање Анкетна комисија за скандалот со прислушкувањето, и на 78 седница одржана на 17.11.2015 донесе Одлука за избор на претседател, заменик - претседател и членови на Анкетната комисија за скандалот со прислушкувањето.

На 3 и 4.12.2015 година во Собранието се одржа 13-от состанок на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и ЕУ.

Во 2015 година, Собранието ги донесе законите од НПАА-ревизија 2015 година, предложени од Владата на Република Македонија со цел усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ.

Во однос на препораките кои произлегуваат од Планот на активности на Владата на Република Македонија врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (јуни 2015), во периодот од јули-декември 2015, беа одржани седници и средби на двете надлежни тела за парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби.

Во 2016 година, клучен приоритет во исполнувањето на политичките критериуми ќе биде остварување на конструктивен политички дијалог во Собранието на Република Македонија. Со цел да се обезбеди висок степен на координација меѓу политичките партии во Собранието и програмирање на работата, Претседателот на Собранието ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи. Согласно Правилникот за координација на Собранието, во врска со предлог-законите на Владата на Република Македонија, на координативните средби ќе учествуваат определените претставници на Владата.

Континуираното и ефикасно спроведување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, останува главен приоритет и во 2016 година.

Ќе продолжат напорите за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година.

Анкетната комисија за скандалот со прислушувањето, согласно Одлуката за основање, врз основа на наодите ќе треба да изготви и на Собранието да му поднесе извештај, до крајот на јануари 2016 година.

Со цел обезбедување на функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби ќе продолжат активностите на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Со цел спроведување на НПАА-ревизија 2016 година, Собранието ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство, со обем и динамика во зависност од овластените предлагачи на закони.

Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција, преку реализирање на активности за клучните приоритети од европската агенда на државата. Комисијата за европски прашања ќе продолжи да го следи и поттикнува процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, да организира надзорни и јавни расправи за значајни теми од евроинтегративниот процес. НСЕИ ќе продолжи континурано да ја остварува улогата на форум, кој придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и одржување на широк национален консензус за членството на земјата во ЕУ.

Мешовитиот парламентарен комитет- Република Македонија и ЕУ, ќе продолжи да остварува значаен придонес во процесот на европската интеграција, преку одржување на редовни состаноци на комитетот и редовен парламентарен дијалог меѓу пратеници од Собранието и Европскиот парламент. МПК – РМ и ЕУ, ќе продолжи да издава месечен билтен[5] кој има за цел информирање на пратениците од Европскиот парламент, надлежните служби во Европската комисија, како и до претседателите на комисиите за европски прашања од националните парламенти на земјите-членки на ЕУ, за активностите на Собранието поврзани со процесот на евроинтеграции.

Собранието ќе продолжи да остварува репрезентативна улога во доменот на мултилатералната и билатералната соработка. Преку меѓународната соработка и активностите на Претседателот на Собранието, на пратеничките групи за соработка со парламенти на одделни држави и преку постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, ќе се унапредуваат и продлабочуваат севкупните билатерални односи со земјите од регионот и земјите-членки на ЕУ. Во октомври 2016 година, Собранието за прв пат ќе биде домаќин на Есенската сесија на ПС на ОБСЕ на која се очекува учество на високи парламентарни делегации од 57 земји-членки на ОБСЕ.

Комитетот за односи меѓу заедниците ќе одржува седници согласно законските надлежности.

За остварување на надзорната функција на Собранието, работните тела ќе продолжат со организирање на надзорни и јавни расправи.

Буџетскиот совет на Собранието ќе продолжи со активности, согласно надлежностите утврдени со Законот за Собранието.

Парламентарниот институт ќе продолжи да работи на зајакнување на законодавната и надзорната функција на Собранието преку обезбедување навремени, објективни, независни и пристапни услуги на пратениците, услуги за едукација и комуникација како и модерен систем на архивирање и библиотека.

ЕУ центарот на Собранието ќе продолжи на пратениците и на Службата на Собранието, да им обезбедува пристап до информации поврзани со ЕУ прашања. За поголема ефективност на активностите во областа на европските прашања, ЕУ центарот ќе продолжи да издава месечна електронска информативна публикација - ЕУ вести[6].

Активностите за одржување на имплементираниот систем за менаџмент со квалитет - стандард МКС EN ISO 9001:2009 како и за обезбедување на одржлива структура за поддршка на моделот CAF - Заедничка рамка за проценка за користење на техники за подобрување на квалитетот во работењето и управувањето, ќе продолжат.

Програмата за обука на државните службеници во Службата на Собранието за 2016 година, ќе се спроведува преку утврдени активности за натамошно унапредување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата. Предвидените активности се во функција на остварување на приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Собранието (2016-2018).

### 1.1.3 ВЛАДЕЕЊЕ

Прашањата поврзани со европската интеграција продолжија да се дискутираат во рамки на претточката за ЕУ во рамки на двонеделните редовни седници на Владата на Република Македонија, а редовно почна да се следи и новиот Акциски план на селектирани приоритети (судство, слобода на изразување и медиуми, меѓуетнички односи,

---

[5] Од јануари 2010 година, Собранието започна на месечна основа да издава Билтен на МПК – Република Македонија и ЕУ. Досега се издадени 48 изданија на Билтенот.

[6] ЕУ центарот досега објави 16 месечни електронски публикации - ЕУ вести.

реформа на јавна администрација, адресирање на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и добрососедски односи и регионална соработка).
Во делот на политичките критериуми, политичките лидери постигнаа договор за спроведување на Договорот од 2 јуни Анексот од 19 Јуни и Протоколот од 15 јули. Во рамките на договорот предвидено е: враќањето на опозицијата во Собранието на 1 ви септември 2015 година, формирање техничка влада задолжена за подготовка на претстојните парламентарни избори во април 2016 година, како и изборот специјален јавен обвинител..
Се одржа Петтиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво на 18 септември 2015 година, со кој претседаваа претседателот на Владата на Македонија и Комесарот за соседска политика и преговори за проширување на ЕК. На состанокот се презентираше напредокот постигнат во областитие на судство, борба против корупција, слобода на изразување и медиуми, реформа на јавна администрација фундаментални права и меѓуетнички односи итн .
По повод објавувањето на Стратегијата за проширување од страна на Европската комисија и Извештајот за напредокот на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања одржа средба со претставници на граѓанските организации на тема: Стратегијата за проширување на Европската комисија, Извештајот за Република Македонија, при што се дебатираше за следните чекори. СЕП продолжи да органзира дебати со грѓанскиот сектор со цел да се обезбеди трансапрентност и инклузивност.
Дополнително, Секретаријатот за европски прашања беше домаќин и организатор на регионалната конференција на тема: Пристапни реформи за Западен Балкан во организација на Секретаријатот за европски прашања со поддршка на Германското друштво за интернационална соработка – ГИЗ. На истата учествуваа високи претставници од ЕК, од Република Македонија, Република Србија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина и Црна Гора.
Во текот на 2016 година, Владата континуирано ќе го следи спроведувањето на обврските кои произлегуваат од Планот за реализација на итните реформски приоритети (ПАРИРП). Исто така, квартално ќе се следи и ќе се известува за реализацијата на НПАА.
Во однос на меѓуетничката стабилност Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор континуирано презема активности за унапредување на почитувањето и заштитата на заедниците. Улогата на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор значително се подобри во насока на зајакнување на контрола на спроведување на правичната застапеност во процесот на вработувања во јавната администрација како резултат на последните измени на законите кои ги уредуваат работните односи и статусот на вработените во јавниот сектор.
Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор изготви Преглед на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Во 2016 ќе се пристапи кон евалуација на политиките што произлегуваат од договорот.
Во насока на спречување на инциденти во средните училишта, продолжи спроведувањето на проекти за спречување на насилство во училиштата, насилство во автобусите и автобуските постојки на јавното сообраќајно претпријатие во Скопје како и насилство за време на спортски натпревари. Во врска со објавите на интернет кои вршат поделба на етничка основа, како и навивање на спортски настани и демонстрации, превземени се мерки и активности за спречување на насилничко и недостојно однесување на спортските натпревари.
**Во однос на развојот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација** Владата на Република Македонија ќе продолжи со активностите за подобрување на правната, финансиската, институционалната и административната средина за обезбедување на одржлив локален развој и децентрализација, со кои се:

- поттикнува интегрираното планирање на одржливиот развој на локално ниво;
- подобрува пристапот до услугите за граѓаните и деловните субјекти;
- постигнува повисок степен на социјална и територијална кохезија,
- намалуваат диспаритетите меѓу и во рамките на општините
- подига квалитетот на живото;
- поттикнува локалната и регионалната конкурентнос;
- промовира управувањето со ризиците од климатските промени на локално ниво;
- промовира заштититата на животната средина и ефикасното искористување на природните ресурси на локално нив;
- промовира развојот на еколошки и ниско јаглеродни транспортни системи и одржливата урбана мобилност.

Воедно, ќе продолжат активностите за влез во втората фаза од фискалната децентрализација, со посебен фокус на општината Пласница.. Ќе биде подобрена координацијата на националните политики кои имаат влијание врз локалниот развој, преку започнување со работа на новоформираните седум комитети за следење на реализацијата на приоритетите и целите на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за периодот 2015 - 2020

година [7]. Исто така во 2016 година ќе се продолжи со активности за зголемување на средствата за финансирање на проекти во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој.

## 1.1.4 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015**

| |
|---|
| ПОДОБРУВАЊЕ НА КЛИМАТА ЗА РАБОТА НА ОГО И ТЕЖНЕЕЊЕ КОН НАМАЛЕНА ПОЛИТИЧКА ПОЛАРИЗАЦИЈА. Натамошно унапредување на вклученоста од граѓанското општество во креирање на политиките и законодавството на поредовна основа и на ефикасен начин. |

Продолжија заложбите за унапредување на соработката меѓу Владата, органите на државната управа и граѓанскиот сектор преку градењесоглсно Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со Акцискиот план за спроведување (2012 - 2017). Со Стратегија се утврдуваат меѓусебно поврзани стратешки цели кои ја поддржуваат соработката и развојот на граѓанскиот сектор во пет приоритетни области: Развиен и одржлив граѓански сектор; Активно учество во дефинирање политки, закони и европска интеграција; Економски развој и социјална кохезија; Зајакнат граѓански активизам и поддршка од заедницата и Зајакната институционална рамка и практики за соработка. Спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор е во рамките на динамиката утврдена со Акцискиот план, што е видно и од Извештајот за спроведување на Стратегијата во 2014 година достапен на интернет страната на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.

Во Приоритетна област 5 на Стратегијата: Зајакната институционална рамка и практики за соработка, како мерка се предвидува формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓанските организации, при што подготвителните активности кон формирање на советодавното тело се планирани за периодот 2012-2014 година, а формирањето на советодавнто тело и усвојувањето на сите документи потребни за неговата работа се планирани за периодот 2015-2017 година. Предлог-Одлуката за формирање на Совет за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор е подготвена врз основа на компаративна анализа на советодавните тела за дијалог и развој на граѓанскиот сектор во Хрватска, Црна Гора и Словенија, како и експертската анализа, предлозите и препораките од граѓанскиот сектор во Република Македонија. Советодавното тело ќе биде надлежно: да го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата; да го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата на Република Македонија и органите на државната управа со граѓанскиот сектор; да ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на развојот на граѓанскиот сектор; да иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на здруженијата и фондациите; да дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор; да дава предлози при планирањето на приоритетните области за финансирање на активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија и да ги разгледува годишните извешта на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на здруженија и фондации и да дава препораки.

Примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики се следи редовно. Генералниот секретаријат по секоја втора година од примената на Кодексот врши оценка на спроведувањето на Кодексот и дава препораки за подобрување на соработката. Согласно ова, Одделението за соработка со невладини организации во текот на јули-август 2014 година изврши Анализа на спроведувањето на Кодексот. За цели на анализата, Одделението дистрибуираше прашалник до органите за државна управа ибеа добиени одговори од 15 ОДУ. Еднаш годишно, во август, согласно член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, се објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата. По објавените повици во 2014 и 2015 година доставени се 7 иницијативи кои Одделението за соработка со невладини организации редовно ги проследува до

[7] Со Одлука на Владата бр. 42-10118/1 од 28. 10. 2015 година формирани се комитетите за: демократија и добро локално владеење; иновативна и поефикасна испорака на услугите од општ интерес; основните социјални услуги; локален економски развој; противпожарна заштита и заштита и спасување на локално ниво; основни (комунални) јавни услуги и транспорт на локално ниво

ресорните министерства. Иницијативите од страна на граѓанскиот сектор и одговорите од министерствата се објавуваат на веб страницата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk. Секоја година Владата на Република Македонија врз основа на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија распределува средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации планирани во Буџетот на Република Македонија. Распределбата на финансиските средства се спроведува во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на РМ" бр.130/07), Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.23/09) и Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија за тековната година, а врз основа на Оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија го објавува во дневните јавни гласила и на интернет страната на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.

Владата на Република Македонија презема континуирано мерки за подобрување на соработката со Народниот правобранител, врз основа на воспоставениот механизам на разгледување месечни извештаи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата и органите на државната управа. Воспоставениот механизам на известување на Владата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа. На овој начин се информира Владата на Република Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата и органите на државната управа, согласно табеларните прегледи на податоци доставени од Народниот правобранител и известувањата од посебните комисии на Владата, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, до кои биле доставени барања или препораки од Народниот правобранител.

## 1.1.5 БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Особено внимание во претстојната година ќе се посвети на:

- воспоставување на целосна евиденција за справување со перењето пари и подобрување на капацитетот и стручноста за спроведување финансиски истраги и одземање на имот на посистематска основа;
- зголемување на напорите за подобрување на соработката помеѓу различните агенции за спроведување на законот со ставање во целосна функционалност на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал;
- ревидирање на правната и техничката рамка за следење на комуникации и зголемување на ефективноста на посебните истражни мерки за доследно спроведување на законот (Итни реформски приоритети).

**Евиденција**

Ќе се зајакнат националните капацитети за спроведување на финансиски истраги преку:

- Донесување на Стандардни оперативни процедури за водење координирани финансиски истраги;
- Спроведување на координирани, заеднички обуки за спроведување на финансиски истраги на национално и локално ниво.
- Воспоставување на релевантна евиденција (track record) за спречување на перење пари и подобрување на капацитетите и експертизата за водење финансиски истраги и замрзнувања на имот
- Анализа на состојбата во делот на финансискиот криминал, изготвување на препораки за воспоставување на релевантна евиденција (track record) за спречување на перење пари и подобрување на капацитетите и експертизата за водење финансиски истраги и замрзнување на имот;

**Институционален и оперативен капацитет**

**Реформа на полиција**

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за полицијата и Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи[8]. Со законските измени се врши нормирање на употребата на технички средства за видео снимање, со цел унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници. Паралелно, се нормираат мерките што Министерството за внатрешни работи задолжително ќе ги презема во случаите кога полициски службеник извршил кривично дело, прекршок со елементи на насилство, односно семејно насилство.

Во Центарот за обука на кадри при МВР во октомври започна едногодишната обука на 660 кандидати за полициски службеници, кои беа селектирани по објавениот оглас на 10 јули 2015 година.

Во текот на 2016 година планирано е донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, со цел регулирање на употребата на гумени куршуми и средствата за прислиба, согласно Европската конвенција за човекови права. При креирањето на законските одредби беше земена предвид Правната анализа изготвена во рамки на проектот на Советот на Европа „Јакнење на капацитетите на агенциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и на осудени лица“.

Со донесување на законот ќе се донесе и Правилник за начинот на вршење на полициските работи, како и Уредба за употреба на средствата за присилба и огнено оружје. Воедно ќе се донесат и Стандардни оперативни процедури (СОП) за употреба на средствата за присилба и огнено оружје и обуки за нивна употреба.

Ќе се донесе Стратегија за развој на полиција и Акциски план за нејзино спроведување.

Националниот координативен центар (НКЦ) за борба против организиран криминал ќе стане оперативен во 2016 година преку:

- Опремување на работни простории на НКЦ со мебел и компјутери;
- Назначување на персонал;
- Ревидирање на Стандардните оперативни процедури за постапување во НКЦ за борба против организиран криминал.

На среднорочен план се предвидува доне**с**ување на закон со кој ќе се уреди основање на нова, независна институција која ќе функционира во системот на надворешна контрола на почитувањето на човековите слободи и права, професионалните стандарди и примената на посебните должности и овластувања од страна на вработените во МВР. Во рамки на Проект на Советот на Европа „Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за надзор во Република Македонија“ ќе се направи анализа на состојбата и ќе се работи на развивање на најсоодветен модел за независен механизам за надзор за следење на работата на полицијата.

Планирана е изградба на ПС Ѓорче Петров и реконструкција на касарната Христијан Тодоровски Карпош во Куманово како мерка за подобрување на физичките капацитети.

**Борба против организиран криминал**

**<u>Правна рамка</u>**

Во насока на надминување на забелешките од Извештајот на Прибе и Препораките од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите, ќе се донесе нов Закон за следење на комуникациите.

**<u>Стратешка рамка</u>**

Во насока на заокружување на стратешката рамка во борбата против организиран криминал ќе се донесе Стратегија за компјутерска безбедност и Акциски план за нејзино спроведување.

**Проекти**

- **ИПА 2010 – Натамошно јакнење на институционалниот капацитет во полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал,** во вредност од 1.750.000,00 евра од кои 175.000,00 евра со национално кофинансирање. Во рамките на овој проект предвидени се компоненти: (1) Развој на капацитетите на Оддел за организиран криминал и (2) Зајакнување на капацитетите за борба против финансиски и комјутерски криминал. (3) Зајакнување на оперативните капацитети на Граничната полиција во борбата против нелегалната трговија. (4) Зајакнување на капацитетите на униформирана полиција од општа надлежност. Времетраење на проектот е 2014-2016 година.

[8] Службен весник на Република Македонија бр. 33/15

Со овој проект предвидено е изготвување на методологија и стандардни оперативни процедури за водење финансиски истраги, како и обука за спроведување на финансиските истраги, согласно новите СОПи. Покрај тоа, преку проектот се изработи и Стратегија за развој на полиција и Акциски план за нејзино спроведување, чие донесување претстои.

- **ИПА 2011- „Владеење на правото“-**Развој на полициско работење со разузнавачки информации- во вредност од 900.000 евра. Проектот ќе придонесе за изговување на анализа на правната рамка, проценка на материјално-техничките капацитети за непречено функционирање на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал, а воедно ќе придонесе и за негова целосна функционалност.
- **ИПА 2012- Јакнење на националните капацитети за борба против корупција и организиран криминал**. Вкупна вредност на проектот 1.200.000 евра. Проектот ќе биде со вкупно времетраење од две години.Проектот ќе придонесе за анализа на состојбата во делот на финансискиот криминал, по што ќе се воспостави релевантна евиденција за спречување на перење пари и подобрување на капацитетите и експертизата за водење финансиски истраги и замрзнувања на имот, како и координирани обуки за спроведување на финансиски истраги.
- **Проект на Совет на Европа -Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за надзор во Република Македонија**“. Проектот започна да се спроведува на 1 декември 2015 година, со времетраење од 5 месеци и буџет во вкупна вредност од 130.000 евра. Проектот ќе придонесе за вршење на анализа на состојбата, а ќе се работи на развивање на најсоодветен модел за независен механизам за надзор за следење на работата на полицијата, со цел изготвување на закон со кој ќе се уреди основање на нова, независна институција која ќе функционира во системот на надворешна контрола над полицијата.

## 1.2 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015**

Во текот на наредната година фокусот ќе биде ставен на:

- Натамошно зајакнување на начелата на отчетност, транспарентност и заслуги, вклучително и воведување на подобрен информатички систем за управување со човечки ресурси;
- Донесување на нова Стратегија за реформа на јавната администрација за следниот петгодишен период и Програма за реформа на управувањето со јавните финансии, која ќе одговори на идентификуваните слабости, вклучително и поголема буџетска транспарентност.

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст: МИОА) продолжува со координацијата на процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) преку следење на реализацијата на Акцискиот план за РЈА кој произлегува од Стратегијата за РЈА; продолжува со планирање на нова Стратегија за РЈА 2016 – 2020 и нејзин Акциски план; продолжува со имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор; продолжува со унапредувањето на правната рамка за управни постапки преку новиот Закон за општа управна постапка; продолжува со обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; продолжува со подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси, како и давањето услуги на граѓаните.

Агенцијата за администрација (во понатамошниот текст: АА), како самостоен државен орган овозможува развој и одржливост на професионална и услужно-ориентирана администрација, преку примена на нов пристап за управувањето со човечките ресурси, заснован врз компетенции. Оваа цел, АА ја остварува преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива за административните службеници, согласно утврдените текови во процесот на реформата на јавната администрација во Република Македонија.

Во наредниот период МИОА ќе продолжи со спроведувањето на правната рамка за административните службеници и за вработените во јавниот сектор преку: издавање согласности за актите за внатрешна организација и актите за

систематизација на работните места во институциите на јавниот сектор во однос на нивната меѓусебна усогласеност како и нивната усогласеност со одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор: донесување на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, како основа за донесување на првите годишни планови за вработување и со спроведувањето на обуките.

МИОА во 2016 година ќе продолжи со зајакнување на сопствените капацитети за координирање на процесот на реформата на јавната администрација. МИОА заедно со АА ќе продолжат со следење на спроведувањето на Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор. Во насока на подобрување на јавните услуги, МИОА до крајот на 2016 година ќе обезбеди интероперабилност на 25 државни институции, ќе воспостави Каталог на сите управни постапки во државата и ќе воспостави сала за јавни услуги. Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на МИОА и на останатите институции преку воведување на ИСО и ЦАФ и нивно пспроведување каде што се веќе воведени. До крајот на 2016 година ќе биде подготвена новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2015-2020. Во текот на 2016 година ќе се подготви Годишна програма за обука за административно управување за 2017 година. Ќе се работи на подобрување на координативниот механизам за управување со човечки ресурси на ниво на цела администрација преку наградба на воспоставената мрежа за човечки ресурси и ќе се ажурира со податоци електронскиот систем за управување со човечки ресурси.

Во текот на 2016 година АА во своето работење ќе биде фокусирана на ефикасно и ефективно спроведување на обврските првенствено утврдени во Законот за административни службеници: објавување на огласи за вработување на административни службеници; организација на постапки за селекција на административни службеници; спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност; водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување, водење евиденција на мрежни пристапи до компјутерите во просторијата за полагање на испит за административен службеник и до модулот и базата на прашања за испитит и тестови, со време на пристап, корисничко име на вработениот кој пристапил и акции кои ги извршил при пристапот, како и постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор (во понатамошниот текст: ССРД) во текот на 2016 година, ќе продолжи да се залага за соодветно следење и спроведување на уставното начело на соодветна и правична застапеност согласно новата законска рамка. Следствено на ова, ќе бидат превземени соодветни активности за распоредување на административните службеници вработени во ССРД и развивање на методи за интеграција на работното место и управување со различностите.

Во однос на унапредувањето и координирањето на функционалниот процес на стратешко планирање Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст: ГС) ќе продолжи со поддршката на Владата на Република Македонија во утврдувањето на нејзините стратешки приоритети и цели. Исто така, ГС во текот на 2016 година ќе продолжи со развивањето на одржлив и стабилен систем на обуки од областа на стратешкото планирање и ќе продолжи со давање стручни совети и зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државна управа. Воедно, ГС во 2016 година ќе продолжи и со координирање на процесот на подготвување и следење на остварувањето на годишната Програма за работа на Владата.

Во текот на 2017 и 2018 година на среднорочен план, МИОА ќе продолжи со подобрувањето на јавните услуги преку континуирана реализацијата на проектот „Оцени ја администрацијата“ и проектот „Барометар на квалитет“. Ќе се подготват Годишни програми за обука за административно управување за 2018 и 2019 година. Ќе се работи и на спроведување на Системот за управување со учењето и Системот за микроучење во јавната администрација и ќе се одржува платформата за е-обуки.

# 1.3 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

## 1.3.1 ПРАВОСУДСТВО

## *(види и во Поглавје 3.23.1 Правосудство)*

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015**

Во годината што следи ќе се посвети внимание на:
- практична професионализација преку системите за назначување и унапредување;
- поддршка и ресурси за Специјалниот јавен обвинител;
- реформа на постојниот систем за дисциплински мерки и разрешување на судиите;
- нова Стратегија за судска реформа и акциски план, кои ќе ги третираат останатите недостатоци на одржлив начин;
- да се подобри стратешкото планирање, процената на потребите, управувањето и распределбата на ресурси во рамките на судството.

Во завршна фаза е подготовката на Стратегијата и Акцискиот план за натамошна реформа на правосудниот систем 2016-2020 со која се дефинираат идните реформски активности за спроведување на политиките на правосудството во шест тематски области и тоа: I. Судство, II. Казнено-правен систем, III. Пристап до правдата, IV. Секторска политика и имплементација на правото на ЕУ на ЕУ, V. Управно право и VI. ИТ – Е Правда.
За унапредување на независноста на судството, донесен е Закон за Советот за утврдување на факти и покренување на дисциплинска постапка, како ново тело за поведување на постапка и водење на истрага за утврдување одговорност на судијата, додека одлучувањето за сторена повреда е во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија. Во Февруари 2015 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија во насока на усогласување со одредбите на новиот Закон за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

Со измените на Законот за Судскиот совет на Република Македонија од април 2015 година се зајакнаа критериумите за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Се усвои и нов Закон за Академија за судии и јавни обвинители за понатамошно унапредување и зајакнување на капацитетите на Академијата.

Избрани се вкупно 78 кандидати од 80 кандидати од I, II, III и IV генерација од АСЈО. Останува да се изберат уште 2 кандидати, еден од III и еден од IV генерација, за кои постапката за избор е во тек.
Во ноември 2015 заврши практичната настава за 13-те слушатели на почетната обука од петтата генерација во Академијата за судии и јавни обвинител, а во декември 2015 ќе се спроведе завршниот испит. На 9 ти ноември 2015 година Академијата објави јавен оглас за прием на 30 слушатели на почетна обука за шестата генерација, и постапка за прием е во тек.

Судскиот совет ја следеше работата на судовите во одос на старите предмети постари од 3 години. На месечно ниво судовите доставуваа табели на старите нерешени предмети кои табели беа сумирани на месечно ниво. Во јануари месец идентификувани се 10.370 предмети, а во септември месец идентификувани се 6.631 предмет, што значи дека решени се во овој период 3.739 предмети.

Во 2016 година во насока на подобрување на владеење на правото се очекува донесување и измени на дел од правната рамка и тоа: нов Закон за судовите и измени и дополнувања на Законот за судскиот совет на Република Македонија во насока на изменување на системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, нов Закон за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка заради усогласување со Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во однос на мерката притвор,. измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош, како и измени и дополнувања на Законот за управните спорови.

Реформите на правосудниот систем во насока на зајакнување на судството во однос на другите гранки на власта, зајакнување на стратешкото планирање, финансиските и комуникациските капацитети на системот на управување на правосудните институции, унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден систем, ќе продолжат преку имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2016-2020.

Судскиот совет ќе изготви повеќегодишна процена за потребниот број за избор на судии и потребите за буџетски средства врз основа на што ќе се објавуваат огласи за избор на судии во повисоките судови согласно системот на заслуги.

Во 2016 година ќе започне почетната обуката на шестата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители. Академијата за судии и јавни обвинители ќе подготви Упатство за начинот на избор на судии кои ќе се испраќаат на престој во ЕСЧП, додека на кандидатите на почетна обука ќе им биде овозможен едномесечен престој во Европскиот суд за човекови права. Ќе се развие методологија за оценка на ефикасноста на обуките и нивното влијание врз подобрување на квалитетот на редовната судско-обвинителската практика.

Континуирано ќе се следи функционалноста и примената на новиот судски портал, за подобро објавување и брзо пребарување на судските пресуди[9]) за сите судови.

Судскиот совет ќе изготвува акциски планови за намалување на бројот на старите предмети, а тековно ќе се ажурира евиденцијата на должината на судските постапки со акцент на т.н стари предмети. Ќе продолжи следењето на ефикасноста на работењето на судовите врз основа на индикаторите Стапка на решени предмети) и време на решавање на предметите.

Ќе се направи проценка на функционирањето на постојниот систем и процедура за распределување на предметите според АКМИС, а ССРМ ќе изготвува квартални извештаи за проверка на системот на распределување на предметите согласно АКМИС.

### 1.3.2 БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015**

За натамошен напредок во областа треба да се посвети особено внимание во претстојната година на:

- политичка поддршка во борбата против корупцијата во форма на автономни и ефективни мерки преку телата за спроведување на законот и надзорните тела, особено Државната комисија за спречување на корупцијата;
- зголемување на видливоста на антикорупциските мерки и постигнатите резултати за да се зголеми јавната свест и доверба;
- развивање на веродостојна евиденција за борбата против корупцијата од високо ниво;
- создавање ефективна рамка за заштита на поткажувачите, во согласност со Европските стандарди и најдобри практики (Итни реформски приоритети).

Во 2015 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата[10] со кој се предвидува Регистар на избрани и именувани лица, со кој ќе се унапреди верификацијата на податоците за имотната состојба и интересите, преку следење на почитувањето на обврската за доставување анкетен лист и изјава за судир на интереси[11]. Се донесе Правилник за содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на избрани и именувани лица и Образец за податоци на избрани и именувани лица.

[9] web content management system
[10] Објавен во Сл. Весник на Република Македонија број 97/2015.
[11] Ова и во насока на имплементација на препораката xviii) на ГРЕКО од Четвртиот круг на евалуација.

Во септември 2015 година ДКСК усвои Методологија за антикорупциска проверка на легислативата, која ги дефинира процесот на анализа и оцена на правните прописи, со цел минимизирање на ризиците од корупција и судир на интереси.[12].

На 09.11.2015 година донесен е Закон за заштита на укажувачи[13]**,** со кој се уредуваат т.н канали на заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите односно правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите во јавниот и приватниот сектор.

За зајакнување на борбата против корупцијата, се донесе Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2016-2019 како и финалниот извештај за оставрувањето на Државната програма 2011-2015 кои се презентираа на 09.12.2015 година пред пошироката јавност.[14]

Од аспект на воспоставување веродостојно досие за евиденција на случаите на корупција од висок профил, беа изготвени Критериуми за определување на случаи на корупција од висок профил.. Критериумите се прифатени од Јавното обвинителство на Република Македонија.

Во рамки на ИПА 2010 Твининг проектот во ноември 2015 година се започна со анализирање на антикорупциската институционална рамка и меѓуинституционална соработка од која ќе произлезат препораки за нивно унапредување.[15] Во тек се активности за изготвување на ИТ решение за унапредување на евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и примената на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика[16]., како и активности за изготвување на ИТ решение за воспостаување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем.
Република Македонија е вклучена во УНОДЦ Регионалната програма за Југоисточна Европа 2016-2019[17], во чии рамки се предвидуваат активности за зајакнување на ефикасноста во превенцијата, откривањето, гонењето и казнувањето на корупцијата, како и унапредување на кривичната правда, интегритетот и правната соработка.

Во рамки на ИПА 2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", ќе продолжи анализата на анти-корупциската правна рамка во насока на нејзино унапредување. Врз основа на препораките добиени во рамки на овој Проект ќе се изготват измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување судир на интереси.

За имплементација на Законот за заштита на укажувачи, во првиот квартал од 2016 година ќе се донесат подзаконските акти за уредување на заштитеното внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор, заштитеното надворешно пријавување, како и насоките за внатрешно пријавување во приватниот сектор. Исто така, законите со кои се уредуваат права и обврски од работен однос во јавниот и приватниот сектор ќе се усогласат со Законот за заштита на укажувачи.

**Институционална рамка**
Во наредниот период фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на

---

[12] Утврдувањето на оваа Методологија е и во насока на имплементација на клучната мерка О.1 Transparent rules: move away from discretion to rule-based political and administrative decision making by conducting risk assessment actions, by adopting public, simple and enduring rules, под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. Активности за поддршка на имплементацијата на Методологијата се предвидуваат преку Регионалната програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка", изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ, чијашто имплементација е планирана да започне во декември 2015.
[13] Законот ќе почне да се применува четири месеци од денот на влегувањето во сила.
[14] На 28.07.2015 ДКСК усвои нацрт Предлог насоки за изготвување на Државната програма 2016-2019. Во септември 2015 година одржана е работна средба и добиено е експертско мислење за текстот на Насоките од страна на меѓународниот експерт за антикорупција од МЦМС.
[15] Во рамки на Компонента 1 „Унапредување на правната и институционалната рамка за борба против корупцијата" од ИПА2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата.
[16] Активност во рамки на Компонента 4 од твининг проектот.
[17] Sub-Programme 2: Strengthening Criminal Justice, Integrity and Legal Cooperation
United nation office on drugs and crime UNODC

капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и зголемување на вклученоста на јавноста во борбата против корупцијата и судирот на интереси.
Во рамки на ИПА 2010 Твининг проектот, ќе се изготви ИТ решение за унапредување на евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и примената на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика.
Ќе се спроведуваат активности во насока на унапредување на системот на проверка на податоци за имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица врз основа на воспоставена база на податоци за избрани и именувани лица.
Во рамки на Компонента 6 од истиот Проект во ќе се изготви ИТ решение за воспоставување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем.
Во текот на 2016 година ќе се зајакнуваат капацитетите на ДКСК со цел примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата.

Во врска со реализацијата на ГРЕКО препораките од Четвртиот круг на евалуација на тема: "Превенција на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите"[18], во втората половина на 2016 година ќе се изготви Информација за Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија – Четврт круг на евалуација,

Ќе се спроведуваат активности во насока на унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и спроведување оценка на ризици за корупција[19].
Ќе се спроведуваат активности во насока на воспоставувањето на системот на заштита на укажувачите.

По однос на финансирањето на политичките партии, согласно Годишната програма за работа во 2016 година, ДЗР ќе врши ревизија на политичките партии. Исто така, ќе се изготват Конечни ревизорски извештаи за спроведените ревизии на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за спроведените претседателски избори и предвремените парламентарни избори 2014 година, и за следните предвремени парламентарни избори 2016 година. Согласно Законот за државната ревизија Конечните ревизорски извештаи за извршените ревизии на политичките партии ќе бидат објавени на веб-страницата на ДЗР.

Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ) ќе подготвува квартални извештаи за состојбата на поднесените жалби до Комисијата, односно вкупен број на поднесени жалби, број на донесени решенија како и број на донесени заклучоци.

Во текот на 2016 година ќе продолжат обуките за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест, како и обуки за конфискација, противправно стекнување на имот и злоупотреба на јавните набавки, во организација на АСЈО и ДКСК[20].

Исто така, согласно Годишната програма за генеричка обука на административни службеници на МИОА за 2016 година, предвидени се обуки на тема антикорупциски политики и етика во државната служба[21].
По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

## ***Среднорочни приоритети***

---

[18] Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Македонија - Четврт круг е усвоен на 62-риот Пленарен состанок на ГРЕКО кој се одржа во периодот од 2-ри до 6-ти декември 2013 година во Стразбур. Со овој Извештај ГРЕКО упати вкупно 19 препораки до Република Македонија, од кои 4 се однесуваат на членовите на Собранието, 9 се однесуваат на судството, 3 се однесуваат на јавното обвинителство и 3 се однесуваат на сите категории
[19] Утврдувањето на методологија за оценка на ризици за корупција е и во насока на имплементација на клучната мерка О.1 Transparent rules: move away from discretion to rule-based political and administrative decision making by conducting risk assessment actions, by adopting public, simple and enduring rules, под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. Активности за поддршка на имплементацијата на Методологијата се предвидуваат преку Регионалната програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка", изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ, чијашто имплементација е планирана да започне во декември 2015.
[20] Согласно Каталогот на обуки за 2016 година предвидено е одржување на 3 обуки на тема „Конфискација/Одговорност на правни лица", 1 советување на тема „Поткуп", 1 советување на тема „Кривични дела во врска со злоупотреба на јавните набавки и корупција во постапките за јавни набавки" наменети за судиите од сите апелациони подрачја
[21] Обуките ќе се спроведуваат во рамки на lms системот (систем за управување со учење), преку Системот на Микро-учење и по традиционален пат.

На среден рок ќе се продолжи со реализација на активностите за натамошно зајакнување на превенцијата и репресија на корупцијата, намалувањето на судирот на интереси, унапредувањето на транспарентноста на финансирањето на политичките партии и зајакнувањето на меѓу-инситуционалната соработка.

**Правна рамка**
Ќе продолжат активностите во насока на имплементацијата Акциониот план на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, како и на активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската правна рамка.
Ќе се преземат мерки во насока на унапредување на легислативата со цел на унапредување на транспарентноста и стандардите за доделување јавни набавки, концесии и договори за воспоставување јавно приватно партнерство.

**Институционална рамка**
ДКСК на среден рок ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите од новата Државна програма за спречување на корупција и судир на интереси за период 2016-2019 година.
Ќе продолжи да се врши евиденција на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и на други податоци за известување во областа Борба против корупцијата.
Ќе продолжат активностите во насока на имплементацијата Акцискиот план на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, како и во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и на други мерки и активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската институционална рамка.
На среден рок ќе продолжат активностите во насока на мониторинг и унапредување на системот за заштита на укажувачите. Исто така, на среден рок ќе продожат активностите за унапредување на примента на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика. Ќе се унапреди примената на Регистарот на избрани и именувани лица во механизмот за проверка на имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица. Исто така, ќе се превземат активности за оценка на потребите за зајакнување на капацитетите на институциите од антикорупциската институционална рамка, како и активности за соодветно обезбедување на истите. Активностите од „Твининг проектот ИПА 2010 - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ ќе се спроведуваат континуирано.

***Програми и проекти***
- ИПА 2010 Твининг проектот - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“.
- Стратегијата за Југоисточна Европа 2020
- Регионална програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ
- УНОДЦ Регионална програма за Југоисточна Европа 2016-2019

## 1.4 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

***(види во делот 3.23.3 Фундаментални права)***
Во делот на **слобода на медиуми/слобода на изразување** континуирано се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Судиите и јавните обвинители континуирано се обучуваа во врска со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Во 2015 година продолжија советувањата за Практична примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета со анализа на референтна пракса на ЕСЧП во врска со член 10 од ЕКЧП, како задолжителни за судиите кои согласно годишниот распоред за работа на судовите беа распоредени да постапуваат по овие предмети.
Владата донесе мораториум во однос на емитувањето на кампањи кои се финансиираат од буџетски средства. Се подготви нацрт етички кодекс за медиуми.
Во 2016 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.
Ќе се подготви методологија за распределба на средства кои се наменети за кампањи од јавен интерес од страна на буџетски корисници, претпријатија во државна сопственост, јавни претпријатија и државни агенции. Во

Методологијата ќе се вклучат принципите за 1) релевантност на кампањата во однос на владините законски надлежности, 2) оправданост на кампањата, целите и комуникациската стратегија и 3) политичката неутралност на кампањата, како и механизми за проверка на почитувањето на овие принципи.
Планирани се измени на Законот за медиуми за зголемување на транспарентноста на медиумското финансирање. Ќе продолжи дијалогот со претставниците на медиумите.

Во делот на **заштита од дискриминација**, во делот на заштита од дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација континуирано постапува по добиените претставки по различни основи.
Подготвени се Оперативните програми за 2015 за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост и на Стратегијата за родово одговорно буџетирање на чие имплементирање се работи во текот на годината.
Започна имплементацијата на твининг проектот за поддршка за имплементацијата на родовата еднаквост, со времетраење од 18 месеци. Проектните активности се насочени кон зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни од областа на родовата рамноправност, како клучна за човековите права и фундаменталните слободи, како и кон зголемување на ефективноста на државата во овој дел, во подготовките за пристапување кон Европската унија. Меѓу другото, се реализираат активности за анализа на националното законодавство од областа на родовата еднаквост, обезбедување на препораки за потребни измени на постоечкото законодавство и усогласување со законодавството на Европската унија.
Отпочната е реализацијата на конкретни предвидени мерки и активности кои имаат за цел да обезбедат подобрување на состојбите и надминување на евидентираните слабости и недостатоци во овој дел. Во однос на активностите кои се однесуваат на специјалните училишта направена е пренамена на средствата кои се потребни за вршење на рекатегоризацијата на децата кои се запишани во специјалните училишта.
Канцеларијата на НМУ континуирано ја осигурува заштитата на жртвите на трговија со луѓе, и ја спроведува во соработка и постојана координација со обучени социјални работници од центри за социјална работа, трудовите инспектори, министерството за внатрешни работи, единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција како и со НВОи „Отворена Порта“ и „За среќно детство“ во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.
Во текот на 2016 година ќе се спроведуваат активности кои се планирани во Стратегијата и Националниот Акциски план за родова еднаквост. Ќе се работи на имплементација на Стратегијата за родово буџетирање и евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.
На почетокот на годината ќе се подготват годишните оперативни планови за 2016 година за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и за имплементација на Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017, по што ќе се пристапи кон нивно спроведување.
Во текот на 2016 година ќе продолжи реализација на информативни средби со единиците на локална самоуправа и комисиите за еднакви можности на локално ниво за унапредување на соработката и размена на предлози и иницијативи за активности во делот на еднаквите можности и недискриминацијата, прашања од областа на родовата еднаквост, родовото одговорно буџетирање, како и за концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација.
Во рамки проектот „*Поддршка за имплементација на родовата еднаквост*“ во текот на 2016 година ќе се предвиди изработка на програми за обуки и изработка на родови маркери.
Во континуитет ќе се спроведуваат активностите во согласност со стратешките документи и акциските планови од областа на еднаквост и недискриминација и родова рамноправност и во функција на понатамошно јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност и заштита и спречување на дискриминација.

Се преземаа активности за **унапредување на почитувањето и заштитата на заедниците**. Улогата на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор (во понатамошниот текст: ССРД) значително се подобрува во насока на зајакнување на контрола на спроведување на правичната застапеност во процесот на вработувања во јавната администрација како резултат на последните измени на законите кои ги уредуваат работните односи и статусот на вработените во јавниот сектор.

Во однос на **вклучувањето на Ромите** во активните мерки за вработување, Агенцијата за вработување тековно ги спроведува програмите за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2015 година. Вклучувањето на Ромите во програмите и мерките од Оперативниот план се реализира во соработка со Агенцијата за вработување и Ромските информативни центри. Со отпочнување на новата учебна година 2015/2016 продолжи реализацијата на проектот „*Вклучување на деца Роми во јавните предучилишни установи во*

*Македонија*", во рамки на кој, за конкретната училишна година, се планира да бидат опфатени вкупно 650 деца. Фокусот на активностите на Ромските Информативни Центри е насочен на промоција и информирање на ромската заедница на тековните огласи за аплицирање во активните мерки за вработување.

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи со имплементација на Националните акциски планови од Стратегијата за Ромите.

И во текот на 2016 ќе продолжи континуирано спроведување на проектот „*Инклузија на деца Роми во предучилишното образование*" во соработка со Ромскиот образовен фонд, општините и јавните предшколски установи. Ќе продолжи имплементација на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование, поддршката на функционирањето на воспоставените 12 ромски информативни центри на територијата на Република Македонија, ќе продолжи и поддршката за вработување на Ромите како целна група, согласно мерките од Оперативниот план за активности, мерките и програмите за вработување за 2016 година, како и активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги.

Во однос на Ромските информативни центри, нивното функционирање ќе продолжи согласно планот за работа за 2016 година. Во текот на 2016 година, ќе продолжи акцијата за евиденција на лица во матична книга на родените.

Согласно ревидираната Национална Стратегија за Ромите, во согласност со Агендата за социјално вклучување на Ромите со насоките на ЕУ 2020 и Националните акциски планови, ќе продолжи имплементацијата на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија.

## 1.5 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка останува високо на листата на приоритети.

Во текот на 2015 година се релизираа повеќе активности насочени кон понатамошно зајакнување и унапредување на односите со земјите од непосредното и поширокото соседство, како и активно учество во регионалните иницијативи[22]. Република Македонија успешно претседаваше со Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) од јануари до декември 2015 година. Земјата претседаваше и со Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци во ЈИЕ (МАРРИ) во периодот 2014-2015 година, како и со Здравствената мрежа на земјите од југоисточна Европа -СЕЕХН) во периодот јули-декември 2014 година.

Се реализраа повеќе формални и неформални средби меѓу претставници на високо ниво од Република Македонија и земјите од регионот. Претставници од Министерството за надворешни работи на Република Грција ја посетија земјата во јуни 2015 година при што заеднички договорија единаесет мерки за практична соработка во области од взаемен интерес, кои во иднина може да бидат дополнувани. Областите за соработка се: внатрешни работи, образование, култура, здравство, економија, енергетика, железничко поврзување, ЕУ прашања и сл. Посетата е прва билатерална посета на претставници од грчкото МНР на РМ во последните 11 години. Продложија разговорите помеѓу Македонија и Бугарија околу усогласувањето на предлог-текстот на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка (ДПДС).Во регионалната соработка фокусот ќе биде ставен на натамошно проактивно учество во Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), особено со Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), согласно календарот на активности на претседавачот со иницијативите. Земјата ќе продолжи со активно учество во процесот на регионална полициска соработка кој се одвива во рамките на Цетарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (СЕЛЕК)[23] односно Регионалниот СЕКИ-центар во Букурешт[24], како и во рамките на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Земјата продолжува со учеството и во Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ), со свои претставници и во Советот за регионална соработка и СЕКИ. Република Македонија има статус на набљудувач во Дунавскиот процес.

---

[22]Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) , Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци во ЈИЕ (МАРРИ), Здравствената мрежа на земјите од југоисточна Европа -СЕЕХН), Цетарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (СЕЛЕК), Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ)

[23]Southeastern European Law Enforcement Convention – SELEC.

[24]South eastern European Cooperation Initiative (SECI).

Во односите со **Република Албанија**, фокусот е ставен на одржување континуитет во соработката и конструктивниот дијалог. Во наредниот период Република Македонија ќе се залага за реализација на приоритетите од заемен интерес за двете држави, како што се: поефикасно искористување на европските фондови, заедничко учество во нови проекти во рамките на ИПА компонентата за прекугранична соработка, продлабочување на економската соработка, промоција на стопанските потенцијали и реализација на инфраструктурните проекти од значење за двете држави и за регионот. Од особена важност е реализацијата на реафирмираната иницијатива за одржување заедничка седница на Владите на двете земји (, како и реализација на неколку возвратни официјални посети. Од македонска страна е покрената и иницијатива за реактивирање на Мешовитиот комитет за економска соработка во наредниот период.

Во фокусот на односите со **Република Бугарија** е натамошното унапредување на инаку редовниот и конструктивен политички дијалог како и натамошно унапредување на секторската и договорна соработка по прашања од билатерален и регионален интерес. Се планира одржување и на политички консултации меѓу двете МНР во функција на подготовка на официјални посети и средби на претседателите, премиерите и министрите за надворешни работи.

Република Македонија продолжува со проактивниот и иницијативен пристап за унапредување на билатералните односи со **Република Грција** во насока на интензивирање на севкупната билатерална соработка и унапредување на добрососедските односи. Република Македонија ќе продолжи, со искрени намери, со активен и конструктивен пристап во разговорите за надминување на разликата околу името под покровителство на ОН, а во согласност со принципите и нормите на меѓународното право, *вклучително пресудата на МСП од 2011 година*.

Во фокусот на односите со **Република Косово,** ќе биде одржувањето и јакнењето на конструктивниот и отворен дијалог како и интензивирањето на билатералната соработка во разни области од заемен интерес. Заемен е интересот за одржување на прва заедничка меѓувладина седница во првата половина на 2016 година и за продолжување со остварувањето посети на високо и највисоко ниво. Се очекува да се потпишат Договорот за заемни патувања на граѓаните на двете земји, Договорот за реципрочно признавање на возачките дозволи како и потпишување на спогодбата за соработка за прашања од областа на европска интеграција. Се очекува и реализација на заедничките инфраструктурни проекти, особено на автопатот Скопје–Приштина и отворањето на граничниот премин Белановце – Станчиќ. Во функција на зајакнување на економската соработка, привлекување странски инвеститори и пласман на трети пазари, се планира заеднички настап на двете земји пред ЕУ и Меѓународните фондови со заеднички проекти за добивање финансиска помош за инфраструктурно поврзување. Во тек се 20 иницијативи за склучување нови договори за соработка во областа на сообраќајот, инвестициите, правдата, образованието, безбедноста, прекугранична соработка, животна средина и др., како и за соработка помеѓу владите на двете земји за прашања во областа на евроинтеграциите.

Република Македонија и **Република Србија** бележат одлични резултати во однос на билатералната соработка. Притоа двете земји имаат редовен дијалог на високо и највисоко ниво, како и континуиран дијалог во рамките на Регионалната и мултилатералната соработка која ќе продолжи и во 2016. На основа на потпишаните договори на втората заедничка владина седница помеѓу двете земји, билатералната соработка во наедниот период ќе започне да се продлабочува и зајакнува во повеќе области.

Во односите со **Босна и Херцеговина** фокусот ќе биде на задржување на позитивниот развој, со заемно изразен интерес за интензивирање на соработката во повеќе области. Имајќи предвид дека стратешки цели на двете земји се полноправно членство во европските и евроатланските структури, потврден е заемниот интерес за скоро потпишување на Спогодбата за соработка во контекст на ЕУ пристапниот процес. И натаму е актуелен интересот за поттикнување на економската соработка, особено во делот на Стопанските комори, како и во комуникацијата меѓу бизнис заедниците на двете земји преку креирање на поволна економска клима, унапредување на соработката во областа на туризмот, олеснување на комуникацијата на граѓаните на двете земји вклучително преку отпочнување на постапка за заемно овозможување на влез и престој на државјани на двете земји со биометриски лични карти, соработка во делот на сукцесијата на дипломатскиот имот на пор. СФРЈ, колокација на ДКП-а, конкретизирање на Протоколот за соработка меѓу Дипломатските академии и др.

**Односи со Република Турција** бележат континуирана и интензивна соработка помеѓу двете земји.
Одличните билатерални односи ќе продолжат со соодветено ниво на интензитет, притоа разгледувајќи бројни актуелни прашања во различни области. Соработката и во 2016 година ќе продолжи преку одржување на редовен дијалог и посети на соодветно ниво во разлини области од заеднички интерес.

Билатералната соработка со **Република Хрватска** очекуваме да продолжи и во 2016 година.
Продлабочувањето на економската соработка преку размена на искуства на полето на искористување на ИПА фондовите, заеднички настап на македонските и хрватските компании на трети пазари, како и зајакнување на соработката во сферата на туризмот се заеднички цели на двете земји.
Во 2016 г. се планира одржување на политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји.

Во билатералните односи со **Црна Гора** во 2016 година, фокусот на соработката ќе биде ставен на одржување на редовен дијалог и посети на високо и највисоко ниво, операционализација на Договорот за економска соработка меѓу Владите на двете земји, преку одржување состаноци на Мешовитата комисија за економска соработка. Постои заемна согласност да се разгледаат можностите за одржување Заедничка седница на Владите на двете земји.

# II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015**

Република Македонија има **добро ниво на** подготовка во развивањето на функционалната пазарна економија. Севкупно, не е постигнат **никаков напредок**. Од една страна се забележани позитивни случувања, особено во однос на деловното опкружување. Макроекономската средина и покрај клучните слабости, дополнително зајакнува. Сепак, противтежа на ова претставува назадувањето во делот на управувањето со јавните финансии. Владата продолжува да промовира раст и вработување преку големи инвестиции во јавната инфраструктура и странски директни инвестиции (СДИ). Ова придонесе за подобрување на структурата на извозот и создавањето работни места. Сепак, развојот на конкурентниот приватен сектор и понатаму е попречен од слабо извршување на договори и голема неформална економија. Во согласност со препораките од Програмата за економски реформи за 2015 година, а со цел да се поддржи долгорочниот раст на Република Македонија, особено внимание треба да се обрне на:

- подобрување на среднорочното планирање и извршување на буџетот, и построго почитување на среднорочната фискална стратегија;
- продолжување со структурни реформи за подобрување на бизнис-климата и создавање ефикасна постапка за стечај; и
- преземање на дополнителни мерки за да се обнови каналот за банкарско кредитирање.

Економијата е **умерено подготвена** за справување со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата. Постигнат е **одреден напредок**, особено во однос на решавањето на активните недостатоци во однос на човечкиот капитал и физичката инфраструктура. Сепак, деловните активности и понатаму се сконцентрирани на нископродуктивни активности и неопходно е да се зголеми додадената вредност во продуктивните сектори. Потребни се понатамошни инвестиции за зголемување на растот на продуктивноста на трудот и за забрзување на трансформацијата на економијата. Генерално, влијанието на државата врз конкурентноста е зголемено.

Во согласност со препораките од ЕРП за 2015 година, а со цел да се поддржи долгорочен раст, Република Македонија треба да обрне посебно внимание на:

- подобрување на можноста за вработување на работниците преку подобро усогласување на образованието со потребите на побарувачката на работна сила, како и подобрување на основните и напредни вештини на студентите на сите нивоа од образованието;
- подобрување на врските помеѓу странските директни инвеститори и економијата и поттикнување на инвестиции во капитални добра и иновации; и
- подобро приоритизирање на инвестициите и усогласување на транспортната стратегија со регионалната агенда за поврзување.

***Резиме***

*Макроекономската политика во 2016 година ќе продолжи да ги остварува стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст на земјата. Макроекономската политика е во функција на одржување на макроекономската и финансиската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, вработеноста и подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението.*

*Досегашните економски остварувања и здравите макроекономски политики се цврста основа поволните економски движења да продолжат во 2016 година, во услови на позитивни очекувања за глобалниот економски раст и растот на економијата на ЕУ, како најзначаен трговски партнер на Македонија. Растот на економската активност во Македонија во 2016 година е проектиран на ниво од околу 4%. Извозот на стоки и услуги се предвидува да оствари реален раст од 8,1% во 2016 година, главно како резултат на очекувањата за активноста на извозните капацитети на странските компании, при постепен раст на надворешната побарувачка.*

*Монетарната политика и во 2016 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност како значајна компонента на макроекономската стабилност.*

*Предвидениот економски раст во 2016 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Бројот на вработени се очекува да се зголеми за 2,4%, како резултат на очекуваните инвестиции на странските компании во слободните економски зони, активните мерки и програми за вработување, како и реализацијата на инфраструктурните проекти на јавниот сектор, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност.*

*Во периодот јануари - август 2015 година се регистрирани нето приливи врз основа на странски директни инвестиции од 155 милиони евра, што е за 17,2% повеќе во однос на нивното ниво во истиот период претходната година.*

*Државниот долг[25] заклучно со 30.9.2015 година изнесува 3.233,3 милиони евра, односно 36,0% од БДП, додека јавниот долг[26] во истиот период изнесува 3.941,4 милиони евра, односно 43,9% од БДП.*

*Согласно Извештајот на Светска банка, Doing business 2016, земјата е рангирана на прво место во Европа и второ место на светско ниво во однос на показателот- започнување на бизнис.*

*При продолжен солиден економски раст, и покрај силно изразените домашно политички превирања и присутни ризици и неизвесност во врска со исходот на должничката криза во Грција, вкупните активности на банките во земјата остварија пораст и во текот на 2015 година. Така, заклучно со октомври 2015 година, активата на банкарскиот систем оствари солиден годишен раст од 6,3%, како и кредитите и депозитите од нефинансискте субјекти, кои остварија раст од 8,5% и 6,1%, соодветно (октомври 2014 година, растот изнесува 6,3% за активата, 9,7% за кредитите и 6,3% за депозитите).*

*Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 25.578 милиони денари (зголемени за 15% во однос на 2015 година) наменети за доизградбата на автопатот на Коридор X и подобрување на железничката инфраструктура на истиот,изградба и рехабилитација на источен дел од железничка пруга на Коридор 8, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.*

*Во март 2015 година, на предлог на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) Владата го усвои Вториот пакет мерки за подобрување на конкурентноста на Република Македонија. Пакетот содржи 32 мерки во 9 области за унапредување на пристапот до финансии, ликвидноста, продуктивноста, вештините и образованието на вработените, транспортот, регулативата и бизнис опкружувањето, како и иновациите и технолошкиот развој на македонските компании. Во септември 2016 година Светскиот економски форум го објави Извештајот за глобална конкурентност за 2015-2016 година во кој Република Македонија се искачува на 60-тото место, подобрувајќи го рангирањето за 3 места во споредба со минатата година или за вкупно 20 места споредбено со 2012 година.*

*Во 2015 година продолжија преговорите за натамошна либерализација на трговијата со услугите во ЦЕФТА во секторите: деловни и професионални услуги, туристички услуги, услуги за животна средина , комуникациски услуги, аудиовизуелни и градежни услуги, образовни и здравствени услуги.*

---

[25] Државниот долг е збир на финансиски обврски создадени со задолжување наРепублика Македонија, јавните установи основани од Република Македонија и општините,општините во градот Скопје и градот Скопје

26 Јавниот долг е збир од државниот долг и гарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост

# 2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

**1. Макроекономска стабилност**[27]
Макроекономската политика во 2016 година ќе продолжи да ги остварува стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст на земјата. Макроекономската политика е во функција на оддржување на макроекономската и финансиската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, вработеноста и подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Тоа ќе се постигне со унапредување на деловното окружување, водење на даночна и царинска политика за поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициска активност и привлекување на странски директни инвестиции (СДИ), развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

**Економска активност.** Досегашните економски остварувања и здравите макроекономски политики се цврста основа поволните економски движења да продолжат во 2016 година, во услови на позитивни очекувања за глобалниот економски раст и растот на економијата на ЕУ, како најзначаен трговски партнер на Македонија. Растот на економската активност во Македонија во 2016 година е проектиран на ниво од околу 4%. Извозот на стоки и услуги се предвидува да оствари реален раст од 8,1% во 2016 година, главно како резултат на очекувањата за активноста на извозните капацитети на странските компании, при постепен раст на надворешната побарувачка. Растот на извозот се очекува да биде придружен со натамошна диверзификација и подобрување на структурата на извозот во насока на поголемо учество на производи со повисока додадена вредност. Проектираниот раст на домашната побарувачка и извозната активност условуваат раст и на увозот кој се очекува да изнесува 6,8%. Бруто инвестициите се очекува да остварат раст од 7,5% на реална основа, кој се заснова на планираните инвестиции на јавниот сектор за унапредување на инфраструктурата и на очекувањата за постепен раст на приватните инвестиции, придвижени главно од СДИ. Во рамки на јавните инвестиции, предвидена е реализација на инвестициски проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, капитални расходи за подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем. Овие инвестиции, покрај тековниот позитивен ефект врз економската активност, на подолг рок ќе влијаат и кон зголемување на конкурентноста на земјата. Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 2,7% во 2016 година, главно како резултат на очекуваниот раст на бројот на вработени. Проекцијата за раст на јавната потрошувачка изнесува 1,3%. Во 2016 година градежништвото се очекува да оствари стапка на раст од 5,6% на реална основа, како резултат на реализацијата на планираните инфраструктурни проекти и најавените инвестиции во ТИРЗ и индустриските зони. Поволните движења во индустријата се предвидува да продолжат во текот на 2016 година, со проектирана стапка на раст од 3,8%. Услужниот сектор се очекува да забележи стапка на раст од 3,6%, а реалниот раст во земјоделството се очекува да изнесува околу 2%, поддржан од субвенциите кои ги обезбедува Владата.

**Монетарна политика**
Монетарната политика и во 2016 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување настабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност, како значајна компонента на макроекономската стабилност. Во овој контекст, централната банка ќе продолжи со редовно следење на движењата во домашната економија и меѓународното окружување, како основа за навремено преземање мерки во насока на остварување на своите цели.

**Инфлација**
Просечната годишна инфлација во периодот **јануари - септември 2015 година** изнесува -0,3%,при што од почетокот на годината бележеше опаѓачка тенденција на негативните стапки. Од аспект на компонентите, најзначаен придонес имаат ниските цени на храната, што ги одразува движењата на овие цени на светските пазари.

[27] Деловите кои се однесуваат на економската активност, пазарот на труд и јавните финансии опфаќаат проекции на Министерството за финансии, додека деловите за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народната банка на Република Македонија.

Во последниот квартал од годината се очекуваат слични движења, при што стапката на инфлација во 2015 година се очекува да изнесува околу 0%.

Во **2016 година** се очекува умерено зголемување на инфлацијата на околу 1,5%. Растот на цените во наредната година ќе ги одразува првенствено ценовните промени на прехранбените производи и енергијата, и во помал дел ефектите на понатамошниот раст на домашната побарувачка. Се очекува дека забрзувањето на стапката на инфлација ќе продолжи и во текот на **2017 година**, кога се очекува да изнесува околу 1,6%. Ризиците за проектираната патека на инфлацијата главно се поврзани со неизвесноста околу движењата на светски цени на примарните производи.

**Пазар на труд.** Предвидениот економски раст во 2016 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Бројот на вработени се очекува да се зголеми за 2,4%, како резултат на очекуваните инвестиции на странските компании во слободните економски зони, активните мерки и програми за вработување, како и реализацијата на инфраструктурните проекти на јавниот сектор, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност. Номиналниот раст на просечната бруто плата се очекува да изнесува 2,6% во 2016 година.

**Надворешен сектор**

Движењата во **тековната сметка на билансот на плаќања** на Република Македонија во **2015 година** се во согласност со движењето на светските цени на основните производи, зголемената економска активност и јакнењето на позитивните ефекти од новите производствени капацитети врз вкупниот извоз, во услови на сѐ уште релативно слаба увозна побарувачка. Согласно остварените движења и оценките за до крајот на годината, дефицитот на тековната сметка за 2015 година се оценува на 0,5% од БДП. Споредено со претходната година, тоа претставува умерено стеснување, кое главно го одразува подобрувањето на дефицитот на стоки и услуги, во услови на проширување на дефицитот кај примарниот доход и пониско ниво на секундарен доход. Во рамки на секундарниот доход, мало намалување оствари и нето откупената ефектива на менувачкиот пазар (апроксимација за приватните трансфери), кое беше очекувано и претставува дел од нивната постепена нормализација, по исклучително високите нивоа во периодот на кризата (особено во 2012 година). Во однос на извозот, треба да се истакне придонесот на новите капацитети со странски капитал. На страната на увозот, доминираше извозот на суровини и опрема, при истовремено поволен ценовен ефект кај увозот на горива.

Како и во 2015 година, и во следните години значителен позитивен ефект врз извозот ќе имаат новите компании со странски капитал. Во услови на зголемување на бројот на нови извозни капацитети и постепеното зголемено искористување на нивниот потенцијал, може да се очекува стабилизирање на дефицитот на стоки и услуги во следните две години на слично ниво како и во 2015 година. Во однос на приватните трансфери (апроксимирани преку нето откупот на менувачкиот пазар), се очекува да продолжи постепеното забавување на нивното учество во БДП. При вака проектирани движења на основните ставки на тековната сметка, дефицитот на тековната сметка во **2016 година** се очекува умерено да се продлабочи на 1,9% од БДП,а во **2017 година**, негативното салдо на тековната сметка се очекува да достигне 2,4% од БДП, што во услови на оцени за релативно стабилен дефицит во размената на стоки и услуги, ќе произлезе од очекуваното намалување на приватните трансферии благото проширување на дефицитот кај примарниот доход. Проекцијата на салдото на тековната сметка на платниот биланс за периодот 2016 - 2017 година е придружена со ризици кои главно се поврзани со глобалното економско заздравување и цените на светските пазари.

Нето приливите на **финансиската сметка** во периодот 2016 - 2017година главно ќе произлезат од очекуваните странски директни инвестиции, надворешно задолжување на јавниот и на приватниот сектор. Растот на домашната економија, подобрувањето на глобалниот амбиент и стабилизирањето на глобалните финансиски пазари се очекува да придонесат за одржување на позитивни согледувања кај инвеститорите. Вкупните нето приливи на финансиската сметка во 2016 година би достигнале 1,8% од БДП, а во 2017 година се очекува да се зголемат на околу 4% од БДП. Ризиците околу капиталните приливи се главно поврзани со динамиката на глобалното опоравување, што би влијаело на одлуките на инвеститорите. Проектираните движења во тековната и финансиската сметка се очекува да овозможат дополнителна акумулација на девизни резерви во следниот период и понатамошно одржување на

адекватна покриеност на просечниот увоз на стоки и услуги од секоја наредна година, во функција на одржување на капацитетот за поддршка на стабилноста на девизниот курс на денарот.

**Странски директни инвестиции**.Во периодот јануари - август 2015 година се регистрирани нето приливи врз основа на странски директни инвестиции од 155 милиони евра, што е за 17,2% повеќе во однос на нивното ниво во истиот период претходната година. Во рамки на структурата, најголемиот дел (околу 63%) се однесува на акционерски капитал и реинвестираната добивка, наспроти помалото учество на меѓукомпанискиот долг. Во првата половина на 2015 година, приливите на странски директни инвестиции беа главно насочени кон следните дејности: рударство, производство на моторни возила, трговија на големо, телекомуникации, производство на текстил и облека, производство на храна, пијалаци и тутунски производи. Од аспект на земјите на потекло, во првата половина од годината најголеми приливи на странски директни инвестиции се остварени од: Германија, Холандија, Сент Винсент и Гренадини, Швајцарија, Велика Британија.

**Јавни финансии.** Целите на фискалната политика насочени кон фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии ќе се реализираат преку натамошна строга контрола на јавните финансии, континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи и значително учество на капиталните инвестиции во вкупните расходи. На ваков начин ќе се осигура улогата на фискалната политика за одржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економскиот раст како основни услови за зголемување на вработеноста и унапредување на животниот стандард.

Вкупните приходи на консолидираниот буџет за 2016 година се планираат на ниво од 177.292 милиони денари, а расходите се планирани на ниво од 196.276 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи обезбедуваат етапна консолидација на јавните финансии, односно намалување на буџетскиот дефицит на ниво од 3,2% од БДП или во износ од 18.984 милиони денари. Ова ниво на дефицит е согласно определбата за постепено намалување на јавната потрошувачка, со истовремено обезбедување на значителен износ на капитални инвестиции кои ќе имаат соодветен придонес за повисоки стапки на економски раст. Планираните расходи за 2016 година обезбедуваат поддршка на домашната економија и животниот стандард, која ќе се реализира преку капитални инвестиции, субвенции, пензии и социјални надоместоци.

Проекциите за приходите на Буџетот за 2016 година се базираат на очекувањата за позитивни еконономски остварувања, како и реализацијата на приходите во тековната 2015 година. Даночните приходи се планирани во износ од 101.531 милиони денари. Останатите даночни приходи се планирани врз основа на остварувањата во текот на 2015 година, а кај приходите по основ на царини вклучен е и ефектот од намалувањето на царините за увоз на стоки од ЕУ согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Останатите буџетски приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и капитални приходи (по основ на продажба на општествени станови и земјиште и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком).

Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 49.187 милиони денари.

Во текот на 2016 година, по основ на донации, предвидени се 5.032 милиони денари кои буџетските корисници е планирано да ги реализираат на сметките за сопствени приходи за конкретни проекти, како и повлекувањата од предпристапните фондови на ЕУ.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија преку инвестирање во значајни инфраструктурни проекти, одржување на социјалната сигурност и стабилност, како и подобрување на економската положба и животниот стандард на населението, пред сè на најранливите категории на граѓани (пензионерите и корисниците на социјални надоместоци). Исто така, ќе се продолжи со определбата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.

Вкупните расходи во Буџетот за 2016 година се планирани во износ од 196.276 милиони денари, во функција на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски и продолжување на започнатите инфраструктурни проекти.

Тековните расходи за 2016 година се планирани во износ од 170.698 милиони денари, наменети за редовно финанасирање на платите на вработените во јавниот сектор, навремена и редовна исплата на зголемени пензии и социјалните надоместоци, како и исплатата на субвенциите во земјоделството.

Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 25.578 милиони денари (зголемени за 15% во однос на 2015 година) и имаат приоритетно значење во креирањето на фискалната политика обезбедуваат подобрување на економските перформанси и подобар и поквалитетен живот на граѓаните.

Финансирањето на Буџетскиот дефицит за 2016 и обврските по основ на домашниот и надворешниот долг, се планира да се изврши со комбинација на домашни и странски извори на финансирање, со цел да се постигне оптимална комбинација од аспект на трошоците за финансирање.

Државниот долг[28] на Република Македонија заклучно со 30.9.2015 година изнесува 3.233,3 милиони евра, односно 36,0% од БДП, додека јавниот долг[29] во истиот период изнесува 3.941,4 милиони евра, односно 43,9% од БДП. Во однос на задолжувањето на домашниот пазар, основна заложба и во наредниот период ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност. Притоа посебен акцент ќе се стави на продолжувањето на рочноста на постојното портфолио со издавање на државни обврзници со подолга рочност, односно со издавање на 2, 3, 5, 10 и 15 годишни државни обврзници.

**2. Слободно заемно дејство на пазарните сили (приватизација)**
**Приватизација на државниот капитал**
Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно заемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација го опфаќа пазарното прилагодување на јавниот сектор (Македонски железници, Државното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП Македонија пат, Македонска пошта и др). Во постапката на трансформација на субјектите од јавниот сектор, беше утврдена законска можност за натамошна продажба на издвоени делови, организирани како друштва со државен капитал. Останува реализацијата на продажба на акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

За четирите друштвата кои се во целосна или во доминантна државна сопственост: 11 Октомври Еурокомпозит АД Прилеп (производство со специјална намена и производство на композитни материјали), Друштво Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (производство на железнички локомотиви и шински возила), ОХИС АД Скопје и ЕМО АД Охрид, во наредниот период треба да се дефинира нивниот натамошен статус, по детална анализа на нивната економска и финансиска состојба.
Во случајот со Тутунски комбинат АД Прилеп се реализира стратешкото партнерство со Филип Морис Интернационал менаџмент, преку заеднички формираната компанија.

**3. Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**
**Влез на пазарот**
Согласно Извештајот на Светска банка, Doing business 2016, Република Македонија е рангирана на прво место во Европа и второ место на светско ниво во однос на показателот- започнување на бизнис. Во самиот извештај беше констатирано дека за регистрирање на бизнис неопходно е да се спроведе само една процедура: регистрација при Централниот регистар и обезбедување на печат на друштвото.

[28] Државниот долг е збир на финансиски обврски создадени со задолжување наРепублика Македонија, јавните установи основани од Република Македонија и општините,општините во градот Скопје и градот Скопје
29 Јавниот долг е збир од државниот долг и гарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост

За намалување на потребните чекори и поедноставување на самата процедура за регистрација беа спроведени бројни реформи. Со измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица[30] се предвиде исклучување на печатот од задолжителна употреба во правниот промет (при остварување на права пред надлежни органи и на официјалните документи), а исто така се воведе нова категорија на подносители „регистрационен агент“ со јавни овластувања за поднесување на пријави за упис на основање на ДОО, ДООЕЛ и ТП исклучиво во електронска форма преку Системот за е- регистрација. Во пракса веќе има значителни резултати од примената на новото законско решение за воведување на категоријата на подносители - регистрациони агенти, при што, од издавањето на првото овластување, август 2013 година заклучно со октомври 2015 година преку Системот за е-регистрација поднесени се 11395 електронски пријави за упис на основање. Големината на бројката доаѓа до израз ако истата се спореди со бројот на пријави кои биле поднесени од пуштањето на Системот во употреба во 2011 година и кој изнесува само 20 пријави.

Дополнително, со измените и дополнувањата на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица[31], категоријата регистрационен агент се проширува со професионалната заедница адвокати, кои започнувајќи од 01.11.2015 ќе можат да поднесуваат пријави за упис на основање, промени и бришења во трговскиот регистар, за сите видови правни субјекти. Со новите измени, започнувајќи од 01.11.2015 , сите уписи во трговскиот регистар за сите видови трговски друштва се вршат исклучиво електронски.

Во 2015 година вкупниот запишан основачки капитал за ново регистрираните трговски друштва изнесува:

- Домашен капитал во евра € 19.458.941,95 и во МКД 1.224.908.122,00;
- Странски капитал во евра € 429.939.368,29 и во МКД 46.499.300,00;

Откако започна да функционира па сè до 28.10.2015 година, вкупно, трговскиот регистар има извршено 77.096 уписи на основање, изменето 36.056 уписи, избришано 50.335 уписи, 1036 исправки, 19.020 уписи на отворен стечај и 17.093 уписи на отворена ликвидација. Има вкупно 6.327 странски физички лица основачи на трговски друштва и 1.617 странски правни лица основачи на трговски друштва.

**Излез од пазарот**

Податоци за заклучени постапки во периодот од 01.01.2014 год. до 30.12.2014 год.*)

| Ликвидирани друштва од 01.01.2014 до 31.12.2014 | Доброволна ликвидација по ЗТД | Стечајни постапки отклучи/заклучи | Заклучени кои се воделе | Вкупно заклучени |
|---|---|---|---|---|
| Број на предмети | 1922 | 2028 | 43 | 2061 |
| Просечно времетраење по години | 0,25 | ---/-- | --/-- | --/-- |
| Просечно намирување на доверителите | --/-- | --/-- | --/-- | --/-- |

Податоци за заклучени постапки во периодот од 01.01.2015 до 30.11.2015 год. *)

| Ликвидирани друштва од 01.01.2015 до 30.11.2015 | Доброволна ликвидација по ЗТД | Стечајни постапки отклучи/заклучи | Заклучени кои се воделе | Вкупно заклучени |
|---|---|---|---|---|
| Број на предмети | 1491 | 1348 | 72 | 1425 |
| Просечно времетраење по | 0,24 | --/-- | --/-- | --/-- |

[30] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.70/2013
[31] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.97/2015

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| години | | | | |
| Просечно намирување на доверителите | --/-- | --/-- | --/-- | --/-- |

*) Извор: Централен регистар на Република Македонија

Системот на е-стечај е воведен  во март 2011 година, а надграден е со измените на Законот за стечај од 2013 година, кога е воведена е-аукција за продажба на стечајната маса, каде наддавањето се реализира по електронски пат. Првата аукција е спроведена на 14.04.2014 година.

Податоци за електронски аукции во 2015 година:

- Активни (во тек)………нема
- Бришени (поради реализација или протек на време на огласот)……..15
- Чекаат на реализација  во наредниот период……..нема
- Успешни (се одржала аукција)………341
- Неуспешни (немало пријава за аукција)………714

Од 23.04.2015 година почна да функционира системот за избор на стечаен управник по електронска метода, чија цел е овозможување правична и фер распределба на стечајните постапки на лиценцираните стечајни управници. За обезбедување доследна примена на законските решенија спроведени се три работилници во септември за учесниците на овој систем.

**4. Правен систем**

**Регулаторна реформа**

Регулаторна гилотина. Во насока на понатамошно олеснување на условите за водење бизнис, ќе продолжи спроведувањето на мерките од регулаторна гилотина со кои е постигнато отстранување на голем административен товар, како и се поедноставија голем дел од постапките во царината и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис.

Проценката на влијанието на регулативата преставува (ПВР) преставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. Министерството за информатичко општество и администрација, како надлежно министерство за управување на процесот на регулатона реформа, редовно ја информира Владата на Република Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за Проценка на влијание на регулативата и Методологија за оценка на спроведување на регулативата. Се врши редовна проверка на предлог-законите кои се доставуваат во Владина процедура за разгледување, дали се усогласени со актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и дали е спроведена навремена консултација со засегнатите страни преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Врз основа на анализата на ЕНЕР и Извештај со наоди и препораки за понатамошно подобрување на ЕНЕР во декември 2014 година се пушти во употреба новиот ЕНЕР, кој покрај новиот дизајн нуди нови современи и практични модули за јавните и владините корисници. Една од најголемите придобивки од новиот ЕНЕР е неговата интеграција со мултиплатформскиот систем за е-колаборација за е-Влада, со што е оневозможено доставување на предлог-закони за разгледување во владина постапка, доколку претходно текстот на предлог-законот не е објавен за консултации на ЕНЕР.

Во наредниот период МИОА ќе ги продолжи активностите за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата и непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

**Регулирање на имотни права**

Одржување на катастарот на недвижностите (КН)

Вкупната бројка на примени предмети во Центарот за катастар на недвижности - Скопје и подрачните одделенија за катастар на недвижности заклучно со 30-ти октомври 2015 година изнесува 1.271.764 предмети, додека пак бројот на нерешени предмети е 2184.




Преку спроведување на е-катастарот АКН воведе нови сервиси за граѓаните и професионалните корисници чија цел е зголемување на транспарентноста во работењето, притоа овозможени се сервиси за :

- увид во статусот на решавањето на предметот;
- вадење на имотен лист за недвижност што се наоѓа во друг град;
- АКН преку електронскиот шалтер ги поврза сите професионални корисници (нотари, геодетски фирми, општини, банки, проценители и др), со тоа е овозможено преку електронскиот шалтер кај професионалните корисници да се издава имотен лист, копија од план, графички извадок од дигитален катастарски план за изработка на геодетски елаборат, како и овозможена е електронска достава на документација за промени во катастарот на недвижности.

Заклучно со октомври 2015 година искористеноста на е-кат шалтерот е 56 %, што укажува на трендот на зголемување на бројот на електронски примени предмети во катастарот на недвижности.

**Основни геодетски работи и картографија -** Во јануари 2015 година, завршени се и активностите поврзани со спроведувањето на деталниот гравиметриски премер на целата територија на Република Македонија и извршена е промоција на резултатите од овој проект. Со деталниот гравиметриски премер се опфатени вкупно 2310 детални гравиметриски точки на просечно меѓусебно растојание од околу 5 километри. Во 2015 година се комплетира изработката на топографските карти во размер 1:50000 за целата територија Република Македонија.

**Дигитализација на катастарски планови -** Ажурирањето на векторизираните архивски оригинали на катастарските планови се одвива согласно Акцискиот план за дигитализација на катастарските планови кој треба да се реализира заклучно со крајот на 2015 година. Векторизираните катастарски планови се импортираат во графичка база на податоци (МакЕдит). По извршената хармонизација на графичките податоци на катастарските планови со атрибутните податоци, тие се сместуваат во централна база на податоци (е-кат). Во МакЕдит базата до 30.10.2015 година се импортирани и се одржуваат 1811 КО, односно 98.23% од територијата на Република Македонија додека пак во е-кат централната база на податоци ставени се вкупно 1660 КО односно 90.55% од територијата на Република Македонија.

**Инфраструктурни објекти -** Модулот на е-кат за катастарот на инфраструктурни објекти е комплетиран за телекомуникациските линии и антени, енергија, вода и канализација, односно овозможено е запишување на правото на сопственост на сите видови на инфраструктурните објекти (подземни и надземни) предвидени со закон, како и

нивни графички приказ. Запишувањето на инфраструктурните објекти во инфраструктурниот катастар овозможува ставање во правен промет (купопродажба, закуп, ставање под хипотека), а сопствениците добиваат можност за обезбедување дополнителни средства.

**HELP DESK - Контакт Центар -** Контакт Центарот функционира со бесплатната инфо линија за грижа на професионалните корисници, физичките лица и за внатрешните корисници. Сите овие канали се поврзуваат во апликацијата која овозможува следење на сите телефонски повици, историјат на прашања и одговори со што Одделението за грижа на корисници во секое време има пристап до сите информации за клиентот.

**Масовна проценка на недвижностите -** Регистарот на цени и закупнини на недвижностите е воспоставен и пуштен во продукција на 18 март оваа година. Од неговото воспоставување заклучно до 30.10.2015 во регистерот внесени се податоци за вкупно 4307 трансакции/закупи од кои продажби вкупно 2639 и закупи 1668. АКН презема активности за екипирање и опремување на Секторот за масовна проценка, како и активности за спроведување на обука и надградба на постоечкиот ИТ систем. АКН планира да спроведе пилот проект за масовна проценка на недвижностите за општини од Град Скопје.

**Регистар на градежно земјиште -** По спроведената тендерска постапка за воспоставување на регистерот на градежно земјиште, отпочнато е со реализација на активностите за воспоставување на регистар на градежно земјиште. Изготвена е бизнис анализа, направени се теренски посети на сите општини и одржани се состаноци со преставници од клучните институции вклучени во постапката за изработка и одобрување на урбанистичко планската документација. Направена е инсталација на техничката инфраструктура (на серверите во АКН) и спроведени се обуки за планерите вклучени во постапката на изработка на урбанистичките планови и урбанистичко-планската документација. Со формирањето на регистарот на градежно земјиште и неговото поврзување со дигиталните катастарски планови, ќе се знае колку има градежно земјиште во Република Македонија, кое е изградено, а кое не е изградено, во чија сопственост е истото итн.

**Адресен Регистер -** Графичкиот регистар на улици и куќни броеви ќе содржи просторни и описни податоци за улиците и куќните броеви, како и просторни податоци за линијата на опфат врз основа на која се определува припадноста на куќниот број спрема улицата. Истиот ќе биде поврзан со Регистарот на просторни единици заради идентификување на улицата спрема населеното место односно административните единици. На тој начин заинтересираните субјекти информациите во врска со катастарските парцели, улиците и куќните броеви ќе ги добиваат на брз и ефикасен начин по електронски пат од страна на АКН.
Во рамките на Комитетот за електронска евиденција формирана е работна група во која учествуваат преставници од следните институции: Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Централниот регистар, Заедницата на единиците за локалната самоуправа, Управа за водење на матични книги и АКН кои изготвија предлог-решение и акциски план за имплементација на адресниот регистар во РМ. Ова предлог-решение и акцискиот план беа усвоени од Владата на РМ. Врз основа на тој акциски план работната група започна со активности поврзани со измена на законската регулатива и во финална фаза се изготвување на техничката спецификација и отпочнување на тендерска постапка за изработка на софтверско решение за адресниот регистар. Предвидено е адресниот регистар најнапред да се реализира за 3 административни единици.

**АКН ГИС-портал -** ГИС-порталот на Агенцијата претставува прегледник за сите геопросторни податоци кои се во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности. На ГИС-порталот се достапни катастарските парцели и зградите кои се запишани во катастарот на недвижности, топографските карти, геодетските точки, авионските снимки за целата територија на РМ, инфраструктурните објекти, сите информации во врска со парцелите, зградите и нивните сопственици, како и локациите на кои е издадено одобрение за градба и доколку градењето е во тек со увид во деталите на идната зграда со сите нејзини делови. Покрај ова, на ГИС-порталот се претставени сите точки од интерес, и тоа: локациите на нотарите, геодетските фирми, општините, односно сите локации на кои се достапни услугите на катастарот, надвор од одделенијата за катастар на недвижности

**НИПП владиниот Гео-портал -** Воспоставувањето на националниот геопортал е реализирано во мај 2015 година.На геопорталот може да се врши пребарување и публикување на податоци и услуги, а субјектите на НИПП со користење на уредувач за метаподатоци може да креираат и сопствени метаподатоци. Агенцијата за катастар на

недвижности на геопорталот ги постави податоците и веб-услугите (CSW, WMS, WFS) кои се однесуваат на: државната граница, статистичките региони, единиците на локална самоуправа, населените места и дигиталниот модел на терен. Покрај објавените податоци кои се изработени според националните стандарди, на геопорталот се достапни и стандардизираните податоци за административните единици и дигиталниот елевациски модел изработени според техничките спецификации кои произлегуваат од директивата INSPIRE. На порталот можност за публикување на геопросторните податоци ќе имаат субјектите на НИПП, а тоа се 16 владини институции, Градот Скопје и Стопанската комора на Македонија.

**Краткорочни планирани активности за 2016:**

- Изработка на топографски карти во размер 1:100.000 и на топографски карти во размер 1:200.000, -Q4 2017 година;
- Развој на софтерско решение за адресниот регистар, -Q4 2016;
- Развој на софтерско решение за графички регистар на градежно земјиште -Q4 2017;
- Изработка на нацрт-правилник за метаподатоци,- Q4 2016 година;
- Одредување на прецизен геоид за територијата на РМ, -Q4 2016;

**Среднорочни приоритети за 2017 - 2018**

- Воспоставен графички регистар на градежно земјиште,- Q4 2018 година;
- Воспоставен Адресен регистар,- Q4 2017 година;
- Воведување во употреба на ETRS89 координатен систем,- Q4 2018 година;
- Трансформација на основните сетови на картографски податоци во согласност со INSPIRE директивата и изработка на соодветни метаподатоци, - Q4 2018 година;
- Воспоставување на 3Д катастар, -Q4 2017;
- Оротофото и ласерско скенирање,- Q4 2017;

**Програми и проекти**

Програмата за институционален развој на АКН, НИПП - от, дигиталните катастарски планови и Веб-ГИС надградбата на геодетската инфраструктура, се поддржани и со средства од буџетот на Агенцијата за катастар на недвижности.АКН и во 2016 година планира да користи средства од ТАИЕХ програмата во областите од масовната проценка на недвижностите, референтните геодетски мрежи, НИПП-от и управувањето со гео-информациските системи.

**Спроведување на законите и договорите**

Во завршна фаза е подготовката на Стратегијата и Акцискиот план за натамошна реформа на правосудниот систем 2015-2020 која претставува сеопфатен документ со кој се дефинираат идните реформски активности за спроведување на политиките на правосудството во шест тематски области и тоа: I. Судство, II. Казнено-правен систем, III. Пристап до правдата, IV. Секторска политика и имплементација на правото на ЕУ на ЕУ, V. Управно право и VI. ИТ – Е Правда.

За унапредување на независноста на судството, донесен е Закон за Советот за утврдување на факти и покренување на дисциплинска постапка, како ново тело за поведување на постапка и водење на истрага за утврдување одговорност на судијата, додека одлучувањето за сторена повреда е во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија. Избрани се 8 членови на советот (3 члена пензионирани судии, 3 члена пензионирани обвинители, 1 пензиониран адвокат и 1пензиониран професор). Останува да биде избран уште еден член од редот на пензионираните универзитетски професори на Правните факултети во Република Македонија. Се донесоа измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија во насока на усогласување со одредбите на новиот Закон за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

Се усвои и нов Закон за Академија за судии и јавни обвинители за понатамошно унапредување и зајакнување на капацитетите на Академијата. Со измените се очекува зголемување на квалитетот и ефикасноста при избор на

судии и јавни обвинители заснован на резултатите и постигнатиот успех во рамките на почетната обука, како вовед во системот на заслуги и системот на кариера во професионалниот развој на судиите и јавните обвинители.

Во месец ноември заврши практичната настава за 13 -те слушатели на почетната обука од петтата генерација во Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев која траеше 15 месеци. На 5 ти ноември 2015 година Управниот одбор на Академијата донесе одлука за објавување на јавен оглас за прием на 30 слушатели на почетна обука за шестата генерација. Огласот е објавен во Службен весник на РМ и во два дневни весници на 9 ти ноември 2015 година со рок за пријавување од 15 дена од денот на објавувањето по што следи постапка за прием на слушатели во почетна обука согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и Правилникот за примен испит. Избрани се вкупно 78 кандидати од 80 кандидати од I, II, III и IV генерација од АСЈО. Останува да се изберат уште 2 кандидати, еден од III и еден од IV генерација.

**5. Доволно развиен финансиски сектор**
**Банкарски систем**
Банките имаат доминантна улога во рамките на целиот финансиски систем со околу 90% во вкупната актива. Банкарскиот систем ја задржа својата стабилност и сигурност, одржувајќи висока и стабилна ликвидност и солвентност. При продолжен солиден економски раст, и покрај постепено стивнување на домашно-политичките превирања и должничката криза во Грција од летото 2015 година, вкупните активности на банките во Република Македонија оствариja пораст и во текот на 2015 година. Така, заклучно со октомври 2015 година, активата на банкарскиот систем оствари солиден годишен раст од 6,3%, како и кредитите и депозитите од нефинансиските субјекти, кои остварија раст од 8,5% и 6,1%, соодветно (октомври 2014 година, растот изнесува 6,3% за активата, 9,7% за кредитите и 6,3% за депозитите).

Кредитен ризик. Квалитетот на кредитното портфолио на банкарскиот систем, следен преку учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на нефинансиските субјекти е на умерено и стабилно ниво, кое во последните три години се движи помеѓу 11% и 12% (11,8% на крајот на октомври 2015 година, а 12,6% во октомври 2014 година). Кредитниот ризик главно е концентриран кај претпријатијата. Во 2015 година се забележува значително забавување на годишната стапка на раст на нефункционалните кредити, која на крајот на октомври изнесува 1,6% (наспроти 16,2% во октомври 2014 година). Нефункционалните кредити се покриени во целост со вкупната исправка на вредноста (102,4%), што придонесува за минимизирање на ризикот за сопствените средства на банките од евентуална нивна целосна ненаплатливост. Постои висока концентрација на нефункционалното кредитно портфолио составено од правни лица (коешто доминира во вкупното нефункционално кредитно портфолио) каде педесетте најголеми нефункционални кредити сочинуваат речиси 60% од вкупниот износ нефункционални кредити кон правните лица.

Народната банка постојано го следи движењето на нефункционалните кредити, не само поради опасноста од загрозување на финансиската стабилност на земјата, туку и поради можноста за оштетување на кредитниот канал. Во овој контекст, централната банка презема активности со цел утврдување на причините за високата перзистентност на постоечките нефункционалните кредити, но и причините за појава на нови нефункционални кредити. Во декември 2015 година, НБРМ воведе обрвска за банките да ги отпишуваат оние побарувања кои се целосно (100%) резервирани подолго од две години.

При крајот на 2014 година, Народната банка во соработка со Меѓународната финансиска корпорација организираше работилница за банките која претставуваше можност за размена на искуства и генерално подигнување на свеста за значењето на процесот на изградба на одржлив систем за управување со нефункционалните кредити и разрешување на проблематичните долгови.

Исто така, при крајот на 2014 година, Народната банка изработи анализа за структурата и концентрацијата на нефункционалните кредити. Анализата не воочи регулаторна или даночна пречка за пообемно спроведување отписи на „стари“ нефункционални кредити од страна на банките, вклучително и преземање на активности за реструктурирање на дадените кредити (банките дури имаат можност, како главни доверители на одделни корпоративни клиенти активно да се вклучат во процес на реорганизација на работењето на претпријатието-должник, во случаи на отворање на стечајна постапка). Од друга страна, во услови на слабо развиен и неликвиден

пазар на недвижности и подвижни предмети во Република Македонија, банките не се во можност брзо и лесно да ги продаваат преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, што може да ги одвраќа од активности за преземање имот понуден како обезбедување за ненаплатените побарувања. Во овој контекст, треба да се има предвид дека во изминатиот период се преземаат засилени напори за воспоставување на два нови регистри во рамки на катастарот на Република Македонија – регистар на цени на склучени трансакции со недвижен имот и регистар за проценетата вредност на имотот во Република Македонија. Овие регистри може да бидат од голема корист на банките не само при воспоставувањето нови кредити со клиенти коишто нудат имот како обезбедување, туку и при носењето одлука за присилна наплата на побарување врз основа на активирање на обезбедувањето.

Спроведената анализа утврди и висока концентрација на нефункционалното кредитно портфолио составено од правни лица (коешто доминира во вкупното нефункционално кредитно портфолио) и покажа дека постои простор за реструктурирање на нефункционалните кредити. Навременото и соодветно реструктурирање на кредитите коишто се блиզу до состојба на ненаплатливост е веројатно најдобрата проактивна мерка којашто им стои на располагање на банките за избегнување на нефункционалниот статус на нивните клиенти, секако, доколку се очекува позитивен ефект од реструктурирањето. Во оваа насока, во 2013 година Народната банка донесе нова регулатива за управување со кредитниот ризик, којашто, меѓудругото, ги охрабрува банките за навремено реструктурирање на кредитите, како и за побрза продажба на преземениот имот[32]. Во овој контекст, забележителен е напредок во однос на реструктуирање на кредитите, кои на крајот на јуни 2015 година сочинуваа 28,4% од вкупните нефункционални кредити, наспроти 16% во јуни 2013 година. Анализите покажуваат дека на крајот на 2014 година, половината од реструктуирањата биле успешни.

Понатаму, анализата покажа дека повеќе од половината од износот на нефункционалните кредити се „целосно резервирани“, што ги ограничува негативните ефекти врз капиталот на банките, но е показател за недоволната успешност на банките во разрешувањето на нефункционалните кредити. Доколку се изземат овие кредити, учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити ќе се преполови. Последново дополнително се потврдува со фактот што во структурата на нефункционалното кредитно портфолио се најзастапени кредитите чиј краен рок на достасување е веќе изминат, а кај половината од нефункционалните кредити, клиентите доцнат повеќе од две години во отплаќањето на обврските (од нив, кај половина се забележува доцнење во исплатата на обврските, подолго од четири години), што претставува показател за релативно долгиот временски период во кој нефункционалните кредити се задржуваат во портфолијата на банките.

На почетокот од 2015 година, НБРМ спроведе анкета меѓу банките за активностите и мерките коишто ги преземаат во врска со управувањето со кредитната изложеност којашто има нефункционален статус и за причините поради кои не се решаваат за отпис на побарувањата иако тие подолго време се ненаплатливи и дури и целосно резервирани во нивните биланси. Генерално, банките наведоа листа на вообичаени активности и мерки коишто ги преземаат за управување со нефункционалните кредити (засилени лични контакти со клиентите, прилагодување на кредитните услови на моменталните финансиски тешкотии, итн.), а отписот на побарувања не го користат с□ додека постои и најмала веројатност за наплата, односно с□ додека не ги исцрпат сите правни можности за наплата на нефункционалното побарување. Во овој контекст, постоењето на инструменти за обезбедување за нефункционалното побарување најчесто се смета како причина којашто ги одвраќа банките од спроведување побрзо и пообемно отпишување на побарувањата. Имено, повеќе од 85% од нефункционалните побарувања се обезбедени со некој инструмент за обезбедување, а од нив, дури 60% се покриени со станбен простор за живеење и издавање за живеење и/или деловен простор.

Профитабилност. Во првите десет месеци од 2015 година, банкарскиот систем оствари добивка во висина од 4,3 милијарди денари којашто е за 54% повисока во споредба со истиот период од 2014 година. Зголемената добивка се одрази врз подобрување на показателите за профитабилноста, при што РОА и РОЕ изнесуваат 1,3% и 11,7%, соодветно (октомври 2015).

---

[32] Споменатата регулатива се воведе минимален процент на исправка на вредноста и посебната резерва доколку одредено побарување добие нефункционален статус, што е мотив за банките да преземат активности за реструктурирање на кредитите пред тие да „стекнат“ нефункционален статус.

Солвентност. Солвентноста на банкарскиот систем е висока и стабилна, при што заклучно со септември 2015 година, стапката на адекватност на капиталот изнесува 16,2%, што е двојно повеќе од законскиот минимум од 8,0%. Стапката Тиер 1 изнесува 14,6%. Со тестовите на сензитивност кои се спроведуваат на редовна квартална основа, се потврдува релативно високата отпорност на банкарскиот систем на симулирани, хипотетички шокови. Симулациите покажуваат дека само при исклучително висок раст на нефункционалните кредити на нефинансиски субјекти (повеќе од дваесет пати повисока стапка од стапката на раст на нефункционалните кредити која ја остварил банкарскиот систем или при речиси двојно поголемо учество на нефункционалните во вкупните кредити), адекватноста на капиталот на банкарскиот систем би се спуштила на 8%.

Ликвидност. Ликвидноста на банкарскиот систем е на задоволително ниво. На крајот на октомври 2015 година, една третина од активата е ликвидна актива која покрива 57,5% од вкупните краткорочни обврски и 60,6% од вкупните депозити на домаќинствата.

**Осигурување**

На пазарот на осигурување активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Бројот на друштва за застапување во осигурување во 2К 2015 година во споредба со претходниот период се зголеми за 1 (деловна банка која врши работи на застапување) со што вкупниот број на друштва за застапување изнесува 14, бројот на осигурително брокерските друштва е 30 и во споредба со претходниот период нема промена.

Во 2К 2015 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 4,31 милијарди денари, што претставува раст од 8,36% во однос на БПП остварена во 2К 2014 година (2К2014: 3,97 милијарди денари). Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето (живот и неживот). Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 48,82%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се ОБД со 58,98%, а додека пак кај неживотното осигурување најзначаен канал е директната продажба со 52,61%.

На крајот на 2К 2015 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,21 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,15 милијарди денари (кај неживотното осигурување 992 милиони денари, а кај осигурувањето на живот 152 милион денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,5 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во истиот период во доменот на лиценцирање, Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) издаде 1 дозвола за вршење осигурително брокерски работи, 2 дозволи за вршење работи на застапување во осигурувањето, 3 дозволи за воведување на нова класа на осигурување, 11 согласности за измена на статут, 5 согласности за именување на членови на орган на управување, 10 согласности за именување на друштво за ревизија, 1 согласност за стекнување квалификувано учество во осигурително брокерско друштво и 1 согласност за вршење работи на застапување во осигурување од страна на банка.

**Капитално финансирано пензиско осигурување**

Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување го сочинуваат две пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Средствата на пензиските фондови се одвоени од средствата на друштвата и се чуваат во овластени банки како чувари на имот. Контрола на работењето на овие субјекти врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), која истовремено го регулира со подзаконски акти вториот и третиот столб и предлага законски измени.

Имајќи предвид дека реформи во финансискиот сектор не можат да се направат без зајакнување на супервизорските капацитети МАПАС постојано инвестира во зајакнување на своите човечките и материјалните капацитети. МАПАС, како супервизор и регулатор на капитално финансирано пензиско осигурување и членка на ИОПС (Меѓународна организација на пензиски супервизори), постојано го зајакнува нејзиниот капацитет и улога и препорачува и презема мерки со цел заштита на интересите на пензиските фондови.

Во овој период од страна на МАПАС се извршен планираните теренски контроли врз основа на супервизија врз основа на оценка на ризик на пензиските фондови и на пензиските друштва што управуваат со истите. Со цел насочување на ресурсите на МАПАС кон супервизија врз основа на оценка на ризик преку активностите на Комитетот за оценка на ризик МАПАС на редовна основа ги разгледува сите потенцијатални ризици во капитално финансираниот пензиски систем и предлага можни контролни механизми.

Заради зајакнување на супервизорските капацитети, вработените на Агецнијата ги користат можностите од секоја организирана обука во земјата или странство. Заради зајакнување на супервизорските капацитет,и МАПАС изврши ревидирање на некои процеси поврзани со контрола на квалитетот и веќе активно работи на систем за управување со информациска сигурност. По спроведените контроли од сертфикациски куќи се очекува обнова на сертификатот ИСО9001 и добивање на сертификат ИСО27001.
Континуиран приоритет на МАПАС е поврзан со активностите за едукација на јавноста во врска со капитално финансирано пензиско осигурување, па како самостојно така и во тесна соработка со институциите во системот и другите супервизорски финансиски тела тие активности ги спровердува и на терен преку различни проекти.

**Пазар на капитал**
Во периодот јануари-септември 2015 година на примарниот пазар на капитал во Република Македонија се издадоа вкупно 72.500 нови обични акции во вкупна вредност од 8.615.805 денари, односно 140.000 евра, и тоа од страна на двајца издавачи. И двете емисии се реализирани по пат на приватна понуда за однапред познат купувач.
На крајот од наведениот период, една банка започна со реализација на јавна понуда за продажба на сопствени акции, и тоа во вкупна вредност од 25.960.000 денари, односно околу 420.065 евра.
Заклучно со септември 2015 година на секундарниот пазар на капитал во Република Македонија функционираа вкупно 10 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 6 брокерски куќи и 4 овластени банки за работа со хартии од вредност.
Во периодот од јануари-септември 2015 година, вкупниот промет (класично тргување на акции и обврзници и блок транскации) остварен на Македонската Берза изнесуваше 1.533.100.785 денари, односно околу 24,81 милион евра.
Бројот на котирани компании на официјалниот пазар на Македонската Берза до крајот на септември 2015 година изнесува 114 и нивната вкупна пазарна капитализација на 30 септември 2015 година изнесувала 94.518.017.780 денари или околу 1,53 милијарди евра. Берзанскиот индекс МБИ10 на 30.09.2015 година изнесувал 1.704,46 индексни поени.
Бројот на АД-а со посебни обврски за известување што се водат во Регистарот на КХВРМ заклучно со 30 септември 2015 година изнесува 17.
Во наведениот период на пазарот на капитал во Република Македонија функционираа 5 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 13 отворени инвестициски фондови. На 30.09.2015 година нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови изнесувала вкупно 2.724.141.701 денар или околу 44,080 милиони евра.

**Лизинг**
На 30.09.2015 година на пазарот на финансиски лизинг во Република Македонија активно работат 8 лизинг друштва, што претставува непроменета состојба во однос на 2014 година. Во сопственичката структура на лизинг-секторот доминантно учество од 97,94% има странскиот капитал. Најголемиот дел од странскиот капитал, односно 94,8%, е во сопственост на странски банки и финансиски институции, додека остатокот е во сопственост на странски нефинансиски правни лица. На 30 септември 2015 година, средствата на секторот лизинг изнесуваа 3.937,7 милиони денари, или намалување од 29,2% во однос на 30 септември 2014 година.Лизинг друштвата во првите три квартали на 2015 година остварија загуба од 93,2 милиони денари, за разлика од истиот период од претходната година кога остварија добивка од 26,9 милиони денари. Бројот на ново склучени договори заклучно со 30 септември 2015 година, изнесува 686 што претставува намалување од 11,9% во однос на истиот период од 2014 година. Вредноста на склучените договори, во овој период, изнесува 758,4 милиони денари или намалување од 9,1% во однос на истиот период од 2014 година. Правните лица ја задржаа главната позиција во структурата на новосклучените договори со 61,5%. Просечната каматна стапка на новосклучени договори во 2015 година изнесува 8,24% што претставува намалување од 0,28пп во однос на истиот период лани, кога истата изнесуваше 8,52%.

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

### 1. Доволно количество човечки капитал

**Бирото за развој на образованието ги реализираше следниве активности:**

- Во месец ноември, исто како и во месецот октомври, советниците од Бирото за развој на образованието вршат советодавно-стручни посети (увиди) во основните и средните училишта во Република Македонија. На крајот од 2015 година официјално ќе се направи наративен и сумарен извештај за извршените увиди во училиштата и ќе се излезе со официјална информација.
- Примена на дигитални содржини во наставата во основното и средното образование (согласно претходно утврдените активности за дигиталните содржини, сихронизирани се 5 дигитални содржини по социологија и по хемија во соработка со МРТВ кои како ќе бидат достапни за наставниците на однапред определена веб страница, а во тек се преводите и понатамошно синхронизирање на другите одбрани дигитални содржини).
- Изготвено е истражување за имплементација на новите адаптирани наставни програми за децата со посебни потреби во основното образование.
- Унапредување на вonнаставните активности во основните училишта и позитивната улога на ваквиот вид на активности во основното образование – (обработка на пополнетите анкетни прашалници од основните училишта, подготовка за истражување преку формирање на фокус групи во некои од основните училишта, комплетно изготвена е компаративна анализа за позитивните искуства од други држави и сумирање на податоците (континуирано до крајот на годината);
- Со цел модернизација на 2 и 3 годишното стручно образование и поддршка системот за образование на возрасни во 2016 година ќе започне со реализација ИПА проектот: Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручното образование и обука и образование на возрасните. Планирана е реализација на Набавка на наставна опрема за реформираните наставни планови и програми за 2 и 3 годишното (поврзување на две набавки во една) под ИПА 4 Компонента
- Исто така, со поддршка на проектот за развој на вештини и унапредување на иновативна дејност започнува процесот на модернизација на техничкото стручно образование согласно потребите на пазарот на труд. Преку проектот ќе се обезбеди техничка помош во процесот на реформирање и модернизација на четиригодишното техничко стручно образование и изработка на нови наставни програми.
- Воедно, на почетокот на 2016 година се планира започнување на имплементација на програмата за доделување на грантови за средните стручни училишта со бизнис секторот. Во моментов во тек е изработка на прирачникот за доделување на грантови. Се очекува првиот јавен повик да биде објавен на почетокот на 2016 година.

### Високо образование

МОН е вклучен во работната група за изготвување на Националниот Акциски план за вработување на млади 2020 година. Процесот на подготовка на НАП за вработување на млади до 2020 година е поддржан од страна на Меѓународната организација на трудот, во рамките на Програмата за пристојна работа 2018-2020 година, кој има за цел создавање на политики за зголемување на работни места, намалување на неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката на вештини, квалитет на образование и интеграција на пазарот на трудот.

Формирањето на Одбор за соработка и доверба со јавноста на факултетите е уредено со Член 67 од Законот за високо образование[33]„Одборите се формираат со цел остварување на соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно- истражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес. Составот и начинот на предлагање на неговите членови се определува со

[33] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015 и 154/2015

правилникот на факултетот, односно високата стручна школа. Сите факултети во својот склоп веќе имаат формирано одбори за соработка и доверба со јавност.

Согласно член 45 од Законот за високо образование[34], Универзитетот основа најмалку еден центар за кариера. Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни) и организира саеми за кариера на секој факултет/универзитет каде што има центар за кариера. Центрите за кариера се формираат заради организирање на практична настава за студентите за подготовка на стручен кадар кој ќе применува современи иновативни техники и технологии во наставата. Центрите за кариера се состојат од профил на советници кои имаат познавања од областа на образованието. Центрите за кариера имаат обврска да формираат работни групи (од претставници од технички факултети и стопански комори) и да организираат месечни средби со присуство и на претставници од Агенцијата за СДИ за потребите од кадар на пазарот на трудот и намалување на јазот меѓу побарувачката и понудувачката на работна сила.

**Центар за образование на возрасни**

Верификација на програми за неформално образование:
Верификувани се 153 програми и 47 институции. Во соработка со УНДП изготвена е Концепција за основно образование на возрасните. Во тек е избор на експерт кој што ќе даде поддршка за реализација на предвидените активности. Во соработка со ЕТФ изготвена е Концепција за неформално образование и информално учење на возрасните во РМ. Како резултат на Концепцијата, во ноември започна изработувањето на системот за валидација на неформалното и информалното учење, повторно во соработка со ЕТФ. До крајот на годината ќе започне да се имплементира ИПА проектот Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручното образование и обука и образование на возрасните. Во ноември ЦОВ започна со реализација на Еразмус+ проектот Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните. Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на која ЦОВ ќе овозможи образование на возрасните.

**Стручно образование и обука**

До крајот на годината ќе започне да се имплементира ИПА проектот од IV Компонента "Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручното образование и обука и образование на возрасните"

**Опсерваторија на вештини**

Опсерваторија на вештини (ОВ), претставува веб платформа со цел обезбедување на информации во однос на програмите кои ги нудат високото и средното стручно образование, како и образованието за возрасни. Опсерваторијата на вештини претставува менаџмент информациона алатка која ја адресира динамиката на условите на пазарот на труд и понудата на обука .Преку Опсерваторијата на вештини, Министерството за образование и наука ќе врши анализа на адекватноста на вештините со кои располагаат учениците од средното стручно образование во корелација со потребите на пазарот на труд со цел континуирано подобрување на наставните програми во согласност со барањата на работодавачите. Исто така, Опсерваторијата ќе нуди информации за вработливоста на одредени струки, очекуваното време на чекање на работа и нивото на примања по образовен профил и слично, што во голем дел ќе им помогне на идните средношколци и нивните родители при донесување на одлука за запишување во одредено средно стручно училиште.
*За повеќе информации за Опсерваторијата на вештини видете во Анекс II Економски критериуми.*

**Национална рамка за квалификации**

Во рамките на имплементација на Националната рамка за квалификации фокусот ќе биде насочен кон телата за развој на квалификациите и нивното одбрување, подигање на свеста за Националната рамка на квалификации како инструмент за комуникација со сите заинтересирани страни и инструмент за реформи на образованието и обуката, вклучување на постоечките квалификации и развивање на нови квалификации и редизајнирање на наставните и студиските програми.

[34] „Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015 и 20/2015.

## 2. Доволно количество на физички капитал

**Инвестиции во основни средства во Република Македонија.** Според последните податоци на Државниот завод за статистика, вредноста на инвестициите во основни средства во Република Македонија во 2014 година изнесува 123 милијарди денари. Инвестициите во основни средства во 2014 година се повисоки за 3,5% споредено со 2013 година на номинална основа. Во техничката структурата на инвестициите во основни средства во 2014 година, градежните работи учествуваат со 62,7%, а машините и опремата со 30,6%. Најголема вредност на инвестициите во основни средства во 2014 година е реализирана во следните сектори: Градежништво (37,8%), Индустрија (23,5%) и Трговија, транспорт и угостителство (13,5%). Гледано според обликот на сопственоста, инвестициите во основни средства во државна сопственост во 2014 година имаат учество од 27,3% во вкупните инвестиции во основни средства.

**Табела 1. Инвестиции во основни средства по тековни цени (во милиони денари)**

| | **2012** | **2013** | **2014** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 109071 | 119003 | 123115 |
| Култивирани средства | 650 | 619 | 713 |
| Машини и опрема | 32498 | 36912 | 37681 |
| транспортни средства | 7303 | 5979 | 7350 |
| Градежни работи | 70618 | 74592 | 77164 |
| градежни работи - станбена изградба | 28245 | 27318 | 27271 |
| останати градежни работи | 42373 | 47274 | 49893 |
| Други производи | 5305 | 6880 | 7557 |

Извор: Државен завод за статистика

**Странски директни инвестиции**. Во периодот јануари - август 2015 година се регистрирани нето приливи врз основа на странски директни инвестиции од 155 милиони евра, што е за 17,2% повеќе во однос на нивното ниво во истиот период претходната година. Анализата на странските директни инвестиции по дејности во првото полугодие од 2015 година покажува дека околу 80% од вкупниот прилив се однесува на индустрискиот сектор, посебно во рударството и преработувачката индустрија.

**Капитални расходи во 2016 година.** Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 25.578 милиони денари (зголемени за 15% во однос на 2015 година) и имаат приоритетно значење во креирањето на фискалната политика обезбедуваат подобрување на економските перформанси и подобар и поквалитетен живот на граѓаните.

Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Во текот на 2016 година планирано е:

Капитални расходи за патната и железничка инфраструктура во износ од 4.783 милиони денари. Во овие рамки предвидена е реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната делница на Коридор X. Проектот се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување од ЕБОР и ЕИБ и средства од ИПА фондовите. За модернизирање на постојната железничката инфраструктура ќе продолжи реконструкцијата на железничката пруга на Коридор X финансирана со заем од ЕБОР, при што во рамките на овој проект се врши ремонт на последната делница предвидена со Проектот. Со овие активности ќе се подобри протокот на патници и стоки на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај. Во текот на 2016 година предвидени се средства за реализација на прва и втора фаза од проектот за изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката

пруга- Коридор VIII- делница Куманово- Бељаковце- Крива Паланка, финансирана од ЕБОР. Во рамките на проектот предвидени се активности за подобрување на технички карактеристики на пругата, изградба и рехабилитација на мостови, железнички станици, стојалишта, подвозници и надвозници.

Вложување во енергетската и комунална инфраструктура за што се проектирани капитални инвестиции во износ од 4.008 милиони денари. Предвидено е завршување на активностите околу изградбата на Националниот гасоводен систем кој ќе се финансира со средства од обврските на Руската Федерација кон Република Македонија, како и со заем од Дојче банка и Ерсте груп банка. Ќе продолжи со интензивирана динамика изградбата на водоводните и канализационите системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од кредитни линии од ЕИБ и КФВ банката, како и преку Проектот за подобрување на општински услуги.

Уредување на технолошко индустриските развојни зони преку изградба на потребната инфраструктура и објекти, како и вршење на потребните геомеханички истражни работи. За оваа намена во Буџетот за 2016 година планирани се 554 милиони денари.

За здравствениот сектор планирани се инвестиции во износ од 1.599 милиони денари наменети за проектот за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, финансиран од буџетски средства и кредит од Банката за развој при Советот на Европа, за набавка на медицинска опрема, како и за довршување на изградбата на ПЕТ Центар. Во 2016 година ќе се интензивира имплементацијата на Проектот за изградба, реконструкција и доградба на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје и Регионалната Клиничка болница во Штип финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.

За образованието, детската заштита и спортот проектирани се капиталните инвестиции во износ од 2.544 милиони денари, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите, набавка на современа лабараториска опрема и инвестиции во спортска инфраструктура. Во наредниот период ќе продолжи Проектот за условени парични трансфери во чии рамки е вклучена и реконструкцијата на Центрите за социјална работа, како и Проектот за развој на вештини и иновации финансиран со заем од Светска банка, со кој меѓудругото се поддржува работата на Фондот за иновации и технолошки развој.

Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвиден е зголемен обем на капитални инвестиции во износ од 2.066 милиони денари, кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, нивно преструктуирање и надградба со цел побрзо исполнување на стандардите на ЕУ.

Со цел намалување на трошоците на производството и поттикнување на индустријализација во повеќе сектори, неопходно е подобрување на локалната транспортна инфраструктура и обезбедување на поврзаност помеѓу регионите. Во Македонија во тек се инвестиции и на главните коридори 10 и 8, а инвестициските активности се интензивирани особено со зголемување на инвестициите во железничката инфраструктура со цел овозможување на поголемите компании да може да се потпрат на оваа инфраструктура. Овие инвестиции краткорочно ќе го стимулираат растот и ќе водат кон долгорочно самофинансирање како резултат на дополнителни даночни приходи. Инвестициските приоритети во транспортната инфраструктура се во согласност со повеќегодишниот план на Транспортната обзерваторија на Југоисточна Европа, Националната транспортна стратегија 2007-2017, како и Програмата за економски реформи (ЕРП) 2015-2017. Истите се дел и од единствената листа на проекти во делот на транспортната инфраструктура, одобрена од Националниот комитет за инвестиции.

### 3. Секторска структура и структура на претпријатија

Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) се доминантен тип на претпријатија во економијата на Република Македонија. Во 2013 година нивниот број изнесува 60.579 и бележи мал пад (0,32 %) во однос на 2012 година кога нивниот број изнесувал 60.774. Забележано е значително зголемување на бројот на големи претпријатија за 104,2 % во однос на 2012 година. МСП претставуваат 99,28% од вкупниот број на постојни претпријатија, со што се потврдуваат за важни учесници во економијата како целина и важни креатори на општествениот производ.

| Табела- Број на активни претпријатија по големина | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активни претпријатија** | **Број** | | | | **Учество во (%)** | | | |
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Микро | 44824 | 42214 | 43270 | 42529 | 72.52 | 71.10 | 71.20 | 70.20 |
| Мали | 16248 | 16345 | 16629 | 17017 | 26.29 | 27.53 | 27.36 | 28.09 |
| Средни | 557 | 604 | 660 | 594 | 0.90 | 1.02 | 1.09 | 0.98 |
| Големи | 182 | 212 | 215 | 439 | 0.29 | 0.36 | 0.35 | 0.72 |
| **Вкупно** | **61811** | **59375** | **60774** | **60579** | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

*Извор: Централен регистар на Република Македонија*

Растечкиот број на ММСП го апсорбира најголемиот дел од работната сила, придонесувајќи за намалување на невработеноста. Од вкупниот број на вработени, 76,95% се ангажирани во микро, мали и средни претпријатија. Во 2013 година забележано е зголемување на бројот на вработени во микро и малите а намалување на нивниот број кај средните претпријатија во однос на 2012 година.

| Табела -Број на вработени во микро, мали, средни и големи претпријатија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претпријатија** | **Број на вработени** | | | | **Учество во (%)** | | | |
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Микро | 66981 | 69752 | 71625 | 71712 | 19.42 | 19.75 | 19.88 | 19.08 |
| Мали | 145667 | 150093 | 153808 | 163552 | 42.23 | 42.49 | 42.69 | 43.52 |
| Средни | 64069 | 61085 | 62966 | 53923 | 18.57 | 17.29 | 17.48 | 14.35 |
| Големи | 68245 | 72284 | 71872 | 86620 | 19.78 | 20.46 | 19.95 | 23.05 |
| **Вкупно** | **344962** | **353214** | **360271** | **375807** | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

*Извор: Централен регистар на Република Македонија*

Бруто додадената вредност кај малите претпријатија и нејзиното учество во БДП е најголемо во 2010 година со 48,0%, додека кај средните претпријатија, бруто додадената вредност е најголема во 2012 година, со учество во БДП од 17,4%. Најпозитивен тренд е забележан кај големите претпријатија, со континуиран раст на бруто додадената вредност во последните три години. Бруто додадената вредност на овие претпријатија е најголема во 2013 година, а нејзиното учествува во БДП изнесува 37.7

| **Табела- Бруто додадена вредност според големината на деловните субјекти и учество во БДП** | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (Основни цени , милиони денари) | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Бруто додадена вредност** | | | | | | | **Учество во ( % )** | | | | | | |
| | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| **Мали претпријатија** | 170,757 | 189,764 | 190,064 | 209,711 | 208,710 | 152,491 | 168,414 | 45.8 | 45.7 | 45.8 | 48.0 | 45.0 | 32.7 | 33.6 |
| **Средни претпријатија** | 45,508 | 50,574 | 56,398 | 55,675 | 62,560 | 81,313 | 78,959 | 12.2 | 12.2 | 13.6 | 12.7 | 13.5 | 17.4 | 15.7 |
| **Големи претпријатија** | 105,113 | 116,812 | 111,907 | 111,815 | 128,106 | 169,880 | 189,333 | 28.2 | 28.2 | 27.0 | 25.6 | 27.6 | 36.4 | 37.7 |
| **Нето даноци** | 51,511 | 57,740 | 56,253 | 60,095 | 64,811 | 63,019 | 65,185 | 13.8 | 13.9 | 13.6 | 13.7 | 14.0 | 13.5 | 13.0 |
| **БДП** | **372,889** | **414,890** | **414,622** | **437,296** | **464,187** | **466,703** | **501,891** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика*

*Ревидирани податоци ЕСС 2010*

## 4. Влијание на државата врз конкурентноста

**Зајакнување на конкурентноста и поддршка на малите и средни претпријатија**

Со носењето на неколку нови стратешки документи за конкурентност и развој на МСП ќе се прошири основата за предлагање нови мерки и инструменти за поддршка на претпријатијата. Во 2016 Владата треба да усвои нова Стратегија за конкурентност, Стратегија за МСП, Стратегија за женско претприемништво, а се очекува продолжување на имплементацијата на мерки од Индустриската политика на РМ, Страгија за иновации и сл.

Исто така, инструментите на индустриската политика ќе се реализираат преку годишни владини програми. Министерството за економија и следната година ќе ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво со мерки за поддршка на МСП, имплементација на индустриска политика и поддршка на кластери. Мерките ќе обезбедат кофинасирање на трошоци на фирмите за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, развој на инфраструктурата за МСП, женско претприемништво, а во делот на кластерите ќе се организира Балканска Конференција за кластерите, за размена на искуства, добри практики, вмрежување и интернационализација на кластерските здруженија.

Во 2016 година активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништво на РМ (АППРМ) ќе бидат насочени кон организација на обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти и жените претприемачи, подготовка на бизнис план и обуки за наставници, професори и студенти за претприемништво. Исто така, ќе бидат реализирани и работилници за промоција на претприемачкото образование кај младите луѓе, менторство, а во рамки на редовни програмски активности и во 2016 година ќе биде оддржана реализацијата на Европската недела на МСП и подготовката на годишен извештај – Опсерваторија за МСП за 2015 година.

**МСП и пристап до финансии**

Од аспект на пристапот до финансии, преку МСП досега успешно и целосно се реализирани. Финансиските договори за заем меѓу ЕИБ и Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР), наменети за кредитна поддршка на МСП и приоритетни проекти и тоа прва фаза во износ од 100 мил. евра, втора фаза во износ од 50 мил. евра и трета фаза во износ од 100 мил. евра. Во тек е реализација на четврта фаза од проектот во вкупен износ од 100 мил.евра. Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2016 година се:

- дореализација на кредитната линија од ЕИБ– четврта фаза;
- засилено промовирање на осигурувањето на побарувањата од домашните и странските компании;
- засилено промовирање на факторингот, особено во однос на извозните побарувањата кои се осигурени во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите;

Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) е поттикнување и поддршка на иновациска дејност и развој на технологии кај микро, мали и средни, ново-основани претпријатија кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентноста. Приоритети и цели на ФИТР се:

- подобрен е пристапот до финансиските услуги за иновации и технолошки развој, и
- промовирана и поттикната е иновациската дејност

Фондот доделува средства за финансирање проекти за поттикнување на иновативноста преку четири инструменти:

- Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт-ап и спин-оф
- Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации
- Кофинансирани грантови за трансфер на технологии
- Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори

Финансиската помош која е доделена за инструментите на Фондот е постигната со договор за заем со Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) во износ од 9 милиони евра во рамките на периодот за спроведување 2015-2019.

Во текот на 2014 година Фондот ја постави својата институционална инфраструктура вклучувајќи воспоставување на канцеларии, регрутирање на вработени и градење на капацитети. Комитетот за одобрување на инвестиции, составен од 5 надворешни експерти, е исто така основан за оценување на предлог-проектите. Фондот ги има развиено и сите потребни интерни акти вклучувајќи правила и процедури за оперативни активности во рамките на финансиските инструменти.

Под првиот отворен повик за првиот инструмент објавен во февруари 2015 им беа доделени финансиски средства на вкупно 16 корисници. Вториот повик за I, II и III инструмент е објавен во септември 2015, кога Фондот доби вкупно 92 апликации во рамките на крајниот рок. Во согласност со одвоените финансиски средства за овој повик, до крајот на годината Фондот би можел да финансира околу 18 нови проекти.

Со цел јакнење на капацитетите на приватниот сектор во областа на иновациите и технолошкиот развој, како и промоција на можностите за финансирање под инструментите Фондот континуирано одржување инфо настани и обуки за потенцијалните апликанти (претприемачи, претставници на МСП, претставници на академскиот сектор, иноватори и др.) и корисниците на средствата на Фондот.

Имајќи предвид дека пристапот до финансии останува висок приоритет за поддршка на малите и средни претпријатија, со цел да се надомести јазот што постои при финансирање на претприемачките идеи од страна на традиционалните извори на финансирање, планирано е да се развие концепт за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал или носење на посебен закон за деловни ангели.

Со цел воспоставување правна и организациска рамка за бизнис ангели во земјата, во рамки на ИПА 2014-2020, во програмата за 2016 година, за Секторот конкурентност и иновации, предвидена е техничка и финансиска поддршка за реализација на оваа мерка, односно за поддршка за унапредување на регулативата и институционалната организираност со цел воведување финансиски инструменти за пристап до капитал во рана фаза на развој на МСП, како и спроведување на програмата за развој на МСП, вклучувајќи бизнис ангели.

При реализација на оваа мерка во следниот среднорочен период ќе се имаат во предвид следните активности како клучни при воспоставување на инвестициски систем: формирање на сигурен инвестициски систем каде што ангел инвеститорите и претприемачите ќе може да се состанат и да преговараат, промовирање на концептот на деловните ангели и едукација на јавноста, поттикнување на инвестициската активност на деловните ангели, како на пример преку воведување на различни форми на даночни олеснувања за нивните инвестиции, воспоставување на успешни мрежи на деловни ангели, развивање на ко-инвестициски фондови со инвеститори-деловни ангели со цел да се намали ризикот на инвестицијата, донесување на посебен Закон за деловни ангели и сл.

**Хоризонтални мерки за подобрување на конкурентноста и унапредување на бизнис климата**
Во март 2015 година, на предлог на **Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК)** Владата го усвои **Вториот пакет мерки за подобрување на конкурентноста на Република Македонија**. Пакетот содржи 32 мерки во 9 области за унапредување на пристапот до финансии, ликвидноста, продуктивноста, вештините и образованието на вработените, транспортот, регулативата и бизнис опкружувањето, како и иновациите и технолошкиот развој на македонските компании. Реализацијата на мерките е започната и во 2016 година ќе продолжи да се следи преку заедничка соработка и промовирање на одржлив трипартитен дијалог помеѓу бизнис заедницата, академската заедница и Владата во процесот на креирање и спроведување на политики. Во септември 2016 година Светскиот економски форум го објави Извештајот за глобална конкурентност за 2015-2016 година во кој Република Македонија се искачува на 60-тото место, подобрувајќи го рангирањето за 3 места во споредба со минатата година или за вкупно 20 места споредбено со 2012 година.

Со цел обезбедување конкурентна функционална пазарна економија започна постапка за реализација на проекти финансирани во рамки на ИПА компонента 1-ТАИБ, Секторско фише за Развој на приватен сектор, каде во 2016 година ќе се реализираат проекти преку кои се опфатени активности за поддршка за унапредување на конкурентноста на македонските компании, формирање акцелератори и поддршка на start-up компании во рамките на акцелераторите, поддршка на женско претприемништво и претприемништво кај младите со цел намалување на

невработеноста на овие категории. Преку овие активности се адресира препораката од последниот Извештај на европската Комисија за продолжување со структурни реформи за подобрување на бизнис- климата.

**Развој на локална и регионална конкурентност во сферата на туризмот**. Во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за периодот 2014-2020 година, во секторот Конкурентност и Иновации, во 2016 ќе започне реализација на активности опфатени во Акциски документ за Локална и регионална конкурентност со посебен осврт на проекти од областа на туризмот. Оваа програма вклучува реализација на видливи проекти со високо ниво на влијание врз развојот и унапредувањето на туризмот, како што се: изградба и реконструкција на локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и унапредување на туристичката понуда, промоција на македонските туристички дестинации и културно наследство, градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги и сл.

**Бизнис акцелератори.** Со цел да се воспостави одржлив механизам за поддршка на иновациите и иновативноста на компаниите во зачеток особено оние од сферата на високата технологија како предуслов за нивен развој и развој на економијата во целина, започнати се активности во насока на воспоставувањето на инфраструктура за иницирање на бизнис акцелератори во рамките на универзитетите, кои ќе продолжат и во 2016 година. Оваа мерка е во насока на остварување на стратешкиот приоритет на Владата: Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење, а главните цели кои ќе се постигнат со истата се: подобрена конкурентност на македонските компании на пазарот во земјата и странство; воведување на нови достапни и флексибилни финансиски инструменти за МСП во зачеток или на почетокот на нивното постоење; трансфер на знаења и можности за компаниите во зачеток на организиран и институционализиран начин. За оваа мерка се предвидени финансиски средства преку програмскиот процес за ИПА компонента 1- ТАИБ за 2012-2013 година, во секторското фише за Развој на приватен сектор.

**Учество во регионалниот проект "Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан".** Во 2013 година започна со работа регионалниот проект "Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан", поддржан од ЕК, ЕБОР и Европскиот инвестициски фонд, а во кој учествува и Република Македонија. Досега активни се три од четирите компоненти на Платформата и тоа: Фондот за експанзија, Гарантниот фонд и Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ). Преку трите компоненти од овој проект, Фондот за експанзија, Гарантниот фонд и Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ) се обезбедуваат преку 140 милиони евра поддршка за компаниите од регионот кои се фокусирани кон иновациите. Четвртата компонента е техничка помош која треба да помогне за подобро искористување на средствата.

**Учиме од бизнис – заедницата.** Во насока на унапредување на дијалогот со бизнис – заедницата, Владата го започна петтиот циклус на посети на компании во рамки на проектот "Учиме од бизнис – заедницата". Проектот предвидува директна посета на компании низ целата територија на земјата од страна на стручни владини тимови, со цел да се идентификуваат главните проблеми со кои се соочуваат компаниите при своето работење, како и да се предложат иницијативи од страна на самата бизнис заедница во насока на понатамошно унапредување на деловното окружување, како еден од главните приоритети во спроведувањето на економските политики на Владата на Република Македонија. Согласно утврдената динамика во Акцискиот план, посетите на компаниите се предвидени да се реализираат во првиот квартал од 2016 година, после што ќе следи селекција на прифатливите барања и иницијативи и креирање на мерки во насока на нивна реализација.

**Едношалтерски систем за бизнис лиценци и дозволи**. Во 2015 година започна постапка за изработка на софтвер и подготовка на техничка спецификација за набавка на хардвер за воспоставување едношалтерски систем, со поддршка од ИПА (Компонента 1- ТАИБ 2012-2013), а преку ангажирање на соодветна експертска помош. Во 2016 и 2017 година предвидено е да се спроведе постапка за набавка на договор за услуги за подготовка на софтвер и набавка на потребниот хардвер, негово тестирање и ставање во функција. На почетокот овој систем ќе биде имплементиран во институциите кои издаваат најголем број дозволи и лиценци, односно имаат најголем опфат по однос на бизнис заедницата. Така ќе се надминат проблемите поврзани со време и трошоци за нивно обезбедување, што е евидентирано од страна на Европската Комисија. Воедно, со овој проект се адресира

препораката од последниот Извештај на европската Комисија за продолжување со структурни реформи за подобрување на бизнис- климата.

**Политика на заштита на конкуренцијата**
Во 2015 година, заклучно со 25.11.2015 година КЗК донесе 11 (единаесет) решенија за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош со кои одобри идно планирано доделување на државна помош.
Во овој период ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и Уредбата за помош од мало значење со учество на сите заинтересирани страни (даватели и примателии на државна помош). Истата ќе има за цел утврдување на евентуален нов праг на помош од мало значење во земјата.

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и обуки. Во 2016 година ќе се реализира напредна обука на вработените во стручната служба на КЗК.

Во овој период до крајот на 2017 година планирано е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на државната помош како и Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за помош од мало значење.

Во периодот 2016-2017 година ќе се продолжи со реализација на обуки на вработените во стручната служба на КЗК и обуки за давателите на државна помош. Се планира реализација на нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности.

**5. Трговска интеграција со ЕУ**

Република Македонија во 2015 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со обврските кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА), Договорот за слободна трговија на земјите од Централна Европа (ЦЕФТА 2006) и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим. Република Македонија го ратификува Протоколот на Спогодбата за олеснување на трговијата со СТО.

Во текот на 2015 година активностите во рамките на ЦЕФТА беа насочени кон реализација на годишната Програма на Република Молдова за претседавање со ЦЕФТА 2006, во која беа вклучени приоритетите и активностите на Столбот за интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020. Главните приоритети во претседавањето со ЦЕФТА 2006 се:

**Создавање на слободна трговска зона –** Во 2015 година продолжија преговорите за натамошна либерализација на трговијата со услугите во ЦЕФТА во секторите: деловни и професионални услуги, туристички услуги, услуги за животна средина , комуникациски услуги, аудиовизуелни и градежни услуги, образовни и здравствени услуги. Се одржаа четири рунди на преговори за склучување на регионален Протокол за трговијата со услуги. Напредокот во процесот на преговорите ќе продолжи во следниот период и треба да резултира со склучување на регионален Протокол за трговија со услуги, до крајот на 2016 година. Регионалниот Протокол ќе овозможи остварување на прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги, во контекст на европската интеграција.

Напоредно со преговорите за либерализација на услугите предвидено е во 2016 година да се преговара и да се склучи Спогодба за признавање на професионалните квалификации со која директно ќе се влијае на олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги, со цел да се редуцира било какво ограничување кое денес постои во регионот при извоз на услуги.

Во рамките на ЦЕФТА отпочннаа преговори за склучување на Договор за олеснување на трговијата, се одржаа 2 рунди на преговори и се очекува преговорите интензивно да продолжат во следниот период и да резултираат со склучување на договорот, до средината на 2016 година. Целта на активноста е директно насочена кон олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги за земјите од регионот. Олеснувањето на трговијата треба

да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот.

**Интегрирање во глобалната економија** - Продолжија активностите за изменување на протоколите за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со цел да се применува идентична дијагонална кумулација за потекло на стоката на земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно на Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Целта е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само према постојните извозни дестинации, туку кон други пазари во рамки на ПЕМ регионот. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.

Република Македонија го ратификува Протоколот за потекло на стоката согласно ЦЕФТА Договорот на 27 август 2014, што значи веќе четири земји од вкупно седум земји на ЦЕФТА (Република Македонија, Република Албанија, Република Србија и Црна Гора) официјално од 12 септември 2014 во меѓусебната трговија го применуваат протоколот за потекло од конвенцијата. Наскоро ќе се потпише и усогласената Одлука помеѓу Република Македонија и Советот за стабилизација и асоцијација меѓу на ЕУ. За следната година останува да се заврши започнатото усогласување на текстот на Одлуката за измена на Протоколот за потекло на стоката од Договорот со ЕФТА и со Република Турција.

**Конкурентна економска средина** – Продолжи да јакне транспрентноста во рамките на програмите на претседавачите преку развивање на концептот на ЦЕФТА менаџмент–информациски систем со што пакетот за транспарентност ќе биде достапен на бизнис секторот.

Во 2015 година за време на молдавското претседавање со ЦЕФТА реализирани се следните активности: Дополнителниот протокол за елиминирање на преостанатите квоти за вино помеѓу Република Македонија и Република Молдавија е потпишан од двете земји и Република Македонија го ратификува во јули 2015 година. Одржани се 1 вонреден состанок на Мешовитиот комитет,1 состанок на Мешовитиот комитет, 2 Стратегиски состаноци, 1 состанок на Надзорниот комитет, 1 состанок на заменици министри, 2 Комитет за трговски олеснувања, 4 Поткомитет за трговијата во услугите, по еден состанок Поткомитетот за царина, Поткомитетот за ТБТи НТБ и Поткомитетот за земјоделие, 1 Работната група за статистиката во трговијата со услугите, 2 РГ за взаемно признавање на професионал квалификации, 2 Работната група за инвестиции, 1 Работната група за ТБТ и др.

Во 2015 г. успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба и се донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба, која е во согласност со Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) број 388/12 на Советот.

**6. Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста**

Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемнитво за 2015 година на Министерството за економија, во делот: Поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија, се финансираа проектите на кластерските здруженија кои опфаќаат активности насочени кон:

- Поддршка на заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите,
- Поддршка за развој на иновативноста и развој на брендирани производи,
- Поддршка на кластерите за секторска извозна промоција,
- Поддршка за организирање тематски саеми и
- Поддршка за развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ-пазарите.

До крајниот термин за аплицирање 15.04.2015 година, 16 кластерски здруженија поднесоа проектни апликации. По евалуацијата на 16-те пристигнати проекти, 12 проекти беа избрани за финансиска поддршка. Во моментов се реализираат планираните активности од проектните апликации.

# 3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на слободно движење на стоки. **Одреден напредок** е постигнат, особено во однос на зајакнувањето на административните капацитети. Сепак, не постои натамошен напредок од минатата година во елиминација на нетарифни пречки во трговијата. Следната година, земјата треба особено:

- да го заврши донесувањето на мерки за отстранување на нетарифните пречки во трговијата;
- уште повеќе да се усогласи со одредбите за прифаќање на сообразност, така што може да се преговара за договор за прифаќање на оценка на сообразност

***Резиме***

*Во 2016 година ќе се транспонираат новите директиви на ЕУ од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, преносилва опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот.*

*Ќе се реализираат останатите 9 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.*

## 3.01.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***Тековна состојба***

Во март 2015 година усвоена е Информација за реализација на мерките за укинување или измена на прописите во кои се содржани мерки со ист ефект во извозот и увозот на стоки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ), за 2014 година. Од 42 правни прописи предложени во Акцискиот план реализирани се 33, или 80%. Останатите 9 прописи се однесуваат на подготовка на еврокодовите и во согласност со динамиката на подготовка ќе бидат завршени во 2016 година.

***Краткорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Ќе се реализираат останатите 9 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.

Ќе продолжи транспонирањето на ЕУ директивите од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, преносилва опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот.

**Имплементација и спроведување**

Процесот на имплементација и спроведување ќе се изведува преку вработувања, обуки, работилници и зајакнување на административните капацитети во Министерството за економија и другите надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на РМ и новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

Ќе продолжи имплементацијата на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот).

***Среднорочни приоритети***

**Законодавна рамка**
Во 2017 година ќе се транспонира Регулативата (ЕУ) бр. 764/2008/ЕЗ за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја-членка на ЕУ.

Доколку се усвои новата Регулатива за безбедност на производи од страна на Советот на ЕУ и Европскиот парламент, Министерството за економија ќе пристапи кон нејзино транспонирање во нов Закон за безбедност на производи, кој ќе се донесе во рок од 1 година од нејзиното усвојување.

**Спроведување**
Процесот на спроведување ќе се изведува преку вработувања, обуки, работилници и зајакнување на административните капацитети во Министерството за економија и другите надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на РМ и новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

### 3.01.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

**СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

***Тековна состојба***

Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) изврши самооценување на своето работење, согласно критериумите утврдени од страна на европските тела за стандардизација – CEN/CENELEC, а се однесуваа на исполнување на условите за полноправно членство, по што е добиена позитивна оцена од Европската комисија и европските тела за стандардизација.

Во мај 2015 година донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формирање и работа на техничките комитети на ИСРМ, заради поефикасно работење на техничките комитети согласно правилата на Европските тела за стандардизација. Извршена е обука на сите членови на техничките комитети за работа во електронската платформа ИСО Ливелинк (ISO Livelink) со што е овозможена електронски заштитена дистрибуција на материјали, како и ефикасно давање на мислења и коментари во однос на стандардизациските проекти од страна на експертите и членките во техничките комитети и работни групи.

ИСРМ континуирано работи на усвојување на европските и меѓународните стандарди и стандардизациски документи како македонски стандарди и стандардизациски документи и нивна нотификација во европските тела за стандардизација. Вкупниот број на досега усвоени европски и меѓународни стандарди и стандардизациски документи усвоени како македонски стандарди и стандардизациски документи и изворни национални стандарди и одобрени коригендуми изнесува 26696, од кои 22181 се европски стандарди и стандардизациски документи, додека 777 се стандарди од областа на телекомуникации ETSI. Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 19100 што е 99% од вкупниот број на европски стандарди.

Сите усвоени европски стандарди се нотифицирани во CEN / CENELEC и ETSI.

Одобрен е превод на македонски јазик на повеќе стандарди од областа на еврокодови, системи и опрема за топлинска заштита и заштита од пожар кај градежни објекти, менаџмент со квалитет и животна средина, гасна техника и опрема, карактеристики на отпад, акредитација и оцена на сообразност, бетон производи од бетон и ѕидарија, и.т.н.

ИСРМ изврши нотификација до европското тело за стандардизација CEN на 5 усвоени изворни национални македонски стандарди.

По доставување на првата ревизија на документите за сертификациското тело од страна на консултантот и нејзина верификација за пуштање во употреба, спроведени се сертификациски проверки на два клиенти (Општина ВЕЛЕС и Македонија Биро) и доделени се сертификати за воведен систем за менаџмент со квалитетот согласно стандардот ИСО 9001:2008. Планирано е завршната проверка да се спроведе на високообразовна институција на која ќе присуствуваат претставници од Институт за акредитација на Република македонија (ИАРМ), врз основа на што сертификациското тело треба да добие акредитација.

Во 2015 година во ИСРМ се реализира едно ново вработување, со што административниот капацитет на ИСРМ изнесува 26 вработени.

ИСРМ е потписник на Рамковен договор за финансиска помош (ФПА) со Европската Комисија за проекти поврзани со стандардизација.

### *Краткорочни приоритети*

**Законодавна рамка**

Во областа на стандардизацијата и сертификација предвидени се следните активности:

- донесување на Статутот на ИСРМ, како и одредени Правилници поврзани со процесот на изработка и усвојување на македонски стандарди и други стандардизациски документи, работа на ТК и РГ и СО, во насока на целосно усогласување со Внатрешните правила на Европските тела за стандардизација; и
- превод на македонски јазик на европски стандарди од директивите од новиот приод;

**Спроведување**

Во 2016 година предвидени се следните активности:

- продолжување на активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација;
- воспоставување на сертификациското тело и вршење на активности за сертификација на системи за менаџмент со квалитет во разни компании;
- одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- издавање на Огласникот за усвоени македонски стандарди;
- воведување на националниот промотивен знак Македонско сонценце;
- реализација на обуки за:
    - правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација;
    - постапките за подготовка, усвојување на европски, меѓународни и македонски стандарди
    - разни стандарди
- промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации за придобивките од употреба на стандарди и зголемување на свесноста на бизнис заедницата и заинтересираните страни;

**Програми и проекти**

- одржување на три работилници за одредени стандарди со поддршка на инструментот ТАИЕКС.

### *Среднорочни приоритети*

**Имплементација и спроведување**

Во областа на стандардизација предвидени се следните активности:

- создавање нови приходи преку сертификација и обуки;
- издавање на сертификати од сертификациското тело на ИСРМ за ИСО 9001; и
- одржување на стабилен и ефикасен систем на стандардизација во согласност со националните интереси на Македонија и европските и меѓународните правила.

**Програми и проекти**

Реализирање на проектот ИПА Компонента 1 – Помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ). Проектот ќе овозможи јакнење на инфраструктурата на ИСРМ и на секторот за сертификација, односно развој на национални стандарди и хармонизација со ЕУ стандардите, јакнење на системот за менаџмент во ИСРМ, набавка на опрема, помош во реализација на обуки за важноста на воспоставување на стандардизација во производството и услугите и обуки за бизнис заедницата.

**АКРЕДИТАЦИЈА**

***Тековна состојба***

Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) во 2015 година ги реализираше сите предвидени краткорочни активности согласно планираното, но и истите ги надогради и дополни со нови.

Бројот на телата за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациски тела, инспекциски тела и медицински лаборатории) во ИАРМ, бележи зголемување во нумерички рамки, во опсегот и областите на акредитација. ИАРМ има акредитирано 172 тела за оцена на сообразност од кои: 11 се лаборатории за калибрација, 57 лаборатории за тестирање, 93 инспекциски тела, 5 сертификациони тела за сертификација на производ, 3 сертификациони тела за сертификација на системи за управување со квалитет. 19 акредитации се повлечени и 4 суспендирани. За доделените сертификати за акредитација ИАРМ врши редовен годишен надзор. Во мај 2015 година во рамките ЕА (Европска соработка за акредитација) официјално се потпиша договорот за одржување на ззаемното признавање на резултатите од акредитација ЕА МЛС (Мултилатерална соработка) проширен за опсегот за акредитација на медицински лаборатории по стандардот МКЦ ЕН ИСО 15189, согласно препораката на оценувачите[2] од Европската организација за акредитација (ЕА). Сертификатот ИЛАК – МРА за акредитација на медицински лаборатории односно сертификат за взаемно признавање на сертификатите за акредитација на медицински лаборатории на ИАРМ е доделен и официјално.

Апликацијата за членство во Меѓународниот акредитациски форум (МАФ) резулзтираше со потпишување на МЛС–МАФ договорот за заемно признавање на сертификатите од телата акредитирани за сертификација на производи, односно полноправно членство во Меѓународниот акредитациски форум (МАФ).

ИАРМ изврши ревизија на сите интерни акти поврзани со тековното усогласување со правилата на европската акредитација и меѓународните организации за акредитација односно трансфер на ИСО стандардите за акредитација на сертификациони тела за сертификација на производи од серија ИСО 45000 во серија ИСО 17000.

***Краткорочни приоритети***

**Имплементација и спроведување**

- Одржување на Договорот за заемно признавање на сертификатите за акредитација (ЕА-МЛС) за областите: тестирање, калибрација, сертификација на производ, инспекција и за медицински лаборатории,
- одржување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација (ИЛАК-МРА) за областите: тестирање, калибрација, инспекција и за медицински лаборатории),
- одржување на членството во Меѓународниот акредитационен форум (МАФ)
- одржување на договорот за взаемно признавање на сертификатите (МЛС-МАФ) за сертификација на производи,
- имплементација на софтверот за водење на постапките за акредитација,
- промоција на системот за акредитација,
- организирање и реализација на обуки за оценувачи, водечки оценувачи, потенцијални клиенти и за нови шеми на акредитација;
- зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување на телата за оцена на сообразност;
- нови вработувања;
- регионална соработката со телата за акредитација;
- организирање промотивни настани, работилници и издавање на публикации;
- одржување и надградба на системот за управување со квалитет како основен предуслов за одржување на важноста на Договорите за заемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација ЕА-МЛС, Меѓународната организација за акредитација на лаборатории ИЛАК-МРА и Меѓународен акредитационен форум МАФ;
- учество во работата на ЕА и ИЛАК и МАФ;
- учество во работата на Комитетите на Европската организација за акредитација (ЕА МАК, Комитет за лаборатории, Комитет за инспекциски тела, Комитет за сертификациски тела, Комитет за хоризонтална хармонизација);
- на 5-6 октомври 2016 година ИАРМ ќе биде домаќин на состанокот на Комитетот за взаемно признавање во рамките на Европската организација за акредитација ЕА МАК.

**Проекти**

- реализација на проектот на Владата на РМ за акредитирање на лабораториите опремени при високо-образовните научни установи во соработка со министерствата за образование и наука, како и
- реализација на проектот на министерството за здравство за акредитација на 8 медицински лаборатории согласно стандардот ИСО 15189.

### *Среднорочни приоритети*

**Имплементација и спроведување**

- Зголемување на бројот на акредитирани македонски тела за вршење на оцена на сообразност, кои ќе бидат присутни на пазарот во РМ и на меѓународните пазари;
- ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти;
- потпишување на ЕА-МЛС за останатите области на акредитација (сертификација на системи и сертификација на персонал);
- проширување на акредитациските активности во нови области;
- развивање на нови шеми за акредитација, согласно барањата на корисниците на своите услуги и барањата на регулаторите;
- развивање на процедурата за акредитација на нотифицирани тела, паралелно со преговорите за членство на Македонија во Европската унија и иницијативата за потпишување на Европскиот договор за оцена на сообразност –(ЕДОС)
- обезбедување оптимален пул на оценувачи и експерти кои ќе бидат вклучени во оценките на телата за оцена на сообразност,
- обуки на оценувачите и други обуки наменети за потенцијалните акредитирани тела,
- промоција на системот за акредитација во Република Македонија,
- соработка со органите на државната управа и другите економски субјекти на подрачјето на акредитацијата и изведување на процедурите за оцена на сообразноста,
- соработка со институции од подрачјето на инфраструктурата за квалитет пред се: Бирото за метрологија (БМ), Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) и телата за оцена на сообразност,
- зајакнување на севкупните материјално -технички ресурси и капацитети во поглед на условите за работа и особено на човечките ресурси, преку вработување на нов стручен и компетентен кадар, мотивиран да ја извршува мисијата на ИАРМ непристрасно, објективно и компетентно.

**Проекти**

Спроведување на Проектот за истражување на системите за управување со квалитет во РМ.

## МЕТРОЛОГИЈА

### *Тековна состојба*

Во ноември 2015 година Бирото за метрологија (БМ) потпиша меморандум со Националниот метролошки институт на Кралство Шпанија (ЦЕМ), со што се отворија можности за размена на знаења и надградба на мерните можностите на Бирото за метрологија со формирање на нова лабораторија за подготовка и сертифицирање на референтни гасни смеси. Исто така, во ноември 2015, Бирото за метрологија потпиша Меморандум за разбирање и соработка со Факултетот за електротехника и информатики технологии во рамки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

**Имплементација и спроведување**

Во рамки на Бирото за метрологија формирани се девет лаборатории за калибрација, Лабораторија за испитување на легури од скапоцени метали, како и лаборатории за преглед и верификација на механички мерила (мерила за должина, маса и сл). Шест од лабораториите се акредитирани согласно МКС ИСО/ИЕЦ 17025 за калибрација на еталони и мерила и тоа во област на маса, температура и релативна влажност, зафатнина и проток, притисок, електрични големини и акустични мерења). Две од лабораториите (маса и зафатнина и проток) имаат објавено калибрациони и мерни можности во базата на податоци на Меѓународното биро за тегови и мери (БИПМ), а

лабораторијата за температура е во фаза на објавување на калибрационите имерните можности во област на термометрија.

Набавена е опрема која овозможува проширување на опсегот на лабораторијата за маса до 500кг, со што се зголемува постоечкиот опсег на калибрација на лабораторијата од 20 кг, како и можност за проширување на мерните и калибрационите можности на лабораторијата во базата на Меѓународното биро за тегови и мери (KCDB). На почетокот на 2015 година реконструиран е Лабораторискиот центар на БМ со цел обезбедување на целосна функционалност и оптимизација на работата како на постоечките лаборатории за калибрација, така и на новоформената лабораторија за акустични мерења.

**Проекти**

Во текот на 2015 година БМ учествуваше во повеќе проекти на меѓулабораториски споредби организирани на европско и светско ниво. Табелата подолу содржи податоци за видот и статусот на проектите во кои БМ има земено учество.

| **Вид на проект** | **Област** | **Идентификација на ILC** | **Статус** |
|---|---|---|---|
| Меѓулабораториска споредба (ИЛК) со учество на 13 институти од ЕУ | ПРОТОК (F) | EURAMET 1297 Comparison of a 50 mL pycnometer and 500 mL flask | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ИЛК) со учество на 22 институти од ЕУ | ТЕРМОМЕТРИЈА (Т) | EURAMET 1189 Comparison of the realisations of the relative humidity in the range from 10% to 95% at temperatures from -10 °C to 70 °C | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ИЛК) со учество на 21 институт од ЕУ и светот | МАСА И СРОДНИ ГОЛЕМИНИ (М) | EURAMET 1252 Comparison in the range of 10 MPa to 100 MPa of liquid pressure | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ИЛК) со учество на 13 институти од ЕУ | ЕЛ. ВЕЛИЧИНИ (ЕМ) | EURAMET Project No 1341 Comparison on calibration of Multimeter | тековен |
| Меѓулабораториска споредба RR 34 и 35 | Хемиска анализа и XRF спектрометриско одредување на содржина на злато и сребро во легури | RR 34&35 организирана во рамки на IAAO и Hallmarking Convention | Завршен критериум за задоволителни резултати Z score < 2 успешно RR 34 (злато) =0.94 RR 35 (сребро) =1.19 |
| ПТ Шема (PT Scheme) 2015 | Хемиска анализа на легури на злато и сребро | Chezch Assay office / IAAO | тековен |

Во текот на 2015 година, во рамки на ТАИЕКС, реализирани се четири студиски посети за имплементација на Директивата за мерила (2004/22/EC) во делот на оцена на сообразност и верификација на мерни садови и мерни системи за течности различни од вода, студиска посета за имплементација на Директивата за неавтоматски ваги (НАВИ (NAWI)) во областа на оцена на сообразноста и верификација на ваги и студиска посета за хармонизација на законодавството во област на контрола на предмети изработени од скапоцени метали.

Исто така, во текот на 2015 година реализирани се 3 нови вработувања и бројот на вработени во БМ изнесува 45.

### *Краткорочни приоритети*

**Имплементација и спроведување**

- Институционален развој и подигање на јавната свест за значењето на метрологијата преку:

- Јакнење на регионална соработка со склучување билатерални договори за соработка со метролошките институции на Република Хрватска, Република Црна Гора и Босна и Херцеговина
- Организирање на семинари, работилници и состаноци со различни целни групи ( институции на држава, претставници од индустрија, лаборатории) со цел зајакнување на метролошката инфраструктура во Република Македонија, запознавање на јавноста со регулативата во делот на метрологијата, поддршка на стопанството итн.
- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи
- Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија
- Изготвување на проект за оформување и развивање на лабораторија за подготовка и сертифицирање на референтни гасни смеси

- Јакнење на капацитетите во областа на законската метрологија и индустриската/ научната метрологија преку:
    - Ставање во функција на Лабораторија за време и фреквенција, реализација на национален еталон за време и дистрибуција на време на корисници на национално ниво;
    - Зголемување на опсегот на услуги на Бирото за метрологија преку набавка на опрема за поддршка на законската метрологија и операционализација на лабораториите за калибрација, проширување на опсегот на услуги за калибрација на еталони и мерила;
    - Учество во проекти на меѓулабораториски споредби за докажување на компетентноста и објавување на мерните и калибрационите можности во Базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери ва Париз, Франција (KCDB BIPM)
    - Одржување на уписите на калибрационите и мерни можности (CMC) објавени во Базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери ва Париз, Франција (KCDB BIPM) и одржување на акредитацијата на лабораториите согласно ISO/IEC 17025;
    - Поднесување барања и упис на мерни и калибрациони можности во област на рел.влага и притисок;
    - Проширување на опсег на акредитација на лабораторија за маса;
    - Усовршување на знаењата на вработените преку:
    - Обуки организирани на регионално ниво во рамки на Фокус Група на ЕУРАМЕТ,
    - Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на индустриска/научна (калибрации на мерила и десеминација на мерни единици) и законска метрологија (верификација на мерила) организирани во рамки на ТАИЕКС; и
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи на ВЕЛМЕК (WELMEC) и ИААО (IAAO);

## *Среднорочни приоритети*

**Законодавна рамка**

- Изменување на Законот за метрологија во насока на осамостојување на Бирото за метрологија;
- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи.

**Имплементација и спроведување**

- Прогласување на национални еталони на мерните единици во област на температура, притисок во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации;
- Проширување на опсегот на акредитација на лабораториите за димензиони големини според системот за управување со квалитет согласно ИСО 17025;
- Опремување на нова лабораторија за мерење на проток на гас како дел од проектот за гасификација во Република Македонија
- Опремување на нова лабораторија во област на метрологија во хемија со осврт на изработка на референтни гасни смеси кои се користат при калибрација на мерила за мониторинг на загадувањето на животна средина, проверка и верификација на гасни анализатори за мерење на издувни гасови од автомобилите
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи за на ВЕЛМЕК;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности.

**ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (ПРОВЕРКА, СЕРТИФИЦИРАЊЕ и КОНТРОЛА)**

***Тековна состојба***

Во 2015 година, министерот за економија во согласност со Законот за безбедност на производи донесе 2 нови Решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност. Овластените правни субјекти се евидентирани во Регистарот на овластени тела за оцена на сообразност што го води Министерството за економија. Решенијата за овластување се објавени на веб-страницата на Министерството за економија. Во согласност со Законот за возила, министерот за економија донесе вкупно 6 решенија за овластување, од кои 1 решение за овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и 5 решенија за овластување на техничка служба за вршење на одобрување на возилата.

***Краткорочни приоритети***

Ќе продолжат да се овластуваат тела за оцена на сообразност и технички служби по поднесено барање и извршена акредитација од ИАРМ согласно Законот за безбедност на производи и Законот за возила. Новите овластувања ќе бидат дел од функционирањето на МЛС.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок се планира зголемување на бројот на македонски тела за вршење оцена на сообразност и нивно учество на пазарите на земјите потписнички на МЛС. Министерството за економија ќе врши нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија, по склучување на АКА Договорот или со пристапување во ЕУ.

**НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

***Тековна состојба***

Координативното тело за надзор на пазарот (КТНП) одржува редовни состаноци (најмалку еднаш месечно) за реализација на мерките од Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015 и 2016 година. Покрај редовните инспекциски надзори кои се вршат преку Одделението за безбедност на производи во Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), се вршат и инспекциски надзори по известување добиено од Царинската управа при увоз на производи.

***Краткорочни приоритети***

**Имплементација и спроведување**

Во 2016 година ќе следи:

- подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, во согласност со активностите што се предложени во Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015 и 2016 година;
- подготовка на Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2016 и 2017 година; и
- ќе се спроведат обуки за државните инспекциски органи во соработка со бизнис заедницата за соодветна примена на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи врзано со ЦЕ обележувањето и постапката за оцена на сообразност.

***Среднорочни приоритети***

**Имплементација и спроведување**

Ќе се поднесе апликација за имплементација на РАПЕКС системот од страна на ДПИ, во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот.

## 3.01.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***Тековна состојба***

Во 2015 година континуирано се овластуваа нови правни лица за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничка состојба на возилата и за вршење работи од техничка служба како и за вршење на технички преглед на возила. Истото ќе продолжи и во 2016 година.

## 3.01.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***Тековна состојба***

Во јуни 2015 година, усвоен е Закон за градежни производи во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 305/2011 за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи.

***Краткорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Во 2016 година ќе се донесе:

- Правилник за преносива опрема под притисок, во кој ќе се транспонира Директивата 2010/35/ЕУ;
- Правилник за апарати на гас, во кој ќе се транспонира Директивата 2009/142/ЕУ;
- Директивата 2014/35/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за опрема со низок напон;
- Директивата 2014/29/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за едноставни садови под притисок;
- Директивата 2014/30/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за електромагнетна компатибилност; и
- Директивата 2014/34/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери (АТЕКС).

Воедно, ќе продолжи подготовката на бараните еврокодови од бизнис заедницата  за градежништво.

**Имплементација и спроведување**

Реализација на едно преземање во Секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, надлежен за слободно движење на стоки.

***Среднорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Во 2017 година се планира да се транспонираат следните ЕУ директиви:

- Директивата 2014/33/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови;

Исто така, во 2016 и 2017 година се планира донесување на нов Закон за безбедност на производи доколку се усвои новата Регулатива за безбедност на производи, која е во постапка на усогласување во ЕК.

## 3.01.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ

***Тековна состојба***

Во согласност со Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, ИСРМ изврши нотификација до Европското тело за стандардизација ЦЕН на 5 усвоени изворни национални македонски стандарди.

# 3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Подготовките во областа на слободата на движење на работниците сè уште се **во рана фаза**, но постигнат е **одреден напредок** во изминатата година.

***Резиме***

*Република Македонија ќе продолжи да ја унапредува законската рамка со цел поедноставување на постапките за стекнување на работна дозвола, како и зголемување на мобилноста на странците. На среден рок, националното законодавтсво ќе се усогласи со одредбите од Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011, за единствена постапка за аплицирање за единствена дозвола за работа и престој на жители од трети земји на територијата на земја членка и заеднички пакет на правила за работниците од трети земји кои легално престојуваат во земјите членки. Ќе се продолжи со следење на законодавтсвото за ЕУРЕС (Европски портал за професионална мобилност), со цел подготовка на јавната служба за вработување за исполнување на обврските кои произлегуваат од идното целосно вклучување во мрежата на ЕУРЕС. Со цел координација на системите за социјално осигурување земјата ќе продолжи со иницирање и склучување на билатерлани договори со неколку земји на ЕУ. Продолжува унапредување и надградување на системот за електронската здравствена картичка (ЕЗК). Во наредниот период се планира иницирање за склучување на договори за користење на Европската картичка за здравствено осигурување (ЕКЗО) со неколку земји.*

## 3.02.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ НА ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Основите на политиката за вработување и работа на странци се уредени со Законот за вработување и работа на странци, кој од донесувањето во септември 2007 година до денес претрпе 8 (осум) измени („Службен весник на РМ“, бр.70/07, 5/09, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13, 38/14 и 150/15). Направените измени се во насока на олеснување на постапките за стекнување на работна дозвола, како и зголемување на мобилноста на странците вработени во компании во Република Македонија. Во моментов постапките за добивање дозволи за работа и престој се однесуваат на сите странски државјани, односно не се прави разлика помеѓу работниците од Европската Унија и работниците-државјани од трети земји, односно постои единствена работна дозвола за сите.

Во изминатиот период е подготвен нов текст на Законот за вработување и работа на странци, кој се наоѓа во собраниска постапка и се очекува да биде донесен. Истиот е резултат на усогласување со Законот за странци, како и подобрување и олеснување на постапките за стекнување на работна дозвола за странци односно воведување на единствената дозвола за работа и престој на странци преку измените и дополнувањата на Законот за странци. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) со новиот Предлог-закон ги задржува надлежностите за постапување само за странци кои по друг основ го имаат регулирано престојот во земјата и во рамки на тој престој имаат намера да се стекнат со дозвола за работа со која ќе учествуваат на пазарот на труд. Воедно, Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) е надлежна за пријавување на почетокот и завршувањето на работниот ангажман на странците, како и давање на мислење во постапката која странците ја водат пред Министерството за внатрешни работи (МВР) за стекнување на единствена дозвола за работа и престој. Законот ќе се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

*Статистика на издадени работни дозволи*

Во периодот до 30.06.2015 година бројот на издадени работни дозволи изнесува 1821, од кои за 178 барањата се поднесени пред 01.01.2015. Од нив, издадени се 1771 позитивни работни дозволи по сите основи. Од 01.01.2015 до 30.06.2015 година, АВРМ има издадено вкупно 1771 работни дозволи на странски државјани. Од вкупно издадените 1771 работни дозволи во овој период издадени се: 1023 дозволи за вработување, 474 лични работни

дозволи и 274 дозволи за работа, од кои за продолжување на работната дозвола по сите основи издадени се 686 работни дозволи, а за нови работни дозволи по сите основи издадени се 1085 работни дозволи.

### *Краткоточни приоритети*

- Учество во работни групи за изработка, следење и унапредување на законската рамка за работа и вработување на странци

### *Среднорочни приоритети*

- Усогласување со Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011, за единствена постапка за аплицирање за единствена дозвола за работа и престој на жители од трети земји на територијата на земја членка и заеднички пакет на правила за работниците од трети земји кои легално престојуваат во земја членка, со донесување на нов Закон за странци, во надлежност на МВР. Се планира надлежностите на МТСП во однос на постапките за издавање работни дозволи на странци да преминат во МВР.

## 3.02.2 ЕУРЕС

### *Тековна состојба*

Законодавството на Европската Унија во областа на ЕУРЕС е делумно иплементирано во следниве законодавни акти во националното законодавство: Закон за вработување и работа на странци („Сл. весник на РМ“, бр.70/07, 05/09, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13 и 38/14, 150/15), Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Сл. весник на РМ“, бр.37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14 и 113/14), Закон за агенциите за привремени вработувања(„Службен весник на Република Македонија” број 49/2006, 102/2008, 145/10, 136/11, 13/13, 38/14, 98/15 и 147/15)..Институциите надлежни за спроведување на правото на ЕУ во ова поглавје се МТСП, МВР и АВРМ.

Твининг-проектот "Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на законодавството на ЕУ во областа на слободата на движење на работниците" успешно се имплементираше во периодот од 24.02.2014 до 24.08.2015. Истиот имаше за цел подготовка на националните институции за успешно исполнување на обврските за членство во областа на слободата на движење на работниците, зајакнување на националните институционални и административни капацитети за координација на системите за социјална заштита и за учество во ЕУРЕС мрежата. Компонента 2 беше фокусирана на зајакнување на капацитетите за примена на правото на слобода на движење на работниците и овозможување вработување во друга земја членка, како и обезбедување помош на компаниите во изнаоѓање квалификувана работна сила, врз основа на целосна транспарентност на пазарот на трудот. Јавните служби за вработување имаат особено важна улога во обезбедување на информации, советување како и наоѓање на соодветно вработување низ територијата на Европа и во пограничните региони. Во таа насока преку Компонента 2 се направија напори за подобрување на административните постапки и јакнење на капацитетите за поддршка на мобилноста на работниците во рамките на ЕУ и развојот на услугите на ЕУРЕС.
Во рамки на проектот се анализираа и посочија областите од националното законодавтсво, а кои се од значење за сегашното и идното функционирање на ЕУРЕС.
Беше дадена генерална оценка дека националното законодавство (релевантните правни акти) е во согласност со минималните барања и правила од законодавството на ЕУ од областа на ЕУРЕС.
Голем дел од потребните услуги кои АВРМ треба да ги обезбедува како иден ЕУРЕС партнер во моментот се уредени во националните закони, но поради територијалното важење и примена на истите, услугите во моментот се обезбедуваат и се достапни единствено за граѓаните на земјата. Законодавството ќе биде целосно применливо по влез на Република Македонија во Европска Унија.
Во рамки на проектот и во текот на 2015 година беа реализирани неколку обуки за вработените на АВРМ, за нивна подготовка и подготовка на АВРМ за поврзување кон ЕУРЕС мрежата и обезбедување на соодветно ниво и квалитет на услугите кои треба да ги обезбеди АВРМ, и тоа: 4-та обука на тема “Креирање на план за обука, материјали за обука и организирање обуки за вклучениот персонал, со посебен фокус врз стекнувањето знаења и експертиза потребна за приклучување на АВРМ кон ЕУРЕС”, тркалезна маса на тема: “EU work in a Brussels perspective”, настан за подигнување на јавната свест во текот на мај 2015. Беше реализирана студиска посета во Унгарија во чии рамки се посетија релевантни институции и органи кои се надлежни и вклучени во ЕУРЕС мрежата во Унгарија и се овозможи практично запознавање со работата и надлежноста на истите.

***Краткорочни приоритети***

- Спроведување на анализи на релевантите области од значење за ЕУРЕС во националното законодавство со цел имплеменатција и усогласување со стандардите на ЕУРЕС

***Среднорочни приоритети***

- Детектирање на клучните области на ЕУРЕС и утврдување потреба од усогласување/доусогласување за целосно имплементирање на ЕУ законодавството од оваа област и дефинирање предлози за начинот на кој ќе се врши целосно усогласување/доусогласување
- Организирање соодветни состаноци и други настани со цел континуитет и постојано следење на промените и новините во оваа област, како и обновување и потврдување на стекнатото знаење преку спроведениот Твининг проект

## 3.02.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Република Македонија активно работи на склучување и спроведување на билатерални договори за социјално осигурување. Во изминатиот период беа донесени Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување[35] помеѓу Република Македонија и Република Словачка и Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување и социјална сигурност[36] помеѓу Република Македонија и Република Унгарија.

Потпишан е Договор за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Албанија со којшто ќе се регулираат односите во областа на социјалното осигурување и остварувањето на правата од осигурување за граѓаните на овие две држави и членовите на нивните семејства.

Се одржаа преговори за склучување на Административна спогодба за имплементација на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Словачка.

Се потпиша Административната спогодба за имплементација на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Словачка.

Започната е постапка за ратификација на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Албанија .

Одржана е средба со претставници од Амбасадата на Република Франција во однос на појаснување на одредбите од предлог-текстот на Договорот за социјално осигурување.

Во август 2015 година заврши со имплементација твининг-проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на законодавството на Унијата во сферата на слободно движење на работниците“. Проектот беше финансиран во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) – “Помош при транзиција и градење на институциите”. Компонента 1 од Проектот се однесуваше на координација на шемите за социјална заштита, според која лицата од една земја членка на ЕУ може да се движат во друга и да ги остваруваат во целост правата на социјална заштита.

Се одржаа обуки за правилата за координација на социјални системи за неколку гранки, и тоа: права од пензија, здравствена заштита во странство, семејни придонеси и придонеси за породилно отсуство, за невработеност и за применливо законодавство. На основните и напредните обуки учествуваа 429 претставници на институциите.

Се подготвија извештаи за имплементација на проектот за организациска структура, координација и соработка и соодветни механизми за собирање на податоци и управување, постапки за упатени работници и самовработени лица. Беа дадени 18 клучни препораки за идната работа на институциите во насока на подготовка за членство во ЕУ.

Беа подготвени документи: планови и материјали за обука, 5 прирачници за гранките на социјално осигурување од аспект на ЕУ и 1 прирачник за самостојно учење, 1 прирачник за ЕЕССИ (Електронска размена на информации за социјална сигурност) и 1 сеопфатен материјал за самостојно учење за сите сектори. Материјалите содржат детални инструкции за решавање случаи и примери од судската пракса на Судот на правдата на ЕУ. Прирачниците се подготвени да служат како поддршка на вработените во надлежните министерства и институции при спроведување на Регулатива 883/2004 и Регулатива за спроведување 987/2009.

---

[35] “Сл. весник на Република Македонија“, бр.80/15

[36] “Сл. весник на Република Македонија“, бр.80/15

Во март 2015 година во Берлин, СР Германија се одржаа советодавни денови во Скопје и Штип,наменети за осигурениците на кои претставниците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (ПИОМ) и Германскиот носител на социјално осигурување даваат советодавни одговори и појаснувања за начинот на остварување на правата кои ги остваруваат согласно Договорот за социјално осигурување склучен помеѓу двете држави.
Во април 2015 година беа одржани советодавни денови со претставници на Фондот за ПИОМ и Републичкиот фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Србија. Во текот на советодавните денови граѓаните имаа можност да добијат одговори за остварувањето на правата од социјално осигурување од Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и СР Југославија.
Истиот месец *се* одржа работна средба *меѓу* претставниците од Фондот за ПИОМ и Одделот за пензиска администрација на Косово.
Во мај 2015 година одржана е средба на ниво на органи за врска за здравствено осигурување од Република Македонија и Република Србија.
Во септември се одржа редовна средба на ниво на директори на фондови/заводи на поранешните ју-републики.

***Краткорочни приоритети***

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2016 година се планираат следните активности:

- Донесување на Закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Албанија;
- Почеток на спроведувањето на измената и дополнувањето на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Словенија;
- Почеток на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Франција, за што веќе се доставени иницијативи со нацрт-текст на Договорот;
- Почеток на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Руската Федерација, за што веќе се доставени иницијативи со нацрт-текст на Договорот од страна на Руската Федерација
- Остварување средба со претставници на Обединетото Кралство (Велика Британија и Северна Ирска).
- Примена на Договорите за социјално осигурување со други земји:
  - одржување на советодавни денови меѓу претставниците на Фондот за ПИОМ со германски носители на социјално осигурување, со носители на социјално осигурување на Република Србија, со носители на социјално осигурување на Република Словенија и одржување на средба на ниво на директори на фондови од државите во регионот.
  - одржување на средби со претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) со носителите за здравствено осигурување од Германија, Италија, Хрватска, Словенија, Унгарија и Романија.

***Среднорочни приоритети***

- Склучување на Договор за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Франција.
- Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји ќе се иницираат и преговори за склучување на договори за социјално осигурување со неколку земји: Велика Британија, Шпанија, Португалија, Естонија, Литванија, Летонија и Нов Зеланд.

## 3.02.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Фондот за здравствено осигурување на Македонија продолжува да ја поддржува европската иницијатива со која се зајакнува мобилноста на населението во рамки на Европската Унија. Во таа насока, претставници на ФЗОМ одржаа средба со претставници на Хрватскиот завод за здравствено осигурување (ХЗЗО), на која ФЗОМ иницира потпишување на Договор за користење на Европската картичка за здравствено осигурување (ЕКЗО) на територијата на Република Македонија за хрватските осигурени лица, иницијатива прифатена од ХЗЗО. ФЗОМ има потпишано Договор за користење на ЕКЗО на територијата на Република Македонија со 8 земји членки на Европската Унија: Словенија, Чешка, Германија, Луксембург, Холандија, Белгија, Бугарија и Австрија.

*Краткорочни приоритети*

- Во рамки на оваа област планирано е иницирање на преговори за склучување на следните договори:
- Договор за користење на ЕКЗО на територијата на Република Македонија со Република Хрватска.
- Договор за користење на ЕКЗО на територијата на Република Македонија со Република Унгарија
- Договор за користење на ЕКЗО на територија на Република Македонија со Република Словачка.

*Среднорочни приоритети*

- Иницирање на преговори за потпишување на Договор за користење на ЕКЗО на територија на Република Македонија со Република Италија.

**ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Во текот на 2015 година и понатаму продолжува потполно и непречено да се користи Проектот за електронска здравствена картичка (ЕЗК) на целата територија на Република Македонија. Покрај тоа, ФЗОМ во текот на 2015 година, работеше и на имплементација на повеќе електронски услуги кои овозможуваат користење на ЕЗК.

Како поддршка на системот, во почетокот на октомври 2015 се воспостави нов орган во состав на Министерството за здравство (МЗ), односно Управа за електронско здравство (УЕЗ), чија основна надлежност е да го воспостави „Националниот систем за електронска евиденција во здравството", односно имплементацијата, одржувањето и надградувањето на интегрираниот здравствен информатички систем, фокусирано на сите аспекти на овој комплексен информатички систем во кој се интегираат сите здравствени установи, аптеки и останати институции од сите три нивоа на здравствена заштита.

*Краткорочни приоритети*

- Во текот на 2016 година, ЕЗК ќе продолжи непречено да се користи во електронските сервиси и системи воведени од МЗ и ФЗОМ, како што се: електронскиот упат, електронскиот рецепт, електронскиот амбулантски дневник и системот за следење на електронска листа за закажување на прегледи во здравствени установи од секундарна и терцијарна здравствена заштита. ИТ системот на ФЗОМ со имплементираните електронски сервиси очекува над 80% од услугите кои се нудат на шалтерите на подрачните служби на ФЗОМ, здравствените работници и овластените лица на компаниите да може да ги остваруваат по електронски пат со користење на ЕЗК.
- Планирана е надградба на системот со електронскиот здравствен картон во однос на потребните податоци за секое осигурено лице и користењето на ЕЗК за потребите на унапредување и олеснување на административните работи во здравствените институции согласно електронскиот сервис на ФЗОМ.
- Управата за електронско здравство ќе работи на изработка на нови и одржување на постојните веб сервиси за интеграција и развој на податоци со органите на државната управа и со компаниите кои имаат веќе развиен софтвер или софтвер во употреба во сите нивоа на здравствена заштита (избрани лекари, аптеки, болници, универзитетски клиники, и друго) како и ќе воспостави и води повеќе различни регистри, како што се регистри на здравствени установи, здравствени работници, здравствени соработници, здравствени услуги и постапки, медицински потрошен и помошен материјал, и друго.

*Среднорочни приоритети*

- Целосно спроведување и прилагодување на информациските здравствени системи на целата територија на државата во текот на 2017 година со користење на електронската здравствена картичка како единствена индентификациска картичка во здравствениот сектор.
- Подготовка на анализи и извештаи од податоците внесени во интегрираниот здравствен информатички систем заради предлагање концепти за развој на здравствена политика

# 3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** за правото на основање и слобода на давање услуги. Постигнат е **одреден напредок.** Во следната година, земјата треба особено:

- да продолжи со усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, особено за меѓусебното признавање на професионални квалификации и Директивата за услуги;
- да ја заврши целосната либерализација на универзалната поштенска услуга.

***Резиме***

*Со донесување на Законот за услуги и со континуирана реализација на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе се обезбеди слобода на правото на основање и давање на услуги по пристапување во Европската унија. Се планираат активности за воспоствување на „Единствена точка за контакт“ (ЕТК) како обврска од Директивата 32006L0123. Со нивна реализација треба да се овозможи на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, како и започнување и завршување на постапките по електронски пат.*

*Со поддршка на ИПА2011 проектот, кој почнува со реализација во декември 2015, Министерството за образование и наука, ќе продолжуи со вклучување на сите засегнати страни во процесот на признавање на професионални квалификации, со цел целосно усогласување на националното законодавство со одредбите од Директивите 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ.*

## 3.03.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година континуирано се реализираа активности со цел натамошно поедноставување на постапките за започнување и водење на бизнис во земјата и намалување на трошоците за работа.

Едношалтерскиот систем за регистрација на бизнис преку Централниот регистар на Република Македонија е целосно функционален и обезбедува регистрација на правни лица на брз и едноставен начин по електронски пат. Електронската регистрација на компании може да се врши преку регистрационен агент, без трошок и во еден единствен чекор. Дополнително, за основање на нови правни лица системот нуди опција за регистрирање за задолжително пензиско и социјално осигурување по електронски пат.

Со цел понатамошно олеснување на условите за започнување и водење бизнис продолжува спроведувањето на преостанатите мерки од втора, трета и четврта фаза на проектот Регулаторна гилотина. Во тек е спроведување на мерките од регулаторна гилотина – четврта фаза „Предност на малите“ со кои се поедноставуваат постапките за добивање документи од државните институции, скратување на роковите за добивање на дозволи, проширување на процесот интероперабилност со вклучување на дополнителни институции и информативни кампањи.

Со проектот„Едношалтерски систем за дозволи и лиценци“ („Едношалтерски систем за домашни странски инвеститори“) се воспоставува систем кој ќе овозможи сите информации за постапки и документи потребни за започнување и водење бизнис да може да се обезбедат од едно место, со што ќе се олесни процесот на започнување бизнис. Проектот се планира да се спроведува фазно преку неколку активности како што се мапирање на постапките за издавање дозволи и лиценци и развој на ИТ решенија за размана на документи и информации помеѓу различните институции. На почетокот овој систем ќе биде имплементиран во институциите кои издаваат најголем број дозволи и лиценци. Во август 2015 започна постапката за јавна набавка за техничка помош за изработка на софтвер и за подготовка на техничка спецификација за набавка на хардвер за воспоставување на едношалтерскиот систем.

Во согласност со препораките содржани во физибилити студијата за воспоставување на ЕТК што е обврска од директивата, Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за економија подготви Акциски план за воспоставување на ЕТК во Република Македонија што ќе претставува напредок во успешното спроведување на Директивата 32006L0123 .

***Краткорочни приоритети***

Во следниот период ќе продолжи спроведувањето на проектот „Регулаторна гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите“. За таа цел, следуваат активности за измени на регулативата која се однесува на работењето на занаетчиите.
Предвидените законодавни активности во Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе продолжат да се спроведуваат со цел отстранување на идентификуваните пречки и поедноставување на постапките за издавање на дозволи и одобренија за правото на основање.
Ажурирањето на Акцискиот план преку натамошна анализа на постојната регулатива со цел идентификација на неоправданите барања за правото на основање на компании во земјата и нивно поедноставување и елиминирање ќе продолжи во 2016 година.
Се планира донесување на Акцискиот план со активности за воспоставување на ЕТК. Министерството за информатичко општество и администрација е надлежна институција за развивање, администрирање и одржување на ЕТК, со што ќе се овозможи на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, како и започнување и завршување на постапките по електронски пат.

***Среднорочни приоритети***

Во следниот среднорочен период се планира поедноставување на административните постапки за олеснување на постапката за започнување и водење на бизнис во земјата.
Се планира реализација на Акцискиот план за воспоставување на ЕТК како обврска од Директивата 32006L0123 вклучувајќи собирање и анализа на податоци за постојните ИТ капацитети на надлежните институции, развивање на електронско решение за ЕТК и негово спроведување.
Во следниот среднорочен период се предвидува продолжување на активностите за воспоставување на „Едношалтерски ситем за дозволи и лиценци“. Во 2016 и 2017 година предвидена е набавка на потребниот хардвер, негово тестирање и ставање во функција. Средствата за изработка на софтвер, техничка спецификација и набавка на софтвер се обезбедени во рамки на ИПА компонента 1-ТАИБ, Секторско фише за развој на приватен сектор.
Едношалтерскиот систем за дозволи и лиценци претставува чадор систем кој е предвидено на интегриран начин да се поврзе со останатите едношалтерски системи во државата и е во насока на реализација на обврската од Директивата ***32006L0123*** за воспоставување на ЕТК.

## 3.03.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

Со донесување на Законот за услуги и со реализација на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе се обезбеди прекуграничното давање на услуги по пристапувањето во ЕУ.

***Тековна состојба***

Подготвен е Предлог на Закон за услуги во кој се транспонирани општите начела на Директивата 32006L0123. Согласно со коментарите добиени од Европската комисија, се ревидираше текстот на Предлогот на Закон за услуги со цел правилно транспонирање на директивата. Ревидираниот текст е доставен до Европската комисија за евентуални дополнителни коментари. Со донесување на законот ќе се обезбеди правна рамка за отстранување на преостанатите бариери кои го попречуваат пристапот и давањето на услуги во земјата. Предлог законот содржи одредби со кои ќе се обезбеди прекугранично давање на услуги по пристапувањето на земјата во Европската унија

***Краткорочни приоритети***

Се планира усвојување на Предлог Законот за услуги во 2016 година. Продолжуваат активностите за натамошна анализа на усогласеноста на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 во делот на прекуграничното давање на услуги и врз основа на резултатите од анализата, ажурирање на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок се планира спроведување на Законот за услуги и усогласување на посебните прописи во услужните сектори со одредбите од законот со што ќе се обезбеди прекуграничното давање на услуги по пристапувањето во ЕУ во согласност со барањата на директивата за услуги.

## 3.03.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

### *Тековна состојба*

Со донесените измени на Законот за поштенските услуги[37], се ограничи рокот на важење на дозволата за обезбедување на универзалната услуга, а со тоа се креираа услови за развивање на конкурентски активности и развивање на пазарните механизми на сите чинители на пазарот, а посебно на давателот на универзалната услуга.

Со цел усогласување со измените на Законот за поштенските услуги и  усогласување на точките за пристап до корисниците на поштенски услуги како индивидуални корисници и точките за пристап до поштенски услуги за бизнис, односно големите корисници, се изврши измена на регулативата во овој дел со којасе обезбедува зголемување на опсегот на точките за пристап на корисниците до поштенските услуги и се овозможува поефикасна регулаторна рамка за регулирање на пристапот до поштенската инфраструктура која ја користи, одржува и управува давателот на универзалната услуга.

Лиценцирање на субјектите на пазарот се одвива преку олеснета постапка што се резултира со издавање на нови 5 општи овластувања  во текот на 2015 година за обезбедување на поштенски услуги на слободниот пазар.

Со цел овозможување полесен и поефикасен пристап до поштенската мрежа на давателите на поштенските услуги се направијаизмени на Правилникот за општите услови за обезбедување на универзалната услуга во делот каде е дефиниран начинот на остварување на пристап до поштенската мрежа. Со измените ќе се изврши измена на одредбите кои преставуваа реална пречка за остварување на правото за пристап и допрецизирање на условите и начинот за добивање пристап до поштенската мрежа.

Агенцијата за пошти во текот на 2016 година продолжува со активниот и иницијативниот пристап за унапредување на билатералните односи со регулаторните тела во соседството.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во насока на унапредување на условите за работа на поштенскиот пазар, и во текот на 2016 година ќе продолжат активности околу спроведување на законската регулатива. Заради подобрување на условите за работа на пазарот, како и заради имање на подобри податоци во однос на поштенските услуги ќе следуваат измени на одредени подзаконски акти.

Континуирано ќе се создаваат услови за спроведување на целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги која треба да почне од 1 јануари 2017 година преку укинување на резервираната услуга. Во следниот период ќе има активности за создавање на услови за развој на рамноправна конкуренција на пазарот при еднакви услови за работа на сите чинители  во овој сектор.

Со цел усогласување со донесените законски решенија заради подобро дефинирање на регулаторна рамка во делот на следењето и остварувањето на квалитетот на универзалната услуга, Агенцијата за пошти ќе изврши одредени измени во Правилникот за барањата за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење.

Анализа на пазарот е една од основните надлежности на Агенцијата која се врши врз основа на податоци доставувани од страна на сите даватели на пазарот и заради поквалитетно следење и преземање активности во овој дел, ќе се преземат активности за ревизија на Извештаите за обезбедување на поштенските услуги  во кои давателите ги доставуваат своите податоци и нивно дополнување со податоци неопходни за извршување на надлежностите на Агенцијата.

Воведување на системот за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуга ќе биде активност на која ќе се работи и во 2016 година во заедничка соработка со давателот на универзалната услуга, се до крајно дефинирање и определување на системот и одобрувањето од страна на независна ревизорска куќа и од Агенцијата за пошти.

Спроведување на надзор и контрола над субјектите на пазарот од страна на овластените лица на Агенцијата за пошти е надлежност која е утврдена во согласност со Законот за поштенските услуги, а со која се утврдува работењето на давателите на поштенските услуги и почитување на правата и обврските утврдени со општите овластувања.

**Институционална рамка, спроведување**

[37] Сл. весник на Република Македонија бр.187 од 18.12.2014  година

Се планираат континуирани обуки и едукација на лицата вработени во Агенцијата за пошти и другите надлежни органи кои се поврзани со активностите за обезбедување на поштенските услуги.
Со оглед на тоа дека Агенцијата го регулира обезбедувањето на универзалната услуга која претставува  услуга од јавен интерес и која се обезбедува на целата територија на Република Македонија, се планира отворање на регионални центри во рамките на Агенцијата за пошти заради поквалитетно регулирање, надзор и контрола над обезбедувањето на услугата.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Активностите на Агенцијата за пошти се насочени кон спроведување на одредбите од Законот за поштенските услуги и подзаконските акти со кои се регулира обезбедувањето на поштенските услуги, а воедно и нивно доуредување со кои ќе се дефинира правна рамка во која и покрај монопол за обезбедување на одредени услуги ќе се креираат одржливи услови за работа кои ќе поттикнуваат и понатамошен развој на пазарот и се поголема и поквалитетна понуда на услуги за корисниците.

## 3.03.4 ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година, Министерството за образование и наука односно Меѓуресорската координативна група за заемно признавање организираше повеќе работни средби со претставници на ресорните органи надлежни за регулирање професии во земјата. Преку овие активности беше извршено ажурирање и дополнување  на листата на регулирани професии, законските акти  и надлежните тела за нивно регулирање.
Во согласност со насоките на Европската комисија, веќе е утврдена потребата од дерегулација на одредени регулирани професии во земјата, поради потребата од олеснување на пристапот на пазарот на трудот.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Ќе продолжат активностите на Меѓуресорската координативна група за признавање на професионални квалификации, од аспект на следење и анализа на законските и подзаконските акти за регулираните професии во земјата, како и предлозите за изменување и дополнување на постоечката регулатива за признавање на професионални квалификации.
Покрај овие активности, во текот на декември 2015 година, започнува реализацијата на проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за спроведување на легислативата за заемно признавање на професионални квалификации“ кој ќе биде финансиран во рамките на  Инструментот за претпристапна помош - TAIB 2011 за целосно спроведување на националното законодавство поврзано со Директива 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ за заемно признавање на професионални квалификации, финансиран во рамки на ИПА програмата.

# 3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Во областа на слободното движење на капиталот, Република Македонија е **умерено подготвена**. Беше постигнат **одреден напредок** особено во борбата против перење пари и финансирање тероризам. Беше дополнително зајакнат капацитетот на Управата за финансиско разузнавање, но сè уште треба да се равие конзистентно следење на евиденцијата.

***Резиме***

*До крајот на 2016 година ќе се донесе Закон за платежни услуги во кој ќе биде транспонирана Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕЗ) и Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ). Во овој период се планира и донесување на подзаконските акти од областа на платежните услуги согласно Законот за платежни услуги.. Во насока на правилна и ефикасна имплементација на одредбите на IV Директива во националното законодавство, Управата за финансиско разузнавање ќе спроведе анализа на влијанието на одредбите на IV Директива на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и ќе ја утврди потребата за негово изменување.*

## 3.04.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

***Тековна состојба***

Во јуни 2015 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење[38]. Со измените на Законот:

- Народната банка на Република Македонија (НБРМ) може да користи и на овластените банки да им овозможи пристап до странски платни системи заради вршење на платен промет со странство. За оваа намена овластените банки ќе отвораат девизни сметки кај НБРМ.
- Се изврши промена на режимот на вложување во хартии од вредност во странство од страна на овластените банки преку проширување на опсегот на хартии од вредност издадени во странство во кои овластените банките можат да вложуваат. Овластените банки ќе можат да вложуваат во хартии од вредност во странство кои ги исполнуваат условите пропишани од страна на НБРМ,
- Делумно се либерализира можноста за вложување во хартии од вредност за компании основани во технолошко индустриските развојни зони, кои заради наградување на своите вработени, за своја сметка, а во име на вработените (резиденти), можат да купуваат акции издадени од компаниите мајки во странство.

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските прописи со кои се обезбедува поефикасна имплементација на Законот ги донесуваат Министерството за финансии, Народна банка и Комисија за хартии од вредност. Спроведувањето на Законот за девизно работење, во рамките на своите надлежности, го вршат: Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Народната банка на Република Македонија, Централен регистар и Комисијата за хартии од вредност.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Со влегување во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација ќе се изврши понатамошна либерализација во делот на движењето на капитал и исплати согласно одредбите од Спогодбата.

## 3.04.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

***Тековна состојба***

[38] „Службен весник на Република Македонија“ бр.97/15

Во текот на 2015 година продолжија со работа работните групи при Националниот Совет за платни системи (НСПС) за имплементација на поедини стратешки насоки од Националната Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија (2013-2017) во насока на: усогласување со законодавството на ЕУ и примена на СЕПА стандардите; усогласување на националната платежна статистика во согласност со методологијата за платежна статистика на Европската Централна Банка (ЕЦБ) преку изработка нова рамка за платежна статистика на НБРМ; и прилагодување на постојната рамка за надгледување на платните системи согласно со промените во меѓународно прифатените стандарди за работа на платните системи (согласно Принципите за инфраструктурата на финансиските пазари, рамката за надгледување на ЕЦБ и најдобрите практики на централните банки на земјите-членки на ЕУ).

Во февруари 2015 година, започна реализација на ИПА проектот „Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на слободното движење на капитал и финансиски услуги-пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги“ со кој е предвидено транспонирање на следните три директиви во македонското законодавство:

- Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕЗ) (односно нејзината ревизија),
- Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ) и
- Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ)

Во мај 2015 година, НБРМ во соработка со централните банки на Холандија и Португалија ја организираше осмата конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност за обука на членовите на работните групи при НСПС за прашања поврзани со спроведувањето на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија за периодот 2013-2017 година, како и поттикнување на меѓународната и билатералната соработка во овој домен.

Подготвена е нова рамка за надгледување на платните системи согласно со промените во меѓународно прифатените стандарди за работа на платните системи, како и нејзино усогласување со рамката за надгледување на ЕЦБ и централните банки на земјите-членки на ЕУ, при што се очекува нејзино усвојување од страна на Советот на НБРМ на почетокот на 2016 година.

Подготвена е нова регулатива за платежната статистика во насока на усогласување со Регулативата за платежна статистика 1409/2013 на Европската централна банка. Методологијата за платежната статистика на НБРМ, во согласност со методологијата на ЕЦБ е составен дел на новата регулатива за платежна статистика, чие усвојување од страна на НБРМ се очекува да биде на почетокот на 2016 година.

Во периодот 4-5 јуни 2015 година, претставници на Министерството за финансии и НБРМ, согласно активностите предвидени со ИПА проектот, учествуваа на конференција во организација на Европската централна банка и Централната банка на Република Финска. Конференцијата се одржа во Хелсинки, Република Финска на тема: „Иновации, доверба и регулирање на плаќањата на мало”.

Во периодот од 20 до 22 октомври 2015 годин, а во рамки на ИПА проектните активности, беше реализирана студиска посета на Република Чешка. Во студиската посета учествуваа претставници на Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија. Во рамки на студиската посета беа одржани работни средби со претставници на Народната банка на Република Чешка, Министерството за финансии на Република Чешка, Асоцијацијата на банкарство на Чешка и претставници на мобилните оператори T-mobile и O2. Оваа студиска посета овозможи да се согледа начинот на имплементирање на Директивите од областа на платежните услуги, проблемите со кои се соочиле институциите при имплементација на истите и начинот на регулирање на вршењето на платежните услуги од страна на мобилните оператори со статус на платежни институции во Република Чешка.

### *Краткорочни приоритети*

До крајот на 2016 година ќе се донесе Закон за платежни услуги во кој ќе биде транспонирана Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕЗ) и Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ). Подготовката на Законот за платежни услуги ќе се врши преку ИПА Проектот.

Донесување на подзаконски акти од областа на платежните услуги согласно Законот за платежни услуги.

Согласно активностите предвидени со ИПА проектот ќе се реализира студиска посета на земја-членка на ЕУ со цел запознавање со законодавната рамка за платежни услуги на земјата-членка и пренесување на искуството од

транспонирањето на релевантното ЕУ законодавство на земјата-членка. Во студиската посета ќе учествуваат претставници на Министерството за финансии и НБРМ,

Во 2016 година се планира изработка на политика за надгледување на платните системи, како и организација на работилници со операторите на платните системи за примена на меѓународните стандарди за работа на платните системи согласно новата подзаконска рамка за надгледување на платните системи. Исто така, во текот на 2016 година се планира организација на работилници и други форми на комуникација со банките и другите известувачи за доследна примена на новата рамка за платежна статистика.

Во 2016 година се планира организација на деветтата меѓународна конференција за платни системи и системите за порамнување хартии од вредност во соработка со Централната банка на Холандија и Централната банка на Португалија, на која ќе се опфатат теми поврзани со платежната инфраструктура и новините во регулативата на ниво на ЕУ.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок, планирано е натамошно усогласување со ЕУ легислативата во делот на платните услуги.

***Програми и проекти***

Националната стратегија за развој на платниот систем за периодот 2013-2017 г. дефинира осум приоритетни стратегиски насоки за наредните две години. Практичната реализација на стратегиските насоки ја вршат работни групи составени од претставници од Министерството за финансии, НБРМ, Клириншки интербанкарски систем (КИБС), Интернационален картичен систем (КАСИС) и комерцијалните банки, формирани од страна на НСПС. Не се предвидува посебен буџет за активностите на работните групи.

## 3.04.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

***Тековна состојба***

Правната рамка која ја регулира превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам е поставена со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[39]. Со законот се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам и надлежноста на Управата за финансиско разузнавање (УФР). Со законот се имплементираат мерките препорачани од страна на Манивал Комитетот при Советот на Европа, се имплементираат препораките на ФАТФ за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од 2012 година, а прекршочните одредби се во согласност со одредбите од новиот Закон за прекршоци.

Системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам го сочинуваат субјектите- физички и правни лица задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и:

- УФР, која дејствува како централен орган надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал - органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Царинска Управа - како орган кој го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од земјата;
- Органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите: Народната банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи, Агенција за пошти, Адвокатска комисија и Нотарска комисија.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

[39] „Службен Весник на РМ“ број 130/2014 и 192/2015

Новата Директива 2015/849 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 20.05.2015 година ги задолжува државите членки на ЕУ да ја имплементираат најдоцна до 26.06.2017 година. Во насока на правилна и ефикасна имплементација на одредбите на IV Директива во националното законодавство, УФР спроведува анализа на влијанието на одредбите на IV Директива на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и ја утврдува потребата за негово изменување.

Народната банка на РМ ќе донесе Одлука за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам. Со оваа Одлука ќе бидат пропишани критериуми за анализа на ризикот и преземање на соодветни мерки и дејствија од страна на банките во процесот на спречување на перење пари.

**Институционална рамка**

Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата вработени во УФР и другите надлежни органи кои ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и финансиските и нефинансиските институции.

Исто така, планирано е одржување и континуирана надградба на системот за електронско прибирање на податоци, автоматска обработка и категоризација, анализа на случаи и генерирање на извештаи во Управата.

Во континуитет на активностите релизирани во рамки на Националната проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам (НРА), институциите од системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ќе подготват Акциски план за спроведување на мерките и активностите утврдени со НРА.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

На среден рок ќе се врши усогласување на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од IV Директива.

**Институционална рамка**

- На среден рок ќе продолжи институционалната надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата,
- Одржување на ефикасен систем на меѓуинституционална и меѓународна соработка.
- Имплементација на Акцискиот план за спроведување на мерките и активностите утврдени со НРА и вршење понатамошна периодична преоценка на ризиците.

### *Програми и проекти*

За унапредување на демократијата и владеењето на правото преку спречување и контрола на перењето пари и финансирање на тероризам во согласност со европските и другите меѓународни стандарди, во соработка на Советот на Европа со УФР, а во рамки на Проектот на Југоисточна Европа, во 2016 година треба да започне „Проект за зајакнување на капацитетите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во РМ“. Со планирани активности на полето на легислативата, институционалната рамка, персоналните и оперативните капацитети целта на проектот е да ги унапреди капацитетите на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во земјата.

# 3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област која особено подлежи на корупција. Беше постигнат **одреден напредок**, особено преку задолжителното користење на е-набавки, но последните измени на Законот за јавни набавки го намалија нивото на усогласеност со правото на ЕУ. Потребни се повеќе напори за спречување на корупцијата за време на циклусот на набавките. Потребни се значителни напори за да се обезбеди ефикасен и ефективен режим за јавни набавки. Наводите за сериозни конфликти на интереси и злоупотреба на јавната функција сè уште не се испитани. Во следната година, земјата треба особено:

- да ја зголеми транспарентноста на јавното трошење преку објавување информации во реално време на сите договори за јавни набавки;
- да ги отстрани недоследностите со правото на ЕУ, вклучувајќи ги компаниите кои се на црната листа, условите за користење критериуми за доделување; обезбедување на усогласеност со правилата на ЕУ за јавни набавки за одбрана и безбедност, како и директивите на ЕУ за јавни набавки од 2014 година, особено за концесии;
- да гарантира дека информациите за нерегуларности се истражуваат соодветно.

***Резиме***

*Ќе се реализираат „Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018 година“ заради воспоставување на ефикасен систем на јавните набавки.*

*Ќе продолжи усогласувањето на законодавството на ЕУ и воведувањето на добрите практики во јавните набавки, преку формирање на меѓуресорска работна група од клучните институции во областа, со цел подготовка на Предлог на Закон за јавните набавки во кој ќе се транспонираат: Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, Директивата 2014/24/ЕУ за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правни лекови 2007/66/ЕЗ.*

*Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе започне со опремување со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер, како и план за воведување на целосен електронски систем, со што ќе се овозможи електронско водење на целокупната жалбена постапка.*

## 3.05.1.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***Тековна состојба***

Во 2015 година, Законот за јавните набавки се измени и дополни два пати, пред сè заради натамошно подобрување и поедноставување на постапката во одредени случаи каде досегашното искуство покажа дека постапувањето на Советот за јавни набавки (СЈН) по однос на барањето за добивање согласност од страна на договорните органи е премногу сложено и/или предолго. Со овие измени се воведе и задолжителното спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки со користење електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН ) со нивно континуирано зголемување и тоа: (1) почнувајќи од 2016-та година за 30% од постапките, (2) 50% во 2017-та година и (3) 100% од постапките во 2018-та година. Со овие измени почнувајќи од 01.01.2016 год., СЈН ќе биде самостоен државен орган со својство на правно лице.

*(Повеќе за мерките за спречување злоупотреби и методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, види во Поглавје 3.23 Правосудство и фундаментални права, Дел 2 Антикорупциска политика).*

Во 2015 година, бројот на редовно вработени во Бирото за јавни набавки (БЈН) изнесуваше вкупно 53, од кои во Секторот за работи поврзани со СЈН работат 32 лица. Континуирано се обучуваат постоечкиот и новопримениот

кадар. Обучувањето се одвиваше преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои БЈН има воспоставено соработка.
Во насока на обезбезбедување на поголема транспарентност и конкурентност во постапките за доделување на концесиите и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и доследно спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство[40], се воведе задолжителна електронската аукција како последна фаза во постапката за доделување на јавно приватно партнерство. Во мај 2015 година, се воспостави Електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство согласно одредбите на овој закон.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2016 година ќе продолжи подобрувањето на спроведувањето на Законот за јавните набавки. Приоритет во овој период ќе биде усогласување со ЕУ законодавството и воведувањето на добрите практики во јавните набавки. Ќе се формира меѓуресорска работна група од Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, Секретаријатот за европски прашања и Бирото за јавни набавки за да се подготви текст на Предлог на Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста во кој ќе се транспонира Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ. Исто така, ќе се формира меѓуресорска работна група која ќе подготви текст на нов Предлог на Закон за јавните набавки заради усогласување со Директивата 2014/24/ЕУ од 26 февруари 2014 година за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ од 26 февруари 2014 година за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правни лекови 2007/66/ЕЗ. Имајќи предвид дека Директивата за правна заштита 66/2007/ЕЗ не е целосно транспонирана (во доменот на ништовноста и роковите), ќе се изврши анализа за усогласување на истата во новиот текст на Законот за јавните набавки, во тесна соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки.
Во овој период се планира сеопфатна анализа на Директивата 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за доделување на договорите за концесија, со компаративен приод на законодавството на ЕУ во соодветната област.

**Институционална рамка**

БЈН ќе продолжи со задолжително сертифицирање на службениците од договорните органи во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки. БЈН ќе го зајакне својот капацитет со нови вработувања.
Во текот на 2016 година, БЈН ќе ги продлабочи воспоставената соработка и размена на искуства со соодветните институции во земјите од југозападен Балкан.
Во 2016 година заради доследно извршување на надлежностите ќе се доекипира Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со нови вработувања. Почнувајќи од 01.01.2016 година, СЈН ќе работи како самостоен државен орган со својство на правно лице.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Ќе се донесе нов Закон за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста кој ќе се усогласи со Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ. Во овој период, ќе се донесе и нов Закон за јавните набавки кој ќе се усогласи со новиот пакет директиви за јавни набавки од 2014 година и Директивата 2007/66/ЕЗ за правна заштита. На среден рок се планира и транспонирање на Директивата 2009/33/ЕЗ за промовирање на чисти и енергетски ефикасни патни товарни возила.

**Институционална рамка**

На среден рок ќе се обучуваат и усовршуваат вработените во БЈН, а воедно и ќе се унапредува институционалниот капацитет. СЈН ќе работи како самостоен државен орган со својство на правно лице.
Во среднорочниот период, по доекипирање и зајакнување на Одделението за јавно приватно партнерство и концесии со нови вработувања, односно стручни лица во соодветната област, како приоритет се планира организирање на повеќе семинари, работилници и обуки во областа на јавно приватно партнерство, како за

[40] Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14

вработените во државните институции, така и за вработените во единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, па и пошироко и за заинтересирани учесници од приватниот сектор (економски оператори).

## 3.05.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

### *Тековна состојба*

Трендот на користењето на е-набавките ги зголеми ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки во земјата. Имајќи предвид дека БЈН, постојано работи на унапредување на ЕСЈН во овој период се продолжи со надградба на визуелно и на ниво на функционалностите на истиот. Во првата фаза на редизајнот беше опфатена почетната страна, процесот на регистрација и електронските аукции. Во втората фаза се опфати редизајн на профилите на корисниците (корисничкиот дел на ЕСЈН) и се воведе нов концепт на деливи набавки со кој значително се олесни начинот на поднесување на понудите, јавното отворање и евалуацијата на понудите, како и испраќање на известувањата до понудувачите за донесената одлука.

За да им помогне на договорните органи и економските оператори при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во согласност со измените на Законот, БЈН го ажурираше Прирачникот за јавни набавки и прирачниците за начинот на користење на ЕСЈН за договорни органи и економски оператори.

Во текот на март 2015 година, Бирото спроведе две обуки за јавни набавки и тоа првата за примена на Законот за јавните набавки, додека втората обука се однесуваше на Законот за јавните набавки со посебно тежиште на борбата против корупција. На првата обука учествуваа 26 учесници од редовите на членовите на комисиите за јавни набавки во судовите, додека пак на втората обука учествуваа 25 учесници – судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја.

Во поглед на обврската за обновување на знаења на договорните органи, Бирото спроведе 16 обуки за лица кои претходно стекнале потврда за положен испит по јавни набавки, а заклучно со 31.10.2015 година, беа обучени 285 лица. Во согласност со Годишниот план за едукација за јавни набавки за 2015 година, се спроведоа 17 обуки со 330 посетители на едукацијата за јавни набавки, сите од договорните органи. Соработката со државните органи како што се Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година.

На барање на Државниот завод за ревизија, БЈН во периодот од 24-26 февруари 2015 година, одржа 2 обуки за измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки. Обуката се состоеше од два дела и тоа дел кој се однесува на Измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки и втор дел кој се однесува на новините во ЕСЈН. Низ конструктивни дебати, сугестии и презентирање на материјалите, обуката се реализираше успешно. Ваквата обука се одржува неколку години по ред, при што се зајакнува соработката на двете институции.

Во насока на обезбезбедување на поголема транспарентност и конкурентност во постапките за доделување на концесиите и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и доследна имплементација на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со кој се воведе задолжителна електронската аукција како последна фаза во постапката за доделување на јавно приватно партнерство, соодветно на онаа пропишана со Законот за јавните набавки, во мај 2015 година се воспостави Електронски систем за електронска аукција за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

### *Краткорочни приоритети*

Бирото за јавни набавки ќе продолжи со надградба на ЕСЈН со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка имајќи ги предвид новите законските одредби за задолжително користење електронски средства при спроведување на јавните набавки. Со користење на е-набавките ќе се зголемат ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки, а воедно ќе се зголемува и транспарентноста во постапките.

Во 2016 година ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки.

Советот ќе обезбедува законитост во постапките, преку издавање согласности во случаите кога значително се ограничува пристапот до предметната постапка за доделување договор за јавна набавка. *(Повеќе за мерките за спречување злоупотреби, види во Поглавје 3.23 Правосудство и фундаментални права, Дел 2 Антикорупциска политика.)*

Со цел постојано да се унапредува воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото ќе соработува со институциите кои од свој аспект на делување влијаат врз истиот како што се Министерството за правда, Советот за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и други институции.

*Среднорочни приоритети*

Во овој период акцент ќе биде ставен и на зголемување на бројот на постапки кои ќе се спроведуваат и ќе се воведат иновативни решенија на ЕСЈН, со кои ќе се олесни учеството во постапките кои се спроведуваат по електронски пат за економските оператори, а воедно ќе се зголемува и транспарентноста во постапките.

Исто така, на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките тендерски документи, прирачници и водичи.

## 3.05.03 ПРАВНИ ЛЕКОВИ

*Тековна состојба*

Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) е составена од Претседател и 4 (четири) членови кои се именувани од Собранието на Република Македонија. Во текот на 2015 година административниот капацитет на Државната комисија се зголеми за 3 (три) државни службеници од кои еден е назначен за Генерален секретар кој раководи со стручната служба. Во стручната служба на ДКЖЈН се вработени 14 лица. Во текот на 2015 година продолжи учеството на претставници на ДКЖЈН на работилници и други облици на обуки на теми поврзани со правните лекови во постапките за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнерство, како и спроведувањето на генеричките и специјализираните обуки на вработените државни службеници во стручната служба на ДКЖЈН. Воедно од страна на ДКЖЈН беа организирани и две обуки на кои учествуваа претставници од договорните органи и економските оператори со цел пренесување на знаењето и едукација на приватниот и јавниот сектор за системот на правна заштита во областа на јавните набавки во кои обучувачи беа членовите на ДКЖЈН.

*Краткорочни приоритети*

Активно ќе се следи правната рамка и ќе се укажува на потребата од преземање мерки за подобрување на одредени одредби од законите врз кои се темели работата на ДКЖЈН. Ќе се даваат сопствени иницијативи за соодветни измени во насока на подобрување на законската рамка, како и мислења по предложените решенија кои се однесуваат на Законот за јавните набавки и други закони кои се во нејзина надлежност. Ќе се продолжи со напорите за доближување на новите законски решенија до договорните органи и економските оператори. Соработката со засегнатите институции ќе продолжи во поглед на правната заштита, со цел подобрување на регулативата за јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство. Особено ќе продолжи соработката со БЈН, СЈН, Министерството за економија и другите институции кои се директно инволвирани во остварувањата на правата од Законот за јавните набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Ќе се одржуваат согласно воспоставената пракса редовни месечни состаноци со БЈН и СЈН во насока на унапредување и засилување на целокупниот систем за јавни набавки преку квалитетна и транспарентна работа на сите инволвирани органи.

**Институционална рамка**

Со цел зајакнување на Стручната служба на ДКЖЈН, во 2016 година се планира институционално зајакнување на Комисијата.

Продолжува и праксата за учество на ДКЖЈН во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) во постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно организирање на работилници, тркалезни маси и обуки на теми поврзани со измените на Законот за јавните набавки, како и во поглед на самата постапката по правни лекови во спроведувањето на јавните набавки, концесии и јавно приватни партнерства. Воедно во 2016 година ќе продолжат и обуките за членовите и стручната служба на ДКЖЈН, со активно учество на семинари, работилници и студиски посети. Ќе се изработат процедури за секојдневното работење на комисијата согласно ИСО

стандардите за квалитет 9001:2008 и истите ќе се имплементираат со цел понатамошно подобрување на својата работа во согласност со континуирано вршените анализи, мерења и подобрување на понудените услуги.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ и ќе се спроведуваат во националната регулатива. Натамошното унапредување на системот на правната заштита на јавните набавки ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со БЈН, СЈН и МЕ. Натамошното јакнење на административните капацитети на ДКЖЈН ќе се остварува преку нови вработувања на административен персонал во стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер, како и план за воведување на целосен електронски систем што подразбира електронско водење на целата жалбена постапка пред Државната комисија.

### *Програми и проекти*

Ќе продолжи соработката на ДКЖЈН со СИГМА, како и со сите релевантни меѓународни институции од обласа на јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство, преку организирање на семинари, обуки и работилници. Во контекст на ова, Државната комисија во соработка со СИГМА ќе организира Конференција за телата за правна заштита при јавните набавки од земјите од ИПА регионот во Јуни 2016 година. Конференцијата е веќе влезена во Акциониот план на СИГМА и на истата се планира да бидат поканети учесници од Македонија како земја домаќин, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Турција, Словенија, Хрватска и Црна Гора.

# 3.06. ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

> Земјата има **добро ниво на подготовка** во областа на правото на трговски друштва. Постигнат е одреден **напредок**, особено во однос на ревизијата. Централниот регистар, исто така, е надграден и сега се однесува само на активните компании. Во следната година, земјата треба особено:
>
> - да ги продолжи напорите кон усогласување со најновото право на ЕУ за сметководство и ревизија.

***Резиме***

*До крајот на 2016 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.*

*Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе започне со спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување на членовите на Институтот. Министерството за финансии ќе го следи спроведувањето на Законот за вршење на сметководствени работи.*

## 3.06.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Тековна состојба***

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва се воведени одредби во согласност со новата методологија од Извештајот на Светска банка ,,Дуинг бизнис 2015" (Doing Business 2015), во делот на индикаторот ,,Заштита на малцинските инвеститори".

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2016 година ќе се донесат измени на Законот за трговските друштва во насока на зголемување на правата на малцинските акционери, во согласност со Извештајот на Светска банка „Дуинг бизнис 2016" ([41]), за подобрување на рангот на Република Македонија.

Министерството за економија, во консултации со Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Централниот регистар и Министерството за правда, ќе спроведе анализа на постојното законодавство, заради утврдување на потребата од подготвување дополнителни измени на Законот за трговските друштва.

***Среднорочни приоритети***

Ќе се изврши транспонирање на членот 16 од Директивата за прекугранично спојување на друштвата, во националното законодавство. Директивата, во голем дел веќе е транспонирана во Законот за трговските друштва / десетта глава – *А* Прекугранично спојување со друштва од Европската унија, при што истата е предвидено да се применува од денот на приемот на Република Македонија во Европската унија. Со членот 16 од директивата се регулира учеството на вработените во органите на управување во друштвата основани како резултат на прекугранично спојување. Регулирањето на правото на учество на вработените во Република Македонија во органите на управување во овие друштва, не е предвидено во рамки на националното законодавство. Поради ова, Министерството за економија има потреба од спроведување консултации со експерти од земјите членки на ЕУ, каде што членот 16 од директивата се применува заради утврдување на предностите и недостатоците од транспонирањето на овој член во националното законодавство.

## 3.06.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

**СМЕТКОВОДСТВО**

***Тековна состојба***

[41] Doing Busines 2016

Светска банка го објави ажурираниот Извештај за почитување на стандардите и кодексите за сметководство и ревизија за Република Македонија-ИПСК (Accounting and Auditing Reports on the Observance of Standards and Codes - A&A ROSC). Препораките од Извештајот во делот на следењето на европската правна рамка се однесуваат на усогласување со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.
Во делот на сметководството ќе следи операционализација на Институтот на сметководители и овластени сметководители, со цел извршување на законските надлежности на институтот. Министерството ќе ги извршува надлежностите кои произлегуваат од Законот за вршење на сметководствени работи и се однесуваат на следење на работата на институтот и давање согласност на актите на институтот.

### *Краткорочни приоритети*

До крајот на 2016 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.
Во текот на 2016 година, Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе ги донесе следните акти:

- Програма за полагање на испит за добивање уверение за сметководител, односно овластен сметководител,
- Програма за одобрување на квалификација за сметководител, односно овластен сметководител стекната во странство,
- Годишна програма за континуирано професионално усовршување,
- Годишна програма за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец-сметководител, трговецот поединец-овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи и
- Годишна програма за работа и развој и годишен финансиски план на институтот.

Министерството за финансии дава согласност на актите пред нивното усвојување, согласно Законот за вршење на сметководствени работи.

Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе започне со спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување на членовите на институтот и ќе организира испит за добивање уверение за сметководител односно овластен сметководител.

Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамките на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии ќе се зајакне со вработување на едно лице**.**
Ќе се изберат членовите на работните тела на Институтот на сметководители и овластени сметководители дефинирани со Законот и Статутот на институтот.

### *Среднорочни приоритети*

Министерството за финансии ќе го следи спроведувањето на Законот за вршење на сметководствени работи.
Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе ги врши работите уредени со Законот за вршење на сметководствени работи, и тоа:

- организирање на обуки за континуирано професионално усовршување,
- спроведување испит за сметководител и овластен сметководител,
- издавање уверенија за сметководител и овластен сметководител,
- издавање лиценци за работа на трговци-поединци сметководители, трговци-поединци овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи и
- контрола на работењето на сметководители, овластени сметководители, трговци-поединци сметководители, трговци-поединци овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи.

Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамки на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

## РЕВИЗИЈА

### *Тековна состојба*

Светска банка го објави ажурираниот Извештај за почитување на стандардите и кодексите за сметководство и ревизија за Република Македонија-ИПСК (Accounting and Auditing Reports on the Observance of Standards and Codes - A&A ROSC). Препораките од Извештајот во однос на транспонирањето на правото на ЕУ се однесуваат на понатамошно усогласување на Законот за ревизија со Директивата бр.2014/56 со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки.
Во текот на 2015 година Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНР) ги донесе следните акти:

- Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статут на СУНР;
- Правилник за издавање на лиценци за овластени ревизори, лиценца за работа на друштво за ревизја и лиценца за работа на овластен ревизор – трговец поединец;
- Правилник за вршење надзор над ИОР;
- Деловник за работа на прекршочната комисија при СУНР
- Процедури за соработка и размена на податоци со ИОР

Исто така, во текот на 2015 година Советот оствари меѓународна соработки и потпиша Меморандум за соработка со регулаторните тела од оваа област од Република Словенија (Агенција за јавен надзор на ревизија), Република Албанија (Одбор за јавен надзор), Република Бугарија (Комисија за јавен надзор на овластени ревизори) и со Министерството за финансии на Република Српска и Република Босна и Херцеговина.
Заклучно со септември 2015 година, Советот има издадено 4 лиценци за овластен ревизор и 2 лиценци за овластен ревизор- трговец поединец, а една лиценца на друштво за ревизија е трајно одземена.
Во текот на 2015 година, ИОР донесе измени и дополнувања на Статут на ИОР во насока на усогласување со Законот за ревизија и за истиот е добиена согласност од СУНР; донесе и Годишна програма за работа за 2015 година, како и Годишен извештај за работата на ИОР за 2014 година за кои доби согласност од СУНР; Годишен план за проверки за контрола на квалитетот за периодот 2015/2016 година кои се спроведуваат од септември 2015 година до јуни 2016 година; го усвои и Извештајот за спроведена контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2014/2015 година, кој што е доставен до СУНР за добивање на согласност. Во периодот јуни/јули 2015 година ИОР ја спроведе првата сесија на испитот за стекнување на звањето ревизор, а до крајот на 2015 година е планирано да ја спроведе и втората сесија. Исто така, ИОР ја усвои и Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2015 година и согласно истата во тек се предавања кои ќе завршат во декември 2015 година.

***Краткорочни приоритети***
Во текот на 2016 година, СУНР како дел од своите редовни активности, ќе изготви Годишна програма за работа и Финансиски план за 2016 година.
Во текот на 2016 година, ИОР ќе спроведе испит за стекнување на звањето ревизор, ќе донесе Годишна програма за континуирано професионално усовршување и ќе спроведува континуирано професионално усовршување за овластените ревизори. Како дел од редовните активности, ИОР во текот на 2016 година ќе спроведува проверки на контролата на квалитет согласно Годишниот план за проверки на контролата на квалитет и ќе подготви и усвои Извештај за спроведена контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2015/2016 година. Исто така во наредниот период ИОР планира и усогласување на своите акти со Законот за ревизија.
Во наредниот период ќе се зајакнува капацитетот на СУНР со нови вработувања.

***Среднорочни приоритети***
Во делот на ревизијата**,** ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, односно усогласување со Директивата 2014/56 на Европскиот парламент и на Советот од 16 Април 2014 година со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки .
Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања.

# 3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Беше постигнат **одреден напредок** во спроведувањето на царинските мерки. Обврските и капацитетите на институциите одговорни за спроведување и заштита на правата на интелектуална сопственост и правото на ЕУ се менуваат, но остануваат недоволни. Недостасува доволен учинок од истраги, гонења и судски постапки за пиратеријата и фалсификувањето. Јавните кампањи сѐ уште не се добро развиени. Во следната година, земјата треба особено:

- да ги засили напорите за истрага и кривично гонење на прекршоците на интелектуалната сопственост.

***Резиме***

*Донесени се подзаконски акти за примена на Законот за измени и дополнувања на законот за авторското право и сродните права со што се овозможи поефикасно колективно остварување на авторското право и сродните права. Ќе се донесе Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018 во рамки на поддршката со ИПА програмата;*

## 3.07.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

***Тековна состојба***

Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП)[42] е донесен во насока на поефикасно колективно остварување на авторското право и сродните права, допрецизирање на основите и начинот на определувањето на висината на надоместоците, како и доуредување на одредбите од законот, со кои се пропишани основите за определување надоместоци за користење на авторските дела и предметите на сродните права.

Врз основа на Правилникот за обликот, содржината и техничките карактеристики на системот за електронска евиденција[43] , кој предвидува организациите за колективно управување да обезбедат и инсталираат кај радио-телевизиските организации систем за електронско евидентирање и обработка на податоци за емитуваните авторски дела, односно предмети на сродни права, Министерството за култура, по мислење на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), издаде Решение за давање дозвола за употреба на системот за електронско евидентирање на авторски дела на Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП", Скопје и Решение за давање дозвола за употреба на системот за електронско евидентирање на предмети на сродни права на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ – Скопје.

Со наведената активност реализиран е краткорочниот приоритет за спроведување на електронскиот систем за евидентирање, обработка на податоци, следење и контрола на радио-телевизиското емитување на авторските дела, односно соодветните предмети на сродните права во примената на колективното управување.

Во тек е постапката пред Владата на Република Македонија, која согласно надлежностите предвидени во ЗАПСП, постапува по двете мислења донесени од Комисијата за посредување во авторското право и сродните права и тоа: Мислењето по Предлог тарифата од Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП (од 31.01.2014 г.) и по Мислењето по Предлог тарифата од Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ (од 21.02.2014 г.).

Согласно својата законска надлежност, во 2015 година, Министерството за култура, изврши надзори над актите и работењето на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ – Скопје (ММИ) и Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“, Скопје .

Во тек се уште два надзори над актите и работењето на двете организации за колективно управување.

Министерството за култура континуирано учествува како административно-техничка поддршка во работата на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права.

***Краткорочни приоритети***

---

[42] Сл. весник на РМ" бр. 154/2015

[43] Сл. весник на РМ " бр. 72 /2014,г

Изготвување анализа за подготовка на текстот на измените и дополнувањата Законот за авторското право и сродните права од аспект на хармонизација со легислативата на ЕУ (Рок – трет квартал на 2016 г.).

***Среднорочни приоритети***

Донесување закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права од аспект на хармонизација со легислативата на ЕУ (рок - втор квартал на 2017 г). Долгорочни приоритети: Вклучување на Авторските права и сродните права во образовниот систем на земјата (средно и високо образование)

## 3.07.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

***Тековна состојба***

Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС), со цел да се поттикне заштитата на иновациите, како олеснителна мерка при регистрацијата на првиот патент ја измени и дополни Тарифата на ДЗИС, во делот кој се однесува на патенти, преку укинување на таксите кои се однесуваат на водењето на постапката за регистрација пред заводот. Имено, доколку пронајдувачот е и подносител на пријавата, при поднесување на првата пријава за патент, се укинаа таксите кои се однесуваат на водењето на постапка пред заводот, и тоа следниве ставки од Тарифата на ДЗИС:

- Уредување на пријавата во постапка на формално испитување
- Уредување на пријавата во постапка за испитување на условите за признавање
- За објавување на податоците за признат патент за првите 10 години на важност
- За издавање исправа за признат патент
- За печатење на патентен спис

Со оваа предложена мерка значително ќе се олесни регистрацијата на првиот патент ДЗИС со што и ќе се поттикне заштитата на иновациите со патент.

Исто така реализирани се и студиски посети на вработените на Заводот од Секторот за трговски марки и индустриски дизајн во Заводот за хармонизација на внатрешниот пазар (ЗХВП), што е дел од билатералната соработка помеѓу двете институции.

- Реализиран е билатералниот план за соработка со Европскиот патентен завод (ЕПЗ) и е во завршна фаза новиот билатерален план за соработка 2016-2018
- Воведена е можноста за електронско поднесување на пријави на патенти (во оваа фаза само поднесување на Европски пријави на патент)
- Продолжуваат активностите за воспоставување на информациски систем за комуникација со јавноста и институциите со техничка помош од Норвешка.
- ДЗИС, во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС), на 30 септември и 1 октомври, организираше национална работилница на тема „Градење на однос кон правата од интелектуална сопственост за службени лица овластени за спроведување на правата од интелектуална сопственост“. На работилницата земаа учество и голем број на судии и јавни обвинители.
- Во рамки на соработката, во организација на Европската патентна академија на ЕПЗ во 2014 година, Заводот реализираше 7 обуки за вработените во ДЗИС.
- Обуките на вработените на ДЗИС за изучување на официјалните јазици на Европската патентна организација продолжуваат;
- ДЗИС работи на конкретен план за работа со ЗХВП за 2016 година.
- Во рамките на проектот за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија „Придонес кон покачувањето на конкуренцијата во прекуграничните бизниси, преку промоција и заштита на трговските марки и патенти“, заклучно со септември 2015 година, посети МСП од неколку градови во Западна Македонија со цел промовирање на правата од индустриска сопственост и подигање на свеста на истите.
  Исто така оддржани се и три работилници и тоа:
- Работилница на тема „Постапка на заштита со патент и трговска марка“ која се одржа во Струга на 12.02.2015 година
- Работилница на тема „Административна процедура за заштита на правата од индустриска сопственост“, која се оддржа во Тетово на 23 и 24 април и

- Работилница на тема „Заштита со трговска марка и патент за бизнисите во пограничната зона“, која се оддржа во Струга на 18 и 19 септември.

***Краткорочни приоритети***

- Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.
- Ќе се направат измени и дополнувања на Законот за индустриска сопственост.
- Ќе се реализираат предвидените активности за зајакнување на капацитетите на ДЗИС за ефикасна поддршка на системот за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост, а во рамки на Проектот ИПА ТАИБ 2011.
- Ќе се реализираат активности предвидени со проектот донација од Кралството Норвешка за воспоставување систем за размена на податоци со корисниците на системот за индустриска сопственост, односно ќе се воспостави софтверска алатка за комуникација со јавноста и застапниците на правата од индустриска сопственост.
- Ќе се донесе Стратегија за индустриска сопственост 2016-2018.
- Ќе се реализираат активности за јакнење на капацитетот на ДЗИС, за заштита на правата од индустриска сопственост, преку зголемување на бројот на вработените, како и преку обуки, семинари и работилници во рамките на соработката со СОИС, ЕПЗ и ЗХВП.
- Ќе се интензивираат обуките за мали и средни претпријатија.
- Ќе се поедностави пристапот до информациите од ДЗИС и ЗХВП, кои се однесуваат на системот на заштита на правото на трговска марка и индустриски дизајн.
- Ќе се подигне нивото на размена на податоци помеѓу ДЗИС и ЕПЗ преку подготовка на материјали за обука и прмоција на патентите и иновациите.
- Ќе се преземаат дополнителни активности со цел на интегрирање на базите на податоци во однос на пооделните права од индустриска сопственост со базите на соодветните меѓународни институции;
- Ќе се преземат дополнителни активности со цел да се подобри квалитетот на податоците при размена на истите со ЕПЗ и ЗХВП
- ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост и тоа преку непосредна соработка со Министерството за образование и наука и тоа со акцент на прв и втор циклус на образованието. Во рамките на соработката ќе се предвидат кампањи, составување на едукативни и промотивни материјали, како и востановување на системи за електронско учење.
- Во соработка со Министерството за правда, ќе се надмине проблемот со спроведувањето на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост.

***Среднорочни приоритети***

- Континуирано ќе ги следи промените во законодавстото на ЕУ и меѓународните договори.
- Ќе ги спроведува активностите предвидени со Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018.
- Ќе ги реализира активностите предвидени во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сосптвеност“.
- Ќе продолжи со обуките за вработените во ДЗИС преку плановите за соработка со СОИС, ЕПЗ и ЗХВП, за заштита на правата од индустриска сопственост.
- ДЗИС ќе продолжи со редовните активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање манифестации, учество на саеми, изложби и слично) и истата ќе се интензивира во соработка со Министерството за образование и наука.
- Ќе продолжи обуката на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на ЕПЗ.
- Ќе се реализира новиот Билатерален договор за соработка помеѓу ДЗИС и ЕПЗ за периодот 2016 - 2018 година.
- Ќе продолжи реализирањето на активности предвидени со Меморандумот за соработка со ЗХВП
- Ќе се реализира кампања за подигање на јавната свест за правата од интелектуална сопственост во рамките на проектот Зајакнување на спроведувањето на ПИС .

***Програми и проекти***

- Започна реализацијата на проектот  од ИПА 2011 за пишување „Стратегија за индустриска сопственост 2016-2018“;
- Започна реализацијата на проектот ИПА ТАИБ 2011 за „Зајакнување на капацитетите на Државниот завод за индустриска сопственост за ефикасна поддршка на системот за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост“.
- Сè уште се реализира проектот со кој се предвидува во заводот да се воспостави софтверска алатка за комуникација со јавноста и застапниците на правата од индустриска сопственост.
- Во рамките на соработката со Заводот за хармонизација на внатрешниот пазар (ЗХВП) во текот на 2016 година се очекува да се реализираат три проекти и тоа: Проект за мали и средни претпријатија, Проект за електронско поднесување на пријави за трговски марки и индустриски дизајн, како и изработка на Водич за трговски марки и дизајни.
- Во рамките на соработката со Европскиот патентен завод во текот на 2016 година ќе се реализираат проекти кои се значајни за подобрување на квалитетот на податоците за размена како и за подобрување на интегрирањето на базите на податоци на заводот со тие на Европскиот патентен завод, и тоа проектите: Federated European Patent Register; Quality at source; Espacenet new

## 3.07.3 СПРОВЕДУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Државниот пазарен инспекторат (ДПИ) секој месец до ДЗИС доставува информација  за секое од поглавјата од негова надлежност во ова поглавје. Како клучни постигнувања во  работењето на ДПИ се:

- намален е бројот на фалсификувани производи во прометот (констатација при вршење на редовните инспекциски надзори) и
- присуство на државните пазарни инспектори на обуки и семинари.

Царинската управа на Република Македонија (ЦУ) со цел усогласување со новата регулатива на ЕУ бр. 608/2013 со која се става вон сила Регулативата бр. 1383/2003, нов предлог закон[44] за царински мерки за спроведување на зашитта на интелектуалната сопственост. Со овој закон се уредуваат условите и постапките за преземање дејствија од страна на царинскиот орган кога постојат оправдани причини за сомневање дека стоката ги повредува правата на интелектуална сопственост, во согласност со царинските прописи.
Со неговите измени во јули 2015 година[45] извршена е измена во делегирањето на надлежност при решавање на управните предмети во второстепена постапка со воведување на можност за поведување на управен спор, наместо жалба како што беше пропишано досега. Со измените од ноември 2015 година[46]  извршена е измена во делот на прекршочните одредби и висината на глобите со што овој закон се усогласува со Законот за прекршоците.
Со измените од ноември 2015 година[47]  извршена е измена во делот на прекршочните одредби и висината на глобите со што овој закон се усогласува со Законот за прекршоците.
Со цел усогласување со Регулативата на ЕУ 1352/2013, Царинската управа донесе Правилник за формата и содржината на барањето за преземање на царински дејствија, како и потребната документација и формата и содржината на барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејствија (Сл. весник на РМ бр. 106/2015) и потребните податоци, информации и документација кои се поднесуваат кон барањата. Со правилник се изработија нови обрасци на барањето за преземање и барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејствија, како и потребни податоци, информации и документација кои се поднесуваат кон барањата за преземање на царински дејства.

Непосредно по донесување на новите законски прописи донесено е упатство за примена на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

---

[44] Во Законот за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост кој е објавен во Сл. весник на Република Македонија бр. 88 од 2015 година .
[45] Сл. весник на РМ“ бр. 154/2015
[46] Сл. весник на РМ“ бр. 192/2015
[47] Сл. весник на РМ“ бр. 192/2015

По донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2014 и првата половина на 2015 година, Агенцијата донесе 22 подзаконски акти за спроведување на законските одредби за регулација на медиумската сфера, а кои се однесуваат на: новите рекламни техники, спонзорството, обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, емитувањето европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, минималните технички, просторни, финансови-кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, заштита на малолетните лица, форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, правилата за промена на сопственичката структура, пласирањето производи, мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми.

Во текот на 2015 година беше донесен нов Закон за Академијата за судии и јавни обвинители[48], а потоа во ноември беше донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители[49] . Законот го уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: Академијата), како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, како и вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика.

### *Краткорочни приоритети*

За Царинската управа како приоритети би биле соодветно екипирање на Одделението за нетарифни мерки и со новата систематизација на Царинската управа.

Континуирана едукација и обука на царински службеници за заштита на права од интелектуална сопственост, како и координација на активности со сите надлежни институции за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, вклучувајќи го и Државниот завод за индустриска сопственост како надлежен орган за регистрација на правата од индустриска сопственост.

Во текот на 2016 година предвиден е Твининг проект: Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост во соработка со ДЗИС.

Преземање на активности за надградба на електронската база на податоци во ЕДМС за евиденција на процесите на спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Натамошно усогласување со регулативите и директивите на ЕУ за соодветно спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Освен тоа, во делот на спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, новиот Закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост целосно ќе биде усогласен со новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) (CDEPS), кој е во фаза на реализација на Царинската управа, во чии рамки ќе има посебен модул за обработка на предмети на задржана стока за која постои сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост. Со воспоставување на новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД треба да го замени постоечкиот систем за обработка на царински декларации.

Државниот пазарен инспекторат краткорочните и среднорочните приоритети ги реализира врз основа на тековните активности, а во согласност со кварталните планови и Годишната програма за работа.

Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права при Агенцијата за аудио и аудиовизелни медиумски услуги ги има предвидено следниве актиности:

- Едукација во делот на заштитата на правата од индустриска сопственост и зголемен број на инспекциски надзори.
- Борба против фалсификувани производи, како и унапредување на подобра соработка помеѓу производителите, носителите на правата, институциите и органите се со цел да се унапреди заштита против фалсификатите.

[48] Службен весник на РМ, бр. 20 од 12.02.2015 година
[49] Службен весник на РМ, бр. 192 од 5.11.2015 година

Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2016 година ќе спроведе теоретска настава за VI генерација на слушатели на почетна обука во рамките на која е опфатена и областа Право на интелектуална сопственост со определен број наставни часови во согласност со Програмата за почетна обука.
Во согласност со Програмата за континуирана обука, во текот на 2016 година ќе се продолжи со специјализирана обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост.
Предвидено е, од буџетот на академијата, да се подготват и спроведат вкупно 4 обуки, со вкупно 120 учесници или на секоја одделна обука по 30 учесници и тоа:

- Една обука на тема: „Кривично-правна заштита на правата од интелектуална сопственост“. Целни групи: судии од кривичните оддели и јавни обвинители, претставници на МВР и други државни органи и соодветни институции вклучени во системот на заштита на правата од интелектуална сопственост.
- Една обука на тема: „Граѓанско-правна заштита на правата од интелектуална сопственост“. Целни групи: судии од граѓанските оддели и одделите за трговски спорови во судовите како и претставници на релевантни институции вклучително адвокати/застапници на правата од индустриска сопственост. .
- Една обука на тема: „Прекршочно-правна заштита на правата од интелектуална сопственост“. Целни групи – судии од одделите за прекршоци во судовите, претставници на Државниот пазарен инспекторат и други соодветни институции
- Една обука на тема: „Управно-судска заштита на правата од интелектуална сопственост“. Целни групи – судии и судски соработници од Управниот суд и Вишиот управен суд како и претставници на Државниот завод за индустриска сопственост и други соодветни институции.
- Покрај овие обуки, во рамките на Твининг проект, во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост и Данскиот завод за патенти, ќе се организираат 2 обуки од областа на интелектуална сопственост, наменети за судиите.

Обуките ќе се спроведат во периодот јануари – декември 2016 година, со цел, натамошно јакнење на капацитетите на судиите и јавните обвинители за да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Досегашниот интензивен развој на новите медиуми ја наметнува потребата да се изработат јасни критериуми според кои ќе се идентификува кои субјекти се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе изработи водич со критериуми за идентификување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на барање, со осврт кон законската регулатива во оваа област. *(за повеќе детали, види во 3.10.3 Аудиовизуелна политика).*

### ***Програми и проекти***

Во Државниот пазарен инспекторат за 2016 година, активностите во делот на заштита на правата на индустриска сопственост ќе бидат реализирани во согласност со годишната програма за работа на инспекторатот и истата ке ја достави до Инспекцискиот совет. Врз основа на донесената годишна програма ќе се подготват квартални и месечни планови за работа, со кои ќе се намали присуството на производи на домашниот пазар.

# 3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

***Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на политиката на конкуренција. Постигнат е **одреден напредок** во оваа област. Сепак, буџетот и административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) остануваат недоволни. Во наредната година земјата треба особено:

- да го зајакне спроведувачкото досие на КЗК.

***Резиме***

*КЗК ќе ја продлабочи соработката со Министерството за внатрешни работи во насока на ефикасно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК) и ќе продолжи со блиска соработка со останатите регулаторни тела во земјата.*

*Со цел подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор планирано е да се издадат брошури, организираат конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации и зајакнување на капацитетот на судството да одлучува за сложените предмети во областа на заштитата на конкуренцијата, преку организирање на јавни дебати и конференции.*

*Ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и Уредбата за помош од мало значење со учество на сите заинтересирани страни (даватели и приматели на државна помош) со цел да се утврди нов праг на помош од мало значење во Република Македонија согласно препораките на Европската комисија.*

*Исто така, ќе се воспостави електронски Регистар за државна помош, со што ќе се постигне подобра контрола и следење на државната помош.*

## 3.08.1 АНТИТРУСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

***Тековна состојба***

Во Јануари 2015 година е донесен Водич за откривање незаконски договарања во постапките за доделување на договори за јавни набавки, во соработка со Бирото за јавни набавки. Во јули 2015 година се донесени нови Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација.

Во 2015 година, во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) реализирани се три нови вработувања, со што вкупниот број изнесува 23. Во текот на 2015 година дел од вработените учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции, вклучувајќи ги и семинарите во организација на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија (РКЦ-ОЕЦД/ГВХ) и работните групи за железници во организација на СЕЕТО.

КЗК во 2015 година, заклучно со 25.11.2015 година, донесе вкупно 38 (триесет и осум) решенија од кои 2 (две) решенија за злоупотреба на доминантна позиција (едно во управна постапка и едно во прекршочна постапка) и 36 (триесет и шест) решенија за концентрации (сите донесени во управна постапка, во сите предмети КЗК ја одобри пријавената концентрација со решение). Заклучно со 25.11.2015 година, во тек се 12(дванаесет) постапки пред КЗК од кои 6 (шест) за забранет договор (сите се прекршочни постапки), 2 (две) за злоупотреба на доминантна позиција (двете се прекршочни), 3 (три) за оцена на концентрација (управна постапка) и 1 (една) за полесен прекршок согласно ЗЗК (прекршочна постапка).

КЗК и Министерството за внатрешни работи во мај 2015 година потпишаа Меморандум за соработка. Со овој Меморандум се очекува да се зголеми ефикасноста во остварувањето на надлежностите доверени на двата органа што ќе придонесе за унапредување на конкуренцијата во земјата.

***Краткорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Во 2016 година ќе се донесат Насоки за примена на Програмата за попустливост.

**Имплементација и спроведување**
Во насока на јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, ќе се реализираат ТАИЕКС обуки, национални обуки и обуки во организација на РКЦ-ОЕЦД/ГВХ.

Во 2016 година ќе се реализираат нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема потребни за реализација на предвидените тековни активности.

КЗК ќе ја продлабочи соработката со Министерството за внатрешни работи во насока на ефикасно спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК) и ќе продолжи со блиска соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, а особено со Регулаторната комисија за енергетика, Агенција за електронски комуникации, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Бирото за јавни набавки, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Министерството за внатрешни работи, во согласност со потпишаните меморандуми за соработка, како и соработка во рамки на Мрежата за конкуренција при Енергетската заедница.

Со цел подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор планирано е да се издадат брошури, организираат конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации, доколку се обезбеди буџет за истите. Исто така, планирано е зајакнување на капацитетот на судството да одлучува за сложените предмети во областа на заштитата на конкуренцијата, преку организирање на јавни дебати и конференции.

### *Среднорочни приоритети*
**Законодавна рамка**
Во 2017 година ќе се донесат:
- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата во делот каде се уредуваат договорите од мало значење *(де минимис)* сгласно препораките на Европсата комисија;
- Уредба за договори од мало значење кои значително не ја ограничуваат конкуренцијата според член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата *(де минимис)* која ќе биде усогласена со водичот од Комисијата во прилог на Соопштението од Комисијата со бр.: {C(2014) 4136}
- Уредба за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата за категории на договори за трансфер на технологија, која ќе биде усогласена со Регулативата на ЕК 32014R0316.

**Имплементација и спроведување**
Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и ТАИЕКС обуки за вработените во стручната служба на КЗК. Воедно, се планира воведување на позиција Главен економист во КЗК со цел вршење на економски анализи и прибирање економски докази и податоци во случаите на забранети договори и картели, како и злоупотреба на доминантна позиција.

Исто така, ќе се реализираат активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање на брошури, организирање на конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации, доколку се обезбеди буџет за истите. Во план е и зајакнување на капацитетот на судството да одлучува за сложените предмети во областа на заштитата на конкуренцијата, преку организирање на јавни дебати и конференции.

**Програми и проекти**
Нотирана е потребата на КЗК за потребата од ТАИЕКС со цел зајакнување на нејзините капацитети во делот на антитруст вклучувајќи и концентрации, како и останати проекти.

## 3.08.2 ДРЖАВНА ПОМОШ
### *Тековна состојба*

Во 2015 година, заклучно со 25.11.2015 година КЗК донесе 11 (единаесет) решенија за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош со кои одобри идно планирано доделување на државна помош.

### *Краткорочни приоритети*

**Законодавна рамка**

Во овој период ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и Уредбата за помош од мало значење со учество на сите заинтересирани страни (даватели и примателі на државна помош) со цел да се утврди нов праг на помош од мало значење во земјата согласно препораките на Европската комисија.

**Имплементација и спроведување**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и обуки.

Во 2016 година ќе се реализира напредна обука на вработените во стручната служба на КЗК и ТАИЕКС работилница за државна помош и надзор врз спроведување на договорите за доделување на државна помош.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во овој период до крајот на 2017 година планирано е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на државната помош како и Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за помош од мало значење со цел да се утврди нов праг на помош од мало значење во Република Македонија согласно препораките на Европската комисија.

**Имплементација и спроведување**

Во периодот 2017-2018 година ќе се продолжи со реализација на обуки на вработените во стручната служба на КЗК и обуки за давателите на државна помош. Се планира реализација на нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности.

Исто така, ќе се воспостави електронски Регистар за државна помош, со што ќе се постигне подобра контрола и следење на државната помош.

# 3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на финансиските услуги. Постигнат е **одреден напредок**, особено во подобрување на капацитетите за спроведување и примена на регулаторите на финансискиот пазар. Загриженоста на Европската комисија и на Венецијанската комисија во врска со усогласеноста на *правото на ЕУ* за предложените меѓународни финансиски зони, треба соодветно да се земе предвид.

***Резиме***

*Ќе бидат извршени измени и дополнувања на Законот за банки а до крајот на 2016 година ќе биде донесен и Нов закон за банки во насока на обезбедување на постабилен финасиски систем во Република Македонија. До крајот на 2016 година ќе се донесе посебен Закон за опоравување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестицикси фирми. Во 2017 година ќе се донесе нов Закон за осигурување во кој ќе биде транспонирана Директивата за солвентност 2 (2009/138/ЕЗ). До крајот на 2016 година ќе се донесе Законот за конечно порамнување во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност со кој ќе се изврши транспонирање на Директивата за конечно порамнување (98/26/ЕЗ). Два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за пазарот на хартиите од вредност и Закон за издавање и понуда на хартии од вредност) ќе бидат донесени до крајот на 2016 година, кои ќе биде во голема мера усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал.*

## 3.09.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

***Тековна состојба***

Во 2015 година, беа подготвени измени и дополнувања на Законот за банки во насока на усогласување со новите базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија, кои во текот на 2016 година ќе бидат донесени од страна на Собранието на Република Македонија. Со новите измени ќе се воведат заштитни слоеви на капитал (buffers). Со измените ќе се зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Истовремено, ќе се подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе се овозможи нивна подобра супервизија со што ќе се зголеми заштитата на депонентите. Исто така, со измените ќе се релаксира работењето на надзорните одбори на банките, односно ќе се преоценат неговите надлежности и обврската за одржување на редовни состаноци.

Заклучно со октомври 2015 година, банкарскиот систем на земјата го сочинуваат 15 банки.

Банкарскиот систем продолжи да расте и во трите квартали на 2015 година, со што и понатаму се зголемува степенот на финансиско посредување. На крајот на септември 2015 година, вкупните актива на банкарскиот систем на годишна основа порасна за 5,6%. Вкупните депозити на нефинансиските лица се зголемија за 5,9% на годишно ниво, додека вкупните кредити на нефинансиските лица пораснаа за 8,9%.

Најзначаен ризик за остварувањата и стабилноста на банките, останува кредитниот ризик. На 30.9.2015 година, нефункционалните кредити на нефинансиските лица се зголемија за 4,0%, што претставува повеќе од тројно намалување на нивниот раст, споредено со крајот на септември 2014 година. Како резултат на ваквите движења, се намалува и учеството на нафункционалните кредити во вкупните кредити на нефинансискиот сектор, од 12,2% на 30.9.2014 година, на 11,7% на 30.9.2015 година. Во исто време, се задржа целосната покриеност на нефункционалните кредити со исправката на вредност (која на 30.9.2015 изнесува 103,1%), со што се намалува ризикот за стабилноста на банките од целосна ненаплатливост на нефункционалните кредити.

Солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат подобрување во 2015 година, што произлегува од подигнувањето на висината и квалитетот на капиталните позиции. И понатаму, стапката на адекватност на капиталот е двојно повисока од законскиот минимум од 8% и изнесува 16,2% (јуни 2015 година). Ликвидносната позиција на банките и натаму е на задоволително ниво. И покрај малиот годишен раст на ликвидната актива од 0,3%, таа зафаќа 30,7% од вкупната актива на банкарскиот систем. Високата и стабилната солвентност и

ликвидност на банките, придонесуваат за отпорност на банкарскиот систем на симулираните ликвидносни и кредитни шокови при стрес тестирањето.
Добивката на македонскиот банкарски систем остварена во трите квартали од 2015 година изнесува 3.719 милиони денари и е за повеќе од 50% повисока во однос на истиот период од 2014 година, што соодветно се одрази и врз подобрување на показателите за профитабилноста. Стапката на поврат на активата изнесува 1,2%, додека стапката на поврат на капиталот достигна 11,1%.

Од аспект на новините во банкарската регулатива и супервизија во Република Македонија, 2015 година ја одбележаа два проекта поврзани со воведување на барањата на Базел 3 и со завршување на деталната сопствена оценка на усогласеноста на банкарската супервизија и регулатива со ревидираните Базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија од 2012 година.
Активностите за воведување на барањата на Базел 3 беа насочени кон:

- заокружување на анализата на краткорочниот ликвидносен стандард (ЛЦР)(LCR), при што се идентификуваа позициите во билансите на банките во Република Македонија коишто одговараат на позициите коишто согласно со Базел 3 како и Директивата за пристапот на активностите на кредитните институции и пруденттната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми (ЦРД IV) и Регулативата за пруденттните барања за кредитните институции и инвестициските фирми (ЦРР), треба да бидат вклучени во утврдувањето на стапката на покриеност со ликвидност. Врз основа на изработената анализа, во тек е подготовка на предлог за воведувањето на овие стандарди во постојната регулатива за управување со ликвидносниот ризик;
- идентификување на сличностите и разликите во начинот на дефинирање на сопствените средства на банките помеѓу регулативата за адекватноста на капиталот на Народната банка на Република Македонија и Базел 3 и ЦРД IV/ЦРР. Како резултат, изработени се нацрт-измени и дополнувања на постојната методологија за утврдување на адекватноста на капиталот во делот кој што се однесува на дефинирањето на одделните елементи на сопствените средства.

Деталната сопствена оценка на усогласеноста на банкарската супервизија и регулатива со ревидираните базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија од 2012, започна во 2014 година, како среднорочен проект чијашто цел беше соодветно зајакнување на супервизијата што ја спроведува Народната банка, како и унапредување на банкарската регулатива којашто е во надлежност на Народната банка или давање соодветни предлози за унапредување на Законот за банките. Во 2015 година се заокружи целосната оценка и се утврди висок степен на усогласеност на македонската банкарска супервизија и регулатива со базелските принципи. Заради надминување на идентификуваните слабости и недостатоци утврдени се соодветни активности и рокови за нивно спроведување. Дел од активностите се веќе спроведени. Имено, за дел од утврдените недостатоци изработен е предлогот за измени и дополнувања на Законот за банките.
Во јули 2015 година беа извршени измени и дополнувања на Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица. Со измените се изврши усогласување со препораките за дефинирање поврзани лица, содржани во базелскиот документ за супервизорската рамка за мерење и контрола на големите изложености[50].
Во текот на 2015 година продолжија активностите во областа на финансиската едукација како посебна активност во НБРМ. Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија (АТТФ) од Луксембург, во Скопје се одржаа семинари на тема:

- „Back Office операции" („Back Office Operations");
- „Кон Базел III" („Towards Basel III");
- „Мали и средни претпријатија – од бизнис план до финансирање" („SME: From Business Plan to Bank Financing") и
- „Банкарство со население" ("Retail Banking")

На сите семинари учествуваа претставници од банките во Република Македонија, Народната банка, Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност.
Банкарската супервизија продолжува со активности коишто значат зајакнување на кадровскиот капацитет, преку континуираната посета на семинари, користење техничка помош од ЕУ институции, централни банки на земји-членки на ЕУ и други релевантни институции[51]. Во овој домен, од посебна важност е остварената работна посета на Банката на Германија, во јуни 2015 година. Предмет на посетата беа европските стандарди и пракса за решавање

[50] Supervisory framework for measuring and controlling large exposures, Basel Committee on Banking Supervision, April 2014.
[51] Народната банка има склучено билатерални меморандуми за соработка со централните банки на Германија, Холандија и Хрватска.

банки со проблеми, односно примената на Европската директива бр. 59/2014 за воспоставување рамка за заздравување и решавање на кредитните институции и инвестициските фирми (Banking Recovery and Resolution Directive).

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Задржување на стабилноста на финансискиот систем и негов натамошен развој остануваат приоритети во оваа област. Овие приоритети ќе се реализираат преку следните активности:

До крајот на 2016 ќе се изврши усогласување на банкарската регулатива со Директивата 2013/36/ЕУ за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми. Со измените ќе се зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење.

До крајот на следната година ќе се донесе и посебен Закон за опоравување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестицикси фирми. Со новиот закон ќе се создадат услови за брза реакција на супервизорските органи во случај на ризици во работењето на банките. Целта на овие активности е да се следат меѓународните стандарди во доменот на банкарската регулатива и супервизија што следствено ќе придонесе за натамошно зајакнување на процесите за управувањето со ризиците од страна на банките.

Во 2016 година активностите во доменот на банкарската регулатива ќе бидат насочени кон:

- Изработка и објавување на методологии за утврдување на дел од заштитните слоеви на капиталот (за системски значајни банки и за противцикличниот заштитен слој), по вклучување на соодветните одредби во Законот за банките,
- Разгледување на потребата за воведување стапка на задолженост, имајќи ги предвид препораките на Базел 3,
- Испитување на ефектите од донесувањето на нацрт-регулативите за дефинирање на сопствените средства и краткорочниот ликвидносен стандард (тестирање на нацрт-регулативите од страна на банките во Република Македонија).

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции ќе продолжи да функционира со вработени три лица.

За потребите на анализа и пропишување на стандардите од Базел 3, во Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност во Народната банка ќе се спроведуваат редовни активности за јакнење на капацитетот на вработените, преку посета на соодветни семинари и користење техничка помош од релевантни институции од ЕУ, земји-членки на ЕУ и други меѓународни институции. Во овој домен, веќе е побарана техничка помош од две централни банки којашто треба да биде реализирана во 2015 година.

***Среднорочни приоритети***

Усвојување и примена на напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал според Базел 2.

Врз основа на новиот закон со кој ќе се воведе Директивата 2014/59/ЕУ (за опоравување на банки со проблеми), ќе се извршат соодветни прилагодувања и измени на подзаконската регулатива и интерните процедури на Народната банка во овој домен.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица и нивна посета на обуки во земјата и странство.

Обезбедување кадровски предуслови за подготовка на регулативата за напредните пристапи од Базел 2 и за примена на барањата за опоравување и заздравување на банки со проблеми. Заради градење на капацитетите за соодветна примена на напредните пристапи од Базел 2, во текот на првата половина на 2016 година ќе биде

организирана техничка помош од Банката на Словенија за воспоставување интерен рејтинг систем, врз основа на податоците со кои располага Народната банка за клиентите на банките.

## 3.09.2 ОСИГУРУВАЊЕ И КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

***Тековна состојба***

На пазарот на осигурување активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Бројот на друштва за застапување во осигурување во вториот квартал на 2015 година се зголеми за едно друштво (деловна банка која врши работи на застапување), со што вкупниот број на друштва за застапување изнесува 14, а бројот на осигурително брокерските друштва е 30 .

Во вториот квартал на 2015 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 4,31 милијарди денари, што претставува раст од 8,36% во однос на БПП остварена во вториот квартал на 2014 година. Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето (живот и неживот). Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 48,82%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се ОБД со 58,98%, а додека пак кај неживотното осигурување најзначаен канал е директната продажба со 52,61%.

На крајот на вториот квартал 2015 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,21 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,15 милијарди денари (кај неживотното осигурување 992 милиони денари, а кај осигурувањето на живот 152 милион денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,5 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување го сочинуваат две пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Средствата на пензиските фондови се одвоени од средствата на друштвата и се чуваат во овластени банки како чувари на имот. Контрола на работењето на овие субјекти врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), која истовремено со подзаконски акти го регулира вториот и третиот столб и предлага законски измени.

Во првата половина на 2015 година Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) спроведе 7 теренски супервизии кои се однесуваа на работењето на 4 друштва за осигурување и 3 осигурително брокерски друштва. Врз основа на спроведените супервизии, изречени се мерки на супервизија и поднесени се 25 претставки, при што 5 се решени негативно, 6 во корист на подносителите на претставките, 5 претставки се без основ за постапување и 8 претставки се во процес на решавање.

Основната правна рамка со која се регулира основањето, вршењето на работи на осигурување, работи на застапување и посредување во осигурување и супервизијата на осигурување во Република Македонија се Законот за супервизија на осигурување[52] („Службен весник на РМ“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08, 67/10, 44/11, 30/12, 188/13, 43/14, 112/14 и 153/15), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот[53] , Законот за облигациони односи и Законот за трговски друштва.

Заклучно со септември 2015 година Агенцијата ги донесе следните правилници:

- Правилник за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи (Службен весник на РМ бр. 24/2015)
- Правилник за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (Службен весник на РМ бр. 24/2015)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата,содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, (Службен весник на РМ бр. 50/2015)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување (Службен весник на РМ бр. 50/2015).

[52] Службен весник на РМ“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08, 67/10, 44/11, 30/12, 188/13, 43/14, 112/14 и 153/15

[53] Службен весник на РМ“ бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14 и 145/15

Во истиот период во доменот на лиценцирање, Агенцијата издаде 1 дозвола за вршење осигурително брокерски работи, 2 дозволи за вршење работи на застапување во осигурувањето, 3 дозволи за воведување на нова класа на осигурување, 11 согласности за измена на статут, 5 согласности за именување на членови на орган на управување, 10 согласности за именување на друштво за ревизија, 1 согласност за стекнување квалификувано учество во осигурително брокерско друштво и 1 согласност за вршење работи на застапување во осигурување од страна на банка.
Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување со анализа во кое моментално се вработени две лица.
Во моментов, АСО има 31 вработен. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените во земјата и странство. Во 2015 година продолжува соработката со Народната банка на Холандија (De Nederlandsche Bank- DNB), и ќе бидат реализирани взаемни активности во насока на надг радување на професионалниот капацитет на вработените.
Во рамки на планираните активности за развој и промоција на пазарот на осигурување, АСО ги реализира проектните активности:

- Одбележување на Меѓународниот ден на штедењето, 31 октомври, 2015 година – во рамки на проектните активности за финансиска едукација на населението во земјата, АСО, НБРМ и Министерството за финансии објавија конкурс за деца и млади, за учениците од основното и средното образование;
- Одбележување на денот на осигурување, 1 ноември, 2015 година – по тој повод АСО одржа манифестација во чии рамки беше доделена награда за млад истражувачки труд од областа на осигурувањето и управувањето со ризик. На овој настан, а во насока на подигнување на нивото на финансиска едукација на децата и младите, АСО ја промовираше и мини брошурата "Како функционира осигурувањето", која ќе има за цел да ги научи најмладите за придобивките од осигурувањето и можноста за избегнување на ризиците и нивно управување и
- Промоција на брошура за патничко осигурување.

На полето на капитално финасирано пензиско осигурување, МАПАС постојано инвестира во зајакнување на своите човечки и материјални капацитети. Изминатиот период, МАПАС разви систем на оценка на ризик, во кој, посебно внимание е насочено кон управувањето со супервизираните ентитети и изврши ревидирање на некои процеси поврзани со системот за управување со квалитет. Согласно супервизијата врз основа на ризик во 2015 година се спроведоа две теренски контроли и тоа на пензиските друштва и пензиските фондови. Тековно контролите се вршат вонтеренски од страна на секторите за контрола каде се следи акумулацијата, инвестирањето и деакумулацијата на средствата на пензиските фондови.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**
Планирано е донесување на подзаконски акти со цел понатамошно унапредување на регулативата, особено во однос на управување со ризици во осигурувањето и донесување на интерни акти со цел зајакнување на методологијата за спроведување на супервизијата.
Покрај активностите во делот на воспоставување и континуирано подобрување на регулаторната рамка, АСО ќе се насочи и кон активности на понатамошно унапредување и развој на дејноста застапување и посредување во осигурување преку продолжување на активностите на спроведување континуирана обука на застапници и брокери во осигурување. Континуираната обука на застапниците и брокери ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на пазарот на осигурителни услуги и зголемување на довербата на корисниците на осигурителни услуги во осигурителниот сектор.
Во наредниот период, а со цел насочување на ресурсите на МАПАС кон супервизија врз основа на оценка на ризик преку активностите на Комитетот за оценка на ризик на МАПАС, редовно ќе се разгледуваат сите потенцијални ризици на пензискиот систем и ќе се предлагаат можни контролни механизми. Одржување на ефикасноста и ефективноста на МАПАС преку постојано подобрување на систем за управување со квалитет согласно барањата на стандардот ИСО 9001:2008 и одржување на сертификатот на стандардот, како и согласно барањара на стандардот ИСО 27001: 2013 кој се однеува на системот за управување со податоци и одржувањето на стандардот.
Во наредниот период МАПАС ќе продолжи да учествува на работните средби за финансиска едукација на населението со претставници од финансиските супервизорски и регулаторни тела во Р. Македонија за заедничка

меѓусебна соработка, ќе продолжи да ја промовира активноста за отворени денови на Агенцијата, и преку достава на флаери и неделни презентации по средните училишта и факултетите ќе ги запознаваат учениците и студентите со пензиската реформа во земјата.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување со анализа ќе продолжи да функционира со вработени две лица.

АСО континуирано вложува во зајакнување на човечките ресурси преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените. Во рамки на активностите за развој на овие ресурси АСО спроведува редовни обуки во земјата и странство.

Исто така, АСО продолжува со следните активности:

- Планирање обуки во рамки на воспоставената соработка со Народната банка на Холандија – ДНБ/DNB,
- Користење на ТАИЕКС алатката,
- Интензивирање на соработката со супервизорските тела од земјите членки на ЕУ со кои АСО има склучено меморандум за соработка,
- Спроведување на заеднички супервизии со регулаторите од земјите каде потекнуваат матичните друштва,
- Учество на АСО во работењето на супервизорски колеџи,
- Вклучување на АСО во програмските определби на Европското тело за осигурување и пензиски фондови (ЕИОПА) со цел воведување на еднаквост и во земјите надвор од ЕУ во постапката на формирање и чување на професионалната тајна во осигурувањето.
- Зачленување во ОЕЦД-ИНФЕ (Меѓународната мрежа за финансиска едукација)
- Планирање работилница за пазарно однесување (market conduct)
- Планирање заеднички проектни активности од областа на супервизија и осигурување со ЕИОПА и СБ.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

На среден рок ќе се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви.

Во 2017 година ќе се донесе нов Закон за осигурување во кој ќе биде транспонирана Директивата за солвентност 2 (2009/138/ЕЗ). Подготовката на Законот за осигурување ќе се врши преку Проектот „Понатамошно усогласување со ЕУ на полето на осигурување и зголемување на пазарните операции“[54]во рамките на Националната програма за ИПА компонента 1 - ТАИБ за 2012-2013 година.

МАПАС ќе продолжи со унапредување на пензискиот систем, а особено реформата во капитално финансирано пензиско осигурување, односно вториот и третиот столб од пензискиот систем. Во следниот период ќе се работи на унапредување и натамошен развој на овој систем. Среднорочните приоритети се насочени кон следење на акумулација на средствата на членовите во пензиските фондови преку вниманието за подобро инвестирање на средствата, како и поголемо внимание на процесот на деакумулацијата што треба да следи во нареден период на кој МАПАС преку воспоставените процедури посветува соодветно внимание на секој поединечен случај.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување со анализа при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на ново лице.

## 3.09.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2016 година во рамки на Проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги“, ќе се изврши транспонирање на Директивата за конечно порамнување (98/26/ЕЗ) во Законот за конечно порамнување во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност. Со имплементацијата на директивата во

[54] “Further Harmonization with EU in the field of insurance and increase of market operations”

овој закон ќе се придонесе за минимизирање на системските ризици на учесниците во постојниот платен систем и постојниот систем за порамнување на хартиите од вредност, како и за одржување на стабилноста на истите.

## 3.09.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

***Тековна состојба***

Во февруари 2015 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност. Со измената на Законот се менува постојната дефиниција за сертификатите за депозит и издавачите на краткорочните сертификати за депозити се ослободуваат од обврската за добивање на дозвола за издавање од Комисијата, со што банките се стимулираат да издаваат вакви хартии од вредност. Исто така, со оваа измена се уредува друштвата за управување со инвестициски фондови да станат членки на депозитарот за хартии од вредност, со цел да можат да отвораат портфолио сметки во депозитарот во свое име, а за сметка на вложувачот при вршење на услугата - управување со средства за сметка на индивидуален клиент. Во насока на поголема заштита на интересите на клиентот, со измените на Законот се доуредуваат обврските на брокерските куќи во делот на внесувањето на налозите на клиентите и приоритетот при нивната реализација.

Во септември 2015 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност со кој се воведе можност за издавање на обврзници обезбедени со недвижен имот. Во Законот се пропишува постапката за издавање на обврзниците обезбедени со недвижен имот како и обврските кои ги има издавачот на овие обврзници. Исто така, со оваа измена се изврши дополнување на услугите со хартии од вредност кои ги вршат брокерските куќи, со нова услуга за прием и пренос на налози за тргување со хартии од вредност на странски пазари на хартии од вредност, со цел да се овозможи функционирање на македонските брокери на заедничката платформа која ќе биде формирана од Македонска, Загребска и Софиска берза, на која ќе се тргува со хартиите од вредност кои котираат на овие три берзи.

Во септември 2015 година, претставници на Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност, со поддршка на ИПА проектот "Натамошно усогласување со правото на ЕУ во област на пазарот на капитал, платниот промет и финансиските услуги – пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги", реализираа студиска посета во Република Словенија. Во рамки на тридневната посета беа одржани работни состаноци во неколку институции и тоа со Агенцијата за тргување со хартии од вредност на Република Словенија - ATVP, Централниот депозитар – KDD, Љубљанската берза и Министерството за финансии на Република Словенија. На сите состаноци се дискутираше за начинот на имплементирање на директивите од областа на пазарот на капитал во словенското законодавство, какво е влијанието од имплементацијата на европската легислатива врз словенското законодавство и проблемите со кои се соочиле институциите при имплементација на овие директиви во Словенија.

Во периодот јануари-септември 2015 година на примарниот пазар на капитал во Република Македонија се издадоа вкупно 72.500 нови обични акции во вкупна вредност од 8.615.805 денари, односно 140.000 евра, и тоа од страна на двајца издавачи. И двете емисии се реализирани по пат на приватна понуда за однапред познат купувач.

На крајот од наведениот период, една банка започна со реализација на јавна понуда за продажба на сопствени акции, и тоа во вкупна вредност од 25.960.000 денари, односно околу 420.065 евра.

Заклучно со септември 2015 година на секундарниот пазар на капитал во Република Македонија функционира вкупно 10 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 6 брокерски куќи и 4 овластени банки за работа со хартии од вредност.

Во периодот од јануари-септември 2015 година, вкупниот промет (класично тргување на акции и обврзници и блок трансакции) остварен на Македонската Берза изнесуваше 1.533.100.785 денари, односно околу 24,81 милион евра. Бројот на котирани компании на официјалниот пазар на Македонската Берза до крајот на септември 2015 година изнесува 114 и нивната вкупна пазарна капитализација на 30 септември 2015 година изнесувала 94.518.017.780 денари или околу 1,53 милијарди евра. Берзанскиот индекс МБИ10 на 30.09.2015 година изнесувал 1.704,46 индексни поени.

Бројот на АД-а со посебни обврски за известување што се водат во Регистарот на КХВРМ заклучно со 30 септември 2015 година изнесува 17.

Во наведениот период на пазарот на капитал во Република Македонија функционираа 5 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 13 отворени инвестициски фондови. На 30.09.2015 година нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови изнесувала вкупно 2.724.141.701 денар или околу 44,080 милиони евра.

Во Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на Република Македонија, кое е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската унија, во моментов се вработени две лица во редовен работен однос.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за пазарот на хартиите од вредност и Закон за издавање и понуда на хартии од вредност) ќе бидат донесени до крајот на 2016 година, кои ќе биде во голема мера усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал, ќе обезбедат поголема заштита на малцинските акционери во акционерските друштва, поголема транспарентност на компаниите и воведување нови финансиски инструменти. За подготовка на новите закони беше одобрен проект преку ИПА 2010. Проектот започна со имплементација на 25 февруари 2015 година и ќе трае до август 2016 година. Во моментов во тек е процес на подготовка на првите нацрт текстови на законите. По усвојувањето на законите, КХВ ќе ги донесе потребните подзаконски акти за нивна имплементација.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за пазар на капитал, Сектор за финансиски систем при Министерството за финансии на краток рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

На среден рок ќе продолжи процесот на хармонизација на домашната регулатива во областа на пазарот на капитал со регулативата на ЕУ, што има за крајна цел воспоставување на модерен, пазарно ориентиран, стабилен и конкурентен финансиски сектор. Планирано е да се донесат и измени на Законот за инвестициски фондови заради усогласување на домашното законодавство со пакетот (директива) УЦИТС (UCITS) 4 која се однесува на Друштва за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (воведување на фондови - потхранувачи и фондови – господари (главен), процедури за прекугранични и домашни спојувања на отворените инвестициските фондови и обезбедување поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот) и Директивата АИФМД (AIFMD) за менаџерите на Алтернативните инвестициски фондови.

# 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Постои **добро ниво на подготвеност** во областа на информатичкото општество и медиумите. Во изминатата година, беше направен **одреден напредок**. Во следната година, земјата треба особено:

- да гарантира правилно спроведување на новото донесено законодавство за електронски комуникации и аудиовизуелни медиумски услуги;
- да ги зајакне независноста и капацитетот на аудиовизуелниот медиумски регулатор и на јавната радиодифузна услуга.

***Резиме***

*Во 2016 година ќе се прошири системот за интероперабилност и ќе се воспостави централен портал за електронски административни услуги. Во текот на 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски акти во случај на измени и дополнувања на позитивните законски прописи од оваа област. Исто така, Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет.*

## 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

***Тековна состојба***

Поради донесувањето на новиот Закон за електронските комуникации („Сл. весник на РМ“, бр. 39/2014), во текот на 2014 година Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) направи измени на целото секундарно законодавство. Со тие измени секундарното законодавство се усогласи со измените на Законот за електронските комуникации. Во таа насока, во 2015 година не се предвидуваа промени на подзаконските акти.

*Основен закон*: Закон за електронските комуникации (ЗЕК) [55]Во законот транспонирани се Директива 2009/140/ЕЗ, Директива 2009/136/ЕЗ, како и Директива 2014/61/ЕУ.

*Стратешки документи:*

- Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии;
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет;
- Петгодишна регулаторна стратегија на АЕК; и
- Национална краткорочна ИКТ стратегија

Со оглед на фактот дека Европската Унија во 2009 година донесе нов пакет на директиви за електронски комуникации произлезе потреба од усогласување на македонското законодавство со истите. Законот за електронските комуникации (“Сл. весник на РМ”, бр.39 од 25.02.2014 година) е целосно усогласен со последниот пакет на Директиви за електронски комуникации на ЕУ од 2009 година.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и АЕК.

Институции кои имаат индиректна надлежност врз развој на електронските комуникации се МИОА, Министерство за економија (МЕ), Министерство за финансии (МФ), Комисија за заштита на конкуренцијата (КЗК), Дирекција за заштита на лични податоци (ДЗЛП), Институт за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ).

**Секундарно законодавство** (надлежност на АЕК**)**

Поради донесувањето на новиот Закон за електронски комуникации (“Сл. весник на РМ”, 39/2014) во текот на 2014 и 2015 година АЕК направи измени на целокупното секундарно законодавство со цел усогласување со новиот закон.

- [55] „Сл. весник на РМ“, бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015 година.

Со тие измени секундарното законодавство се усогласи со измените на Законот за електронски комуникации, а во исто време и со Директивите за електронски комуникации на Европската Унија од 2009 година.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Стратешки документи:

- Национална краткорочна ИКТ стратегија 2016-2017
- Петгодишна регулаторна стратегија на АЕК 2012-2016

**Секундарно законодавство (надлежност на АЕК)**

Во 2015 година од страна на Европскиот парламент беше усвоена Регулатива за единствен телекомуникациски пазар во Европската Унија (TSM Telecoms Single Market), но одредбите за роаминг на оваа регулатива не се директно применливи на нашиот национален пазар бидејќи истите се однесуваат на земјите членки на Европската Унија. АЕК во текот на 2016 година ќе направи анализа на усогласеноста на секундарното законодавство во однос на одредбите за заштита на принципот на отворен интернет од истата регулатива и ќе направи дополнителна усогласеност со секундарното законодавство доколку се утврди дека има потреба од тоа. Најголем дел од одредбите во делот за отворен интернет беа имплементирани во текот на 2015 година, додека Регулативата беше во нацрт-верзија.

Исто така, доколку во текот на 2016 година од страна на Европската Унија се донесат нови препораки или одлуки за пазарот за електронски комуникации со што ќе се креираат нови регулаторни насоки, АЕК ќе ја преиспита потребата од усогласување на секундарното законодавство со истите.

Од страна на АЕК за имплементација на секундарното законодавство во 2016 година се предвидуваат следните активности:

- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници, а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (СЛА) (согласно Директива за универзална услуга, Директива за интерконекција и пристап и Рамковна директива);
- Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и нивно бришење доколку не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Анализа на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и транспарентноста на податоците;
- Контрола на малопродажни цени преку методологија за регулирање на малопродажни цени со примена на тестови за истиснување на конкуренцијата на пазарот (price squeeze);
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери;
- Мониторинг со мобилни и фиксни мониторинг-станици;
- Редовен, контролен и вонреден стручен надзор;
- Следење на операторите определени за давател/-и на универзална услуга;

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронските комуникации, како и за имплементација на мерките кои произлегуваат од секундарното законодавство во 2015 година, потребно е:

- Изградба на мониторинг-кула на Водно, Скопје;
- Користење на специјализиран софтвер и систем на сензори за ефикасен мониторинг на фрекфентниот спектар на Република Македонија;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции, како и институции на локалната самоуправа;
- Активно учество во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации;

- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарното законодавство и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми;
- Постојано следење на усогласеноста на националното законодавство со правната рамка на ЕУ.

## 3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

***Тековна состојба***

*Стратешки документи:*

- Национална краткорочна ИКТ стратегија; и
- Национална стратегија за е-инклузија.

*Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:*

- Закон за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“, бр.124/15);
- Закон за електронско управување („Сл. весник на РМ“, бр. 105/09, 47/11 и 193/15);
- Закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа–МАРнет („Сл. весник на РМ“, бр. 124/10, 47/11 и 41/14);
- Закон за електронски комуникации („Сл. весник на РМ“, бр.39/14, 44/15, 193/15);
- Закон за електронска трговија („Сл. весник на РМ“, бр. 133/07, 17/11 и 192/15 );
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Сл. весник на РМ“, бр. 127/08 и 17/11);
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Сл. весник на РМ“, бр. 34/01, 06/02, 98/08 и 33/15);
- Закон за заштита на личните податоци („Сл. весник на РМ“, бр. 07/05, 103/2008, 124/08, 124/10, 135/11 и 43/14 );
- Закон за користење на податоците од јавниот сектор („Сл. весник на РМ", бр.27/14); и
- Закон за авторското право и сродните права („Сл. весник на РМ", бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07, 115/10, 140/10, 51/11 и 147/13);

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Мерки за развој на информатичкото општество

- Спроведување на Акциски план (АП) за унапредување на електронската трговија;
- Проширување на системот за интероперабилност;
- Развој на централен портал за електронски административни услуги; и
- Развој на електронски услуги

Мерки од институционален карактер

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација;
- Зајакнување на соработката со домашни и странски институции;
- Вработување на нови кадри и развој на постојните кадри во МИОА; и
- Користење на техничка помош од инструментот ТАИЕКС на ЕУ;

**Институционална рамка**

- Министерство за информатичко општество и администрација и
- МАРнет-Македонска академска истражувачка мрежа

## 3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

*Стратешки документи:*

Стратегија за развој на радиодифузната дејност 2013-2017

*Основни закони:*

- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Сл. весник на РМ“, бр. 184/2013, 13/2014; 44/2014; 101/2014; и 132/2014); и
- Закон за медиуми („Сл. весник на РМ “, бр. 184/2013 и 13/2014).

Во националното законодавство транспонирана е Директива 2010/13/ЕЗ за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија.
По донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2014 и првата половина на 2015 година, Агенцијата донесе 22 подзаконски акти за имплементација и спроведување на законските одредби за регулација на медиумската сфера, кои притоа се однесуваат на: новите рекламни техники, спонзорството, обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, емитувањето европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, минималните технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио- и телевизиско емитување, заштита на малолетните лица, форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, правилата за промена на сопственичката структура, пласирањето производи, мерењето на гледаноста и слушаноста на програмите, начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудиопрограми. Истите се достапни на www.avmu.mk.

### *Краткорочни приоритети*

**Законодавна рамка**

**Секундарно законодавство** (надлежност **на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)**

Имајќи предвид дека во текот на 2014 и 2015 година беа усвоени сите подзаконски акти за спроведување на новата законодавна рамка, односно Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2016 година Агенцијата ќе врши усогласување на постојните и донесување на нови подзаконски акти во случај на измени и дополнувања на позитивните законски прописи од оваа област.
Досегашниот интензивен развој на новите медиуми ја наметнува потребата да се изработат јасни критериуми според кои ќе се идентификува кои субјекти се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Агенцијата ќе изработи водич со критериуми за идентификување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на барање, со осврт кон законската регулатива во оваа област.
За доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, Агенцијата ќе ги реализира следните активности:

- Имплементација на годишниот план за вршење програмски надзор за 2016 година, согласно кој ќе се врши:
  - редовен програмски надзор врз радиодифузерите за почитување на обврските за емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации;
  - редовен програмски надзор врз радиодифузерите за почитување на обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој;
  - редовен програмски надзор врз радиодифузерите за почитување на обврските за поттикнување и заштита на културниот идентитет;
  - редовен програмски надзор врз радиодифузерите за почитување на другите програмски обврски;
  - редовен програмски надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
  - редовен програмски надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

- Имплементација на годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, согласно кој ќе се врши:
  - редовен административен надзор врз радиодифузерите;
  - редовен административен надзор врз издавачите на печатените медиуми;
- Изработка на два полугодишни извештаи за преземените активности на Агенцијата во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање;
- Истражување на мислењето на публиката за квалитетот на програмската понуда на радиодифузерите и за застапеноста на одделни видови содржини на програмите на домашните радиодифузери;
- Годишна анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;
- Годишна анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите;

- Со цел развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, во 2016 година Агенцијата ќе изработи:
  - Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2015 година;

- Студија за утврдување на состојбите на регионалниот и локалниот телевизиски пазар, со препораки за надминување на пречките за развој и за создавање услови за одржливи модели на финансирање на регионалните и локалните телевизиски станици.

Агенцијата согласно своите надлежности воедно ќе изработи:

- Годишна анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2015 година (според работни места, образование, пол и статус);
- Годишна анализа на структурата на вработените според етничката припадност во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2015 година.

Со цел спроведување на обврските на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите, ќе се изработат:

- Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на радиодифузерите;
- Анализа на начинот на претставување и прикажување на жените и мажите во програмските концепти и содржини на радиодифузерите.

Во насока на спроведување на „Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост“ , Агенцијата ќе спроведе истражување и анализа на потребите на лицата со оштетен вид и слух и на актуелната ситуација во медиумите во врска со програмите наменети за лицата со попреченост.

За имплементација на „Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија“ во 2016 година, Агенцијата ќе ги преземе следните активности:

- објавување брошура во која ќе се објаснат концептите за медиумска писменост и која ќе биде дистрибуирана до медиумските професионалци и до општата јавност, особено до училиштата, како дел од соработката со образовните институции;
- спроведување на аудиовизуелна информативна кампања за теми од медиумската писменост;
- организирање работилница за релевантна активност поврзана со медиумската писменост;
- иницирање на формирање мрежа за поттикнување на медиумската писменост составена од заинтересираните субјекти во рамки на релевантните чинители (т.е. јавни институции и министерства, медиуми, граѓански организации и образовни тела);
- спроведување истражување на нивото на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија.

**Институционална рамка**

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги се Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во текот на 2016 година Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет преку:

- програми и обуки за стручно усовршување на вработените во Агенцијата (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл.);
- набавка на информатички средства согласно стратегијата за развој на ИКТ во Агенцијата;
- имплементација на проектот IPA EuropeAid/136311/IH/SUP/MK – „Обезбедување опрема за систем за мониторинг на медиумски содржини за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС - ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

**Тековна состојба**

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник на РМ“ бр.184/2013) и Законот за медиуми („Службен Весник на РМ“ бр. 184/2013), МРТ подготви Нацрт на Статутот на МРТ во согласност со новите законски одредби.

Во  согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги , Програмскиот совет на  МРТ во месец јануари го донесе Статутот на МРТ и на таа основа се избраа Надзорниот одбор на МРТ во февруари и Директорот на ЈРП МРТ и Заменикот на Директорот на ЈРП МРТ во месец март 2015 година .
Програмскиот совет на МРТ донесе Деловник за својата работа во месец август , а Надзорниот одбор донесе Деловник за својата работа во ноември 2015 година .
Со тоа се заокружи процесот на  формирањето на органите на МРТ согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Во текот на 2015 година во МРТ надлежните органи ги донесоа следниве акти:
Правилник за плати на вработените на МРТ; Правилник за надоместоци на патни и други трошоци;Правилник за финансиско работење на МРТ; Правилник за авторски,изведувачки и сродни права и надоместоци; Правилник за условите за користење на архивски материјали; Правилник за цените на услугите; Правилник за безбедност и заштита на работа; Правилник за заштита од пожари; Правилник за деловна тајна; Правилник за огласување и спонзорство; Правилник за јавни набавки;
Во финална фаза на усогласување е Етичкиот кодекс на ЈРП МРТ.

***Краткорочни приоритети***
**Законодавна рамка**
Со усвојувањето на Статутот на МРТ се создаваат формално правни услови за избор на Надзорниот одбор на МРТ и Директорот на МРТ.

Во текот на 2016 година, МРТ ќе ги донесе и општи правни акти за внатрешна организација.[56]

Во текот на 2016 година МРТ ќе започне со експериментално емитување на три нови канала и тоа документарен, забавен и детски со што ќе ја збогати сопствената програмска понуда.
Исто така големо внимание  МРТ ќе посвети и на создавање технички и програмски услови за емитување на својата програма преку соодветни платформи на интернет.
Значаен приоритет ќе биде и стабилизирањето на финансиската состојба на МРТ, во соработка со надлежните државни органи, пред се преку зголемување на наплатата на основниот извор на финансирање –радиодифузна такса.

56

Правилник за внатрешна организација на МРТ; Правилник за систематизација на работни места во МРТ; Правилник за плати на вработените во МРТ; Правилник за надоместоци на патни и други трошоци; Етички кодекс – кодекс на однесување на вработените; Правилник за финансиско работење на МРТ; Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци; Правилник за условите за користење на архивски материјали; Правилник за цените на услугите; Правилник за безбедност и заштита на работа; Правилник за заштита од пожари; Правилник за деловна тајна; Правилник за огласување и спонзорство; Правилник за јавни набавки; Правилник за формата и содржината на регистарот на обврзници за плаќање РДТ; и  Одлуки со кои на општ начин се уредуваат односите во МРТ.

# 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на земјоделството и руралниот развој. Постигнат е **одреден напредок.** Новата стратегија за земјоделство и рурален развој за 2014-2020 година обезбедува рамка потребна за справување со клучните ограничувања за развојот на секторот. Наредната година, земјата треба особено:

- да се фокусира на поефикасно користење на средствата од ИПАРД.

***Резиме***

*Законите врз чија основа се темели земјоделството и руралниот развој се веќе донесени. Воспоставен е Интегриран административен контролен систем (ИСАК), а системите за спроведување на програмите за финансиска поддршка: Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП), Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) и Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) се функционални.*

*Донесена е Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2013-2017 година („Службен весник на РМ“ бр.134/2012 и бр.143/2013). Во декември 2014 година, врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој се донесе Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (НСЗРР) за периодот 2014-2020 година („Службен весник на РМ“ бр. 197/2014).*

*Уредувањето на пазарите и минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи со цел нивно пуштање во промет е уредена со Закон на квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на РМ бр. 140/2010, 53/2011, 55/2012 и 106/13“) и преку Законот за земјоделство и рурален развој, воспоставени се Националниот регистар на лозови насади и Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) на ниво на државата. Пазарните податоци од системот на ЗПИС, се комплетно подготвени да даваат извештаи врз база на кои надлежните соодветни иституции ќе носат одлуки за пазарно регулирање на определени стратешки производи дефинирани во регулативите на ЕУ.*

*По добивањето на акредитација од ЕК за три мерки од ИПАРД програмата 2007-2013 континуирано се работи на надградба и подобрување на системите за спроведување на ЕУ помошта за рурален развој.*

*На 19.10.2015 година добиена е одлука за акредитација и на четвртата мерка од ИПАРД 2007-2013, мерката за Техничка помош.*

*Со одлука на Европската комисија од 13.02.2015, усвоена е Програмата за земјоделство и рурален развој на Република Македонија, во рамки на Инструментот за пред-пристапна помош ИПА II за периодот 2014-2020.*

*Во наредниот период, главни активности се добивање на ре- акредитација за новите мерки и изготвување на мерки предвидени со новата ИПАРД Програма за период 2014-2020 и започнување на спроведување преку објава на јавни повици и финализирање на активности за затварање на ИПАРД 2007-2013.*

*Согласно Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 се предвидуваат мерките за рурален развој, кои ќе се реализираат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку која ќе се искористат националните финансирања за подобрување на состојбите во земјоделството и руралниот развој. Согласно Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2014-2020 година (Сл. весник на РМ 197/14) се предвидуваат мерките за финансиска поддршка на руралниот развој, кои ќе се реализираат преку годишните програми.*

*Со цел полесно спроведувањена законските одредби и поголема усогласеност со европската регулатива, во завршна фаза се измените и дополнувањата на Законот за органско земјоделско производство кои се направени во согласност со последните измени на ЕУ Регулатива 889/2008 и тоа најмногу во делот на надзорот и контролата во органското земјоделско производство. Во тек е реализацијата на Националниот план за*

*органско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е дел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020.*
*Уредувањето на пазарите и минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи со цел нивно пуштање во промет е уредена со Закон на квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на РМ бр. 140/2010, 53/2011, 55/2012 и 106/13 "). Во глава III од истиот закон е регулирана заштитата на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за традиционален специјалитет. Законот за квалитетот на земјоделските производи генерално е усогласен со Епропските регулативи и прописи од соодветните области.*

## 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на РМ" бр.49/10, 53/11; и 126/12; 15/13; 69/13 и 106/13), донесена е Национална Програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2013-2017 година. Врз основа на Програмата се донесе Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година („Службен весник на РМ" бр. 200/14) и Уредба за поблиски критериуми за директни плаќања, корисници на средствата, максимални износи и начин на директни плаќања за 2015 година („Службен весник на РМ" бр. 16/15).
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирање на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Секторот за анализа на земјоделска политика е надлежен во делот на единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) и анализа на земјоделската политика. ЗПИС во тек на 2015 година континуирано преку доставувачите на пазарни податоци - репортерите прибираа, обработуваа и објавуваа дневни пазарни информации преку веб.страната www.zpis.gov.mk, потоа објавуваа неделни, и месечни извештаи и публикуваа и го подготвуваа и објавуваа Годишениот извештај за ЗПИС, во кој е даден осврт на движењата на цените на земјоделските производи за изминатите две години, согласно регулатива CR (ЕС) бр. 479/2010. Активностите за поврзување на базата на податоци од ЕРЗС со базата на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) се реализирани во 2014 година.
Врз основа на утврдениот План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за 2015 година, прибрани се податоци од 600 земјоделски стопанства.
Потпишан е договор за спроведување на проектот „Идна надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)", финансиран од ИПА – ТАИБ 2011, кој треба да започне кон крајот во на 2015 година.
Регистрацијата на парцели на стопанствата во СИЗП во најголем дел е завршена. Тековно се врши регистрирање на нови СИЗП парцели како и ажурање на веќе регистрираните СИЗП парцели доколку кај истите има потреба. Регистрирањето на СИЗП парцела е услов за аплицирање по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 - 2015 година.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Согласно НСЗРР за периодот 2014 – 2020 година, се дефинираат идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.
Ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2016 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година.

**Институционална рамка**

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.

Во однос на Земјоделско информативниот систем (ЗИС), кон крајот на 2015 и почетокот на 2016 година ќе започне реализација на проектот ИПА – ТАИБ 2011 со цел идна надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС) и

согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од надградба на ЗПИС системот во насока на усогласување со стандардите на ЕУ и потребите на корисниците, а се во прилог за подготвување на системот кон потребите на заедничката земјоделска политика (ЗЗП) и заедничко уредување на пазарите (ЗУП.) Врз основа на ажурираната типологија на земјоделски стопанства, во 2015 година, МЗШВ и Државниот завод за статистика (ДЗС), ќе изготват План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства во Република Македонија за 2016 година.

Реализацијата на ИПАРД Програмата, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се реализира и следи преку системот на ИСАК (IACS). Примарни модули на ИСАК се системот за примање и обработка на барањата за финансиска поддршка, интегрираниот систем за контрола (ИСК) и системот за авторизација на исплати, а во истиот е вклучен и дополнителен модул за база на референтни цени. Конфигурацијата на софтверот е во тек и истиот е во фаза на финално тестирање.
Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директни плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.

АФПЗРР се соочува со зголемени надлежности и постојан одлив на кадри. Во насока на делумно ублажување на проблемот, вработени се 30 лица на одредено време (3 месеци). Се подготвува измена на Правилникот за внатрешна организација на АФПЗРР во правец на подготовка за преземање на базите на податоци- Единствениот Регистарот на земјоделски стопанства и СИЗП-системот за идентификација на земјоделските парцели во рамките на АФПЗРР во текот на 2016 година со цел нивно навремено ажурирање.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Предвидено е да се подготви и реализира Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2017 и 2018 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 и 2018 година.
Во однос на АФПЗРР; предвидена е измена на Законот за основање на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

**Институционална рамка**

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори во МЗШВ кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите во областа на интензивирање на евроинтегративниот процес.
Од 2017 година, се предвидува преку ИПА – ТАИБ 2012 програмата да се обезбедат нови ортофото снимки од целата територија на Република Македонија со што би се надградил СИЗП со нови дополнителни податоци.
За потребите на ФАДН ќе се изготви План за избор на репрезентативни земјоделските стопанства за 2017 и 2018 година. Со цел подобрување на квалитетот на ФАДН податоците од особено значење се предвидените активности во рамки на проектот од ИПА – ТАИБ 2011 за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" за подготовка на техничка спецификација за набавка на нов софтвер за ФАДН за кој набавката, согласно новата регулатива на ЕУ за ФАДН е предвидена во рамки на ИПА – ТАИБ 2012. Во однос на ЕРЗС, во тек на 2017 и 2018 година се планираат континуирани активности во насока во ажурирање на базата и поврзување со останатите бази на податоци, како и надградба на системот со вградување на можности за подготовка на разни типови на извештаи.
Во однос на ЗПИС, во тек на 2016 година ќе се спроведува проектот од ИПА – ТАИБ 2011 компонентата I за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" и согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од правна и институционална надградба на земјоделско информативниот систем.

### *Програми и проекти*

Во однос на Земјоделско информативниот систем (ЗИС) во тек на 2016 година ќе се спроведува проектот од ИПА – ТАИБ 2011 за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" и согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од правна и институционална надградба на земјоделско информативниот систем, кој ги вклучува сите одделенија во Сектор за анализа на земјоделска политика. Исто така преку анализа на моменталната состојба ќе се дефинираат потреби од нови проекти кои понатака ќе дадат поддршка на ефективната анализа на

земјоделската политика, усогласена со потребите на ланците на производителите на храна, какко и за комплетна хармонизација на стандардите со ЕУ.

Целосно усогласување на законската рамка и методологијата на ФАДН согласно новата регулатива и методологија на ЕУ за ФАДН е предвидена во рамки на твининг проектот финансиран од ИПА – ТАИБ 2013, финализација на ФАДН системот.

Во периодот 2014-2016 година преку Секторот за консолидација на земјоделско земјиште размена и идентификација на земјишни парцели се планира реализација на два консолидациски проекти поддржани од ФАО, а од 2017 година предвидено е да се реализираат поголем број на проекти со финансиска поддршка од ИПА 2015 средствата на ЕУ и буџетот на Република Македонија.

Проектот „Поддршка во консолидацијата на земјоделско земјиште" финансиран од ФАО започна со реализација од 2015 година. Основна цел на проектот е поддршка во консолидацијата на земјоделското земјиште и зголемување на капацитетот на министерството за спроведување на проектите за консолидација. Со помош на проекти финансирани од ИПА 2015 континуирано ќе се продолжи со поддршка на активностите за консолидација на земјоделско земјиште.

## 3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

***Тековна состојба***

Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој, кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделски производи. Покрај овие закони, следниве закони се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи: Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на РМ" бр. 113/07; 24/11; 136/11 и 123/12), Закон за тутун и тутунски производи („Службен весник на РМ"бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14 и 193/15), Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РМ" бр. 72/07 и 05/09).

Со Законот за квалитет на земјоделски производи регулирани се земјоделските производи од растително потекло, како и производи од животинско потекло. Законот ги уредува нивните минимални или пазарни стандарди за квалитет и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните политики за Заедничкото уредување на пазарите (ЗУП).

Во однос на класирањето на земјоделските производи по квалитет согласно Закон за квалитетот на земјоделските производи, спроведувањето на одредбите што се однесуваат за класирање целосно се спроведуваат во делот на уредување на пазарот на јајца и месо од живина, пазарот на жита, ориз и брашно, делумно се спроведуваат во делот на уредување на пазарот на млеко, свежо овошје и зеленчук и пазарот за месо.

За да се надмине овој проблем, се направија одредени измени во делот на уредување на пазарот со млеко во Законот за квалитетот на земјоделските производи, во однос на воведување на систем за обука на контролори кои ќе бидат задолжени да земаат примроци од свежото млеко за анализа на квалитетот и со крајна цел плаќање на истото по класа на квалитет. Изработени се измените и дополнувањата на Законот за квалитетот на земјоделските производи во однос на воспоставувањето на систем за контрола на млеко и истите се објавени во Службен весник на РМ бр. 116/2015 година. Во моментов се работи на изработка на подзаконските акти кои произлегуваат од најновите измени и дополнувања на Законот, а паралелно се работи и на обезбедување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за кои ќе бидат наменети за опремување на две современи лаборатории за анализа на квалитетот на млекото. Со реализација на наведениве активности ќе се овозможи целосен функционален систем за анализа, класирање и исплата по класа на квалитет на млекото по примерот на земјите-членки од ЕУ.

Во текот на месец септември 2015 година, МЗШВ објави јавен повик за избор на корисници на финансиска поддршка за опремување на две современи лаборатории во Штип и Тетово за анализа на квалитетот на млекото.

Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамки на Законот за земјоделство и рурален развој. Изработена е Уредба за финансиска поддршка за складирање на пченица која ќе биде објавена доколку настане нарушување меѓу понудата и побарувачката на домашниот пазар со пченица.

Правната рамка за уредување на винскиот сектор и пазарот со вино е доуредена со Законот за виното („Службен весник на РМ“ бр. 50/10, 53/11,06/12, 23/13, 106/13 и 188/13).

Покрај Законот за виното, во примена се и правилници кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.
Тековно, во октомври 2015 заради зајакнување на пазарот на тутун беа реализирани со помош на TAIEX работилница и студиска посета на кои беа согледани искуствата во оваа област на земјите-членки на ЕУ кои имаат слична структура на производство на тутун. До декември 2015 година се планира да се стави во целосна функција електронскиот систем за договорени и откупени количини тутун по откупувачи.

## *Краткорочни приоритети*

### Правна рамка

Со цел спроведување на одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи во делот на уредување на пазарот на млеко и млечни производи, се предвидува обука и полагање на контролорите за земање на мостри од млеко.
Во 2016 година се планира да се подобри уредувањето на пазарот на тутун со Законот за тутун и тутунски производи преку усогласување на дефинициите кои се користат во општата терминологија на ЕУ делумно усогласени со Директива 40/2014, како и следењето на адитивите во тутунските производи.

### Институционална рамка

Од аспект на уредување на пазарите на земјоделските производи од растително потекло и специјализирани култури, во 2016 година предвидено е зајакнување на одделенијата за поледелство и градинарство во рамки на Секторот земјоделство, како и зајакнување на соодветните одделенија во рамките на Секторот за лозарство, винарство и овоштарство и Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи.
Заради обврската за воспоставување на електронски систем за водење на евиденција на пријавени, евидентирани и договорени површини и количини тутун по производители, откупувачи, по типови на тутун, потребно е во 2016 година да се зајакне Секторот за ИТ и Секторот за земјоделство со едно ново вработување по сектор.

## *Среднорочни приоритети*

### Правна рамка

Од аспект на производите од растително потекло, предвидено е донесување на нови подзаконски акти согласно Законот за тутун и тутунски производи, делумно усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ. Исто така потребно е да се ревидира постоечката законска рамка во делот на Уредување на пазарите, да се изврши усогласување со најновите ЕУ регулативи.

### Институционална рамка

Предвидено е континуирано зајакнување на соодветните сектори и институции релевантни за уредување на пазарите на земјоделски производи во 2016-2017 преку TAIEX обуки, работилници и студиски посети на земји-членки на ЕУ заради обезбедување на знаење и стручност во областите и институциите кои се релевантни за уредување на пазарите на земјоделски производи.

### Програми и проекти

Во периодот 2016-2017 година ќе се спроведува проект од ИПА – ТАИБ 2013 –Реформи во секторот тутун во согласност со европските заеднички пазарни организации.

## 3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ

***Тековна состојба***

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој донесена е Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година („Службен весник на РМ" бр.67/15, 131/15, 138/15, 145/15, 177/15 и 204/15), Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РМ" бр. 6/13, 81/13, 181/13, 01/14, 23/2014, 136/14, 157/14 и 139/15.), Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на РМ" бр. 124/11, 80/13, 72/14 и 88/15) и Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на РМ" бр. 124/11 и 80/13, се реализираат мерките предвидени во програмата.

Врз основа на Законот за земјоделски задруги („Службен весник на РМ"бр.23/13, 51/15 и 193/15) донесени се четири подзаконски акти за доуредување на постапката за упис во регистарот на земјоделски задруги, како дел од националното законодавство.

Во текот на 2015 година изработени се два нови члена во Законот за земјоделство и рурален развој кои се поврзани со финансискиот инжинеринг и тоа во делот VII. Државна помош во земјоделството член 98-а „Субвенционирање на каматна стапка" и член 98-б „Кофинансирање на банкарски гаранции" кои како мерки ќе се реализираат преку Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој исклучиво од буџетот на Република Македонија наменети за руралниот развој.

Во текот на 2015 година потпишан е договор за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (САД) за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Македонија за кои Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година издвои 43.800.000 денари или околу 800.000 $.

Изготвена е седмата модификација на ИПАРД програмата 2007-2013. Предлогот за модификации, кој содржи измени на финансиските табели и технички прилагодувања и подобрувања во програмата, официјално е доставен до Генералниот директорат за земјоделство на ЕК на 08.10.2015 и за истиот се очекува одобрување до крај на 2015 година.

Во текот на месец септември 2015 добиена е одлуката за пренесување на правото за користење на средствата за мерката 501 Техничка помош од страна на Европската комисија, и истата е ефектуирана од страна на АФПЗРР со доставување на писмо – покана до МЗШВ за доставување на Барање за финансиска подршка за активностите кои произлегуваат од Акциониот план за мерката Техничка помош.

Во рамките на Твининг лајт проект „Помош за Платежна Агенција за подготовка на Мерката јавна рурална инфраструктура" финансиран од ИПА 2010, изработен е акредитациски пакет за Мерката инвестиции во јавна рурална инфраструктура во рамките на ИПАРД II програмата, и истиот е доставен до Националниот координатор за акредитација со цел отпочнување на постапката за доверување на задачите за реализација на буџетот Согласно усвоениот Акционен план за акредитација, предвидено е целокупна постапка да заврши до крајот на 2016 година.

Истовремено, АФПЗРР го поднесе во јули 2015 година до Еврската комисија, Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој и акредитацискиот пакет за веќе акредитарините мерки, изменет во согласност со одредбите на ИПАРД II Прогарамата и за истиот се очекува да добие одобрение во почетокот на 2016 година. Со завршување на постапката за доверување на задачите за реализација на буџетот за веќе акредитираните мерки: Инвестиции во физички средства во земјоделските стопанства, Инвестиции во физички средства во преработката и маркетинг на земјоделските и рибните производи, Диверзификација и деловен развој на земјоделските стопанства и мерката Техничка помош, АФПЗРР ќе добие право за почеток на спроведување на средствата од ИПАРД II по претходно усвојување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиската подршка од инструментот за претпристапна помош ИПА II во секторот земјоделство и рурален развој-ИПАРД II.

Во тек на 2015, во рамките на МЗШВ е започнат проект финансиран од ИПА 2010 за „Подготовка на мерките: Спроведување на локалните стратегии за развој, ЛИДЕР пристап и Советодавна служба“ , во рамките на кој треба да се изработат и пишаните процедури за работа на АФПЗРР со цел на отпочнување на постапката за доверување на задачите за реализација на буџетот за горенаведените мерки. Предвидено е процедурите да бидат подготвени до крајот на 2016 година.
На 15 декември 2015 започнува Твининг проектот од ИПА 2011 „Понатамошно зајакнување на ИПАРД Агенцијата“, во траење на 21 месец во рамките на кој е предвидено завршување на постапките за акредитација- доверување на задачите за реализација на буџетот на новите мерки. Во 2014 година беше реализирана проценка/евалуација за ИПАРД од страна независни проценители ангажирани од страна на ЕК. Проценката на независните проценители содржи: проценка на тековната програма, претходна проценка на програмата 2014-2020, како и оценка на помошта на ЕУ за земјоделство и рурален развој. Согласно финалните документи од независната проценка за ИПАРД, изготвен е план за надминување на наодите и реализација на препораките, кои се однесуваат на Телото за управување со ИПАРД и АФПЗРР.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Врз основа на НСЗРР 2014-2020 година, во 2016 година се планира да се донесат измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој и пропратни подзаконски акти во насока на усогласување со новата регулатива на ЕУ за рурален развој.

Во 2016 планирано е да се донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година во која преку мерки на финансиска поддршка ќе се реализираат насоките од НСЗРР.

Планирано е изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од член 5 став (3) од Законот за земјоделските задруги и за „начинот на вршење на дејноста преку соработка во вршењето на услугите од страна на земјоделската задруга за наводнување на земјоделски површини преку користење на системи за наводнување врз основа на претходно склучен договор со надлежен субјект за вршење на водостопанска дејност”. Се очекува во месец јануари 2016 истиот да биде објавен во Службен весник.

Во однос на остварување на функциите за управување со претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во 2016 година ќе се превземаат следниве активности:

- Осма модификација/измена на финансиски табели на ИПАРД Програмата 2007-2013 година;
- Ратификација на билатералниот договор - Секторска спогодба за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 помеѓу Република Македонија и Европската комисија;
- Финализирање и усвојување на Уредба за начинот и методот за алокација на финансиска поддршка за мерки за рурален развој, финансирани преку ИПАРД 2014-2020;
- Изработка и усвојување на националниот акт за усвојување на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка на план за евалуација за ИПАРД 2014-2020;
- Усогласување на законскиот акт за Комитетот за следење на ИПАРД согласно новиот програмски период 2014-2020;
- Прва измена на ИПАРД 2014-2020 со воведување на нови мерки;
- Усвојување на законски акт за спроведување на мерката за 501 Техничка помош од ИПАРД Програмата;
- Донесување на подзаконските акти за спроведување на Мерката 301 Рурална инфраструктура.

Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2016 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања за ИПАРД. Кампањата ќе се одвива согласно Годишниот план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2015, изготвен врз основа на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013 и ќе биде насочена кон промоција на гарантен фонд и ко-финансирање на каматни стапки за ИПАРД проекти. Во 2016 година е планирана и интензивна кампања и публицитет на можностите и условите кои ќе се нудат преку ИПАРД 2014-2020.

**Институционална рамка**

Во МЗШВ за креирање и реализација на политиките на руралниот развој и државната помош во земјоделството во периодот од 2008 година до 2015 и понатаму е надлежен Секторот за рурален развој, преку своите 5 одделенија.
Во 2016 година предвидени се измени на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД со цел да се усогласат со Законот за државни службеници (76/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013, 106/2013) и другите законски акти кои се во сила, а се однесуваат на стандарди за човечки ресурси.
Во 2016 година ќе се продолжи со зајакнување на административниот капацитет со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно. Ќе биде изготвен Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата за 2015 кој треба да биде доставен кон средина на 2016 година. Во 2016 година ќе биде одржан и првиот Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Изработка на подзаконските акти согласно член 64 од Законот за земјоделство и рурален развој во текот на првата половина од 2016 година.

Активностите ќе бидат насочени кон активности за акредитација на мерките М301 Рурална инфраструктура М303, Поддршка на обуки во земјоделството и М201 агроеколошки мерки како и ажурирање на Листата за прифатливи трошоци согласно ИПАРД Програма 2014-2020.

До средината на 2017 година ќе биде изготвен и финалниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2007-2013.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2017 и 2018.

**Институционална рамка**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за рурален развој со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци. Во контекст на активноста за воспоставување на сигурносен ИКТ систем за Телото за управување со ИПАРД се планира обезбедување на кориснички пристап до базите на податоци на АФПЗРР, преку интегрирање на системите на податоци со системите на податоци на ИПАРД Агенцијата во еден систем на проток на податоци меѓу двете институции.
Воедно, се планира и утврдување на кориснички пристап до бази на податоци и регистри во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на сите поврзани активности за воспоставување на ИКТ системи поврзани со ЗИС.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно во 2017 и 2018.

**Програми и проекти**

За успешно искористување на ИПАРД фондовите, од ИПА ТАИБ 2010 се реализира следниот проект:

- Проект за услуги „Воведување на нови ИПАРД мерки и подготвителни активности за ИПАРД 2014-2020“.

Од ИПА ТАИБ 2011 предвиден е следниов проект за АФПЗРР кој започнува на 15.12.2015:

- Твининг проект „Натамошно јакнење на АФПЗРР и подготовка на Агенцијата за програмскиот период 2010-2014“

Од ИПА ТАИБ 2012 предвиден е следниот проект:

- „Поддршка за подготовка и реализација на ИПА 5-та Компонентата (ИПАРД II) по 2013 - IPARD "help desks".

## 3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

### *Тековна состојба*

Со цел поголема усогласеност со ЕУ Регулативите за органско производство, во завршна фаза се измените и дополнувањата на Законот за органско земјоделско производство, во согласност со изработените предлог измени на истиот, во рамките на Твининг проектот за органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи финансиран од ИПА ТАИБ 2009 година, кој траеше до ноември 2014 година.

Во тек е реализација на Националниот План за органско земјоделско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е донесен во декември 2013 година.

Согласно Националната програма за земјоделство и рурален развој 2013 – 2017 година, финансиската поддршка на органското производство продолжува и во 2015 година. Освен утврдената поддршка, која е 30% повисока од висината на директните плаќања за конвенционалното производство, за 2015 година се предвидени мерки на поддршка со дополнителна поголема висина: 50% за полјоделски култури, сточарско и пчеларско производство, 70% за овоштарство и лозарство и 100% за градинарско производство, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

За поголем развој на органското производство на храна, МЗШВ започна со реализација на проект „Отварање продавници за органско производство и кампањи за поголема потрошувачка на органското производство“ во чии рамки се предвидува спроведување на национална кампања за зголемување на свеста на граѓаните за користење на органската храна и отварање на специјализирани продавници за органска храна. Се планира овој проект да трае до 2018 година.

Се формира првиот Регистар за органски земјоделски производители како основна база на сите релевантни податоци за органско земјоделско производство во Република Македонија, во рамките на ИМЕ (Проект за зголемување на пазарот за вработување) и Швајцарската фондација за техничка соработка, со цел развој и реконструкција на веб платформа за органско производство: www.organicmacedonia.org.mk.

Во 2015 година, системот за контрола и сертификација во органското земјоделско производство во Република Македонија бележи промени во однос на контролните/сертификациски тела. Од месец јули во тековната 2015 година, системот за контрола и сертификација на органското земјоделско производство го спроведуваат две овластени сертификациски тела од страна на МЗШВ, од претходно постоечките три контолни/сертификациски тела. Според тоа контролата и сертификацијата во органското земјоделско производство во Република Македонија, ќе продолжат да ја вршат две контролни/сертификациски тела: Балкан Биосерт и Про Церт Контрола и Сертификација – како ново овластено сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство, почнувајќи како ново од месец јуни 2015 година. Додека на претходно постоечкото овластено сертификациско тело Агри Био Церт му се одзема овластувањето и е избришано од евиденцијата на контролно/сертификациско тело за органско земјоделско производство, поради престанок на исполнување на условите наведени во член 46 од Законот за органско земјоделско производство.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Со цел интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулатива на Комисијата бр. 392/2013 за системот на контролите за органско производство, Регулатива на Комисијата бр. 1235/2008 за увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, како и на Регулатива на Комисијата бр. 710/2009 за утврдување на детални правила за органско производство на животни од аквакултурата, во завршна фаза се измените и дополнувањата на Законот за органско производство. По донесување на измените и дополнувањата на законот, дополнително ќе бидат утврдени и подзаконските акти кои ќе се донесат врз основа на истиот.

Предвидено е усвојување на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2016 година, врз основа на која ќе се реализира финансиската поддршка во овој сектор.

Функционалност на Регистарот на органски земјоделски производители како основна база на сите релевантни податоци за органско земјоделско производство во Република Македонија, во рамките на ИМЕ (Проект за зголемување на пазарот за вработување) и Швајцарската фондација за техничка соработка.

**Институционална рамка**
Во Одделението за органско земјоделско производство, предвидени се обуки за новиот кадар на институционално ниво.
Освен придонесот кон понатамошно усогласување на Законот и подзаконските акти од областа на органското производство, институционално ќе се зајакнуваат и засегнатите страни во органското производство во Република Македонија.

***Среднорочни приоритети***
**Правна рамка**
Предвидено е подготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за органско производство, како и подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2017 и 2018 година.

**Институционална рамка**
Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство и ДИЗ, како и обуки на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.

**Програми и проекти**
Реализација на проектот „Отварање продавници за органско производство и кампањи за поголема потрошувачка на органското производство“ до 2018 година.

## 3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

***Тековна состојба***
Согласно планираните активности, Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи при МЗШВ, кој е задолжен за спроведување на одредбите од глава III од законот - Заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет, ги изработи измените и дополнувањата на Законот за квалитетот на земјоделските производи и истите се објавени во Службен весник на РМ бр. 116/15 на 09 јули 2015 година. Со наведените измени и дополнувања покрај тоа што се изврши усогласување со новата европска регулатива 1151/12, се поедностави и процедурата за заштита на квалитетот и се намалуваат трошоците за заштитата за кои беше утврдено дека се високи за производителите и поради тоа постоеше слаб интерес кај истите.

Во моментов се изработуваат подзаконските акти од глава III Заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет што се однесуваат на водењето регистри за заштитени ознаки и регистри за корисиците на заштитените ознаки. Правилниците се доставени до Секретаријатот за законодавство на мислење.

Во 2015 година направени се и две измени и дополнувања на Законот за квалитет и маркетинг на земјоделските производи. Измените и дополнувањата се во правец на усогласување на прекршочните одредби од законот со одредбите од Законот за прекршоци, како и доуредување на одредбите во делот на постапката за спроведување на испити.
До крајот на 2015 година планирана е реализацијата на заштитата на називите на производите за кои веќе има изработено елаборати и тоа: Охридска цреша, Бистра овчи кашкавал, Бистра овчо сирење итн.
Со цел поттикнување на производителите и преработувачите да спроведуваат заштита на квалитетот на своите производи предвидени се мерки за финансиска поддршка од „Програмата за финансиска поддршка за земјоделство“ за 2015 година, односно точка 1.4 која гласи: „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработки од земјоделски производи - трошоци за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи“. Со оваа мерка се покриваат 80% од трошоците направени за воведување на заштитени ознака за квалитет, но не повеќе од 300.000 денари по производ. Мерката опфаќа трошоци како што се изработка на елаборат на производот чие име се заштитува со ознака за квалитет, лабораториски анализи за производот, трошоци за контрола и верификација на соодветноста на производот со елаборатот, трошоци за надворешните членови на стручната комисија која го разгледува барањето за добивање заштитена ознака за квалитет итн.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

До февруари 2016 година се очекува донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Закон за изменување и дополнување на законот за квалитетот на земјоделските производи со цел хармонизација на истиот со новата ЕУ Регулатива 32012R1151.

Во тек на 2015 година, во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството како и Програмата за рурален развој за 2016 година, ќе се предвидат мерки за финансиска поддршка за воведување на повисоки стандарди за квалитет. Во текот на 2016 се очекува започнување на процедурата за регистрација на изработените елаборати за „Охридска цреша“, „Бистра овчо бело сирење'' и „Бистра овчи кашкавал''.

**Институционална рамка**

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет, побарани се неколку ТАИЕКС експертски мисии и студиски посети кои ќе придонесат за спроведување на законската рамка по завршеното правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи.

## *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во овој временски период предвидена е и подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи, како и подготовка на Потпрограма за помош при воведување на повисоки стандарди за квалитет за 2017 и 2018 година и нивна реализација.

**Институционална рамка**

Во рамки на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделски производи и Одделението за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2017 и 2018 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитени називи за ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи и нивна промоција.

# 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Има **одредено ниво** на подготвеност во областа на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика. Постигнат е **одреден напредок**, особено за безбедност на храната. Наредната година, земјата треба:

- да ги зголеми административните капацитети, особено во инспекциските служби и лаборатории;
- да ги засили напорите за фитосанитарната политика.

***Резиме***

*Донесени се измени на Законот за безбедноста на храната, објавени во „Службен весник на РМ“ 72/2015 од 06.05.2015. Со измените на Законот е постигната потполна усогласеност со соодветните ЕУ прописи, имено Регулатива 32011R1169 и Одлука 32006D0677.*

*Дополнително се зајакнати административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) со 31 вработување на високообразуван стручен кадар за спроведување на законодавството усогласено со барањата и стандардите на ЕУ како и одржување на соодветните системи. Поголемиот дел од планираните обуки се реализирани. Активностите со техничка поддршка обезбедена со ИПА 2009 се во финална фаза на реализација. Освен тоа, во јуни 2015 започна спроведувањето на твининг проект, во рамките на ИПА 2010. Активностите во рамки на двата проекта се во насока на понатамошно зајакнување на капацитетите на органите надлежни за безбедноста на храна, ветеринарна и фитосантиарна политкка. Во рамките на АХВ, успешно се спроведува системот за управување со квалитет согласно меѓународниот стандард ИСО 9001. Започнати се подготовки за акредитација на инспекциските служби на АХВ согласно меѓународниот стандард EN/ISO/IEC17020:2012.*

*Постигнат е висок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во изминатиот период, а процесот на усогласување продолжува и понатаму следејќи ги измените на соодветното Европско законодавство.*

*Во делот на фитосанитарна политика, постигнат е напредок во однос на усогласување на ЕУ законодавството во делот за здравје на растенијата, како и преземање на меѓународните фитосанитарни ИСПМ стандарди, а како краткорочен приоритет предвидено е донесување на нов Закон за производи за заштита на растенијата, усогласен со важечкото законодавство на ЕУ. Спроведувањето на мониторинг програмите за следење на здравјето на растенијата, како и за производите за заштита на растенијата се одвива непрекинато.*

*Дополнително се зајакнати административните капацитети на надлежните институции од фитосанитарната политика преку нови вработувања и реализација на обуки за административниот кадар. Опсегот на акредитација на Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) е проширен со нови акредитирани методи.*

## 3.12.1 ОПШТИ НАЧЕЛА

***Тековна состојба***

Донесени се измени и дополнувања на Законот за безбедност на храната во насока на целосно усогласување со законодавството на ЕУ од областа на информации за потрошувачите во однос на храната и критериумите за спроведување на аудит согласно во областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика, имено Регулатива 32011R1169 и Одлука 32006D0677, како и подобрување на текстот на Законот, а посебно одредбите во однос на: нутритивни и здравствени тврдења за храната *со цел* намалување на ризиците за појава на болести кај луѓето, потоа подобрување на одредбите за додатоци на храната, храна за посебни нутритвни потреби и збогатена храна, одговорности на операторите со храна во поглед на информации за храната.

Измените и дополнувањата на Законот се објавени во „Службен весник на РМ“ 72/2015 од 06.05.2015.

Донесени се заштини мерки, во форма на решенија за забрана на увоз, усогласени со последното законодавствона ЕУ усвоено во текот на 2014 односно 2015 година во однос на афлатоксини, посебни услови за увоз на бамја и кари лисја од Индија, како  и во однос на забрана на увоз на грав со потекло од Нигерија. [57]
Како континуитет во спроведувањето на Повеќегодишниот Национален контролен план (ПНКП) во областа на безбедноста на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата, Владата на Република Македонија ги усвои вторите измени и дополнувања на горенаведениот стратешки документ. Измените се донесени согласно Законот за безбедноста на храната, како и врз основа на Регулативата на ЕК, број 882/2004, Како дополнување, одобрен е вториот Годишен извештај за спроведување на ПНКП од страна на Владата на Република Македонија.

Со поддршка на ГД САНТЕ, во текот на 2015 година, спроведени се бројни обуки од различни области за јакнење на инспекциските служби на АХВ, заради хармонизација, односно унифициран пристап во вршењето официјални контроли од страна на инспекциските служби, со што е постигнато стручно усовршување на 81 учесник, претставници од АХВ. Вкупно 321 учесник од АХВ учествуваа на ТАИЕКС настани кои беа одржани во текот на 2015 година. АХВ како национална контакт точка за Кодекс и за ЕФСА продолжува ја продлабочува соработката со овие меѓународни тела преку непосредно учество во нивните активности.
Во насока на зголемена ефикасност во спроведувњето на законодавството од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика, како и одржување на воспоставените системи, административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на 2015 година се зајакнати со дополнителни 31 вработување на стручен високообреазован кадар (7 официјални ветеринари, (посебно во областа на здравствената заштита на животните), 7 државни инспектори за храна и 17 вработувања во централните организациски единици на АХВ за одржливост на соодветните системи).
Освен тоа, во организација на АХВ и надворешна техничка поддршка спроведени се обуки како за постојните така и за нововработените со подобрување на знаењата во одредена област од поглавјето 12, вклучувајќи ги и последните измени, односно новини во законодавството на ЕУ и еднаков пристап на спроведувањето на законодавството на ЕУ.
Во насока на подобрување на организационата структура на институциите како и меѓу-институционална соработка.:

- развиени се одржливи бизнис планови на АХВ;
- изработени се анализи на обемот на работниот товар на АХВ;
- изработени и склучени се официјални меморандуми за соработка помеѓу следните институции: АХВ и Министерството за здравство,  АХВ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, вклучувајќи стандардни оперативни процедури за комуникација помеѓу надлежните институции кои се одобрени од двете договорни страни; и
- развиени се пишани процедури (прирачник и упатства, заедно со соодветните прилози) за комуникација и координација во рамките на АХВ на различно хиерархиско ниво, како и помеѓу различните сектори во рамките на АХВ.

Во однос на подобрување на проценката на ризикот, комуникацијата и управувањето со ризици во областа на безбедноста на храната и храната за животни во насока на воспоставување на оперативен систем за анализа на ризик во согласност со регулативата на ЕК 178/2002 (32002R0178) беа одобрени следните документи:

- Прирачник за оперативни процедури за комуникација со ризик со кој се опфатени методологијата за проценка на перцепцијата на ризикот и методологијата за комуникација со ризикот во случај на појава на криза; и
- стандардните оперативни процедури на: рутинска комуникација на ризик, комуникација со ризикот во случај на појава на криза и проценка на перцепцијата за ризикот; и
- предлог за комуникациски канали во случај на појава на криза.

Исто така, одобрени се и следните документи: Прирачник за оперативни процедури за управување со кризи, Прирачник за оперативни процедури за проценка на ризикот и Прирачник за оперативни процедури за управување со ризикот.

Во насока на подобрување на обработката и анализата на податоците во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство одобрена е Методологија за подобрување на собирањето на податоци, известувањето, обработката и анализа на податоците од официјалните контроли извршени од страна на инспекциските служби на Агенцијата за

[57] Повеќе детали се дадени во ***Прилог*** - *Усвоени прописи/законодавни активности предвидени со НПАА ревизија за 2015 година од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика., како и интернет страната на АХВ, Прописи.*

храна и ветеринарство.Изработена е платформа за пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи.

Почнувајќи од јуни 2015 година, се спроведува Твининг проектот „Зајакнување на административниот и институционален капацитет на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика", каде институции корисници се Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа. Проектот е во соработка со Република Италија како твининг партнер, во рамките на ИПА инструментот, Компонента 1 – Помош при транзиција и градење на институциите, програмска година 2010.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

На почетокот на 2016 година, одделението за внатрешна контрола и аудит во рамки на АХВ ќе подготви Годишна Програма и План за внатрешен аудит на официјалните контроли за 2016 година, при што активностите содржани во истите ќе се темелат на анализа заснована на ризик и на одредени приоритети од врвното раководство на АХВ.
Во првиот квартал од 2016 година, согласно Измените и дополнувањата на Законот за безбедност на храната (Службен весник бр. 123/ 2015), член 77 точка (6), (7), (8), (9) и (10) а со цел независен надзор на внатрешната ревизија на официјалните контроли, ќе биде формиран *Комитет за внатрешна ревизија на официјалните контроли* составен од членови кои имаат познавање и искуство од областа на стандардите за внатрешна ревизија и законодавството.
На почетокот на 2016 година одделението за внатрешна контрола и аудит, согласно Измените и дополнувањата на Законот за безбедност на храната (Службен весник бр. 123/ 2015), член 77 точка (10) ќе го донесе *Правилникот за начинот и постапката за спроведување на внатрешната ревизија на официјалните контроли во АХВ* кој ќе биде усогласен со Одлука 2006/677/ЕЗ, ИСО 19011:2011 и Меѓународните стандарди за внатрешен аудит. Одделението за внатрешна контрола и аудит ќе пристапи кон анализа и подготовка на новиот Петгодишен план за внатрешен аудит на официјалните контроли 2016 - 2021.

**Институционална рамка**

За понтамошно зајакнување на капацитетите на АХВ, особено на инспекциските служби и лабораториите, во тек е спроведувањето на Проект во рамки на ИПА 2010 програмата. Во наредниот период се очекува отпочнување на твининг проект во рамки на ИПА 2012 програмата, кој моментално е во фаза на подготовка[58].
Изготвени се софтверски решенија за воведување на систем во рамки на АХВ за собирање на податоци од лабораториските тестирања и резултатите добиени од проценка на ризикотЗа јакнење на професионалните капацитети на вработените во АХВ, предвидени се низа обуки за нововработените лица, поточно стручниот кадар чии работни задачи се непосредно поврзани со различни области .
*Соработката со ЕФСА* (Европски орган за безбедност на храната) преку вклучување на земјите со кандидатски статус за влез во ЕУ, вклучително и Република Македонија во активностите на ЕФСА како и досега продолжува и во наредниот период во рамки на Претпристапната програма на ЕУ. За наредниот период, фокусот ќе биде ставен на зајакнување на капацитетите на земјите-кандидати за проценка на ризикот во однос на безбедноста на храната и поголема вклученост на научниот комитет од земјите-кандидати во работните групи и проектите на ЕФСА како и проектите.
Согласно Законот за безбедност на храната, како и Одлуката на Владата на Република Македонија, за подобрување на организационата структура за проценката на ризикот, предвидено е да се поведе постапка за формирање на панели и комисии за проценка на ризик во повече области поврзани со безбедноста на храната.
Во наредниот период, ќе се спроведе второ ресертифицирање на Системот за управување со квалитет во рамки на АХВ.
Во рамки на ИПА 2012 дополнително ќе биде набавена опрема за Агенцијата за храна и ветеринарство потребна за непречено спроведување на официјалните контроли во подрачните ед ининци и граничните инспекциски места.

## *Среднорочни приоритети*

[58] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

**Правна рамка**

Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе се следат континуирано од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и последователно ќе се транспонираат во националното законодавство.

**Институционална рамка**

Се спроведуваат подготвителни активности за акредитација на инспекциските служби на АХВ , согласно Европскиот стандард– МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17020:2012.

## 3.12.2 ВЕТЕРНАРНА ПОЛИТИКА

### *Тековна состојба*

Донесени се одреден број на подзаконски акти со кои детално се регулираат различни области опфатени со ветеринарната политика, со што е постигнато усогласување со релевантното ЕУ законодавство од понов датум од следните области ([59]): контролни мерки за болести кај животните; идентификација и регистрација на животните; системи за контрола на увоз на живи животни и производи од животинско потекло; барања за увоз и транзит на живи животни, производи од животинско потекло и заштитни мерки при увоз и транзит на живи животни, производи од животинско потекло, некомерцијално движење на домашни миленици, решенија – забрани за увоз и транзит, со цел заштита на здравјето на луѓето и животните.

Исплатата на другите заостанати обврски од претходните години за ветеринарните друштва и Факултетот за ветеринарна медицина ќе се врши во текот на 2015 година согласно Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2015 година.

Извршени се интервенции во Законот за измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на РМ“ 154/15) за надминување на долгот.[60]

Извршена е надградба односно проширување на ИСАХВ (Информационен Систем на Агенцијата за Храна и Ветеринарство) системот во повеќе модули.

Како дополнување на опсегот на акредитација на лабораториските методи во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина, воведени се нови лабораториски методи со што е зголемен бројот на акредитирани лабораториски методи (вкупно 131). (Деталите се објавени на интернет страната на Институтот за акредитација на РМ (http://www.iarm.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=161%3Alt-001&catid=69%3Aaccr-lab-test-cat&Itemid=119&lang=mk).

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Планирано е донесување на подзаконски акти во однос на благосостојба на животните, внатрешен промет во заедницата со живи животни и измена на постоечката регулатива во однос на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ) со цел потполно усогласување со новоусвоеното Европско законодавство. (Повеќе детали, Прилог 1 - Матрица на цели и активности за 2016 - 2018). Се планира ревизија на Програма за контрола на бруцелоза кај говеда и изработка на нова програма за бруцелоза кај овци.

**Институционална рамка**

АХВ (во текот на 2015 година) започна со активен надзор над болестите вирусна хеморагична септикемија - ВХС и инфективна хематопоетска некроза - ИХП во сите регистрирани рибници за пастрмка. Надзорот ќе се спроведува двократно, на пролет и на есен, при тоа пролетното земање на мостри е завршено, а есенското е во тек.

Исплатата на останатите средства ќе се изврши согласно Буџетот за 2016 година[61]

Вакцинацијата на дивите лисици ќе продолжи да се спроведува со финансиска поддршка на ЕУ.

Со Со твининг проектот во рамките на ИПА 2010 се предвидуваат низа активности во насока на зајакнување на воспоставените системи :

---

[59] *Повеќе детали во: Прилог - Усвоени прописи/законодавни активности предвидени со НПАА ревизија за 2015 година од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика., како и интернет страната на АХВ, Прописи);*

[60] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

[61] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

Во делот на здравствената заштита на животните:

- Програми за надзор на повеќе болести и тоа: Син јазик, Западно-нилска треска, Леукоза кај говедата, Трихинелоза, Вирална хеморагична септикемија и Инфективна вирална некроза кај рибите.
- План за итни мерки за Класична свинска чума и ревизија на контролните планови за Бруцелоза кај овци и кози, Бруцелоза кај говедата и Туберкулоза кај говедата.
- Дефинирање на правецот на дејствување со цел постигнување на статус “слободни” за следните болести: Бруцелоза (овци, кози и говеда), Туберкулоза и Класична свинска чума.
- Категоризација на свињарските фарми врз основа на био-сигурносните мерки
- Ревизија на националниот контролен план за Салмонела
- воспоставување на биосигурносни мерки на фарма и
- Се планира изработка на планови за итни мерки за болести кои задолжително се пријавуваат или претходно заболувањето не било утврдено во РМ.

Активностите од проектот за трговска логистика на западниот Балкан продолжија и во текот на 2015 година. Мониторинг плановите за контрола при увоз на храна, храна за животни и материјали кои доаѓаат во контакт со храната започнаа да се спроведуваат. Исто така, во рамките на проектот започна со реализација измената на системот за гранична инспекција, како и воведувањето на два неопходни системи за собирање на податоци и известувања за небезбедни пратки.

Предвидено е и спроведување на серолошки испитувања на одредени зоонози и скрининг на состојбата со други болести кои не се опфатени со тековната програма.

На краток рок, планирана е надградба на ВИС системот со уште еден модул за колење и компензација на одземени заболени животни.

## *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

АХВ последователно на усвоените измени и дополнувања на европското законодавство кои ги регулираат областите опфатени со ветеринарната политика, ќе врши усогласување на националното законодавство.

Исто така, во врска со претходното, во рамки на ИПА 2012, во текот на 2017 година предвидена е подршка за реализација на следните активности:

- анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство во делот на ветеринарната политика со сите измени и дополнувања на соодветното законодавството на ЕУ (здравствена заштита на животните, благостотојба и заштита на животните, како и останатите области од ветеринарната политика);
- подготовка на Стратегија и акциски план за спроведување на правилата во однос на благосостојба на животните и нивна заштита;
- изработка на законодавство за спроведување во различни области; и
- изработка на работни документи, вклучително процедури и соодветни технички документи,, т.е. упатства, листи за проверка, извештаи и сл.).

**Институционална рамка**

Во зависност од потребите, ВИС системот во рамки на АХВ ќе биде надградуван дополнително со нови модули од областа на ветеринарната политика.

Во насока на дополнително зајакнување на институционалните и административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на ИПА 2012, предвидена е реализација на следните активности од областа на здравствената заштита на животните и тоа:

- утврдување на приоритетни болести преносливи со вектори и приоритени паразитски болести значајни за Република Македонија и подготовка на студија за трошок-добивка за горенаведените групи на болести;
- изработка на Стратегија и акциски план за мониторинг и надзор за болести преносливи со вектори и приоритени паразитски болести значајни за Република Македонија;
- изработка на процедури и листи за проверка во насока на единствен/заеднички пристап во спроведувањето на воспоставениот систем за надзор и мониторинг;
- изработка на планови за итни мерки и прирачници за работа за болестите кои се предмет на плановите за итни мерки а со кои не располага Агенцијата за храна и ветеринарство;
- изработка на упатства применливи во случај на појава на природни катастрофи и радијација;

- обезбедување на обуки за официјалните ветеринари во однос на мерките што се спроведуваат во случај на појава на одредена болест што е предмет на плановите за итни мерки.

Во областа на ветеринарно-медицинските препарати, во рамки на ИПА 2012, предвидена е реализација на следните активности:

- изработка на документи и тоа: програма за антимикробна отпорност, национален акциски план за спречување на појава на опасности од антимикробна отпорност, потоа прирачници, работни документи вклучително Добра ветеринарна пракса во однос на препишување на ветеринарно медицински препарати – вмп и во однос на примена на дозите за вмп од страна во приватна ветеринарна пракса;
- воведување на оперативен систем односно центар за несакани дејства предизвикани од ветеринарно-медицинските препарати;
- воспоставување на функционален систем за контрола на прекумерна употреба и погрешна употреба на антибиотици наменети за употреба во ветеринарната медицина;
- воспоставување на службен систем за мониторинг/пратење на несаканите дејства од ветеринарно-медицинските препарати.

## 3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА, ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И НУС ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/2015, 84/2015 и 129/2015) донесен е нов Правилник за начинот и постапката за вршење на официјални контроли на храна од животинско потекло, објавен во „Службен весник на РМ" 157/2015 од 14.09.2015. Со Правилникот се врши усогласување со сите измени на регуалтивата на ЕУ со која се уредува соодветната област. (Регулатива 32004R0854) [62].

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

За целосно усогласување на соодветното ЕУ законодавство од областа безбедноста на храната од животинско потекло, а земајќи ги во предвид новите законски рамки на ЕУ со кои се засегнати веќе донесените Правилници во Република Македонија, предвидени се измени на. Правилникот во однос на максимално дозволени нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната (измени на ЕУ законодавството од втора половина на 2015 година)

Исто така, предвидено е донесување на два подзаконски акти во однос на нус производи од животинско со што ќе се постигне целосна усогласеност со релевантните прописи на ЕУ (Регулативи 32011R0142 и 32009R1069). (Детали, Матрица на цели и активности 2016 – 2018 – Поглавје 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика).

Исто така во првата половина од 2016 година се очекува да се донесат Стратегија за собирање, преработка и нештетно отстранување на нус-производи од животинско потекло како и посебни барања за храна од животинско потекло, официјални контроли за откривање на присуство на трихинела во месото.

На почетокот од 2016 година ќе се донесе и ќе започне да се спроведува од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство *Програмата за следење и известување за антимикробна отпорност кај зоонотски и коменсални бактерии* што се усогласува со ЕУ мерката 32013D0652. Законски основ за донесување на Програмата е член 73 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15 и 129/15).

,

**Институционална рамка**

Во рамки на твининг проектот „Зајакнување на административниот и институционален капацитет на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика", предвидено е зајакнување на капацитетите на централно ниво и на ветеринарната инспекција, во насока на

- Ревизија на Повеќе-годишниот национален контролен план

---

[62] Повеќе детали во: Прилог - Усвоени прописи/законодавни активности предвидени со НПАА ревизија за 2015 година од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика., како и интернет страната на АХВ, Прописи).

- Стандардни процедури за земање на примероци
- Внатрешен аудит
- Чек-листи за одредени производни процеси
- Понатамошно унапредување на категоризацијата на објекти врз основа на принципот за анализа на ризик
- Оперативен контролен план за подобрување на квалитетот на суровото млеко
- Систем на управување со традиционалното производство и традиционалните производи, заснован на ЕУ шемите за квалитет
- Водичи за добра пракса во примарното производство на храна од животинско потекло

За ко-финансирање на активностите на категоризација на операторите за храна и усогласување со европските стандарди обезбедени се средства во рамки на ИПАРД Програмата.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

*Процесот за воспоставување на национален интегриран систем за собирање, складирање, транспорт и отстранување на нус производите од животинско потекло е започнат*, а ќе се реализира на среден рок. Заради комплексноста на процесот и вклученоста на повеќе институции во процесот на воспоставување на системот, реализацијата на процесот која веќе е започната, *се одвива преку остварување на повеќе чекори*. Во тек е постапка за избор на изведувач за изградба на кафилерија во Република Македонија.[63]

Во рамки на ИПА 2012, предвиден е развој на ефикасен систем за управување со зоонози[64] и труења предизвикани со храна, преку: воспоставување на систем за брзо известување за појава на зоонози и труења предизвикани со храна, воспоставување на систем за пратење на тековите и изворите на зоонози и труењата предизвикани со храна и утврдување на мерки за спречување на појавата на зоонози и труења предизвикани со храна. Со ова воедно ќе се постигне дополнително зајакнување на институционалните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## 3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

***Тековна состојба***

Согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ“ 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/2015, 84/2015 и 129/2015) донесен е нов Правилник за информации поврзани со храната, објавен во 150/2015 од 02.09.2015. Правилникот е усогласен со Регулатива 32011R1169. На овој начин е постигната целосна усогласеност со законодавството на ЕУ во однос на информации за храната.[65]

Обезбедени се средства за реализација на Годишната програма за следење на безбедноста на храната за 2015 година. Програмата се очекува да се реализира во целост до крајот на годината (2015).[66]

***Краткорочни приоритети***

Предвидено е донесување на одреден број подзаконски акти заради усогласување со последните измени од релевантното Европско законодавство од неколку области (измени во однос на критериуми за чистота на адитивите и екстракциони растворувачи за производство на храна). (Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2016 - 2018).

***Среднорочни приоритети***

---

[63] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

[64] Болести заеднички за животните и луѓето.

[65] *Повеќе детали во: Прилог - Усвоени прописи/законодавни активности предвидени со НПАА ревизија за 2015 година од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика., како и интернет страната на АХВ, Прописи).*

[66] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.
Предвидени се соодветни обуки за државните инспектори за храна како и обуки за стручно– административниот кадар за храна од неживотинско потекло.

## 3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

Во текот на 2016 година предвидени се обуки за стручниот кадар од АХВ кој е директно вклучен во активностите од областа безбедност на храна за животни и исхрана на животните.
Со проектот во рамки на ИПА 2012 се планира зајакнување на системот за безбедност односно квалитет на храна за животни.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната за животни, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

Во насока на понатамошно зајакнување на административните и институционалните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на ИПА 2012, предвидено е:

- подготовка на мониторинг програми во однос на безбедноста на храната за животни и исхрана на животните,
- подготовка на национален план за надзор на несакани супстанции во храната за животни,
- подборување на спроведувањето на Добрата пракса за храна за животни и исхрана на животните,обуки за соодвентиот стручен кадар во Агенцијата за храна и ветеринарство за примена на анализа на ризикот од областа на безбедноста на храната за животни.

## 3.12.6. ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за здравјето на растенијата во надлежност на Фитосанитарната Управа, донесени се 2 подзаконски акти (Правилник и Листа) кои ги содржат Листите на алохтони (егзотични) видови организми кои ќе бидат наменети за биолошка заштита на растенијата и кои ги пропишуваат техничките услови за нивно користење. Двата подзаконски акти се усогласени според протоколите на EPPO (Европско-Медитеранската организација за заштита на растенијата) [67].
Во 2015 година направени се измени во законодавствотоза да се промени формата и содржината на македонскиот фитосанитарен сертификат наменет за реекспорт и за извоз и на тој начин од технички аспект да се обезбеди процесот на сертификација за растенијата и растителните производи.
Со цел подобра координација помеѓу надлежните органи вклучени во фитосанитарниот систем, од септември 2014 година, формирана е „Работна група за реформи во фитосанитарниот систем“ која одржува редовни состаноци, заради решавање на тековни проблеми и подобрување на функционалноста на сите органи вклучени во работата и тоа: Фитосанитарната управа, Државниот инспекторат за земјоделство, Државната фитосанитарна лабораторија и

[67] ***Повеќе детали во: Прилог - Усвоени прописи/законодавни активности предвидени со НПАА ревизија за 2015 година од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика., како и интернет страната на АХВ, Прописи).***

Управа за семе и саден материјал. Заклучоците кои произлегуваат од овие состаноци се реализираат тековно во однапред предвидени рокови.[68]

Во насока на стручно усовршување, во изминатиот период вработениот кадар од ФУ, ДИЗ и ДФЛ учествуваа на повеќе стручни обуки кои беа реализирани со поддршка на ГД САНТЕ, ТАИЕКС, , како и во рамките на проектот ИПА 2009 „Градење на капацитетите на надлежните служби за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарната политика“ EuropeAid/132281/D/SER/MK и ИПА Твининг проектот од 2010.

Во рамките ИПА 2009 - Закајнување на капацитететите на надлежните служби во областа на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика реализирани се голем број експертски мисии каде е скенирана е моменталната состојба во сите надлежни органи од фитосанитарниот систем и обезбедени се иницијални насоки за понатамошно развивање на системот.

Мониторингот континуирано се спроведува од септември 2013 година врз основа на претходно изготвени програми и финансиски средства од буџетот на РМ.[69] Техничката помош за подобрување на содржината и спроведувањето се Со оглед на сложеноста на предлог законот, како *и* со обезбедени во рамки на ИПА 2009 „ Градење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика“; Предлог програмите за 2016 година се изготвени со техничката помош во заедничка соработка со надлежните служби во фитосанитарниот сиситем (ФУ, ДФЛ и ДИЗ). Изготвена е и Предлог за процедура за утврдување правила за изготвување програма за мониторинг на резидуи од производи за заштита на растенија, како и Предлог-правилник за начинот на спроведување мониторинг во делот за квалитет на производите за заштита на растенијата и нивните резидуи во производите од примарното земјоделско производство.[70]

Суштинските преструктуирања во однос на одржливата употреба на производите за заштита на растенијата, како и финансиските импликациии за сите засегнати страни од предлог текстот на Законот произлегуваат од одредбите на *Директива 128/2009/ЕЗ која се однесува на одржлива употреба на производите за заштита на растенијата.*

цел запознавање, приближување и усогласување на предложените законски решенија со сите засегнати страни беа одржани бројни јавни расправи со претставници од земјоделски производители, здруженија, задруги на земјоделски производители и земјоделски аптеки, како и од научно истражувачката заедница во различни градови во државата. Посебен акцент при презентацијата на предлог - Законот беше даден на дефинираните новитети, како и обврските кои произлегуваат од истиот.

Во моментов се интегрираат сугестиите и забелешките од јавните расправи, како и дополнително се усогласува со забелешките и сугестиите од експертите од ЕУ.

Донесени се и подзаконски акти со кои се уредува евиденцијата во однос на користењето на производите за заштита на растенијата од страна на крајните корисници, како и евиденцијата од страна на правните лица во однос на производството, приемот и продажбата на производите за заштита на растенијата, влучувајќи ги и производите со поминат рок на траење.

Согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на РМ" 39/06, 89/08, 171/10 и 53/11), донесен е Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал - расад од градинарски растенија кој се објави во „Службен весник на РМ" 53/2015 од 02.04.2015, усогласен со соодветното закондоавство на ЕУ, 31993L0061; 31993L0062 и 32008L0072.

*Во однос на инспекцискиот надзор во областа на фитосанитарната политика* Државниот инспекторат за земјоделство - ДИЗ - Секторот за Фитосанитарната инспекција е во постојан контакт и соработка со сите учесници во фитосанитарниот систем и го следи правното законодавство од областа на фитосанитарната политика во однос на сите законски и подзаконски акти заради негово успешно и ефикасно спроведување.

Државниот инспекторат за земјоделство преку државните фитосанитарни инспектори продолжи со спроведување на мониторинг програмите и следење на штетни организми, со што и понатаму ќе продолжи со собирање и евидентирање на податоци за присуство или отсуство на штетни организми, согласно изготвените програми за фитосанитарен мониторинг донесени во 2015 г.

---

[68] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

[69] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

[70] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

Во насока на континуирано зајакнување на функционалноста на фитосанитарниот систем во Република Македонија, покрај вработувања на компетентен стручен кадар, беа одржани и соодветни обуки за државните фитосанитарни инспектори во организација на ДГ САНТЕ, ТАИЕКС, ЕУ Проект за градење на капацитетите на институциите надлежни за безбедност на храна, ветерина и фитосанитарна политика, во текот на 2015 година.
Со цел спроведување на фитосанитарниот систем во Република Македонија во поглед на функционалноста, ефикасноста и квалитетот, Државниот инспекторат за земјоделство - Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во 2015 година ги зајакна своите кадровски капацитети со 14 нови вработувања.
Приоритет во 2015 година на државните фитосанитарни инспектори, покрај вршење на редовен инспекциски надзор кај правни и физички лица, на местото на производство, складирање, дистрибуција или на местата на влез на растенија и растителни производи, во областа на здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата, е продолжување со реализација на Програмите и Плановите за фитосанитарен мониторинг. Во нив е пропишан бројот на здравствени прегледи и бројот на земени примероци за лабораториска анализа на семенски и меркантилен компир, кај овошни култури и винова лоза и кај градинарски култури на отворено и во затворен простор. Со воспоставувањето на фитосанитарниот мониторинг на земјоделските култури се овозможува откривање, утврдување и следење на штетните организми како и превземање на соодветни мерки од страна на фитосанитарните инспектори со цел нивно сузбивање и уништување.
Во рамки на проектот ИПА 2009 - Закајнување на капацитететите на надлежните служби во областа на безбедноста на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика изработени се повеќе прирачници, водичии и брошури кои имаат за цел поефикасно спроведување на меѓународните фитосанитарни мерки во пракса.
Воедно, во рамките на ИПА 2010 Твининг проектот обезбедена е техничка помош за понатамошно подобрување на овие активности.[71]

*Државна Фитосанитарна лабораторија - ДФЛ* во текот на 2015 година интензивно работеше на акредитација на што повеќе методи за анализа на пестициди и семе и дијагностика на штетни организми. Во овој момент ДФЛ има акредитација за примена на мултирезидуална метода во флексибилен опсег на акредитација која ги покрива сите 120 пестицидни резидуи во сите култури на овошје и зеленчук и нивни преработки, како и во дел од други матрици (жита). Акредитирана е и метода за анализа на вкупни дитиокарбамати во овошје, зеленчук и житарици. Исто така анализите на активна супстанца и анализа на релевантни нечистотии во производи за заштита на растенија се покриени со акредитирани методи во флексибилен опсег. Воведена а нова дејност анализа на квалитет на земјоделски производи и анализа на микотосксини во растителни производи и во тек е нејзина валидација, а во 2016 и акредитација на методите. До крајот на 2015 година се очекува да се валидира и постепено да сеподготви за акредитација уште една дејност, анализа и одредување на сортна чистота со изоелектрично фокусирање на семето, што произлегува од појавените потреби на купувачи на семенски материјал во Република Македонија. Како дополнување на опсегот на акредитација, акредитирани се нови методи во одделението за дијагностика и во одделението за семе со што вкупниот број на акредитирани методи од 18 во 2014 достигна до 34 во 2015 година. Деталите се достапни на следната интернет страна: http://www.iarm.gov.mk/files/Akreditirani-tela/Laboratorii/OB05-25_LT-036.pdf.

Во 2015 година ДФЛ ги зајакна своите капацитети со 1 ново вработување, но сепак недоволно за да се одговори на зголемениот обем на работа, што произлегува од спроведувањето на мониторинг програмите за АХВ и ФУ, редовните контроли на граничните премини од страна на инспекциските служби, приватни оператори со земјоделски производи и нивни преработки и новата воведена дејност.

ДФЛ во овој момент е во постапка за набавка на референтни материјали, култури како и аналитички стандарди од пестициди и лабораториска опрема, и тоа гасен хроматограф со тандем масена хроматографија GC/MS/MS, NIR лабораториски анализатор и автоматски титратор. Со референтните култури ќе се покријат сите карантински штетни организми вклучени во мониторинг програмите со конформаторни PCR анализи, со што ќе се зголеми сигурноста, ќе се намали субјективниот фактор и ќе се потврди откривањето на карантинските штетни организми на молекуларно ниво. Со набавката на аналитички стандарди за пестициди и GC/MS/MS ќе се покријат повеќе од 400 пестицидни резидуи со двете инструментални техники, течна и гасна хроматографија со тендем масена хроматографија. Во

[71]Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

2016 целта на ДФЛ веќе во првиот квартал од годината е акредитација на конформаторни PCR и други дијагностички и аналитички методи за карантинските штетни организми, акредитација на опсег поголем од 400 резидуи од пестициди со што РМ ќе се изедначи со ЕУ базата на податоци за МДНР (MRL), акредитација на дејноста за одредување квалитет на земјоделски производи (овошје и зеленчук за консумација и преработка, жита и ориз). До крајот на 2015 година се очекува да се валидира и постепено да се подготви за акредитација уште една дејност, анализа и одредување на сортна чистота со изоелектрично фокусирање на семето.
Зголемен е обемот на работа во однос на зголемување на бројот на изработени анализи врз основа на доставени примероци за дијагностика на растителни болести и штетници.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2016 година, се планира донесување на *Националната стратегија за фитосанитарна политика 2016-2021* година. Техничка помош за финализирање на стратегијата е обезбедена од Твининг ИПА проектот 2010 „Зајакнување на административните и институционалните капацитети на надлежните служби за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарната политика".
Во однос на усвојување на фитосанитарното законодавство кое се усогласува со релевантните ЕУ Директиви, во финална фаза на изработка се три подзаконски акти и тоа: 1. Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на цистоликите нематоди Globodera palida (Stone) и Behrens Globodera rostochiensis (Wollenweber) Behrens, одредување на распространетоста и во случај на појава, мерки кои треба да се преземат за да се спречи ширењето и контролата* (Директива 32007L0033); 2. Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за барања/услови за утврдување на подрачја со ниска распространетост на штетен организам (Усогласена со меѓународната фитосанитарна мерка ISPM 22); и 3.Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за утврдување и признавање на еднаквоста на фитосанитарни мерки (Усогласена со меѓународната фитосанитарна мерка ИСПМ 24).
Во текот на 2016 година, предвидено е донесување на Законот за производи за заштита на растенијата. (Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2016 - 2018).

**Институционална рамка**

Во 2016 година, се планираат почетни активности за воспоставување на Фитосанитарен информативен систем - ФИС.
Целта на ФИС е упис и ажурирање на регистрите, како и интегрирање на различните регистри и податоци од областа на фитосанитарната политика за да се обезбеди секојдневна поддршка на работата на надлежните служби во фитосанитарниот систем, како и на крајните корисници. Со оглед на големиот број на чинители во фитосанитарниот систем: производители на земјоделски култури, сопственици на опремата за примена на производи за заштита на растенијата, дистрибутери/ увозници и други оператори, советниците, производители и доработувачи на семе и саден материјал, понатаму земјоделски и фитосанитарни инспектори итн.), непостоењето на ваков систем го усложнува воспоставувањето и функционирање на истиот.

Во рамки на твининг проектот „Зајакнување на административниот и институционален капацитет на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика", предвидено е унапредување на фитосантиарниот систем *ИПА Твининг проектот 2010* ќе ги дефинира техничките спецификации и модулите на ФИС, а согласно Секторскиот документ за планирање на ИПА 2 за 2015 година планирани се 400.000 евра за воспоставување на овој систем[72].

Со системот за пасоши за растенија се издава документ (пасош) со кој се потврдува дека одредени растенија и растителни производи кои се движат во рамките на територијата на Република Македонија се слободни (незаразени) од карантински штетни организми. Во 2016 година се планира издавањето на пасоши, како пилот проект, да се започне само на производство на саден материјал за одредени овошни видови (јаболка и вишна) и винова лоза, а од 2017 година системот да се развие за останатите земјоделски растенија за кои е потребен пасошот согласно законодавството на ЕУ. Техничка поддршка за воспоставување на системот е обезбедена во

[72] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

рамките на твининг проектот ИПА 2010 *Понатамошно јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.* Реализирани се експертски мисии во однос напасошкиот систем за растенија, при што беше разгледана моменталната поставеност на надлежните органи и беа предложени повеќе различни модели за воспоставување на системот, а беше укажано и на можните ризици и проблеми кои би се појавиле во текот на работата.

Како еден од приоритетите на инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика и за 2016 година од областа фитосанитарната политика, ќе биде превземање на активности фокусирани на воспоставување и спроведување на мониторинг програмите од областа на здравјето на растенијата и мониторинг програмите од областа на производите за заштита на растенијата.
ДИЗ зема активно учество во Проекто3т ИПА 2010, со кој е предвидена изградба на објекти за инспекциските служби на АХВ и Државниот инспекторат за земјоделство на ГП Блаце и нивната опрема, што би допринело до поголема ефикасност на фитосанитарните служби за контрола на пратките при увоз, извоз и транзит низ Република Македонија, според релевантното законодавство на ЕУ.
Како еден од приоритетите на инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика е започнување со спроведувањето на мониторинг Програмите и Плановите за мониторингот на тутун кој претставува *стратешка култура.* Наведениот мониторинг отпочна со реализација во 2015 година, откако претходно истите беа изготвени од страна на Фитосанитарната управа, а со цел проширување на опсегот на откривање, утврдување и следење на штетните организми како и превземање на соодветни мерки за нивно искоренување.
Во контекст на ова, државните фитосанитарните инспектори поради нови вработувања на стручен високообразовен кадар, ќе имаат неопходна потреба од едукација и обуки од експерти како и странска помош од ГД САНТЕ, ТАИЕКС, во областа на здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата.

Во рамки на ДФЛ,  планирана е реализација на јавниот конкурс за пополнување на две работни места во одделение за хемиски испитувања со ВСС област: хемиски науки,– едно работно место во одделение за семе и саден материјал и сортна чистота со ВСС област: технолошки науки, едно работно место во одделение за административно техничка поддршка ВСС област: правни науки и две работни места со ССС во одделение за хемиски испитувања и одделение за семе и саден материјал и сортна чистота.

Исто така потребен е и Real Time PCR за откривање на ГМО и за потврда на позитивни наоди за штетни организми по здравјето на растенијата кои се определуваат со истата инструментална техника. Потребни се и други инструменти од помал обем кои ќе ја зголемат ефикасноста на ДФЛ за спроведувањето на анализите, со што ќе се зајакне и ќе се работи на интеграција на фитосанитарниот систем и безбедност на храната.

Останува потребата за натамошна реализација на стручни обуки за сите релевантни институции вклучени во фитосанитарниот систем во Република Македонија преку странска помош од ГД САНТЕ, ТАИЕКС, во областа на здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата.

Во рамки на Секторот за шумарство и ловство, овој период ќе се преземат активности за реализирање на 2 нови вработувања во делот на спроведување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Предлог законот за производи за заштита на растенијата се заснова на следните европски акти: Директива 32009L0128, и Регулативи 32009R1107, 32005R0396 и 32012R0778. Во насока на зајакнуавње на административните капацитети на Фитосанитарната Управа предвидена е Континуирана обука обезбедена преку ИПА 2009 Закајнување на капацитететите на надлежните служби во областа на безбедноста на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика и ИПА Твининг проектот 2010.[73] Фитосанитарната управа и во текот на 2016 година ќе продолжи со изработка и усвојување на фитосанитарното законодавство и истото ќе биде усогласено со ЕУ Директива (32000L0029), како и со меѓународните стандарди за

[73] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комсиија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2015 г.)

фитосанитарни мерки (ИСПМ). *(Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2016 - 2018).*

Подзаконските акти кои се усогласуваат со ЕУ Директива (32000L0029), ќе го регулираат начинот на воспоставување на заштитени зони во Република Македонија, мерките за откривање, превенција на ширење и сузбивање на штетни организми, условите за спроведување на систематски прегледи, како и листите на заштитени зони.
По усвојување на споменатите подзаконски акти, со помош на меѓународни експерти се предвидува изработка на „контролни програми“ кои ги опфаќаат превентивните и итните мерки против внесување и ширење на штетни организми согласно Анексите на европските регулативи.
Во среднорочни приоритети се планира и подготовка на извештаи и анализи за официјалните органи и тела на Европската комисија, кои се однесуваат на присуството на штетни организми на територијата на земјата.
Доколку постои потреба ќе се врши ревидирање и измена на донесените фитосанитарни подзаконски акти во насока на нивно усогласување со новото ЕУ законодавство. Фитосанитарната управа ќе биде вклучена во изработка на билатерални договори, спогодби и протоколи со цел да се олесни меѓународната трговија со растителни пратки и да се зајакнат фитосанитарните контроли во законски рамки.

Во надлежност на Сектор за шумарство и ловство, до 30 јуни 2018 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне потполно усогласување со Директива 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и со Регулатива 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи.
Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, до крајот на 2018 година ќе се донесат три подзаконски акти во насока на потполно усогласување со соодветното закондоавство на ЕУ и тоа: Директива 31999L0105[74], Регулатива 32002R1598[75], и Регулатива 32002R1597[76].

**Институционална рамка**
*Системот за пасоши на растенија* ќе се надградува континуирано и во 2017 година и се планира да ги опфати сите растенија и растителни производи кои подлежат на издавање на овој документ.
Соработката со меѓународните организации, особено со Европската организација за заштита на растенијата ќе се реализира и истата е од особен интерес во насока на размена на информации за статусот на штетни организми.
Преку проектот ИПА 2010 „Понатамошно јакнење на капацитетите на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика“ се планира реализација на експертски мисии и работилници наменети за надлежниот фитосанитарен кадар кои се во функција на подобрување на ефикасноста во нивната работа.
Развојот и надградувањето на Фитосанитарниот информативен систем (ФИС) е една од приоритетните активности за која што веќе се отпочнати првичните подготовки и техничка поддршка во рамки на твининг проектот ИПА 2010.
Ова е обемна активност која во наредниот период ќе се одвива етапно според насоките кои ги даваат меѓународните експерти.
Исто така, доколку постои потреба за спроведување на одредени активности од Законот за здравјето на растенијата, Фитосанитарната управа преку јавен конкурс во наредниот период ќе даде јавни овластувања на Давателите на јавни услуги кои ќе бидат овластени за следење на развојот на штетните организми, интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетни организми, издавање на пасоши за растенија, вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други активности.
Освен тековните мониторинг програми, се планира спроведување и на други програми за мониторинг за украсни, декоративни и шумски растенија, како и мониторингот на тутунсо цел проширување на опсегот на откривање, утврдување и следење на штетните организми како и превземање на соодветни мерки за нивно искоренување.

[74] Директива 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал
[75] Регулатива 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи
[76] Регулатива 1597/2002/ЕЗ за утврдување на правила за формата на националните листи на основниот материјал на шумски репродуктивен материјал

# 3.13 РИБАРСТВО

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Има **умерено ниво на подготвеност** во областа на рибарството. Постигнат е **одреден напредок** за следење на улов. Во наредната година, земјата треба:

- да направи натамошни напори за усогласување на пазарната политика со правото на ЕУ.

***Резиме***

*Активностите во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку оддржлив развој со финализирање на постапките за доделување на концесии за стопанисување со риби (вршење стопански и организирање рекреативен риболов), како и непречен пласман на рибите и производите од риба на пазарот. За реализирање на оваа цел тековно се следи спроведувањето на концесиите и производството во аквакултурата преку зголемен број на инспекциски контроли.*

*Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми. Во Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот на рибарството и аквакултурата и е основа за планирање на структурните мерки во годишните програми. Покрај ова, приоритетите во делот на рибарството и аквакултурата се спроведуваат и со реализација на предвидените мерки во оперативниот план утврдени во Стратегијата за земјоделството и руралниот развој 2014-2020 година.*

**Тековна состојба**

Областа на рибарството и аквакултурата е уредена со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на РМ "бр.7/2008 и 67/2010, 47/2011, 53/2011, 95/12, 164/13 и 116/14) како основен закон. Врз основа на законот, изработени се и донесени 23 пропратни прописи („Службен весник на РМ "бр. 53 и 54 од 2008 и број 7 и 94 од 2009 година 93, 117 и 164 од 2010 година, 24 и 153 од 2011 и 188 од 2014 година) кои технички ја доуредуваат областа во деловите на управувањето, инспекцијата и контролата, структурните активности и пазарната политика. Во 2015 година направени се и две измени и дополнувања на Законот за рибарство и аквакултура. Измените и дополнувањата се во правец на усогласување на прекршочните одредби од законот за рибарство и аквакултура со одредбите од Законот за прекршоци, како и доуредување на одредбите во делот на постапката за спроведување на испити.

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството и тоа Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на РМ" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15 и 154/15), Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на РМ" бр. 95/12, 27/14 и 149/15) и Законот за безбедност на храна („Службен весник на РМ" бр. 157/10, 53/11,1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 и 129/15) и 8 пропратни прописи меѓу кои:

- Правилник за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на РМ" бр. 185/13 и 114/14),
- Правилник за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник на РМ" бр. 85/13 и 132/14),
- Правилник за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик („Службен весник на РМ Република Македонија" бр. 106/14),
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Службен весник на РМ" бр. 53/10, 86/10, 144/10, 27/11, 66/11, 72/11, 84/11, 95/11, 114/11, 168/11, 33/12, 45/12, 65/12, 86/12, 127/12, 5/13 102/13 и 124/14).

Во овие правилници се транспонирани Директива на Советот 2006/88/ЕЗ и Регулатива на Комисијата (ЕЗ) бр. 1251/2008.

Инспекцискиот надзор и контрола во областа на рибарството и аквакултурата е уреден со Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ“ бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15) како материјален закон и донесените пратечки прописи врз основа на овој закон.
Државниот инспекторат за земјоделство во водењето на прекршочните и кривичните постапки за сторени повреди во областа на рибарството и аквакултурата, покрај материјалниот закон ја применува и законската рамка преку Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15), Законот за прекршоци („Службен весник на РМ“ бр.124/15 ) и Кривичниот законик („Службен весник на РМ “ бр.37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 84/05; 60/06; 73/06; 87/07; 7/08; 139/08; 114/09; 51/11; 135/11; 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14).

Користењето на рибите преку одржлив развој за вршење стопански и организирање рекреативен риболов се спроведува согласно риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), за деветнаесет вештачки езера, како и за сите риболовни ревири (сливови на реки) во Република Македонија со определени а рекреативни зони кои се објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 66/11 и 145/11.

Структурните активности се реализираат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија, врз основа на  Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во зседмјата за период од 12 години и Стратегијата за земјодлеството и руралниот развој 2014-2020 година, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 197 од 2014 година во кои се утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот, како и оперативните планови за спроведување на истите. Исплатата на финансиските средства по мерки ја врши АФПЗРР.

Пазарната политика покрај Законот за рибарство и аквакултура и пропратните прописи е уредена и со законската регулатива од делот на ветеринарството кој се однесува на рибарството и аквакултурата.
Во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството.
Во Одделението за рибарство и аквакултура вработени се две лица. Во Одделението за рибарство и аквакултура во Сектор за земјоделство при МЗШВ за следење на состојбите со производство на риба, производство на порибителен материјал, како и за следење на реализирање на предвидените мерки во Финансиските програми тековно се ажурираат: Регистарот на одгледувачи на риби; Регистарот на регистрираните репроцентри,; Евиденцијата на производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, евиденција на корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води; Евиденцијата за производство на риба со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа; Евиденцијата на државната помош во рибарството и аквакултурата.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ), кој е орган во состав на МЗШВ преку Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со полјоделско производство, во кој постојат две одделенија и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата и Одделение за физичка заштита на риболовните води, со вкупно вработени 15 државни службеници.
Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор вработени се вкупно 13 лица, 1 виш инспектор, 5 инспектори, 1 виш соработник за рибарство и 6 Референти за рибарство со аквакултура, додека во Одделението за физичка заштита на риболовните води вработени се 2 лица и тоа 2 Советници за фичка заштита на риболовните води .
Во делот на инспекцијата и контролата до 31.10.2015 година постапувајќи по Законот за рибарство и аквакултура извршени се вкупно 1508 организирани и координирани контроли, а составени се и исто толку записници. Контролите се вршат на риболовните ревири на начинот на организирање на рекреативниот риболов, вршење на аквакултурата, водењето на евиденциите, следење на договорите за концесија и потеклото на рибата.

При контролите за констатираната неправилност и за отстранување на истата донесени се 47 решенија, а за неправилностите во постапка за порамнување издадени се 332 платни налози во вкупен износ од 289 087 евра, од кои досега наплатени се -22 платни налози во вкупен износ од 18.000 евра.
За непостапување по донесените решенија и за непочитување на одредби од законот и за неплатените платни налози поднесени се 282 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови при што од вкупно поднесените барања за прекршочна постапка до 31.10.2015 година решени се 47 барања, од кои 17 се казнети со изречена глоба од вкупно 5 817 евра.
При инспекциските контроли за кои е покрената постапка одземени се: 543 килограми разни видови риба и 763 броја разен риболовен алат, предмети, средства и чамци.
Заради констатирано недозволено ловење риба и ловење риба со недозволени средства и во време на забрана по овој закон поднесени се 6 кривични пријави.
Исто така се вршеа и контроли во однос на порибувањето по вид и количина во риболовните води, но и контроли на овластените јавни научни установи.

*Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ),* преку Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, Секторот за ветеринарно јавно здравство и Секторот за гранична инспекција е надлежна за подготовка и предлагање на мерки за спроведувањето на здравствената заштита на рибите, надзор и контрола на здравствената заштита кај аквакултурата, примарното производство на аквакултура, ставањето во промет на аквакултура, безбедноста на производите од аквакултура кои се пласираат на пазарот и контрола на увозот на аквакултура.
АХВ согласно Законот за идентификација и регистрација на животните води Регистар на одгледувалишта на аквакултура. Регистарот се води електронски во Ветеринарниот Информативен Систем (ВИС) и секое одгледувалиште има свој единствен регистарски број на одгледувалиште (РБО). Во регистарот во 2015 година бројот на регистрирани одгледувалишта на аквакултура изнесува 117 активни одгледувалишта. Инспекциските контроли кои ги спроведуваат официјалните ветеринари/инспектори на АХВ се уредени со Законот за ветеринарно здравство(„Службен весник на РМ“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15 и 154/15), Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 27/14 и 149/15) и Законот за безбедност на храна („Службен весник на РМ“ бр. 157/10, 53/11,1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 и 129/15) како материјални закони, прописите донесени врз основа на овие закони како и Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ“ бр. 50/10, 162/10, 157/11 и 147/13), Законот за прекршоци („Службен весник на РМ “ бр. 62/06 и 51/11) и Кривичниот законик („Службен весник на РМ “ бр.37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 84/05; 60/06; 73/06; 87/07; 7/08; 139/08; 114/09; 51/11; 135/11; 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13).
Официјалните ветеринари од одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните во Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните се надлежни за спроведување на контроли во делот на здравствена заштита на животните. Во текот на 2015 година согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните („Службен весник на РМ“ бр. 24/15) и Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на РМ“ бр. 185/13 и 114/14) на 48 рибници каде се одгледува пастрмка се спроведе активен надзор со клинички преглед, земање на мостри, дијагностичко испитување и потврда на отсуство на болестите Вирусна хеморагична септикемија и Инфективна хематопоетска некроза кај пастрмките.
Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство од Секторот за ветеринарно јавно здравство е надлежно за контроли во однос на примарно производство, во однос на посебните хигиенски барања во примарното производство и безбедност на храната од животинско потекло, а официјалните контроли во делот на увоз ги спроведува Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин. На почетокот на 2015 година во АХВ се реализираше ФВО мисија за евалуација на системот за контрола на производство на производи од риба наменети за извоз во Европската Унија.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во областа на рибарството во непосредна иднина е предвидено донесување на акти во подрачјето на управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството, односно донесување на нови риболовни основи за риболовните води во Република Македонија за период од 2016-2022 година кои ќе ги работат Овластени установи од областа на рибарството врз основа на анализа на состојбите со рибите во риболовните води во изминатите

години. Ова е потребно од причина што досега донесените и објавени риболовни основи се однесуваат за период до 2016 година.
Во делот на пазарната политика, во 2016 година се предвидува целосна ревизија на законската регулатива, во однос на усогласување на пазарната политика со правото на ЕУ.
Во првиот квартал на 2016 година, во областа на структурните активности предвидено е донесување на годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2016 година, со начин/упатство за реализација на истите.

**Институционална рамка**

Во делот на пазарната политика, АХВ, согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на РМ" бр. 85/13 и 132/14), во 2016 година треба да:

- продолжи со одобрување на објектите за производство на аквакултура и објектите за преработка на аквакултура со единствен број на одобрение
- уреди софтверски модул со кој ќе го надгради регистерот на одгледувалишта за аквакултура во ВИС во делот на податоци за локација, податоци за одгледувалишта, движење и надзор со лабораториска дијагностика на аквакултура ,
- продолжи со спроведување на надзор на болестите ВХС/ИХН кај пастрмки и
- изготви и донесе повеќегодишна програма за надзор на одредени болести кај аквакултурата (крап), со цел прогласување на статус на земја, зона или оддел слободни од болест.

### *Среднорочни приоритети*

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2017 и 2018 година.
Се предвидува и усогласување на законската регулатива (по извршена анализа) заради соодветно усогласување со измените во регулативите на ЕУ кои се направени и тековно се прават во рибарската политика.

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Законот за ветеринарно здравство и Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура во 2017/2018 година треба да се:

- спроведе повеќегодишна програма за надзор на одредени болести кај аквакултурата, со цел прогласување на статус на земја, зона или оддел слободни од болест и
- спроведе активности во насока на ставање на Република Македонија во листата на земји кои се дозволени за извоз на пастрмка на пазарите на ЕУ.

Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на повеќе лица, а во Одделението за инспекциски надзор на рибарството и аквакултурата при ДИЗ вработување на дополнителен број на инспектори.

# 3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок**, но потребни се дополнителни напори за усогласување на законодавството за безбедност на патиштата и железничкиот сообраќај со правото на ЕУ. Во претстојната година земјата особено треба да:

- ➢ преземе понатамошни чекори за зајакнување на административниот капацитет за безбедност на патниот и железничкиот сообраќај;
- ➢ го забрза процесот на целосно повторно отворање на железничкиот пазар;
- ➢ обезбеди подобра работа на телата за истрага на несреќи и инциденти во железничкиот и воздушниот сообраќај.

***Резиме***

*Во рамки на поглавјето Транспортна политика, во текот на 2016 година, во делот на патниот сообраќај, ќе продолжат активностите за склучување спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сè уште нема склучено спогодба. Во областа на железничкиот сообраќај, се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем*[77] *со цел понатамошно усогласување со Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија). Исто така, планирано е да започне постапката за преговори за склучување на Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Грција и Република Македонија, како и усогласување на постојните подзаконски акти, со техничките спецификации за интероперабилност (TSI). Понатаму, ќе продолжат планираните активности за реализација на проектите во рамки на областите од внатрешниот воден сообраќај, комбинираниот сообраќај и сателитската навигација, како и планираните активности во рамки на воздушниот сообраќај.*

## 3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

**Пристап на пазарот**

Со Законот за превоз во патниот сообраќај[78] се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.Во Законот за превоз во патниот сообраќај се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЗ, Регулатива бр. 1072/09, Регулатива 1073/09/ЕЗ, Директива 96/96/ЕЗ, Директива 2009/40/ЕЗ, Директива 2000/30/ЕЗ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЗ, Директива 94/06/ЕЗ.

Со Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај се регулираат односите кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај[79]. Во Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај е делумно имплементирана директивата на Советот на Европската Унија бр. 181/11/ЕЗ.

**Патна инфраструктура**

Со Законот за јавни патишта[80]се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се

[77]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14 и 152/15.

[78]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15 и129/15.

[79]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13.

[80]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015 и 150/2015.

имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ, Директива 96/09ЕЗ и Директива 96/08ЕЗ (делумно).

**Опасни материи**

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај[81] во кој се уредени условите и начинот на вршење превоз на опасни материи во внатрешниот и меѓународниот патен и железнички сообраќај, условите кои треба да ги исполнуваат амбалажата и превозните средства, должностите на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, назначување на советник за безбедност, оспособување на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, надлежностите на државните органи и надзор над спроведување закон. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ која се однесува на спецификациите за возилата −цистерни. Исто така, Законот предвидува примена на одредбите од АДР спогодба, која што континуирано се ревидира согласно најновото законодавство на ЕУ, од што произлегува дека и националното законодавство континуирано се усогласува со законодавството на ЕУ.

**Безбедносни прашања**

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата[82]се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 671/91ЕЗ и 126/06ЕЗ.

Со Законот за возила[83] се регулира испитувањето на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 37/99/ЕЗ, 38/07ЕЗ, 7/02/ЕЗ, 46/07ЕЗ, 37/03ЕЗ, 53/96ЕЗ.

Во делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата, се реализираа повеќе кампањи за безбедност на сообраќајотна патиштата, медиумска застапеност по електронските и печатените медиуми на локално и на национално ниво, организирање и спроведување сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќајни,воспитно-едукативниакцииза запознавање на децата со правилата во сообраќајот за нивно безбедно учество и др.

Во текот на своето работење во 2015 година, МВР има реализирано 49 селективни контроли на републичко ниво со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Во текот на 2015 година, Министерството за внатрешни работи, согласно усвоениот годишен план во делот на безбедноста во сообраќајот на патиштата, отпочна со реализација на повеќе проекти меѓу кои се:

- Безбеден град
- Зона на смирен сообраќај
- Дали возам безбедно
- Електронски записник од увид во сообраќајна незгода
- Предложи сообраќајна контрола

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локалната самоуправа.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура и во 2015 година, согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, континуирано се вршеше издавање сертификати за професионална компетентност на управителите на транспортните фирми, сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, додека на фирмите кои вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај им се издаваа лиценци за вршење

[81] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14 и 116/15.
[82] „Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15.
[83] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13.

превоз на стоки во патниот сообраќај, како и лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај. Детален преглед за бројот на издадени сертификати и лиценци е даден во кварталните извештаи за реализација на активностите од НПАА за 2015 година. Исто така, во 2015 година продолжи издавањето сертификати за возачи за превоз на опасни материи и советници за безбедност при превоз на опасни материи, како и мемориски картички за тахографи во возилата.

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Сектор за сообраќајни работи; полициските станици и полициските одделенија за безбедност во патниот сообраќај.

Државниот инспекторат за транспорт врши надзор над спроведувањето на законските прописи од Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Законот за жичарите и ски-лифтовите, Законот за јавните патишта и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, меѓународните договори и спогодбите ратификувани од нашите повисоки државни органи, подзконските акти, годишната програма за работа и останатите тековни активности.

Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во согласност со усвоената Програма за работа за 2015 година и Акциониот план за имплементација на Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, го подготви текстот на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020. Истата беше усвоена од страна на Собранието на Република Македонија на 30.12.2014 година.

### *Краткорочни приоритети*

**Пристап кон заедничкиот пазар на транспорт**

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира продолжување на активностите околу склучување спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сè уште нема склучено спогодба.

Се очекува во првиот квартал од 2016 година да се реализира I-та фаза од Проектот за модернизација на наплатните станици и воведувањето електронски систем за наплата на патарина односно да се прошират и адаптираат 4 постоечки наплатни станици и да се изгради три нови наплатни станици.

Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата ќе реализира повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми;
- организирање и спроведување сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќај;
- организирање и спроведување воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение „Безбедно од дома до училиште“ со помош на автосообраќајни мобилни полигони;
- кампања за ограничување на брзината;
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции,
- спроведување контроли на републичко ниво со цел превенција и зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Планирани активности на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за периодот јануари – мај 2016 година:

- работни активности на работна група за воведување на сообраќајно образование во рамките на редовниот образовен систем во Република Македонија;
- изработка на правилник за функционирање на училишни сообраќајни единици и имплементација на активности за нивно ставање во функција;
- едукативни предавања за безбедност во сообраќајот и сообраќајно - едукативни манифестации од натпреварувачки карактер;

- кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот и поголема безбедност во сообраќајот, како и за заштита на ранливите групи на учесници во сообраќајот на патиштата;
- изработка на сообраќајно едукативни материјали за потребите на практичната настава по сообраќај.

***Среднорочни приоритети***

**Пристап на заедничкиот пазар на транспорт**

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сѐ уште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12..2018 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2018 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 31.12.2017 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2018 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2018 година.

Се очекува во првата половина од 2017 година да заврши изградбата на автопатот Миладиновци - Штип, со должина од 47 километри и ширина од 29 метри, со по две коловозни ленти во двата правци и една дополнителна лента за застанување.

## 3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

Во минатиот период се изврши измена и дополна на Законот за железничкиот систем[84] со цел да се усогласи со Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка[85]. Во текот на 2015, беше донесена Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2015 година[86].

Врз основа на Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници[87] се склучи Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2014-2016 меѓу Министерот за транспорт и врски и Генералниот Директор на МЖ Транспорт АД-Скопје. За 2015 година се предвидени да се реализираат средства за компензирање на дел од загубите при давање на јавната патничка услугата, односно надоместокот за користење на железничката инфраструктура при превозот на патници и одржување на постојните возни средства.

**Министерство за транспорт и врски – Сектор за железници** е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Секторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички сообраќај. Во Секторот вкупно се вработени 9 државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на сектор.

**Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (АРЖС)** врз основа на своите надлежности од Законот за железничкиот систем[1] спроведени се повеќе контроли на квалитетот на услугите кои железничкиот превозник ги дава на патниците и квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници, а исто така спроведе и анкетно истражување на задоволството на патниците од железничките превозни услуги.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (орган за сигурност)**

Во текот на изминатиот период, Органот за сигурност работеше согласно законската рамка и издаваше: први дозволи за машиновозачи, потврди за пуштање во употреба на вагон серија Sggrss возило кое е усогласено со технички спецификации за интероперабилност, сертификат за сигурносно управување при маневар – Дел Б и дополнителна потврда за пуштање во употреба на локомотива на Локо Транс за сопствени потреби. Исто така

[84] „Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14 и 152/15
[85] „Службен весник на Република Македонија” бр. 130/14
[86] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 194/14 и 180/15
[87] „Службен весник на Република Македонија“ број 07/2014

изработи: програма за полагање на инспекторите  за инспектор за  Инспекторскиот совет, програма за обука на инспекторите за Инспекторскиот совет, 6 студии за полагање на инспекторите за Инспекторскиот совет, прашања за секој вид на инспектор за полагање на  инспектор  за Инспекторскиот совет, Годишна  програма за инспекторите до Инспекцискиот Совет.

**Комитет за водење на истрага при случени сериозни несреќи и инциденти во железничкиот сообраќај (тело за истражување)**
Комитетот ќе се формира како независно и транспарентно тело.

***Краткорочни приоритети***
**Правна рамка**
Во 2016 година се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем[1]  со цел понатамошно усогласување со Директивата 2012/34/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија).

Исто така, во текот на 2016 година ќе се измени и дополни Законот за сигурност во железничкиот систем, со цел да се пропише формирањето на Комитетот за водење на истрага при случени сериозни несреќи и инциденти во железничкиот сообраќај како независно тело. Согласно Законот, во почетокот на 2017 година Комитетот ќе се формира како независно и транспарентно тело.

Согласно Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2016 година, во Буџетот на Република Македонија за 2016 година[88]  се предвидени да се реализираат средства во висина од 220.000.000 денари, а наменети за одржување на железничката инфраструктура.

Во текот на 2016 година, во рамки на краткорочни приоритети, планирани се следните активности:

- Извештај за реализација на Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2015 година согласно член 26 од Законот за железничкиот систем за реализација на Годишната програма за 2015 година
- Извештај во врска со реализираните финансиски средства за проектот: Подобрување на железничката пруга  на Коридорот 10, обезбедени по пат на заем од Европската Банка за обнова и развој за 2015 година,
- Извештај во врска со реализираните финансиски средства за проектот: Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридорот VIII, фаза 1- делница Куманово - Бељаковце, финансиран по пат на заем од Европската Банка за обнова и развој за 2015 година обезбедени по пат на заем од Европската Банка за обнова и развој за 2015 година.
- Извештај за реализација на Буџетските средства за 2015 година наменети за компензирање на дел од загубите при давање на јавната патничка услуга, односно надоместокот за користење на железничката инфраструктура при превозот на патници, одржување на постојните возни средства и трошоците направени по основ на потрошена електрична енергија за обавување на патничкиот железнички сообраќај согласно Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2014 до 2016 година, а за потребите на возниот ред 2014/2015, склучен меѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД-Скопје.

Понатаму, во Договорот за заем за финансирање на проектот ”Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2” на Министерството за транспорт и врски му е доделен грант за избор на консултанти кои ќе треба да направат ревизија на постојното законодавство во сегментот на интероперабилноста во железничкиот систем и да се изработат или дополнат постојните подзаконски акти со цел усогласување со техничките спецификации за интероперабилност во структурните и функционалните потсистеми во железничкиот систем.

---

[88] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/15

Во текот на 2016 година се планира да започне постапката за преговори за склучување на Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Грција и Република Македонија на два железнички гранични премини Гевгелија - Идомени и Кременица - Месонисон.

Во текот на 2016 година, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ќе пристапи кон донесување и усогласување на подзаконските акти од своја надлежност, во согласност со последните измени на Законот за железничкиот систем, како и другата законска регулатива во Република Македонија.

Во рамките на своите надлежности Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата, активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги, како и почитување на правата на патниците кои користат железнички превоз.

Агенцијата за регулирање на железничкиот во текот на 2016 година ќе продолжи активно да учествува во работа на работните групи на Европската мрежа на независни регулаторни тела, SEETO и IRG Rail со цел што да ги подобри реализација на своите активности во насока на интегрирање на македонските железници во системот на европските железници. Регулаторната Агенција ќе учествува во работењето на овие работни групи преку размена на податоци, искуства и коментари од кои произлегуваат предлози и мислења за измената на Директивите на Европската унија од областа на железничкиот сектор.

Во следната година, Управата за сигурност во железничкиот систем ќе пристапи кон изработка на Упатствата за оценување на сообразноста на поднесените барања за добивање на Сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз, превоз за сопствени потреби и маневрирање како и Одобрение за сигурност за управување со железничка инфраструктура усогласени со новите измени во Законот за железнички систем[1].

**Институционална рамка**
**Министерство за транспорт и врски**
Предвидено е техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Техничката опременост ќе придонесе за навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на потребните реформи во железницата.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**
Во согласност со расположивите финансиски средства, во текот на 2016 година планирано е организирање на обуки на вработените со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и дополнителни 3 нови вработувања.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (орган за сигурност)**
Предвидено е зајакнување на УСЖС преку техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Техничката опременост ќе придонесе за навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на активностите на Управата.

### *Среднорочни приоритети*
**Правна рамка**
Во текот на 2017 и 2018 година ќе се врши понатамошно усогласување на Европското законодавство со националното. Ќе продолжи ревизијата на постојното законодавство во сегментот на интероперабилноста во железничкиот систем.

Се планира продолжување на реформските проекти во однос на сегментацијата на МЖ Транспорт АД-Скопје, како и заложбата за либерализација на пазарот за други национални и меѓународни железнички превозници.

Агенција за регулирање на железничкиот сектор ќе издава дозволи за железнички превоз согласно законската регулатива. Исто така, ќе учествува во донесување подзаконски акти и друга легислатива за усогласување со новите директиви на ЕУ од надлежност на Агенцијата.

Управата за сигурност во железничкиот систем ќе ги продолжи активностите поврзани со усогласување на Законот за сигурност во железничкиот систем и Законот за железничкиот систем во однос на системот за сигурносно управување, односно донесување соодветен сертификат за сигурносно управување согласно горенаведените закони, како и примена на законите од страна на претпријатијата.

**Институционална рамка**
**Министерство за транспорт и врски**
Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку техничка опременост и организирање на обуки на вработените.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**
Во текот на 2016 и 2017 година, предвидена е техничка опременост и организирање на обуки на вработените со цел подигнување на институционалниот капацитет на Агенцијата.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (орган за сигурност)**
Предвидено е зајакнување на Органот за сигурност преку техничка опременост и организирање на обуки на вработените.

## 3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***
Согласно годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2015 година и оперативен план за спроведување на истиот од страна на инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид се вршат редовни контроли над способноста за пловидба, пловните објекти, бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипаж на пловните објекти, превозот на патници и товар во поглед на животната заштита на луѓето и имотот и заштита на животната средина од загадување од пловните објекти.
Согласно Законот за внатрешната пловидба и подзаконските акти, во текот на 2015 година од страна на инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба, извршени се98. инспекциски надзоринад пливачки и пловни објекти и екипажот на пловните објекти. Од извршените контроли констатирани се 25 прекршоци за коиво тек се прекршочни постапки.
Во текот на 2015, во рамки на активностите заподобрување на условите на пловните патишта и пристаништата на внатрешните води во Република Македонија и регулирање на пловидбата заради остварување на безбедна и непречена пловидба, беше реализирано обележувањето на пристаништата, пристапните мостови и платформи и каналот Студенчишта на Охридско Езеро, со сигнални светла и пловидбени знаци.Понатаму, беше извршено обележување на пловните патишта -минимална оддалеченост на пловните објекти од брегот на Охридското Езеро. Исто така, во тек се активности за санација на пристаништата во Свети Наум, Радожда, Трпејца и Пештани, изградба на платформа кај Охридскиот аеродром.
Министерството за транспорт и врски– Капетанијата на пристаништата – Охрид е надлежна за спроведување на политиката за развојот на внатрешниот воден сообраќај и остварување безбедност во пловидбата. Согласно Правилникот за организација и работни места во Капетанијата има две одделенија: Одделение за внатрешна пловидба и Одделение за логистичка поддршка. Во Капетанијата вработени се вкупно 17 државни службеници, вклучувајќи го и капетанот на Капетанијата.
Согласно Законот за авторско право и сроднитеправа, во текот на 2015 година, во Капетанијата на пристаништата е вработено едно лице на определено време.

***Краткорочни приоритети***
**Правна рамка**
Во текот на 2016 година, ќе се донесат измени на Законот за внатрешна пловидба во насока на транспонирање на Директивата 1177/2010 од 24 ноември 2010 за правата на патниците кога патуваат на море или внатрешни пловни патишта.

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија, а со цел подобрување на условите на пловните патишта и пристаништа на внатрешните води во Република Македонија и регулирање на пловидбата заради остварување безбедна и непречена пловидба, во периодот 2016-2018 година, предвидено е продолжување на реализација на активностите за санација на пристаништата во Св. Наум, Радожда, Трпејца и Пештани, изградба на платформа кај Охридскиот аеродром, набавка на мобилни пловни објекти за потребите на инспекциската служба при Капетанијата на пристаништата – Охрид и следење учесници во пловидбата преку инсталирање два радари на Охридско Езеро, како и континуирано следење и усогласување со европското законодавство во делот на внатрешниот воден сообраќај, а со цел усогласување на Законот за внатрешната пловидба и подзаконските акти.

**Институционална рамка**

**Министерство за транспорт и врски**

Во согласност со расположливите финансиски средства, во 2016 година, се планира да се реализираат обуки потребни за вработените.

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2016 и 2017 година, ќе се следат измените и донесувањето нови директиви од страна на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на внатрешниот воден сообраќај.

## 3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

Во рамките на ИПА-ОПРД 2007-2009 се реализираше проектот за: Изработка на студија за развој на стратешки мулти-модални транспортни јазли со која ќе се промовираат интермодалните и мултимодалните транспортни системи кои воедно се дел од целите на Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017).

Врз основа на мултикритериумската анализа како најповолни локации за изградба на мултимодални јазли, со секторската физибилити студија се селектирани 4 локации за кои треба да се подготови кост-бенефит анализа.

Во Националната транспортна стратегија, се предвидува да се создадат услови за превоз на патници и стоки преку два или повеќе видови транспорт, односно создавање мултимодална транспортна мрежа, која се планира да се постигне со промовирањето на интермодалните и мултимодалните транспортни системи.

Во ИПА-програмирањето за следниот период, планирано е да се финансира изработка на проектна документација за предложената локација за мултимодален јазол во населеното место Трубарево-Скопје.

***Среднорочни приоритети (2017-2019)***

Во рамките на ИПА 2, предвидено е да се финансира изработката на проектна документација за предложената локација за мултимодален јазол во населеното место Трубарево - Скопје. Проектот се предвидува да отпочне во 2017 година.

## 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

**Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**[89]. Измените и дополнувањата на Законот за воздухопловство се со цел подобрување на слабостите на системот за евиденција на сите објекти, градби, инсталации и уреди во Република Македонија коишто можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај. Исто така, со предложените решенија се дава правна основа Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за цивилно воздухопловство да донесуваат подзаконски акти со кои треба да се транспонираат новите ЕУ регулативи и директиви кои не се наведени во Анекс 1 на ЕЗВО, а за кои не е предвиден основ во постојните одредби на Законот за воздухопловство.

[89]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/15

**Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**[90].Со изменување и дополнување на Законот за воздухопловство се врши негово усогласување со Законот за прекршоците[91].

**Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај**[92]. Измените и дополнувањата имаат за цел усогласување со член 24 од ЕУ Регулативата 1008/2008 во насока на надминување на забелешката на Европската унија во Извештајот за примена на Договорот за Европска заедничка воздухопловна област. Имено, член 24 од ЕУ Регулативата 1008/2008 бара воспоставување систем за казни во случај на непочитување на правилата за слободно формирање на цени на авиобилети кога истите се продаваат од страна на авиопревозниците. Поради тоа, е потребно воспоставување систем за надзор преку кој ќе се контролира почитувањето на оваа регулатива и ќе се преземаат казнени мерки во случај на нејзино непочитување, како што е тоа случај со другите ЕУ регулативи транспонирани во овој закон.

**Регулатива (ЕЗ) бр. 1008/2008 од 24 септември 2008 година за заедничките правила за воздушен превоз во Заедницата, првземена од Анекс 1 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ЕЗВО)**[93]согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај[94].

**Министерство за транспорт и врски**
Согласно член 6 од Законот за воздухопловство, Министерството за транспорт и врски е надлежно за работите од областа на воздухопловство и тоа: ја подготвува националната стратегија за развој на воздухопловството; ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на воздухопловството; ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување концесии од областа на воздухопловството; предлага закони од областа на воздухопловството и подготвува и донесува подзаконски акти кои се предвидени со овој закон; спроведува постапка за привремено ставање на концесија под привремена принудна управа (секвестар) и врши други работи утврдени со прописите од областа на воздухопловството.
Во Министерството за транспорт и врски овие работи ги врши Секторот за воздухопловство. Согласно Правилник за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, Секторот за воздухопловство се состои од две одделенија: Одделение за воздухопловна политика и Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди.
Согласно Правилникот за систематизација предвидени се дванаесет работни места. Во моментов, во Секторот има шест вработени во редовен работен однос.

**Агенција за цивилно воздухопловство**
Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во член 7-б од Законот за воздухопловство. Во Агенцијата за цивилно воздухопловство во моментов се вработени 68 лица.

**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**
Владата на Република Македонија донесе Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти[95]. Комитетот се состои од тројца истражители именувани од Владата на Република Македонија, од кои еден именуван за претседател на Комитетот.

### *Краткорочни приоритети*
Во текот на 2016, предвидено е да се донесат Предлог - годишна програма за работа и развој и предлог - годишен финансиски план за 2017година на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Извештај за реализација на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2015 година заедно со извештајот од независен ревизор, Програма за давање услуги на воздухопловна навигација и годишен финансиски план за 2017 година, на одобрување, Годишен финансиски извештај со завршна сметка, ревизорски извештај за 2015 година и

[90]„Службен весник на Република Македонија“ бр.152/15
[91]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15
[92]„Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15
[93]„Службен весник на Република Македонија“ бр.173/15
[94]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/11
[95]„Службен весник на Република Македонија“ бр.49/12

Годишен извештај за работа за 2015 година на давателот на услуги на воздухопловна навигација и Годишен извештај за работа во 2015 година, како и Годишна програма со финансиски план за работа за 2016 година на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.
Министерството за транспорт и врски во рок од една година треба да склучи Меморандум за соработка/разбирање со Европската комисија кој ќе биде основ за преговори за користење на Европските Сателитски Навигациски Системи за воздухопловни операции кои ќе бидат основа за процесот на имплементација на PBN.

***Среднорочни приоритети***
Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс I на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и мисијата на Обединетите нации за привремена Администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област.
Откако, Спогодбата за ЕЗВО ќе влезе во сила, односно откако Заедничкиот комитет на ECAA ќе донесе одлука за ревизија на Анекс 1 на Спогодбата, ќе се започне со постапка за донесување Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс 1 на Мултилатералната спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји - членки, кој пак понатаму претставува правна основа за транспонирање на европските прописи во македонскиот правен поредок.

## 3.14.8 САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА

***Тековна состојба***
За регулирање на Европската политика за сателитска навигација, односно имплементација и експлоатација на системите и програмите според ГАЛИЛЕО и ЕГНОС програмите, Европската Унија ја донесе Регулативата (ЕУ) бр. 1285/2013 на Европскиот Парламент и Советот од 11.12.2013 за имплементација и користење на Европските системи за сателитска навигација и укинување на Регулативата на Советот (ЕС) бр. 876/2002 и Регулативата (ЕС) бр. 683/2008 на Европскиот Парламент и на Советот.
Од аспект на иницијалното поставување на системот за сателитска навигација и позиционирање, во Република Македонија се уште нема експлицитна законска рамка која го регулира прашањето во врска со сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, односно се остава простор за анализа и за пропишување на условите и начинот на користењето и примената на сателитската навигација и сателитското позиционирање во транспортниот сектор на Република Македонија.
Во однос на примената на информатичките технологии, односно телематиката во транспортниот сектор, од голема важност претставува вклучувањето на Република Македонија во Европската политика за сателитска навигација, што ќе создаде можности за имплементација и експлоатација на системите и програмите според ГАЛИЛЕО програмата, како и ЕГНОС програмата. Тоа значи развивање на стратешките, правните и техничките основи за користење на елементи на сателитска навигација во Република Македонија во делот на транспортот и транспортната инфраструктура.
Имајќи предвид дека нема законска рамка со која се уредува и регулира сателитската навигација се уште не е утврдена и институционалната рамка за спроведување на сателитската навигација во Република Македонија. Во таа насока, приоритет во транспортниот сектор е воспоставување на институционалната рамка.

***Краткорочни приоритети***
Во текот на 2016, Владата на Република Македонија ќе преземе чекори за спроведување на ЕГНОС во Република Македонија, односно иницирање на постапка за потпишување Меморандум за разбирање со Европската комисија, кој ќе биде основ за преговори за користење на Европските сателитски навигациски системи за воздухопловни операции.

***Среднорочни приоритети***
Среднорочните приоритети ќе се утврдат откако ќе се потпише Меморандумот за разбирање, како последователни протоколи.

# 3.15 ЕНЕРГЕТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. **Одреден напредок** е постигнат во делот на сигурноста во снабдувањето, но не во однос на отворањето на пазарот на електрична енергија. Обврските преземени од Договорот за Енергетска заедница не се целосно спроведени. Земјата во следната година особено треба да ги имплементира следните обврски преземени од Енергетската заедница:

- да го отвори пазарот на електрична енергија;
- да учествува во регионалната Канцеларијата за координирана аукција за електрична енергија;
- да ги подготви и донесе Националниот акциски план за енергетска ефикасност и Националниот акциски план за обновливи извори на енергија.

***Резиме***

*Во делот на енергетиката, во наредниот период се очекува да се спроведуваат мерки и активности кои ќе придонесат за обезбедување на сигурност во снабдувањето на сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите во Република Македонија. Едновремено ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока, се очекува да се намали увозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси.*

*Се очекува имплементација на третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.*

*Во делот на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија ќе се спроведуваат мерки и активности за постигнување на стратешките цели за заштеди на енергија и учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија.*

## 3.15.1 СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО

*Приоритетите на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор, се поврзани со националните цели за сигурност и развој, и вклучуваат: сигурно снабдување со енергија;одржлив економски развој и конкурентност на економијата. Во изминатиот период, се обезбеди сигурност во снабдувањето и се планира така да се продолжи и во наредниот период преку преземање конкретни мерки и активности за да нема пречки во снабдувањето на потрошувачите со различни видови енергија.*

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година, согласно Законот за енергетика се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација на овој документ во 2014 година.

Во текот на 2014-2015 година со техничка поддршка на УСАИД изработена е нацрт верзија на нова Стратегија за развој на енергетиката на Република Макеоднија до 2035 година која ја изработува Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) како локален консултант. За предметната Стратегија во текот на 2015 година изготвена е и стратегиска оцена за влијанието врз животната средина.

Во текот на 2015 година, до Секретаријатот на енергетската заедница, согласно член 29 од Договорот за основање на енергетската заедница, се достави Изјава за сигурност во снабдувањето со електрична енергија, природен гас и нафтени деривати.

Во текот на 2015 година изготвена е и Методологија и критериуми за приоритизација на енергетски проекти како и адекватни критериуми и процедури за издавање овластување за нови енергетски објекти.

Во периодот 2013–2015 година, се спроведе ИПА-проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика, Министерство за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија за што подетално е опишано во подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар.

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во натамошниот текст: ДЗРННД) ќе го продолжи процесот на формирање на задолжителните нафтени резерви до ниво од најмалку 90 дена од просечната дневна протошувачка во Република Македонија, со оглед дека министерскиот совет на Енергетската заедница со Одлука го утврди 31декември 2022 година за краен рок за формирање на резервите во земјите од ЈИЕ. Ќе се доврши процесот на транспонирање на Директивата 2009/119/ЕУ преку транспонирање на четирите анекси во соодветни подзаконски акти.

ДЗРННД согласно Годишната програма со финансиски план и Годишниот план за јавни набавки за 2015 годинауспешно ги реализираше сите предвидени постапки за јавна набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви. Просечното ниво на пополнетост на задолжителните резерви изнесува 72 дена од просечната дневна потрошувачка. Податоците за нивото на нафтени резерви кои Република Македонија ги дава во извештаите до ЕК се пресметани согласно старата директива.

Во однос на процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, изготвени се предлог-правилници во кои се транспонирани анексите кон Директива 2009/119/ЕУ, кои се во фаза на меѓуресорско усогласување.

Во текот на 2015 година, Секторот за енергетика беше зајакнат со 2 нови вработувања. Претставници од Министерството за економија и ДЗРННД земаа учество на Форумот за нафта кој се одржа на 8 и 9 септември 2015 година во Белград. Во месец април, се одржа работен состанок при работната група за енергетска статистика на која учествуваа претставници од Министерство за енергетика и Државниот завод за статистика.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2016 година, се предвидува донесување на новата *Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2035* година во која ќе се утврдат целите за долгорочен развој на енергетиката во Република Македонија.

Во текот на 2016 година, согласно Законот за енергетика ќе се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација на овој документ во 2015-2016 година
Во 2016 година, ќе се изработи Изјава за сигурност во снабдувањето со природен гас согласно обврските од Договорот за основање на енергетската заедница.

Во насока на спроведување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати[96] , потребно е донесување на следните документи:

- Среднорочна-петгодишна програма за период 2016-2020 година;
- Годишна програма со финансиски план за 2016 година и Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, во согласност со среднорочната програма;

Со цел да се спроведат горенаведените програми и планови, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во текот на 2016 година ќе спроведе постапки за јавни набавки на нафтени деривати и ќе обезбеди резервоарски капацитети за складирање на задолжителните нафтени резерви. Исто така, Дирекцијата ќе спроведува редовна квалитативна и квантитативна контрола на задолжителните нафтени резерви на територијата на Република Македонија. Активностите на ДЗРННД за 2016 година се во согласност со финансиските средства во Буџетот за 2016 година, односно со средствата наменети за стратешки резерви ќе се врши набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви. Податоците за нивото на нафтени резерви кои Република Македонија ги дава во извештаите до ЕК ќе се пресметуваат согласно старата директива. Новите пресметки согласно методологијата од

[96] Службен весник на Република Македонија бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14

Директивата 119/2009 ќе се применат со влегувањето во сила на новиот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати од 2018 година.

**Институционална рамка**

Во текот на 2016 година, се планира зајакнување на администартивните капацитети на Секторот за енергетика при Министерство за економија и Агенција за енергетика со нови вработувања. Исто така претставниците од овие институции активно ќе учествуваат во работните групи при Секретаријатот за Енергетска заедница.

Во текот на 2016 година, се очекува зајакнување на административните капацитетицза нови работни места во ДЗРННД, со цел да се заокружи неопходната кадровска екипираност за квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во текот на 2017година, согласно Законот за енергетика ќе се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација на овој документ во периодот 2016–2017 година.
Во периодот 2017–2018 година, приходот на средства по основ на уплата на надоместок за задолжителни нафтени резерви на годишно ниво, ќе биде користен за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви и за непречено функционирање на ДЗРННД.

Исто така во 2018 година, ќе се продолжи со имплементација на Закон за задолжителни нафтени резерви[97] и ќе бидат донесени и подзаконските акти, како и План за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати.

Со оглед дека со Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви[98] до 2018 година се одлага примената на новиот Закон за задолжителни нафтени резерви[99], усогласен со Директивата 2009/119/ЕУ, ДЗРННД ќе продолжи со процесот на формирање, чување и обновување на задолжителните нафтени резерви во согласност со одредбите од постојниот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати[100].

Треба да се има предвид дека методологијата за пресметка на нивото на обврските за чување на нафтени резерви како и за пресметка на нивото на резервите кои земјите ги поседуваат, дефинирана во Директивата 2009/119/ЕУ значително се разликува во однос на методологијата утврдена во Одлука 68/414/ЕЕЗ и Директивите 73/238/ЕЕЗ и 2006/67/ЕЗ (кои престанаа да важат со донесувањето на Директивата од 2009 година).

Податоците за нивото на нафтени резерви кои Република Македонија ги дава во извештаите до ЕК се пресметани согласно старата директива. Новите пресметки согласно методологијата од Директивата 119/2009 ќе се применат со влегувањето во сила на новиот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати од 2018.

**Институционална рамка**

Во периодот 2017-2018 се очекува да се заокружи кадровското доекипирање на секторот за енергетика при Министерство за економија и ДЗРННД.

## 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

***Тековна состојба***

Една од основните цел во енергетика е поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, како и интегрирање на енергетските пазари на

[97] Службен весник на Република Македонија бр. 144/14 и 178/14 и 199/15.
[98]Службен весник на Република Македонија бр. 199/15.
[99] Службен весник на Република Македонија бр. 144/14 и 178/14.
[100]Службен весник на Република Македонија бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14.

Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договорикако што е и Договорот за основање на енергетската заедница. Главната цел на спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија е понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно функционирање на пазарот на енергија и создавање услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во Република Македонија. Ова е во согласност со Стратегијата на Европската унија 2020, Стартегијата на ЈИЕ 2020 како и регионалната Стратегија за енергетика на енергетската заедница.
Во однос на отворањето на *пазарот за електрична енергија*, истото започна уште во 2008 година. Република Македонија беше првата земја во регионот во која што електричната енергија потребна за покривање на загубите на електрична енергија од 2012 година се набавува на слободниот пазар на електрична енергија. Либерализацијата на пазарот на електрична енергија продолжи од 01.01.2014 година, каде што 222 претпријатија своите потреби ги задоволуваат на пазарот на електрична енергија. Од 01.07.2015 вкупно 253 претпријатија своите потреби ги обезбедуваат на слободниот пазар на електрична енергија. Ова подразбира дека либерализацијата на пазарот на електрична енергија не е прекината за оние претпријатија кои што исполнуваат критериумот за самостојно учество на пазарот (над 50 вработени и над 10 милиони евра годишен приход). Согласно достапните информации на пазарот на електрична енергија активни се 6 снабдувачи со електрична енергија што претставува одличен предуслов за функционирање на конкурентен пазар на електрична енергија. Од 01.07.2015 година, процентот на реална либерализација изнесува приближно 45%, имајќи предвид дека мрежните оператори ги набавуваат загубите на електрична енергијана отворениот пазар на електрична енергија од 01.01.2012 година. Во одлуките на Регулаторната комисија за енергетика за 2014 и 2015 година за првпат трошоците за користење на дистрибутивниот систем за домаќинствата беа пресметани согласно Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија. Со драстично зголемување на цената на електричната енергија за домаќинствата ќе се намали и процентот на наплата, а со тоа ќе се намалат и приходите на регулираниот снабдувач, поради што нема да биде во можност да ги покрие трошоците за набавка на електрична енергија со што ќе се доведе во опасност и сигурноста во снабдувањето со електрична енергија.

Во однос на либерализацијата на *пазарот на природен гас*, во изминатиот периодот Регулаторната комисија за енергетика ги донесе сите подзаконски акти и ги направи сите неопходни подготовки кои доведоа до тоа пазарот на природен гас официјално да се смета за отворен од 1 јануари 2015 година. Со тоа земјата во целост ги исполни обврските преземени со вториот енергетски пакет во делот на природниот гас.
Во текот на 2014-2015 година се изготви нов предлог Закон за енергетика во кој е транспониран третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската унија. Целите на Законот се во насока на создавање поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас преку независност на операторите на преносните системи, зајакнување на позицијата на Регулаторната комисија за енергетика, заштита на потрошувачите и друго. Законот за енергетика се изработуваше во рамки на ИПА Проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија. Во делот на електричната енергија и природниот гас беа формирани работни групи кои ги дискутираа елементите од третиот пакет кои треба да се транспонираат.

Нацрт-текст на предлог Законот за енергетика е доставен на мислење до сите надлежни институции, министерства, компании како и до Секретаријатот на Енергетска заедница. Доставените коментари се разгледуваат со институциите и соодветно се вградуваат во текстот.

Во текот на 2015 година се спроведе Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2015 година, која ја носи Министерството за труд и социјална политика.
Исто така, во текот на 2015 година е изготвена и Програмата за заштита на ранливите потрошувачи, и истата се планира да се донесе на почетокот од 2016 година.

Главната цел е спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија и понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија и создавање на услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во Република Македонија.Подзаконските акти со кои се заокружува процесот на транспонирање на мерките од Директивите 2003/54/ЕЗ и 2003/55/ЕЗ и обврските од Договорот за основање на Енергетската заедница

се донесоа во првата половина од 2015 година. Регулаторната комисија за енергетика ги одобри Мрежните правила за дистрибуција на природен гас[101]и Мрежните правила за дистрибуција на природен гас[102], а исто така беше донесен и Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари кој има за цел зголемување на ефикасноста, конкурентноста и транспарентноста на енергетските пазари, откривање на неправилностите и нарушување на конкуренцијата и нелојалната конкуренција на пазарот, како и на други активности поврзани со функционирањето на енергетските пазари, кои не се во согласност со законите, другите прописи и обврските утврдени во лиценците за вршење на енергетските дејности.

Во Секторот за енергетика при Министерството за економија, вработени се петнаесет (15) редовно вработени, кои ги покриваат обврските согласно подрачјата од поглавјето 3.15 Енергетика.

Во рамките на ИПА Проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерството за економија а Агенцијата за енергетика на Република Македонија, реализирани се следните обуки, и тоа: Лидерство и управување со промени, Управување со проектен циклус, Стратешко планирање, Правна обука и преговарање, Статистика, Финансиски менаџмент, Едновремено реализирани студиски посети во Виена (декември 2014 година) и Германија (јули 2015 година).
ИПА Проектот „Зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија"се спроведе во текот на две години (2013-2015). Овој проект допринесе за зајакнување на институционалните капацитети на овие институции за развој, следење и оцена на реформите во енергетскиот сектор кои се неопходни за усогласување со законодавството на Европската унија и другите обврските на пристапувањето кон Европската Унија. Се реализира и основната цел на проектот, поконкурентен пазар на енергија и негова интеграција во регионалниот пазар на енергија. Во август 2015 година успешно заврши спроведувањето на ИПА Проектот.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во насока на исполнување на обврските од Договорот за Енергетска заедница, земјата ќе продолжи со транспозиција на законодавството на ЕУ согласно третиот енергетски пакет на ЕУ, односно ќе ги донесе следните акти и програми:
Новиот предлог Закон за енергетика во кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската унија се планира да биде донесен во вториот квартал на 2016 година.
Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија 2016, финансирана преку буџетски средства обезбедува дел од финансиските средства за потребите од енергија (електрична енергија, топлинска енергија, дрва и друго) на примателите на социјална помош која ќе биде донесена на почетокот на 2016 година и истата ќе биде спроведена во тековната година.
Во текот на 2016 година, ќе седонесе Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија. Истата ќе опфати различни категории на потрошувачи кои ќе влезат во дефиницијата на ранливи потрошувачи. Законскиот основ за донесување на оваа програма ќе биде утврден во новиот Закон за енергетика, во кој ќе бидат транспонирани одредбите од третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ. Со Програмата се планира да се дефинира концептот на ранливите потрошувачи, субвенции за потрошувачката на енергија, обврски наметнати на релевантните оператори на системи, права и обврски на ранливите потрошувачи, начин на спроведување на мерките, буџетски извори и други средства наменети за финансирање на мерките.

Предвидено е со новиот предлог Закон за енергетика да бидат транспонирани одредби одтретиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, односно Директивите 2009/72/ЕЗ и 2009/73/ЕЗ, како и Регулативите (ЕЗ) бр. 711/2009, 715/2009 и 543/2013, во текот на 2016 година. По донесување на новиот предлог Закон за енергетика од страна на Собранието на Република Македонија, Регулаторната комисија за енергетика ќе отпочне постапки за усогласување на подзаконски акти врз основа на транспонираните одредби од третиот енергетски пакет, при што до крајот од 2016 година првичниот фокус ќе биде насочен кон донесување на актите кои се однесуваат на внатрешната организација, издавањето лиценци, следењето на функционирањето на енергетските

[101] на ЈП КУМАНОВО ГАС – Куманово
[102] на ЈПЕД СТРУМИЦА ГАС – Струмица

пазари,како и постапките за одлучување по спорови и жалби.(Види Анекс 3.15 Енергетика, 3.15.2 Внатрешен пазар, Активности за 2016).

**Институционална рамка, имплементација и спроведување**

Со Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2016 годинасе предвидува вработување на 2 лица, со што вкупниот број на вработени во РКЕ треба да изнесува 33 лица (5 членови на РКЕ и 28 извршители) во 2016 година. Воедно во 2016 година ќе се продолжи со спроведувањето на проектот„Градење на капацитети за Законот за енергетика“, поддржан од страна на Кралството Норвешка, а кој ќе се реализира во соработка со Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и консултантска куќа.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во текот на 2017-2018 година, ќе се спроведува новиот Закон за енергетика во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ.

Во периодот 2017-2018 година, Регулаторната комисија за енергетикаќе продолжи со активностите за спроведување на преостанатите одредби од третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергијакои ќе бидат вградени во новиот Закон за енергетика, при што фокусот ќе се однесува на правилниците за тарифи и цени, тарифни системи, пазарни правила, правила за снабдување, постапките за сертификација на операторите на системите за пренос, како и останатите акти кои ги донесуваат операторите на системите за пренос. (Види Анекс 3.15 Енергетика, 3.15.2 Внатрешен пазар, Активности за 2017-2018)

**Институционална рамка, имплементација и спроведување**

Во Секторот за енергетика при Министерството за економија, во континуитет ќе се зајакнуваат капацитетите со нови вработувања и обуки.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонијаќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за спроведување на активностите согласно третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, при што се предвидени 2. вработувања за 2017 година и 2. вработувања за 2018 година.

***Програми и проекти***

Регулаторната комисија за енергетика во месец јуни 2015 година отпочна со реализација на проектот „Градење на капацитети за Законот за енергетика“, поддржан од страна на Кралството Норвешка, а кој ќе се спроведе во соработка со Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и консултантска компанија. Проектот е со времетраење од 21 месец и за него се обезбедени средства од Кралството Норвешка и средства од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Целта на овој проект е да се подобри регулаторната рамка и да се зајакнат капацитетите на Регулаторната комисија за енергетика преку транспонирање на одредбите од третиот енергетски пакет, а со цел на овозможување конкурентни, транспарентни и недискриминаторни пазари на енергија.

## 3.15.4 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

***Тековна состојба***

Искористувањето на обновливите извори на енергија (ОИЕ) е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор што стратешки е утврден во Стратегијата за искористувањето на ОИЕ на Република Македонија до 2020 година.Во изминатиот период се донесоа бројни подзаконски акти со цел да се олесни развојот на ОИЕ и да се постигне целното учество на истите во финалната потрошувачка на енергија. Учеството на ОИЕ во финалната потрошувачка на енергија е во согласност со целите утврдени во Стратегијата на Европската унија 2020 и Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка. Во наредниот период следат клучни активности во поглед на поедноставување на административниот процес за инвестирање во обновливите извори на енергија.

Во таа насока, Владата на Република Македонија го донесе Акциониот план за обновливи извори на енергија на Република Македонија до 2025 година со визија до 2030 година[103], и за истото е информиран Секретаријатот за енергетска заедница

Во јануари 2015 година Владата на Република Македонија донесе Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2015 година со финансиска поддршка од Буџетот на Република Македонија во износ од 6.000.000 денари (100.000 евра). Со оваа стимулативна мерка на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбеди поврат на дел од потрошените средства за обезбедување сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300. евра во денарска противвредност по домаќинство. Во рамките на оваа програма се субвенционираа вкупно 590.домаќинства. Реализацијата на програмата овозможува заштеда на електрична енергија за топла вода, промција на обновливите извори на енергија, подигнување на јавната свест и заштита на животната средина.

Министерството за економија согласно член 15 од Одлуката (2012/04/EnMC), изготви и во месец јануари 2015 година до Секретаријатот за енергетска заедница го достави Првиот извештај за напредокот во делот на промоцијата на обновливите извори на енергија.

Од аспект на исполнување на обврската за транпсонирање на Директивата 2009/28/ЕЗ за промоција на обновливи извори на енергија, реализирани се следните активности и тоа:
Во рамките на ИПА Проектот реализирани се следните активности:
Беше изготвен нацрт текст на Законот за енергетика во насока на целосно доусогласување со Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија во делот на користењето на обновливите извори на енергија за греење и ладење, реализација на заеднички проекти, статистички трансфер на податоци за користење на обновливите извор на енергија и друго. За предметниот предлог-закон е отпочната постапка за консултација со надлежните министерства и институции и се планира на почетокот на 2016 година предметниот закон да се донесе и да се воспостави законска рамка за спроведување на одредбите од Директива 2009/28 за промоција на обновливите извори на енергија.

Изготвена е прва нацрт-верзија на Закон за биогорива во кој се транспонира делот на Директива 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија кој се однесува на биогоривата. Исто така, се изготви и нацрт-текст на Акциски план за обновливи извори на енергија и подзаконска регулатива со цел комплетирање на законската рамка во врска со биогоривата. Со цел за целосно заокружување на законската и подзаконска регулатива која ќе ја регулира проблематиката во врска со употребата на биогоривата, во тек се преговори со УСАИД за обезбедување на техничка и експертска подршка за изработка на методологија за задолжителниот процент на застапеност на биогоривата, воспостување систем за верификација на биогоривата како и цената на мешаните биогорива, можности за субвенционирање производство и употреба и др. Се планира предметниот законски пакет да се донесе во првата половина на 2016 година.

Изготвени се Упатства за инвеститорите за постапките за изградба на електроцентрали кои користат различни технологии на обновливи извори на енергија, и тоа за мали хидроелектрични централи, фотонапонски електроцентрали, ветерни електроцентрали, електроцентрали на биомаса и електроцентрали на биогас. Со овие упатства ќе се овозможи навремено запознавање на потенцијалните инвеститори со постапките за изградба и ќе се поедностави целиот процес. Предметните Упатства се објавени на веб-страницата на Министерството за економија: http://www.economy.gov.mk/ministerstvo/sektori_vo_ministerstvo/sektor_za_energetika/4544.html.

Со цел реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија до 2020 година во Република Македонија, во изминатиот период изготвен е Акциски план за обновливи извори на енергија. Владата заклучи целите на учеството на обновливите извори на енергија да бидат утврдени, и тоа: 21% во 2020, 25% во 2025 и 28% во 2030 година, со оглед дека истите се предложени и на состанокот на Министерскиот совет на Енергетска заедница во Тирана на 16.10.2015 година.

[103]Службен весник на Република Македонија бр. 207/2015.

Во Секторот за енергетика, Министерство за економија, потребна е обука на постојните вработени како и вработување на 1 лице со цел да може квалитетно и навремено да се одговори на предизвиците во оваа област на енергетиката.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Согласно предлог Законот за енергетика, кој ќе биде усогласен со ЕУ мерката 32009L0028 за обновливи извори на енергија, ќе се донесе сет на подзаконски акти, со истото ќе се продолжи со усогласување на националното законодавство (Види Анекс 3.15, 3.15.4 ОИЕ).

Во текот на 2016 година се планира да се донесе и реализира Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2016 ќе се спроведува во текот на 2016 година за што се обезбедени средства во предлог буџетот на Министерството за економија.

Во текот на 2016 година, се планира да се донесе *нова Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија за наредниот десетгодишен период* која се изработи во прва нацрт-верзија во рамките на ИПА Проектот. Со стратегијата ќе се дефинира потенцијалот на обновливите извори на енергија и негови технички можности за искористување во енергетски цели.

Во текот на 2016 година, се планира да се донесе Законот за енергетика во насока на целосно доусогласување со Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извори на енергија во делот на користењето на обновливите извори на енергија за греење и ладење, реализација на заеднички проекти, статистички трансфер на податоци за користење на обновливите извор на енергија и друго.

Во текот на 2016 година се планира да се донесе Закон за биогорива во кој се транспонира делот на Директива 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија кој се однесува на биогоривата како и Акциски план за биогорива и подзаконска регулатива. Планирано е подзаконската регулатива да се изработи со техничка помош од страна на УСАИД. Исто така ќе биде донесен и *Акционен план за ОИЕ*, кој е согласно барањата на Енергетската заедница и Директивата 32009L0028.

Во текот на 2016 година, Министерството за економија согласно членот 15 од Одлуката (2012/04/EnMC), треба да го изготви Вториот извештај за напредокот во делот на промоцијата на обновливите извори на енергија и најдоцна до декември 2016 да го достави до Секретаријатот за енергетска заедница.

**Институционална рамка**

Се планира во периодот на 2016 година да продолжат обуки за вработените воСектор за енергетика, Министерство за економија во делот на искористувањето на обновливите извор на енергија.

Агенција за енергетика во 2016 година планира да вработи 3 нови лица.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот 2017–2018 година ќе се следат новитетите во однос на обновливите извори на енергија и ќе се преземаат мерки и активности за промоција на обновливите извори на енергија.

Се планира на среднорочен план да се продолжи со обуки за вработените во Сектор за енергетика, Министерство за економија во делот на искористувањето на обновливите извор на енергија, како и да се вработат нови лица во Секторот. Агенција за енергетика во периодот 2017 година планира да вработи 3 нови лица.

## 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

***Тековна состојба***

Во делот на енергетската ефикасност се вложуваат напори за создавање средина за инвестирање во енергетската ефикасност преку донесување на законска и подзаконска регулатива, акциски планови со цел да се постигне

заштита на енергија во износ од 9 % од просечната потрошувачка на енергијадо 2018 година. Ова е во насока на исполнување на целите утврдени во Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка.
Во јули 2015 година, Министерството за економија повторно го достави за донесување нацрт вториот Акциски план за енергетска ефикасност (Втор АПЕЕ), и истиот ќе се разгледува се додека не се заземе став за тоа каква ќе биде институционалната поставеност на Фондот за енергетска ефикасност. Министерството за економија вложува напори за изнаоѓање модел запоставеноста на Фондот за енергетска ефикасност. Донесувањето на истиот АПЕЕ произлегува од постојниот Закон за енергетика, но претставува и обврска кон Енергетската заедница, заради спроведувањето на Директива 2006/32/ЕЗ.

Врз основа на Законот за енергетика, а со цел понатамошно спроведување на политиките во областа на енергетската ефикасност, Министерството за економија изработи и донесе неколку подзаконски акти,кои ги транспонираат Директивите и тоа: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за енергетска контрола (Директива 2006/32/ЕЗ), Правилник за изменување на Правилникот за енергетски карактеристики на зградите(Директива 2006/32/ЕЗ), Програма за полагање на стручен испит за енергетски контролор, Правилник за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор, како и други подзаконски акти со кои се доуредува полагањето испит за енергетски контролор.

Како дел од Регионалната програма за енергетска ефикасност за Западен Балкан, координирана од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница и финансирана од страна на Европската Банка за обнова и развој, беше обезбедена експертска помош за Република Македонија, во чиишто рамки беа направени анализи и дадени препораки за унапредување на Законот за енергетика, Правилникот за енергетски карактеристики на зградите и Правилникот за енергетска контрола, заради понатамошно усогласување со Директивата за енергетски карактеристики на зградите2010/31/ЕЗ. Исто така, беше изработена и софтверска алатка која треба да се користи заради спроведување на испитот за енергетски контролор и заради издавање сертификати за енергетски карактеристики на згради. Министерството за економија веќе достави барање до Министерството за општини и локално управување на Обединетото Кралство за издавање лиценца за бесплатно користење на софтверската алатка.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика[104], во текот на 2015 година, Министерството за економија отпочна со реализација на стручните и административните работи за полагање на испитот за енергетски контролор и, следствено, издавање на овластувања за енергетски контролор. Во рамките на новиот начин на полагање четири физичките лица се стекнаа со овластување за енергетски контролор од Министерството за економија.
Министерството за економија е надлежна институција и за издавање лиценци за вршење енергетска контрола на трговци поединци и правни лица, на нивно барање. Од започнувањето на оваа активност во 2014 година, до сега, се издадени вкупно 66. лиценци за вршење енергетска контрола, од кои 31. во текот на 2015 година.
Во текот на 2015 година, Министерството за економија продолжи со претходно отпочнатите активности во насока на формирање Фонд за енергетска ефикасност. Притоа, беа изготвени и доставени во постапка потребните документи за спроведување на постапка за ангажирање консултантски тим заради допрецизирање на моделот за основање на фондот, изработка на закон, подзаконски акти и други оперативни документи за формирање и функционирање на истиот фонд.

Во текот на 2015 година беа одржани три состаноци на групата за координација за енергетска ефикасност - ГКЕЕ (Energy Efficiency Coordination Group) при Енергетската заедница. Главни точки од програмата за работа на РГЕЕ беа: следење на реализацијата на вториот Акционен план за енергетска ефикасност; следење на спроведувањето на Директивата за енергетски карактеристики на зградите во одделните земји и на Директивата за означување (2010/30/ЕУ); анализа и препораки за донесување на новата Директива за енергетска ефикасност (2012/27/ЕУ); следење на активностите на тековните и планирани активности за поддршка на донаторската заедница за 2015 година и понатаму.

[104]Службен весник на Република Македонија бр. 164/2013 и 151/2014.

Претставници од Министерството за економија, Секторот за енергетика и од Агенцијата за енергетика на Република Македонија учествуваа на следните работилници: Работилницата за енергетска ефикасност во резиденцијалниот сектор, во Црна Гора и работилницата „Користење на енергетската ефикасност во јавните згради во пракса – пример од Црна Гора“ војуни 2015 година, во Подгорица и Херцег Нови.Исто така, во ноември 2015 година, во Секретаријатот на Енергетската заедница (СЕЗ) од Виена, се одржаа следните обуки:Обука за подготовка на Акциони планови за енергетска ефикасност и Обука за администрирање на софтверската алатка за следење и верификација на заштеди на енергија.

Во рамките на Платформата за енергетска ефикасност, како заедничка активност на Министерството за економија и АД ЕВН Македонија, во март 2015 година беше реализирана Работилницата за енергетска ефикасност за потребите од информирање и едукација на новинарите. Дополнително, како нов партнер во Платформата се приклучи и Агенцијата за енергетика, при што се отпочна со нова едукативна кампања „Енергетска математика“. Истата има за цел да ја едуцира јавноста за значењето на енергетската ефикасност и потребата од промена на навиките на граѓаните во секојдневниот живот. Граѓаните преку „Енергетската математика“ ќе добијат низа корисни совети со чија примена потоа ќе можат да ги рационализираат своите секојдневни трошоци по основ на електрична енергија.

Министерството за економија, по пат на јавна набавка, ангажираше економски оператор за реализација на Кампања за енергетска ефикасност, која пред сѐсе однесуваше на јавиот сектор. Кампањата беше реализирана во периодот август – ноември 2015 година и во рамките на истата беа направени обуки на претставници од јавниот сектор за изработка на Програми за енергетска ефикасност и за користење на софтвер за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор, беше изработен и дистрибуиран водич за извори на финансирање на мерки за подобрување на енергетската ефикасност, беше сниман и емитуван краток видео филм за придобивките од вградување системи за следење и управување со потрошувачката на енергија во зградите како и од други мерки за енергетска ефикасност, беа одржани јавни дебати за енергетска ефикасност во осумте плански региони во Република Македонија и беше изработена посебна интернет-страница за енергетска ефикасност (www.energetska-efikasnost.mk).

Во однос на административните капацитети на Секторот за енергетика, Министерство за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија, во текот на 2015 година беа спроведени активности за нивно зајакнување во вид на обуки во областа на енергетската ефикасност во рамки на Енергетската заедница и тековните проекти.
Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија вработени се директор и 9лица на неопределено време, заклучно со 31.12.2015 година.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2016 година ќе се донесе **Акционен план за енергетска ефикасност (Втор АПЕЕ),** како обврска од Договорот за Енергетска заедница, односно Одлуката на Министерскиот совет.

Во текот на 2016 година ќе продолжат обуките од страна на избраните правни лица за енергетски контролори, како и активностите на Министерството за економија за полагања испити и издавање на овластувања за енергетски контролор како и за издавање лиценци за вршење енергетска контрола, што ќе овозможи спроведување на обврските од Законот за енергетика, издавање сертификати за енергетски карактеристики на зградите и останати обврски.

Согласно обврските од Законот за енергетика и обврските кон Договорот за основање на Енергетската заедница, до 30.06.2016 година, ќе се донесе третиот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија.

Во текот на 2016 година, Министерството за економија ќе настојува да обезбеди експертска помош од некој од меѓународните финансиски институции или донатори и ќе отпочне активности за изменување и дополнување на Законот за енергетика заради навремено транспонирање на Директивата за енергетска ефикасност (2012/12/ЕУ), за која Република Македонија, како земја-потписник на Договорот за основање на Енергетската заедница има

обврска[105]. По донесувањето на новите измени и дополнувања на Законот за енергетика, ќе се пристапи кон изготвување на нови подзаконски акти кои ќе произлезат од тој закон.

**Институционална рамка**

Во текот на 2016 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетика.

Во текот на 2016 година, АЕРМ има утврдена потреба од зајакнување на капацитетите со нови вработувања и спроведување на обука на вработените.

Исто така, во текот на 2016 година вработените на Министерството за економија ќе учествуваат во работата на работната група на Енергетската заедница за енергетска ефикасност.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2017 година Министерството за економија ќе ги продолжи отпочнатите активности за усогласување на националното законодавство со Директивата за енергетска ефикасност (2012/12/ЕУ). Министерство за економија ќе пристапи кон  изготвување на нови подзаконски акти кои ќе произлезат од транспонирањето на Директивата за енергетска ефикасност (2012/12/ЕУ). Исто така, доколку произлезат нови потреби за транспонирање на евентуални нови регулативи на Европската Унија, ќе се преземат активности за измена и дополнување на националното законодавство.

Во 2017 година ќе продолжат обуките, полагањето на испити за енергетски контролори и издавање на овластувања за енергетски конторлор и лиценци за вршење на енергетска контрола, што ќе овозможи спроведување на обврските од Законот за енергетика, односно издавање сертификати за енергетски карактеристики на зградите и останати обврски.

**Институционална рамка**

Во текот на 2017 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежостите кои произлегуваат од Законот за енергетика.

На среднорочен план, а со цел ефикасно и ефективно спроведување на обврските согласно Законот за енергетика, АЕРМ утврдува потреба од вработувања на нови лица и понатамошно зајакнување на капацитетите преку обуки.

### *Програми и проекти*

*Проект Воспоставување на мрежа на институции за мерење и верификација на заштедите на енергијата во Југоисточна Европа*: Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), преку Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа за Енергетска ефикасност (ОРФ-ЕЕ), во септември 2015 година, отпочна нов проект во областа на енергетската ефикасност во земјите од Западен Балкан, кој ќе се спроведе во соработка со Центарот за мониторинг на бизнис активности и инвестиции во енергетскиот сектор (ЦЕИ) од Република Хрватска. Проектот треба да овозможи постигнување на целосна функционалност на софтверот за следење на заштеди на енергија од мерките од Акциониот план за енергетска ефикасност (понатаму во текстот: МВП софтверот), кој беше изработен во рамките на претходниот проект на ГИЗ за земјите од регионот. Овој краткорочен проект треба да вклучува: прилагодување, превод и трансферирање на МВП софтверот на сервер во институциите кои ќе бидат назначени за таа намена; обуки на систем операторите и крајни корисници за користење на МВП софтверот и пренесување знаења и давање упатства за успешно спроведување и работа на софтверот. Како партнер-институции од Република Македонија се поканети Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Министерството за економија.

*Проект за енергетска ефикасност во секторот домување, финансиран од УСАИД*: во соработка со невладината организација, заклучно со април 2015 година, кој обезбеди реконструкција на 31. зграда за колективно домување со примена на мерки за енергетска ефикасност во осум општини.

---

[105]Одлука на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр.D/2015/08/MC-EnC, од 16.10.2015 година.

*Проект за индустриски менаџмент, финансиран од УСАИД,* се спроведува трета година, во чии рамкибеа инсталирани системи за мониторинг и управување со потрошувачка на енергија во 17. индустриски пилот компании од приватниот сектор од различни индустриски гранки. Системите се дизајнирани да вршат мониторинг и управување со потрошувачката на електрична и други видови на енергија на ниво на компанија, Овој интегрален систем дава добра основа за да се направи увид во потрошувачката и да се оценат кои се местата каде што може да се заштеди енергија во компаниите.Проектот обезбедува и стручна техничка поддршка за шест индустриски пилот компаниизa да направат избор на можни мерки за подобрување на енергетската ефикасност и за да обезбедат средства од финансиски институции за инвестирање во избраните мерки.Со директна поддршка на Проектот во изминатиот период се изврши и обука на две домашни инженеринг компании за развој, инсталирање и одржување на системите за мониторинг и управување со потрошувачка на енергија.Проектот активно работи и на зголемување на свеста и знаењата за подобрување на енергетската ефикасност, при што досега се одржани шест специјализирани дводневни работилници, две тркалезни маси и две специјализирани обуки наменети за финансиските институции.

Проект на УСАИД за инвестирање во чиста енергија(2013 –2015 година).Истиот, покрај останатото, обезбедии поддршка за изработка на група на подзаконски акти поврзани со транспонирање на новите регулативи за означување по пат на етикетирање на нови групи на електрични апарати и уреди, како и за електронско полагање на испитот за енергетски контролор.

*Кредитна линија на ЕБОР WeBSEFF II:* наменета за земјите од Западен Балкан и вкупниот износ на средства кој е обезбеден од страна на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за сите земји од регионот. Истата се реализира преку две национални комерционални банки. Во досегашниот период се реализирани два проекти од индустријата областа на енергетската ефикасност, еден проект за реконструкција на објект, а друг проект за искористување на обновливи извори на енергија (изградба на хидроцентрала), како и проект за набавка на поеколошки возила.

Проект на УНИДО/ГЕФ за Катализирање на трансформација на пазарот за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестиции во најдобри достапни практики и технологии во Република Македонија: отпочна со реализира во јануари 2015 година. Целта на овој 3,5 годишен проект е да се развие законодавството и капацитети за негово спроведување во врска со воведување на енергетскоуправување во индустријата, преку воведување на стандардот ИСО 50001; обука за стручни лица од индустриските компании, национални консултанти од областа на енергетска ефикасност, претставници од релевантните национални институции и банкари за спроведување, односно финансиска поддршка на проекти со кои ќе се воведува енергетски менаџмент во компаниите, итн. Во досегашниот период се спроведени главно активности во рамките на втората компонента на проектот, меѓу кои, избрани се 11. партнер компании за имплементација на стандардот ИСО 50001, избрани се национални консултанти и одржани се неколку обуки за енергетски менаџмент.

Проект за Обука на градежните работници за енергетска ефикасност:е дел од Програмата за конкурентност и иновативност – од потпрограмата на ЦИП – Интелигентна енергија на Европската комисија, продолжи да се спроведува и во 2015 година. Истиот паралелно се спроведува во дваесетина земји на ЕУ, при што Македонија и Хрватска се единствени земји од регионот. Проектот во текот на 2015 година обезбеди обука на лица-обучувачи на градежни работници од пет занимања,и тоа:фасадери со вештини за енергетска ефикасност на згради;кровопокривачи со вештини за енергетска ефикасност на згради;столари со вештини за енергетска ефикасност на згради; инсталатери за греење, ладење и вентилација со вештини за енергетска ефикасност и инсталатери на енергетски ефикасни електрични инсталации. Во тек е јавен повик за препознавање на претходно знаење и вештини за енергетска ефикасност за градежни работници, а дополнително со ангажирање на дел од обучените обучувачи ќе се спроведе обука на определен број на градежни работници, кои ќе се сертифицираат со издавање *сертификат за поседување на знаења и вештини за енергетска ефикасност*. Проектот е предвидено да се реализира до февруари 2016 година.

## 3.15.7 РАДИЈАЦИОНА БЕЗБЕДНОСТ И НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ

Областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита во Република Македонија е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност[106].

Дирекцијата за радијациона сигурност (во натамошниот текст: ДРС) е единствена надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, статусот на ДРС е дефиниран како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице.

Согласно обврските од *Законот за ратификација на Дополнителниот протокол* кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје[107], ДРС поднесе извештаи во текот на 2015 година до Меѓународната Агенција за атомска енергија (МААЕ).

Поднесени се *Квартални анализи на ризик*, од доменот на работа на ДРС за потребите на интегрираното гранично управување до Националниот координативен центар за гранично управување.

Изработена е ревизија на *Стратешкиот план на ДРС* за периодот 2016-2018 година. Донесувањето на овој стратешки план претставува седми циклус на стратешко планирање.

Донесен е Правилник за изменување на Правилникот за квалификации и здравствена состојба на лице кое може да ракува со извори на јонизирачко зрачење[108].

На 19 мај,се одржа обука на припадниците од Управата за безбедност и контраразузнавање од страна на Дирекцијата на тема радијациона заштита, радијациона сигурност и нуклеарна безбедност, како и запознавање со радиоактивните извори и нуклеарните материјали со кои може да се соочат при нивната работа. На обуката се одржа и практичен дел за запознавање со работата на инструментите за детекција на јонизирачко зрачење.

Во февруари беше остварена посета на Дирекцијата од страна на тим од двајца експерти во рамки на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (КИГБ) (Export Control and Related Border Security (EXBS) Program) при Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје со цел спроведување процена за напредокот што е остварен во областа на контролата на стратешката трговија и граничната безбедност.

Претставници од Дирекцијата учествуваа на седмиот состанок на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали.

Дирекцијата за радијациона сигурност во март учествуваше во *ConvEx 2a вежба* организирана од страна на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) со цел проверка на правилно пополнување на формуларите на агенцијата (Центарот за вонредни настани на МААЕ) за размена информации во случај на радијационен вонреден настан, користејќи го електронскиот систем УСИЕ.

Врз основа на своето учеството со свои членови во работата на меѓуресорската работна група задолжена за координација на активностите поврзани со соработката помеѓу Министерството за внатрешни работи и Меѓународната агенција за атомска енергија, Дирекцијата за радијациона сигурност учествуваше на Комбинирана национална работилница за развој на ефективна и одржлива радијациона детекција и капацитети за одговор на границите и интегрираниот центар за подршка на нуклеарна безбедност во Скопје, во март 2015 година, организирана од страна на Министерството за внатрешни работи во соработка со МААЕ.

Во рамките на регионалниот проект на МААЕ РЕР9104, Меѓународната агенција за атомска енергија на Дирекцијата за радијациона сигурност донираше опрема: 2 повеќенаменски спектроскопски инструменти за идентификација на радионуклиди (Multipurpose Portable Spectroscopic Identification Instrument) - RIIDEYE M-GN и 3 лични алармни дозиметри (Personal alarm dosimeters)-EPD N2 за детекција на гама и неутрони.

Претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност учествуваа во делегацијата на Република Македонија на 5-тиот состанок на земјите членки на Конвенцијата за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад, кој се одржа во Виена во седиштето на Меѓународната агенција за атомска енергија. Целта на состанокот беше прегледување на Извештаите поднесени од земјите членки за исполнување на обврските согласно Конвенцијата. Притоа, од страна на претставниците на Дирекцијата за радијациона сигурност беше презентиран начинот на кој Република Македонија ги исполнува обврските согласно конвенцијата.

---

[106] Службен весник на Република Македонија бр. 48/02, 135/07, 53/11, 164/13 и 43/14.

[107] Службен весник на Република Македонија бр. 43/07.

[108] Службен весник на Република Македонија бр. 182/15.

Претставници од Дирекцијата, во периодот 15-16.07.2015 година, во Виена, Австрија, учествуваа на иницијален состанок во однос на проектотПонатамошно зајакнување на техничкиот капацитет на нуклеарните регулаторни тела во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија, како и Косово. Спроведувањето на проектот започна на 1 јули 2015 година и е предвидено да трае 36 месеци. Во рамките на овој период, е предвидено реализирање на голем број на активности за секоја од земјите учеснички во Проектот. За Република Македонија ќе се обезбеди подршка во однос на понатамошното транспонирање на ЕУ законодавството во националното законодавство, воведувањето на системот за управување со квалитет, подобрување на програмите за обука на вработените во Дирекцијата, подобрување на системот за информирање на населението и други активности.
Во рамки на програмата за билатерална соработка, од Министерството за економија на Кралството Белгија преку Националниот институт за радиоелементи – Флеурус е обезбедена поддршка за ДРС за надградување на позитивната подзаконска рамка која се однесува на циклотрон и ПЕТ/КТ објекти (подготовка на одредби во согласност со ЕУ законодавството кои не се опфатени со националното законодавство, упатства за работа на такви објекти, итн), како и инсталирање на комуникација на двете проби кои се претходно инсталирани на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Скопје.
Во периодот 5-9 октомври, во Букурешт, Романија се реализира ТАЕКС студиска посета со наслов Лиценцирање и инспекциски надзор над објекти за производство на радиоизотопи за три претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност.Целта на посетата беше запознавање на учесниците со постапката на лиценцирање и вршење на инспекциски надзор пред издавање на дозволата за вршење на дејност и при вршење на дејноста на производство на радиоизотопи и ПЕТ/КТ објекти од страна на регулаторното тело, како и процедурите кои треба да бидат воспоставени за подготвеност и одговор на радијационен вонреден настан.
Во текот на 2015 година, ДРС продолжи со континуираната активност на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.Исто така, Дирекцијата продолжи со континуираната активност за вршење инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијациона сигурност.Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води ДРС се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.
Вработените во ДРС во текот на 2015 година континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Министерството нза информатичко општество така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, ЕУ, Амбасадата на САД во РМ итн. Учеството на разни обуки од страна на вработенитеод Дирекцијата придонесува во зајакнувањето на административните капацитети и човечките ресурси на Дирекцијата со стекнување на соодветно искуство и знаење во соодветната област.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Со оглед на тоа дека во законодавството на ЕУ во полето на нуклеарна сигурност Европската Комисија на крајот на 2013 година донесе нова директива која ги обединува сите постеочки директиви од обласата за нуклеарна сигурност и заштита од зрачење во една единствена (ЦЕЛЕКС: 32013L0059), ДРС врз основа на детален преглед на членовите на Директивата и на националното законодавство ќе подготви акционен план за потребата од нејзино транспонирање во националното законодавство и потребните изменувања и дополнувања на позитивното законодавство.
Во текот на 2016 година, се предвидува потпишување на Меморандум за соработка со регулаторното тело на Република Албанија и Република Косово.
Дирекцијата предвидува активности во насока на подготовка на Упатство за правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење за изработка на Досие за сигурност и Проценка на сигурност како најзначаен елемент во постапката за издавање дозвола од страна на Дирекцијата.

Дирекцијата предвидува активности во насока на изработка на Национална стратегија за образование и обука во областа на радијационата заштита, сигурност при транспорт и отпад.

ДРС ќе продолжи со континуираните активности на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење. ДРС ќе продолжи со континуираното спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на

законот. Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води ДРС ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

**Институционална рамка**
За 2016, е предвидено јакнење на административните капацитети на ДРС со реализација на нови вработувања.
Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата, во 2016 година, предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

### *Среднорочни приоритети*
**Правна рамка**
ДРС во 2017 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство.

Врз основа на преземените активности и подршката добиена во рамки на Проектот на ЕК за „Понатамошно зајакнување на техничкиот капацитет на нуклеарните регулаторни тела во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија, како и Косово", Дирекцијата во текот на 2017 година предвидува воведување на Систем за управување со квалитет во своето работење.
Во текот на 2017 година, Дирекцијата предвидува реализација на Акциониот план подготвен врз основа на потребата за транспонирање на ЕУ законодавството во националното законодавство.
Во текот на 2017 година се предвидува потпишување на Меморандум за соработка со регулаторното тело на Република Србија.
Континуираните активности на Дирекцијата на издавање дозволи за вршење дејност со извори на јонизирачко зрачење и спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот ќе продолжат и во текот на 2017 година.
Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење,кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано преку користење електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

**Институционална рамка**
За 2017 година, е предвидено јакнење на административните капацитети на ДРС со реализација на нови вработувања, доколку се обезбедат финансиски средства.
Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата во 2017 година предвидува реализирање обуки во областа на радијационата заштита и сигурност.

## 3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на оданочувањето. Постигнат е **одреден напредок** . Законот за технолошко индустриски развојни зони се уште не е во согласнот со Кодексот на однесување на ЕУ за деловно оданочување. Во наредната година, земјата треба особено:

- Да продолжи да се бори против даночните измами, даночните затајувања и неформалната економија
- Дополнително да го развива системот за управување со ризикот за усогласеност на Управата за јавни приходи и да ги зајакне своите капацитети за контрола и функции
- Да ги усогласи фискалните одредби за технолошките развојни зони со Кодексот на однесување на ЕУ за деловно оданочување

***Резиме***

Министерството за финансии на полето на директните и индиректните даноци ќе продолжи континуирано да ги проучува и анализира сите релевантни ЕУ акти и истите соодветно ке ги вгради во домашното законодавство, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност и да се овозможи непречена имплементација на истите.

Управата за јавни приходи е насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.

### 3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

**ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

***Тековна состојба***

Оданочувањето на потрошувачката на добра и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност[109].

Законот за данокот на додадена вредност во Република Македонија е со примена од 01.04.2000 година и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на: Шестата (системска) директива на Советот - 31977L0388 и Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560.

На почетокот од 2015 година, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност[110] со кој се пропиша даночно ослободување без право на одбивка на претходен данок за употребата на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса).

Во јули 2015 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност[111] со кој се извршија следните измени:

- Се врши дорегулирање на одредбите кои се однесуваат на оданочувањето во случаи на прометот на добра кои се превезуваат или испраќаат од земјата во слободните зони, како и при промет на добра од слободните зони во земјата;

[109] „Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15 и 129/15

[110] „Службен весник на РМ" бр. 15/2015

[111] „Сужбен весник на РМ" бр. 129/2015

- Се овозможува правото на одбивка на претходниот данок на додадена вредност за издатоците за кетеринг за лица ангажирани од филмскиот продуцент, при производство на филм наменет за јавно прикажување.
- Се продолжува рокот за враќање на платениот данок на додадена вредност, од страна на странски дипломатски или конзуларни претставништва и од меѓународни организации, а воедно се овозможува правото на враќање на данокот на додадена вредност да се однесува и за брачните другари на: шефот на дипломатското претставништво, на членовите на дипломатскиот персонал на странското дипломатско претставништво и на конзуларните фунционери.
- Се врши пролонгирање на рокот на примена на повластената стапка од 5%, за уште три години (од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2018 година), за првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата.
- Се врши допрецизирање/доуредување на даночниот третман на прометите во постапките за извршување и присилна наплата согласно Законот за извршување и Законот за даночна постапка.
- Во јули 2015 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, кој исто така е објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 129/2015 и со кој постојните прекршочни одредби во Законот за данокот на додадена вредност се усогласија со прекршочните санкции предвидени со Законот за прекршоците.

### *Краткорочни приоритети*
Во текот на 2016 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивната усогласеност со Директива 32006L0112 и со останатите даночни прописи на Европската унија кои се однесуваат на оваа материја.

### *Среднорочни приоритети*
Во периодот од 2017-2018 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на домашното законодавството со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни подзаконски акти.
Во процесот на хармонизација особено ќе се води сметка да се вградат одредби со кои ќе се изврши регулирање на прометот на добра и услуги во рамки на Заедницата.
Во текот на хармонизацијата на домашното законодавство, предвид ќе бидат земени сите релевантни ЕУ акти од областа на оданочувањето.

## **АКЦИЗИ**
### *Тековна состојба*
Законот за акцизите[112], е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.
Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска Директива на Европската унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:
- Директива на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директива 92/12/ЕЕЗ;
- Директива на Советот 2003/96/ЕЗ од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија;
- Директива на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 за акцизната структура и акцизните стапки кои се однесуваат на тутунски преработки;
- Директива на Советот 1992/83/ЕУ од 19 октомври 1992 за усогласување на структурата на акцизните давачки за алкохол и за алкохолни пијалоци и Директива на Советот 1992/84/ЕУ од 19 октомври 1992 за усогласување на стапките на акцизните давачки за алкохол и алкохолни пијалоци.

[112] „Службен весник на РМ“ број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011,135/2011, 82/2013, 98/2013, 43/2014, 167/2014, 188/2014, 129/2015 и 154/2015

На крајот на јули 2015 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите[113] со кој се изврши усогласување на прекршочните одредби на законот со одредбите од Законот за прекршоците.
Согласно Законот за акцизите, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа.
Во текот на 2015 година започна Проектот „Хармонизација на акцизното законодавство на Република Македонија со најдобрите практики од Европското законодавство во областа на акцизите, поддржан од ЕУ (ИПА 2010).
Сегашните стапки за неколку акцизни производи сè уште се пониски од минималните барања на правото на ЕУ. За одредени акцизни производи, Република Македонија можеби ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со правото на ЕУ, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

***Краткорочни приоритети***
Во текот на 2016 година ќе продолжи реализацијата на Твининг проектот „Хармонизација на законодавството и процедурите со правото и најдобрите практики на ЕУ поврзани со акцизите“ (МК 10 IB FI 02 R), кој започна на 1.03.2015 година, а треба да заврши до 30.11.2016 година (21 месец). Целта на проектот е да се изготви нов закон и подзаконски акти за акцизите усогласен со директивите на Европска унија во оваа област.

***Среднорочни приоритети***
До крај на 2018 година ќе се донесе нов закон за акцизите кој ќе биде усогласен со директивите на Европската унија.

## 3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

**ДАНОК НА ДОБИВКА**
***Тековна состојба***
Законот за данокот на добивка[114] го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.
На крајот на јули 2015 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка[115] со кој се изврши усогласување на прекршочните одредби на законот со одредбите од Законот за прекршоците.
Надлежни институции за имплементација на Законот за данокот на добивка се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

***Краткорочни приоритети***
Во текот на 2016 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.
***Среднорочни приоритети***
Во периодот од 2017-2018 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји-членки (32009L0133-32013L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји-членки (32011L0096) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји-членки (32003L0049).

**ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД**
***Тековна состојба***
Законот за персоналниот данок на доход[116] го уредува начинот на оданочување на доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следите видови приходи: лични примања, приходи од самостојна

[113] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15 од 31.07.2015 година
[114] „Службен весник на Република Македонија“ 13/2014
[115] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15

дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи.

Во текот на месец јули 2015 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход[117] со кој се изврши допрецизирање на законските одредби поврзани со утврдувањето на капитална добивка од продажба на недвижен имот. Со овој закон се пропиша и дека капиталната добивка остварена од продажба на недвижен имот ќе се оданочува во целост, освен капиталната добивка остварена со продажба на недвижниот имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата, која ќе се оданочува во висина од 70%. Исто така, со истиот се пропишаа и случаите кога нема да се плаќа данок на остварената капитална добивка од продажба на недвижен имот.

Во насока на поттикнување и воспоставување на подобри услови за привлекување на инвеститори во филмската дејност и развој на филмската индустрија во земјата, во текот на месец јули беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход[118], со кој се пропиша ослободување од оданочување на надоместоците за хотелско сместување, храна и превоз за лицата кои учествуваат во производство на филм, а истите не се вработени кај филмскиот продуцент.

Со споменатиот закон се продолжи и рокот за доставување на збирниот податок за сите направени исплати во текот на претходната година кои исплатувачот на аконтација на персоналниот данок на доход е должен да ги достави до даночниот обврзник (најдоцна до 25 јануари наредната година, наместо на 15 јануари наредната година).

На крајот на јули 2015 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за персоналниот данок на доход[119] со кои се изврши усогласување на прекршочните одредби на законот со одредбите од Законот за прекршоците.

Надлежни институции за имплементација на Законот за персоналниот данок на доход се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2016 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот 2017-2018 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји - членки (2009L0133- 32013L0133), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати како и Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 EC) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 EC) .

## 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

***Тековна состојба***

Хармонизацијата на законодавството по однос на заемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите-членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 47 Договори за одбегнување на двојното оданочување и тоа со следните земји: Австрија, Азербејџан, Албанија, Белгија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Виетнам, Данска, Египет, Естонија, Индија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Казахстан, Кина, Косово, Кувајт, Латвија, Литванија,

---

[116] „Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 139/09, 171/10 , 135/11, 166/12, 187/13 и 13/14

[117] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/15

[118] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15

[119] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15

Луксембург, Молдавија, Мароко, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Британија и Република Ирска, Полска, Романија, Русија, Саудиска Арабија, Словачка, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Тајван, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Република Чешка, Швајцарија, Шведска и Шпанија. До влегување во сила на договорот склучен помеѓу Р.Македонија и Белгија ќе се применува договорот склучен помеѓу СФРЈ и Белгија. Од вкупниот број на 47 договори, 24 се со земјите-членки на ЕУ.

Регулатива 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и заемна соработка на земјите-членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата-членка на примена на истата.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите-членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување на економската соработка помеѓу државите-договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги, така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

Како земја-кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на заемна размена на информации согласно Регулатива 32003R1798.

***Краткорочни приоритети***

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување/ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Израел, Обединети Арапски Емирати, Хонг Конг и Сингапур. Како приоритет, секако, останува склучувањето на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји-членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

- Ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
- Воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

***Среднорочни приоритети***

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји-членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите-членки на ЕУ и со други земји.

## 3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

***Тековна состојба***

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Оперативно ја имплементира даночната политика, наплатува даноци и други јавни давачки, обезбедува помош на даночните обврзници да ги исполнат своите даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава препораки за негово подобрување, соработува со даночни администрации на други држави и обезбедува меѓународна правна помош за даночни прашања. Општите даночни закони и процедури се дефинирани во Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка. На Управата за јавни приходи, покрај основните одговорности да врши наплата на даноци, во претходните години и се доделени дополнителни задачи во опсег на дополнителни даночни и неданочни одговорности.

Управата за јавни приходи има постојана координација со Министерството за финансии и други државни органи во однос на: планирање и промена на даночната политика, даночната регулатива и друга регулатива со цел подобрување на даночниот систем, ефикасност и ефективност во наплатата на даноци и социјални придонеси, радиодифузна такса и други јавни давачки, имплементација на меѓународните даночни договори, следење и анализа на имплементацијата на даночната регулатива, како и функционирање на даночниот систем.

Во однос на мисијата на УЈП да обезбеди висок квалитет на услуги кон даночните обврзници, поедноставување на даночните пријави за навремена и точна даночна усогласеност, како и фер и ефикасна наплата на даноци и други јавни давачки, даночната администрација имплементираше неколку ИТ иницијативи вклучувајќи ги електронското поднесување на пријави и електронското плаќање, е- фактурирањето, фискални каси со ГПРС, е- Аукција, Надзорен Информациски Систем за намалување на даночната евазија преку онлајн следење на сите уплати направени од страна на организаторите на игри на среќа итн, како и иницијативи за подобрување на даночната едукација, даночната свест и јавната транспарентност.

Даночните обврзници имаат лесен пристап до веб-страната на Управата за јавни приходи (ujp.gov.mk) за информации поврзани со даночните обврски и административните процедури за повеќето даноци, како и пристап до повикувачкиот центар на УЈП и одговори на прашања добиени преку веб страната на УЈП. Во однос на спецификите на карактеристиките на даночните обврзници, моменталната даночна политика и постојните практики за обезбедување на помош/поддршка на даночните обврзници за доброволно, навремено и точно исполнување на даночните обврски се одговараат прашања во писмена форма, преку е-пошта и УЈП контакт центар, за одредени теми исто така се организираат консултативни и едукативни сесии со целните групи, новите бизниси, фискална едукација на младите, стопанските комори и други релевантни претставници на засегнатите страни, како и обуки за одредени теми во организација на даночната академија на УЈП. Сесиите или обуките може да се организираат од страна на предлог на една од основните функции на УЈП или по барање на некоја од заинтересираните страни.

Со цел стекнување на способности и вештини за ефикасно и ефективно управување со деловните процеси и одговорање на предизвиците кои ги носат промените, Управата за јавни приходи спроведува континуирана едукација на вработените во рамки на годишниот план за едукација на Даночната академија на УЈП. Рамката, дизајнот, целите и спроведувањето на обуките и вложувањето во човечките ресурси се усогласени со организациската стратегија и стратегијата за човечки ресурси на УЈП.

Во однос на натамошното унапредување на пријателскиот пристап кон даночните обврзници, УЈП воведе пракса за електронско доставување на соопштенија (преку е-даночен систем и инфо-сандачето) за најновите вести во врска со оданочувањето на различни целни групи (стопанска комора, сметководствени бироа, консултантски куќи, различни групи на даночните обврзници).

Сите услуги на Управата за јавни приходи кои се достапни преку новоразвиените канали за комуникација (веб-страна, е-услуги, контакт центарот, е-пошта, пошта, директни средби со даночните обврзници, обуки, итн.) се дизајнирани за да се обезбеди брз и лесен пристап до даночните информации за целата јавност, поедноставена даночна постапка и обрасци (даночни пријави), подобрување на „пријателската“ околина во даночните канцеларии, со цел намалување на времето и трошоците за пријавување и плаќање на даноците.

Во насока на зголемување на бројот на обврзници и доброволно исполнување на своите обврски, Управата за јавни приходи воведува нови и ги развива постојните Е- услуги:

- Електронски услуги на системот е-Даноци за доставување на барања за издавање на уверенија и потврди за државните институции и други органи кои по електронски пат можат во име на физички и правни лица за кои водат одредени постапки да прибавуваат по службена должност уверенија и потврди со поднесување на соодветно барање.
- Новата електронска услуга на УЈП „е-Плаќање на даноци“ овозможува секој граѓанин да врши онлајн плаќање на Персонален данок, ДДВ и Радиодифузна такса со безготовинска картичка Visa, Maestro или MasterCard (издадена од домашна банка). Регистрацијата на „е-Плаќање на даноци“ е бесплатна, не е потребен дигитален сертификат, единствено што е потребно е граѓанинот да креира кориснички профил на електронскиот сервис „е-Плаќање на даноци“ https://etax.ujp.gov.mk. Покрај електронско плаќање на даноци, со регистрацијата и

користењето на оваа услуга, граѓанинот може да врши преглед во секое време и да има увид во состојбата на даночните долгови.

Континуирано се преземаат активности за откривање на неплатените даночни обврски и нерегистрирани даночни обврзници и нивно вклучување во редовните законски текови, воглавно преку стимулирање на доброволната усогласеност односно преку информирање на даночните обврзници за задолжително регистрирање на вршење на дејност; подигање на свеста на населението за доброволно плаќање на обврските за данок; советодавна помош за пријавување и извршување на обврските; поедноставување на начинот на регистрација и поднесување на даночни пријави и плаќање на даночните обврски.

Со воведувањето на нови ГПРС фискални каси, кои се задолжителни за користење, УЈП го следи онлајн готовинскиот промет во реално време и добива податоци за деталните фискални сметки и контролните извештаи, со што се намалуваат трошоците на даночните обврзниците, се намалуваат даночните контроли на терен, автоматски се детектираат ризичните даночни обврзници и се зголемува финансиската дисциплина.

Во насока на намалување на административниот товар на даночните обврзници, подобрување на услугите и поедноставување на процедурите, Управата за јавни приходии ја отпочна имплемнтацијата на проектот ИПА 2010 "Подобрување на услугите на Управата за јавни приходи кон даночните обврзници„ чија цел е зајакнување на квалитетот на даночните услуги со воспоставување на ефективни информациски-комуникациски методи и алатки и со зајакнување на соработката помеѓу даночните обврзници и даночната управа. Со реновирање и адаптирање на просторот на новиот Контакт центар, ќе се обезбедат и услови за воведување на нов пристап на УЈП во давањето на шалтерските услуги. Посебните приемни канцеларии за консултации, новите типови на услуги итн., ќе овозможат побрз и полесен пристап до даночните информации, како и намалување на времето и трошоците за комуникација помеѓу УЈП и обврзниците.

Управата за јавни приходи во 2015 година ја продолжи соработката со ММФ, преку реализирање на следните експертски мисии:

- „Реформирање на даночната управа 2015–2020 година„
- „Управување со ризикот кај усогласеноста" и
- „Стратегиски менаџмент".

Исто така, во овој период се одржа мисија на DG Taxud, со цел запознавање за статусот, планирањето, прашањата и проблемите на УЈП во делот на имплементирањето на стратегијата за Интероперабилност и Интерконективност и оценка на подготвеноста на вработените на УЈП за интерконективност и интероперабилност помеѓу националните ИТ системи и ИТ системите во земјите-членки на ЕУ.

***Краткоропчни приоритети***

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности ќе се фокусира на подигнување и реорганизација на квалитативните стандарди на работењето и деловните процеси. Предвидено е исполнување на следните краткорочни приоритети:

- Реорганизација на Контакт центарот на УЈП во согласност со проектот ИПА 2010 Подобрување на услугите на Управата за јавни приходи кон даночните обврзници
- Воведување на нов електронски потпис за физички лица (PINcode)
- Организирање на Центар за интегрирана наплата на бруто плата
- Воведување на систем за управување со ризикот на усогласеност

***Среднорочни приоритети***

Интегрирање на даночните евиденции и автоматизација на деловните процеси кои ќе резултираат со дополнително намалување на времето и трошоците, се заложбите на УЈП кои ќе се постигнат со исполнување на следните среднорочни приоритети:

- Унапредување на административните капацитети на Секторот за информатичка технологија
- Организирање на Центар за утврдување и наплата на радиодифузна такса
- Портал Е – учење – воведување на електронски систем за управување со знаењето (LMS),
- Воведување и усогласување на работните процеси во УЈП според ИСО 9001:2008 - систем за управување со квалитет

***Програми и проекти***

**Тековни проекти**

- Хармонизација на законодавството и процедурите со правото на и најдобрите практики на ЕУ поврзани со акцизите (ИПА 2010)
- IPA 2010 Project “Improving of the Public Revenue Office (PRO) taxpayers services” (TWINNING Contract MK10-IB-FI-01)

**Планирани проекти**

- Понатамошна хармонизација на даночното законодавство со ЕУ(Twining light project MK 11 IB FI 02 TWL)

  Компонента 1 - Понатамошна хармонизација на Законот за ДДВ во делот кои го регулираат местото на прометот на услуги.

  Компонента 2 - Понатамошна хармонизација на Законот за персоналниот данок на доход и Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ.
- IPA 2012 Project: "Supply of vehicles (vans), office furniture, hardware & software & other equipment for strengthening the capacity of the Public Revenue Office- Contact centre/call centre and service counters" (IPA 2012-2013 Supply Contract EuropeAid/136758/IH/SUP/MK)
- IPA 2012 PPF Project “Strengthening of the administrative capacity and specialization of the PROs performance for taxation of taxpayers – individuals (citizens)” (PPF Framework Contract EuropeAid/132633/C/SER/multi).

# 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

**Земјата** е умерено **подготвена во областа** на економската и монетарната политика. **Постигнат е одреден** напредок, но капацитетот на институциите на државата да изготват економски политики останува недоволен. Во наредната година, земјата особено треба:

- да ја подобри координацијата на економските политики во рамките на владата и со релевантните засегнати страни;
- да воведе одредници за расходи и фискални правила за подобрување на управувањето со јавните финансии.

***Резиме***

*Во 2016 година, Народната банка ќе продолжи да ја преиспитува поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика и ќе презема активности за натамошно усогласување на правната рамка за монетарните операции со регулативата на ЕЦБ.*

*Макроекономската политика во периодот 2016-2018 година ќе биде насочена кон задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Се очекува продолжување на позитивните економски движења во Македонија, при што се предвидува реалниот раст на БДП да изнесува 4%. Министерството за финансии ќе продолжи со редовна емисија на државни записи, како и фокусирање на проширувањето на рочната структура на портфолиото на државните хартии од вредност со подолги рочности, односно со емисија на две, три, пет, седум, десет и петнаесет годишни државни обврзници.*

## 3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Во 2015 година Народната банка ги задржа основната каматна стапка (3,25%) и понудата на благајничките записи (25.500 мил. денари) на непроменето ниво. За намалување на прекумерната побарувачка за благајнички записи, беше воведен нов начин на аукцирање на банките, согласно нивното учество во задолжителната резерва во денари[120]. Дополнително, модифициран беше механизмот на аукцирање[121], со цел банките да аукцираат согласно нивната застапеност во вкупните обврски во домашна валута (без валутна клаузула) на банкарскиот систем, што е во согласност со намалувањето на стапката на задолжителна резерва којшто се применува на обврските на банките кон физичките лица во домашна валута со рочност над една година (од 8% на 0%), како стимул за долгорочното штедење на домаќинствата во домашна валута[122]. Понатамошно усогласување со искуствата на централните банки од евро-зоната беше направено кај Одлуката за кредитот во крајна инстанца[123] со воведување на можноста истиот да биде одобрен со залог на побарувањата на банките од клиенти. Со пристапувањето на Литванија кон Европската економска и монетарна унија, литванскиот литас беше исклучен од курсната листа на НБРМ[124].

Во областа на статистиката, НБРМ работеше на понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандардите - во рамки на *билансот на плаќања*, преку вклучувањето на податоците за реинвестираната добивка и краткорочните трговски кредити помеѓу домашните директни инвеститори и странските компании-ќерки; во рамките на статистиката на *каматни стапки* преку извршеното приспособување со европските стандарди за каматните

---

[120] Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за благајнички записи и Одлука за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, Сл. весник на РМ 35/15.
[121] Одлука за благајничките записи, Службен весник на РМ бр. 148/15.
[122] Одлука за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, Сл. весник на РМ бр. 148/15.
[123] Сл. весник на РМ бр. 74/15.
[124] Одлука за изменување на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија, Сл. весник на РМ 14/15.

стапки на кредитите и депозитите[125]; во *монетарните извештаи* со постигнување на речиси целосна покриеност на секторот „останати финансики институции“ и во статистиката за *финансиските сметки* со првично нејзино составување за извештајната 2013 година. Дополнително, унапредена е соработката помеѓу НБРМ, ДЗС и МФ во делот на размена на податоци за секторските финансиски сметки. Согласно договорот за размена на податоци помеѓу НБРМ и ДЗС, во Народната банка се воспостави централизирана статистичка база на податоци на институционалните сектори на правните субјекти, согласно базата за секторизација од ДЗС.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во рамки на ИПА мисијата, реализирана во 2013 година, на НБРМ и беа дадени препораки[126] за понатамошно усогласување на Законот за НБРМ со европското законодавство, насочени кон усогласување на одредбите од законот во делот на функционалната, институционалната, персоналната и финансиската независност на НБРМ, во областа на доверливоста на податоците, забрана за монетарно финансирање и привилигиран пристап, како и правна интеграција во Евросистемот. Согласно дадените препораки, тековно во фаза на изготвување е нов предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија.

**Институционална рамка**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во 2016 година, Народната банка ќе продолжи да ја преиспитува поставеноста на оперативната рамка на монетарната политика и ќе презема активности за натамошно усогласување на правната рамка за монетарните операции со регулативата на ЕЦБ. Со цел зголемување на ефикасноста при управувањето со девизните резерви, Народната банка во 2016 година ќе продолжи со натамошно зголемување на флексибилноста и диверзификација на инвестициите. Воедно, во 2016 година се планира да се финализираат започнатите активности поврзани со правната документација за примена на деривативни инструменти (фјучерс договори). Во функција на јакнење на стручниот капацитет, ќе се преземат активности за надградба и усовршување на инфраструктурата за спроведување на основниот монетарен инструмент, а ќе продолжат и активностите поврзани со надградба на системите поврзани со управувањето на девизните резерви.

***Статистика***

На полето на статистиката до крајот на 2016 година ќе се реализираат следните активности:

- Понатамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (ППБМИП6) и барања на ЕУ[127];
- Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци за екстерните статистики до европските институции од страна на Народната банка. Изградба на единствен статистички склад на податоци;
- Понатамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата во регулативите на ЕУ од оваа област[128];
- Развој на статистика на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност;
- Подобрување на комуникацијата на статистиката со корисниците и известувачите во Народната банка.

## *Среднорочни приоритети*

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Народната банка согласно движењата на домашните финансиски пазари и макроекономските трендови, ќе го продолжи процесот на постепено прилагодување на монетарниот инструментариум со поставеноста и промените во регулативата во евро-зоната. Воедно, ќе продолжат да се реализираат и активностите за подобрување на стручниот капацитет и натамошна надградба на инфраструктурата за спроведување на монетарните операции. Во делот на управувањето со девизните резерви, активностите ќе бидат фокусирани кон натамошно јакнење на капацитетот за управување со девизните резерви и примена на најдобрите практики за управување со девизните резерви.

---

125 Пропишани со регулативата за статистиката на каматните стапки ECB/2009/7.

126 Препораките беа презентирани во Needs Analysis Report for the NBRM и End of Mission Report.

127 Регулатива 555/2012 на ЕУ за статистика на платен биланс

128 Регулативите на ЕУ за билансни шеми на секторот на монетарно-финансиски институции (Европска централна банка-ЕЦБ/2013/33), за каматните стапки (ЕЦБ/2013/34) и за статистика на средствата и обврските на инвестициските фондови (ЕЦБ/2013/38).

***Статистика***

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (дел во домен на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши унапредувања во следниве области:

- Воведување на нови и усовршување на постојните извори на податоци за екстерните и монетарната статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти, рочност и сл;
- Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци за екстерните статистики до европските институции. Изградба на единствен статистички склад на податоци;
- Развој на статистиката на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност.

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

**Економска политика**

Владата на Република Македонија продолжува да го држи курсот на дисциплинирана и прудентна фискална политика. Фискалната политика е во функција на зачувување на макроекономската стабилност и фискалната одржливост, како и поддршка на растот на македонската економија. Вака дефинираните цели на фискалната политика подразбираат натамошна контрола на јавните финансии, како и континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи преку зголемување на капиталните инвестиции.

Фискалната стратегија за периодот 2016-2018 година беше усвоена од страна на Владата и Буџетот на Република Македонија за 2016 година беше донесен од страна на Собранието во ноември 2015 година, што е пред пропишаниот законски рок.

**Јавен долг**

Рамката која ја одредува политиката на управување со јавниот долг во Република Македонија е среднорочната Фискалната стратегија во која се интегрира управувањето со јавните финансии, односно фискалната рамка и јавниот долг и се обезбедува целосна конзистентност на податоците. Последната Фискална стратегија донесена од Владата на Република Македонија го покрива периодот 2016-2018 година.

Република Македонија се вбројува меѓу земјите со најниско ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ.

Агенцијата за кредитен рејтинг Fitch Ratings, во август 2015 година ја потврди фискалната стабилност на Македонија и ја објави оценката за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и домашна валута BB+, со негативен изглед. Во својот извештај Fitch Ratings наведе дека Република Македонија е релативно ниско задолжена земја чија задолженост е под нивото на задолженост на земјите кои се на исто или слично рамниште според кредитниот рејтинг („ББ") .

Агенцијата за кредитен рејтинг Standard & Poor's во октомври 2015 ја потврди претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и домашна валута BB-, истовремено потврдувајќи го стабилниот изглед на земјата. Потврдениот кредитен рејтинг се заснова на умереното ниво на јавен и државен долг, ниската инфлација и стабилниот добро капитализиран банкарски сектор.

Стабилниот кредитен рејтинг на Република Македонија е значаен сигнал за странските инвеститори и влијае позитивно на каматната стапка по која земјата позајмува на меѓународниот пазар на капитал, како и на вкупниот економски и политички имиџ на Република Македонија. Дополнително, потврдата на кредитниот рејтинг е уште еден силен сигнал кон странските инвеститори дека Република Македонија е земја во која може да имаат доверба и во која може да сметаат дека и во иднина ќе има здрави економски политики.

Во текот на 2015 година, Република Македонија успешно ги обезбеди проектираните средства за финансирање на буџетски дефицит и финансирање на тековните проекти од надворешни и од домашни извори со цел да се постигне оптимална комбинација од аспект на трошоците за финансирање.Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг е составен од 6 одделенија и брои 24 вработени лица.

***Краткорочни приоритети***

**Економска политика**

Согласно Стратегијата за проширување 2015-2016 година, **Програмата за економски реформи** за 2016 година ќе биде претставена како еден интегриран документ со поголем фокус на вработувањето и социјалните предизвици. Програмата ќе продолжи да се подготвува на годишна основа. Втората Програма на економски реформи ќе биде доставена до Комисијата до 31 јануари 2016 година.

Во 2016 година Владата ќе продолжи да води активна економска политика, имајќи ги предвид очекувањата за неизвесно надворешно окружување. Се очекува продолжување на позитивните економски движења во Македонија, при што се предвидува реалниот раст на БДП да изнесува 4%. Фискалната политика, како и во изминатиот период и понатаму ќе биде насочена кон постигнување на разумен баланс помеѓу двете стратешки цели на Владата на Република Македонија, кои се однесуваат на задржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економската активност со зголемување на квалитетот на јавните финансии.

На краток рок, како континуирана активност се планира да се реализираат повеќе обуки кои ќе ги зајакнат капацитетите на Секторот за макроекономска политика за макроекономски анализи и проекции.

**Јавен долг**

Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг заклучно со октомври 2015 година брои 24 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања во текот на 2016 во неколку одделенија во рамки на секторот.

## *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

**Јавен долг**

Според политиката на управување со јавен долг која претставува дел од Фискалната стратегија е предвидена рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години, како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Врз основа на определбите за финансирање на потребите на државата со  најнизок можен трошок на среден и долг рок, одржливо ниво на ризик и ниско ниво на државен долг, како и реализацијата на планираните инфраструктурни инвестиции, движењето на државниот долг е планирано да се задржи во проектираните рамки, односно да има умерен раст кој нема да ја загрози оддржливоста на јавните финансии, па оттука се очекува јавниот долг да не надмине ниво од 60% од БДП на долг рок.

Согласно среднорочната фискална стратегија, Министерството за финансии и во наредниот период ќе продолжи со континуирано издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) на домашниот пазар. Целта е со редовна застапеност на државните хартии од вредност да се овозможи поефикасно финансирање на буџетските потреби на краток и на долг рок, намалување на трошоците за финансирање, како и поттикнување на натамошниот развој на финансиските пазари во Република Македонија. Во периодот кој претстои, интенцијата на Министерството за финансии ќе биде одржување на редовна застапеност на државните записи, како и фокусирање на проширувањето на рочната структура на портфолиото на државните хартии од вредност со подолги рочности. Во таа насока, посебен акцент ќе се стави на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност преку издавање на подолгорочни хартии од вредност, односно преку издавање на две, три, пет, седум, десет и петнаесет годишни државни обврзници. Особен интерес за вложување во долгорочните хартии од вредност издадени од Република Македонија се очекува од пензиските друштва, како и од комерцијалните банки и осигурителните компании. Исто така, со цел подобрување на ликвидноста на домашниот пазар на државни хартии од вредност, во следниот среднорочен период се планира преземање на низа мерки и активности кои ќе се однесуваат на постепеното намалување на учеството на државните хартии од вредност со девизна клаузула во вкупно издадените државни хартии од вредност, таргетирање на позитивно годишно нето задолжување и повторно отворање на веќе одржаните аукции на државни хартии од вредност (re-opening).

**Економска политика**

Макроекономската политика во периодот 2016-2018 година ќе биде насочена кон задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Досегашните економски остварувања, здравите макроекономски политики и агендата на Владата исполнета со голем број на проекти се цврста основа за продолжување со позитивните економски движења во наредниот среднорочен период. Во

периодот 2016-2018 година се очекува да продолжат поволните економски движења во земјата, при што реалниот раст на БДП во 2016 година се очекува да изнесува 4%, во 2017 година 4,3% и во 2018 година 4,5%. Владата на Република Македонија и Министерството за финансии го имаат поставено успешното управување со јавните финансии како еден од врвните приоритети, имајќи го предвид силното економско, социјално и политичко значење на Буџетот, особено во услови на неизвесности и силни предизвици во европската и светската економија. Среднорочното планирање на основните макроекономски и фискални параметри се наметнува како неопходност на професионалниот менаџмент со јавните финансии, со цел финансиска сигурност и одржливост на јавните финансии.

Фискалната стратегија како значаен стратешки документ ги дефинира најважните цели и политики за дејствување, како и среднорочните макроекономски и фискални проекции преку кои се воспоставува појака врска помеѓу дефинираните стратешки приоритети и расположливите извори на финансирање. Проекцијата на јавните финансии за наредниот среднорочен период се базира на определбата за нивна етапна консолидација, согласно очекувањата за позитивни макроекономски индикатори за наредниот период, остварување на позитивни стапки на раст, како и ефектите од планираните структурните реформи и очекуваните приливи од СДИ.

**Институционална рамка**

**Јавен долг**

Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања од вкупно 3 извршители во текот на 2016 година, 3 извршители во 2017 година и 3 извршители во 2018 година распоредени во сите одделенија во рамките на секторот.

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

# 3.18 СТАТИСТИКА

**Наоди и приоритети во Извештајот на ЕК 2015**

Во областа на статистиката, земјата е **умерено подготвена**. Постигнат е **одреден напредок** во измината година, особено во поглед на усогласување на секторските статистики со стандардите на ЕУ. Потребни се континуирани напори за да се подобри квалитетот на податоците во областа на макроекономските и социјалните статистики, како и за целосно усогласување со законодавството на ЕУ (Acquis). Во решавањето на недостатоците наведени подолу, во наредната година, земјата особено треба:

- дополнително да ги зајакне човечките и финансиските ресурси на Државниот завод за статистика;
- дополнително да ги усогласи статистиките со Европскиот систем на сметки 2010;
- да испраќа табели за Процедурата за прекумерен дефицит (ЕДП) до Евростат.

***Резиме***

*Државниот завод за статистика е посветен на обезбедувањето висококвалитетни статистички податоци во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е постојаното работење на усогласување на националната правна рамка за статистиката со законодавството на ЕУ, со што директно се поддржува политиката на Владата за европска интеграција на државата. Во намерата за зголемување на квалитетот на податоците, посебно внимание се посветува на развојот на метаинформацискиот систем, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснување на прибирањето податоци и подобрување на квалитетот на комуникацијата со давателите на податоци и корисниците.*

*Државниот завод за статистика, како надлежна институција за донесување на меѓународни стандарди за статистичко следење на масовните појави во општествениот и економскиот живот во земјата, е одговорен за нивно континуирано хармонизирање и прилагодување кон националните услови.*

*Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.*

*Во делот на секторските статистики се опишува степенот на хармонизација на истражувањата според стандардите на европската статистика.*

*Стратешка определба на Народната банка во областа на статистиката е обезбедување на квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди.*

## 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година продолжи зајакнувањето на административните капацитети на ДЗС преку ангажирање на потребниот работен потенцијал за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство. Во текот на 2015 година во ДЗС се вработени 26 лица. Административните капацитети во текот на 2015 година беа унапредени преку подобрувања во следниве области:

- Обуки на вработените
- Метаподатоци и имплементација: Вклучени се нови 7 истражувања во системот за електронско прибирање на податоци со што вкупниот број на истражувања опфатени со системот е 11. Истовремено се подготвени метаподатоците релевантни за овие истражувања
- Информатичка инфраструктура: Префрлање на податоците од локалните дискови на централизираниот мемориски простор

Вкупниот број на вработени во ДЗС, до 31 октомври 2015, изнесува 310 лица.

Својата работа Државниот завод ја унапредува и со процес на интерни обуки (во периодот 1 јануари – 31 октомври 2015 година се одржани 25 обуки од кои 14 генерички обуки и 11 специјализирани обуки, со просек по 20 вработени по обука).

Во насока на користење на поголем фонд на податоци од административни извори за статистички цели, потпишани се меморандуми за соработка со:

- Стопанската комора на Северозападна Македонија
- Сојузот на стопански комори на Македонија
- Управата за водење на матични книги
- Министерството за шумарство и земјоделство

Во октомври 2015 година е потпишан Анекс кон Договорот за соработка и размена на податоци и публикации со Народната банка на Република Македонија.

### *Краткорочни приоритети*

- Ангажирање на потребните човечки ресурси за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Дефинирање на индикатори за следење на ефикасноста на користењето на ресурсите (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Самооценување (Партнерско оценување на националниот статистички систем);
- Примена на Политиката за ревизија на статистичките податоци (продолжува и во среднорочните приоритети).

## ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИЗЛЕЗИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА, ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)

### *Краткорочни приоритети*

Користењето на единствена влезна точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат ќе се зајакне преку:

- Зголемување на сетовите на податоци доставени до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Изградба на единствено статистичко складиште на податоци (за складирање, анализа и трансмисија на податоците) како предуслов за целосно усогласување со ЕУ барањата од аспект на можностите за дезагрегација по земји, дејности, сектори, инструменти (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Доставување на податоци до Евростат во согласност со барањата на Vademecum 2014 (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Почетни активности за изградба на алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешните корисници на податоци (продолжува во среднорочните приоритети).

### *Среднорочни приоритети*

- Редизајн на постоечкото складиште на податоци за национални сметки заради негово проширување со податоци и зголемени можности за анализа и дисеминација, како и негово усогласување со стандардите на Евростат за трансмисија на податоци .

## ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ

### *Краткорочни приоритети*

Во однос на осовременувањето на ИТ опружувањето во ДЗС, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација, предвидено е:

- Зголемување на бројот на истражувања за кои податоците ќе се прибираат преку е-образец (продолжува и во среднорочните приоритети).

## ДИСЕМИНАЦИЈА

### *Тековна состојба*

Во периодот од 16.01. до 16.02.2015 година, Државниот завод за статистика ја спроведе Анкетата за мерење на задоволството на корисниците.

Во изминатиот период продолжи и соработката со корисниците на статистички податоци и информации, пред сè, соработката со образовните институции.

Направен е нов дизајн на насловната страница на веб-страницата на ДЗС со што таа стана попрегледна за корисниците.
Подготвена е апликација за веб-картографија и е поставена на веб-страницата. Апликацијата презентира тематски карти со податоци од областа на населението и градежништвото, на општинско и на регионално ниво. Апликацијата е подготвена во MapServer и OpenLayers Open Source софтвер.
Доставени се податоци за населението по возрасни групи за НИПП (Национална инфраструктура на просторни податоци) - портал со кој управува Агенцијата за катастар на недвижности.

Народната банка, во делот комуникација со давателите на податоци, работеше на јакнење на поддршката преку организирање на обуки, збогатување на интернет-страницата со детални упатства и информации за статистичките податоци во надлежност на Народната банка. Паралелно со ова, во делот на комуникацијата со корисниците, Народната банка оствaруваше непосреден контакт со корисниците, активно учествуваше во обуките и навремено и сеопфатно ги информираше корисниците за новите сетови на податоци и методолошките промени во статистичките истражувања. Во Народната банка во тек е проектот за изградба на единствено статистичко складиште на податоци кое треба да овозможи оптимално управување со статистичките бази на податоци во Народната банка, како и испраќање на подетални податоци до Евростат како финална цел. За реализација на оваа активност е ангажиран надворешен добавувач.

***Краткорочни приоритети***

**Државен завод за статистика**

Осовременувањето на начинот на дисеминирање на статистичките податоци ќе се реализира преку:

- Преземање на активности за зголемена присутност на статистичките податоци во социјалните медиуми (продолжува во среднорочните приоритети)
- Понатамошно развивање на кориснички ориентираните алатки на веб-страницата на ДЗС

**Народна банка**

Подобрување на дисеминацијата на статистиката во Народната банка:

- Активности за подобрување на комуникацијата со корисниците, како и активности за јакнење на поддршката кон известувачите и олеснување на известувањето;

***Среднорочни приоритети***

**Државен завод за статистика**

- Одржување на редовна комуникација со корисниците преку спроведување на Анкета за мерење на задоволството на корисниците.

## 3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

**КЛАСИФИКАЦИИ**

***Тековна состојба***

Државниот завод за статистика, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, продолжи со активностите на работните групи за утврдување на разликите и можностите за усогласување во примената на статистичките класификации во областа на земјоделството. Во 2015 година се усвоени измените и дополнувањата на Националната класификација на занимањата (НКЗ 2008) на национално 6-цифрено ниво.
Во текот на 2015 година е усвоена Класификацијата на производи по дејности КПД 2015.

***Краткорочни приоритети***

Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на статистички стандарди:

- Следење на промените во економските класификации (НКД Рев.2, КПД, ННИП, Царинската номенклатура) (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготвување на класификација на институционалните сектори според ЕСС 2010.

**РЕГИСТРИ**

***Тековна состојба***

**Статистички деловен регистар (СДР)** - Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (подобрување на квалитетот и опфатот на групите на претпријатија). Покрај редовното ажурирање на СДР се врши и тековна контрола на точноста и квалитетот на податоците во СДР, особено податоците за дејноста, големината, адресниот податок итн.

**Статистички регистар на земјоделски стопанства** – Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и процедурите за ажурирање.

**Статистички регистар на население (СРН)** – Се работи на подготовка на концепт за ажурирање на Статистичкиот регистар на населението со податоци од статистичките истражувања и од административниот регистар на населението (што ќе се користи по воспоставувањето на административен регистар на населението).

**Статистички територијален регистар (СРПЕ)** - Државниот завод за статистика во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности е во фаза на подготовка на Меморандум за соработка и за размена на податоци. Овој Меморандум ќе го регулира начинот на размена и видот на податоци кои ќе се разменуваат.
Во моментот, Агенцијата за катастар на недвижности ги доставува сите настанати промени во Регистарот на просторни единици. Исто така, Агенцијата за катастар на недвижности доставува и податоци од Геодетско-катастарскиот инфомацискиот систем кои се однесуваат на катастарски парцели и објекти, по претходно поднесено барање од Заводот за статистика..
Во 2015 беше воспоставено складиште за земјоделски статистики во кое се внесени расположливите податоци за 2013 и 2014 година.

***Краткорочни приоритети***

- Понатамошно развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Имплементација и воведување на нови извори за ажурирање на Статистичкиот регистар на земјоделски стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Развој на концептот за ажурирање на Статистичкиот регистар на населението со податоци од статистичките истражувања и од административниот регистар на населението (примена по воспоставувањето на административен регистар на населението) (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Анализа на базите на податоци добиени од различни административни извори и утврдување на дефинициите (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Тестирање, прилагодување и користење на просторни податоци потребни за спроведување на анкети (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Користење на просторни податоци потребни за спроведување на анкети (продолжува во среднорочни приоритети)

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.
Во делот на секторските статистики се опишува степенот на хармонизација на истражувањата според стандардите на европската статистика.
Стратешка определба на Народната банка во областа на статистиката е обезбедување на квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, во областа на екстерните статистики, монетарната статистика, статистиката на финансиски сметки и статистиката на хартии од вредност.

## ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА

### *Тековна состојба*

Во областа на пазарот на трудот, во 2015 година се започна со користење на сетови на податоци од административните евиденции на Управата за јавни приходи за исплатени плати. Овие податоци ќе бидат прилагодени кон статистичките стандарди и ќе може да се користат како извор на податоци со што би се придонело за намалување на оптовареноста на извештајните единици како една од стратешките определби кон кои се стреми и европската статистика.

Во рамките на ИПА 2012 се спроведе истражување за заработувачката во кое за првпат се примени комбиниран метод со користење на податоци од административен извор.

Од второто тримесечје на 2015 година започна ажурирањето на рамката која се користи за избор на примерок за статистичките истражувања во кои како извештајни единици се вклучени домаќинствата.

Со Управата за водење на матичните книги (УВМК) е потпишан Меморандум за соработака во кој е наведено статистичките обрасци за родените, умрените лица и склучените бракови од доменот на виталните статистики, од подрачните единици на УВМК, каде што е воспоставен електронски внес, до РОС да доставуваат копија од електронскиот внес, сè до моментот кога ДЗС и УВМК ќе создадат технички услови за размена на податоци преку веб-сервис.

Во 2015 година беа доставени ЕСПРОС податоците од сите институции кои располагаат со тие податоци.

### *Краткорочни приоритети*

Унапредување на статистиките на пазар на труд и животен стандард

- Користење на административни податоци во областа на пазарот на трудот преку обезбедување на податоци од административни извори и нивно поврзување со податоците од статистичките истражувања од областа на пазарот на трудот (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Целосно ажурирање на рамката која се користи за избор на примерок за статистичките истражувања во кои како извештајни единици се вклучени домаќинствата.
- Унапредување на хармонизираниот индекс на трошоците на животот и воспоставување на експериментални пресметки на индексот на цената за домување (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Спроведување на анкета за лица на возраст од 29 до 65 години кои посетуваат формално или неформално образование.
- Обезбедување индикатори за лица на возраст од 29 до 65 години кои посетуваат формално или неформално образование. (продолжува во среднорочни приоритети)
- Имплементирање на CAPI методот за прибирање на податоци во анкетните истражувања во доменот на социјалните статистики (продолжува во среднорочни приоритети)

Унапредување на статистиките за социјални услуги

- Спроведување на попис за училишен простор на основи и средни училишта (училишни згради и училишта)
- Обезбедување на податоци за училишни згради и училишта (продолжува во среднорочни приоритети)
- Спроведување на анкетата за континуирана професионална обука (АПКО)
- Обезбедување на индикатори за бројот и типот на обуки кои ги добиваат вработените (продолжува во среднорочни приоритети)

## ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТАТИСТИКИ И СТАТИСТИКИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

### *Тековна состојба*

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на енергијата, туризмот и угостителството, транспортот и трговијата со регулативите на ЕУ. Во 2015 година се објавени податоците од истражувањето за патничкиот транспорт. Објавени се индикатори за патнички и товарен транспорт за периодот 2001-2014 и индикатори за учеството на патничкиот и товарниот транспорт во вкупниот транспорт за периодот 1990-2014. За краткорочните статистики (индустрија, цени, градежништво и трговија) во 2015 година започнаа да се доставуваат податоци придружени со метаподатоци до Евростат преку Националниот метадата едитор. Во областа на

енергетските статистики, во текот на 2015 година се обезбедија статистички податоци за потрошувачката на енергенти во домаќинствата.
Пресметани се нови индикатори од областа на краткорочните статистики и тоа: главни индустриски групи за платите од областа на индустријата за периодот од 2010 до март 2015 година, и метаподатоци од областа на платите.
За првпат се произведени и публикувани податоци за статистиката на надворешната трговија според економоските карактеристики на деловните субјекти.

### *Краткорочни приоритети*

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во согласност со STS регулативата 1165/98, преку обезбедување на нови индикатори за краткорочните статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Обезбедување на податоци за деловните услуги со обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспортот од спроведениот Попис на патничкиот сообраќај.
- Спроведување на попис на капацитетите во трговијата на мало.
- Спроведување на попис на угостителските и сместувачки капацитети
- Натамошно унапредување на индикаторите за користењето на информатичката технологија во домаќинствата и деловните субјекти, во согласност со Европската регулатива 808/2004.
- Обезбедување на податоци за странските посетители на граничните премини и податоци за странските туристи во сместувачките капацитети (продолжува и во среднорочните приоритети).

### *Среднорочни приоритети*

- Активности за промена на базната година во краткорочните статистики (2015 = 100). Подобрување на краткорочните статистики од областа на индустријата и градежништвото
- Обезбедување на податоци за деловните услуги со обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспортот од спроведениот Попис на железничкиот сообраќај
- Подготовка на мастер-план за воведување на ИНТРАСТАТ.
- Обезбедување на податоци од пописот на угостителските и сместувачки капацитети
- Обезбедување на податоци од пописот на капацитетите во трговијата на мало.

## СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

### *Тековна состојба*

Во 2015 година се објавија ревидирани статистички податоци од второто примерочно структурно истражување за земјоделските стопанства заедно со статистичките податоци за типологијата на земјоделските стопанства и податоците се доставени до Евростат. Во рамките на проектот за агромонетарните статистики (ИПА 2012) воспоставено е складиште на земјоделските статистики кое ги опфаќа статистичките истражувањата од областа на растителното и добиточното производство, шумарството, земјоделските цени, откупот на земјоделски производи и структурните податоци за земјоделските стопанства со цел да се автоматизира процесот на добивање на агромонетраните статистики. Исто така, извршено е автоматизирање на процесот на производство, анализа и публикување на податоците од областа на сите земјоделски статистики. За првпат до Евростат се доставија првичните податоци за цените и наемнините на земјоделско земјиште и ажуриран е описот на пресметките за економските сметки во земјоделството и земјоделските цени, како и за добиточното производство и за првпат е подготвен опис на пресметките за растителното производство. Спроведено е пилот-истражување за статистиката на млеко на годишно ниво кое во текот на 2016 година ќе премине во редовно статистичко истражување. Истражувањето за колење на добиток во кланиците премина од тримесечно во месечно истражување. За првпат е подготвен извештај за квалитет за економските сметки во земјоделството и земјоделските цени и ажуриран е и извештајот за квалитет за растителното производство.

### *Краткорочни приоритети*

- Спроведување на третото Структурно истражување за земјоделските стопанства
- Спроведување на пилот-истражување за статистиките во овоштарството и лозарството
- Спроведување на пилот-истражување за месечно истражување за млеко и млечни производи
- Подобрување на квалитетот на статистичките податоци за заклан добиток во согласност со Регулатива 1165/2008

- Понатамошен развој на економските сметки во земјоделството со вклучување на пресметки за цената на земјоделското земјиште и наемнините (продолжува и во среднорочните приоритети).

***Среднорочни приоритети***

- Обезбедување на податоци од третото Структурно истражување за земјоделските стопанства

**СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година, во областа на статистиката на животната средина се спроведе редовно истражување за трошоците во животната средина. Истражувањето се разви во рамките на Твининг-проектот и тоа стана составен дел на Програмата за статистички истражувања со редовна годишна периодика на спроведување. Во текот на 2015 година Државниот завод за статистика, во рамките на проектот ИПА 2012, разви методологија за прибирање податоци за два модула од областа Сметки во животната средина - Даноци поврзани со животната средина и Текови на материјали. Податоците се прибираат од административни извори - Секторот за национални сметки при ДЗС и Министерството за финансии (за даноци во животната средина), и стручните одделенија при ДЗС - земјоделство, индустрија, енергија.

***Краткорочни приоритети***

- Ревизија на сетот на податоци за даноците поврзани со животната средина
- Унапредување на воспоставениот сет на податоци за даноците поврзани со животната средина
- Подотовка на серија на податоци за даноците поврзани со животната средина
- Унапредување на воспоставениот сет на податоци за тековите на материјали

***Среднорочни приоритети***

- Развивање на модул - Сметки во животната средина во секторот Добра и услуги

**СТАТИСТИКА НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА**

- Натамошно унапредување на индикаторите за користењето на информатичката технологија во домаќинствата и деловните субјекти

**МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА**

***Тековна состојба***

Континуирано се испраќаат податоци за клучните табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за праќање на годишни податоци (табели со главните агрегати и табели по гранки, агрегирани на сектор се подготовени и доставени до Евростат во согласност со Регулатива бр.549/2013). Со овие податоци освен што се обезбедува меѓународна споредливост, истовремено се создава поадекватна основа за анализа од страна на носителите на макроекономски мерки и политики.

Во врска со активностите за составување на пилот-нотификациски табели со серија на податоци според Процедурата за прекумерен дефицит користејќи ја методологијата за долг и дефицит на Евростат, во јуни 2015 е одржана мисија со Евростат и формирана е работна група која ќе работи на организирање на обврските.

Составени се експериментални пресметки за табелите на понуда и на употреба по постојани цени за 2013 година.

Објавена е публикација за индикаторите за одржлив развој во јули 2015 година.

Испратени се обрасци, прибрани се податоци и извршена е анализа на деловните услуги со цел хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулатива 250/2009 на ЕУ.

***Краткорочни приоритети***

Имплементирање на СНС 2008 (System of National Accounts, SNA 2008) и ЕСС 2010 (European System of Accounts, ESA 2010):

- Подготовка на податоци за табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за доставување на податоци и тоа: главни агрегати за секторот Држава, годишни нефинансиски сметки по сектори, за периодот 2008-2014 година
- Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на тримесечно ниво, за периодот 2000-2014 година
- Подготовка на податоци врз основа на ревидираниот БДП во согласност со имплементирањето на ЕСС 2010, за периодот 2000-2014 година (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подготовка на податоци за табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за доставување на податоци и тоа: трошоци за лична потрошувачка по намена, годишни сметки за секторот Домаќинства, табели за даноци и социјални придонеси по видови, табели по гранки агрегирани по НКД оддели
- Подготовка на податоци за главните агрегати, годишни и тримесечни, за серијата 1995-1999
- Подготовка на податоци за ЕДП нотификациските табели (Excesive Deficit Procedure, EDP notification table)
- Подготовка на нотификациски табели според Процедурата за прекумерен дефицит, користејќи ја методологијата за дефицит и долг на Евростат
- Подобрување на квалитетот на податоците во табелите за понуда и за употреба и инпут-аутпут табелите според ЕСС 2010
- Подобрување на пресметките на табелите на понуда и на употреба по постојани цени. (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подобрување на табелите на понуда и на употреба и инпут-аутпут табелите по основни цени (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво

Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулатива 250/2009 на ЕУ
- Обезбедување на податоци за деловните услуги (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Подобрување на сетот на белези за деловните субјекти (продолжува и во среднорочните приоритети)

### *Среднорочни приоритети*

Имплементирање на Системот на национални сметки (СНС 2008) и Европскиот систем на сметки (ЕСС 2010):
- Подобрување на податоците за подобрување на земјиштето како посебно средство (анализа на добиените резултати и истражување на изворите на податоци).
- Истражување на изворите на податоци, анализа и подготовка на податоци за основните средства како дел од трансмисионата програма на Евростат

## МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

### *Тековна состојба*

Во рамките на платно-билансната статистика, Народната банка во 2015 година ги објави податоците за директните инвестиции во странство со подобрен опфат (за период од 2012 година). Со вклучувањето на податоците за реинвестираната добивка и краткорочните трговски кредити помеѓу домашните директни инвеститори и странските компании-ќерки, постигната е идентична примена на меѓународните стандарди на страна на средствата и на обврските по СДИ.

Новиот сет на податоци за каматните стапки, објавен на почетокот на 2015 година, обезбедува подобар статистички опфат на податоците и подетални информации за каматните стапки на кредитите и депозитите. Податоците се изготвени и приспособени на европските стандарди, пропишани со Регулативата за статистиката на каматните стапки ЕСВ/2009/7. За да се обезбеди временска споредливост на податоците, објавени се и временски серии на податоци за периодот од 2005 година наваму.

Во монетарните извештаи (биланс и преглед на останати финансиски институции и преглед на финансиските институции), со вклучување на податоците за лизинг-компаниите и финансиските друштва се постигна речиси целосна покриеност на секторот Останати финансики институции за потребите на монетарната статистика. Податоците за овие финансиски институции се расположливи од почетокот на 2014 година.

Во 2015 година се работеше на унапредување на изворите на податоци и на првично составување на финансиската сметка за извештајната 2013 година.

Унапредена е соработката помеѓу НБРМ, ДЗС и МФ во делот на размена на податоци и информации потребни за изработка на секторските финансиски сметки. Според Договорот за размена на податоци помеѓу НБРМ и ДЗС, во Народната банка се воспостави централизирана статистичка база на податоци на институционалните сектори на правните субјекти, во согласност со базата за секторизација од ДЗС.

## *Краткорочни приоритети*

**Екстерни статистики**

Натамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (БПМ6) и барањата содржани во ЕУ регулативата 555/2012 за статистиката на платниот биланс, меѓународната трговија со услуги и странските директни инвестиции:

- Натамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (БПМ6) и барањата содржани во ЕУ регулативата 555/2012 за статистиката на платниот биланс, меѓународната трговија со услуги и странските директни инвестиции:
- Изработка на податоци за портфолио инвестиции според стандардите пропишани од ММФ во рамките на CPIS (Coordinated Portfolio Investment Survey), како дел од планот на активности за приклучување на Република Македонија кон статистичкиот стандард SDDS Plus на ММФ.

Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ кои се однесуваат на изготвувањето на билансни шеми на секторот на монетарно-финансиски институции (ЕCB/2013/33), каматните стапки (ЕCB/2013/34) и статистиката на средствата и обврските на инвестициските фондови (ЕCB/2013/38):

- Изработка на нова временска серија на монетарниот сет на податоци според новите статистички стандарди на ММФ (Прирачник за монетарна статистика): со унапредена секторска и валутна поделба на финансиските инструменти и нова методологија за паричната маса.
- Анализа на системот на известување во насока на усогласување со барањата на ЕЦБ за статистиката на билансните шеми.

**Развој на статистиката на финансиски сметки**

- Активности за составување на финансиските сметки во согласност со СНА 2008 и ЕСА 2010, со приоритет за составување на финансиската сметка за секторот Држава и нефинансиските претпријатија (продолжува во среднорочни приоритети).
- Активности за примена на унифицирана секторизација на институционалните единици на национално ниво. Активности поврзани со одобрување на ограничен пристап до централизираната база на податоци за институционалните сектори за одредени известувачи на Народната банка (банки и ЦДХВ).

**Развој на статистиката на хартии од вредност**

- Активности за воспоставување на извори на податоци за хартии од вредност тргувани на домашни пазари по сектори на издавачи и иматели (продолжува и во среднорочните приоритети).

# 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е **делумно подготвена** во областа на социјалната политика и вработувањето. Во изминатата година беше постигнат **одреден напредок**. Сепак, условите на пазарот на трудот остануваат многу тешки, продолжуваат да бидат присутни високите стапки на невработеност, алармантните нивоа на невработеност на младите и долгорочната невработеност, како и многу ниските стапки на учество на жените. Иако се преземаат мерки на ниво на политики за промовирање на социјалната инклузија, сиромаштијата останува сериозен проблем, особено кај Ромите.
Потребни се измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација со цел тој да се усогласи со правото на ЕУ. Потребно е да се зајакнат механизмите за заштита од дискриминација.
Во наредната година, земјата треба особено:

- да се справи со невработеноста, особено кај младите и долгорочно невработените лица;
- да го подобри бипартитниот и трипартитниот социјален дијалог, посебно во приватниот сектор, а особено за колективното договарање;
- да се обезбеди соодветни институционални и финансиски ресурси за спроведување на веќе усвоените стратегии за социјална инклузија и за намалување на сиромаштијата.

***Резиме***

*Клучните приоритети во областа на социјалната политика и вработување во претстојниот период се во насока на подобрување на состојбите на пазарот на труд, зголемување на стапката на вработеност и справување со високата невработеност, особено невработеноста на младите, зголемување на ефикасноста и инклузивноста на пазарот на труд, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување. Ќе се преземаат напори за унапредување на социјалниот дијалог, јакнење на капацитетите на социјалните партнери и зголемување на нивното учество во процесот на креирање на политиките.*
*Во континуитет ќе продолжи спроведувањето на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и за подобрување на квалитетот на услугите и грижата за различните ранливи категории на граѓани (лица со инвалидност, стари лица, деца, социјално загрозени семејства, жители на руралните области, Роми, итн.). Ќе се работи и на воведување и развој на нови услуги во делот на професионална рехабилитација и персонална асистенција на лицата со посебни потреби, развој и поттикнување на алтернативни услуги за згрижување на деца, како и на развој, поддршка и унапредување на условите за социјално претприемништво во државата.*
*Продолжува имплементација на активности во согласност со стратешките и оперативни документи од областа на еднаквост и недискриминација, активности за зајакнување на капацитетите и подигнување на свеста за прашања поврзани со родовата еднаквост, родово одговорно буџетирање, за концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација, промовирање на работата на Комисијата за заштита од дискриминација и јакнење на нејзините капацитети.*
*За реализација на планираните активности и остварување на приоритетите во рамките на ова поглавје и во наредниот период, покрај финансирањето од националниот буџет, значителна помош и поддршка ќе се обезбедува и преку повеќето проекти кои се имплементираат во рамки на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА – Компонента 1 и 4).*

## 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

### *Тековна состојба*

Во текот на годината беа подготвени неколку измени и дополнувања на постојни закони со цел понатамошно подобрување, унапредување и допрецизирање на трудовото законодавство.

Донесена е измена на Законот за работните односи[129], со која се зголемува периодот на отсуство на вработена која ќе роди или ќе посвои повеќе деца одеднаш, од досегашните 12 месеци на 15 месеци.

Усвоен е и Законот за дополнување на Законот за инспекција на трудот[130], со цел негово усогласување со Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, при што беше утврдено дека покрај другите надлежности, инспекторите на трудот ќе вршат надзор и на вршењето на нерегистрираната дејност.

Се усвоија и измени на Законот за минимална плата[131] кои се однесуваат на прекршочните одредби, односно износот на глобите кои им се изрекуваат на работодавачите за утврдени прекршоци во случаи на исплатена плата под минималната плата утврдена согласно законските одредби.

Во рамки на пакетот на нови мерки за поттикнување на вработувањето, промовирани преку проектот „Македонија вработува”, беа усвоени измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[132], со кои се уредува субвенционирањето на работодавачите од приватниот сектор за вработување на невработени лица од специфични ранливи категории на граѓани.

Во изминатиот период беа преземани и дополнителни активности насочени кон подобрување и зајакнување на соработката помеѓу релевантните институции задолжени за креирање и спроведување на законодавството од областа на работните односи. Во оваа насока, меѓу другото, при подготвување на измените во трудовото законодавство, покрај социјалните партнери активно учествуваа и Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) и Државниот инспекторат за труд (ДИТ), имајќи ги предвид нивните согледувања и искуства во однос на практичната имплементација на законодавството.

Паралелно, продолжија и активностите на ДИТ за обезбедување на зголемен и засилен надзор врз спроведувањето на законските одредби во делот на трудовото право.

Во текот на годината продолжи имплементацијата на проектот „Поддршка на борбата против непријавена работа“, ко-финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА компонента 4. Проектот се спроведува во период од 2 години, до мај 2016 година, и има за цел да придонесе кон подобрување на ефективноста и ефикасноста во справувањето со непријавената работа, преку спроведување на детално истражување и анализа на појавата и ефектите од непријавената работа во Република Македонија, значително зајакнување на капацитетите на ДИТ и другите релевантни субјекти, како и подобрување на координираното вклучување и соработка помеѓу релевантните институции и социјални партнери во борбата против непријавената работа. Во досегашната имплементација на проектот реализирани се повеќе активности насочени кон јакнење на капацитетите на ДИТ и останатите институции, како и неколку набавки (возила, ИКТ опрема) за подобрување на условите за работа и ефикасноста на инспекциските служби.

### *Краткорочни приоритети*

Во претстојниот период ќе продолжи следењето на законската регулатива, од аспект на нејзината усогласеност со законодавството на Европската Унија во делот на трудовото право, како и нејзината практична примена и спроведување.

Ќе се реализираат повеќе обуки и останати активности насочени кон зајакнување на капацитетите на сите релевантни институции вклучени во креирањето и спроведувањето на трудовото законодавство, како и кон понатамошното подобрување на нивната меѓусебна координација и соработка. Ќе се работи и на континуирана размена на искуства помеѓу релевантните субјекти за актуелни прашања поврзани со имплементацијата на трудовото право и можностите за подобрување на ефикасноста на меѓусебната соработка.

Во првата половина на 2016 година ќе продолжи и реализирањето на проектните активности во рамки на проектот „Поддршка на борбата против непријавената работа“, насочени кон поддршка и јакнење на капацитетите на надлежните институции и други субјекти во справувањето со непријавената работа во Република Македонија.

[129] Сл. весник на РМ, бр.72/2015
[130] Сл. весник на РМ, бр.33/2015
[131] Сл. весник на РМ, бр.81/2015
[132] Сл. весник на РМ, бр.56/2015

Планирано е финализирање на спроведеното истражување (анкета) за природата, причините и ефектите од непријавената работа, како и реализирањето на планираните обуки и други активности за јакнење на капацитетите на надлежните институции (ДИТ, МТСП и други) за справување со непријавената работа, со активно вклучување на социјалните партнери.

Во текот на годината ќе се подготват и достават редовни извештаи за примената на ратификуваните конвенции (за 19 ратификувани конвенции) на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и еден извештај за примената на нератификуваните конвенции и препораки.

***Среднорочни приоритети***
Ќе продолжи интензивното спроведување на бројни активности за јакнење на капацитетите, размена на искуства и унапредување на меѓусебната соработка на релевантните институции и на социјалните партнери за креирање, имплементирање и надзор на спроведувањето на трудовото законодавство.

## 3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

***Тековна состојба***
Продолжи понатамошното унапредување и допрецизирање на постојната законска и подзаконска регулатива во областа на безбедност и здравје при работа. Изготвени и усвоени се измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа[133], со дополнување на постојните одредби и воведување на задолжителен психијатриски и психолошки преглед при систематските прегледи за лица кои имаат пристап и ракување со службено огнено оружје.
Донесени се и два правилника[134]: “Правилник за начинот на бодирање на првиот (теоретски дел) и на вториот (практичен) дел од стручниот испит за безбедност при работа” и “Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар за стручни лица”.
Во согласност со одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, беше изготвена и програмата за полагање на стручен испит за безбедност при работа, за стручни лица од областа.
На почетокот на годината беше усвоен Акцискиот план за 2015 година за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа на Република Македонија (2011-2015), во кој беа утврдени активностите и мерките кои ќе се спроведуваат во текот на годината, како и соодветната временска рамка, одговорни институции, индикатори за следење итн.
Продолжи функционирањето на Националниот совет за безбедност и здравје при работа (БЗР) кој одржа три седници (во февруари, октомври и декември 2015 година). На седниците се дискутираше за започнатите и планирани активности, цели и приоритети, во рамките на донесениот Акциски план за БЗР, беа разгледувани и дискутирани информации во врска со различни активности од областа, учеството на Советот во подготовката на предлог-законски измени, како и учеството во процесот на оценка на спроведување на Законот за безбедност и здравје при работа.
Националниот совет, преку своите претставници, е активно вклучен и во подготовката на новата Стратегија за безбедност и здравје при работа на Република Македонија за периодот до 2020 година.
Функционирањето на Националниот совет како и преземените активности во овој период во согласност со Акцискиот план, придонесе за значително зајакнување на соработката помеѓу клучните партнери во областа на безбедност и здравје при работа.
Согласно Декларацијата од Парма за здравје и животна средина[135] усвоена на Петтата министерска конференција за здравје и животна средина 2010 год., сите европски земји-членки на Светската здравствена организација се обврзаа да донесат национални програми за елиминирање на болестите предизвикани од азбест, во соработка со СЗО и МОТ. Во текот на 2015 година, изготвениот Национален профил за азбест, согласно препораките на СЗО и МОТ, беше доставен до Владата на РМ, а во тек е и изработка на Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест која се планира да биде усвоена во текот на 2016 година.

[133] Сл. весник на РМ, бр.15/2015
[134] објавени во „Сл. весник на РМ“, бр.164/2015
[135] *The Parma Declaration on Environment and Health*

На 28-ми април, во организација на Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), традиционално беше одбележан Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, при што оваа година со темата: “Вклучи се во градење култура за превенција за БЗР”, акцентот беше ставен на подигнување на свеста за подобра национална култура за безбедност и здравје при работа.
Согласно Акцискиот план за 2015 за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2011-2015, во текот на годината реализирани се низа настани (семинари, обуки, работилници, тркалезни маси) во насока на зајакнување на капацитетите на сите релевантни субјекти во делот на БЗР за различни теми од областа (евиденција на инспекциски надзор, инспекциски совет и информирање и запознавање со модулите за едукација на стручните лица за БЗР, практична примена на постојни правилници од областа на БЗР - површинска и подземна експлоатација на минерални суровини, изложување на азбест итн.).
Активностите на ДИТ во континуитет ги реализираше активностите поврзани со инспекцискиот надзор врз спроведувањето на законодавството во делот на БЗР, при што според извештајот за првите девет месеци од 2015 година, спроведени се 12,453 инспекциски надзори од областа на БЗР над правни субјекти со вкупен број на 204,160 вработени; донесени се 3,994 решенија со утврдени 9,396 недостатоци. Исто така, утврдено е дека кај 6,533 правни субјекти овластените служби за медицина на трудот реализирале превентивни здравствени прегледи на 183,495 вработени (90%), додека превентивните здравствени прегледи не се спроведени кај останати 2,624 правни субјекти со опфат од 20,665 вработени (околу 10%), што согласно критериумите на СЗО и МОТ, претставува особено позитивен резултат во однос на опфатот на вработените со услуги на медицината на трудот.

### *Краткорочни приоритети*

Во наредниот период ќе продолжи спроведувањето на активности за понатамошно зајакнување на капацитетите вработените во државните органи, социјалните партнери, стручните лица од областа на БЗР здравствените работници во делот на спроведување на регулативата од областа на БЗР, преку организирање на обуки, семинари, работилници и други активности.
Планирани се бројни активности за промоција и дисеминација на знаењата и добрите практики во делот на БЗР, зголемување на капацитетите на граѓанските организации и медиумите за партнерство и соработка, подобрување на правата на работниците за безбедни и здравствено сигурни работни места во РМ.

Со вклученост на релевантните субјекти, државните институции, Националниот совет за БЗР, социјалните партнери, соодветните здруженија на граѓани и образовни институции, започната е работата за подготовка на новата Стратегија за безбедност и здравје при работа за периодот до 2020 година, во која ќе се утврдат стратешките приоритети, главните и специфични цели за развој на областа во наредниот период, согласно принципите на ЕУ стратешката рамка за безбедност и здравје при работа[136]

Ќе се продолжи со редовно одржување на состаноците на Националниот совет за безбедност и здравје при работа (НСБЗР), зголемување на ефикасноста на работата на Советот и зајакнување на неговата експертска и советодавна улога за прашањата од областа на безбедност и здравје при работа.

Во текот на годината се планира подготовка и усвојување на Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест, како стратешки документ во кој ќе се дефинираат димензиите на проблемот со азбест во земјата и стратегиите за елиминирање на болестите предизвикани од азбест, како и долгорочните цели, институционалната рамка за акција, механизмите на дејствување и евалуација на постигнатите резултати, улогата на одделни институции и соработката во решавањето на проблемот.

### *Среднорочни приоритети*

Продолжува процесот на континуирана реализација на активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети на ДИТ и останатите релевантни субјекти во насока на унапредување на примената на законодавството за безбедност и здравје при работа и остварување на стратешките цели и приоритети во оваа област.

[136] EU Occupational Safety and Health (OSH) Strategic Framework 2014-2020

## 3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

### *Тековна состојба*

Во текот на 2015 година ЕСС одржа 4 седници на кои беа разгледувани и дискутирани повеќе законски прописи и други документи од економско-социјалната сфера, како Националниот акциски план за вработување на млади, Акцискиот план за борба против сивата економија и други. Беше донесен и Трипартитен акциски план за зајакнување на капацитетите на ЕСС, како и нов Деловник за работа на Советот.

На локално ниво продолжија напорите за развој и јакнење на социјалниот дијалог, преку зголемување на бројот на локални ЕСС во општините и во текот на извештајниот период беа потпишани три спогодби за основање на локални економско-социјални совети во општините Ресен, Свети Николе и Велес.

Во текот на 2015 година продолжи со реализација проектот „Унапредување на социјалниот дијалог“, кој се спроведува од страна на МОТ, со финансиска поддршка од ИПА и има за цел да придонесе кон зајакнување на капацитетите на социјалните партнери и на трипартитниот социјален дијалог на национално и локално ниво. Организирани се поголем број на обуки и работилници за теми и прашања од областа на функционирањето на социјалниот дијалог на различни нивоа.

Во рамки на проектот се реализираат и поголем број на активности за воспоставување на функционален систем за мирно решавање на работните спорови. Во досегашниот период формирана е трипартитна комисија за издавање и одземање на лиценци на помирувачи и арбитри, донесена е наставна програма за обука, изготвени и донесени се потребните подзаконски акти за Законот за мирно решавање на работни спорови, воспоставен е Регистар на помирувачи и арбитри, реализирани се неколку обуки и издадени се вкупно 16 лиценци на помирувачи и арбитри. Воспоставениот механизам за мирно решавање на работните спорови е веќе функционален, со тоа што во текот на ноември регистрирани се два случаеви на вклучување на лиценцираните помирувачи и арбитри во колективни спорови.

Во текот на 2015 година продолжи процесот на бипартитниот социјален дијалог и притоа за овој период, во Регистарот на МТСП регистрирани се измени и дополнувања на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи (МВР) и на Колективниот договор за вработените од тутунското стопанство, како и 11 колективни договори на ниво на работодавач.

Исто така, продолжи и процесот на утврдување на репрезентативноста на синдикатите и работодавачите, при што во 2015 година Комисијата за утврдување на репрезентативност издаде вкупно 9 решенија за репрезентативност.

Имплементацијата на наведените активности, меѓу другото, е во насока и на директно адресирање на забелешките и препораките на Европската комисија во областа на социјален дијалог, наведени во годишните извештаи за напредокот.

### *Краткорочни приоритети*

Во претстојниот период ќе се преземаат активности за понатамошно унапредување и јакнење на капацитетот и ефикасноста на работата на Економско-социјалниот совет и водењето на активен дијалог со социјалните партнери за политиките од областа на економската и социјална сфера. Ќе се преземаат и соодветни мерки и активности за обезбедување на зголемено учество на социјалните партнери во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките, нивно поголемо учество во креирањето и имплементацијата на законодавството од областа на трудот, земајќи ги притоа предвид и меѓународните искуства во оваа област.

Ќе продолжат да се реализираат и активности за понатамошно унапредување, поддршка, формирање и развој на економско-социјалните совети на локално ниво.

Особено внимание ќе се посвети на понатамошно подобрување и јакнење на капацитетите на социјалните партнери, со цел да се овозможи нивно поголемо влијание во развојот и имплементација на социјалните политики и политиките за вработување, прашањата на законодавството од областа на трудот, политиките на плати и сл.

Во текот на годината, планирано е да се одржат поголем број на тематски обуки за членовите на ЕСС и други претставници на синдикатите и организациите на работодавачите, а ќе се спроведе и истражување за потребите на ЕСС за тема од надлежност на Советот.

Исто така, во овој период ќе продолжат да се спроведуваат обуките за помирувачи и арбитри за мирно решавање на работни спорови, а ќе се организира и Меѓународна конференција за институциите за мирно решавање на работните спорови.

***Среднорочни приоритети***

Како еден од приоритетите во наредниот период останува континуираното унапредување на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивно активно учество во креирањето и имплементацијата на политиките.

Како среднорочен предизвик останува да се изгради вистински и функционален социјален дијалог, односно да се поттикне зголемување на бројот на колективните договори на гранково ниво, како и континуирана имплементација на системот за мирно решавање на работните спорови.

## 3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

**Политика на вработување**

И во текот на изминатиот период, намалувањето на невработеноста претставуваше еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија (ВРМ), при што политиките за вработување беа во насока на стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила согласно потребите на пазарот на трудот, активација на пазарот на трудот на лицата во положба на социјален ризик, подобрување на услугите на АВРМ, одржување на флексибилноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.

Во однос на состојбите на пазарот на труд и во овој период се забележуваат позитивни трендови во однос на основните статистички показатели, т.е. се бележи понатамошно намалување на стапката на невработеност, како и зголемување на вработеноста и активноста.

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 (Q2) |
|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност** (15-74) | **31.02%** | **29.00%** | **28.00%** | **26.84%** |
| **Стапка на активност** (15-64) | **63.90%** | **64.90%** | **65.28%** | **65.26%** |
| **Стапка на вработеност** (15-64) | **44.00%** | **46.00%** | **46.91%** | **47.66%** |

Извор: Државен завод за статистика

Кон крајот на јануари 2015 година од страна на ВРМ беше разгледан и усвоен новоподготвениот Оперативен план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување за 2015 година. Планираниот опфат на невработени лица со услуги и активни програми и мерки, согласно Планот е 47,826, од кои 17,940 млади лица на возраст до 29 години и предвиден буџет за реализација од над 640 милиони денари (повеќе од 10,4 милиони евра). Само со активни програми и мерки за вработување е планирано да се опфатат 16,226 невработени лица. Имплементацијата на услугите, програмите и мерките од Оперативниот план се реализираше во текот на целата година согласно утврдената динамика.

Покрај програмите и мерките од Оперативниот план, во 2015 година се продолжи со имплементација и на Проектот за самовработување со кредитирање (преку кој во 2015 година се вработени 114 лица кај 99 кредитокорисници), Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места (со реализирани 69 вработувања кај 56 правни лица), Програмата за самовработување со кредитирање на млади лица до 29 години (со вработени 115 лица кај 100 кредитокорисници), како и Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години (преку кој досега во текот на годината се реализирани 81 вработувања кај 65 правни лица).

Во текот на годината отпочна со имплементација и проектот „Македонија вработува“, со кој се предвидени одредени даночни олеснувања за вработување на конкретни категории невработени лица. Заклучно со ноември 2015 година, преку овој проект се вработени вкупно 9,542 лица.

Во текот на февруари 2015 година, во рамки на еден отворен и партиципативен процес со вклученост на сите релевантни институции и организации, социјални партнери, како и домашни и меѓународни експерти, започнаа активностите за подготовка на нова Национална стратегија за вработување, која ќе ги опфати макроекономските,

микроекономските и политиките на пазарот на трудот, во периодот од 2016 до 2020 година. Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 беше разгледана и усвоена од страна на ВРМ во октомври 2015 година. Во рамки на овој стратешки документ дадени се анализа и детален приказ на состојбата, движењата и предизвиците на пазарот на труд во Република Македонија, како и приоритетните политики и стратешки цели во релевантните области за наредниот петгодишен период, во функција на зголемување на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста.

Посебно внимание во текот на годината се посветуваше и на дизајнирање и имплементирање на мерки и активности за поттикнување на вработеноста кај младите лица, преку воведување на посебни мерки за оваа ранлива категорија на лица на пазарот на труд, имплементирање на даночни олеснувања за вработување на млади лица, мерки за намалување на неформалното вработување кај млади лица, промотивни и превентивни активности помеѓу младите лица во рамки на образовните институции, инфо-средби со млади лица итн. Кон крајот на август 2015 година беше подготвен и усвоен и новиот Акциски план за вработување на млади лица за периодот од 2016 до 2020 година, во кој се дефинирани конкретните активности и резултати кои е планирано да се реализираат во наредниот петгодишен период, до 2020 година за постигнување на утврдените цели, како што се подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот; промовирање на отворањето (формални) работни места, пред сè во приватниот сектор; олеснување на преминот на младите лица од образование кон работа. Акцискиот план ги прикажува и утврдените специфични цели, индикатори за следење на реализацијата, надлежните институции и органи, како и утврдената временска и финансиска рамка за реализација.

Во изминатиот период се имплементираат повеќе мерки и активности насочени кон намалување на неформалната вработеност во Република Македонија. Се подготви и се усвои нов Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, со кој се опфатени лицата кои вршат стопанска активност, а немаат регистрирано претпријатие или немаат склучено договор со работодавачот, како и правните и физичките лица кои учествуваат во нерегистрираната дејност од страна на побарувачката, кои се сметаат за соучесници. Ефективноста и ефикасноста на борбата против непријавената работа во земјата се настојува да се зголеми и преку зајакнување на капацитетите на ДИТ, како и обезбедување на координирано вклучување на релевантните институции и социјални партнери во борбата против непријавената работа. Се имплементира и програма за подобрување на знаењата и вештините на инспекторите од ДИТ во справувањето со непријавената работа, како и зајакнување на капацитетите преку набавка на потребна опрема, мебел и возила за трудовите инспектори.

Во областа на политиките за вработување и пазарот на труд, во тек е спроведувањето и на неколку проекти кои се поддржани од страна на Европската унија, преку ИПА. Во рамки на ИПА проектот „Справување со невработеноста на младите, долгорочно невработените и жените“ (т.н. втор директен грант на АВРМ), во текот на годината се спроведуваат планираните програми за пракса на млади лица до 29 годишна возраст и обуки кај познат работодавач, обуките за општи вештини и за дефицитарни (напредни ИТ) вештини.

Преку двегодишниот твининг-проект „Поддршка на АВРМ во имплементацијата на активни мерки и услуги за вработување“, се спроведуваат активности за надградба на базата на податоци во АВРМ, за нејзино преструктуирање и усогласување со европските стандарди. Дефинирана е методологија и алатки за оценка и следење на успешноста на активните мерки, а реализирани се и обуки за вработените во Агенцијата за изработка на извештај за оценка на успешноста на мерките, како и поголем број на други обуки и работилници за унапредување на нивните капацитети и квалитетот на услугите кои ги обезбедуваат. Во четири градови се имплементираат проектите за пилотирање на активни мерки за вработување, таргетирани согласно потребите на пазарот на трудот на локално ниво.

Во јули 2015 година започна и имплементацијата на проектот за модернизација и адаптација на 12 центри за вработување, како поддршка на процесот за подобрување на работењето и услугите на АВРМ, ко-финансиран од IPA компонента 4. Паралелно се реализираат и набавки на мебел, возила и ИТ опрема за потребите на АВРМ.

Континуирано се зголемува бројот и квалитетот на услугите за невработените лица и работодавачите (индивидуален план за вработување, советување за вработување во работните клубови, обуки за вештини, мотивациски обуки, посредување за вработување и зајакнување на соработката со работодавачите преку воведување на работно место во центрите за вработување за контакт со работодавачите итн.) Заклучно со ноември 2015 година изготвени се повеќе од 182,000 индивидуални планови за вработување, при што досега се вработиле приближно 50,000 лица. Мотивациските обуки на долгорочно невработените лица се спроведуваат во континуитет во работните клубови на центрите за вработување, при што невработените лица се мотивираат за користење на услугите на Агенцијата преку повеќе активности, како информирање за видот и начинот на обезбедување на услугите што може да се добијат од Агенцијата, обуки за подготовка на CV, обуки за интервју за подобро

претставување пред работодавачот и сл. Со овие обуки, заклучно со ноември 2015 година, беа опфатени 11,313 лица, од кои вработени се 2,181 лице.

Како резултат на напорите на АВРМ да им излезе во пресрет на своите клиенти кои живеат на поголема оддалеченост до најблискиот центар за вработување и да им овозможи олеснето користење на своите услуги, во претходните години беа отворени 16 дисперзирани канцеларии на центрите за вработување, а во 2015 година отворени се нови 5 канцеларии, со што вкупниот број на вакви дисперзирани канцеларии изнесува 21.

Во 2015 година АВРМ реализираше 8 саеми за вработување во 8 градови низ државата, преку кои се даде можност работодавачите да обезбедат квалитетна работна сила, согласно своите потреби, а невработените лица добија можност за успешно претставување на пазарот на трудот за свое вработување. На саемите беа организирани и форуми со работодавачите на кои беа презентирани позитивните искуства на работодавачите од користењето на активните програми и мерки за вработување, како, а се организираа и инфо-средби со млади лица.

**Европски социјален фонд**

За поцелосно искористување на ИПА Компонента IV, надлежните институции ги вложија сите напори и расположливи ресурси за спроведување на планираните постапки за јавна набавка и за навремено и правилно спроведување на проектите кофинансирани од ИПА компонента IV.

Во делот „Вработување", во јули беше одобрена операцијата чија цел е поддршка на мерки за вработување на младите. Во септември/октомври 2015, ресорните министерства извршија приоритизација на проектите што би се финансирале со преостанатите алокации од ИПА компонента IV до завршување на програмата. Оттука, со исклучок на неколку помали операции, главно во делот „Образование", програмирањето на алокациите од ИПА компонента IV може да се смета дека е завршено.

Од програмираните средства во износ од 47,8 мил. евра, 17,6 мил. евра се во делот „Вработување", 13 мил. евра во делот „Образование", 14,1 мил. евра за „Социјално вклучување" и 3,1 мил. евра се „Техничка помош за спроведување на програмата". Вредноста на сите склучени договори за програмираните проекти изнесува 26,8 мил. евра и тоа 12,9 мил. евра во делот „Вработување", 4,9 мил. евра во делот „Образование", 6,2 мил. евра во делот „Социјално вклучување" и 2,8 мил. евра „Техничка помош". Информациите за проектите се презентирани во рамки на соодветните подрачја од ова поглавје, додека состојбата со административните капацитети е прикажана во поглавје 3.22. Регионална политика и координација на структурни инструменти.

Во врска со ИПА програмскиот период по 2014 година (ИПА II) за секторот „Образование, вработување и социјална политика", програмските документи за овој сектор за средствата за 2015/2016 година беа поднесени до Европската комисија во јуни 2015. Програмските документи предвидуваа подобрување на пристапот до квалитетно стручно образование и обука, обезбедување на поголема синергија помеѓу потребите на пазарот на трудот и образовниот систем, како и унапредување на пристапот и инклузивноста на пазарот на трудот. Меѓутоа, Европската комисија извести за одлуката да не се финансира овој сектор со програмите за 2015 и 2016, при што секторот би продолжил да се финансира со програмите од 2017, доколку се исполнат критериумите за секторски пристап во ИПА II (веродостојни и релевантни секторски реформи, ефективно управување со јавните финансии и алокација на ресурси). За таа цел, ресорните министерства предложија проект со план за олеснување на преминот од програмски кон секторски пристап и за зајакнување на капацитетите на националните институции.

Се ратификуваше Спогодбата за учество на Република Македонија во програмата на ЕУ „Вработување и социјални иновации 2014 – 2020"[137], која беше потпишана во Скопје на 30.01.2015 и во Брисел на 30.03.2015[138]. Спогодбата предвидува учество во два столба на програмата: „Прогрес" и „Микро-финансирање и социјално претприемништво", со што ќе се овозможи организациите од Република Македонија да учествуваат на повиците за грантови и други активности на Европската комисија за модернизација на политиките за вработување и социјална заштита.

### *Краткорочни приоритети*

**Политика на вработување**

[137] Employment and Social Innovation - EaSi

[138] Законот за ратификација на спогодбата помеѓу Република Македонија и Европската Унија за учество на Република Македонија во програмата на Европската Унија „Вработување и социјални иновации" беше објавен во „Сл. весник на РМ", бр.125/2015 од 24.07.2015 год.

И во наредниот период ќе продолжи спроведувањето на политиките, мерките и активностите насочени кон понатамошно подобрување на состојбите на пазарот на труд во државата, зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност..

Во текот на годината АВРМ ќе продолжи со спроведувањето на активните мерки и услуги согласно Оперативниот план за 2016 година. Планираниот опфат со Оперативниот план за оваа година е 37,470 невработени лица, за што е определен буџет од 707.451,850 денари (повеќе од 11,5 милиони евра).
Покрај услугите, програмите и мерките од Оперативниот план за 2016 година, ќе продолжи со имплементација и проектот за самовработување со кредитирање, како и проектот „Македонија вработува". Секако дека посебно внимание ќе се посвети на зголемување на вработеноста на младите лица до 29 години.
Исто така, ќе продолжи и имплементацијата на мерките за поддршка на вработувањето кои се финансиски поддржани од ИПА Компонентата 4 (преку проектите „Поддршка на вработувањето на младите, жените и долгорочно невработените" и „Поддршка на вработувањето на младите", т.е. вториот и третиот директен грант на АВРМ).

Во 2016 година планирано е да се воведе нова алатка во работењето на АВРМ наменета за лицата во неповолна положба на пазарот на трудот, со што ќе биде усогласена досегашната пракса за подготовка на индивидуални планови за вработување. Врз основа на интервју со стручно лице од Агенцијата, невработеното лице ќе биде класифицирано, согласно што ќе се изработи соодветен индивидуален план/стратегија за вработување, чија цел е да се обезбеди најсоодветната комбинација од услуги и програми за полесно вработување.
Агенцијата ќе продолжи со организирање на саеми за вработување, со цел да се овозможи и поттикне директно поврзување на работодавачите и невработените лица.

И понатаму ќе продолжи јакнењето на капацитетите на Агенцијата преку спроведување на започнатите проекти за поддршка на АВРМ во спроведување на активни мерки и услуги за вработување, за подобрување на финансиското управување и системот за внатрешна контрола на Агенцијата, за подобрување на условите за работа во Агенцијата преку набавка на мебел и ИТ опрема за потребите на Агенцијата, како и започнатата модернизација и адаптација (реновирање) на локални центри за вработување.

Во рамки на започнатиот стратечки механизам за социјално – економски дијалог, иницирам како заеднички порцес со Европската Комисија се планира подготовка и усвојување на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика (Employment and Social Reform Programme - ESRP). Овој процес вклучува мегуресорска соработка на повеќе институции и постојани консултации и доставување коментари и забелешки по текстот на програмата од страна на надлежниот Генерален директорат на Европската Комисија.

**<u>Европски социјален фонд</u>**
За усогласените проекти од ИПА компонента 4, во претстојниот период ќе се финализираат постапките за јавна набавка. Најголем дел од проектите ќе бидат во фаза на имплементација, а дел ќе завршат со имплементација, поради што ИПА структурата ќе се фокусира на следење на нивната реализација.

Приоритет во 2016 е и воведување на секторски пристап и подготовка на секторска програма „Образование, вработување и социјална политика" во рамки на новиот претпристапен инструмент ИПА II (2014-2020). Имено, се предвидува подготовка на секторска програма со која би се програмирале средствата наменети за поддршка на овој сектор по 2017 година. Со одлука на Европската комисија, програмирањето на ИПА II фондовите во секторот „Образование, вработување и социјална политика" беше одложен се до исполнувањето на условите и препораките на ЕК за т.н. секторски пристап во водењето на политиките во секторот, поради што Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, ќе работат на исполнување на критериумите за секторски пристап, а со тоа и за користење на ИПА II фондовите.
Во првиот квартал на 2016 се очекува да започне проект, финансиран од ИПА компонента 4, кој ќе ги поддржи министерствата во исполнувањето на критериумите во нивна надлежност (развој на релевантен и остварлив секторски акциски план, усогласен со стратегиите за вработување и образование и Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика (ЕСРП); подобрување на институционалната поставеност, лидерство и капацитет; обезбедување на секторска и донаторска координација; воспоставување на рамка на следење на

успешноста на политиките заснована на индикатори за исход и влијание и подготовка на буџетирани акциски планови кои се реалистични и фокусирани на приоритетите).

### *Среднорочни приоритети*

**Политика на вработување**

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во планирањето, креирањето и имплементацијата на политиките за вработување, унапредување на процесот на мониторингот и евалуацијата, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за подобрување на успешноста на политиките за вработување, како и обезбедување на активна вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување

**Европски социјален фонд**

До јуни 2017 ќе заврши спроведувањето на започнатите проекти, а ќе започнат и активности за затворање на оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ и сумирање на постигнатите резултати.

Поефективното и поефикасното искористување на претпристапната помош за спроведување на политики и мерки во областите “Вработување и социјална политика” останува приоритет и во контекст на новиот претпристапен инструмент ИПА II. Ќе продолжат активностите за воведување на секторски пристап во водењето на политиките во секторот и за имплементација на секторската програма (под претпоставка дека програмата ќе биде усвоена од Европската комисија). Еден од предизвиците во овој сектор е да се продолжи и со унапредување на институционалниот капацитет за индиректно управување и апсорпција на претпристапната помош, дури и доколку фондовите се имплементираат преку секторска буџетска поддршка. Затоа, приоритет е оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и постапки.

## 3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ

### *Тековна состојба*

Со учество на релевантните институции и останати субјекти, се подготви Оперативен план за 2015 година за спроведување Националната стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, во кој се утврдени предвидените мерки и активностите за унапредување на состојбата и на квалитетот на услугите наменети за социјално исклучените лица.

Во текот на годината со финансиска поддршка од страна на Министерството за труд и социјална политика, како и преку две грантови шеми во рамки на ИПА Компонентата 4, се имплементираат проекти во областа на социјална заштита и социјална инклузија, подобрување на вештините, нивото на образование и квалификациите на ранливите групи за нивно полесно вклучување на пазарот на трудот, јакнење на секторската соработка во оваа област итн., имплементирани од страна на невладини организации, јавни установи, локални самоуправи.

Во континуитет се реализира Програмата за патролна социјална работа која во текот на 2015 година беше воспоставена во општините Карпош и Кисела Вода, каде со воведувањето на новиот профил на патролен социјален работник се зголемува степенот на пристап до социјалните услуги, а со тоа и социјалната сигурност на граѓаните. Нивната активност е насочена кон непосреден контакт со лицата во ризик, како и кон можноста за изнаоѓање на алтернативни техники и форми на решавање на проблемите и почитување на основните принципи во социјалната работа „од помош до самопомош”.

Со цел зајакнување на системот, услугите и професионалните капацитети за социјална инклузија на лица во социјален ризик и промоција на еднакви можности на пазарот на труд, во јули 2015 година започна имплементација на двогодишниот проект за „Унапредување на услугите за социјално вклучување“, во рамки на ИПА компонентата 4. Во рамки на Проектот е предвидено воспоставување на стандардизирани модели и сервиси за професионална рехабилитација и персонална асистенција на лица со инвалидност заради нивно успешно вклучување на пазарот на труд, размена на искуства, јакнење на капацитетите на стручните лица во оваа област, воспоставување на систем на соработка и размена на податоци помеѓу релевантните институции и мониторингот на социјални услуги во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита.

Согласно воспоставената пракса и динамика, од страна на сите релевантни актери вклучени во процесот на подобрување на состојбата и квалитетот на живот на старите лица беше подготвен и годишен Оперативен план за 2015 година за имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020.

Активностите, согласно Планот, беа насочени кон понатамошно подобрување и унапредување на институционалната и вонинституционалната грижа и заштита, како и на квалитетот на живот на старите лица. Во таа насока во текот на 2015 година отворени се нови Дневни центри за стари лица во четири општини, со што вкупниот број на отворени дневни центри за стари лица во Република Македонија изнесува 12. Како резултат на користењето на мерките за поттикнување на изградба и отворање на нови приватни старски домови воведени од страна на Владата на Република Македонија, комплетно се изградени, опремени и започнати да функционираат нови две приватни установи за социјална заштита на стари лица во Скопје. Досега изградени и отворени се вкупно 17 приватни домови за стари лица, со вкупен капацитет од 534 легла. Во 2015 година отворена е и една дополнителна Јавна установа - дом за стари во Општина Берово, со која вкупниот број на јавни домови за стари лица изнесува пет и кои имаат капацитет за сместување на 624 лица. Во тек се активности за изградба на вакви приватни домови во неколку други општини.

Во оваа област, со цел олеснување на процедурата за основање на приватни установи за социјална заштита на стари лица кои се со помал капацитет на сместување донесен е нов Правилник за нормативи и стандарди за основање на установи за социјална заштита на стари лица[139].

Во рамки на активностите за подобрување на квалитетот на животот на постарата популација, во 2015 година започна имплементација проектот, т.е. услугата "Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија", во рамки на кој 3,000 корисници имаа можност да ја искористат оваа услуга (автобуски превоз и хотелско сместување во траење од 3 дена во туристичките центри). Во континуитет продолжи да се имплементира и програмата за обезбедување на бањско-климатска рекреација за корисници на пензија, при што во текот на 2015 година оваа услуга ја искористиле вкупно 5,214 лица.

Во функција на обезбедување поддршка на лицата со интелектуална попреченост, отворен е Дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години во Скопје, кој како форма на вонинституционална заштита и згрижување на овие лица ќе спроведува програма за унапредување на вештините за самостојно живеење на овие лица.

Во делот на активностите за зајакнување на вонинституционална заштита и обезбедување на соодветна поддршка за семејствата на децата со посебни потреби, проширена е мрежата на дневни центри при што отворени се четири Дневни центри за деца со посебни потреби (о. Кисела Вода, Липково, Валандово, Кочани), Дневен центар за деца со аутизам (Штип), како и Дневен центар за деца со оштетен вид (Велес).

Со соодветна законска измена, зголемен е износот на посебниот додаток за децата со пречки во развојот од материјално необезбедените семејства за 25%, мерка која ја користат 1,030 родители на деца со пречки во развојот.

Со цел овозможување на полесно самостојно движење и инклузија на слепите лица, на почетокот на годината реализиран е и проект за поставување на патеки за слепи лица во централното градско подрачје и во Градскиот парк во Скопје, а за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидитет и овозможување на поттикнувачка средина за нивен правилен раст и развој продолжи со реализација проектот за изградба и поставување на специјализирани инклузивни детски игралишта на територијата на Република Македонија, при што во текот на 2015 година поставени се две нови игралишта (о. Кисела Вода и Битола), со што бројот на вакви игралишта достигна девет.

Со цел да се унапредат можностите за едукација, рекреација и образование на слепите и лицата со оштетен вид, започната е реализација на проектот за снимање на 400 аудио книги за слепите лица, при што во 2015 година снимени се првите 100 книги во аудио формат, кои се достапни бесплатно за лицата со оштетен вид од различна возраст. Исто така, Министерството за труд и социјална политика обезбеди/донираше 30 машини за пишување со Брајово писмо за полесна едукација и образование на децата кои престојуваат во Дневниот центар за деца со оштетен вид и кои учат во Училиштето за деца со оштетен вид.

За обезбедување на услови за рехабилитација и подобрување на социјалниот живот преку заеднички активности со своите врсници, се реализираше проектот за користење бесплатна услуга на рехабилитација и рекреација за деца кои се со пречки во менталниот и телесниот развој на возраст од 6-26 години. Реализацијата на овој проект започна во ноември 2014 година, при што во досегашниот период услугата е искористена од околу 600 деца и нивни придружници.

Донесен е Закон за национална база на податоци за лица со инвалидност[140] со кој се овозможи воспоставување на единствена електронска евиденција, односно национална база, за лицата со инвалидност, како дел од

---

[139] Сл. весник на РМ, бр.25/2015

[140] објавен во „Сл. весник на РМ", бр.143/2015

интегрираниот здравствен информатички систем за обработка, користење и размена на податоци меѓу надлежните органи, со цел воспоставување на единствена евиденција на податоците и остварување на правата по основ на инвалидност. Со овој закон се уредува обработката на податоците во базата, ажурирањето и користењето на податоците од страна на надлежните органи, безбедноста на податоците и надзорот над функционирање на базата.
За подобрување на вклучувањето на пазарот на труд, започна имплементацијата и на Програмата за самовработување на лица со инвалидност, преку која е планирано да бидат опфатени вкупно 360 лица со инвалидност, од кои 120 лица кои ќе креираат сопствен бизнис и дополнителни 240 невработени лица кои ќе се вработат во новоформираните претпријатија. За реализацијата на оваа Програма обезбеден е буџет од околу 59 милиони денари од страна на Владата на Република Македонија, а право на учество имаат сите невработени лица со инвалидност.
Во февруари 2015 година започна имплементација на двогодишниот проект за „Развој на алтернативни услуги за згрижување на децата" (ИПА Компонента 4), кој има за цел да се развијат и промовираат алтернативни облици на згрижување на децата, со што би се поттикнало и олеснило активното вклучување на родителите, а особено мајките на пазарот на трудот. Со Проектот е предвидено да се реализираат повеќе активности, меѓу кои спроведување на анализа (анкета) за побарувачката на услуги за згрижување на деца, развој и воведување на пофлексибилни, подостапни и квалитетни услуги за згрижување на деца за да се овозможи подобро балансирање на работата и семејниот живот, а се предвидува и пилотирање на дел од предложените форми за згрижување, преку формирање на најмалку 20 центри за згрижување на деца. Во рамки на проектот ќе се поттикнат и работодавачите да ги поддржат своите вработени во комбинирање на работата и семејниот живот. Во досегашната имплементација подготвени се анализи и извештаи за постоечката легислатива, во тек се подготовките за спроведување на теренско истражување за идентификување на можностите за подобрување на моменталниот систем на услуги и идентификување на побарувачката за дополнителен, нов вид на услуги за згрижување на деца, изработени се нацрт минимални стандарди и критериуми за квалитетно згрижување и давање услуги во семејните дневни центри, разработени се модули за обука на физички лица кои чуваат деца во домашни услови и др.
Во текот на годината интензивно продолжија да се спроведуваат и активностите за отворање на нови објекти и преадаптација на простории од основни училишта во детски градинки/центри за ран детски развој во руралните средини, со цел да се зголеми опфатот, згрижувањето, едукацијата и социјализацијата на најмладата популација од овие области. Само во текот на 2015 година отворени се и започнале со работа нови 24 јавни детски градинки и центри за ран детски развој во руралните општини во државата, а активностите за изградба и опремување на детски градинки во руралните средини и понатаму продолжуваат.
Во рамки на проектот „Користење бесплатна услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца - корисници на посебен додаток", вклучени беа 3,000 деца во текот на 2015 година (2,000 деца за користење на бесплатен летен одмор и 1,000 за зимски одмор). Проектот за бесплатен летен и зимски одмор за децата од семејствата во социјален ризик се реализира од 2012 година и досега оваа поволност ја имаат искористено 11,000 деца од семејства во социјален ризик.
Во овој период продолжи и спроведувањето на Програмата за вработување на лица кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа во државната и јавната администрација (Програма Д10), која се реализира од 2013 година, при што во текот на 2015 година беа вработени 60 лица од оваа ранлива категорија.
Со цел унапредување на системот на заштита на жртви на семејно насилство, сензибилизирање на општата и стручната јавност, како и подигнување на нивото на одговорноста за итно и ефикасно делување на службените лица и институциите за спречување на семејното насилство, во изминатиот период реализирани се и поголем број на активности за обезбедување на успешна и ефикасна имплементација на донесениот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, како организирање на неколку регионални средби на локално ниво со претставници од локалната самоуправа, релевантните институции и невладиниот сектор кои работат на семејно насилство во локалната заедница, одржување на повеќе регионални обуки за стручните тимови, изготвување на неколку подзаконски акти за спроведување и следење на мерките на заштита од семејно насилство итн. Донесен е и Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство[141].
Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму се продолжи со имплементација бројни активности во сите области и во согласност со Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. Продолжи имплементација на програмите

[141] Сл. весник на РМ, бр.143/2015

за ромски здравствени медијатори и за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование, проектот за вклучување на децата–Роми во предучилишно образование за учебната 2014/2015 (со опфат од 590 деца) и 2015/16 година (650 деца-Роми), поддршката на функционирањето на воспоставените Ромски информативни центри на територијата на државата. Продолжија и активностите за обезбедување на поддршка за вработување на Роми како целна група во активните програми и мерки за вработување кои се спроведуваа во текот на годината, како и активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги.

Во текот на февруари 2015 година се одржа Национална конференција на тема "Здравствените права на Ромите во Република Македонија" на која присуствуваа претставници на релевантни институции и организации, како и на невладиниот сектор и беше се дискутирано за комплексноста и различните аспекти на проблемите кои се рефлектираат на здравјето на Ромската заедница, за неопходните политики, програми и мерки за надминувањето на овие проблеми, вклучително и програми за превентивна здравствена заштита насочени особено кон оваа специфична ранлива категорија на население.

Одржана е и Меѓународна конференција за унапредување на правата на жената-Ромка, на која се дискутираше за моменталната состојба и остварениот напредок во однос на положбата на ромската жена и девојка, јакнење на нејзината економска положба, интеграција во образовниот процес и во општеството, справување со проблемите на дискриминација, родовото насилство, раните и присилни бракови.

Со поддршка обезбедена од страна на УНДП, креиран и ставен во употреба е Ромски информативен портал (www.romainfo.mk), на кој може да се најдат повеќе информации од различни области за афирмација, помош и поддршка на Ромите.

Во текот на годината реализирани се и повеќе обуки и работилници за различни прашања поврзани со обезбедување на поддршка и социјално вклучување на Ромите во Република Македонија.

### *Краткорочни приоритети*

Во 2016 година ќе продолжи спроведувањето на активности за подобрување на состојбите во делот на социјалната вклученост и борбата против сиромаштијата, при што приоритет ќе претставува континуираната практична реализација на целите кои се зацртани во усвоените стратешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, Националната стратегија за стари лица, Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност итн.

Имплементацијата на Ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 ќе продолжи преку изготвување на годишниот Оперативен план за 2016 година, по што ќе се започне со негова реализација од страна на релевантните институции.

Во рамки на активностите за поддршка на проекти од областа на социјалната инклузија, подобрување на вештините, нивото на образование, квалификациите на ранливите групи за нивно полесно вклучување на пазарот на трудот, имплементирани од страна на невладини организации, јавни установи, локални самоуправи, ќе продолжи реализацијата на двете грантови шеми преку ИПА Компонентата 4, а исто така и во наредниот период, Министерството ќе продолжи со воспоставената пракса на обезбедување финансиска поддршка на граѓанските организации за реализација на проекти од областа на социјалната заштита и инклузија.

Ќе се обезбеди поддршка на социјалното претприемништво во Република Македонија преку проектот „Поттикнување на социјалното претприемништво", (ИПА Компонента 4), кој ќе се имплементира во период од 18 месеци. Со проектот, кој ќе започне на почетокот на годината, се планира да се унапредат условите за социјално претприемништво во државата, а особено воспоставувањето разни видови на поддршка на социјалните претпријатија што ги таргетираат лицата во неповолна положба.

Во текот на годината ќе продолжи спроведувањето на отпочнатата акција „Се грижиме за топол дом" со која се обезбедува помош и поддршка на социјално загрозените семејства, преку донации за задоволување на основните потреби на овие граѓани од покуќнина, мебел, бела техника, електрични апарати, апарати за домаќинство, опрема за деца, велосипеди и друго.

Продолжува и имплементацијата на двегодишниот Проект за „Развој на алтернативни услуги за згрижување на децата" (ИПА Компонента 4), кој започна во февруари 2015 година и чија цел е да обезбеди промовирање на женското претприемништво во областа на грижата за децата и поттикнување на побарувачката и користењето на

алтернативната грижа за децата. Во рамки на истиот планирано е да се разработат и промовираат алтернативни облици на згрижување на децата за активно вклучување на родителите, особено мајките, на пазарот на трудот.

Со цел да се зголеми опфатот, згрижувањето, едукацијата и социјализацијата на најмладата популација од руралните средини, ќе продолжат активностите за отворање на нови објекти и за преадаптација на простории од основни училишта во детски градинки во рурални средини, а исто така продолжува и реализацијата на проектот бесплатен автобуски превоз за учениците од рурални средини од основно и средно образование. Ќе продолжи да се спроведува и услугата за бесплатен летен и зимски одмор за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, како и обезбедувањето на поволности и спроведувањето на мерки за поттикнување на изградба и отворање на приватни детски градинки во Република Македонија.
Со цел овозможување на еднакви можности и социјална вклученост на децата без родители и родителска грижа, продолжуваат активностите во насока на обезбедување на поволности за подобрување на нивната состојба (целосно или делумно ослободување од плаќање на голем број на услуги за децата без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст и за полнолетните лица кои го имале статусот на дете без родители и родителска грижа).
Во насока на обезбедување на социјално вклучување и правилен развој на децата со попреченост, продолжува реализацијата на проектот за користење бесплатна услуга на рехабилитација и рекреација за деца со пречки во менталниот и телесниот развој на возраст од 6 до 26 години, Планирано е интензивно да се реализира и иницијативата за изградба на специјализирани инклузивни детски игралишта на територијата на Република Македонија за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидитет и овозможување на поттикнувачка средина за правилен раст и развој.

Во текот на наредната година планирано е подигнување на грижата за лицата со пречки во развојот и проширување на мрежата на центри за вонинституционална заштита на овие лица, преку отворање на четири дополнителни дневни центри за деца со попреченост. Во насока на успешна реализација на процесот на деинституционализација во системот за социјална заштита во Република Македонија, ќе продолжи обезбедувањето на одржливост на воспоставените служби за домување, а планирано е и проширување на мрежата на станбени единици за самостојно живеење со поддршка за лица со попреченост во интелектуален развој над 18 години. Исто така, планирано е да продолжи и процесот на деинституционализација на децата без родителска грижа, сместени во Детскиот дом „11 Октомври“ во Скопје, преку алтернативни форми на вонинституционална заштита најблиски до семејното опкружување.

Во текот на следната година ќе се работи на подготовка и реализација на Оперативен план за 2016 година за имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, како и проширување на мрежата на дневни центри за оваа категорија на граѓани, со отворање на нови дневни центри за стари лица во три општини, како и Јавна установа за социјална заштита на стари лица во Град Скопје. Ќе продолжи и обезбедувањето на поволности и спроведувањето на мерки за поттикнување на инвестиции, т.е. изградба и отворање на домови за стари лица и нивна промоција.
Во насока на превенција од социјално исклучување ќе се продолжи со обезбедување на услугата за бесплатна бањско-климатска рекреација за пензионери.

Продолжуваат активностите во насока на унапредување на системот на заштита на жртви на семејно насилство и обезбедување на успешна и ефикасна имплементација на донесениот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, преку организирање на обуки за стручните лица во Центрите за социјална работа за работа со жртви на семејно насилство, како и изготвување на нова Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство за периодот од 2016 до 2020 година.
Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи имплементацијата на бројни активности за олеснување на нивната социјална инклузија во различните области. Продолжуваат активностите во рамки на проектот за инклузија на деца Роми во предучилишното образование, кој се спроведува во соработка со Ромскиот едукативен фонд, општините и јавните претшколски установи, како и Програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми од прва до четврта година средно образование, мерките за поддршка за вработување на Ромите, како целна група согласно Оперативен план за активни програми и мерки за вработување, како и програмата за ромски здравствени медијатори и поддршката на функционирањето на

воспоставените Ромски информативни центри на територијата на Република Македонија. Исто така продолжува реализацијата на активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги.

***Среднорочни приоритети***
Ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон подобрување на состојбите во Република Македонија во делот на борбата против сиромаштијата и социјалната инклузија, преку континуираната и доследна реализација на целите зацртани во релевантните стратешки документи во областа.
Ќе се реализираат активности за поддршка и унапредување на условите за социјално претприемништво (вклучително и правната рамка) и воспоставувањето разни видови на поддршка на социјалните претпријатија што ги таргетираат лицата во неповолна положба.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е проширување на мрежата Дневни центри за оваа категорија на деца, додека во насока на имплементација на стратегијата за деинситуционализација, ќе продолжи обезбедувањето на одржливост на постоечките служби за домување со поддршка во заедницата за лица со попреченост во интелектуалниот развој, како и проширување на мрежата на станбени единици.
Планирано е понатамошно унапредување на психосоцијалната поддршка на ранливите групи пред влезот на пазарот на трудот, со што ќе се зголемат капацитетите и можностите за вработување на оваа целна група, но и ќе се промени пристапот во оценувањето на работните способности на ранливите групи, по принципот на фокусирање и утврдување на работите и задачите кои лицето може да ги извршува, а не на недостатоците и на она што не може.

Согласно ревидираната Национална Стратегија за Ромите и соодветните акциски планови, ќе продолжи имплементацијата на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија.

## 3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

***Тековна состојба***
Во текот на годината подготвени и усвоени се неколку измени и дополнувања на Законот за социјална заштита во насока на подобрување на социјалната сигурност и интеграција на ранливите групи[142]. Со овие измени извршено е подобрување на условите за згрижување во згрижувачко семејство преку зголемување на висината на надоместокот за трошоците за сместеното лице и надоместокот за згрижување за 25%, сметано од јуни 2015. Уредено е рефундирање на средства платени како царински давачки, ДДВ и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со инвалидност. Од јули 2015 година извршено е зголемување на висината на социјална парична помош и постојаната парична помош за 10%, а од јули 2016 година утврдено е зголемување на висината на овие права за дополнителни 5%. Исто така, се овозможи и електронско поврзување на центрите за социјална работа со Агенцијата за катастар на недвижности за размена на податоци и олеснување на увидот во имотната состојба на корисниците.
Донесени се и неколку подзаконски акти (правилници): за самостојното живеење со поддршка за децата без родители и родителска грижа[143], за подобрување на институционалната грижа за старите лица[144], за воведување на стандарди за исхрана на корисниците на институционална социјална заштита[145], за постапката и условите за работа на установите за социјална заштита[146].
Продолжи и имплементацијата на мерките за дополнителна помош и поддршка на ранливите групи, преку донесувањето и спроведувањето на соодветните програми: Програма Д-10 за 2015 година за вработување на лица

[142] објавени во „Сл. весник на РМ“ ,бр.33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015
[143] Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица („Сл. весник на РМ“, бр.80/2015)
[144] Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица („Сл. весник на РМ“, бр.125/2015)
[145] Правилник за нормативите за целодневна исхрана на корисниците во установите за институционална социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр.87/2015)
[146] Правилник за начинот, потребната документација и обрасците на барањата во постапката за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на установа за социјална заштита, впишување на здружението во регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита и издавање на дозвола за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност од физичко лице („Сл. весник на РМ“, бр. 6/2015)

кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и родителска грижа[147], Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2015/2016 година[148] и Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2015 година[149].

На почетокот на годината беше усвоен Оперативниот план за 2015 година за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, согласно кој мерките и активностите во текот на годината се насочени кон остварување на приоритетите во делот на зајакнување на капацитетите на установите за социјална заштита, зајакнување на превенцијата, поефективно вклучување на општините во остварување на социјалната заштита за ранливите групи во заедницата, зајакнување на меѓусекторската соработка, подобрување на услугите во установите за социјална заштита за институционална заштита, вонинституционалната заштита, како и развивање на нови форми и услуги во заедницата.

Во согласност со Програмата за континуирана едукација на стручните работници, донесена од Заводот за социјални дејности, се спроведуваше и процесот на континуиран професионален развој на стручните лица во установите за социјална заштита, преку реализирање на планирани обуки и работилници, обуки на работно место и координативни средби со стручните лица (со обуки беа опфатени околу 700 стручни лица) Исто така, континуирано се спроведува и процесот на лиценцирање на стручните лица во установите за социјална заштита, при што во рамките на овој процес во досегашниот период со лиценци за работа се стекнаа вкупно 845 стручни лица.

Во текот на годината се спроведуваше и проектот “Отворени денови за социјална заштита”, при што се реализираа посети во 723 населени места во 74 општини и непосредно беа посетени повеќе од 5,500 семејства-корисници на социјална парична помош и семејства во социјален ризик.

Во делот на пензискиот систем, во текот на 2015 година се работеше на имплементација на законските решенија во делот на подобрување на услугите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до осигурениците. Имено, во мај 2015 година започнаа да се применуваат измените и дополнувањата на Законот за пензиското и инвалидското осигурување[150], а кои се однесуваат на можноста за електронски пристап до податоци за стаж и плати, при што секој осигуреник преку лозинка има пристап до податоците кои ги води Фондот на ПИОМ, а кои се однесуваат за текот на осигурувањето, часовите на работа, платите и др.

Исто така, во октомври 2015 година започна да се применува електронското поднесување на барање за остварување право на старосна и семејна пензија.

### *Краткорочни приоритети*

Ќе се продолжи со спроведување на мерките за поддршка на најзагрозените категории на корисници во намалувањето на трошоците за потрошена енергија за домаќинството, преку донесување на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2016 година, при што се планира покачување на износот на субвенциите од 800 на 900 денари. Исто така, ќе продолжи и обезбедувањето на дополнителната поддршка за редовно средно образование на децата од домаќинства на корисниците на социјална парична помош, преку Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2016/2017 година.

Во претстојниот период ќе се продолжи реализацијата на започнатите активности за подобрување на условите за работа и давањето на услуги во Центрите за социјална работа и дневните центри во Република Македонија, преку нивно реновирање, модернизација и адаптација, како и набавка на неопходна опрема (ИТ опрема, канцелариски мебел и возила).

Продолжува јакнењето на капацитетите на стручните работници во системот на социјална заштита согласно Програмата за континуирана едукација за 2016 година. Континуирано ќе се спроведува и мониторинг на работата, квалитетот на услугите согласно утврдените стандарди и постапки за работа, како и примената на стручното знаење во праксата и почитувањето на одредбите од Кодексот на стручните работници во системот на социјална заштита.

### *Среднорочни приоритети*

[147] Сл. весник на РМ, бр.16/2015
[148] Сл. весник на РМ, бр.143/2015
[149] Сл. весник на РМ, бр.194/2014
[150] донесени во јули 2014 година („Сл. весник на РМ“ бр.113/2014)

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година ќе се координира и следи преку годишните оперативни планови донесени од страна на Координативното тело за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита.
Системот за социјална заштита и понатаму ќе се насочи кон развој на социјалните услуги, согласно потребите на ранливите групи во заедницата, преку координирање на капацитетите и ресурсите во локалната заедница, воспоставување на соработка помеѓу сите даватели на социјални услуги, поттикнување на приватната иницијатива и поддршка на невладиниот сектор.

## 3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

***Тековна состојба***

Во согласност со предвидената динамика, подготвени беа оперативните програми за 2015 за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на чие имплементирање се работеше во текот на годината. Со Оперативната програма за родова еднаквост се опфатени областите вработување, економско јакнење, здравство, човекови права, социјална заштита, трговија со луѓе и родовата еднаквост во медиумските содржини, а со Оперативната програма за родово одговорно буџетирање и оваа година се следеше континуитетот во внесувањето на родовата перспектива во политиките и буџетските програми на органите на државната управа, при што од оваа година овој процес започна да се спроведува и на локално ниво.
Согласно измените и дополнувањата на Законот за еднакви можности на жените и мажите, изготвени се подзаконски акти (4 правилници)[151], со кои се регулира формата и содржината на извештаите за применетите мерки за воспоставување на еднаквите можности, за работата на координаторите за еднакви можности во локалната самоуправа и во органите на државна управа, како и правилник за анализа на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.
Согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, подготвен е годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, разгледан од страна на Владата и Собранието, во кој е даден преглед на реализираните активности во 2014 година, согласно оперативниот план за имплементација на Стратегијата.
Во мај 2015 година започна имплементацијата на твининг-проектот „Поддршка на имплементацијата на родовата еднаквост“, со времетраење од 18 месеци кој се финансира во рамки на ИПА компонента 1. Проектните активности се насочени кон зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни од областа на родовата рамноправност, како клучна за човековите права и фундаменталните слободи, како и кон зголемување на ефективноста и подготвеноста на државата во оваа област, во рамки на подготовките за пристапување кон ЕУ. Меѓу другото, се реализираат активности на анализа на националното законодавство од областа на родовата еднаквост, обезбедување на препораки за потребни измени на постојното законодавство и усогласување со законодавството на ЕУ.
Во текот на 2015 година се спроведе и процес на евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2012-2015 во кој беа вклучени повеќе релевантни институции, социјални партнери, граѓански здруженија и меѓународни организации кои имаат надлежности во спроведувањето на Стратегијата. Информациите и наодите од евалуацијата се искористија и како појдовна основа за отпочнување на изготвувањето на новата Стратегија за еднаквост и недискриминација, која ќе го опфати периодот од 2016 до 2020 година. Новата стратегија е подготвена од страна на формираната посебна работна група во која учествуваат сите релевантни институции и останати субјекти.
Во текот на годината се подготвуваше Анализа на дискриминациските пракси во пристапот до добра и услуги во повеќе области (во делот на домување, финансиски услуги, образование, здравство и социјална заштита), а се подготви и посебна информација за досегашната примена на Законот за спречување и заштита од дискриминација, разгледана и усвоена од страна на владата.
Во текот на изминатиот период се организираа и се одржаа повеќе промотивни настани, координативни состаноци, конференции и работилници за прашања поврзани со еднаквите можности и антидискриминацијата, меѓу кои за состојбата со родовата еднаквост во Република Македонија, за институционалните механизми за промовирање на еднаквите можности помеѓу жените и мажите, како и правната рамка за еднакви можности, потребата и начините за обезбедување ефективни механизми за спречување и заштита од дискриминација, меѓународна конференција за унапредување на правата на жените-Роми итн.
Во функција на адресирање на проблемот со презастапеноста на ромските деца во специјалните училишта, во изминатиот период, на иницијатива на МТСП, беше формирана Комисија за ревизија на медицинската

[151] Објавени во „Сл. весник на РМ“, бр.46/2015 и 125/2015

документација во специјалните училишта во Република Македонија. Комисијата е составена од трите надлежни министерства - МТСП, МОН и Министерство за здравство (МЗ) како и стручен тим од лекари. Комисијата која започна со работа од октомври 2014 година, ги посети и изврши непосреден увид во документацијата и состојбата во сите основни и средни специјални училишта во државата, како би се утврдила фактичката состојба на децата-Роми запишани во училишта за деца со посебни потреби. Врз основа на податоците и утврдените состојби се подготви детална информација со целосен извештај од извршените посети, која содржи и статистички податоци за застапеноста на децата Роми во специјалните училишта, проблеми кои се детектирани на терен и конкретни предлози и препораки за надминување на утврдените недостатоци. Во јули 2015 година оваа Информација беше разгледана и усвоена и од страна на ВРМ, по што се отпочна со реализацијата на конкретни предвидени мерки и активности кои имаат за цел да обезбедат подобрување на состојбите и надминување на евидентираните слабости и недостатоци во овој дел. Реализирани се подготвителни активности за отпочнување на рекатегоризацијата на децата-Роми сместени во специјалните училишта, формирани се стручни тимови и изготвен е план за рекатегоризација. Процесот на рекатегоризација е отпочнат во ноември 2015 година.

**Комисија за заштита од дискриминација (КЗД)**

Во текот на 2015 година до КЗД се доставени вкупно 64 претставки по различни основи на дискриминација и по согледувањето на фактичката состојба се утврди постоење на директна дискриминација во три случаи за кои Комисијата даде препораки за начините на отстранувањето на дискриминациското дејствие.

Реализирани беа повеќе активности за промовирање на работата на Комисијата, за подобрување на соработката со други субјекти и за јакнење на нејзините капацитети. Се реализираа работни средби и воспоставување на соработка со синдикати, со студенти од неколку факултети, со претставници на граѓански здруженија, за прашања поврзани со заштита од дискриминација и промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација. Комесари учествуваа на студиски посети во Виена,Австрија за размена на искуства и добри практики во однос на прашања за дискриминација по основ на пол и род, хендикеп и етничка припадност - Роми, како и за начините за подобрување на ефикасноста во справувањето со појавата на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и прекршување на правата на припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Во соработка со претставници од граѓанскиот сектор, претставници од Комисијата учествуваа во реализација на повеќе активности поврзани со справувањето на појавата на дискриминација по основ на сексуална ориентација, се подготви и усвои внатрешен протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, се реализираа соодветни обуки за јавно говорење и комуникација со медиуми, а во ноември 2015 се започна спроведување на кампања за зголемување на свесноста за правата на ЛГБТИ лицата со порака за нивно прифаќање и отстранување на негативната слика и намалување на предрасудите и стереотипите спрема тие граѓани.

Во текот на годината, КЗД одржа отворени денови во осум градови низ државата, преку кои се овозможи непосреден контакт на граѓаните и институциите на локално ниво со комесар за прашања поврзани со дискриминацијата и со работата на Комисијата, а се даде и можност за непосредно поднесување на претставки до КЗД.

### *Краткорочни приоритети*

Се планира Изработка на нова Стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020.

Во текот на годината ќе се спроведуваат активностите во насока на имплементација на Стратегиите за родова еднаквост и за родово одговорно буџетирање. Ќе се подготват годишните оперативни планови за 2016 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и за спроведување на Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017, по што ќе се пристапи кон нивно практично спроведување.

Ќе продолжат активностите насочени кон воведување на родовиот концепт во буџетските политики на локалната самоуправа, при што ќе се изготват анализи на буџетски програми во одреден број на селектирани општини, кои ќе треба да допринесат кон идно внесување на родовата перспектива во буџетите на локалната самоуправа и да се добијат родово-сензитивни буџети/буџетски програми.

Се планира и продолжување на реализацијата на информативни средби со единиците на локална самоуправа и Комисиите за еднакви можности на локално ниво за унапредување на соработката и размена на предлози и иницијативи за активности во делот на еднаквите можности и недискриминација, како и реализација на активности за зајакнување на капацитетите и за подигнување на свеста за прашања од областа на родовата еднаквост, родовото одговорно буџетирање и за концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација.

До крајот на годината ќе продолжи имплементацијата на активностите предвидени во твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на родовата еднаквост“ кофинансиран во рамки на ИПА Компонента 1. Во рамки на проектот ќе се реализираат бројни активности за јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во делот на родовата рамноправност, спроведување на анализа на националното законодавство во оваа област и поддршка за негово усогласување со законодавството на ЕУ, поддршка за практичното спроведување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, организирање на бројни обуки за различни прашања поврзани со родовата еднаквост, а ќе се обезбеди и поддршка за следење на родовата еднаквост во проектите и програмите со воведување и примена на родови маркери (G-marker).

На почетокот на 2016 година ќе започне и имплементација на твининг лајт-проектот „Поддршка на превенција и заштита од дискриминација“ (ИПА Компонента 1), преку кој ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите на повеќе релевантни институции (МТСП, МВР, Министерство за правда (МП), КЗД и други), преку обуки за превенција и заштита од дискриминација и справување во дискриминациски случаи. Ќе се спроведе анализа на механизмите за справување со дискриминација со препораки за подобрување на националните политики, законодавство и практика во оваа област, а ќе се воспостави ефективен и одржлив механизам и постапки за меѓуинституционална соработка и соработка со граѓанските организации. Ќе се реализираат и активности за јакнење на свеста за превенција и заштита од дискриминација.

КЗД, поради поголема ефикасност на локално ниво, ќе продолжи со организирање на работилници/отворени денови со единиците на локалната самоуправа, преку кои на граѓаните и институциите на локално ниво ќе им се овозможи непосреден контакт со претставник на Комисијата и директно запознавање со прашања поврзани со концептот на анти-дискриминација и работата на Комисијата.
Во соработка со мисијата на ОБСЕ, ќе продолжи спроведувањето на активности за јакнење на капацитетите на Комисијата и продлабочување на соработката со останати субјекти во делот на спречување и заштита од дискриминација.

***Среднорочни приоритети***

Континуирано ќе се спроведуваат активности во согласност со стратешките документи и оперативни планови од областа на еднаквост и недискриминација и родова рамноправност, во насока на понатамошно јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност и заштита и спречување на дискриминација.
КЗД ќе продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за недискриминација и понатамошно зајакнување на соработката со здруженијата на граѓани за реализирање на активности за подигање на свеста за принципите на недискриминација и еднаквост, како и соработката во универзитетите во Република Македонија за организирање на заеднички активности, обуки, дискусии во областа на дискриминација.

# 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Во областа на претпријатијата и индустриската политика, земјата е **умерено подготвена.** Постигнат е **одреден напредок**, особено во делот на Фондот за иновации и технолошки развој, кој започна со работа. Во наредната година, земјата треба особено:

- да продолжи да ја прилагодува правната рамка и да преземе мерки за да се олесни пристапот на МСП до финансии.

***Резиме***

*Политиката на претпријатија во земјата се реализира преку: подобрување на деловната клима и дијалогот со бизнис заедницата за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери со понатамошна имплементација на регулаторната гилотина и РИА, водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентна економија базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништво, кластеринг и извозна ориентација.*

*Од аспект на подобар пристап до финансии значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој, можностите кои се нудат преку Програмите на Заедницата, КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020, регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан", а од неодамна во Скопје е отворена канцеларијата на Регионалниот фонд за иновации ENIF.*

*Од 2016 година се очекува да отпочне реализација на ИПА Проектно фише за Развој на приватниот сектор и ИПА 2 за 2016 преку кои ќе се поддржи зголемување на бројот на мерки кои се нудат за поддршка на бизнисот.*

*Со носењето на новата Стратегија за развој на МСП по угледот на Актот за мали бизниси и Стратегијата за конкурентност, се очекуваат нови иницијативи и мерки за поддршка на развојот на секторот претпријатија.*

## 3.20.1. ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

За намалување на бирократските процедури и олеснување на водењето бизнис, како и за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис, се продолжи со Регулаторната реформа преку реализација на Регулаторната гилотина - мерките од втора, трета и четврта фаза („Предност на Малите") и проектот „Регулаторна гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците на занаетчиите" како и спроведување на Проценката на влијанието на регулативата (ПВР-РИА), како интегрален дел во процесот на подготовка на закони.

Единствниот национален електронски регистар на прописи www.ener.gov.mk – ЕНЕР бележи тренд на раст во бројот на посети на овој портал, каде покрај постојните прописи во Република Македонија се содржат и предлог-законите на министерствата во фаза на подготовка, извештаите од спроведените ПВР, а овозможено е да се достават коментари и предлози директно до надлежните институции во врска со предлог-регулативата.

Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) продолжи со активностите за ефикасен трипартитен дијалог. Пакет мерките за подобрување на конкурентноста со акциски план, кои се усвоени од Владата на 31.03.2015 година се развиени во соработка со НСПК.

Други форми на дијалог со бизнис заедницата се конференции, трибини и директна посета на фирми преку проектот „Учиме од бизнис заедницата". Во рамки на овој проект, кој ќе отпочне по петти пат, се реализираат директни посети на фирми од страна на стручни владини тимови за собирање на иницијативи и предлози директно од бизнис заедницата за подобрување на деловната клима и конкурентноста.

Преку порталот КОНКУРЕНТНОСТ.МК редовно се известува бизнис заедницата за сите активности и мерки за поттикнување на конкурентноста.

Политиките за претпријатија се претставени преку повеќе стратешки документи, пакет мерки и акциски планови: Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 година, Стратегија за развој на занаетчиството 2011-2020 година, Стратегија за иновации, Пакет мерки за подобрување на конкурентноста, мерки за поддршка на кластерско здружување и слично.

Сите документи се во согласност со Стратегијата ЕУ 2020, Стратегијата за ЈИЕ 2020, ЕУ Актот за мали бизниси и други соодветни регионални иницијативи.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Клучни процеси за подобрување на деловната клима се регулаторните реформи со спроведување на мерките од Регулаторна гилотина – фаза 4 „Предност за малите".Со ова се поедноставени постапките за добивање документи за услуги од државните и јавните институции, скратени се роковите за добивање дозволи за изградба на производствени капацитети во некои области на индустријата, процесот е зајакнат и проширен со вклучување на други институции, се водат информативни кампањи во областа на земјоделството и користење на ИПАРД. Дел од мерките ќе влијаат на јавниот здравствен систем и ќе се обезбеди единствен ценовник за задолжителни систематски здравствени прегледи на вработените. Исто така ќе се поедностават прописите за идентификување на проблемите со кои се соочуваат занаетчиите и ќе им се намалат трошоците. Проценката на влијанието на регулативата преставува (ПВР) преставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. Министерството за информатичко општество и администрација како надлежно министерство за управување на процесот на регулатона реформа редовно ја информира Владата на Република Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за Проценка на влијание на регулативата и Методологија за оценка на спроведување на регулативата. Се врши редовна проверка на сите предлог закони кои се доставуваат во Владина процедура за разгледување, за тоа дали се објавуваат на Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Единствениот национален електронски регистар на прописи -ЕНЕР постојано се надградува и усовршува така, една од најголемите придобивки од новините на ЕНЕР е неговата интеграција со системот за е-влада, со што ќе се спречи доставување на предлози на закони за разгледување во владина процедура, ако претходно текстот на нацрт-закон не е објавена на ЕНЕР.

Во наредниот период МИОА ќе ги продолжи активностите за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата и непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

НСПК ќе продолжи со развој на ефикасен трипартитен дијалог помеѓу бизнис заедницата, академската заедница и владата во процесот на креирање и спроведување на политики. Во 2015 година НСПК врз основа на анализа на конкурентноста и во тесна соработка со бизнис заедницата подготви нов пакет мерки за подобрување на глобалната конкурентност т.н. „Мастер план за конкурентност на РМ", кој беше доставен и усвоен од страна на Владата на Република Македонија. Мастер планот има 32 мерки во повеќе клучни области.

Краткорочен приоритет за поттикнување на конкурентноста е имплементација на донесените стратешки документи кои ги потврдуваат начелата за создавање на поволна деловна клима и конкурентна економија: Индустриска политика на РМ 2009-2020, Стратегија за развој на занаетчиството 2011-2020, Стратегија за иновации, мерки за поддршка на кластерско здружување, мерки од Мастер план за конкурентност и слично.

Од аспект на поддршката на малите и средни претпријатија од посебно значење е подготовка на нова стратегија за развој на МСП која треба да се базира на Актот за мали бизниси, како и посебна Стратегија за женско претприемништво. Исто така, од посебно значење е анализа на состојбите и предлагање нови иницијативи и мерки за обезбедување подобар пристап до финансии, преку проширување на мерките на МБПР, изработка на законска регулатива за бизнис ангели и развој на концептот за финансирање преку бизнис ангели, искористување и проширување на можностите кои ги нуди Фондот за иновации и технолошки развој за пристап до финансии за иновации и трансфер на технологии, промоција и искористување на можностите кои ги нудат регионални фондови кои произлегуваат од платформата WBIF и европски проекти COSME и HORIZON 2020.

Со подготовка на Стратегија за конкурентност, како чадор стратегија, со предлог мерки во седум области и со донесувањето на Секторски плански документ за ИПА 2 за конкурентност и иновации, кои ќе бидат усвоени во 2016 година, се овозможува поголем фокус во сеопфатна институционална и директна поддршката на развојот и конкурентноста на секторот претпријатија.

Исто така, во 2016 година се очекува да отпочне проектот финансиран од ИПА за Развој на приватен сектор, кој ќе обезбеди имплементација на мерки за подобрување на деловната клима и поддршка на конкурентноста.

За подобрена информираност на фирмите континуирано ќе се користат разни портали како КОНКУРЕНТНОСТ.МК, порталот на Enterprise Europe Network www.een.mk, како и други веб страници на релевантни институции.

За следење на конкурентноста на македонската економија континуирано се следат рангирањата на РМ во извештаите на Светскиот Економски Форум – Глобален индекс на конкурентноста, Дуинг бизнис, Глобалниот иновациски индекс, Индексот на политики за МСП, Иновациската матрица на ЕУ и други меѓународни публикации.

**Институционална рамка**

Клучни институции во креирање и имплементација на политиките за претпријатија и индустриска политика се КЗПВРМ, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и повеќе деловни и регионални центри. Мерките се имплементираат преку програми и проекти финансирани од Буџет или ИПА и донатори („Проект за развој на вештини и поддршка на иновации" поддржан од Светска Банка).

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

На среден рок ќе се работи на понатамошно подобрување на деловната клима, продолжување на дијалогот со бизнис заедницата, развој и спроведување на стратешките развојни документи за поттикнување на конкурентноста и спроведување на структурните реформи, зајакнување на институционалниот капацитет, како и ефикасно користење на ИПА средства.

Главни документи кои ќе ги креираат мерките за поддршка ќе произлезат од Стратегијата за конкурентност, Индустриската политика, Стратегија за развој на мали и средни претпријатија и Стратегијата за иновации.

Продолжуваат активностите за воспоставување Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори кој ќе овозможи сите потребни лиценци и дозволи за започнување и водење бизнис да се обезбедуваат од едно место. Воспоставувањето на системот ќе се одвива фазно, на почеток системот ќе биде спроведен во институциите кои издаваат најголем број дозволи и лиценци по однос на бизнис- заедницата.

Македонија ќе продолжи да биде активно вклучена во регионалните иницијативи кои произлегуваат од имплементацијата на Стратегијата за ЈИЕ 2020, а се поврзани со трите водечки иницијативи и тоа: 1. Вештини и мобилност, 2. Поврзаност и пред се иницијатвата 3. Конкурентност. Во рамки на иницијативата за конкурентност ќе произлезат повеќе регионални активности и проекти за поврзување на приватниот сектор од регионот, формирање регионални кластери, искористување и надградба на индустриската база, промоција и поддршка на иновации, зголемување на учеството во меѓународната трговија, промоција на инвестициите, трговијата и елиминирање на трговските бариери, заедничка промоција и развивање на брендови, подобрување на политиките за создавање и раст на МСП, подобрување на условите за инвестирање, поддршка на стратешките сектори и слично.

**Институционална рамка**

Институционалниот капацитет за креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за претпријатија и индустриската политика на национално и регионално ниво ќе се развива, применувајќи ги европските начела на политиките на претпријатија и индустриска политика и активно вклучување во регионални инцијативи. Се очекува зајакнување на институционалниот капацитет со создавање на нови институции (акцелератори, национален центар за трансфер на технологии, Фонд за еквити и мезанин инвестиции и сл.), а консултацијата на највисоко ниво ќе продолжи преку советодавни тела и комитети.

### *Програми и проекти*

Во текот на 2016 г., во Компонента 1 од ИПА, ќе отпочне проектот „Развој на приватен сектор", за директна поддршка на и конкретни мерки за зајакнување на институционалниот капацитет за добра деловна клима и поттикнување на конкурентноста. Секторско фише за развој на приватен сектор, опфаќа активности за поддршка за унапредување на конкурентноста на македонските компании, формирање акцелератори и поддршка на нови[152] компании во рамките на акцелераторите, поддршка на женско претприемништво и претприемништво кај младите за намалување на невработеноста на овие категории и сл. Буџетот за овие активности изнесува околу 3.5 милиони евра.

---

[152]start-up

Исто така, се планира со средства од ИПА 2 - Конкурентност и иновации во 2016 година да бидат промовирани и спроведени повеќе мерки од стратешките документи.
Активностите дефинирани со националните стратешки документи и Стратегијата за ЈИЕ 2020 за создавање на конкурентна економија ќе се реализираат преку националниот буџет, структурните фондови и регионални проекти.

## 3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

За спроведување на политиките на претпријатија кои нудат поддршка на раст и развој се реализираат програми и проекти кои се финансираат од буџет и од разни донатори, а ги спроведуваат ВРМ, министерствата и поврзаните институции.
Во 2015 г. Министерството за економија (МЕ) успешно ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, која опфати мерки за поддршка на МСП, мерки за спроведување на индустриската политика и поддршка на кластерските здруженија. Преку оваа Програма беа поддржани над 50 фирми за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, поддршка на занаетчиството и женското претприемништво, како и поддршка на организации за поддршка на МСП. Во рамки на Програмата беа поддржани 12 проекти на кластерски здруженија преку кофинансирање на проекти за поврзување на кластерите со универзитетите, развој на иновативноста и сл.
Освен оваа Програма, тековно се спроведуваат повеќе програми, проекти и мерки кои произлегуваат од разни акциски планови и тоа преку: Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ), Агенцијата за странски инвестиции и привлекување инвестиции(АСИПИ), Министерството за образование и наука (МОН), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ), Фондот за иновации и технолошки развој и проекти спроведени директно од страна на КЗПВРМ и ВРМ.
АППРМ спроведува годишна програма за промоција на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста кај малите и средни претпријатија, преку која се имплементираат мерки за промоција, обука и ваучерски шеми.

Мерките и инструментите за поддршка на приватниот сектор се насочени кон кофинансирање на трошоци за развојни проекти за фирмите, подобар пристап до финансии, обезбедување разни обуки и семинари за подобрени вештини и знаења, како и подобрена инфирмираност за разни теми.

ФИТР имаше активна улога во поддршка на иновативноста на МСП преку мерките и инструментите кои ги промовираше фондот за подобар пристап до финансии за иновации и технолошки развој и промоција на иновативноста. Во 2015 беа објавени првите јавни повици за инструментите на Фондот, на кои можеа да аплицираат различни таргетни групи. ФИТР ги нуди следните инструментиза поддршка на развој на иновациите и технолошки развој:

- Кофинансирање на грантови за новоформирани компании, Start-up и Spin-off
- Кофинансирање на грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации
- Кофинансирање на грантови за трансфер на технологии
- Техничка помош преку Деловни технолошки акцелератори - Business Technology Accelerators

За реализација на инструментите за периодот 2015-2019, се алоцирани 9 милиони ЕУР преку заем од Светска банка, а исто така подготвени се сите поврзани оперативни документи, правила и процедури.
Поднесените апликации ги оценува и по нив одлучува Комитет за одобрување на инвестиции (The Committee for Approval of Investments) составен од 5 надворешни експерти.
По првиот јавен повик, кој беше објавен во Февруари 2015 за првиот инструмент добија поддршка 16 компании. Вториот повик за инструментите I, II и III беше објавен во Септември 2015 година, по кој се добиени 92 проектни апликации, а се очекува според расположивите средства да добијат поддршка 18 нови проекти.

Во текот на 2015 година МЕ како национална партнер институција за Програма на Унијата, Конкурентност на мали и средни претпријатија КОСМЕ, континуирано спроведуваше активности во насока на исполнување на обврските произлезени од членството во Програмата, како и промовирање на истата во насока на подобра искористеност на можностите кои ги нуди Програмата. Навремено беше реализирана исплатата на годишниот влезен билет за КОСМЕ, а исто така Министерството, континуирано ја презентира и дава појаснувања на заинтересирани субјекти за програмата на разни настани и директни средби. На 10-11.11.2015 во Скопје беше одржана работилница TAIEX

за КОСМЕ и Пристап до финансии, на која зедоа учество повеќе финансиски институции  и другиу заинтересирани страни.
Македонија  е вклучена во Enterprise Europe Network.

Во 2015 година во Скопје е отворена канцеларија на Регионален фонд за иновации ENIF, како дел од Платформата за развој на претпријатија и иновации во Западен Балкан. Фондот официјално започна со работа во месец октомври 2015 година. Преку овој фонд, накедонските компании ќе можат да конкурираат за 40 милиони евра наменети за иновации и ќе имаат можност да добијат директни финансиски средства кои би ги инвестирале во развој на технологии, подигнување на квалитетот на производите и услугите, со што ќе се подобри нивната конкурентност на локално, регионално и европско ниво.

МЕ во соработка со Националното координативно тело за ООП, спроведе повеќемесечни подготовки, а во октомври успешно се одржа 8ма Манифестација за доделување награди за најдобри ОО практики во 2014 г. Министерот за економија, во присуство на претставници од ДЕУ, амбасади, компании, владини и невладини институции, медиуми, од  пријавените 50 компании со 34 проекти, во пет категории додели 10 статуетки, 17 плакети и награда за најиновативна практика. Наградата беше поддржана од Бизнис конфедерација на Македонија, имплементатор на ЕУ проектот "Општествена одговорност за сите".

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Со носењето на неколку нови стратешки документи за конкурентност и развој на МСП ќе се прошири основата за предлагање нови мерки и инструменти за поддршка на претпријатијата. Во 2016 Владата треба да усвои нова Стратегија за конкурентност, Стратегија за МСП, Стратегија за женско претприемништво, а се очекува продолжување на имплементацијата на мерки од Индустриската политика на РМ, Страгија за иновации и сл.

Исто така, инструментите на индустриската политика ќе се реализираат преку годишни владини програми. Министерството за економија и следната година ќе ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво со мерки за поддршка на МСП, имплементација на индустриска политика и поддршка на кластери. Мерките ќе обезбедат кофинасирање на трошоци на фирмите за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, развој на инфраструктурата за МСП, женско претприемништво, а во делот на кластерите ќе се организира Балканска Конференција за кластерите, за размена на искуства, добри практики, вмрежување и интернационализација на кластерските здруженија.

Имајќи предвид дека пристапот до финансии останува висок приоритет за поддршка на малите и средни претпријатија,  со цел да се  надомести јазот што постои при финансирање на претприемачките идеи од страна на традиционалните извори на финансирање, планирано е да се развие концепт за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал или носење на посебен закон за деловни ангели.
Со цел воспоставување правна и организациска рамка за бизнис ангели во земјата, во рамки на ИПА 2014-2020, во програмата за 2016 година, за Секторот конкурентност и иновации, предвидена е техничка и финансиска поддршка за реализација на оваа мерка, односно за поддршка за унапредување на регулативата и институционалната организираност со цел воведување финансиски инструменти за пристап до капитал во рана фаза на развој на МСП, како и спроведување на програмата за развој на МСП, вклучувајќи бизнис ангели.

Во 2016 година активностите  на Агенцијата за поддршка на претприемништво на РМ (АППРМ) ќе бидат насочени кон организација на обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти и жените претприемачи, подготовка на бизнис план и обуки за наставници, професори и студенти за претприемништво. Исто така, ќе бидат реализирани и работилници за промоција на претприемачкото образование кај младите луѓе, менторство, а во рамки на редовни програмски активности и во 2016 година ќе биде оддржана реализацијата на Европската недела на МСП и подготовката на годишен извештај – Опсерваторија за МСП за 2015 година.

Од аспект на поддршка на развојот на економијата базирана на иновациии знаење, ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за иновации и Акцискиот план.  Целта на  функционирање на ФИТР е да се обезбеди  поддршка на иновациското творештво, комерцијализација на истражувања, поврзување на бизнис секторот со академската

заедница и истражувачките центри, поттикнување и поддршка на иновациска дејност, развој на технологии кај МСП, новоосновани претпријатија, преку трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации. ФИТР останува клучна институција која ќе обезбеди поддршка за развој на иновациите во секторот претпријатија преку доделување средства за финансирање проекти за поттикнување на иновативноста преку постојните инструменти:

Во 2016 е планирано да се објават два повика за сите четири инструменти, а исто така планирано е да се развие нов инструмент за техничка помош кој се состои од формирање мрежа на експерти кои ќе нудат услуги на иновативните компании (анализа на иновационот потенцијал, обуки за воведување и управување на иновативни проекти, развој на предлог проекти за национални и меѓународни фондови, обуки за мобилизирање на дополнително финансирање - venture capital, правен совет, заштита на правата од интелектуална сопственост итн.). Исто така, се планира да се развијат административни документи за дополнителни инструменти за финасирање на големи компании, високообразовни институции и истражувачки центри, документи поврзани со формирање на еквити и мезанин инструменти и формирање на шема за кофинансирање.

Со цел да се зајакне институционалната база за поддршка на иновациите планирано е преку ИПА (компонента 1-ТАИБ за 2012-2013 година, во секторското фише за Развој на приватен сектор) да се поддржи воспоставувањето на инфраструктура за иницирање на бизнис акцелератори во рамките на универзитетите. На овој начин ќе се воспостави одржлив механизам за поддршка на иновациите и иновативноста на компаниите кој е во зачеток, особено во сферата на високата технологија.

Пристапот до финансии ќе се обезбедува со понатамошна поддршка преку кредитни линиии на ЕИБ кои ги нуди МБПР со поволни каматни стапки.
Планирана е подготовка на анализа за законско уредување на бизнис ангели, како форма на пристап до ризичен капитал.

Регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан - WBIF" обезбедува преку 140 милиони евра за поддршка на компании од регионот за иновациите. Досега активни се Фондот за експанзија, Гарантниот фонд, Фондот за иновации, а се очекува и активирање на Фондот за техничка помош. Фирмите од РМ може да аплицираат во овие фондови.

Република Македонија има пристап до програмата **КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020.**
Во следниот период ќе продолжи континуирано спроведување на активности во насока на исполнување на обврските произлезени од членството во Програмата КОСМЕ, како и промовирање на истата во насока на подобра искористеност на можностите кои ги нуди програмата, и тоа:

- Исполнување на обрската за финансиска контрибуција за 2016 година.
- Учество во состаноците на Работниот Комитет за КОСМЕ
- Соработка со комори, други институции и субјекти со цел подобро користење на програмата
- Промоција на програмата на конференции, работилници, семинари
- Објавување на корисни линкови од програмата www.economy.gov.mk; www.konkurentnost.mk итн.

Странски директни инвестиции ќе се привлечат како резултат на активностите на АСИПИРМ, промоторите, министрите за СДИ, Дирекцијата за ТИРЗ, и од промотивните настани организирани од Владата. Најголем број компании во нашата земја доаѓаат од Турција, САД, Швајцарија и Австрија, додека примарни индустрии се автомобилска, земјоделие, прехранбена индустрија, енергетика, туризам и други индустриски сектори. Во моментов, триесет и два промотори работат во странските претставништва на „Инвестирајте во Македонија[153]" и тоа: пет во Германија, шест во САД, тројца во Турција; тројца во Велика Британија; двајца во Русија со Украина; двајца во Кина, и по еден промотер во: Италија; Австрија; Швајцарија; Шведска со Данска; Белгија; Холандија; Бугарија со Србија; Албанија со Косово; Унгарија со Полска;; Норвешка, Франција. Во 2016 година се планира зголемување на бројот на економските промотори на места каде ќе се оцени дека има потенцијал.

[153]www.investinmacedonia.com

Комбинираните напори на АСИПИРМ со партнерските институции и маркетиншката промоција на инвестициските можности и условите за водење бизнис во земјата во најпознатите светски медиуми и организираните промотивни кампањи во земјите[154] се очекува да резултираат со зголемување на приливот на СДИ во 2016 година.

Врските на СДИ со локалните фирми кои може да се вклучат во ланецот на добавувачи ќе се зајакнат со домашни компании со соодветен капацитет, создавање бази на податоци на странски фирми со потреба за добавувачи и изработка на бази на податоци и каталог на потенцијални добавувачи.

АСИПИРМ нуди поддршка на странските компании - инвеститори во надминување на предизвиците со кои се соочуваат во постинвестицискиот стадиум во земјата, предлага мерки за олеснување и надминување на административните пречки во законодавството и ефикасно и навремено остварување на правата и интересите на деловните субјекти.
Преку серија на анкети и директни разговори ќе се направи истражување за степенот на задоволство на компаниите кои веќе инвестирале во РМ.

Во рамките на Планот за активности на АСИПИРМ за 2016 година поврзани со промоција на извозот, фокусот е ставен на следниве иницијални сектори: Текстилна индустрија; Агробизнис/Прехранбена индустрија; Индустрија на метали и прецизна механика–вклучувајќи автомобилски делови; и Информатички и комуникациски технологии–ИКТ

Програмата за 2016 година во рамките на предвидениот буџет за извозна промоција ги вклучува бизнис настаните и саемите кои се од корист за бизнис заедницата. Секторот за промоција на извоз ќе продолжи со организирање на Online видео средби на секои три месеци помеѓу економски промотери и домашни компании, како и помеѓу странски компании и домашни компании. Овој проект овозможува полесен пристап до странските пазари со однапред проверени информации.

Предвидена е обука за домашни компании од областа на ИКТ индустријата - "Export to Sweden" семинар кој ќе се одржи во месец април 2016 година во соработка со експерти од Open Trade Gate Sweden, Шведска Владина Агенција (чија што цел е да ја поттикне трговијата и зголеми извозот на земјите во развој кон Шведска). Целта на обуката е да се помогне на домашните компании да се подготват за извоз во земјите на ЕУ.
Секторот за промоција на извоз во 2016 година, во рамките на предвидените работни задачи и активности на континуирана база ќе организира посети од страна на странски компании заинтересирани за купување на домашни производи и ќе продолжи со изготвување на листи на домашни компании наменети за заинтересирани купувачи.

Агенцијата почнувајќи од 2016 година повторно ќе продолжи да го издава електронскиот информатор – „Извозник“, преку кој читателите ќе имаат можност да ги дознаат сите актуелности поврзани со извозна промоција. Во 2015 година беа издадени вкупно седум броја. Во 2016 година се планира изготвување на нова среднорочна Национална Стратегија за општествена одговорност која ќе го покрие периодот до 2020 година, со двегодишен Акциски план.

За 2016 и 2017 г. се планира утврдување начин на финасирање за изработка на Национална Стратегија за општествена одговорност, за период до 2020 г., со Акциски план, и учество во нивна изработка. Се планираат континуирани активности за реализација на 9та и 10та манифестација за доделување награди за најдобри општествено одговорни практики во 2015 и од 2016 г. (објавување конкурс, аплицирање, средби на жири комисии, евалуација и наградување) во соработка со Националното координативно тело за ООП. Се планира поднесување апликации за инструментот ТАИЕКС со цел зајакнување на капацитетите во однос на поттикнување општествена одговорност во РМ и меѓународна соработка во оваа област.

Проектот „Организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во повеќе индустриски сектори“ (текстилна, прехранбена, автомобилска и металопреработувачка индустрија) ќе продолжи во 2016 година со нови и актуелни теми.

**Институционална рамка**

[154]Road-shows

Институционалната рамка ја сочинуваат КЗПВРМ, Министерството за економија, Министерство за образование и наука, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија(АППРМ), Агенцијата за странски инвестиции и привлекување инвестиции(АСИПИ), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ), Фондот за иновации и технолошки развој и повеќе институции за поддршка и кластери.
Во насока на понатамошна поддршка на иновациите, освен Фондот за иновации се очекува да отпочне да функционира Национална канцеларија за трансфер на технологии. Нејзиното формирање и функционирање ќе биде поддржано од Проектот на Светска банка – Skills. Исто така, со воспоставувањето на инфраструктура за иницирање на бизнис акцелератори во рамките на универзитетите ќе се овозможи механизам за поддршка на иновациите и иновативноста на компаниите во зачеток особено оние од сферата на високата технологија како предуслов за нивен развој и развој на економијата во целина. Овој проект е планирано да се поддржи од ИПА 1 – Развој на приватен сектор.
Се очекува со дефинирањето на законската рамка за бизнис ангели да се прошират можностите за полесен пристап до капитал за малите и средни претпријатија.
Институционалниот капацитет за креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за претпријатија и индустриската политика на национално и регионално ниво ќе се развива, применувајќи ги европските начела на политиките на претпријатија и индустриска политика и активно вклучување во регионални инцијативи.
Трипартитниот дијалог и консултацијата на највисоко ниво ќе продолжи преку советодавни тела и комитети и НСПК.

***Програми и проекти***

Значителна поддршка за имплементација на инструментите на политиките за претпријатија и индустриска политика се очекува преку ИПА средствата на национално и регионално нив, како и повеќе регионални проекти дефинирани со Стратегијата за ЈИЕ 2020. Активно вклучување во WBIF, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ 2020 и други европски и регионални проекти и иницијативи.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе се развијат нови инструменти за политиките на претпријатија и индустриската политика, со зголемена поддршка на приватниот сектор преку владини програми и проекти, како и користење на фондовите од ИПА2.
Во периодот 2017-2019 ќе се реализираат активности за зајакнување на институционалниот капацитет за спроведување на инструменти за политиката на претпријатија и индустриска политика кои произлегуваат од стратешките документи.
Активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништво на РМ (АППРМ) ќе бидат насочени во проширување на ваучерскиот систем на советување проектот Инфо Пулт, поддршка на конкурентноста на МСП преку обуки, активности на поврзување на науката и претпријатијата.
АСИПИ ќе продолжи да биде активно вклучена во политиките за инвестициона и извозна промоција, како и обезбедување поддршка на домашните компании и поврзување на странските инвеститори со домашни фирми, како позитивен спиловер ефект од СДИ. Преку мрежата на економски промотери, АСИПИ ќе дистрибуира побарувања од странски компании кои се заинтересирани за соработка со македонски претпријатија.
Во насока на подобра искористеност на програмата КОСМЕ ќе се продолжи со интензивно промовирање на истата кај финансисите институции и банките со цел овозможување на средствата од пристап до финансии од програмата до македонските компании.
Се очекува Фондот за иновации и технолошки развој да понуди понатамошна поддршка на бизнис секторот за развој на иновациите во Република Македонија, поврзување на науката со бизнисот и сл., ќе продолжи зајакнување на институционалниот капацитет со функционирањето на нови институции (акцелератори, национален центар за трансфер на технологии и сл.), а консултацијата на највисоко ниво ќе продолжи преку советодавни тела и комитети и НСПК како тело за трипартитен дијалог.

## 3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

***Тековна состојба***

За секторот туризам, главни документи се: ревидираната Стратегија за развој на туризмот со акциски план за спроведување во периодот 2011-2015 г., Стратегијата за развој на руралниот туризам 2012-2017, како и годишните програми: Програма за развој на туризмот и Програма за промоција и поддршка на туризмот кои се спроведуваат

преку МЕ и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) преку кои се реализираат мерките и инструментите предвидени во стратешките документи и поврзаните акциски планови. Во тек е изработка на Студија за активности на вода на реките и кањоните (кајакарство, едрење и возење низ кањони и клисури), кои треба да ја прошират туристичката понуда.
Преку Програмата на МЕ се поддржува меѓународната и билатерална соработка со значајни туристички организации и институции, посебно со Светската Туристичка Организација, Европскиот комитет за туризам, Европската патничка комисија, ЦЕИ и др. како и обука на човечки ресурси во секторот туризам и угостителство и имплементација на некои проекти, посебно во областа на руралниот туризам, поддршка на разни туристички манифестации, проекти и бизнис форуми, поставување на туристичка сигнализација на позначајни објекти и културни знаменитости и др. Во 2015 со цел да се промовира винскиот туризам како еден од алтернативните форми на туризам во регионот кој има потенцијал за развој е организирана прва Регионална конференција за поддршка на винскиот туризам. Исто така, во соработка со УНИДО е организирана Конференцијата Балканот како туристичка дестинација.
Во периодот 2014-2015 успешно се реализира Проект со УНИДО за обуки на човечките ресурси во туризмот и угостителство .
Согласно Националната Стратегија за развој на туризмот, се реализира Проектот ЕКО МАКЕДОНИЈА, во кој Министерството за економија во соработка со другите институции ги презема активности како што се: продолжување со активностите за означување на патеки, рекреативни тури и места за одмор во Националните паркови, инфраструктурно уредување, означување и промоција на заштитени подрачја и продолжување на политиката за прогласување на истите како заштитени подрачја, активности во делот на органското производство и негова промоција, донесување на Деталните урбанистички планови за директни инвестиции во овој вид на туризам, промотивни материјали за еко туризмот во земјата и сл.
Субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет и субвенционирањето на авиолетовите на ниско буџетните компании како мерки за промоција и поддршка на туризмот се реализираат континуирано. Владата на Република Македонија секоја година ги зголемува средствата наменети за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, се проширува и бројот на земји кои ќе можат да го остварат правото за субвенионирање на странски туристи а во исто време се проширува и бројот на субвенционираните авионски линии.
Со Проектот за доделување на финансиска поддршка на нови авиолинии воведени се директни летови кон Малме, Базел, Милхаусен, Милано, Бергамо, Ајндховен, Дортмунд, Меминген, Минхен, Стокхолм, Гетеборг, Лондон-Лутон, Венеција, Франкфурт, Париз, Брисел, Келн и Рим.
Значаен проект на МЕ реализиран во 2015 е „Унифицирање на излозите и рекламите во Старата скопска чаршија". Во рамки на проектот е ангажирана фирма за изработка на 60 проекти за дукани по што ќе следат субвенции согласно изведените проекти. Проектите ќе покријат 3 елементи и тоа: како изгледале порано, сегашниот изглед и како треба да изгледат по изработување на новиот проект.
МЕ ја реализираше мерката „Субвенции за угостителските објекти за добивање на ознака за Националните ресторани-меани", за збогатување на туристичката понуда со автентична и препознатлива традиционална храна и вино.
Отпочнати се активности за „Изработка на Веб портал со интегриран систем за водење на туристички и угостителски регистри, база на туристички податоци и градење на институционална туристичка мрежа со он-лајн платформа за следење и промовирање на сместувачките и угостителски капацитети во сите туристички места во државата".
Комитетот за туризам како највисоко советодавно тело го следи спроведувањето на стратешките документи и програми.

## *Краткорочни приоритети*

### Туризам

Во рамките на МЕ и АППТ ќе се спроведат Програмата за развој на туризмот за 2016 год. и Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2016 година. Според Програмата, МЕ ги планира следните активности: Подготовка на нова Стратегија и акциски план за развој на туризмот за 2016-2021. Исто така се планира изготвување на Физибилити студии за атрактивни локации за развој на алтернативен и планински туризам.
Планирано е организирање на регионална конференција за „Балканот како туристичка дестинација", а ќе се продолжи и со доделување субвенции за угостителските објекти за добивање на ознака за Националните ресторани-меани, се планира печатење на промотивни материјали од областа на туризмот, на повеќе странски јазици, флаери за туристичките потенцијали на земјата, постери, ќеси и папки.

Се планира да се надгради Веб порталот со интегриран систем за водење на туристички и угостителски регистри, база на туристички податоци и градење на институционална туристичка мрежа со он-лајн платформа за следење и промовирање на сместувачките и угостителски капацитети во сите туристички места во државата. МЕ во соработка со МЛС, ЗЕЛС и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ќе обезбедат податоци за сместувачките и угостителски капацитети во земјата и за истите ќе се направи единствена база на податоци во електронска форма.
Ќе се продолжи со поставување на туристички табли во позначајните туристички места како туристичка сигнализација, а исто така ќе се продолжи со унифицирање на излозите и рекламите во Старата скопска чаршија.
Заради обезбедување системска анализа и собирање на разни податоци, анкети, прашалници и интервјуа за време на целата сезона кога низ државата гравитираат туристи, ќе се изработи статистички систем на правилно следење на податоците од туризмот кои се од голема важност за туристичкиот сектор заради добивање на јасна слика и информации за потребите, можностите, позитивните и негативните интереси на туристите кои ја посетуваат земјата.
Се планира да се реализира Проект рурални туристички развојни зони кој вклучува изработка на Студија, анализа и подготовка на документација за општините кои имаат потенцијал за рурален туристички развој. Руралниот туризам е релативно нов поим воведен во туристичката терминологија и како дел од туристичкиот производ досега нема значителна контрибуција во туристичката понуда. Со формирањето на рурални туристички развојни зони ќе се придонесе за развој на руралните средини а со тоа и развој на туризмот на национално ниво. Преку формирање на зони ќе се овозможи да се привлекуваат домашни и странски инвеститори и со тоа да се зголемуваат угостителските капацитети во руралните средини, се подобруваат услугите за живот и работа и се дава поддршка за развојот на руралниот туризам.

Во рамки на Програмата која ќе се реализира од АППТ планирани се следните активности и проекти за поддршка и промоција на туризмот:

- Подготовка, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал, на 11 странски јазици
- Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми
- Организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство и организирање на информативни патувања во Република Македонија за странски туроператори и новинари
- Билборд кампањи, реклами во печатени медиуми, електронска промоција и телевизиски кампањи во (Република Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Франција ) и други;

Позначајни проекти за поддршка на туризмот кои ќе се реализираат се:
1. Проект “Планинарски патеки” – уредување и обележување на постојни и создавање на нови планинарки патеки. Промоција на истите преку изработка на водич и е - водич, со цел на збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, во соработка со Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
2. Проект “Планински велосипедски патеки” - уредување и обележување на постојни и создавање на нови планински велосипедски патеки. Промоција на истите преку изработка на водич и е - водич, со цел на збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, во соработка со Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
3. Проект “Манастирскиот туризам”- евидентирање и поврзување на манастирите во Република Македонија кои нудат услови за сместување, изработка на веб страна, е- водич и печатење на промотивен материјал за верски и манастирски туризам;
4. Проект “Евиденција на туристички потенцијали во Република Македонија” – истражување и евидентирање на туристичките потенцијали во планските региони кои имаат и нудат услови за развој на туризмот, изработка на веб страна, е-водич и печатење на промотивен материјал за туристичките потенцијали на земјата;
5. Проект “Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти и настани од значење за туризмот во Република Македонија“- евидентирање и обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти и настани од значење за туристичката понуда, изработка на печатен промотивен материјал и објавување на истите на веб страната Macedonia timeless под наслов ,,Дали знаете”;
6. Проект “Мапирање на патот Виа Егнација” – уредување и означување на римската магистрала Виа Егнација, со цел на збогатување на туристичката понуда од областа на културиниот туризам и активностите во природа;
7. Проект “Параглајдинг туризам” како алтернативна форма на туризам се реализира во соработка со УСАИД. Ќе се уредат останатите две полетишта на Попова Шапка и Галичица, при што ќе се пристапи кон нивно уредување со

поставување на информативни табли и патокази, како и поставување на ветроказни и метеролошки станици како дел од завршувањето на првата фаза;
8. Проект "Летање во природа" – предвидува изработка на проектна документација во вид на основен проект за изработка на патеки за спуштање со сајла, а со цел на создавање на нови туристички;
9. Проект "Македонски туристички пасош"- предвидува изработка на промотивен мал водич со цел на промоција и анимација на странските туристи при престој во земјава;
10. Проект "Активен туризам" во соработка со УСАИД (Агенција за меѓународен развој на САД) и АТТА (Асоцијација за активен туризам) – предвидува плаќање на членарина и котизација со цел на организирање на Самит за активен туризам во земјата во Мај 2016 година.
11. Проект "Подобрување на условите за сместување во планинарски и ловни домови/куќи" со цел на вклучување на истите во туристичката понуда, како и создавање на мрежа на објекти како основен предуслов за разој на планинскиот и ловниот туризам;
12. Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани туристички настани со цел на зголемување и потикнување на туристичката понуда;
13.Финансирање на изработка на соодветна урбанистичко-планска документација заради формирање на автокампови и спортски аеродром Калишта на земјишта во сопственост на земјата;
14. Оградување и означување на туристички развојни зони;
15. Изработка на подстратегија "Традиција и настани", а со цел дополнување на стратешката политика за развој на туризмот за наредни четири години и - други проекти.
Континуирано субвенционирање на странскиот организиран туристички промет .

***Програми и проекти***

Во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Комисија за периодот 2014-2020 година, во секторот Конкурентност и Иновации, за периодот 2015-2017 година предвидена е реализација на активности опфатени во Акциски документ за Локална и регионална конкурентност со посебен осврт на проекти од областа на туризмот.

Вредноста се очекува да достигне 21 милион евра. Проектот вклучува реализација на конкретни активности кои ќе бидат видливи и ќе придонесат за унапредување на туризмот во РМ, како на пример: инфраструктурни интервенции кои ќе придонесат за развој на економијата и туризмот (инвестиција во нови и рехабилитација на постоечки туристички капацитети; инвестиции во инфраструктура кои ќе овозможат пристап до културни знаменитости; стимулација и интеграција на креативни индустрии како локални занаети; поставување туристичка сигнализација; локално брендирање и промовирање на туристички дестинации и сл.); промовирање на туристички дестинации (јакнење на капацитети на јавните и приватните засегнати страни и општините со цел да се насочат заедно да работат на поставување на Организации за менаџмент на туристички дестинации – Destination management organizations) и обуки и образовни програми за општините, регионалните центри, невладиниот и приватниот сектор т.е. на сите засегнати страни од областа на туризмот со цел јакнење на капацитетите на овие субјекти.

Како регионални секторски иницијативи кои се реализираат во рамките на Стратегијата ЈИЕ 2020 се во секторите туризам и прехранбена индустрија. По првичните анализи на состојбите, бариерите за развој и регионалниот потенцијал, се планираат конкретни мерки за зајакнување на капацитетите и вештините на фирмите од овие сектори, подобрена информираност, зголемување на регионалната соработка, иницирање заеднички проекти, и слично. Во овие регионални иницијативи активно се вклучени претставници од бизнис секторот и државните институции.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Постои **добро ниво на подготовка** во областа на трансевропските мрежи. Беше постигнат **добар напредок** во периодот на известување. Во следната година, земјата треба:

- дополнително да ја подобри меѓуинституционалната комуникација и да го зајакне техничкиот капацитет на сите управни институции и засегнати страни кои се вклучени во транспортната инфраструктура.

***Резиме***

*Постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во Република Македонија. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата долж Коридор VIII и X (Xd), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (CEETO). Исто така, Република Македонија ја поддржува иницијативата за интегрирање на CEETO-мрежата во Трансевропските транспортни мрежи. Во однос на енергетските мрежи, изградбата на интерконеконективни врски со соседните земји продолжува во континуитет, што ќе придонесе за поголема сигурност во снабдувањето со електрична енергија во регионот на долгорочен план. Земјата континуирано учествува во работните тела на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (CEETO), Енергетската заедница и Европската асоцијација на електропреносните систем-оператори (ENTSO-E) итн.*

### 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

***Тековна состојба***

Во однос на **патната инфраструктура**, **долж Коридорот X**,  во тек е изградба на последната делница *Демир Капија – Смоквица*. Изградбата на автопатската делница во дожина од 28.3 км се реализира со средства од ИПА Компонентата за Регионален развој, Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициска банка, како и буџетските средства. Градежните работи продолжија во текот на целата 2015 година. Во декември 2015 година завршени се 72 % од градежните работи. Изградбата на делницата Демир Капија – Смоквица е предвидена за 2016 година, по што ќе биде исполнета целта за комплетирање на патниот Коридотот X на ниво на автопат.

Во однос на проектот за рехабилитација на автопатската делницита *Велес-Катланово*, кофинансиран преку ИПА Компонентата за регионален развој, во тек е изведување градежни работи и истите ќе завржат до крајот на 2015 година.

Во однос на проектот за *рехабилитација на автопатската делница Смоквица –Гевгелија како дел од Коридорот 10*, Договорот за градба е склучен на 6.8.2015 година. Времетрањето на Договорот е предвидено да биде 12 месеци по потпишувањето. Градежните работи ќе започнат во декември 2015 година.

Во однос на *Проектот за подготовка на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по CEETO-мрежата (Коридор X, X-d, VIII, Рута 6 и Рута VIII)*,реализацијата на проектот ќе заврши до крајот на 2015 година.

*Рехабилитација на мостови со грант од НАТО*: Во тек се градежните работи од  Договорот за рехабилитација, каде што се завршени 10. од 13. мостови и истите треба да се завршат до средината на  2016 година.

Во однос на **патниот Коридор VIII,** *патната делница Кичево-Охрид*, во изминатиот период се пробиени околу 70 % од трасата (пристапни патишта и дел е полн профил на траса) должавтопатот од Кичево до Охрид во должина од 56.7 километри. - Вкупниот напредок на градежните работи изнесува 8,8 %. Рокот за градба на овој автопат е до2018 година.

Во однос на **железничката инфраструктура**, во текот на 2015 година, се работеше на подобрување на железничкиот транспорт и инфраструктура  преку проекти за *рехабилитација на железниката линија долж Коридор X  и Кракот X-d и изградба на Коридор VIII* зажелезничкото поврзување со Република Бугарија.

*Изградба на железницчката делницата од* *Куманово до Бељаковце*: Проектот во 2015 година се реализираше со забавено темпо поради пролонгирање на рокот за завршување на градежните работи , склучен е нов Договор[155] за измена и префрлување бр.1 на Договорот за заем помеѓу ЕБРД и МФ, кој ќе се реализира до крајот на 2017 година.

Во 2015 година реализирани се три времени ситуаци:
*Изработка на основна техничка документација и спроведување на тендерска постапка за избор на изведувач за делницата Бељаковце-Крива Паланка:* Проектот во текот на 2015 година се одвива со забавено темпо. Договорот за за повторен заем е потпишан на 30.4.2015 година.
*Ремонт на делницата од Неготино до Ногаевци,дел од Кориодр 10*: Во текот на 2015 година, се изведуваа градежните работи на ремонтот на делницата од Неготино до Ногаевци, како последната делница предвидена за ремонт со средствата обезбедени преку заем од ЕБОР. Проектот се одвива со забавено темпо.Рокот е пролонгиран до 2016. Во 2015 година реализирани се 51% од градежните работи од Проектот.

Исто така и Проектот за изградба на *железничката делница Кичево – граница со Република Албанија* е проект кој е рангиран во приоритетни проекти подобни за финансирање во Повеќегодишен план на СЕЕТО 2015[156]. Склучен е договор[157] со избраната компанијана, која во рок од 24 месеци, односно во текот на 2016 година потребно е да подготви основен проект и тендер за градба и надзор.

*Рехабилитација и надградба на Железничката станица Скопје според најдобрите ЕУ практики*: Склучен е договор[158] со избраната компанија Проектот за рехабилитација е завршен на 30.8.2015 година
Во тек е Проект за набавка и инсталација на опрема ЛОТ1 кој треба да заврши до прво тромесечие на 2016 година. За ЛОТ2 набавка на опрема,Тендерот е објавен и во тек е евалуација на најдобрите понуди.

**Институционална рамка**
Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за Европска унија се состои од четири одделенија: Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА мониторинг,Одделение за ИПА програмирање и техничка имплементација и Одделение за други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 14. вработени од кои сите се во постојан работен однос. Надлежни институции за спроведување на проектите од Трансевропските мрежи се: Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, МЖ Инфраструктура, Министерството за финансии и Секторот за железници од МТВ. За претставниците на Одделението за ИПА фондови (ИПА структурата), на годишно ниво се проценува потребата од обуки и истата се доставува до ЦФЦД –Министерство за финансии. За останатата институционалната рамка види поглавје 3.14 Транспортна политика.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*
Активностите од ова подрачје истовремено се краткорочни и среднорочни активности, поради природата на поглавјето кое опфаќа обемна инфраструктура чија реализација сама по себе трае подолг временски период.

Во однос на *Националната транспортна стратегија* (2007-2017) во јуни 2016 година се планира шестото ажурирање на НТС. Ажурирањето се врши на секои две години, а има за цел следење на спроведување на активностите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007–2017, како и подготовката на Информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (од 2007 до 2017 г.). Во 2018 година, ќе се изработи нова *Национална Транспортна стратегија.*

**Модернизација на патен Коридор X**
Во однос на патната инфраструктура, продолжува изградбата на последната патна делница *Демир Капија – Смоквица,* долж Коридорот X, во временскиот период од 2012 – 2016 година.

[155]Склучен на 13.2.2015 година
[156] Проекти подобни за финансирање се проекти за кои не се обезбедени финансиски средства и затоа се наоѓаат на приоритетната листа на МАП 2014.
[157] Склучен на 16.9.2014 година.
[158] На 30.4.2014 година.

Во врска со проектот *Градба на делниците (М5 клучка Дреново) Фариш - клучка Градско Дреново и мост Раец Дреново –клучка Дреново Градско од Коридор 10 Д*, проектот ќе започне во 2016 година и се планира рок за негова реализација во 2019 година.

Во врска со *проектот Рехабилитација на Магистралниот пат А3, делница Битола – Макази и делница Ресен – Буково* во месец јули 2015 година, потпишани се два договори со различни изведувачи за рехабилитација на магистралниот пат А3, и тоа ЛОТ 1, делницата Битола - Макази, и Лот 2, делницата Ресен - Буково. Рехабилитацијата на овие две делници започна во август 2015 година и ќе се изведува до август 2016.

Во врска со проектот *Изградба на експресен пат А2, делница Крива Паланка – Ранковце*, во текот на 2016 година ќе биде отпочната тендерска постапка за градба на експресниот пат Крива Паланка – Ранковце, каде што предвидениот рок за изградба ќе биде 36 месеци, односно до 2019 година. Средствата за овој проект се обезбедени преку заем од Светската банка во 2015 година, а ќе се реализира во периодот 2015 – 2019 година.

*Рехабилитација и надградба на автопатната делница Смоквица – Гевгелија, како дел од Коридорот X* е планиран проект за 2015 година. Договорот за градба е склучен на 6.8.2015 година. Времетраењето на градежните работи по потпишување на договорот е 12 месеци. *Во однос на Проектот за подготовка на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по СЕЕТО Мрежата (Коридор X, X-d, VIII, Рута 6 и Рута VIII)* , во тек е реализација на проектот и се очекува истиот да заврши до крајот на 2015 година.

*Рехабилитација на мостови со грант од НАТО*: Работите од Договорот за рехабилитација треба да заврши во текот на 2016 година.

Во однос на **патниот Коридор VIII***, Изградба на автопатот А2, делница Кичево – Охрид* (почеток: мај 2014 година, крај: јануари 2018 година). Автопатот е во фаза на градба од Кичево до Охрид и е со должина од 56.7 километри. Во изминатиот период се пробиени околу 70% од трасата (пристапни патишта и еден дел е полн профил на трасата). Вкупниот напредок на градежните работи изнесува 8,8 %.Рокот за градба на овој автопат е до 2018 година. Треба да започне реализацијата на проектот *Изградба на државен пат А2 и пан-европски Коридор VIII на ниво на автопат, делница Требениште – Струга*, во должина од околу 8 км. Средствата за овој проект се обезбедени преку заем од ЕБОР, а ќе се реализира во периодот 2015–2019 година.

**Модернизација на железнички Коридор X**
*Ремонт на Коридор X финансиран преку заем од ЕБОР:* До 30.6.2016 година, согласно договорената динамика на изведување на градежните работи, треба да заврши ремонтот на *делницата Ногаевци – Неготино* во должина од 30.9 км, а со тоа и реализацијата на кредитот од Европската банка за обнова и развој.

За делницата *Битола – Кременица од железничкиот Коридор Xd од Коридорот X,* склучен е Договорот [159]за градба, а истиот ќе се реализира во текот на 2016 година.

*Во однос на Проектот за рехабилитација и надградба на Железничка станица Скопје според најдобрите ЕУ практики*, во тек е Проект за набавка и инсталација на опрема ЛОТ1 кој треба да заврши до прво тромесечје на 2016 година. За ЛОТ2 набавка на опрема – Тендерот е објавен и во тек е евалуација на најдобрите понуди.

*Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот X и кракот Xd според најдобрите практики во ЕУ*: Во тек е спроведување на проектот и истиот се очекува да заврши во втората половина на 2016 година.

**Комплетирање на железнички Коридор VIII**
*Изградба на железницчката делницата од Куманово до Бељаковце*: во текот на 2016 година ќе продолжат да се одвиваат градежни работи на делницата, согласно утврдената динамика..

[159] На 19.12.2014 година.

*Изработка на основна техничка документација и спроведување на тендерска постапка за избор на изведувач за делницата Бељаковце – Крива Паланка:* До крајот на третиот квартал од 2016 година се планира да се заврши постапката за избор на градежна компанија која ќе ја изведува градбата и избор на консултантска куќа која ќе врши надзор над градбата, согласно правилата и политиките на ЕБОР. Договорите ќе бидат склучени меѓу ЈП МЖИ и избраните фирми.
Во врска со проектот *Основен проект за делницата од Крива Паланка до граница*,ќе се изврши евалуација на доставените понуди за избор на компанија за изработка на основен проект во 2016 година.

*Проектирањето на делницата од Кичево (Македонија) до Лин (Албанија)* ќе биде во рамки на проект финансиран од Европската унија. Договорот [160] со избраната компанија е склучен, која во рок од 24 месеци потребно е да се подготви основен проект и тендер за градба и надзор, во текот на 2016 година.

## 3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ

Во текот на 2015 година АД МЕПСО активно учествуваше при  изработката на Заедничката студија за планирање 2015 во рамките на *ENTSO-E*, каде е полноправен член. Активностите продолжија со изработка на Регионалниот план (RgIP 2016) и Десетгодишниот развоен план на европската мрежа (TYNDP2016), кои опфаќаат два планирачки хоризонти, 2020 и 2030 година. АД МЕПСО го потпиша Договорот за поврзување на Косово во рамките на *ENTSO-E*.
Во рамки на *Програмата СЕЦИ* (Southeast European Cooperation Initiative) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP). Продолжува изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2020, 2025 и 2030 година, како и модел на пазарот на електрична енергија. Во подготовка е Студија за перспективите на пазарот на електрична енергија во ЈИЕ до 2030 година и поврзување со италијанскиот пазар.

### *Тековна состојба*

**Електропреносна инфраструктура**

*400 kV интерконеконективна врска Штип (Република Македонија) – Ниш  (Република Србија).*Заврши изградбата и е пуштена во употреба на 17-ти ноември 2015 година  приклучувајќи се во Република Србија во ново изградената трансформаторска станица ТС Врање.

*400 kV интерконеконективна врска  Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија).* Во рамките на прviot грант од ВБИФ, комплетно заврши постапката за спроведување на Студијата за ОВЖС со доставување на Решението за издавање согласност на Студијата за ОВЖС од страна на МЖСПП.Во рамките на вториот грант од ВБИФ избран е најповолен понудувач со кој до крајот на  2015 година се очекува да се потпише договор за изработка на целокупната проектна документација за 400 kV ДВ ТС Битола 2 – македонско албанска граница и ТС 400/110 kV Охрид. За овој проект започната е тендерската постапка за Истражување на птици и лилјаци долж коридорот на далеководите. Започнати се преговорите со ЕБОР за обезбедување заем за изградба.

За *проектот Изградба на објекти од електрична мрежа*[161] припремена е техничката документација потребна за добивање употребна дозвола за трафостаницата ТС Петровец, а изградбата на ДВ 2х110 кV ХЕЦ Вруток-ТС Тетово, е стопирана..

Во *Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија* кој е комплексен со 5 компоненти, реализирано е:
*Компонента 2*: *Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи – за* реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 експропријацијата е во тек, и започната е изградбата со реализација на градежните работи на 108. столбни места;
*Компонента 4*: *Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници* За Пакет 10, Лот 2[162]: Заврши реализацијата на управувањето и заштитата во 110 KV postrojки во: ТС Ресен, ТС Охрид 1, ТС Охрид 2, ТС Велес

[160] На 16.9.2014 година.
[161] Започнат во 2004 година и е финансиран од Европската банка за инвестиции (ЕИБ) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО.
[162] Договорот е потпишан на 14.9.2011 година со рок на реализација на сите активности од три години.

1, ТС Велес 2, ТС Осломеј, ТС Кичево, ТС Самоков,ТС Битола 4, ТС Југохром,ТС Полог, ТС Валандово, ТС Овче Поле, ТС Македонска Каменица и ТС Делчево.

*Проектот Четири трафостаници 400/110 kV* за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во ТС Скопје 1, ТС Скопје 4, ТС Битола 2 и ТС Дуброво е успешно завршен во 2015 година.
*Проектот НОВА SCADA/EMS* е составен од два пакети: првиот е *Пакет 1 - Испорака и инсталација на нов SCADA/EMS за национален диспечерски центар (НДЦ) и резервен НДЦ.* Во 2015 се очекува овој пакет да заврши со успешна реализација на апликациите и апликативните софтвери на SCADA/EMS. Вториот е *Пакет 2 - Испорака и инсталација САЦС за 9 трафостаници* – реализиран е FAT за опремата за ТС Сопотница, ТС Пробиштип, ТС Крива Паланка и ТС Куманово 2, како и прилагодување во ТС Куманово 1, во ТС Штип 2, а започната е реализација во ТС Сопотница и ТС Кочани.

Проектот Ревитализација и модернизација на преносната мрежа за кој е обезбеден заем од ЕБОР, е составен од пет компоненти: ревитализација на 110 kV далекуводи; далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници; функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа; ревитализација на трафостаници и консултантски услуги.Избран е консултантот кој направи увид на ДВ-ите и ТС-ите и подготви извештај и во моментот во фаза е подготовка на тендерските документации на компонентите.

**Гасоводна инфраструктура**
Во првиот квартал на 2015 година започна изградбата на магистралниот гасовод делница Клечовце – Блок Станица 5 и законските прописи. Основната цел за изградба на оваа магистрална гасоводна делница произлегува од стратешката определба на Владата на Република Македонија за остварување повисок степен на вкупна функционалност на енергетскиот систем во државата, и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Вкупниот капацитет на магистралниот гасовод делница Клечовце – Блок Станица 5 изнесува, Q = 158.500 $m^3/h$ со приклучување на градовите: Свети Николе, Велес, Штип, ТЕЦ Неготино, Неготино и Кавадарци, со можност за зголемување на капацитетот со продолжување на делницата до Битола и приклучување на останатите градови на овој потег. До крај на 2015 година, реализацијата на изградбата се очекува да биде 60-70%, додека во јуни 2016 година се очекува негова целосна изградба.

### *Краткорочни приоритети*
**Електропреносна инфраструктура**
Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на АД МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Стратегијата предвидува поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400 kV интерконективни далноводи: Република Македонија – Република Србија, Република Македонија - Република Албанија и Република Македонија - Република Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем.
*За 400 kV интерконеконективна врска (Република Македонија) – (Република Албанија)* во 2016 година се очекува во рамките на вториот грант од ВБИФ за овој проект да се изработи целокупната техничка документација за интерконективниот далекувод и 400/110 kV ТС Охрид, да се реализира истражувањето за птици и лилјаци долж коридорот на далекуводот и да продолжат активностите со преговорите со ЕБОР за обезбедување заем за изградба на далекуводот.
Во рамки на активностите во проектот *Изградба на објекти од електрична мрежа*, се очекува во 2016 година, да се изнајде решение за да заврши изградбата на ДВ 2x110 кV ХЕЦ Вруток-ТС Тетово.
Во рамки на *Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија* во *Компонента 2* за реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1, се очекува во 2016 година да заврши изградбата на далекуводот.
Во проектот*Нов SCADA/EMS систем,* Пакет 2 – Испорака и инсталација на SACS за 9 трафостаници,ќе продолжи да се реализира.

За проектот *Ревитализација и модернизација на преносната мрежа,* составен од пет компоненти, во 2016 година, се очекува да се изработат техничките и тендерските документации, како и да започнат тендерските постапки и нивната реализација.
За проектот *Реконструкција и ревитализација на ТС 400/110 kV Дуброво,* во 2016 година, ќе се изработува потребна техничка документација.
За проектот *Изградба на 400/110 kV трансформаторска станица Куманово,* во 2016 година, ќе се изработи Студија со концепти за развој на преносната мрежа во одделни региони за долгорочен период во која ќе биде разгледан кумановскиот регион и оправданоста на ТС 400/110 kV Куманово.

**Гасоводна инфраструктура**
Ќе продолжи спроведување на Проектот за изградба на магистралниот гасовод во 2016 година со избор на изведувач и надзор на магистралниот гасовод. Односно ќе се реализира делница ЛОТ2 Неготино-Битола и делница ЛОТ 5 Скопје – Тетово – Гостивар и започнување изградба.
Вкупниот капацитет на магистралниот гасовод делница Неготино – Битола изнесува Q = 107.000 $m^3/h$ со приклучување на индустриската зона Кавадарци, Прилеп, Битола, како и можност за приклучување на РЕК Битола како и приклучување на останатите градови на овој потег.
Изградбата на магистралниот гасовод делница 5 Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево се планира да започне во 2016 година. Вкупниот капацитет на магистралните гасоводни делници Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево изнесува, Q = 100.000 m3/h со приклучување на Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево и можност за воведување на природен гас во ТЕЦ Осломеј. Избор на надзор за останатите 36 км од Делницата од БС 5.

### *Среднорочни приоритети*
**Електропреносна инфраструктура**
Во однос на*400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косово (Косово Н),*на среднорочен план предвидено е изработка на фисибилити студија.
Во однос на *400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод Република Македонија – Република Албанија* ,во рамките на вториот грант од ВБИФ за овој проект, се очекува да биде комплетирана техничка а документација и започната постапката за експропријација, тендерската постапка и добивањето на Одобрението за градба. Овој проект е приоритизиран од страна на Енергетска заедница.
Проектот*Нов SCADA/EMS систем* ,Пакет 2 – Испорака и инсталација SACS за 9 трафостаници, се очекува да биде комплетиран.
За новиот *роект за Ревитализација и модернизација на преносната мрежа,* по одобрување на заемот, во 2016 и 2017 година се очекува да продолжи и почне реализација на компонентите од проектот.
Ќе се продолжи со обезбедување средства и реализација со проектот *Реконструкција и ревитализација на ТС 400/110 kV Дуброво.*.
За проектот *Изградба на 400/110 kV трансформаторска станица Куманово* ќе се изработи техничка документација и ќе се обезбедат финансиски средства.

**Гасоводна инфраструктура**
Започнување со градба на магистралниот гасовод делница 3 чвор Штип – Хамзали и магистралниот гасовод делница 4 Хамзали – Стојаково (граница со Република Грција) во 2017 година. До крај на 2017 завршување на градба на ЛОТ1, а останатите делници во 2018. Завршување на градбата на ЛОТ 2 Неготино – Битола во должина од 92 км и магистралниот гасовод делница 5 Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево во 2018 година. Средстствата ќе бидат обезбедени преку кредитни линии.

**Институционална рамка**
Во 2016 година во Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски планирано е унапредување на 3 лица. На среднорочен план се планираат нови вработувања во Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски во насока на целосно децентрализирано управување со ЕУ фондови, како и обука за вработените согласно нивните потреби.

# 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на регионалната политика и координацијата на структурните инструменти. **Не може да се забележи напредок**. Во следната година, земјата треба да се фокусира на:

- градење на административниот и финансискиот капацитет потребен за набавки и правилно и навремено спроведување на фондовите на ЕУ;
- надминување на недостатоците во системот на финансиското управување, контролата и ревизијата.

***Резиме***

*Во насока на исполнување на критериумите кон полноправно членство во ЕУ, фокусот останува врз максимална апсорпција на средствата од ИПА, обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и соодветни контроли. Особен акцент ќе се стави на воведувањето на целосно децентрализирано управување на ИПА без „ex-ante“ контроли. Согласно донесените регулативи од Европската комисија за спроведување на ИПА II за програмскиот период 2014-2020 година фокус ќе се стави на обезбедување на правото за индиректно управување со новите одобрени програми/нови мерки во рамките на ИПА II (2014-2020). Воедно,ќе продолжат напорите за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата, со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура.*

## 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

***Тековна состојба***

Рамковната спогодба е основниот правен акт во кој се пропишани принципите за соработка меѓу Република Македонија и Европската комисија во однос на имплементацијата на ИПА, притоа актите за ИПА I остануваат во сила имајќи предвид дека се однесуваат за имплементација на програмите и ќе бидат применливи се до затворање на Програмите во рамките на ИПА I (до 2017 година).

Со донесената нова ЕУ законска рамка делумно се менува воспоставената структура и меѓусебните односи во споредба со ИПА I. Согласно новата регулатива дополнително се јави потреба од подготвување на нов пакет на правни акти за воспоставување на системот за индиректно управување со средствата од ИПА II.

Законот за рамномерен регионален развој[163] ја дефинира основната правна рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата во кој се пропишуваат планските документи за нејзина реализација, од кој произлегуваат Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009-2019 и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2015-2017 како документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој.

Приоритетните мерки во Акцискиот план за регионален развој се поделени на две основни групи, од кои првата група на приоритетни мерки опфаќа поттикнување на економскиот раст во планските региони, развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и препознавање и искористување на иновативните потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони. Втората група приоритетни мерки опфаќа оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони, градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони и зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите.

Измените и дополнувањата согласно новите услови и критериуми предвидени со ЕУ регулативата за ИПА II соодветно се транспонирани и приспособени на потребите и капацитетите за соодветна имплементација на ИПА II. Во оваа насока, беше изготвен Акциски план за воспоставување на системот за управување и имплементација на ИПА со барањата од новата Регулатива на ИПА за финансиската рамка 2014-2020, претходно усогласен со НИПАК секретаријатот и Оперативната структура. Плановите содржеа конкретни чекори за воспоставување на правната и

[163] Службен весник на Република Македонија бр.63/2007

институционалната рамка со цел доверување на задачите за управување со буџетските средства на ЕУ во рамки на програмата ИПА 2014 од страна на ЕК.
Во согласност со Акциските планови беа преземени сите активности околу комплетирање на пакетот за барање за доделување на право за имплементирање на буџетот во рамки на годишните и повеќе годишните програми од ИПА II (2014-2020). Пакетите се усогласени со новите ИПА II правила.
.

***Краткорочни приоритети***

Во 2016 година, фокусот ќе биде ставен на донесување на Правилник за поблиски критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектите за развој на планските региони (по проект што Центрите треба да го добијат). За таа цел, формирана е Работна група за подготовка на Акциски план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за 2016-2018 година со помош на учество на сите заинтересирани страни. Овие приоритети се во насока на намалување на диспаритетите меѓу регионите, во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

***Среднорочни приоритети***

Во однос на приоритетите на среден рок, акцентот ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката правна рамка согласно европското законодавство во насока на исклучување на „ex-ante" контролите во рамки на децентрализирано управување со ИПА во Република Македонија, како и зајакнат и воспоставен систем за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА I и ИПА II.
Понатаму, ќе следи спроведување на инструментите предвидени во Стратегијата за регионален развој со цел насочување на планските региони и единиците на локалната самоуправа.

## 3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

***Тековна состојба***

Владата на Република Македонија го воспостави системот за децентрализирано управување (ДИС) за имплементација на ИПА компонентите 1, 3 и 4 во согласност со акредитациските критериуми утврдени во Анексот на Регулативата на ЕК бр.718/2007 од 12 јуни 2007 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) - ИПА Регулативата за имплементација. Дополнително, за одобрените програми во рамките на ИПА II беа воспоставени органи и структури за целите на управување, контрола, супервизија, следење, евалуација, известување и внатрешна ревизија на ИПА II. Согласно ова, Владата на Република Македонија назначи Национален ИПА координатор и Национален координатор за авторизација, како клучни хоризонтрални органи во системот за индиректно управување. Дополнително, беа воспоставени Оперативни структури за секоја програма која ќе се имплементира на индиректен начин, односно три оперативни структури (7 институции вклучени).
Одлуката за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со ИПА за имплементација на определена компонента/програма содржи листа на сите ex-ante проверки, а се поврзани со спроведувањето на тендерските постапки, објавувањата на јавните повици за доставување понуди, како и доделувањето на грантовите и договорите. Ex-ante контролите согласно член 18 од Регулативата на Европска комисија (ЕК) бр. 718/2007 од 12 јуни 2007 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) ќе се применуваат во зависност од компонентата, односно програмата, сепак, воведувањето на прогресивниот систем за децентрализирано управување без претходна контрола од страна на ЕК се планира почнувајќи од 2016 година.
Во рамки на спроведената ревизорска мисија од страна на ДГ НЕАР беа добиени насоки за поставеноста на системот за индиректно управување за спроведување на акциските програми за Инструментот за претпристапна помош за финансиската рамка 2014-2020 – ИПА 2.
Со цел зголемување на ефикасноста во спроведувањето на политиките за регионален развој, во 2014 година се изработи физибилити студија за воспоставување Систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуација на политиките за рамномерен регионален развој во Македонија.
Во 2015 година започнаа подготвителни активности за реализација на проект за Локална и регионална конкурентност, со посебен акцент на туризмот, финансиран преку ИПА II, сектор Конкурентност и иновации, програмски период 2014 година. Проектот е планирано да поддржи инфраструктурни проекти за подобрување и надградување на јавната инфраструктура во функција на поддршка на развојот на туризмот и туристичката понуда во Македонија.

### *Краткорочни приоритети*

Почитувајќи го правилото за доставување на Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА I средствата на годишно ниво, во претстојната 2016 година Годишна изјава за гаранција ќе биде доставена од страна на Националниот координатор за авторизација (НАО) до Европската комисија.

Дополнително, подготовката и доставувањето на барање за доделување на право за имплементирање на буџетот од Европската комисија за програмите за Прекугранична соработка е еден од главните приоритети за 2016 година.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок, акцентот е ставен на намалување/исклучување на „ex-ante“ контролите во рамки на децентрализирано управување со ИПА во Република Македонија преку подобрување на ефективноста и ефикасноста на постоечкиот систем за децентрализирано спроведување.

Согласно усвоената ИПА II регулатива, стратешките цели и приоритети се дефинирани во насока на ефикасно и ефективно функционирање на системот за индиректно управување со приоритетните области од ИПА II средствата согласно барањето за доделување на право за имплементирање на буџетот од Европска комисија за финансиската перспектива 2014-2020.

Согласно физибилити студија изработена во 2014 година, во периодот 2016-2018 ќе се воспостави Систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуација на политиките за рамномерен регионален развој во Македонија.

Во 2016 година ќе започне спроведувањето на проектот Локална и регионална конкурентност со посебен акцент на туризмот, финансиран преку ИПА II сектор за Конкурентност и иновации. Преку проектот ќе се финансираат активности за воспоставување организации за менаџмент на туристички дестинации во неколку предели во Македонија. Најголем дел од средствата се наменети за поддршка на регионалната и локалната инфраструктура за унапредување на бизнис услугите во сферата на туризмот.

## 3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

### *Тековна состојба*

Согласно акредитацискиот критериум 1 од Анекс I од Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007 од 12 јуни 2007 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) - ИПА Регулативата за имплементација и воспоставената Процедура за Постапки за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС), континуирано продолжија да се собираат сите потребни информации во однос на бројот на нови вработувања, потребите за обуки, како и информации за реализираните обуки на вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА Компонентите 1, 3 и 4. Менторството на нововработените луѓе е една од главните алатки за градење на капацитетите на овие структури.

Согласно редовната временска динамика, подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2016 година од страна на ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции кориснички кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано спроведување на ИПА средствата. Тековно се подготвуваат Консолидираните анализи за обем на работа за сите ИПА I компоненти.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2016 година, фокусот ќе биде ставен на понатамошно јакнење на административниот капацитет на Секторот за управување со средствата на ИПА и институциите кои се дел од Оперативните структури, како подготовка за спроведување на Кохезионата политика на ЕУ. Во рамки на Оперативните структури , ќе се спроведе Анализа на потреба од обуки за сите ИПА компоненти и согласно истата ќе се подготви План за обуки за 2016 година. Согласно спроведената Анализа на потреба од обуки, во 2016 се предвидува и донесување на нов План за обуки од страна на НИПАК Секретаријатот, со цел зајакнување на административните капацитети на структурите.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок, ќе се продолжи со континуирано зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури преку вработувања и интензивни обуки, со цел да се достигне оптималниот број на вработени во ИПА структурите даден во Анализите за обем на работа, а со тоа и оптимална распределба на работните обврски и

квалитетна работа на истите. Исто така, фокусот ќе биде ставен на одржување ниска стапка на одбивање на тендерски документи.

## 3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ

Во следниот период фокусот е ставен на почеток на спроведување на веќе програмираните проекти/програми во рамките на секторите за ИПА I (транспорт, животна средина и просторно планирање, вработување, образование и социјална инклузивност) и ИПА II (транспорт, животна средина и просторно планирање и локална и регионална конкурентност). Програмирањето на повеќегодишните оперативните програми за транспорт и врски и животна средина и просторно планирање е завршено во рамките на програмирањето за 2014 година и покрива период од 7 години, а финансиски алокации се одобрени за периодот 2014-2016. Во делот на вработување, образование и социјална инклузивност во моментов се разработуваат подготвителните активности за програмирање и на овој сектор во рамките на ИПА II.
Во исто време во Република Македонија, согласно правилата за ИПА II се работи на секторскиот пристап кој согласно националниот концепт за секторска координација бара широк процес на консултации во делот на подготовка на релевантни стратегии, предлагање на зрели проекти и соодветни административни капацитети, особено за инфраструктурни проекти. Во овој дел од исклучителна важност е и основањето и работата на Националниот инвестициски комитет кој за потребите на подготовка на единствена листа на инфраструктурни проекти користи воспоствена методологија и структура на три нивоа.

### *Тековна состојба*

За периодот 2007-2013 од ИПА Компонентата за Регионален развој, Република Македонија има на располагање средства од 199,9 милиони евра за инфраструктурни проекти во секторите транспорт и животна средина. Во моментот, проектите кои се финансираат преку оваа Оперативна програма, главно во секторот транспорт, и тоа патниот и железничкиот транспорт во Република Македонија, се целосно програмирани и усогласени со службите на ЕУ. Овие проекти ќе придонесат за модернизирање на патниот и железничкиот сообраќај во Република Македонија.
За периодот 2007-2013 од ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси, Република Македонија има на располагање средства од 64,03 милиони евра за проекти наменети за поддршка на политики за вработување, социјална вклученост и образование и обука. Во делот на Оперативната програма за регионален развој, како и за Оперативната Програма за развој на човечки ресурси за периодот од 2007-2013, сите проекти кои се финансираат преку овие Оперативни програми, се целосно програмирани и усогласени со службите на ЕК.
Во однос на новиот програмски циклус за ИПА II (2014-2020), за секторите транспорт, и животна средина, програмските документи се веќе усвоени, а инволвираните институции веќе активно ги програмираат предвидените средства за проектите.
Програмските документи за секторот „Образование, вработување и социјална политика“ за средствата за 2015 и 2016 година беа поднесени до Европската комисија во јуни 2015. Програмските документи предвидуваа подобрување на пристапот до квалитетно стручно образование и обука, обезбедување на поголема синергија помеѓу потребите на пазарот на трудот и образовниот систем, како и унапредување на пристапот и инклузивноста на пазарот на трудот. Меѓутоа, Европската комисија извести за одлуката да не се финансира овој сектор со програмите за 2015 и 2016. Секторот би продолжил да се финансира со програмите од 2017, доколку се исполнат критериумите за секторски пристап во IPA II (кредибилни и релевантни секторски реформи, ефективно управување со јавните финансии и алокација на ресурси). За таа цел, ресорните министерства предложија проект со план за исполнување на критериумите за секторски пристап. Програмските документи за секторот конкурентност и иновации за периодот 2015-2017 се исто така поднесени на разгледување во Европска комисија.

### ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА 2014 ГОДИНА

ИПА Програмата за 2014 е усвоена од страна на Европска комисија и истата изнесува 81,1 милиони евра и ја сочинуваат следните програмски документи:

- Повеќе-годишна секторска програма за транспорт за периодот 2014-2020 година;
- Повеќе-годишна секторска програма за животна средина и климатски акции за периодот 2014-2020 година;
- Акциски документ за поддршка на потсекторот правосудство (Секторска програма за правда);
- Акциски документ за воспоставување на систем за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето;

- Акциски документ за развивање на капацитети за вршење на увиди на лице место;
- Акциски документ за локална и регионална конкурентност, со фокус во делот на туризмот
- Акциски документ за поддршка на ЕУ интеграција
- Акциски документ за влезни билети за Програми на унијата
- Поддршка за граѓанско општество

Финансиската спогодба се очекува да се потпише до крајот на 2015 година.

**ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА 2015 ГОДИНА**

***Тековна состојба***

Секретаријатот за европски прашања (СЕП) во соработка со Делегацијата на Европската унија (ДЕУ) и релевантните институции во јуни 2015 ги проследи до Европска комисија нацрт Програмските документи за ИПА 2015 и 2016 година. Програмата за 2015 се очекува да се усвои од страна на Европска комисија до крајот на 2015 и истата се состои од:

- Секторска програма за Земјоделство и рурален развој,
- Акциски документ за Поддршка на ЕУ интеграција
- Акциски документ за Програми на унијата
- Поддршка за цивилно оптество

Програмата за 2016 е во напредна фаза на програмирање и истата се очекува да се финализира и одобри во 2016 година. Оваа програма би се состоела од:

- Програма за Конкурентност и иновации
- Акциски документ за Владеење на правото и човекови права, преку потсекторот внатрешни работи,
- Во Секторот Демократија и владеење, Програмски документ за Управување со јавни финасии, како секторска буџетска подршка
- Програма за Образование, вработување и социјални политики

***Краткорочни приоритети***

Во следниот краткорочен период акцентот ќе биде ставен на подготовка и усвојување на ИПА Програмата за 2016 година.

Приоритет во 2016 година е и воведување на секторски пристап и подготовка на секторски програми со кои би се програмирале средствата наменети за поддршка на горенаведените сектори по 2017 година. Надлежните институции ќе работат на исполнување на критериумите за секторски пристап (а со тоа и за користење на IPA II фондовите).

***Среднорочни приоритети***

Во следниот период, акцентот ќе биде ставен на остварување на висока стапка на искористеност и исплата на средствата од преостанатите алокации за ИПА (2007-2013). Исто така, во фокусот ќе биде и избегнување или одржување на минимално ниво на стапката на изгубени средства заради „н+3“ правилото на спроведување на ИПА.

## 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Во следниот период, во однос на мониторинг и оценувањето на проектите/програмите, во фокусот останува континуираното следење на имплементацијата на Оперативните програми во рамките на ИПА I и воспоставување на системот на мониторинг и евалуација согласно новите правила за ИПА II.

***Тековна состојба***

Сумирано по компоненти, заклучно со 30.11.2015 година, потпишани се вкупно 234 договори од кои за Националната програма ТАИБ 2009 се реализираат само исплати за склучените 75 договори, за Националната програма ТАИБ 2010 се склучени вкупно 22 договори за кои исто така се реализираат само исплати, понатаму, од Националната Програма ТАИБ 2011 вкупно се склучија 41 договор во износ од 17.195 554,00 евра, од ТАИБ 2012 вкупно 5 договори во износ од 3.160.227,50 евра; понатаму 47 договори се во рамки на ИПА Компонента III во износ

од 132.606.268,06 евра (298.790.765,29 евра[164] заедно со супервизијата за Коридор 10), додека 44 договори се во рамките на ИПА Компонента IV во износ од 26.764.856,48 евра. Стапката на исплатените средства како и стапката на склучени договори за истите соодветно по компонента, се дадени во табелата подолу:

Табела 1. Статус на имплементација на ИПА компонентите заклучно со 30.11.2015

| Национална Програма/Оперативна Програма | ИПА ТАИБ 2009 | ИПА ТАИБ 2010 | ИПА ТАИБ 2011 | ИПА ТАИБ 2012 | ИПА РР | ИПА РЧР |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен расположлив буџет (2007-2013) (ИПА +НКФ) | 37,58 | 34,30 | 27,13 | 28,16 | 235,21 | 64,03 |
| Износ на склучени договори 30.11.2015 | 33,41 | 21,47 | 17,20 | 3,16 | 132,61[2] | 26,76 |
| Вкупна вредност на исплатени средства до 30.11.2015 | 28,43 | 9,62 | 1,01 | 1,18 | 151,63 | 18,06 |
| Процент на склучени договори до 30.11.2015 во однос на расположливи средства | 88,90% | 62,59% | 63,40% | 11,22% | 56,38% | 41,79% |
| Процент на исплатени средства до 30.11.2015 во однос на расположливи средства | 75,65% | 28,05% | 3,72% | 4,19 | 64,47% | 28,21% |

Извор: Министерство за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување договори

Надлежните институции, со цел следење на реализацијата на проектите, на месечна основа подготвуваат Портфолија на проекти финансирани од ИПА кои се разгледуваат на министерско ниво.

Исто така, се подготвуваат и Годишни извештаи за имплементација на Оперативната програма за регионален развој и за Оперативната програма за развој на човечки ресурси кои потоа се доставуваат до ЕК, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација.
Со цел навремено известување за статусот на планирањето на програмите и проектите, имплементацијата на проектите споредено со планот за имплементација и навремено известување на сите нивоа за ефикасноста на внатрешните контроли воспоставен е Менаџмент информациски систем (МИС). Системот обезбедува систематски пристап и прибирање на податоци од оперативните структури во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА фондовите.
Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси и Оперативната програма за регионален развој се одржуваат редовно два пати во годината.

### *Краткорочни приоритети*
Во текот на 2016 година, фокусот останува на континуираното подобрување на процесот на мониторинг и евалуација преку редовно известување интерно во рамки на ИПА структурите, како и до Европската комисија за искористувањето на средствата од ИПА, со цел подобрување на ефективноста.
Во наредниот период веднаш по потпишување на Повеќегодишните програми за транспорт и животна средина, НИПАК секретаријатот ќе започне со основање на Секторските мониторинг комитети за транспорт и животна средина, согласно правилата за мониторинг од ИПА II.

[164] И [2] Вкупната вредност на проектот за Коридор 10 изнесува 219.125.677,23 евра од кои 45 милиони евра се обезбедени од ИПА, а националното кофинансирање е обезбедено од заеми од ЕБРД (90 милиони евра) и ЕИБ (130 милиони евра). Во износот на потпишани договори само 52,9 милиони евра се земени во предвид, согласно алокациите во Финансиската спогодба.

Исто така се очекува да се продолжи со координацијата на ниво на НИПАК за да се следи напредокот на спроведување на Оперативните програми (на ниво на плановите за набавка и спроведување на проектите/програмите), како и редовно известување на Владата на Република Македонија.

***Среднорочни приоритет***

Во следниот период се предвидува континуирано јакнење на системот за мониторинг и евалуација на имплементацијата на Оперативните програми, преку редовно известување на Европската комисија еднаш годишно за спроведување на Оперативните програми во рамките на ИПА I и ИПА II, редовното одржување на состаноците на Секторскиот мониторинг комитет (два пати годишно), спроведување на редовен мониторинг, согласно Мониторинг плановите и анализата на ризици на поединечните проекти, како и спроведување на евалуации на ниво на Оперативните програми.

## 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

***Тековна состојба***

Во тек е разгледување на опциите за развивање и измени на постоечката релевантна правна рамка и во насока на исклучување на „ex-ante“ контролите од страна на Делегацијата на ЕУ.

Согласно Упатството за нов пристап за спроведување на ex-ante контроли во постапките за тендерирање од страна на ЕК, воведено е динамика на постепено намалување на ex-ante контролите и тоа:

- Првата година да се изврши ex-ante контрола од 60 -8 0% од износот планиран да се контрактира за истата година;
- Втората година да се изврши ex-ante контрола од 40 – 60% од износот планиран да се контрактира за истата година;
- Третата година да се изврши ex-ante контрола од 20 – 40% од износот планиран да се контрактира за истата година.

Со овој процес се очекува временски да се скрати постапката на тендерирање и склучување на договори, но од друга страна ќе се зголеми одговорноста на Сектор за централно финансирање и склучување договори во однос на спроведувањето на тендерските постапки.

Направено е соодветно прилагодување на постојниот децентрализиран систем за управување и имплементација на ИПА со барањата од новата Регулатива на Инструментот за претпристапна помош за финансиската рамка 2014-2020, односно со системот за индиректно управување со ИПА II, со што се направени услови за нормален тек на искористување на средствата од ИПА II.

***Краткорочни приоритети***

Во 2016 година, приоритет ќе биде спроведување на новиот пристап на “ex-ante” контролите . Воедно, фокусот ќе биде ставен на поефективно трошење на средствата од ЕУ и зголемување на абсорпциските капацитети на Република Македонија.

Дополнително, земајќи ги во предвид исклучувањето на ex-ante контролите од страна на ЕУД, потребно е обезбедување на зајакнати контроли, проверки на лице место, како и зголемување на бројот на внатрешни и надворешни ревизии, со цел спречување на неправилно трошење на средствата со кои се финансираат Оперативните програми.

Во следниот период, во фокусот ќе биде сигурното финансиско управување со цел да се обезбеди навремена и непречена имплементација на проектите финансирани од ИПА I и ИПА II и соодветно трошење на финансиските средства.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок, акцентот ќе биде ставен на унапредување и сеопфатен мониторинг на проектите финансирани од ИПА преку зајакнати контроли, проверки на лице место, како и зголемување на бројот на внатрешни и надворешни ревизии, со цел спречување на неправилно трошење на средствата со кои се финансираат Оперативните програми.

# 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

*(види и во дел I- Политички критериуми,Владеење на право)*

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Република Македонија има **одредено ниво на подготовка** во однос на примената на правото на Европската унија и европските стандарди во оваа област. Во голема мера воспоставена е правната и институционалната рамка. **Сепак, нема напредок во изминатата година**. Сегашниот недостаток на политичка волја за решавање на преостанатите предизвици на највисоко ниво, ја задржува способната администрација од постигнување на нејзина целосна ефикасност. Де факто деполитизацијата на назначувањето и унапредувањето на судии, подобрувањето на системот на професионално оценување и реформата на дисциплински одредби е се уште потребна. Потребен е веродостоен пристап кон борбата против корупцијата на високо ниво и зајакнување на довербата на јавноста во институциите. Во областа на фундаменталните права потребни се соодветни кадри, финансирање и координација. Во наредната година, земјата, особено, треба да:

- демонстрира реална политичка волја за да се обезбеди целосна независност на судскиот систем; обезбеди целосна поддршка и ресурси за Специјалниот обвинител назначен за разгледување на создавањето и содржината на прислушуваните разговори;
- ги зајакне институциите кои се надлежни за спречување и борба против корупцијата и да се воздржи од какво било политичко мешање во нивната работа;
- обезбеди целосна слобода на изразување и медиумите, и да преземе силни мерки за справување со полициската неказнивост и супстандардните услови во затворскиот систем;
- ја врати довербата на јавноста во однос на спроведување на правдата, особено за политички чувствителни случаи преку зголемена транспарентност на судските постапки и доследноста на правото.

*(Види и конкретни препораки за судскиот систем, борбата против корупцијата и слободата на изразување во оддели 2.3 и 2.4.)*

***Резиме***

*Во делот на судство ќе се измени правната рамка која го регулира системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, ќе се донесе нов Закон за јавното обвинителство а се очекува и изменување и дополнување на Законот за кривична постапка. Во насока на зајакнување на судството во однос на другите гранки на власта, зајакнување на стратешкото планирање, финансиските и комуникациските капацитети на системот на управување на правосудните институции, унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден систем, ќе продолжат преку имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2016-2020. Во насока на примена на измените на Законот за судскиот совет со кои се воспоставија нови критериуми за избор на членови на ССРМ, од страна на Судскиот совет ќе се разработат внатрешни процедури со образложение за квантификација за избор на членови на ССРМ.*

*Ќе бидат изготвени насоки за изречување на мерката притвор, согласно одредбите на Законот за кривична постапка. Ќе се изврши алокација на опрема и човечки ресурси за целосна оперативна функционалност на Правосудната полиција и Истражниот центар.*

*Во односно на антикорупциskта политика ќе се продолжи со евиденцијата на кривични истраги, обвинениja и пресуди за случаи на корупција. Ќе се зајакнуваат капацитетите на ДКСК со цел примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата и ќе се изготви ИТ решение за воспоставување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем. Ќе се спроведуваат активности во насока на воспоставувањето на системот на заштита на укажувачите. Во наредниот период фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и ззголемување на вклученоста на јавноста во борбата против*

*корупцијата и судирот на интереси. Со цел утврдување на националните законски услови за пристапување кон Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до јавните документи, ќе се изготви анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. ДЗР ќе врши ревизија на финансирањето на политичките партии и финансирањето на изборните кампањи за спроведените претседателски избори и предвремените парламентарни избори 2014 година, и за следните предвремени парламентарни избори 2016 година.*

*Во делот на фунадаментални права ќе бидат усвоени измени на Законот за Народниот правобранител со цел да се обезбеди целосна усогласеност со Париските принципи. Се очекува целосно да биде заокружена легислативната рамка за воспоставување на пробациска служба. Во однос на реформата на затворскиот систем, ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем преку проектот за "Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија" Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со ЕУ регулативите во оваа насока, понатамошно уредување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, како и нормирање на ревизијата на заштита на лични податоци. ќе се донесе Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2020 година. Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП и евиденцијата на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Ќе продолжи и процесот на формирање на локалните совети за превенција од детско престапништво.*

*Во текот на 2016 година ќе се продолжи со развивање на вониституционалните форми на заштита на децата во ризик и ќе се донесе програма за трансформација на двете установи за социјална заштита за малолетници.*

## 3.23.1 СУДСТВО

### *Тековна состојба*

Во 2015 година (јануари – ноември 2015) Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) спроведе вкупно 248 обуки во рамките на континуираните обуки на судиите и јавните обвинители со учество на 5.090 учесници. Академијата спроведе вкупно 3 обуки за притвор и други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, како и 8 обуки за пишување на пресуди (4 обуки за судии од кривичните оддели и 4 обуки за судии од граѓанските оддели поделени по апелациони подрачја).

По поведена постапка за разрешување на судија од ОС Скопје 1 Скопје во 2014 година на 30.10.2015 Советот донел одлука за разрешување на судијата (одлуката не е правосилна). Во една постапка за разрешување на судија на ОС Радовиш иницирана во 2013 година Советот ја запре постапката со отфрлање на барањето како ненавремено. На еден судија од ОС Велес утврден му е престан на судиската функција поради изречена правосилна одлука казна затвор над 6 месеци. На 3 судии утврден е престан на судиската функција по нивно барање и за 1 судија утврден е престан поради смрт. За 25 судии утврден е престан поради исполнување услови за старосна пензија.

Судскиот совет на Република Македонија континуирано врши обработка на статистичките податоци добиени од судовите врз основа на два индикатора: Стапка на решени предмети[165] и време на решавање на предметите [166] . Заклучно со месец септември 2015 година, вкупно 366.582 предмети биле решени, а нерешени предмети на крајот на Септември 2015 година биле 150.725 предмети со просечна стапка на ефикасност од 98,12 % .Вкупното времетраење на решавање на предметите е 150,07 денови.

Во 2015 година Судскиот совет изврши избор на 18 претседатели на судовите.[167] Судскиот совет во текот на 2015 година ја оцени работата на судиите за 2014 год. на вкупно 585 судии и 19 претседатели на судови.[168]

На 01.07.2015 година, извршен е избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Струмица, Основен јавен обвинител на ОЈО Берово и Основен јавен обвинител на ОЈО Делчево. На 15.09.2015 година Советот изврши избор на јавен обвинител на Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. На ден 14.10.2015 година Советот изврши избор на седум јавни обвинители во Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на

---

[165] Clearance rate

[166] Disposition rate

[167] ОС Берово, ОС Битола, ОС Велес, ОС Виница, ОС Гевгелија, ОС Делчево, ОС Кавадарци, ОС Кичево, ОС Крива Паланка, ОС Неготино, ОС Прилеп, ОС Скопје 2, ОС Свети Николе, ОС Штип, Управен суд, Апелационен суд Скопје, ОС Радовиш и ОС Берово.

[168] 504 судии или 86,15 % оценка многу добар, 69 судии или 11,79 % со оценка добар, 12 судии или 2,05 % со оценка задоволува. Исто така,7 претседатели на судови се оценети со оценка многу добар, 10 со оценка добар и 2 со оценка задоволува.

незаконското следење на комуникациите. На 14.09.2015 година Советот објави оглас за избор на два јавни обвинитела во ВЈО Скопје. Изборот е во тек.
Во 2015 година, Советот разреши еден јавен обвинител поради сторени кривични дела кои го прават недостоен за вршење на функцијата јавен обвинител.
Во 2015 година беа одржани вкупно 8 напредни обуки за новиот Закон за кривична постапка за судии и јавни обвинители. Во насока на примена на Законот за кривична постапка во соработка со ИПА 2009 Проектот за поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем беа одржани три тркалезни маси на кои учествувале 12 судии, 11 јавни обвинители, 12 судски и јавнообвинителски службеници, 9 преставници на МВР, 10 адвокати, 4 преставници на УФП и 2 претставници на ЦУРМ. Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев спроведе и 10 дводневни обуки на тема: „Напредна обука за новиот Закон за кривична постапка" наменети за стручните судски и јавнообвинителски службеници.
Донесен е Закон за јавнобвинителска служба.[169]

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Се очекува донесување и измени на дел од правната рамка и тоа: нов Закон за судовите и измени и дополнувања на Законот за судскиот совет на Република Македонија во насока на изменување на системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, нов Закон за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.
Во насока на зајакнување на судството во однос на другите гранки на власта, зајакнување на стратешкото планирање, финансиските и комуникациските капацитети на системот на управување на правосудните институции, унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден систем, ќе продолжат преку имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2016-2020

**Институционална рамка**

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители континуирано ќе известуваат за покренатите дисциплински постапки за судии и јавни обвинители.
Во насока на примена на измените на Законот за судскиот совет со кои се воспоставија нови критериуми за избор на членови на ССРМ, од страна на Судскиот совет ќе се разработат внатрешни процедури со образложение за квантификација за избор на членови на ССРМ.
Ќе се изготви Анализа за меѓународни стандарди за оценување на работата на судиите, согласно препораките на експертите во рамките на ИПА 2010 проектот за оценување и работа на судиите, и за препораките во истата ќе биде одржана јавна расправа.
Врховниот суд на Република Македонија на полугодишна основа ќе известува во однос на барањата за изземање на судии.
АСЈО ќе продолжи со спроведување на континуирани обуки за судиите, советниците и судските службеници во Управниот суд и Вишиот Управен суд. Во насока на примена на новиот Закон за кривична постапка ќе продолжи спроведувањето на специјализирани обуки за судии, јавни обвинители, претставници од МВР, МФ - Финансиска полиција, МФ - Царинска управа и адвокатите, како и реализацијата на обуки на тема „Мерката притвор и судската пракса на ЕСЧП / Образложение на предлог/решение за определување на притвор" од кои 2 се наменети за јавните обвинители, а 2 за судиите од кривичните оддели.
Ќе бидат изготвени насоки за изречување на мерката притвор, согласно одредбите на Законот за кривична постапка.
Ќе се изврши алокација на опрема и човечки ресурси за целосна оперативна функционалност на Правосудната полиција и Истражниот центар при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.
Судскиот совет ќе изготви Акциски план со проценка на потреба од опрема и човечки ресурси со посебен фокус на ефикасното функционирање на управните судови во Република Македонија.
Ќе се продолжи со следењето на извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права согласно усвоените акциски планови за извршување на пресудите. Во рамки на ИПА 2011 ќе се донесе програма за обука за сите аспекти на Европската конвенција за човекови права, како и ќе се спроведат обуки за примена на Конвенцијата за судии, јавни обвинители, адвокати, административни службеници итн. Во насока на доближување на Европската

[169] Сл. Весник на РМ бр.62/15

конвенција за човекови права ќе изготват прирачници за сите релевантни аспекти на ЕКЧП и судската практика на ЕСЧП. Ќе се зајакнат капацитетите на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП,

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе биде следен степенот на имплементација на активностите предвидени во Стратегијата и Акцискиот план за натамошна реформа на правосудниот систем (2016-2020).

## 3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година се продолжи со евиденцијата на активностите на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) за превенција на корупција – конфликт на интереси, анкетни листови, финансирање на политички партии, како и со евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и водењето на досието на случаи за корупција од висок профил.

Заклучно со 30.10.2015 година поднесени се вкупно 354 изјави за интереси. Исто така, извршена е проверка на 354 изјави за интереси, по која во 41 предмет утврдено е постоење на судир на интереси, од кои 11 предмети се завршени, а останатите 30 предмети се во тек. ДКСК согласно член 20-а од Законот за спречување судир на интереси, вршеше системска проверка на изјавите за судир на интереси поднесени од јавните обвинители при што проверени беа 73 изјави и беа поднесени 4 барања за поведување на прекршочна постапка поради неподнесена изјава за интереси.

Во текот на 2015 година до ДКСК беа поднесени 447 анкетни листови по избор односно именување на функцијата, 116 анкетни листови по престанок на функцијата, 14 за промена на функцијата и 13 за повторен избор на иста функција, 350 известувања за промена на имотната состојба. ДКСК против 7 избрани и именувани функционери до надлежниот суд поднесе барања за поведување прекршочни постапки поради не доставување анкетен лист односно непријавување промени на имотната состојба, како и до Управата за јавни приходи поднесе 10 барања за испитување на имотната состојба. Заклучно со ноември 2015 година на веб- страницата на ДКСК се објавени 4348 анкетни листови.

Од аспект на јакнење на капацитетите на ДКСК во текот 2015 година беа вработени 5 лица.[170]

Од аспект на внатрешната контрола во Министерството за внатерешни работи во текот на 2015 година, беа поднесени 11 кривични пријави против 16 вработени.[171]. Против 11 од овие лица изречени се мерки за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, при што во еден случај изречен е отказ, во 9 случаи изречени се парични казни и во 1 случај предлогот за поведување на дисциплинска постапка е отфрлен.

Во 2015 година согласно Законот за финансирање на политичките партии, од вкупно регистрирани 55 политички партии, до Државниот завод за ревизија беа поднесени 26 годишни финансиски извештаи, 29 годишни сметки и 25 извештаи од регистарот за донации. Врз основа на овие податоци, Државниот завод за ревизија до Министерството за правда поднесе предлог за суспензија на исплата на средства за редовно годишно финансирање за вкупно 33 политички партии кои не доставиле годишна сметка, годишен извештај од регистарот на донации, и/или годишен финансиски извештај.

Согласно Годишната програма за работа за 2015 година во тек е ревизија на финансиските извештаи на 4 политички партии (СДСМ, ВМРО – ДПМНЕ, ДУИ и ДПА) и по завршување на ревизиите конечните ревизорски извештаи ќе бидат објавени на веб страницата на ДЗР. Во однос на реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година, два конечни ревизорски извештаи се доставени до Јавното обвинителство, од кои еден е доставен и до другите надлежни органи (ДКСК, МВР, Финансиска полиција), поради основано сомнение за сторен прекршок/кривично дело.

Во текот на 2015 година Академијата за судии и јавни обвинители самостојно или во соработка со други организации континуирано спроведуваше обуки за антикорупциска политика[172] и етика[173].

[170] 2 во Одделението за финансиски прашања, 2 во Одделението за евидентирање и следење на имотната состојба и 1 лице во Одделението за спречување на судир на интереси.

[171] Од нив, 5 се „несовесно работење во службата“, 4 „злоупотреба на службената положба и овластување“, 2 кривични дела „примање поткуп“ и 1 дело „фалсификување службена исправа.

[172] Април 2015 -ТАИЕХ Регионална конференција „Борба против корупцијата, со учество на вкупно 61 учесник (судии, јавни обвинители, и претставници на државните органи од земјата и регионот); март 2015, во соработка со ИРЗ советување „Законот за јавните набавки со посебно тежиште на борбата против корупцијата“ со учество на вкупно 32 учесници -судии, јавни обвинители и стручни соработници во судовите и обвинителствата; Во периодот јануари -мај 2015 год. 5 советувања „Системот на заштита на сведоци во РМ во рамките на борбата на судството против организираниот криминал и корупција“ на кои учествувале вкупно 95 учесници од кои 45 судии, 40 јавни обвинители и 10 стручни соработници во судовите и обвинителствата; Во јули 2015 Конференција на

Формирана е меѓуресорска работна група за анализа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и неговата усогласеност со Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи.
Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки[174] на крајот на 2015 година Советот за јавни набавки се издвои од Бирото за јавни набавки како посебно тело надлежно да решава по барањата за добивање согласности од Законот за јавните набавки[175].

***Краткорочни приоритети***

Активностите за имплементација на правната рамка за превенција и репресија на корупцијата, намалување на судирот на интереси и унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, ќе продолжат и во 2016 година. Исто така, ќе се продолжи со евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција.
Со цел утврдување на националните законски услови за пристапување кон Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до јавните документи, ќе се изготви анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Во наредниот период фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и легислативата за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и ззголемување на вклученоста на јавноста во борбата против корупцијата и судирот на интереси.
Во рамки на ИПА 2010 Твининг проектот, ќе се изготви ИТ решение за унапредување на евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и примената на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика.
Ќе се спроведуваат активности во насока на унапредување на системот на проверка на податоци за имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица врз основа на воспоставена база на податоци за избрани и именувани лица.
Во рамки на Компонента 6 од истиот Проект ќе се изготви ИТ решение за воспоставување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем.
Ќе се зајакнуваат капацитетите на ДКСК со цел примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата.
Во врска со реализацијата на ГРЕКО препораките од Четвртиот круг на евалуација на тема: “Превенција на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите“[176], во втората половина на 2016 година ќе се изготви Информација за Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија – Четврт круг на евалуација,
Ќе се спроведуваат активности во насока на унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и спроведување оценка на ризици за корупција[177].
Ќе се спроведуваат активности во насока на воспоставувањето на системот на заштита на укажувачите.
По однос на финансирањето на политичките партии, согласно Годишната програма за работа во 2016 година, ДЗР ќе врши ревизија на политичките партии. Исто така, ќе се изготват Конечни ревизорски извештаи за спроведените ревизии на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за спроведените претседателски

---

тема „Најдобрите практики во борбата против корупцијата во јавниот сектор“на која учествувале 30 учесници – судии, јавни обвинители, адвокати, претставници на ДКСК и др.релевантни институции.

[173] 4 советувања на тема „Етика/Судир на интереси’ на кои учествувале 89 судии, 29 обвинители или вкупно 118 учесници; 1 советување на тема „Конфискација, проширена конфискација/ Противправно стекнување на имот“ на кое учествувале 29 учесници од кои 13 судии, 13 јавни обвинители и 3 преставници од релевантни институции; -1 советување на тема „Даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело“, со учество на 18 учесници - 9 судии и 9 јавни обвинители; 3 обуки на тема „Борба против организиран криминал со фокус на трговија со луѓе и кримчарење мигранти“ од кои една во соработка со TAIEX и 2 во рамките на ИПА Проектот „Поддршка во спроведувањето на реформите во кривичниот систем“, на кои учествувале вкупно 93 учесници од кои 24 судии, 26 јавни обвинители, 17 стручни соработници од судовите и јавните обвинителства и 26 други учесници-претставници на релевантни институции; 1 дводневна обука на тема „Меѓународна соработка во кривична материја“ на која учествувале 19 учесници од кои 11 судии, 6 јавни обвинители и 2 стручни службеници.

[174] Сл. Весник на Република Македонија бр.192/2015.

[175] Овие одредби влегуваат во сила на 01.01.2016 год.

[176] Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Македонија - Четврт круг е усвоен на 62-риот Пленарен состанок на ГРЕКО кој се одржа во периодот од 2-ри до 6-ти декември 2013 година во Стразбур. Со овој Извештај ГРЕКО упати вкупно 19 препораки до Република Македонија, од кои 4 се однесуваат на членовите на Собранието, 9 се однесуваат на судството, 3 се однесуваат на јавното обвинителство и 3 се однесуваат на сите категории

[177] Утврдувањето на методологија за оценка на ризици за корупција е и во насока на имплементација на клучната мерка О.1 Transparent rules: move away from discretion to rule-based political and administrative decision making by conducting risk assessment actions, by adopting public, simple and enduring rules, под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. Активности за поддршка на имплементацијата на Методологијата се предвидуваат преку Регионалната програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ, чијашто имплементација е планирана да започне во декември 2015.

избори и предвремените парламентарни избори 2014 година, и за следните предвремени парламентарни избори 2016 година. Согласно Законот за државната ревизија Конечните ревизорски извештаи за извршените ревизии на политичките партии ќе бидат објавени на веб-страницата на ДЗР.
Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ) ќе подготвува квартални извештаи за состојбата на поднесените жалби до Комисијата, односно вкупен број на поднесени жалби, број на донесени решенија како и број на донесени заклучоци.
Во текот на 2016 година ќе продолжат обуките за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест, како и обуки за конфискација, противправно стекнување на имот и злоупотреба на јавните набавки, во организација на АСЈО и ДКСК[178].
Исто така, согласно Годишната програма за генеричка обука на административни службеници на МИОА за 2016 година, предвидени се обуки на тема антикорупциски политики и етика во државната служба[179].
По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види Поглавје 3.05. Јавни набавки.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок ќе се продолжи со реализација на активностите за натамошно зајакнување на превенцијата и репресија на корупцијата, намалувањето на судирот на интереси, унапредувањето на транспарентноста на финансирањето на политичките партии и зајакнувањето на меѓу-инситуционалната соработка.

Ќе продолжат активностите во насока на имплементацијата Акциониот план на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, како и на активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската правна рамка.
Ќе се преземат мерки во насока на унапредување на легислативата со цел на унапредување на транспарентноста и стандардите за доделување јавни набавки, концесии и договори за воспоставување јавно приватно партнерство.

ДКСК на среден рок ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите од новата Државна програма за спречување на корупција и судир на интереси за период 2016-2019 година.
Ќе продолжи да се врши евиденција на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и на други податоци за известување во областа Борба против корупцијата.
Ќе продолжат активностите во насока на имплементацијата Акцискиот план на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, како и во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и на други мерки и активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската институционална рамка.
Ќе продолжат активностите во насока на мониторинг и унапредување на системот за заштита на укажувачите како и активностите за унапредување на примената на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика.
Ќе се унапреди примената на Регистарот на избрани и именувани лица во механизмот за проверка на имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица.
Исто така, ќе се превземат активности за оценка на потребите за зајакнување на капацитетите на институциите од антикорупциската институционална рамка, како и активности за соодветно обезбедување на истите.
Активностите од „Твининг проектот ИПА 2010 - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ ќе се спроведуваат континуирано.

### *Програми и проекти*

ИПА 2010 Твининг проектот - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“.
Стратегијата за Југоисточна Европа 2020
Регионална програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ

[178] Согласно Каталогот на обуки за 2016 година предвидено е одржување на 3 обуки на тема „Конфискација/Одговорност на правни лица“, 1 советување на тема „Поткуп“, 1 советување на тема „Кривични дела во врска со злоупотреба на јавните набавки и корупција во постапките за јавни набавки“ наменети за судиите од сите апелациони подрачја
[179] Обуките ќе се спроведуваат во рамки на lms системот (систем за управување со учење), преку Системот на Микро-учење и по традиционален пат.

УНОДЦ Регионална програма за Југоисточна Европа 2016-2019
По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види Поглавје 3.05. Јавни набавки.

**Стратешки документи:**
Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акциски план 2016-2019;

## 3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

***(види исто во 1. Политички критериуми, 3.19 - Социјална политика и вработување, 3.26 Образование и култура).***

### Промоцијата и спроведувањето на човековите права

Со измените на Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП Бирото за застапување на Ррепублика Македонија пред ЕСЧП, доби статус на правно лице од 01.01.2015 година, а исто такана Бирото му се даде надлежност да дава мислење во однос на сите закони кои задираат во областа на човековите права и слободи. Во 2015 година Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, ги зајакна кадровските капацитети со вработување на тројца административни службеници.
Се издаде првиот Билтен за судската практика на ЕСЧП, со преведени пресуди во однос на сите членови од Конвенцијата. Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП во текот на 2015 одржа 4 состаноци.
Академијата за судии и јавни обвинители продолжи со спроведување на обуките за праксата на ЕСЧП.

***Краткорочни приоритети***
Ќе бидат усвоени измени на Законот за Народниот правобранител со цел да се обезбеди целосна усогласеност со Париските принципи кои се однесуваат на институционалните тела за човекови права, особено за проширување на мандатот на канцеларијата во однос на промоцијата на човековите права и обезбедување на финансиска независност.
Ќе биде подготвен Годишен извештај за работењето на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП. Врховниот суд два пати годишноќе известува за бројот на предмети од Одделот за судење во разумен рок.
Академијата за судии и јавни обвинители ќе организира тематски обуки за судската пракса на ЕСЧП и обуки од сферата на Законот за права на децата, за медијатори, за припадници на полиција, обвинители, судии, социјални работници.

### Превенција од тортура и лош третман

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по 49 (52) поднесоци, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани е употребена физичка сила. По преземени мерки е утврдено дека 29 поднесоци се неосновани односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во 18 случаи поради немање на докази не може да се утврдат наводите во претставката за употребена физичка сила и за два случаи употребата на физичка сила е неоправдана, односно претставките се основани. Во двата случаи каде е утврдено неоправдана употреба на физичка сила, против двајца полициски службеници е иницирана постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.
Во рамки на Проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица" донесени се Стандардни оперативни процедури за постапување по случаи на несоодветно однесување, употреба на физичка сила и други средства за присилба од страна на полицијата како и Стандардни оперативни процедури за контрола во полициска станица во однос на постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење (приведени, лишени од слобода, задржани лица).
Во тек набавка на мебел за простории за задржување и простории за испрашување во 21 полициска станица што треба да се реализира до крајот на 2015 година. Исто така во тек е набавка на систем за аудио повикување во 6 полициски станици што е предвидено да се реализира до крајот 2015 година.

Се одржа тридневна обука на тема „Повреда на човековите права во полициска постапка", Дискриминација и мобинг" и „Говор на омраза", на која земаа активно учество 28 вработени од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди .
Во насока на препознавање на криминалот од омраза потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МВР и Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) за спроведување Програма за обука на полициски службеници од областа на криминалот предизвикан од омраза.
Вкупно 50 полициски службеници се обучени за каскадно спроведување на обуката Формирана работна група за ревидирање на законските одредби кои се однесуваат на криминалот предизвикуван со цел - подготовка на анализи на состојбите со криминалот од омраза, организирање на јавни расправи, предлог измени во Записникот за КП да се внесуваат индиции кои упатуваат на мотив и можност делото да е извршено како резултат на омраза со цел ОЈО да ја прошири истрагата и да бара дополнителни докази, организирање и одржување на обуки во МВР и академијата на судии и јавни обвинители, изработка на предлог амандмани за измена на КЗ. Изготвен е прирачник за криминал од омраза, наменет за основниот полициски кадар (каскадна обука).
Што се однесува на кривичните дела од омраза, регистрирани се три кривични дела „загрозување на сигурноста" по член 144 ст.4, од кои две дела се со непознат сторител, а против едно лице е поднесена кривична пријава. Исто така, регистрирани се и две кривични дела „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" по член 319 од КЗ на РМ, извршени од еден сторител.
Во 2015 не се регистрирани насилни инциденти поврзани со членови на ЛГБТ заедницата.
Забележано е намалување во делот на насилничко однесување меѓу учениците од околу 25,7% во однос на истиот период минатата година.

***Краткорочни приоритети***

Ќе се донесе Програма за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за 2016 година.
Ќе продолжи реализацијата на Проектот „Отворен ден"- секој вторник е отворен за граѓаните за да се информираат за работата на Секторот, за човековите слободи и права при примена на полициски овластувања, да даваат конкретни забелешки, сугестии.
Ќе се продолжи со реализациаја на Проектите Безбедни училишта (во сите СВР), до месец јуни 2016 година, за намалување на поделбата по етнички линии во училиштата како и инциденти на меѓуетничко насилство во средните училишта,„Скопје – град без насилство" со време на реализација од месец септември 2015 година до јуни 2016 година. За спречување на насилничко и недостојно однесување на спортските натпревари, како континуиран проект ќе продолжи имплементацијата на Проект „За спортот – заедно".
Спроведување на обуки за подигнување на свеста на припадниците на безбедносните служби во однос на заштита на човековите слободи и права.
Во Центарот за обука во основна обука за полицаец планирана и изработена е задача за учење - Недискриминација во полицискoто постапување. Истата задача за учење е изработена и за континуирана обука која е планирана со вработените во МВР Предвидено е да се обработи задача за учење Говор на омраза. Истата задача за учење ќе биде инкорпорирана во Наставната програма за основна обука за полицаец за наредната 2015/16 година.
Континуирано ќе се спроведуваат обуки за спречување на насилни напади за време на спортски настани и демонстрации во основна обука за полицаец која е обработена во Суштинска активност Полициско-тактичка теренска обука во задача за учење Воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем.Во Суштинска активност Обезбедување обработена е задача за учење Обезбедување на собири и манифестации (вонредно обезбедување).

## Затворскиот систем

Континуирано се реализираа активности во рамки на започнатата реформа на затворскиот систем. Согласно предвидените рокови за градба, во 2015 година продолжи изградбата на ВПД Тетово, при што сите објекти се завршени. Се продолжи со изградба на објектите од првата фаза на градба во КПД Идризово и до сега реконструиран е и целосно опремен е Тренинг центарот, а во тек е изградба на објектите од полуотвореното и отвореното одделение.
Во делот на активностите поврзани со воспоставување на пробациска служба, во рамките на ИПА Проектот 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, професионално и ефикасно судство и промоција на пробациската служба и алтернативно санкционирање", изработен е Предлог - Закон за Пробација кој е усвоен од Владата на РМ и е доставен до Собранието на РМ.

Се усвои  Национална Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем на РМ.  Исто така, беа спроведени повеќе активности во насока на јакнење на капацитетите на затворскиот персонал, зајакнување на надзорот на работата на КПУ и ВПУ, како и за подобрување на третманот на осудените лица, при што беа изработени модули за обука, прирачници, беа спроведени повеќе циклуси на обуки и др

***Краткорочни приоритети***

Се очекува целосно да биде заокружена легислативната рамка за воспоставување на пробациска служба.

Во однос на реформата на затворскиот систем, во текот на 2016 година ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем. Продолжува реализација на Проектот "Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија": во рамките на кој се продолжува со изградба на објектите од првата фаза на градба во КПД Идризово, како и со изградба на ВПД Тетово.

Во 2016 година се продолжува со  имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем во Република Македонија., а се очекува да биде донесена посебна Стратегија за развој на обуки на затворскиот персонал.

***Среднорочни приоритети***

Ќе продолжат активностите во рамките на затворската реформа согласно Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем во Република Македонија.. Во насока на јакнење на професионалните капацитети ќе се спроведуваат континуирани обуки на затворскиот персонал. Ќе се преземаат активности за развивање на пробациска служба во Република Македонија.

## Заштита на личните податоци

Континуирано се спроведува Стратегијата за заштита на лични податоци, а се спроведуваа и активности за подигање на јавна свест за правото на заштита на лични податоци. Се реализираа инспекциски надзори согласно Годишната програма за инспекциски надзор, а со помош на софтверот за инспекциски надзор започна генерирањето на сеопфатни извештаи за состојбата со надзорите.

Во рамки на активноста создавање одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за начелата на ЗЛП, се реализирани низа активности и соработка со други органи (МНО-БРО) во рамки на проектот „Час по приватност." Во рамки на предвидените активности за зголемување на соработката со Народниот правобранител, Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер и други државни органи, истите се спроведуваат континуирано. Потпишани се меморандуми за соработка со невладини организации, правни факултети за подигање на јавната свест во сектор образование.

Дирекцијата за заштита на личните податоци стана дел од иницијативата EuroCloud како партнер кој што ќе биде вклучен во сите активности, особено оние кои се однесуваат на заштита на личните податоци при користењето на „Облак" услугите.

На 23 ноември 2015 година започна со имплементација проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита на лични податоци", што се финансира од ИПА ТАИБ 2012 програмата. Проектот е со времетраење од 24 а Основната цел на проектот е да се подобри заштитата на лични податоци во Република Македонија согласно ЕУ легислативата.

Исто така, преку овој проект ќе се обезбеди понатамошно подобрување (правно и институционално) на рамката за заштита на лични податоци во Република Македонија согласно добрите ЕУ практики, а се со цел да се осигура дека на граѓаните им се гарантира заштитата на нивните лични податоци преку:

- Понатамошно усогласување на националното законодавство со новите реформи за заштита на лични податоци во ЕУ и позитивните искуства
- Јакнење на механизмите за заштита на лични податоци во различни области
- Развивање и имплементација на нова стратегија за заштита на лични податоци
- Имплементација на ИСО ИТ стандарди и стандарди за приватност.

***Краткорочни приоритети***

Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со ЕУ регулативите во оваа насока, понатамошно уредување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, како и нормирање на ревизијата на заштита на лични податоци.

Ќе се врши континуирана хармонизација на домашна легислатива за заштита на лични податоци во поодделни области со основните начела на Законот за заштита на личните податоци, документите на Совет на Европа, Европска Комисија, користење на добри пракси од земјите членки на ЕУ.

Со цел ефективна имплементација на предвидените стратешки цели во 2016 година ќе се пристапи кон спроведување на кампањи за подигање на јавна свест и нивото на соработка со контролори и обработувачи и подготовка на прирачници по сектори, како и зголемување на бројот на спроведени обуки на контролори/обработувачи. Ќе се продолжи со систематско/квартално следење на состојба од утврдени повреди од инспекциски надзор и изречени прекршочни санкции или изречени глоби од страна Комисијата. Во таа насока ќе се воспостави одржлив систем за континуирана едукација на ученици и професори за начелата и принципите на ЗЛП од основното и средното образование. Ќе се спроведуваат обуки на инспектори и вградување на најдобри ЕУ пракси за on-line инспекциски надзор, а воедно ќе се пристапи кон вклучување на граѓанскиот сектор, образовните институции и медиумите во процесот на подигнување на јавната свест за правото на заштита на лични податоци. Следствено, ќе се пристапи со сертификација од акредитирано сертификациско тело и ќе се продолжи со соработката со локалните младински совети.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се пристапи кон планирање на измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци со цел понатамошно усогласување со acquis, согласно забелешка од Извештајот за напредокот на Република Македонија. Во таа насока ќе се пристапи кон модернизација на Конвенцијата 108 на Советот на Европа која ќе води кон нејзина ратификација со цел да стане составен дел од национална легислатива. Ќе се воведе и правен основ за On-line инспекција и практично спроведување на истата. Ќе се продолжи со следење и зголемување на степенот на извршување на изречените глоби од сторени прекршоци согласно законски надлежности. Планирано е и донесување на нови стратешки документи за следниот период

Во текот на 2017 и 2018 година предвидено е изготвување на Анализа и планирање на активности согласно обврските што се налагаат од членството на Република Македонија во Совет за човекови права на Обединетите нации. Исто така ќе се продолжи со координација и планирање на активности во однос на усогласување на легислатива од различни сектори со прописите за заштита на лични податоци. На среднорочен рок е планирано и воведување на правото на приватност и заштита на лични податоци во основно, средно и високо образование како дел од наставна материја за изучување, како и имплементација на нов механизам за нотификација/регистрирање согласно новата регулатива на ЕУ. Дирекцијата за заштита на личните податоци планира и обука на своите вработените за имплементација на новите промени во легислативата за заштита на лични податоци согласно предлогот за нова регулатива за заштита на лични податоци. Во таа насока ќе продолжи и подобрувањето и примената на информатичко комуникациската технологија во вршење на надлежноста, особено од аспект на инспекциски надзор. Воедно, во планираниот период ќе следи и детален секторски приод при превенирање и санкционирање на имплементацијата на законот за заштита на личните податоци во дел од сектори, како судство, медиуми и слично.

### *Програми и проекти*

- Проект со Град Скопје – „час по приватност“
- ИПА ТАИБ 2012 проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита на лични податоци”, што се финансира од ИПА ТАИБ 2012 програмата
- Норвешки грант за институционално јакнење на Дирекцијата за заштита на личните податоци- „Техничка помош за зајакнување на организациските и институционалните капацитети за заштита на личните податоци“
- TAIEX поддршка

## <u>Слободата на изразување</u>

*(подетално, види 1. Политички критериуми)*

Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП во судовите. Ќе се продолжи со ажурирање на табелите за евиденција на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, во

рамките на кои се води евиденција на практичната имплементација од страна на судиите за членот 10 од ЕКЧП во нивните пресуди, како иќе продолжи праксата на превод и објавување на пресудите од ЕСЧП за членот 10 од Конвенцијата.

## Недискриминација

### *Тековна состојба*

Во првото тромесечје од 2015 година започна да се имплементира првиот системски Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Со донесените подзаконски акти од законот се утврди начинот на спроведување и следење на мерките на заштита од семејно насилство, проценката на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата и ризикот од повторување на насилството и начинот на размената на податоци за семејно насилство помеѓу институциите.

Исто така со цел следење и унапредување на состојбата со семејното насилство како и соработка и координација на надлежните институции и здруженија, Владата на Република Македонија во второто тромесечје од 2015 година формираше Национално координативно тело против семејно насилство со мандат од пет години. Во ова тело членуваат високи претставници од надлежните институции и здруженија, народен правобранител, претставници од Собранието на Република Македонија, судии и јавни обвинители.

### *Краткорочни приоритети*

за успешна имплементација на одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, во 2016 година ќе се донесе Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2020 година. За изработката на овој документ, Министерството за труд и социјална политика формираше Работна група која отпочна со работа во 2015 година. Членови на работната група се професионалци кои работат на проблематиката на семејно насилство од надлежните институции и здруженија.

## Еднаквоста помеѓу жените и мажите

*(види поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)*

## Права на деца

### *Тековна состојба*

Отворени се две пријатни простории за деца изложени на ризик во Гостивар и Кавадарци. Започната е работата на локалните совети за превенција од малолетничко престапништво во општините: Бутел, Кисела Вода и Гази Баба, Дебар, Струга, Аеродром. Изготвена е анализа за спроведувањето на Националната стратегија од детско престапништво. Донесена е програмата за обештетување на малолетници. Во тек е донесувањето на Оперативниот план за спроведување на Националната стратегија од детско престапништво за период 2016-2017 година.

Во тек е имплементацијата на новиот Акциски план за превенција и заштита од сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2014/15 во кој се предвидени активностите на надлежните институции и мерките што ќе бидат превземени за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, односно се планирани и дефинирани активностите за 2014 година и 2015 година. Во текот на 2015 година продолжи спроведувањето на активностите предвидени во Националниот Акциски план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца за 2013 – 2015 година.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2016 година ќе се продолжи со почетни и континуирани обуки за стручните лица во центрите за социјална работа. Исто така се планира да продолжи и процесот на формирање на локалните совети за превенција од детско престапништво.

Во текот на 2016 година ќе се продолжи со развивање на вонистуционалните форми на заштита на децата во ризик и ќе се донесе програма за трансформација на двете установи за социјална заштита за малолетници. Се очекува да продолжи процесот за развивање на едукативните центри за родители во центрите за социјална работа.

Во 2016 година ќе продолжи со работата на веб страницата за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија и подигање на јавната свест и работата на Регистерот за сторителите на вакви кривични дела. Исто така, во 2016 година се планира спроведување на обуки за стручните работници во центрите за социјална работа како и спроведување на други активностите насочени кон обезбедување на средства и механизми за

спроведување на помош и заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија и ќе се унапредува координираниот систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика. Продолжување на функционирање на веб страницата www.stop-pedofilija.org.mk;
Во текот на 2016 година се планира, да се спроведе обука на 60 стручни работници во 30 ЦСР-та за постапување на деца жртви на злоупотреба и занемарување согласно донесениот Протокол.

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2017 година ќе се отворат два центри за деца во ризик и ќе се продолжи со континуираните обуки за стручните кадри во центрите за социјална работа. Исто така ќе се формираат сите локални совети за превенција од детско престапништво.

## Интеграцијата на лица со посебни потреби

***Тековна состојба***

При спроведување на процесот на деинституционализација за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години, се работи на понатамошно унапредување и обезбедување одржливост на услугата од вонинституционална социјална заштита - организирано живеење со поддршка во посебни станбени единици. Во 2015 година продолжија да функционираат 16 станбени единици, 7 во Скопје и 9 во Неготино, во кои организирано живеат вкупно 76 корисници.

***Краткорочни приоритети***

Во 2016 година ќе продолжи обезбедување на одржливост на воспоставените служби за домување, а планирано е и проширување на мрежата на станбени единици за самостојно живеење со поддршка за лица со попреченост во интелектуален развој над 18 години, во рамки на третата служба за домување.

*Среднорочни приоритети*

Имплементацијата на проектот „*Унапредување на услугите за социјално вклучување*“, кофинансиран преку ИПА компонентата 4, кој е започнат на 15 јули 2015 година ќе се одвива до јули 2017 година. Подготвен и одобрен е првиот извештај за спроведување на проектот. Преку проектот ќе се имплементираат активности за воведување и развој на систем за професионална рехабилитација за оспособување на лицата со инвалидност за соодветни занимања и нивно вклучување на отворениот пазар на труд, воведување на услуги за персонална асистенција за лицата со посебни потреби, како и надградба на постојниот ИТ мониторинг софтверски систем за социјални услуги „Лирикус“. Проектот ќе опфати развој на предлог модели за професионална рехабилитација и персонална асистенција, дефинирање на стандарди за услугите, тестирање на предложените модели на услуги, прилагодување на правната рамка и промовирање на услугите меѓу корисниците. Подготвен и одобрен е првиот извештај за спроведување на проектот.

## Заштита на немнозинските заедници и културните права

*(види и 1. Политички критериуми, 3.26 Образование, култура и млади)*

***Тековна состојба***

Агенцијата за остварување на правата на заедниците ги реализираше следните активности:

- Реализирани се 4 партиципативни форуми[180] со сите засегнати страни (граѓански организации, релевантни институции, меѓународни организации):
- циклус на обуки наменети за граѓанските здруженија од заедниците, со цел зајакнување на нивните капацитети за стратешко планирање, раководење со проекти и демократско управување, застапување на интересите и ангажирање на потенцијалите на членството.

Се подготвува Акциски план за имплементација на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците под 20%

[180] На тема: Сесија за планирање за членовите на Партиципативниот форум, Мултикултурализам и интеграција на општеството кое почива на различности, Примена на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Унапредување на законската и институционална рамка за остварување на правата на заедниците

Изготвена е  анализа за состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на локално ниво.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2016 година од страна на Агенцијата за остварување на правата на заедниците предвидени се следните активности:

- Реализација на четири партиципативни форуми  со сите засегнати страни (граѓански организации, релевантни институции, меѓународни организации)  на тема унапредување и заштита на правата на заедниците,
- Изготвување на анализа за состојбите со образованието на јазиците на припадниците на заедниците за 2015 година.
- Изготвување на анализа за состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на централно и локално ниво
- Изготвување на анализа за степенот на реализација на правото на припадниците на заедниците на учество во културниот живот на РМ
- Изготвување на анализа за остварување на правото на пристап до медиумите и правото на информирање на заедниците
- Изготвување на анализа за состојбите со граѓанските организации кои работат на полето на унапредување и заштита на правата на заедниците
- Изготвување на анализа за состојбите со употреба на јазиците и симболите на припадниците на заедниците

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок Агенцијата ги планира следните активности:

- Спроведување на комуникациската стратегија на Агенцијата
- Дообука на вработените како и кадровско доекипирање за спроведување на законските обврски
- Обезбедување на пристап кон донатори со цел обезбедување на дополнителни средства за финансирање на програми и проекти на здруженијата на граѓани и фондации
- Следење на националното законодавство и европските регулативи на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците
- Зголемување на јавната свест за потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците
    - Обезбедување на обуки за вработените и припадниците на невладиниот сектор од заедниците за јакнење на капацитетите на истите.

## 3.24 ПРАВДА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015**

Земјата е **умерено подготвена** за спроведување на *правото на ЕУ* во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со донесување на нови закони и стратешки документи во повеќе области (миграција, перење пари и тероризам). Земјата е на транзитен пат за мешана миграција преку Турција и Грција кон северна Европа. Преземени се итни мерки за справување со хуманитарните последици од регионалната миграциска криза во краток рок, но властите се совладани од ескалацијата на бројот на мигрантите. Меѓународната соработка и спроведувањето на законите, особено во областа на организираниот криминал, останаа силни. Во наредната година, земјата треба особено да:

- го зајакне капацитетот во однос на мешаните миграциски текови на бегалците и економски емигранти, особено рано идентификување на оние на кои им е потребна заштита, ранливите групи и малолетните лица;
- обезбеди ефективно гранично управување и да ги засили активностите против шверцот на и трговија со луѓе, како висок приоритет;
- донесе и да спроведе нова стратегија за борба против тероризам и акциски план, со посебен фокус на мерките за спречување на радикализацијата.

***Резиме:***

***Резиме:***

*Во делот на миграција ќе се донесат Стандардни оперативни процедури за идентификација, профилирање и упатување на ранливите категории на мигранти, и Стандардни оперативни процедури за Прифатниот центар за странци. Ќе се зајакнат националните капацитети за управување со мешаните миграциски текови на бегалци и економски мигранти за краткотраен прифат на мигрантите во привремените транзит центри во зимски како и преку јакнење натехничките капацитети за регистрација на мигрантите. Ќе се донесе нов Закон за странци*[u] *соодветни подзаконски. Ќе се донесе Миграциски профил за 2015-2016 година.*

*Во делот на азил ќе се донесе нов Закон за азил и привремена заштита*[u] *подзаконски како и Стратегија за интеграција на бегалци и странци (2015-2025). Се планира воспоставување база на податоци на барателите на право на азил.*

*Во делтот на визна политика согласно измените на  Законот за странци, ќе се донесе Правилник за начинот на избор на надворешните даватели на услуги за визи, за натамошното усогласување на законодавството на со законодавството на ЕУ/Шенген земјите.*

*Во делот на надворешни граници и граници на шенген зоната ќе се донесе Стратегија за развој на полицијата вклучувајќи ја и граничната полиција, и ќе се јакнат капацитетите на граничната полиција запоефективно справување со мигрантската криза. Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс, како и во делот поврзан со НКЦГУ.*

*Во делот на судска соработка во граѓански и кривични предмети ќе започнат преговорите за склучување на договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Чешката Република, Република Словачка, Полска, како со Руската федерација. Во постапка е воспоставување на софтвер за водење на евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи.*

*Во делот на полициска соработка и борба против организиран криминал ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017 до 2020 година. Во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал ќе се воведе нова Методологија за кадровско екипирање на Одделот, како и воспоставување на Методологија за изготвување на анализа на заканите од организиран криминал на стратешко ниво. Исто така, ќе се воспостави и Методологија за поефикасно надминување на утврдените слабости во водењето на истрагите за финансиски криминал.*

*Во делот на борба против тероризам се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик,  кој ќе се усогласи со Рамковната Одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба*

*против тероризмот, Рамковната одлука на Советот (2008/919/JHA) од 28 Ноември 2008 и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година. Ќе се донесе Национална стратегија за борба против тероризам за периодот 2016-2019 и Акциски план.*
*Во делот на борба против дрога за усогласување на националното законодавство со Одлука 2005/387/JHA на Советот, за размена на информации, анализа на ризик и контрола на психотропни супстанци во 2015 година, ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции.*

## 3.24.1 МИГРАЦИЈА

***Тековна состојба***

Донесена е Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија 2015-2020 година[181].
Потпишан е Протокол за спроведување на Договорот за реадмисија со ЕУ со Словачка и Италија.
До крајот на 2015, ќе се донесе Миграциски профил за 2012-2014 година
Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за странците во насока на посредување на надворешни даватели на услуги во прибирање на барањата за визи и барањата за издавање дозволи за привремен престој во сите земји во кои Република Македонија нема дипломатско-конзуларни претставништва.[182] Со измените се надмина проблемот со комлексноста и времетраењето на постапките за добивање работна дозвола и дозвола за престој заради вработување, работа или вршење самостојна дејност. Воведена е единствена постапка за поднесување барање за дозвола за престој заради работа. Министерството за внатрешни работи е единствен надлежен орган за издавање на дозволата за работа и престој. Измените воведуваат и нов основ за привремен престој во установи за сместување на стари лица.
Обврските преземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој редовно се исполнуваат.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Ќе се донесат Стандардни оперативни процедури за идентификација, профилирање и упатување на ранливите категории на мигранти и Стандардни оперативни процедури за Прифатниот центар за странци со кои се уредува неговата работа.
Ќе се склучат Договори за реадмисија со Република Турција, Косово и Руската Федерација. Ќе се финализираат преговорите за потпишување протоколи за спроведување на Спогодбата за реадмисија со ЕУ, со Грција, Латвија, Литванија.

**Институционална рамка**

Зајакнување на националните капацитети за управување со мешаните миграциски текови на бегалци и економски мигранти преку:

- Подобрување на капацитетите за краткотраен прифат на мигрантите во Привремените транзит центри во Гевгелија и Табановце за зимски услови
- Обезбедување првична идентификација и соодветна обука на персоналот
- Јакнење на техничките капацитети за регистрација на мигрантите.
- Дневна размена на информации за очекуваниот прилив и одлив на мигранти.
- Зајакнување на мерките за безбедност во Привремените транзит центри и на граничните премини.

Зајакнување на регионалните капацитети за понатамошен развој на системите за управување со сензитивната миграција во Западен Балкан и Турција, преку реализација на 4 проектни активности насочени кон:

- Зајакнување на размената на статистички информации и размена на информации на меѓу-регионални и интра-регионални нивоа преку:
  - Развивање на оперативни рамковни договори.
  - Создавање стандардизиран образец за размена на информации
  - Набавка на опрема (софтвер или хардвер) потребна за заедничка сигурна врска за споделување на нелични информации.

[181] Сл. Весник на Р М бр. 8/2015.
[182] Сл. Весник на РМ бр. 217/2015.

- Работилници за обука за собирање на информации.
- Воспоставување на механизам за доброволно враќање на регионално ниво и оперативна соработка со одбраните земји на потекло. Оваа активност ќе се реализира преку:
- Развој на СОП за доброволно враќање.
- Имплементација на пилот активност за помош за доброволно враќање во земјите на потекло.
- Проценка на опсегот за воспоставување на асоцијација на преведувачи во регионот на Западен Балкан преку спроведување на пилот проект за заедничко здружение на преведувачи за Македонија и Србија за арапски јазик, Дари и Пашту.

- Подобрување на идентификацијата и проценката на ранливоста на мигрантите и бегалците и осигурување на постоењето на воспоставени системи за упатување кои функционираат во рамките на националните механизми.

Ќе се стави во целосна функција Интегрираната база на податоци за странци, која вклучува податоци од областа на азил, миграции и визи со поврзување на Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија.
Ќе продолжи спроведувањето на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија 2015-2020, со зајакнат мониторинг над реализација на предвидените мерки и активности.
Ќе се реализираат обуки за спроведување Стандардни оперативни процедури за Прифатните центри со кои се уредува работењето на истите (во соработка со МТСП),како и за спроведување Стандардни оперативни процедури за идентификација, профилирање и упатување на ранливите категории на мигранти (и баратели на азил).

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Со цел континуирано усогласување на националното законодавство со мерките на ЕУ од областа ќе се донесе нов Закон за странци[183]. Исто така, ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за странци.
Ќе се донесе Миграциски профил за 2015-2016 година. Ќе се донесе Закон за регистар на населението во Република Македонија. Исто така, ќе се донесе проект/план за Регистар на населението во Република Македонија.

**Институционална рамка**

Ќе се работи на јакнење на капацитетите и условите за сместување на илегалните мигранти со изградба на нов Прифатен центар за странци. (планирано со ИПА програмата за 2016 година).
Ќе се воспостави Регистарот на населението во Република Македонија.
Ќе се работи на имплементацијата на Регулатива од Европски парламент и Совет на Европа бр.862/2007/ЕС за компилација и статистика на странските работници која се однесува на статистиката на миграциите.
Планирана е ревизија на Проектот Нови лични документи со цел вклучување на медиум за складирање во дозволите за престој, идентичен со медиумот за складирање наведен во Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 1030/2002 на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земји. Воедно, ќе се утврди и еднобразниот формат на дозволите за престој за странците во Република Македонија.

### *Програми и проекти*

- **ИПА Проект 2014-2020-Регионална програма за поддршка за понатамошен развој на системите за управување со сензитивната миграција во Западен Балкан и Турција.** Проектот ќе покрие три главни области:

- идентификација на мигрантите (мешани миграциони текови),
- размена на информации (нелични информации) и

---

[183] Директивата 2003/86/ЕЗ на Советот од 22 септември 2003 година за правото на семејно обединување; Директивата 2003/109/ЕЗ на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји кои се жители со долготраен престој, изменета со Директивата 2011/51/ЕУ на ЕП и Советот од 11 мај 2011 година; Директивата на Советот 2004/114/ЕЗ од 13 декември 2004 за условите за прифаќање на државјани на трети земји за целите на студии, размена на ученици, обука без надомест или волонтерски сервис; Директивата 115/2008 на ЕП и на Советот, од 16.12.2008 година, за заеднички стандарди и постапки во земјите-членки за враќање на државјани на трети земји со илегален престој.

- воспоставување на регионален механизам за враќање (механизми за доброволно и принудно враќање на мигрантите). Партнери на Европската комисија во спроведување на проектот ќе бидат Фронтекс и ИОМ. Вредноста на проектот е 8 милиони евра (5,5 милиони за компонентата имплементирана од Фронтекс и 2.5 милиони евра за за компонентата имплементирана ИОМ).

- **ИПА Програма 2016-** Првата компонента „**Зајакнување на човечки, технички и инфраструктурни капацитети во областа миграција и азил**" со вкупна предвидена вредност од 6,5 милиони евра. Три подкомпоненти и тоа:
- Градење на капацитетите во областа на азил и миграција (советодавна помош),
- Зајакнување на матријално-техничките капацитети за правилно функционирање на политиката за миграција и азил (набавка на опрема за гранична полиција и за одделение за азил) и
- Изградба на нов Прифатен Центар за странци (градежни работи (предвидени се 2,5 милиони евра).

## 3.24.2 АЗИЛ

### *Тековна состојба*

Секторот за азил[184] продолжи со постапување по поднесените барања за признавање право на азил.[185]

Стапија во сила измените на Законот за азил и привремена заштита.[186] Изготвени се Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци.Донесена е Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија за 2015 година.

Финализирани се активностите поврзани со Евалуација на степенот на реализација на мерките и активностите содржани во Националниот акциски план на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008-2015.

Набавена е нова машина за фотографирање на барателите на азил за потребите на ЈУ Прифатен центар за баратели на азил – Визбегово (ПЦ Визбегово).

Реконструкцијата на ПЦ Визбегово е завршена. Проектот во соработка со Језуитска организација за бегалци (JRS) и МТСП е операционализиран со што е обезбеден објект за сместување на ранливи категории на баратели на право на азил.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Донесување нов Закон за азил и привремена заштита[187].

Донесување Стратегија за интеграција на бегалци и странци (2015-2025).

Донесување годишен План за обуки за вработените во Секторот за азил, полициските службеници во ПС за ГН и ПС од општа надлежност, во соработка со УНХЦР и Европската канцеларија за поддршка на азилот (ЕАСО).

Донесување Стандардни оперативни процедури (СОП) за останатите ранливи категории на лица.

Донесување Програма за интеграција на лицата на кои им е признато правото на азил во Република Македонија.

Иницијатива за склучување на Работен договор помеѓу МВР и ЕАСО.

**Институционална рамка**

Планирани се следните активности:

---

[184]Во октомври 2015 година со новата системска организација на МВР, Одделението за азил прерасна во Сектор за азил, и бројот на систематизирани работни места порасна од 17 на 23 извршители.

[185] Од 01.01.2015 до 20.11.2015 поднесени се вкупно 1742 нови барања за признавање право на азил. Издадени се вкупно 22 документи за идентификација на баратели на азил во Република Македонија. Во 2015 година статус на признаен бегалец им е доделен на 4 лица.

[186] „Сл. Весник на РМ" бр.101/2015 Донесените одредби имаат за цел дистинкција меѓу намерата за поднесување на барање за признавање на право на азил и формалниот аспект, односно поднесувањето на барањето за признавање на право на азил, од страна на потенцијалните баратели на азил. Со донесените одредби ќе се надмине, односно превенира проблемот на илегалната миграција, а од друга страна ќе му се олесни на потенцијалниот барател на право на азил пристап до органот кој ја води постапката за признавање на право на азил. До 20.11.2015 г. 71 лице со потврда за намера формално поднело барање признавање на право на азил.

[187] -Усогласување со следните ЕУ прописи: Директива 2001/55/ЕЗ на Советот за определување минимални стандарди во постапката за давање привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица и за мерките за воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите-членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности;Директива 2011/95/ЕЗ на ЕП и на Советот за утврдување на стандардите за лица од трети земји или лица без државјанство кои се корисници на меѓународна заштита, за воедначен статус на бегалците или лица кои се под супсидијарна заштита, и за содржината на доделената заштита; Директива 2013/32/ЕУ на ЕП и на Советот од 26 јуни 2013 година за заедничка постапка при доделување и повлекување на меѓународната заштита;Директива 2013/33/ЕУ на ЕП и на Советот од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита.

- Воспоставување база на податоци на барателите на право на азил за потребите на Секторот за азил со подршка на Меѓународната организација за миграции(ИОМ).
- Проценка на опсегот за воспоставување на асоцијација на преведувачи во регионот на Западен Балкан-спроведување пилот проект за арапски јазик, Дари и Пашту, со подршка на ИОМ во рамките на ИПА2 - (2014-2020) - ,,Регионална подршка на системи за управување со сензитивна миграција во Западен Балкан и Турција"
- Континуирано организирање на обуки за вработените во институциите кои имаат надлежност во областа на азил.
- Вработување на кореспондент во Одделението за азил при МВР.
- Континуирано материјално и техничко зајакнување на Секторот за азил.
- Континуирано материјално,техничко и кадровско зајакнување на Прифатниот центар за баратели на азил.
- Продолжување на соработката со УНХЦР.

***Среднорочни приоритети***
Донесување подзаконски акт кој што произлегува од новиот Законот за азил и привремена заштита.
Изготвување СОП за спроведување на постапката за азил.

Отпочнување на издавањето на биометриски (машинскочитливи) лични карти за лицата со признат статус на бегалец и за лицата под супсидијарна заштита.
Организирање обуки за спроведување на Законот за азил и привремена заштита за сите субјекти кои имаат надлежност во областа на азил.

**Програми и проекти**
- Потпроект**„Оперативна поддршка на Министерството за труд и социјална политика од страна на УНХЦР"**.
- **ИПА 2016 - <u>Компонента 1</u>:** Зајакнување на човечки, технички и инфрструктурни капацитети во областа на миграција и азил (вкупна вредност 6.500.000 ЕУР, имплементатор-ИОМ.[188]
- Проектот **„Унапредување на процедурите за утврдување на идентитет на илегалните мигранти во МАРРИ Регионот„** рок за реалзација: мај 2015-април 2016 година. Цел:воспоставување и функционирање на база на регионални преведувачи на ретки јазици. Истиот е финансиран од Фонд за стратешки програми и фонд за билатерална соработка(FCO Strategic Programme Fund and Bilateral Programme Fund), со кофинансирање од МАРРИ РЦ(вкупна вредност од 67.000 фунти).
- ИПА Проект 2014-2020-**Регионална програма за поддршка за понатамошен развој на системите за управување со сензитивната миграција во Западен Балкан и Турција**. Проектна активност: проценка за воспоставување на асоцијацијата на преведувачи во Западен Балкан – Пилот проект за заедничко здружение на преведувачи за арапски јазик, Дари и Пашту.

## 3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***
Континуирано се следат измените и дополнувањето на визниот режим на ЕУ/Шенген заради усогласување на визниот режим на Република Македонија со истиот.
Континуирано тече обуката за користење на НВИС системот за вработените кои заминуваат на мандат во ДКП на Република Македонија.

***Краткорочни приоритети***
**Правна рамка**
Согласно донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за странци, ќе се донесе Правилник за начинот на избор на надворешните даватели на услуги за визи, што ќе значи чекор напред во натамошното

---

[188] **Поткомпонента 1** - Градење на капацитетите во областа на азил и миграција (советодавна помош) вредност 1.750.000 ЕУР; **Поткомпонента 2** - Зајакнување на материјално-техничките капацитети за правилно функционирање на политиката за миграција и азил (набавка на опрема за гранична полиција и за Секторот за Азил) вредност 2.250.000 ЕУР

усогласување на законодавството на Република Македонија во доменот на визната политика со законодавството на ЕУ/Шенген земјите кои ја регулираат оваа проблематика.

**Институционална рамка**

Ќе продолжи со работа координативното тело за следење на спроведувањето на визната либерализација. Континуирано ќе се преземаат мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји.

Во текот на првата половина од наредната година се очекува да биде извршено поврзување на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи азил, визи и миграции (ИБАС) со Националниот визен информативен систем (Н-ВИС).

***Среднорочни приоритети***

Ќе се продолжи со континуираното спроведување на обуки на виза-одобрувачите и дипломатско конзуларниот персонал за користењето на НВИС системот како и нови обуки во правец на откривање на фалсификувани документи.

Ќе започнат активности за набавка на софтвер за воведување на електронска апликација за визи. Ќе се надгради Визниот центар при Министерството за надворешни работи (МНР) согласно потребите и законските измени.

## 3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА

***Тековна состојба***

Се продолжи со учество во заеднички и координирани операции во организација на регионални и ЕУ агенции, пред се Центар за демократска контрола на оружените сили (ДЦАФ[189]) и Фронтекс[190]. Континуирано се врши размена на информации со Фронтекс, како и со соседните држави преку заедничките контакт центри..

Континуирано се спроведуваа обуки за персоналот и се модернизираше опремата за работа.[191] Континуирано се спроведуваа мешани полициски патроли долж државната граница со соседните земји со кои имаме воспоставено овој вид соработка.[192] Донесена е нова национална Стратегија за развој на интегрираното гранично управување за период 2015-2019, заедно со Акциски план за нејзиното спроведување. Донесен е посебен Акциски план за интегрирано гранично управување за 2016 година. Донесена е Уредба за минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување според категоризација на граничните премини. Успешно се отпочна со реализација на проектот ИПА 2010[193], при што се изработија драфт верзии на Стратегијата и акциски план за развој на полицијата (вклучително и гранична полиција), Антикорупциска програма на МВР, како и Проценка на потребниот број полициски станици(ПС), оптимален број службеници и развивање нов концепт и методологија за управување со ризици.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Донесување Стратегија за развој на полицијата вклучувајќи ја и граничната полиција, Антикорупциска програма на МВР (вклучително и за гранична полиција), како и на Наставната програма за обука, од проектот ИПА 2010.

Донесување Програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2016 година.

**Институционална рамка**

Планирани се следните активности:

- Зајакнување на капацитетите на граничната полиција со цел поефективно справување со мигрантската криза.

---

[189] Centre for the Democratic Control of Armed Forces / DCAF

[190] Припадниците на граничната полиција учествуваа во вкупно 5 заеднички операции на Фронтекс и 4 заеднички и координирани операции во организација на ДЦАФ

[191] Заклучно со месец октомври, реализирани се вкупно 133 обуки на кои учествувале вкупно 5,560 припадници на граничната полиција.

[192] Заклучно со месец ноември 2015, реализирана е вкупно 423 мешана гранична патрола (Со Србија-107, со Албанија-100, со Косово-99 и со Бугарија-107)

[193] ИПА 2010 – Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борба против организиран криминал

- Спроведување обуки за припадниците на граничната полиција согласно Наставната програма за напредни и специјални обуки за граничната полиција, со посебен акцент на обуките во областа на идентификацијата, профилирањето и системите за упатување, заедно со другите субјекти кои имаат првичен контакт со мигрантите.
- Ажурирање и континуирано спроведување на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор, и на мешовитите полициски станици.
- Развивање соработка со соседните држави во поглед на сузбивање на прекуграничен криминал и илегална миграција, преку продолжување на реализација на мешовитите патроли и соработка преку заедничките контакт центри, како и настојување овој вид соработка да се воспостави и со Република Грција.
- Продолжување со учество во заеднички и координирани операции во организација на регионални и ЕУ агенции, пред се ДЦАФ и Фронтекс, како и организирање на вежбовни активности со соседните држави.
- Развивање на концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локални полициски служби и регионалните центри за гранични работи во Бирото за јавна безбедност.
- Подобрување на оперативните капацитети на мобилната единица за поддршка, преку континуирана набавка на опрема и обуки.
- Спроведување на потпишаните меморандуми за разбирање меѓу институциите што имаат надлежност во ИГУ (континуирана активност) и иницирање на постапки за потпишување нови меморандуми за соработка.
- Изработка на редовни месечни и квартални извештаи за анализа на ризик од страна на НКЦ_ГУ, како и на годишна Анализа на ризици и опасности за потребите на институциите вклучени во ИГУ.
- Спроведување заеднички обуки за субјектите што имаат надлежност во ИГУ.
- Спроведување на Годишниот акциски план за интегрирано гранично управување за 2016 година и донесување Годишен акциски план за 2017 година.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Ќе се донесе нов Закон за странци, со што ќе се изврши усогласување со одредбите од Шенгенскиот граничен кодекс[194], како и Правилник за странци, кој што во оваа област ќе се усогласи со Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс, во делот на пропишување на образец-решение за одбивање на влез.

Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс, како и во делот поврзан со НКЦГУ.

Предвидено е изменување и дополнување на подзаконските прописи што произлегуваат од Законот за гранична контрола.[195]

Се планира донесување нов Практичен прирачник „Стандардни оперативни процедури за гранична контрола со цел усогласување со препораките и најдобрата пракса за гранично работење пропишана со Шенгенскиот прирачник(C(2006)5186 финален)".

**Институционална рамка**

- Имплементација на Акциски план за спроведување на Стратегија за полиција вклучувајќи ја и граничната полиција. Антикорупциска програма за граничната полиција и на Наставна програма за обука, од проектот ИПА 2010.
- Оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата на ПС за гранични проверки и ПС за граничен надзор.
- Подобрување и зајакнување на капацитетот на проверки на патните исправи во согласност со барањата на ЕУ и најдобрите практики.

---

[194] Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот Парламент и на Советот за основање на Кодекс на Заедницата за правила со кои се регулира движењето на луѓето преку границите

[195] Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор (усогласување со Анексите 2, 6 и 7 кон Шенгенскиот граничен кодекс ШГК), Правилник за начинот на преминување на внатрешната граница, Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез од Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба (усогласување со Анекс 4 кон ШГК) и Правилник за обликот, содржината и начинот на поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација (усогласување со Анекс 3 кон ШГК)

- Зајакнување на оперативната ефективност преку подобрување на можностите за откривање, пресретнување, мобилност и реакција.
- Имплементација на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување, за период 2017-2019.
- Развивање (ажурирање и анализа) на програма за заеднички обуки.
- Натамошен развој на НКЦГУ преку операционализација на ИТ системот за размена на информации, надградба на ИТ системот за ИГУ и надградба на ИТ опремата за поддршка на НКЦГУ.
- Натамошен развој на ИГУ (Техничка помош, сервис и набавка) преку натамошна институционална надградба на граничната полиција со посебен фокус на унапредување на процедурите за гранична контрола и развој на капацитетите на граничната полиција за анализа на ризик.
- Усогласување на методологијата за изработка на Анализата на ризици и опасности со ФРОНТЕКС.
- Измени и дополнување на постоечките договори (со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување), со цел продлабочувањето на размена на информации и проширување на соработката со нови содржини и во насока на зајакнување на меѓуагенциска соработка и координација.

**Програми и проекти**

- **Стратешки план на МВР 2014-2016 –** Спроведување на потпрограма „Гранични работи и миграции" во функција на програмата „Јавна безбедност", што има за цел создавање ефикасна гранична полиција, оспособена за работа согласно стандардите на Европската унија и развој на прекугранична полициска соработка со соседните држави.
- **ИПА 2010 – Проект за Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал**, со кој што се предвидува донесување Стратегија и Акциски план за развој на полицијата (вклучувајќи ја и граничната полиција), усвојување на Антикорупциската програма, вршење проценка за потребниот број на полициските станици, оптимален број на полициските службеници и опрема, развивање на нов концепт и методологија за управување со ризици и усвојување на Наставната програма за обука на граничната полиција.
- **ИПА 2011 - Проект „Владеење на правото",** во рамките на кој е предвидено развивање на концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локални полициски служби и регионалните центри за гранични работи во Бирото за јавна безбедност. Подготвителната фаза на проектот започна во септември 2015 година.
- **Проект „Хотспот на гранични премини",** со цел обезбедување на важни информации на патниците при влез во државата, кои ќе се однесуваат на одредбите од законските прописи кои се од нивен интерес (дозволена брзина при управување со моторно возило, пријавување на престој на странци и сл.) Отпочнати се подготвителни активности со цел реализација на овој проект, и се планира завршување на истиот во наредениот среднорочен период.
- **Проект „Зајакнување и проширување на главната мрежа со оптички кабли"** кој што предвидува и поставување нови безжични линкови на недостапните места од зелениот граничен појас, со цел подобрување на квалитетот на врските и зголемување на податочниот проток. Реализација на активностите е условена од динамиката на издвојување на финансиските средства.
- **Проект „Отворен регион"** со кој ќе се продолжи со промоција на поголема мобилност и подобра комуникација на македонските државјани со нивните блиски кои живеат во соседните држави, посебно во пограничните региони.
- **Проект на МАРРИ – „Поддршка на соработката меѓу граничните полиции на аеродромите во југоисточна Европа".** Реализација на проектот започна на 1 јануари 2013 и ќе трае 3 години. Целта на проектот е да им помогне на граничните полиции на меѓународните аеродроми на земјите од југоисточна Европа[196], во нивните напори за борба против илегалната миграција и против тероризмот и криминалот, со цел да се обезбеди високо ниво на безбедност на одржлива и трајна основа. Проектот е финансиран од Швајцарската конфедерација и е ко-финансиран од страна на МАРРИ.

[196] Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија и Србија

## 3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО ГРАЃАНСКИ И КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

***Тековна состојба***

Во постапка на ратификација се Договорот помеѓу Република Македонија и Црна Гора за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и Договорот помеѓу Република Македонија и Црна Гора за меѓусебно признавање и извршување на судски одлуки за кривична материја.

Во постапка на парафирање од страна на шефовите на експертските групи на министерствата за правда на Република Македонија и Република Италија е дополнителен договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година и Европската конвенција за екстрадиција од 13.12.1957 година, по што се очекува негово потпишување.

Со Република Косово се парафираше Договорот за меѓусебна правна помош во граѓанската област, по што истиот се очекува да биде потпишан и ратификуван.

Во периодот од 01.01.2015 година заклучно со 01.11.2015 година заведени се вкупно 105 нови предмети за екстрадиција а 40 барања се однесуваат на трансфер на осудени лица, кои казната затвор ја издржуваат во странство, а имаат поднесено молба за трансфер во Република Македонија и обратно, странски државјани кои казната затвор ја издржуваат во Република Македонија, а бараат преостанатиот дел од казната да го издржуваат во нивната земја.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Ќе започнат преговорите во однос на склучување на договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Чешката Република, Република Словачка, Полска, како со Руската федерација.

Исто така, се очекува потпишување на Билатерален договор меѓу Република Македонија и Државата Катар за судска соработка и Билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Бугарија за екстрадиција.

**Институционална рамка**

Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со спроведувањето на обуки за судиите во областа на судската соработка во граѓанска и кривична материја и во рамки на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на судската соработка во граѓанска и кривична материја“.

Во постапка е воспоставување на софтвер за водење на евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи.

***Среднорочни приоритети***

Ќе се поднесе предлог иницијатива за склучување на Билатерален договор во кривичната и граѓанската материја меѓу Република Македонија и Канада, САД, Австралија, Кина и други земји.

Ќе продолжи соработката со ЕВРОПРАВДА, исто така и преку организација на обуки, семинари и работилници за судиите во областа на судската соработка со граѓанска и кривична материја.

***Програми и проекти***

- ИПА Твининг проект „Зајакнување на судската соработка во граѓанска и кривична материја

## 3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

***Тековна состојба***

Усвоен е Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за Полициска соработка[197].

Офицерот за врска во Европол, Хаг-Холандија, беше упатен на 01.07.2015 година и со упатувањето, формирано е и Биро за врски на Република Македонија кое ќе овозможи непосредна соработка помеѓу Република Македонија и другите земји членки на ЕУ и трети партнери.

Потпишан е Меморандумот за соработка меѓу полициите на Македонија, Црна Гора, Албанија и Косово за воспоставување на експертска група за преземање мерки против недозволената трговија со оружје во ЈИЕ, како и за регулирање на начининот за заемната соработка. Експертска група ќе ги подигне на едно повисоко рамниште –

[197] Сл. на РМ, бр. 130/2015 од 31.07.2015 година

превенцијата, ефикасноста, оперативноста и соработката во справувањето со овој вид криминал. Функционирањето на експертската група ќе даде конкретен придонес и во зголемување на оперативната соработка и доверба меѓу земјите во регионот, но и со земјите членки на Европската унија.
Според најновиот Извештај на Стејт Департментот, исто како и за 2008, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014 година, повторно и во 2015 година, Република Македонија е рангирана во групата ТИЕР 1 – држави кои што целосно ги исполнуваат стандардите за борба против трговијата со луѓе.
Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е добитник на првата награда за најуспешно реализирана акција за разбивање меѓународна криминална група што вршела нелегална терминација на меѓународен во национален телефонски сообраќај. Наградата е доделена од регионалната организација СЕЛЕК во која членуваат 12 земји од Југоисточна Европа.
Во рамки на ИПА програмата 2011 во МВР започна имплементацијата на твининг проектот - "Развивање на напреден систем за собирање на информации и анализа за борба против организираниот криминал ". Целта на проектот е развивање на капацитетите и методите за работење со разузнувачки информации и анализа во рамки на централните, регионалните и локални полициски служби и регионалните центри за гранични работи при Бирото за јавна безбедност на МВР во борбата против организираниот криминал. Времетраењето на проектот е 21 месец, а за имплементацијата како твининг партнер е избрана Федералната криминалистичка служба на Република Австрија.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција која ќе биде за период од 2017 до 2020 година.
Планирано е донесување на Антикорупциска програма за Одделот за сузбивање на сериозен и организиран криминал.
Ќе се донесе Национална и Регионална проценка за закани од сериозен и организиран криминал (Македонија, Србија, Црна Гора).

**Институционална рамка**

Во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во насока на зајакнување на капацитетите ќе се воведе нова Методологија за кадровско екипирање на Одделот, како и воспоставување на Методологија за изготвување на анализа на заканите од организиран криминал на стратешко ниво. Исто така, ќе се воспостави и методологија за поефикасно надминување на утврдените слабости во водењето на истрагите за финансиски криминал.
Капацитетите на Секторот за комјутерски криминал и дигитална форензика за спроведување на истраги и постапување со електронски доказен материјал ќе се зајакнуваат, преку:

- воспоставување процедури, спроведување истраги и управување со електронски доказен материјал,
- набавка на опрема и обука на извршителите.

Ќе започне да се развива концептот на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локални полициски служби во МВР, како и воспоставувањето на база за криминалистички истраги и разузнавање за сериозен и организиран криминал.

За подобрување на меѓународната полициска соработка во делот на спроведувањето истраги, предвидено е иницирање, учество и водење на меѓународни истраги за трговија со луѓе и илегална миграција. Покрај оваа мерка, предвидено е изнаоѓање начин за утврдување на идентитетот на мигрантите и жртвите на трговија со луѓе, се со цел остварување на правата на жртвата во кривичната постапка.
Ќе се спроведуваат обуки за припадници на граничната полиција согласно Наставната програма за 2016 година за напредни и специјални обуки за граничната полиција, со посебен нагласок на обуките во областа на идентификацијата, профилирањето и системите за упатување, заедно со другите субјекти кои имаат првичен контакт со мигрантите, како и обуките за борба против трговија со луѓе.

## *Среднорочни приоритети*

**Институционална рамка**

Согласно Планот на планирани проекти на Министерството за внатрешни работи 2016-2018, воспоставувањето на Националната криминалистичка разузнавачка база на податоци (НРБП) е планирано до 2018 година. Таа ќе воспостави систем за рано предупредување и подобра координација и автоматска размена на податоци во реално време меѓу институциите надлежни за спроведување на законот.[198] Со Акцискиот план за реализација предвидени се проекти кои треба да допринесат за развивање на солидна основа за развивање на НРБП, меѓу поважните проекти кои се реализираат се:

- Модернизација на Централниот систем ХОСТ, кој ќе овозможи интероперабилност со други институции во реално време.
- Воведување систем за информациска безбедност кој опфаќа подигнување на степенот на физичка заштита, непрекинато напојување со електрична енергија, противпожарна заштита, издвојување на мрежата за користење Интернет и регулирање на пристапот до класифицирани информации.
- Воспоставување Центар за непречено продолжување со работа на електронските системи во случај на катастрофа.

За унапредување на службата за криминалистичка техника согласно стандарди на ЕУ и акредитација на лаборатории во Оддел за криминалистичка техника, ќе се обезбеди акредитирана форензичка служба, усогласена со барањата на истрагата која истовремено ќе ги исполнува стандардите кои се очекуваат од прогресивна форензичка институција.

### *Програми и проекти*

- **ИПА 2010** – Натамошно јакнење на институционалниот капацитет во полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал, во вредност од 1.750.000,00 евра од кои 175.000,00 евра со национално кофинансирање. Во рамките на овој проект предвидени се компоненти: (1) Развој на капацитетите на Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал со воведување на нова методологија за кадровско екипирање и методологија за изготвување на анализа на заканите од организиран криминал на стратешко ниво и (2) Зајакнување на капацитетите за борба против финансиски и компјутерски криминал. (3) Зајакнување на оперативните капацитети на Граничната полиција во борбата против нелегалната трговија. (4) Зајакнување на капацитетите на униформирана полиција од општа надлежност. Времетраење на проектот е 2014-2016 година. Со овој проект предвидено е изготвување на методологија и стандардни оперативни процедури за водење финансиски истраги, како и обука за спроведување на финансиските истраги, согласно новите СОПи. Покрај тоа, преку проектот ќе се изработи и Стратегија за развој на полиција и Акциски план за нејзино спроведување, чие донесување претстои.
- **ИПА 2012-2013- Правда, внатрешни работи и фундаментални права.** Вкупната вредност на проектот е 8.450.000 евра
- **Проект:** Понатамошно јакнење на капацитетите за организиран и сериозен криминал. Вкупната вредност на проектот е 1.5 милиони евра.
- **Проект: Воспоставување центар за непречено продолжување со работа на електронските системи во случај на катастрофа**. Во рамки на овој проект ќе се изгради објект на оддалечена локација во кој стратешки ќе се поврзат повеќе државни институции согласно Шенгенските стандарди и ќе се овозможи зачувување на податоците и непречено продолжување со работа на електронските системи во случај на катастрофа. Во првата фаза ќе се изгради објектот, а во втората фаза ќе се набави опрема. Во првата фаза 3,5 милиони евра се обезбедени од ИПА средства. Втора фаза е 7 милиони евра. Се очекува ИПА средства да се обезбедат и за втора фаза.
- **Проект на Совет на Европа -Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за надзор во Република Македонија**". Проектот започна да се спроведува на 1 декември 2015 година, со времетраење од 5 месеци и буџет во вкупна вредност од 130.000 евра. Проектот ќе придонесе за вршење на анализа на состојбата, а ќе се работи на развивање на најсоодветен модел за независен механизам за надзор за следење на работата на полицијата, со цел изготвување на закон со кој ќе се уреди основање на нова, независна институција која ќе функционира во системот на надворешна контрола над полицијата.
- **Билатерален проект со Норвешка – „Развој на системот на управување со електронски доказен материјал"**. Целта на овој проект е да се истакнат најважните елементи неопходни за правилно и ефикасно

[198] Министерство за внатрешни работи, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа на финансиска полиција, Управа за финасиско разузнавање, Јавно обвинителство и други.

функционирање на  Одделението за дигитална форензика, а со цел воведување на: систем за контрола при работа со електронскиот доказен материјал; систем за електронска контрола при управување со електронскиот доказен материјал (прием, евидентирање и приоритизација ); безбедносен  систем за заштита на електронски доказен материјал; систем за чување и архивирање на електронскиот доказен материјал и негова  анализа; нови и надградување на старите форензички алатки за анализа. Проектот е со вредност од 760.000 евра од кои 160.000 се национално кофинансирање.

## 3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

### *Тековна состојба*

Донесен е нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[199]. Законот ги имплементира препораките дадени во извештајот на Монивал Комитетот по спроведената евалуација во рамки на 4ᵒᵗ круг на евалуација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Исто така, Законот ги имплементира и новите препораки на ФАТФ.

Беше донесена нова систематизацијата на Агенција за разузнавање со која се регулира организациската поставеност, условите за засновање работен однос и критериумите за извршување соодветни работни задачи, како и проширување на бројот на работни места за извршување задачи во однос на зголемените глобални закани, илегалната миграција и тероризмот.

Со донесување на новата систематизација на Министерството за внатрешни работи, во Бирото за јавна безбедност, во одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал е формирана Единица за сериозен криминал и тероризам чија надлежност е водење на криминалистички истраги за кривични дела поврзани со тероризмот.

Континуирано се спроведуваат обуки на вработените во УБК.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој ќе се усогласи со Рамковната Одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот (2002/475/JHA) и Рамковната одлука на Советот (2008/919/JHA) од 28 Ноември 2008 и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.

Ќе се донесе Национална стратегија за борба против тероризам за периодот 2016-2019 година, со која ќе се дефинираат идните мерки за сузбивање на тероризмот. Истовремено ќе се донесе и Акциски план за спроведување на Националната стратегија**.**

Планирано е пристапување кон Дополнителниот Протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.

Ќе се донесе Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам (НРА), како и Акциски план за  спроведување на мерките и активностите утврдени со НРА. НРА се реализира заради исполнување на Препораката 1 на ФАТФ. НРА претставува комплексен процес во рамките на кој се утврдуваат и проценуваат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, се анализираат главните извори и ризик фактори со цел развивање на политики, мерки и алокација на ресурсите врз основа на проценетиот ризик заради отстранување, намалување и  ублажување на утврдените ризици на најефикасен начин. Крајна цел на овој процес е одржување ефикасен систем врз основа на ризик за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Овој проект се реализира врз основа на методолигјата утврдена од страна на Светска банка, од страна на надлежните институции и субјекти вклучени во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, координирани од страна на Управата за финансиско разузнавање.

**Институционална рамка**

Продлабочување на соработката со:

- НАТО, односно со НОС (НАТО канцеларија за безбедност),ИЛУ (Разузнавачка единица за врски) и ТТИУ (Разузнавачка единица за терористички закани);
- Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуцијата 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001;

---

[199] Сл. Весник на РМ бр. 130/14

- ЕВРОПОЛ, ЕВРОПРАВДА, СЕКИ, ИНТЕРПОЛ;
- РАН (Мрежа за свест за радикализација) [200]Европски контра-терористички центар во рамки на Единица за интернет упатување на ЕУ [201]за борба против терористичката пропаганда и насилниот екстремизам на интернет

Активно учество во рамките на Конференцијата на разузнавачките служби на ЈИЕ (СЕЕИК) и Средноевропската конференција (МЕК).

***Среднорочни приоритети***

Ќе се донесе Закон за заштита на критичната инфраструктура, во согласност со Директивата на Советот 2008/114/ЕЗ за идентификувањето на европската критична инфраструктура и проценка на потребата за подобрување на нивната заштита.

Ќе се донесе нов Закон на Агенција за разузнавање во насока на негово усогласување со повеќе нормативно-правни акти, веќе донесени во Република Македонија и ќе регулираат повеќе сегменти од работата на АР (демократската контрола и надзор, заштита на класифицирани информации, статусот, правата и овластувањата на вработените, работните односи, меѓународната соработка и др).

Ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната Конвенција за заштита на присилно исчезнати лица.

Врз основа на заклучоците од спроведената Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам, ќе биде изготвена Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам и Акциски план за реализација на целите предвидени со Стратегијата.

***Програми и проекти***

- **Проект:** "Зајакнување на капацитетите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија" - за унапредување на демократијата и владеењето на правото преку спречување и контрола на перењето пари и финансирање на тероризам во согласност со евроските и другите меѓународни стандарди, во соработка на Советот на Европа со Управата за финансиско разузнавање, а во рамки на Проектот на Југо-источна Европа, во 2016 година ќе започне неговото спроведување. Со планирани активности на полето на легислативата, институционалната рамка, персоналните и оперативните капацитети целта на проектот е да ги унапреди капацитетите на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија.

## 3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

***Тековна состојба***

Иако севкупното законодавство во областа на дрогите е хармонизирано со меѓународните стандарди, Република Македонија ги следи предизвиците со кои се соочуваат земјите на ЕУ во однос на новите психоактивни супстанции и постапува соодветно.

Во 2015 година продолжија успешните активности во борбата против криминалот поврзан со дрога на национално ниво и во меѓународни рамки. Службите на МВР и Царинската управа ги реализираат своите активности во соработка со Европол, Интерпол, Светската Царинска Организација, исто така и со сите други релевантни меѓународни институции.

Борбата против недозволената трговија со дрога, како еден од приоритетите на новата Национална стратегија за дрога 2014-2020 год, во делот Намалување на снабдувањето на дрога, континуирано бележи евидентни успеси. Спроведувањето на успешни операции против организирани криминални групи инволвирани во криумчарење на дрога, успешни операции во кои беа пресечени меѓународни канали, пораст на запленетата дрога, елиминирани организатори на криминални групи се само дел од остварените резултати на полициските служби.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Заради усогласување на националното законодавство со Одлука 2005/387/JHA на Советот, за размена на информации, анализа на ризик и контрола на психотропни супстанци во 2015 година, ќе се донесе Закон за

[200] RAN (Radicalisation awareness network);

[201] European Union Internet Referral Unit (EU IRU)

изменување и дополнување на Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции. Во измените, соодветно, ќе бидат земени предвид и новите ЕУ-мерки кои се во тек на донесување и на ниво на ЕУ.

**Институционална рамка**

Со цел ефикасно справување со трговијата на дрога, се предвидува спроведување на паралелни финансиски истраги насочени кон организираните криминални групи, чија дополнителна цел е спречување на перење на пари стекнати преку трговијата со дрога.

Ќе се работи на унапредување на соработката со националните и меѓународните надлежни институции преку размена на информации и профилирање на организираните криминални групи, како и учество во сите меѓународни операции.

Ќе се идентификуваат т.н. „дизајнирани дроги“ како нова форма на психотропни супстанции.

***Среднорочни приоритети***

Предвидено е донесување на Акциски план за периодот 2017-2020 година согласно Националната стратегија за борба против дроги.

## 3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

***Тековна состојба***

Капацитетите за разузнавање се подобрени со консолидирање на електронската разузнавачка база на податоци и ставање во примена на Упатството за користење на истата.

Спроведени се стандардите на Светската царинска организација за зајакнување на безбедносниот и трговскиот режим, така што се донесени две стратегии, поддржани со акциски планови, и тоа:

- Стратегија за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето и
- Стратегија за спречување на нелегална трговија со оружје.
- Стратегија за заштита на правата од интелектуална сопственост

На овој начин е подобрен оперативниот капацитет и контролата како и примената на законите во доменот на Секторот за контрола и истраги во Царинската управа.

***Краткорочни приоритети***

- Унапредување на соработката преку Сектор за меѓународна полициска соработка - Одделение за национално централно биро за размена на информации за осомничени лица инволвирани во криминални активности.
- Унапредување на соработката на регионално ниво преку размена на информации во реално време преку заеднички контакт центри со соседните држави, унапредување на соработката на меѓународно ниво преку интензивирање на соработката со сите институции и организации преку размена на информации, учество во работни групи за одредени области на криминалитет, како и преку учество во сите меѓународни операции и проекти.

***Среднорочни приоритети***

Со цел олеснување во пристапувањето кон Конвенцијата за употреба на информатичка технологија за царински цели, во тек е понатамошен развој на ИТ системите во Секторот за контрола и истраги.

Ќе се продолжи со измена и дополнување на соодветни интерни акти, со цел пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка меѓу царинските служби.

## 3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО

***Тековна состојба***

Институциите надлежни за борба против фалсификување на еврото (МВР, Јавно обвинителство и Народната банка на Република Македонија) станаа членови на Меѓународната група за борба против фалсификување на еврото. Во текот на 2015 се креираше Мрежа од експерти од полиции и Централни банки „Балканска мрежа за заштита на

еврото“[202], која започна со размена на АЛЕРТ пораки, со очекување дека соработката и размената на податоци ќе се интензивира во иднина .

Овозможен е пристап на сите Сектори за внатрешни работи во МВР до базата за фалсификувани пари, која ја менаџира Централната канцеларија.
Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари ќе се зајакне со материјално техничка опрема.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Склучување на Договор за соработка со Европската централна банка за банкноти и Народната банка на Република Македонија.
Иницирање на потпишување на Договор за соработка против фалсификувањето на еврото со Европската комисија за монети и Народната банка на Република Македонија.

**Институционална рамка**

Воспоставување на надградената база во рамки на НБРМ која ги интегрира двата модула за водење евиденции за фалсификување на пари.
Обезбедување екстерен пристап за Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари до базата на податоци за фалсификувани пари во НБРМ.
Централната канцеларија за истраги ќе спроведе анализа на функционирањето на воспоставената база на податоци за фалсификувани валути и ќе изготви препораки за нејзино унапредување Анализа на недостатоците во функционирањето на Централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари и изготвување на препораки за подобра ефикасност и унапредена соработка.
Спроведување систематски координирани обуки на кадарот од страна на Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари НБРМ, Царинската управа, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи за препознавање на фалсификувани валути и користење на базата за фалсификувани пари.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Склучување на Договор за соработка против фалсификувањето на еврото со Европската комисија за монети и Народната банка на Република Македонија.
Измена на Кривичниот Законик во насока на усогласување на кривичното дело “фалсификување на пари“ со Рамковна одлука на советот (2000/383/JHA) од 29 мај 2000 година, за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување.

**Институционална рамка**

Развивање методологии (Стандардни оперативни процедури - СОП) за функционирањето на Централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари и за користењето на базата на податоци за фалсификувани пари**.**
Поврзување на сите надлежни институции[203] преку НКЦ со Базата на податоци за фалсификувани пари воспоставена во МВР.

**Програми и проекти**

**Проект ИПА 2010 - Натамошно зајакнување на институционалниот капацитет во полициската служба** (Компонента 3: Јакнење на капацитетите за борба против финансиски и компјутерски криминал). Вредноста на проектот е 1.750.000,00 евра од кои 175.000,00 евра се национално кофинансирање. Времетраење на Проектот 2014-2016 година.

[202] „Balkan network for euro protection“
[203] Царинска Управа, Управа за финансиска полиција и Народна банка на Република Македонија.

# 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Постои **добро ниво на подготовка** во областа на науката и истражувањето. Постигнат е добар напредок во однос на активностите поврзани со иновации, како и во однос на почетното и активно учество во програмата на ЕУ за истражување и иновации „Хоризонт 2020“. Во наредните години земјата треба да се фокусира на:

- активности за зајакнување на капацитетите за истражување во согласност со Европската истражувачка област;
- зголемување на нивото на инвестициите во истражувањето, особено од страна на приватниот сектор.

***Резиме***

*Во рамки на политиката на истражување и понатаму приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016-2020 година, како и продолжување со спроведување на Стратегијата за иновации 2012-2020. Република Македонија активно ќе ги спроведува мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.*

*Во доменот на искористување на можностите на Рамковната програма “Хоризонт 2020” приоритет е зголемување на учеството на малите и средни претпријатија и искористување на активностите “Марија Склодовска Кири”. Промовирањето на програмата од страна на националните контакт-лица ќе се интензивира со цел анимирање на научната и бизнис-заедница и зголемување на бројот на успешни апликации.*

*Република Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА) преку зајакнување на придонесот на македонските претставници во високите работни тела на ЕРА, преку зајакнување на соработката со Заедничкиот истражувачки центар (ЗИЦ) на ЕУ како и преку развивање на билатералната и мултилатералната соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите*

## 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Подготвена е нацрт-верзијата на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност на Република Македонија 2016-2020 година. Во согласност со измените на Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за високо образование, се наметна потреба од донесување на нова Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност (2016-2020). Со програмата ќе се утврдат целите, содржината и обемот на задачите во областа на високото образование и науката, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно-истражувачката дејност, човечките ресурси во областа на науката и високото образование, како и показателите на успешност на научно-истражувачката дејност.

Во согласност со Законот за иновациска дејност основан е Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТЗ) кој врши работи поврзани со финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика. Основна дејност на Фондот е промовирање и поттикнување на иновациската дејност и подобрен пристап до финансии за иновации и технолошки развој. Фондот нуди финансиска помош преку четири инструменти: кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт-ап и спин-оф; кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; кофинансирани грантови за трансфер на технологии и кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори. Финансиските средства за горенаведените инструменти, во износ од околу 9 (девет) милиони евра се обезбедени преку заем од Светска банка во рамки на проектот „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“. Под надлежност на Фондот е и обезбедување на финансиска поддршка преку инструмент за техничка помош, шеми за коинвестирање со инвеститори и инвестициски фондови, како и основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции.

Продолжува успешното имплементирање на Стратегијата за иновации 2012-2020 и истото се следи од страна на највиското политичко тело задолжено за креирање на политиките за иновации и претприемништво: Поткомитетот за иновации и претприемништво. Во завршна фаза е подготовката на Нацрт-акцискиот план за периодот 2016-2018 за спроведување на Стратегијата за иновации 2012-2020, кој е подготвен врз основа на добиените информации од сите релевантни институции.
Како дел од Стратегијата за иновациска дејност на Република Македонија 2012-2020, Министерството за образование и наука (МОН) иницираше основање на Националната канцеларија за трансфер на технологии (НКТТ), како прво институционално партнерство на принцип на троен хеликс. Нејзиното формирање и функционирање ќе биде поддржано од Проектот на Светска банка "Skills".

Република Македонија продолжува да ја зајакнува регионалната соработка преку спроведување на мерките и активностите предвидени во Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации која се однесува на земјите од Западен Балкан.
Една од активностите е основањето на центар за нејзина имплементација, т.н. ВИСЕ ([204])центар. Имено, во рамки на Регионалната министерска конференција, министрите надлежни за политиките во областа на истражувањето и иновациите на земјите од Западен Балкан го потпишаа Договорот за Центарот за истражување и иновации на Западен Балкан–ВИСЕ. Договорот го регулира основањето, мисијата и активностите на ВИСЕ-секретаријатот. ВИСЕ-секретаријатот е меѓународна, непрофитна организација во сопственост на државите-потписнички. Неговата улога е да го зајакне регионалниот истражувачки и иновациски систем преку обезбедување на поддршка, информации и препораки на земјите-потписнички и јакнење на соработката во областа на истражувањето и иновациите на регионално, меѓународно и европско ниво.
Друга активност која произлегува од Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации на земјите од Западен Балкан е подготовката и усвојувањето на Регионална програма за мрежа на извонредност. Регионалната програма за мрежа на извонредност е втората од четирите програми предвидени во Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации на земјите од Западен Балкан. Оваа програма има за цел да ја зајакне видливоста и релевантноста на истражувањето и неговото користење со создавање на критична маса на ресурси (човечки, физички и финансиски) кои се потребни за генерирање на врвни светски резултати во селектирани области и да се достигне влијание на локално ниво. Со програмата ќе бидат финансирани одредени заеднички програми на активности, кои ќе бидат составени од низа интегрирани активности кои опишуваат како партнерите ќе соработуваат во насока на меѓусебно надополнување и развивање на заемна специјализација, надградувајќи ги своите силни страни и намалувајќи ги своите слабости.

Успешно се реализира проектот „Превод на 1000 стручни книги и учебници од кои се учи на најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија". Вкупниот број на преведени наслови достапни за јавноста изнесува 919.

Континуирано се одвива акредитацијата на инсталираните лаборатории од областа на информатички науки, техничко-технолошки, медицински, природно-математички, биотехнички, општествено-хуманистички науки, како и од областа на безбедноста во рамки на проектот „Опремување на лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност".
За обезбедување на финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар објавени се конкурси за доделување на стипендии за академската 2015/2016 година за:
- студии од втор циклус во странство (доделени 11 целосни стипендии)
- студии од прв и втор циклус на Академијата за филмска и ТВ уметност (ФАМУ), Прага, Република Чешка (нема поднесено барања)
- студии од трет циклус (докторски) во странство (не е доделена ниту една стипендија)
- *студии од втор циклус на ЈНУ Институт за филм, Филмска академија - Охрид*
- *студии од прв и втор циклус за изучување на старотурски (отомански) јазик на некој од светските универзитети (доделени 4 стипендии)*

[204] Центар за истражување и иновации на Западен Балкан – ВИСЕ (WISE-Western Balkans Innovation Strategy Exercise Facilty)

- вонредни двегодишни студии од втор циклус (магистерски) во рамки на извршната програма за бизнис администрација (МБА) на СИТИ Колеџот во Солун, при Универзитетот Шефилд од Велика Британија (доделени 20 стипендии)

Врз основа на објавениот Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание([205]) во 2014 година, од 344 пријавени научно-истражувачки трудови, одобрени се финансиски средства во висина од 30.000 денари на 206 трудови, за кои Комисијата констатира дека ги исполнуваат критериумите предвидени со Конкурсот.
Објавен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание во 2015 година.
Објавен е Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства наменети за творечките дејности реализирани во 2014 година од наставници и соработници на високообразовни, односно научни установи од научните области на ликовна уметност и архитектура, драмска уметност, музичка уметност, филм и книжевност, и истиот ќе трае до 31.12.2015 година.

### *Краткорочни приоритети*

- Донесување на Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016-2020.
- Спроведување на активности од Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Продолжување со реализација на активностите предвидени во рамки на проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“.
- Обезбедување финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар.
- Доделување на еднократни финансиски средства за објавен труд во списанија со фактор на влијание.
- Доделување на еднократни финансиски средства наменети за творечките дејности.
- Понатамошно спроведување на инструментите за финансика помош на ФИТЗ.

### *Среднорочни приоритети*

- Продолжување со реализација на мерките и активностите предвидени со Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Продолжување со реализација на активностите предвидени со проектот „Набавка на наставно-научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети“.
- Продолжување со реализација на активностите предвидени во рамки на проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“.
- Спроведување на мерките и активностите предвидени со Стратегијата за иновации 2012 – 2020.
- Спроведување на мерките и активностите предвидени со Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.
- Проширување на можностите за финансирање на иновации и технолошки развој преку дизајнирање на нови инструменти за финансиска помош на ФИТЗ.

## 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

### *Тековна состојба*

Зајакнати се административните капацитети на МОН со формирање на Одделение за европски рамковни програми за истражување и развој.
Во соработка со националните контакт-лица  реализиран е акцискиот план за промовирање на програмата “Хоризонт 2020”, со посебен акцент на малите и средни претпријатија и мобилноста на истражувачите.
Одржани се поголем број на инфо-денови, семинари, работилници за искористување на можностите кои ги нуди програмата “Хоризонт 2020”. Овие настани се организирани самостојно и заедно со Европската комисија, Стопанската комора на Република Македонија (СКМ), ФИТЗ, невладини организации итн.

---

[205] импакт фактор

### *Краткорочни приоритети*

- Ревидирање и зајакнување на мрежата на националните контакт-лица. Реализација на активности за информирање на научно-истражувачката и бизнис-заедницата, самостојните истражувачи и локалната самоуправа за Рамковната програма „Хоризонт 2020" (инфо-настани, работилници, институционални и индивидуални информативни и советодавни средби).
- Координација на работата на националните контакт-лица.
- Реализација на активности за зголемување на искористувањето на активностите "Марија Склодовска Кири" (мобилност).
- Зголемување на бројот на подносители на предлог-проекти во Рамковната програма "Хоризонт 2020".

### *Среднорочни приоритети*

- Продолжување на активностите за подигање на свеста за можностите кои ги нуди Рамковната програма „Хоризонт 2020" и степенот на подготвеност и обученост на научната и бизнис-заедницата за учество во истата.
- Активности за зголемување на учеството во Рамковната програма „Хоризонт 2020" како во однос на бројот на апликации, така и во однос на одобрени проекти.
- Континуирано ширење на информации за „Хоризонт 2020" со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност за можностите што ги нуди програмата со посебен акцент на актуелните повици.
- Континуирана соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија (ЕИИЦМ) (мрежа на бизнис-можности).

## 3.25.3 ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ (ЕРА)

### *Тековна состојба*

Република Македонија преку номинираните претставници во високите политички тела на ЕРА даде свој активен придонес во работата на истите (ЕРАК, ЕСФРИ, СГХРМ, ЗИЦ)[206].
Исто така и дел од членовите во програмските комитети на приоритетните области од „Хоризонт 2020"дадоа свој активен придонес во работата на истите.
Особен акцент е ставен на зајакнување на мобилноста на истражувачите преку реализирање активности за промоција на ЕУРАКСЕС-европската мрежа за мобилност на истражувачи.

Соработката со Заедничкиот истражувачки центар на ЕУ (ЗИЦ) се одвива континуирано во рамки на активностите за проширување и интеграција (позајмени национални експерти ([207]), студиски посети, работилници, семинари).

Во рамки на Програмата за соработка во науката и технологијата (КОСТ) во текот на 2015 година, македонски истражувачи учествуваа во 133 активни акции во областа на биомедицина и молекуларни бионауки, храна и земјоделство, шумарство, материјали и нанонауки, хемија и молекуларни науки и технологии, информациски и комуникациски технологии, транспорт, мултидисциплинарни науки, општествени науки, култура, здравје.

Во рамки на соработката со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), реализирани се проектните активности во рамки на 2 национални проекти одобрени од страна на Агенцијата од проектниот циклус 2014-2015.
Заврши втората фаза од процесот на одобрување на националните проекти за новиот проектен циклус 2016-2017 и од страна на Бордот на гувернери на МААЕ одобрени се 2 проекти.
Продолжи реализацијата на Националниот проект за формирање на центар за ПЕТ-скен дијагностика, во рамки на кој МААЕ ќе обезбеди бесплатна експертска помош, обука на кадарот како и опремување на радиофармацевтска лабораторијата за производство на краткоживеачки радиоактивни изотопи и радиофармацевтски препарати. Исто така, Република Македонија активно учествува во настани кои се организираат од страна на МААЕ во рамки на 20 регионални проекти од проектниот циклус 2014-2015, преку кои годишно се реализираат околу 50 стипендии за обука.

---

[206] ЕРАК – Комитет на Европската истражувачка област (European Research Area Committee)
ЕСФРИ – Европски стратешки форум за истражувачка инфраструктура (European Strategic Forum for Research Infrastructures)
СГХРМ – Раководна група за човечки ресурси и мобилност (Steering group on Human Resources and Mobility)
[207] seconded experts

Во рамки на објавениот повик за поднесување на предлог-проекти во рамки на УНЕСКО програмата за партиципација за период 2014-2017 година од областите наука, образование, култура и животна средина, а во согласност со критериумите на програмата, од вкупно поднесени 4 проекти, од страна на УНЕСКО беше прифатен за финансирање 1 проект од обласа на образованието и 2 проекти од областа на културата и животната средина.
Во рамки на билатерална соработка, МОН реализира поголем број активности и тоа:

- Спроведување на постојните договори со Словенија, Хрватска и Црна Гора.
- Потпишана е спогодба во областа на образованието, науката и технологијата со Владата на Република Србија.
- Потпишана е орограма со Министерството за наука, образование и спорт на Република Хрватска во областа на науката, технологијата и образованието за периодот од 2015 до 2018 година.
- Потпишан е Протокол за научна и технолошка соработка со Црна Гора за 2016-2017 година.
- Потпишан е Договор за соработка во областа на образованието и науката со Советот на министрите на Република Албанија.
- Потпишана е спогодба во областа на образованието и науката со Владата на Република Косово.
- Во тек е усогласувањето на текстот на Договорот за соработка во областа на науката и технологијата со Владата на Република Турција.
- Потпишан е Меморандум за разбирање за соработка на полето на високото образование со Советот за високо образование на Република Турција.
- Објавени се конкурси за кофинансирање на заеднички научно-истражувачки проекти за периодот 2016-2018, со Народна Република Кина и Австрија.
- Во тек е усогласување на предлог-текст на Спогодба за соработка во областа на науката и технологијата со Министерството за национално образование на Романија.
- Во тек е усогласување на Нацрт-договор за соработка во областа на образованието и науката со Министерство за образование на Република Молдавија.
- Во тек е усогласување на Меморандумот за разбирање за соработка во областа на научното истражување и иновации со Република Словачка.
- Во тек е усогласување на текстот на Спогодбата со Владата на Народна Република Кина за заемно признавање на документите за образование и за научните звања меѓу двете страни.
- Во тек е усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање со Министерството за образование на Федерална Република Нигерија за соработка во областа на образованието и науката.
- Во тек е подготовка на Спогодба за соработка во областа на образованието и културата со Владата на Соединетите Мексикански Држави.
- Во процедура е усогласување на Предлог-договор со Владата на Израел за соработка во индустриското истражување и развој.
- Иницирана е постапка за отпочнување на соработка со Кралството Саудиска Арабија, Државата Кувајт и Обединетите Арапски Емирати.

### *Краткорочни приоритети*

- Ревидирање на листата на членови во Програмските комитети на "Хоризонт 2020" приоритетните области.
- Зголемување на придонесот на номинираните членови во програмските комитети и високите тела на ЕРА.
- Спроведување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со ЗИЦ.
- Имплементација на приоритети предвидени во Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.
- Поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи.
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите КОСТ и МААЕ.
- Потпишување на Протокол за соработка во областа на образованието помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование, наука и спорт на Република Словенија.
- Потпишување Програма за соработка во областа на образованието и науката помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија.

- Потпишување на Програма за соработка во областа на образованието и науката помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија  и Министерството за образование, наука и технологија на Република Косово.
- Потпишување на Протоколот за имплементација на соработката помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за организирање на старотурско образование и обука на инструктори.
- Иницирање на постапка за преговори за потпишување на Меморандум за разбирање со Кралството Саудиска Арабија, Државата Кувајт и Обединетите Арапски Емирати.
- Иницирање на постапка за преговори за потпишување на Меморандум за разбирање со Социјалистичка Република Виетнам.

***Среднорочни приоритети***

- Зголемување на придонесот на номинираните членови во програмските комитети и високите тела на ЕРА.
- Поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи.
- Продолжување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со ЗИЦ.
- Продолжување со активности и динамика на учество во наведените програми КОСТ и МААЕ, со можност за нивно зголемување.
- Потпишување Програма за соработка во областа на образованието и науката помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за просвета, наука и технолошки развој на Република Србија.
- Потпишување на Спогодба за соработка во областа на науката и технологијата помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за национално образование на Романија.
- Потпишување на Спогодба во областа на образованието, науката и иновациите помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија.
- Потпишување на Договор за соработка во областа на науката и технологијата помеѓу Владата на Република Македонија и Република Турција.
- Потпишување на Спогодба за заемно признавање на документите за образование и за научните звања меѓу двете страни помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.
- Продолжување со активностите за поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи.

# 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Македонија е умерено подготвена во оваа област, а постигнат е одреден напредок во изминатата година. Забележани се подобрувања во предучилишното образование и во однос на раното напуштање на училиштето. Децата од немнозинските заедници и децата со посебни потреби и понатаму се соочуваат со бариери при пристап до квалитетно образование. Учеството во програмата „Креативна Европа" на ЕУ направи важен придонес на земјата во културните активности на локално и регионално ниво. Длабоките реформи на образовниот систем беа одложени поради големите јавни протести.

Приоритети:

- да се донесат реформи во однос на обука на наставници насочени кон подобрување на основните и трансверзалните вештини во основните нивоа на образованието;
- да се оцени спроведувањето на реформите во секторот на образованието од 2005 до 2015 година;
- да се развие нова стратешка рамка за образование, која ги поврзува сите реформски процеси и која опфаќа широк опсег на засегнати страни.
- Да се зголемат можностите за децата од руралните средини, од немнозинските заедници и децата со попречености.
- Адаптирање на образовните програми на барањата на пазарот на трудот.

***Резиме***

*Во делот на предучилишното образование Министерството за образование и наука во координација со Министерството за труд и социјална политика ќе се фокусираат на процесот за подобрување на опфатот на деца на предучилишно ниво, како и унапредување на положбата на децата од руралните средини од немнозинските заедници и децата со попречености во предучилишно образование.*

*Планирани се реформи во однос на обука на наставници насочени кон подобрување на основните и трансверзалните вештини во основните нивоа на образованието, како и кон зголемување на бројот на маргинализирани деца во квалитетно и инклузивно рано учење и образование преку реализација на двогодишни акциски планови за 2016-2017 и за 2018 - 2020.*

*Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците продолжува со активности во рамки на програмата за менторство и туторство за ученици и студенти Роми до 2018 година.*

*По изготвувањето на извештајот за интернационалната студија PISA 2015 на крајот на 2016-та година, во 2017 година ќе се донесат реформи во однос на обука на наставници од соодветните предмети.*

*Со цел подготовка на младите за лесен премин од образование кон пазарот на труд, од 2016 започнуваат реформите за комплетирање на процесот на модернизација на 2 и 3 годишното стручно образование и модернизација на техничкото стручно образование, како и анализа на законската поставеност на постсредното образование. Почеток на операционализацијата на Опсерваторијата на вештини (ОВ) се предвидува во 2016 година, како веб платформа со цел обезбедување на информации во однос на програмите кои ги нудат високото и средното стручно образование како и образованието за возрасни, но и информации за пазарот на труд и понудата на обука.*

*Реформите во високото образование се насочени кон нов Модел на финансирање на високото образование како и реализирање на надворешна евалуација на високото образование во земјата.*

*Во 2016 година се предвидува донесување на нова стратешка рамка за образование: Сеопфатана стратегија за образование 2016-2020.*

*Во 2016 година, ќе отпочне имплементацијата на IPA TWINING проектот: Поддршка за имплементација на Националаната рамка за квалификации, со кој се планира понатамошен развој на НРК.*

*Продолжува учеството во програмите на Унијата Erazmus+, Европа за граѓаните, како и учеството во програмата Креативна Европа, и подпрограмата МЕДИА.*

## 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИНА

### *Тековна состојба*

**Предучилишна возраст:** Со Програмата за развој на дејноста за заштита на децата е предвидено зголемување на капацитети за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, досега отворени се вкупно 63 јавни установи за деца со 199 објекти и 29 групи во други просторни услови, 12 центри за ран детски развој во состав на јавните установи за деца, 4 центри основани од општината, 6 приватни центри, и 25 приватни детски градинки. Генерацискиот опфат на деца од 0-6 години во сите установи за деца изнесува 37121 (26.4%), додека на деца од 3-6 години изнесува 27929 (39.5%) од генерацискиот опфат на деца во земјата. Во рамките на системот на заштитата на децата во 2015 година донесена е "Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот.

**Образование:** Министерството за образование и наука презеде чекори за креирање на нова Сеопфатана стратегија за образвание 2016-2020, преку анализа на реализацијата на Националната програма за развој на образованието 2005-2020. Постигнато усогласување меѓу програмите за образование на наставници во рамки на Математика и јазик во првиот и вториот циклус на основно образование и новите програми Cambridge за вториот циклус од основното образование. Со цел да се овозможи добра имплементација БРО релизираше обуки на сите одделенски наставници од 1 до 5 одделение и наставниците кои предаваат математика и природни науки во 6 одделение. Продолжија со функционирање 15 Регионални тимови за учење кои обезбедуваат поддршка на наставниците за примена на новите пристапи во наставата по мајчин јазик и математика.

**Роми:** Продолжи стипендирањето на ученици Роми. За учебната 2014/15 година доделени се 603 стипендии за ученици во 5 категории и грантови за 94 ментори.

**Државниот испитен центар (ДИЦ)** реализираше повеќе активности, од кои најзначајни и клучни се: тестирањето ПИСА и Државната матура што се реализираше согласно Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, при што од пријавени 17 643 ученици, со диплома се здобија 15 840 ученици.

**Државниот просветен инспекторат** во периодот октомври 2014 - септември 2015 реализираше 172 интегрални евалуации во основните и средните училишта. Во овој период спроведени се 10500 инспекциски надзори во воспитно образовните институции.

**Средно стручно образование:** Сите неопходни чекори се преземени за започнување на реформите на сите ниво на средното стручно образование (ТВЕТ и 2 и 3 годишното стручно образование). Исто така, во соработка со УНДП изготвена е Концепција за основно образование на возрасните. Воедно во соработка со ЕТФ изготвена е Концепција за неформално образование и информално учење на возрасните во РМ. Досега се верификувани 153 на програми за неформално образование и 47 институции.

**Високо образование:** Вкупно во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи се запишани 12026 студенти за студиската 2015/2016 година. Исто така, продолжува проектот 30/35 во чиишто рамки се обезбедени вкупно 670 слободни места. Признаени се вкупно 84 високообразовни квалификации стекнати во странство. Од аспект на социјалната димензија, студентите кои паралелно студираат на две студиски програми, се ослободуваат од плаќање за едната од нив. Со одлука на владата на РМ намалени се цените за студирање на државните универзитети.

**Национална рамка за квалификации:** Во 2015 започна процесот на имплементација на Националната рамка за квалификации преку следните клучни активности: Стапи во сила Законот за НРК и формиран е Националниот Одбор за квалификации, започнат е развојот на два Сектори за квалификации приоритетни за економскиот развој на земјата (ИТ и туризам и угостителство, направен е попис на постоечките квалификации и анализа на неколку квалификации од 4-годишно образоваание со можност за вклучување на постоечките квалификации од 4 – годишното стручно образование во НРК. Континуирано се работеше на Извештајот за референцирање на НРК кон ЕРК.

**Програми на унијата:** Со цел информирање на корисниците за можностите и роковите за аплицирање во рамки на Повикот за Еразмус+ 2016 реализирани се повеќе инфо – денови од страна на Националната агенција образовни програми и мобилност. Средствата кои се на располагање за земјата се во износ од 4,7 милиони евра што е за 15 проценти повеќе од фондот во 2015 година.

Министерството за образование и наука во својство на Национален авторитет за Еразмус+ избра независно ревизорско тело што спроведе ревизија на работата на Националната агенција за европски образовани програми и мобилност (Национална агенција) во делот на имплементацијата на Еразмус+ во 2014 година. Се уплати влезниот билет за учество на земјата во сите внатрешни и надворешни акции на Еразмус+ во 2015 година. До Генералниот

директорат за образование и култура се достави Извештајот за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.01.2014-31.10.2015 година.

Република Македонија во 2014 година со Европската комисија го потпиша Договорот за учество во Програмата „Европа за граѓаните "2014-2020 година. Во 2015 година одобрени се вкупно 5 проекти во кои како носители или како учесници се јавуваат организации од Република Македонија.

**Агенцијата за млади и спорт** го координира и следи процесот на креирање локални младински стратегии и локални младински совети во повеќе општини во земјата.

Во досегашниот период усвоени се локални младински стратегии во општините Прилеп, Кисела Вода, Тетово, Гостивар, Кавадарци, Штип, Св. Николе, Радовиш, Битола, Теарце, Чашка и Гостивар, исто така започнат е процесот на креирање локални младински стратегии во општините Гази Баба и Бутел.

Во периодот 2014-2015 година, креирани се и 30 локални младински совети во 30 општини.

Во 2015 година доделени се и 500 стипендии „Спортска надеж" за поддршка на млади талентирани спортисти.

### *Краткорочни приоритети*

**Предучилишно образование**

Во делот на предучилишното образование Министерството за образование и наука во координација со Министерството за труд и социјална политика во 2016 година, со цел понатамошно унапредување, подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, ќе се инвестира во изградбата на детски градинки и адаптација и реконструкција на постоечки објекти во детските градинки со што ќе се продолжи во континуитет со реализацијата на мерката на Владата на Република Македонија „40 нови детски градинки, објекти и групи во други просторни услови" отпочната 2014 година и која треба да се спроведе до 2017 година. Воедно со поддршка на УНИЦЕФ ќе продолжат активностите за електронско поврзување на јавните установи за деца со Министерството за труд и социјална политика во делот на водење на педагошката евиденција и документација и реализација на програмските активности како и ќе започат со активности за давање можност за електронско аплицирање за запишување на децата од предучилишна возраст во јавните установи за деца.

**Образование**

Во однос на донесување на сеопфатна Стратегија за образование 2016-2020 ќе се реализира анализа на Националната програма за развој на образованието 2005-2015 од страна на независна работна група, воедно во предвид ќе се земат препораките од проектот: Евалуација на поддршката во областа на еднаков пристап кон квалитетно образование со препораки за идна помош и развој. Исто така, обезбедена е поддршка во рамки на ИПА 4 Компонента: Техничка помош за подготовка на сеопфатна Образовна стратегија 2016-2020.

**Основно и средно образование**

**Бирото за развој на образованието** ќе продолжи со:

Вршење на континуирани стручни увиди и советодавно-стручни посети на наставниот кадар и стручните соработници во основните и средните училишта, согласно претходно утврдена динамика на посети, при што ќе се врши увид во планирањето на наставата од страна на наставниците и увид во непосредна реализација на наставата (посета на наставни часови), како и консултативни средби со цел за унапредување на наставниот процес.

Се планира адаптирање на наставните програми по математика, биологија, хемија и физика од VII до IX одделение во основното образование во соработка со Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Велика Британија). Исто така, се планира организирање на обуки за наставниците и следење на примената на адаптираните наставни програми во соработка со Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations).

Според спроведеното „Истражување за имплементација на новите адаптирани наставни програми за **децата со посебни потреби** во основното образование", се планира да се разгледаат препораките од спроведеното истражување кои ќе водат кон унапредување на состојбите за децата со посебни потреби во земјата. Планирана е стручно-советодавна поддршка за инклузивно образование на ранливите групи на ученици и на сите училишта вклучени во програмата Математика со размислување и Јазична писменост во првиот циклус на образование. Поддршката се состои во организирање на обуки, издавање на прирачна/стручна литература, евалуација и

мониторинг. Притоа се планираат следните видови на активности: обуки на наставниот кадар за модулите за инклузивно образование; обуки на наставниот кадар за формативно оценување кај учениците со потешкотии во учењето; обуки на стручните соработници за спроведување на акциски истражувања со цел да ја истражат сопствената образовна практика, користејќи притоа истражувачки техники и рефлексија преку кои ја вреднуваат и подобруваат својата работа; активно учество на советниците во работни групи/комисии/проекти поврзани со инклузивното образование.

Подобрување на основните и трансверзалните вештини на наставниците во основните нивоа на образование утврдени преку донесените измени и дополнувања на Годишната програма за професионално усовршување на наставниците од основните и средните училишта.

**Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците** продолжува со активности во рамки на програмата за менторство и туторство за ученици и студенти **Роми** до 2018 година.

Во делот на зголемување на можностите на децата со посебни образовни потреби планирана е Анализа за запишување, следење на развојот и отпишување на учениците од посебните основните и средни училишта.

Со новиот конкурс за „Стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми 2015/16 година" се планираат 671 стипендија, исто во 5 категории (4.5-5,00; 3.50-4,49; 3,00-3,49; 50 стипендии за средношколци Роми со посебно образовни потреби со највисок просек и петтата категорија се 70 стипендии за ученици со просек од 2,00 -2,99 од пет општини: Шуто Оризари, Куманово, Штип, Прилеп и Тетово. Со конкурсот се објавени 127 места за ментори-тутори. Средствата за сите стипендии ги обезбедува МОН, освен за последната категорија (70 стипендии) како и за менторите за кои средставта се обезбедени од страна на РЕФ.
Одобрување на нови учебници за изборниот предмет Јазик и култура на заедниците (Бошњаци- III,IV, V, VII, VIII и IX одд.; Власи-VII, VIII и IX одд.; Роми- VI, VII, VIII и IX одд.).

Со цел зголемување на бројот на кариерни центри во јавните средните училишта во земјата Министерството за образование и наука ќе ја операционализира „Програмата за обука за кариерно советување" и софтверот на Батеријата инструменти за професионална ориентација (БИПО) како продолжување на работата на Центар за развој на образованието (УСАИД), воедно планирани се Кариерни центри во петнаесет средни училишта како и кариерни центри во три средни училишта за деца со посебни образовни потреби.

**Високо образование**

Во **високото образование** се планира третото по ред рангирање на акредитираните високообразовни установи како и отпочнување на проектот во рамки на ИПА 4 Компонента "Развивање на соработката помеѓу високо образовните институции, приватниот сектор и релевантните јавни тела„. Исто така предвидени се активности за новиот Модел на финансирање на високото образование. Во рамките на активностите за имплементација на Стратегијата за иновации, формирана е работна група со претставници од МТСП, АВРМ, универзитетите и др. за поттикнување на прилагодување на постојните и изработка на нови студиски програми согласно потребите на пазарот на труд. Проектот е финансиран од Британскиот Совет. Со цел подобрување на квалитетот на прибирање податоци, посебен акцент се става на базите на податоци. Ќе се подготви правилник од интерен карактер со кој ќе се регулира прибирањето, чувањето и располагањето со податоци од областа на високото образование.

**Центарот за Стручно образование и обука**

Се цел модернизација на 2 и 3 годишното стручно образование и поддршка системот за **образование на возрасни** во 2016 година ќе започне со реализација ИПА проектот: Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручното образование и обука и образование на возрасните. Планирана е реализација на Набавка на наставна опрема за реформираните наставни планови и програми за 2 и 3 годишното (поврзување на две набавки во една) под ИПА 4 Компонента.
Исто така, со поддршка на проектот за развој на вештини и унапредување на иновативна дејност започнува процесот на модернизација на **техничкото стручно образование** согласно потребите на пазарот на труд. Преку проектот ќе се обезбеди техничка помош во процесот на реформирање и модернизација на четиригодишното техничко стручно образование и изработка на нови наставни програми.

Воедно, на почетокот на 2016 година се планира започнување на имплементација на програмата за доделување на грантови за средните стручни училишта со бизнис секторот.
Во тек се активностите за воспоставување на **Опсерваторијата на вештини (ОВ)** преку која Министерството за образование и наука ќе врши анализа на адекватноста на вештините со кои располагаат учениците од средното стручно образование во корелација со потребите на пазарот на труд со цел континуирано подобрување на наставните програми во согласност со барањата на работодавачите. Опсерваторијата на вештини ќе претставува веб платформа која ќе обезбедува информации во однос на програмите кои ги нудат високото и средното стручно образование како и образованието за возрасни.

Во 2016 година ќе започне реализација на проектот под ИПА 4 Компонента: Поддршка на модернизацијата на системот за **пост – средно образование.**

**Центарот за образование на возрасни ги планира следните активности:**

- Имплементација на концепцијата за неформално образование и информално учење на возрасните преку изработувањето на систем за валидација на неформалното и информалното учење, во соработка со ЕТФ;
- Имплементација на концепција за основно образование на возрасни;
- Во рамките на ИПА проектот Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручното образование и обука и образование на возрасните, се планира: Изработка на Стратегија за образование на возрасните 2016-2020; Развивање и тестирање на програми за образование на возрасните во согласност со потребите на пазарот на трудот; Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на анализа на потребите на пазарот на трудот во насока на образование на возрасните; Изготвување на модел за функционирање на јавните (општински) установи за образование на возрасните (Отворени граѓански универзитети за доживотно учење);
- Реализација на Еразмус+ проектот Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните. Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на која ќе овозможи ЦОВ на образование на возрасните.
- Верификација на посебни програми за образование на возрасните;
- Организација на настава за средно стручно образование за возрасни;
- Мониторинг на понудувачи на услуги за неформално и формално образование за возрасни;
- Продолжување на кампањата за подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните
- Учество во Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување на ВРМ за 2015 година во мерката 5.3. Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот
- Учество како партнер институција во проект Build up Skills II, Обука на градежните работници за енергетска ефикасност

**Државниот испитен центар** ќе започне со имплементација на активности во рамки на проектот ИПА 4 Компонента: Зајакнување на образовниот систем за обезбедување на квалитет и контрола. Согласно Законите за средно и основно образование ќе продолжат активностите за спроведување на екстерно проверување на постигањата на учениците во основните и јавните средни училишта. Исто така, ќе продолжи реализацијата на активностите за Државна матура.

**Државниот просветен инспекторат**, согласно Годишната програма за работа за 2016 година, спроведува редовни, вонредни и контролни надзори како и интегрална евалуација согласно Законот за просветна инспекција. Цел на инспекциски надзор е преку примена на постојните законски одредби да се подобри квалитетот на воспитно-образовниот процес во земјата.

**<u>Национална рамка за квалификации</u>**

Во 2016 година ќе започне:

- Имплементацијата на IPA TWINING проектот: Поддршка за имплементација на Националаната рамка за квалификации кој опфаќа три компоненти:

- Преглед на легислативата и усогласување со Законот за НРК.
- Институционално јакнење на капацитетите за воведување на НРК
- Развивање на квалификации и нивно вклучување во НРК

- Продолжување на проектот: Поддршка на МОН во имлементацијата на НРК со вклучување на работодавачите
- Развивање на дел од Секторските комисии за квалификации
- Презентација на Извештајот за референцирање на НРК кон ЕРК на Советодавната работна група за ЕРК во Брисел

**<u>Програми на унијата</u>**

*Министерство за образование и наука:*

- Избор на независно ревизорско тело и реализација на надворешна ревизија на работата на НАЕОПМ во спроведување на Еразмус+ во 2015 и 2016 година.
- Изготвување Извештај за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.11.2015-31.10.2016 година
- Согласно Договорот за учество во Програмата „Европа за граѓаните "2014-2020 година планирани се промотивни настани за искористување на можностите што ги нуди оваа програма.

**Агенција за млади и спорт**

- Проект „Млади уметници" кој се имплементира во соработка со Факултетот за ликовни уметници за поддршка на талентирани млади уметници во 5 области: сликарство, графички дизајн, скулптура, графика и фотографија. Притоа, од страна на Агенцијата за млади и спорт се доделуваат 5 парични награди (во износ од 40 000 денари) за најдобрите дела во наведените категории.
- Проект „Млади поети" кој се имплементира во соработка со Друштвото на писатели на Македонија за поддршка и поттикнување на творењето на млади луѓе на возраст од 15-29 години. Притоа, од страна на Агенцијата за млади и спорт се доделуваат три награди во износ од 15 000, 10 000 и 5 000 денари.
- Проект „Млади програмери" кој се имплементира во соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инжењерство" преку организација на локални, регионални и државни натпревари за ученици од средните училишта. Притоа, од страна на Агенцијата за млади и спорт се доделуваат парични ваучери за набавка на опрема за најдобрите млади програмери.
- Проект „Стоп на пороците кај младата популација" кој се имплементира во соработка со Црвен Крст на Република Македонија во основните училишта на територијата на земјата. Досега, беше имплементиран во неколку општини во Град Скопје и општина Струга.
- Кампања против говор на омраза, која се спроведува преку Националниот комитет против говор на омраза чиј координатор е Агенцијата за млади и спорт. Кампањата против говор на омраза е иницијатива на Советот на Европа, која во земјата се спроведува од 2013 година.

### *Среднорочни приоритети*

**Предучилишно образование:**_Приоритетот на Министерството за образование и наука и на Министерството за труд и социјална политика ќе е насочен кон подобрување на опфатот и квалитетот на услуги за децата на предучилишно ниво од руралните средини, од немнозинските заедници и децата со попречености во предучилишно образование.

**Образование:** Министерството за образование и наука среднорочно планира зајакнување на капацитетите за имплементација, следење и евалуација со гласно новата Стратегија за образование 2016-2020.

Исто така, продолжување и завршување на реформите во средното стручно образование и образованието на возрасните, среднорочно се планира спроведување на третата фаза од Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, односно воведување на три задолжителни екстерни испити во рамките на државната матура за учениците од средното стручно образование, како и континуиран развој и унапредување на испитните програми за матурата и завршниот испит.

Искористување на резултати од завршниот Извештај за интернационалната студија PISA 2015 во 2016 во однос на планирање на реформи за обука на наставници од соодветните предмети за 2017-2018.

**Програми на унијата**

**Еразмус +:** Реализација на активности за уплата на финансискиот придонес (влезен билет) за учество на Република Македонија во Еразмус+ во 2017 и 2018 година
Избор на независно ревизорско тело и реализација на надворешна ревизија на работата на НАЕОПМ во спроведување на Еразмус+ во 2017 и 2018 година
Изготвување Извештај за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.11.2016-31.10.2017 година и Извештај за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.11.2017-31.10.2018
Учество на Република Македонија во среднорочната евалуација на имплементацијата на Еразмус+

**Европа за граѓаните:** Ќе продолжат активностите за промоција на можностите за учество во Програмата на Унијата „Европа за граѓаните“ 2014-2020 година.

**Агенција за млади и спорт**
Во согласност на тековната Национална стратегија за млади (2005-2015), како и приоритетите утврдени во новата Национална стратегија за млади (2016-2025), која се очекува да биде усвоена од страна на Владата на Република Македонија во текот на декември, Агенцијата за млади и спорт во текот на наредните години ќе продолжи со имплементација на следните активности:

- Креирање на локални младински совети, за поттикнување на учеството и ангажманот на младите луѓе на локално ниво
- Креирање на локални младински стратегии, чија основна цел е утврдување на потребите на младите луѓе и подобрување на нивната состојба на локално ниво.
- Спроведување на Кампања за младинско информирање во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА. Целта на кампањата е да ја подигне свеста за младинското информирање за младите луѓе, на локално и национално ниво.
- Стипендии „Спортска надеж“ кои се доделуваат на 500 талентирани млади спортисти, во повеќе спортски дисциплини.

## 3.26.2 КУЛТУРА

### *Тековна состојба*

Согласно Договорот меѓу Европската унија и Република Македонија за учество на Република Македонија во “Креативна Европа (подпрограма Култура)'', формирано е Одделение за Креативна Европа – подпрограма Култура во рамки на Секторот за Европски интеграции при Министерството за култура, како информативна и советодавна канцеларија одговорна за спроведување на подрпгорамата Култура на национално и локално ниво. Реализирани се преку 10 јавни настани, бројни индивидуални консутлации со културните оператори од РМ со цел да им се овозможи техничка помош при подгтотовка на проект апликациите. За јавните настани беше обезбедена и медиумска промоција. Реализиарана е уплатата на велзниот билет за Креативна Европа – подпрограма Култура согласно предвидениот краен рок за уплата од страна на Европската комисија.
Со Писмо од Генералниот Директорат за образование и култура при Европската Комсија за учество на Република Македонија во Креативна Европа – подпрограма Медиа ( Ref. ARES (2015) 3111058 -27/07/2015, Република Македонија официјално се вклучи и во подпрограмата МЕДИА на Креативна Европа.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

**Креативна Европа:** Акцискиот план за работа на Канцеларијата на Креативна Европа за 2016 година е доставен до Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при ЕК  и по прифакањето на истиот Канцеларијата на Креативна Европа ке продолжи со спроведување на активностите наведени во акцискиот план.

**МЕДИА**: Имплементацијата на подпрограмата МЕДИА треба да започне во јануари 2016 година од страна на тимот кој ќе биде назначен од Агенцијата за филм, согласно акцискиот план за Канцеларијата за Креативна Европа (подпрограми Култура и МЕДИА).

# 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Во областа животна средина и климатски промени, земјата е **делумно подготвена**. Постигнат е **одреден напредок** во транспонирање на *правото на ЕУ*, особено, општо во хоризонталното законодавство и квалитет на воздух, како и во законодавството за хемикалии. Во следните години, земјата треба да се фокусира на:

- финализирање на поставувањето на системско стратешко планирање и да започне со спроведување на Индикативниот национален придонес кон очекуваниот Климатски Договор Париз 2015;
- спроведување на националното законодавство и зголемување на инвестициите, особено во секторите отпад и вода.

***Резиме***

*Во наредниот период, земјата ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ за животна средина и климатски проемни, како и ќе продолжи со негово спроведување. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина и ќе се вложат напори за зголемување на инвестициите. Додека во однос на административните капацитети за спроведување на законодавството за животна средина на локално и централно ниво ќе се продолжи со зајакнување на истите преку соодветни обуки/тренинзи како и преку нови вработувања во оние сектори каде е нај потребно.*

## 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

Во ова област, ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ и донесување на сите потребни стратешки документи. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина. Ќе се воспостави систем на инспекциски надзор кој ќе се темели на планирање согласно воспоставени критеруми за процена на ризикот.

Ќе се продолжи со зајакнување на административните капацитети во областа на животната средина на централно и локално ниво во различи сектори.

Во областа на климатските промени, главниот фокус ќе биде кон вградување на политиките за понизок емисионен раст во другите секторски политики.

***Тековна состојба***

Во 2015 година се подготви предлог Стратегија за животна средина и клима, истата е во постапка на донесување од страна на Владата.

Во рамките на ЕКРАН, се спроведе Прогрес мониторинг за степенот на транспонирање и спроведување на законодавството во областа на животната срединаза периодот од 1 април 2014 година до 30 април 2015 година во рамките на кој се подготвија табели за усогласеност и прашалници за спроведување за 68. ЕУ мерки.Врз основа на подготвените табели за усогласеност и прашалници за спроведување, се подготви Извештај за степенот на транспозиција и спроведување на правото на ЕУ во областа на животната средина.

Изработен е нацрт Закон за инспекција во животната средина со цел организирање на инспекцијата во животната средина согласно барањата на ЕУ во рамките на твининг проектот „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството за животна средина“. Во рамките на проектот беа подготвени и други документи како што се: предлози за подобрување на инспекцискиот систем во Република Македонија,долгорочен тренинг план и тренинг-програма за инспекција во животната средина. Се започна со воспоставување на електронски систем за инспекциски активности. Исто така, воспоставена е веб страната на Државниот инспекторат за животна средина. http://www.sei.gov.mk/

Во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за животна средина на локално ниво“ во подготовка се следните документи: План за комуникација и координација, Програма за реформа на администрацијата на локално ниво, правна анализа на законодавството од областа на животната средина кое се спроведува на локално ниво, кои се во насока на зајакнување на административните капацитети на локално ниво.

Во 2015 година, продолжија активностите за спроведување надзор над работата на дел од единиците на локалната самоуправа согласно донесениот План за вршење надзор за 2015 година. Согласно донесениот План во 2015 година, предмет на надзор е спроведување на постапката за одобрување елаборати за животната средина; постапката за издавање Б-интегрирани дозволи и спроведување надзор согласно Законот за управување со отпадот.
МЖСПП редовно врши собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг-мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. Редовно се известува за состојбата со животната средина до Европската агенција за животна средина (ЕЕА), каде што оваа година доставени се 81% од вкупно бараните податоци, а Република Македонија има статус на земја-соработник и е дел од работните групи на Агенцијата. Од особено значење е тоа што во делот 4, од СОЕР 2015, на ЕЕА, е изработено националното поглавје за Република Македонија –Известување за земјата (Country briefing), во кое е даден посебен осврт за состојбата на животната средина во Македонија.

Изработени се Статистики на животната средина 2015, објавени на www.stat.gov.mkи Годишен извештај на обработени податоци за состојбата на животната средина за 2014 година, кој е објавен наwww.moepp.gov.mk
Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со невладина организација ги имплементираше активностите предвидени во проект „Правото да знаеш – веднаш“, во текот на 2015 година. Во рамките на проектот се одржаа три работилници на тема „Протоколот за Регистри на испуштање и пренос на загадувачи и обврските кои произлегуваат од него на кои присуствуваа претставници од МЖСПП, индустријата и невладиониот сектор.
Заради спроведување на обврските од Протоколот за регистар на испуштање и пренос на загадувачи во 2015 година се изработи: Студија за Протоколот за Регистар на испуштање и пренос на загадувачи во Република Македонија (РИПЗ) и Корисничко упатство за известување за Регистарот на испуштање и пренос на загадувачи. Се одржа обука за менаџирање и управување со софтверот за известување со цел ставање во функција на истиот, согласно барањата на Протоколот. Изработена е Стратегија за спроведување на РИПЗ Протоколот во Република Македонија.
Оваа година, преземени се низа активности во насока на ажурирање на Катастарот за животна средина вклучувајќи го воздухот, вода и бучава.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Се донесе Првиот двогодишен ревидиран извештај за климатски промени (ОДРИКП) (First Biennial Update Report – FBUR), со кој се ревидираа инвентарите на емисиите на стакленичките гасови по најновите методологии на ООН и дополнително се усогласи начинот на известување во согласност со ЕУ законодавството за климатски промени. Истиот е поставен на веб страната на Секретаријатот на рамковната конвенција на ООН за климатски промени и на Министерството. Со тоа, Република Македонија е првата држава во регионот и 11-та во светот која ја реализира оваа обврска.

Во рамките на ОДРИКП, се направија многу анализи за првпат не само во државата, туку и во регионот и служат како добри практики. Некои од нив веќе се промовирани на меѓународно ниво. Дополнителна придобивка која беше анализирана е потенцијалот за отварање нови работни места до 2030 година.
Се изработи проектна задача за изработка на Закон за климатска акција и доглорочна Стратегија за климатска акција.

Се направија измени и дополнувања на Законот за животна средина со што се создаде правна основа за институционализирање на системот за известување. Истото ќе допринесе за интегрирање на системот за прибирање и управување со податоците за изработка на национални инвентари на стакленички гасови во националниот систем на инвентаризација.

Република Македонија го поднесе Националниот придонес кон климатските промени (ИНДЦ) до Рамковната конвенцијата на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ). Документот го даде следниот придонес во глобалните напори за смалување на емисиите на стакленички гасови: да се намалат емисиите на јаглероден диоксид од согорувањето на фосилни горива за 30%, односно за 36% при повисоко ниво на амбиција, до 2030 година во однос на референтното сценарио. Емисиите на јаглероден диоксид од согорувањето фосилни горива покриваат речиси 80%

од вкупните емисии на стакленички гасови со доминантно учество на секторите снабдување со енергија, згради и транспорт.Активностите за изработка опфаќаа спроведување серија консултации и одржување целни работилници со претставниците на различни засегнати страни и цивилниот сектор. Исто така, нацртот на документот беше јавно достапен на веб-страницата на Министерството.

Првата верзија на планот за мониторинг на емисиите на стакленички гасови на годишно ниво, ги регулира принципите од Регулативата на ЕУ бр. 601/2012. Планот за мониторинг е основа за изготвување подзаконски акт со кој ќе се регулира обврската за доставување на информации за емисиите на стакленички гасови од операторот до надлежниот орган. Подготвена е иновативна софтверска алатка ЕМИ (Emission Monitoring in Industry) за мониторинг на емисии на загадувачки супстанции во атмосферата од секторот индустрија, со која за првпат се хармонизира собирањето податоци и известувањето (особено кон Европската агенција за животна средина) според КОРИНАИР и ИПЦЦ методологиите. ЕМИ софтверот ќе го олесни известувањето на Конвенцијата за климатски промени, ЕУ и на други меѓународни конвенции чии потписнички е државата и ќе помогне во напорите на МЖСПП за воспоставување електронски регистар на загадувачи на атмосферата. Софтверот е во согласност со препораките и напорите на Владата за справување со загадување на атмосферата од индустрискиот сектор и е врзан со напорите за усогласување со шемата за трговија со емисии на ЕУ (ЕУ ЕТС).

Министерството за животна средина и просторно планирање организираше министерска конференција –"Кон самитот во Париз, предизвици за земјите-членки на централно европската иницијатива - ЦЕИ" на 6 ноември 2015 година од која произлезе заедничка деклрација со која се реафирмираат заложбите на земјите од централно европските иницијатива за постигнување понизок емисионен раст. Исто така во рамките на македонското претседателство со ЦЕИ, во организација на Управата за хидрометеоролошки работи, организирана е и работилница на високо ниво "Building on the Virtual WB Regional Center for Hydro meteorological Services and Climate Change" на 23 септември 2015 година.

Се учествуваше во изработка на Акциски план за намалување на емисиите на стакленички гасови од секторот авијација, на барање на Агенцијата за цивилно воздупловство и Министерството за транспорт со помош на Меѓународната агенција за цивилно воздухопловство - ИКАО.

Со поддршка на Француската амбасада и УНДП, започна спроведувањето активности за подигнување на свеста на македонските медиуми за климатските промени и се одржаа целни работилници за новинарите (на темата климатски промени и активности во пресрет на Самитот во Париз), со учество на истакнат француски новинар.

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ (УХМР)**

Се донесена Програмата за работи од областа на хидрометеоролошка дејност во 2015[208]. Во 2015, во организација на УХМР под покровителство на Светската метеоролошка организација (СМО) и ЦЕИ се одржаа две конференции на тема „Систем насоки за справување во регионот на ЈЕ"и „Градење на Виртуелен Балкански Западно-европски центар за хидрометеоролошки услоги и климатски промени", чија цел е јакнење на соработката помеѓу земјите од регионот.

Инсталирани беа две автоматски метеоролошки станици во Велес и Скопје. Во Охрид е поставен информативен панел за следење на хидролошката состојба на водите.

Се зајакнаа капацитетите на УХМР со вршење специјализирани обуки од метеорологијата и применета метеорологија, хидрологија, квалитет на води, информатика и други обуки. Во текот на 2015 година, беа вработени 6. лица како техничари.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2016 година, планирано е да се донесе Закон за инспекција во животната средина со цел воспоставување инспекциски надзор кој ќе се врши врз основа на претходно повеќегодишно планирање на инспекциски надзор во животната средина на централно и локални ниво, коеќе се врши врз основа на воспоставени критериуми за процена на ризикот кој го имаат субјектите на надзорот врз животната средина. Исто така, е предвидено донесување на

[208]Службен весник на РМ бр. 194/14.

Стратегија за животна средина и клима и Стратегија за спроведување на Протокол за Регистер за испуштање на загадувачки супстанци (РИПЗ) во Република Македонија.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Ќе се изработи **Стратегија за климатски промени на Град Скопје,** во рамки на „Отпорно Скопје“ која ќе даде значаен придонес во справувањето со предизвиците на климатските промени на локално ниво.

### *Институционална рамка*

Во 2016 година, ќе продолжи спроведувањето на надзор над единиците на локалната самуправа. Области над кои ќе се врши надзор се: спроведување на постапката за одобрување елаборати за животна средина, постапка за издавање Б-интегрирани дозволи и надзор согласно обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот.

Заради зајакнување на капацитетите на локално ниво, во 2016 година, е планирано донесување на План за институционален развој во областа на животната средина на локално ниво во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството од областа на животната средина“.

Предвидено е донесување на Програма за инвестиции во животната средина за 2016 година согласно Законот за животната средина.

Ќе започнат активностите за изработка на Индикатори за животна средина на Република Македонија 2016 и годишен извештај од обработени податоци за состојбата на животната средина за 2015 година. Ќе се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата. Во втората половина на 2016 година, треба да се започне со изработка на Извештај за состојбата на животната средина.

Во текот на 2016 година, ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата.

Во рамките на проектот „Подршка за воспоставување и унапредување на Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ) во земјите од Западен Балкан и Молдавија, во текот на 2016 година, се планира да се изврши модификација и корекција на софтверотза известување, подобрување на РИПЗ порталот, инсталирање алатка за конвертирање податоци во форматот релевантен за известување за Е_ПРТР до Европската агенција за животна средина, обуки за зајакнување на капацитетите на надлежните органи и операторите за работење со податоци од емисии во вода, воздух, почва и отпадни води.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Ќе започне со изработка Вториот ревидиран извештај за климатски промени, во кој степенот на известување кон Конвенцијата за климатски промени ќе се доближи уште повеќе на начинот на кој известува ЕУ, особено во делот ублажување на климатските промени. Врз основа на извештајот ќе се овозможи градење како на аналитичкикапацитети,така и капацитет на носителите на политики и сите чинители за одговор на европските барања во оваа област.

Во овој извештај, ќе се имплементираат препораките од Првиот ревидиран извештај за климатски промени, од техничката ревизија на истиот, од ИНДЦ документот, но и од заклучоците од Конвенцијата за климатски промени во Париз во декември 2015.

Вториот ревидиран извештај за климатски промени ќе ги спроведе следниве активности:

- Дополнување на Инвентарот на стакленички гасови до 2014 година.
- Ќе се зајакнат капацитетите на релаванти чинители со цел да обезбеди континуиран проток на податоци, нивен квалитет како и воспоставување соодветен систем за мониторинг, известување и верификација (МРВ) на акциите за ублажување на климатските промени, според предлогот во Првиот ревидиран извештај;
- Специфични родови анализи ќе се спроведат во енергетскиот и не-енергетски сектори, со цел да се вклучи родовата перспектива во акциските планови поврзани со климатските промени;
- Ќе се идентификуваат соодветни алатки/мерки со кои ќе се оцени нивото на спроведување на предложените мерки за ублажување од националните планови и ревидирани извештаи за климатски промени и
- Ќе се развие предлог за онлајн платформа за МРВ за да се задоволат потребите кон УНФЦЦЦ и барањата на ЕУ за ублажување на климатските промени.

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**
Ќе продолжи автоматизацијата на метеоролошките станици и нивно мрежно поврзување, воспоставување сервисни информации преку мобилна телефонија; развивање и примена на хидролошко моделирање за потребите на хидрологијата, најава на поплави и слично.
Со вршење специјализирани обуки од метеорологијата и применетата метеорологија, хидрологијата, квалитетот на водите, информатиката и други обуки кои се во одреден дел поддржани од СМО, ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на УХМР.

***Среднорочни приоритети***
Во 2018 година, планирано е да започнесо изработка на нов Закон за животната средина со кој ќе изврши на ревизија на постојниот Закон за животната средина кој ќе транспонира корпус на ЕУ мерки како 32001L0042, 32003L0004, 32003L0035, 32004L0035, 32011L0092.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Во овој период ќе се започне со изработка на Законот за климатска акција и долгорочната стратегија за климатска акција во кои ќе се вклучат препораките од националните документи за климатски промени. Софтверската алатка за собирање податоци за климатски промени од индустријата ќе стане дел од Националниот информативен систем.

Започнување со изработка на Четвртиот национален план за климатски промени.

Во овој период, ќе се спроведат предложените МРВ акции за ублажување на климатските промени. Ќе биде донесена долгорочна Стратегија за климатска акција.

Ќе биде донесен Вториот ревидиран извештај за климатски промени.

***Програми и проекти***
Во текот на 2017 година, ќе се продолжи спроведувањето на активностите од проектот „Подршка за воспоставување и унапредување на Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ) во земјите од Западен Балкан и Молдавија. Во оваа насока, и понатаму ќе продолжат активностите за надградба и ажурирање на воспоставениот Регистар за испуштање и пренос на загадувачи и РИПЗ веб-порталот.

Во 2017 година, ќе се изработи и донесе првиот Национален план за инспекција во животната средина со кој ќе се изврши повеќегодишно планирање на инспекцијата во животната средина. Исто така,ќе се воспостави систем за управување со документи од инспекциски активности и модулот за електронско архивирање документи во Државниот инспекторат за животна средина.
Континуирано се спроведуваат активности за ажурирање на Катастарот на загадувачи (воздух, вода, бучава).
Во овој период ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување на релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата.
Во овој период, и понатаму ќе продолжат активностите за донесување на Програма за инвестиции во животната средина согласно Законот за животната средина на годишно ниво.
Исто така, планирано е спроведување надзор над единиците на локалната самоуправа од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.
Во текот на 2017 и 2018 година, продолжуваат активностите за изработка на Извештај за состојбата на животната средина, кој ќе се објави до крајот на 2018 година.
Во 2018 година, ќе се изработи годишен извештај од обработени податоци за состојбата на животната средина за 2017 година и ќе се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата.

Во 2018 година, со цел подготовка на Република Македонија за почеток на претпристапни преговори предвидено е да се започне со изработка на детални планови за спроведување директиви од областа на животната средина за кои се потребни големи финансиски средства. Планирано е да се започне со изработка на нова **Стратегија за инвестиции во животната средина** во која ќе се утврдат потребните средства за инвестиции во областа на животната средина како и изворите за финансирање.Ова е планирано да се работи во рамките на ИПА Проект „Планирање и спроведување на законодавството на приоритетните области во животната средина“.

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на УХМР за спроведување на нивните активности преку нови вработувања и обуки.

Исто така, ќе се продолжи процесот на автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации.

Ќе започне процесот на користење на упатствата од СМО за утврдување критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на истата.

Ќе се преземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошките станици за површински води и опремување на истите со софистицирана опрема; обнова на телекомуникацискиот систем, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, акредитација на лабораторија за води, набавка на теренски возила за оперативни активности, набавки на метеоролошки станици, како и техничко опремување на Управата.

## 3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ

Република Македонија се соочува со значајни проблеми во однос загадувањето на воздухот како резултат на високи концетрации на цврсти честички со големина на дијаметар до 10 миркометри (PM10) во амбиентниот воздух кои ги надминуваат граничните вредности за заштита на човековото здравје. Истото е констатирано и во Извештајот за напредокот на Република Макеоднија во поглавјето 3.27 Животна средина, подрачје: квалитет на воздух. Во насока на подобрување на состојбата и адресирање на забелешките, Република Македонија вложува напори за подобрување на квалитетот на воздухотпреку спроведување на барањата на Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (ЦЛРТАП) и нејзините Протоколи, како и директивите од ЕУ од ова подрачје кои се однесуваат на редукција на емисиите на загадувачките супстанци од оддлени сектори (енергетика, индустрија и сообраќај). Земјата, исто така, ги спроведува мерките за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот дефинирани во националните планови и програми и локални плански документи и пристапува кон подготовка на локални планови и спроведување на мерките дефинирани во истите.

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за контрола на емисии на испарливи органски соединенија при користење на бензини, донесени се следните три подзаконски акти во кои се транспонира Директивата 31994L0063 (Види Анекс 3.27 Животна средина).:

Подготвен е инвентар на емисија на загадувачки супстанци во воздух за 2013 година и е доставен до Европската агенција за животна средина и до Секретаријатот на Обединети нации согласно ратификуваните меѓународни договори.

МЖСПП континуирано врши одржување на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот, во согласност со расположливите резервни делови и потрошни материјали. Во тек е реализација на постапката за јавна набавка на резервни делови, односно постапката е во фаза на потпишување договор со избраната фирма. Беше подготвена Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух за 2016 година.

На 1 мај 2015 година, започна твининг-проектот "Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот", ИПАТАИБ 2012. Согласно динамиката на извршување на проектните активности, досега се исполнети следните задолжителни резултати преку кои се спроведуваат барања на наведените ЕУ мерки и тоа:

- Изготвен е Извештај за статусот на семплерите за PM10, план и буџет за поправка на семплерите, план за модернизација на хемиската лабораторија и обучени се лица за проверка и одржување на семплерите за PM10 и подготвена е дел од документацијата за акредитација на калибрационата лабораторија (32008L0050, 32004L0107);
- Извршена е анализа и прибирање на метеоролошки податоци потребни за локалното моделирање и инсталација на нова серверска верзија на локален модел за сообраќај (32008L0050);
- План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Скопје и краткорочен акционен план за град Скопје (32008L0050), кој се изработува во рамки на овој проект;
- Спроведена е обука за инвентаризација на емисии во воздух со што е подобрен е инвентарот за пресметка на емисии на амонијак од секторот земјоделие, транспорт и енергетика и емисии по гридови и започната е ревизија на текстот на Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2020 година (32001L0081);

- Започната е кампања за индикативни мерења тешки метали и полициклични ароматични јаглеводороди на територијата на Република Македонија (32004L0107);
- Започнат е процесот на воспоставување на системот на електронско известување до Европската агенција за животна средина согласно одлуката 2011/850/ЕЗ. Од септември 2015 година, податоците од Државниот автоматски ситем за квалитет на амбиентен воздух се доставуваат во реално време до ЕЕА (http://maps.eea.europa.eu/Hub/AirQuality/).

За изработка на Планот за квалитет на воздух за Тетово, во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво при имплементирање на законодавството во областа на животната средина" во тек е подготовка на технички извештај за квалитетот на воздухот во Тетово, што ќе биде основа за изработка на планот..

Во текот на 2015 година се отпочна со спроведување на Законот за контрола на емисии на испарливи органски соединенија при користење бензини. Започната е постапката за регистрација на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици. Досега, се доставени 229. апликации за регистрација, од кои за 200. се издадени потврди за регистрација, а останатите 29. се во постапка на издавање. Досега,поднеле 128. бензински станици.

Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилниции и семинари за спроведување на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2016 година, ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската унија, односно ќе се подготват измени и дополнувања на постоечките подзаконските акти за воздух. (Види Анекс 3.27 Животна средина и климатски проемни 3.27 Квалитет на воздух ). Исто така ќе биде изготвена **Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух за 2017 година**.

**Институционална рамка**

Во овој период ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување нов кадар и спроведување обуки. Се планира да се обезбедат предуслови за започнување на акредитација на Калибрационата лабораторија.
Како континуирана активност на МЖСПП, ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг-мрежата за воздух со која управува МЖСПП.
Во текот на 2016 година ќе се спроведуваат предвидените мерки за намалување на загадувањето дадени во Националната програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија за периодот 2012-2020 година. Предвид ќе бидат земени и поедини мерки за заштита на воздухот дадени во „Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија“. **Ќе се финализираат Краткорочните акциони планови за заштита на амбиентниот воздух и Плановите за квалитет на воздух за градовите Скопје и Тетово.** Изработката на планските документи се планирани во рамките на твининг-проектот за воздух, во соработка со град Скопје и општина Тетово.
Ќе се подготви **КОРИНАИР инвентарот со податоци за 2014 година и Информативен извештај за инвентарот, каде што истите заклучно со април 2016 година,** ќе се достават до Европската агенција за животна средина и до ЦЛРТАП. Подготовката на инвентарот и информативниот извештај се дел од активностите на тековниот твининг проект за воздух.
Во рамки на твининг-проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на легислативата од областа на квалитетот на воздухот“, проектот ќе се продолжи со ревизијата на „Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2020 година“, и ќе се подготви „Оценка на квалитетот на воздухот за Република Македонија за период 2010–2014 година“.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон **подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух**, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздух. Дел од оваа активнот ќе се спроведе со помош на странските експерти од твининг-проектот за воздух.

Согласно Законот за безбедност на производи[209], ќе **се спроведува Годишниот план за контрола** на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија кој ќе претставува основа за подготвување месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

Во текот на 2016 година, ќе продолжи да се финализира процесот на регистрација и ќе продолжи процесот на доставување на План и Програма за постигнување на техничките барања за заштита на животната средина од страна на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2017 година, ќе се подготви **Закон за измени и дополнувања на Законот за квалитет на амбиентен воздух** со кој ќе се регулираат активности кои ќе произлезат од понатамошно транспонирање на ЕУ мерките 32001L0080, 31999L0013, 32008L0001, 32010L075, како и БРЕФ документите и упатствата во секундарно законодавство (види Анекс 3.27 Животна средина, 3.27.2 Квалитет на воздух).

Во овој период, Царинската управа на Република Македонија во 2016 година ќе спроведе набавка на опрема за лабараторија за анализа на нафта и нафтени деривати, по што во периодот 2016-2017 година ќе изврши акредитација на царинската лабораторијата според барањата на ИСО 17025 за анализа на одердени методи во областа на нафта и нафтени деривати.

**Институционална рамка**

Се планираат обуки за извршување на активностите за преземање мерки за подобрување на квалитетот на воздухот за спроведување на мониторингот.

Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на твининг-проектот и во нив ќе бидат опфатени и единиците на локалната самоуправа(ЕЛС). Согласно донесените плански документи во областа на воздухот, ќе се обезбеди институционално зајакнување на Управата за животна средина со цел следење на спроведување на истите.

Во рамките на твининг-проектот се планира финализирање на **ревизијата на „Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2020 година“** и „Оценка на квалитетот на воздухот за Република Македонија за период 2010-2014 година“.

Ќе се продолжи со надградување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станиции и **проширување на мрежата со воспоставување нови автоматски мониторинг станици.**

По завршување на сите потребни документи за контрола и обезбедување на квалитет на постапките за мониторинг на квалитет на воздух се планира **акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух во 2017 година**.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздухот.

Ќе продолжи процесот на доставување на План и Програма за постигнување на техничките барања за заштита на животната средина од страна на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици.

## 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Фокусот ќе биде во насока на подготовка на планска документција за интегрирано регионално управување со отпад, за која ќе бидат обезбедени средства преку ИПА фондовите, како и спроведување на законите за посебните текови на отпад.

### *Тековна состојба*

[209] Службен весник на Република Македонија бр.33/2006 и 63/2007.

Во 2015 се спроведуваат активности за изработка на техничка и тендерска документација за затворање на нестандардните депонии/диви депонии и подготовка на технички спецификации за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот за Источниот и Североисточниот регион, во рамките на ИПА проектите.
Контролата и издавањето дозволи за постапување со отпад согласно со пристигнатите барања продолжува.
Се спроведуваат активностите за регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот на Република Македонија батерии и акумулаториии и електрична и електронска опрема.
Започна со спроведување Законот за управувње со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, при што се издадени четири (4) дозволи за колективни постапувачи со отпад од електрична и електонска опрема.
Издадени се и три (3) дозволи за колективни постапувачи со отпадни батерии и акумулатори.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2016, ќе се донесе **Закон за измени и дополнувања на Законот за управување со отпад** со цел воспоставување нова правна основа во делот на издавањето на дозволите за прекугранично постапување со отпадот согласно ЕУ мерката 32006R1013.

Допоплнително, во 2016 година, врз основа на Законот за управување со отпад се подготви подзаконски акт **со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R101 и подзаконски акт кој ќе ја транспонира** ЕУ мерката 32008L098 (види Анекс 3.27 Животна средина, 3.27.3 Управување на отпад **).**

Исто така, ќе се изготват и измени и дополнување на **Листата на видови на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема,** со што ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32002L0096 и 32002L0095.

Согласно законските обврски од Законот за управување со отпад, ќе се почне со изработка на **нов Национален План за управување со отпад.**

Исто така, ќе се донесе **Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад** од пакување, кој транспонира 31994L0062. Согласно кој ќе се ревидира **Програмата за управување со отпад од пакување.**

### *Институционална рамка*

Во 2016 година ќе се започне со спроведување на активностите од проектите „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“ и „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Вардарски, Пелагониски, Скопски и Југозападен регион“. Во рамките на овие проекти, во текот на 2016 година, ќе се почне со изработка на Регионални планови за управување со отпад за четирите плански региони, како и Стратешка оценка на влијанието врз животната средина, Студии за изводливост (Физибилити студии), Студии за оценки на влијанието врз животната средина, Анализи на трошоци и добивки и основни проекти со спецификација на опрема за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за шест региони.
Ќе се подготови Студија за значењето и моделот за реформа на јавните комунални претпријатија, во насока на одвојување на секторот за отпад и секторот за води и формирање регионални претпријатија за управување со комунален отпад, согласно со **Националната Стратегија за управување со отпад 2008 -2020.**
Ќе се продолжи со пополнувањето на базата за податоци за видови и количини на отпад по типови отпад
Во текот на 2016 годин,а ќе се реализираат работилници за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за животна средина, овластените инспектори за животна средина и државниот пазарен инспекторат во делот на надзорот над посебните закони за управување со отпад.
Со цел зајакнување на капацитетите за управување со отпад на централно и локално ниво, ќе започне твининг-проект за зајакнување на капацитетите за управување со отпад во рамките на кој ќе се изработува нов Закон за управување со отпад и анализа и подобрување на законодавството за посебните текови на отпад.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2017 година, ќе започне подготовката на нов **Закон за управување со отпадот** со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 2008/98/ЕЗ во рамките на твининг-проект за зајакнување на капацитетите за управување со отпад.
Ќе се ревидираат Програмата за управување со отпад од електрична и електронска опрема (2013-2018) и Програмата за управување со отпадни батерии и акумулатори (2012-2017).

Согласно законските обврски од Законот за управување со отпад, ќе се донесе **нов Национален план за управување со отпад.**

Исто така, ќе се донесе нова **Програмата за управување со отпад од батерии и акумулатори,** согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

### *Институционална рамка*

Во 2017, година ќе се изработат проектни студии (Студија за изводливост, Оценка на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки) и проектна документација за воспоставување систем за интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во рамките на Проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување **интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион**". Исто така, за Североисточниот и Источниот плански регион ќе се реализира набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот, како и ќе започне постапката за затворање на нестандардните депонии/дивите депонии во двата региони.
Во 2017 година, ќе се изработат потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за **Скопски, Вардарски, Југозападен и Пелагониски плански** регион во рамките на Проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Вардарски, Пелагониски, Скопски и Југозападен регион".
Во 2018 година ќе се изработат потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за реализација на активностите од проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Полошкиот и Југоисточниот регион".

Ќе се формира **регулаторно тело за комунални работи,** до крајот на 2018 година, преку кое ќе се следи имплементацијата на законодавството во делот на управување со отпадот.

Исто така, ќе се воспостави систем за интегрирано управување со медицински отпад до крај на 2018 година.

## 3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

Во областа на водите, ќе се продолжи со усогласување на националното законодавство од областа на водите со правото на ЕУ. Ќе продолжат активностите за изработка на планови за управување со речни сливови и ќе се спроведе изградба на три нови пречистителни станици за градовите Струмица, Кичево и Радовиш, како и рехабилитација и проширување на канализационите мрежи во Куманово и Берово.

### *Тековна состојба*

**Правна рамка**

Донесен е „Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита и употреба на прекугранични води и меѓународните езера"[210]
Донесени се измени и дополнувања на Законот за водите[211], со кои се овозможува одделно уредување на класификацијата на водните тела од категоризацијата на истите, со кој се овозможи доусогласување со ЕУ мерките 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676.

---

[210]Службен весник на Република Македонија бр.117/15.
[211]Службен весник на Република Македонија бр.146/15.

Во рамките на проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за приближување и спроведување на законодавство во областа на управување со водите“ се подготви Мониторонг план за управување со речен слив на реката Вардар.
Се изработија иницијални елементи за карактеризација на сливот на река Вардар, се воспостави регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар и се подготви предлог Програма за следење на водите на сливот на реката Вардар и Програма на мерки за постигнување на целите за животната средина.
Во 2015 година, се подготви предлог Закон за утврдување на цените на водните услуги, со кој се пропишува утврдувањето на тарифите за водни услуги. Согласно Законот, надлежен орган за утврдување на тарифите ќе биде посебно регулаторно тело како дел од постојната Регулаторна комисија за енергетика.
До крајот на 2015 година, ќе заврши проектот „Реставрација на Струмичкиот речен слив“ чија цел е реставрација на социо–еколошките функции на речниот слив Струмица преку развивање План за управување со сливот.
Продолжија активностите за изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализационата мрежа – Прилеп“.
Во декември 2015 година, се очекува да бидат потпишани договори во рамките на ИПА за изработка на станици за прочистување на отпадните води во Радовиш, Струмица и Кичево, како и за проширување и рехабилитација на канализационите мрежи во Куманово и Берово.
Во овој период продолжија предвидените активности за подготовка на Планот за управување со речен слив на реката Брегалница. Резултати од Проектот се: изработи предлог План за управување со речен слив за Брегалница и изградба на инфраструктурни објекти, со кои ќе се обезбеди подобрување на статусот на сливот на река Брегалница.
Исто така, продолжија и предвидените активности во рамките на проектот за изработка на Планот за управување со речен слив на реката Црн Дрим. Во рамките на проектот, ќе се изработи План за интегрирано управување со Црн Дрим, во соработка со другите држави на чие подрачје се протега сливот. Проектот е во подготвителна фаза во која се утврдија компонентите и се изготвуваше деталната финална композиција на Проектот.

Исто така, во овој период продолжија активностите за изработка на техничка документација за собирање, одведување и пречистување урбани отпадни води. Во таа насока, се спроведоа неколку проекти преку ИПА кои се однесуваат на изработка на техничка документација за проширување и рехабилитација на канализационата мрежа за градовите Берово, Куманово, и раздвојување на приоритетната канализациона мрежа во Охрид и Струга, како и проширување на канализационата мрежа и колекторскиот систем за Охридското езеро во делот на општината Струга (Калиште – Радожда и Вевчани). Воедно, се подготви проектна документација за изградба на пречистителна станица за Струмица, Радовиш и Кичево, како и за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води за Битола и Тетово.

Во овој период, започнати се активности за изградба на пречистителна станица во Гевгелија.

Во текот на овој период се продолжи со спроведување на планираните активности кои се однесуваат на подготовка на план за управување со милта согласо барањата на Директивата за ретма на урбаните отпадни води.

## *Краткорочни приоритети*

### Правна рамка

Согласно донесените измени и дополнувања на Законот за водите[212], со кои се овозможува доусогласување со ЕУ мерките 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676 и ќе се овозможи одделно уредување на класификацијата на површински и подземни води, односно ќе бидат донесени две уредби.

Исто така ќе бидат донесени два подзаконски акти како Правилник за условите, начинот за определување на заштитните зони и за картографскиот приказ на заштитните зони за водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, усогласен со 32000L0060 и Правилник за критериуми и цели за квалитетот на водата за капење, кој ќе се усогласи со ЕУ мерките 31976L0160 и 32000L0060.

[212]Службен весник на Република Македонија бр.146/15.

Во насока на подобро управување со речните сливови, како барање на рамковната Директива за води и законските барања, ќе бидат донесени План за управување со речен слив на река Струмица и План за управување со речен слив на река Брегалница. Исто така ќе биде подготвена и донесена Програма на мерки за постигнување на целите за животната средина.

Во текот на 2016 година, предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со кој се врши доусогласување со следните ЕУ мерки 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676, 32006L0118 и 32003L0007. Согласно истиот ќе се донесат подзаконски акти води, со кои ќе се транспонираат претходно наведените ЕУ мерки.

За повеќе детали за подзаконските акти кои ќе бидат донесени во 2016 година види АНЕКС 3.27 Животна средина 3.27.4 Квалитет на водите, 2016 год.

**Спроведување**
Во 2016 година, ќе започнат активностите за реформа во системот за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води на локално ниво.
Ќе продолжат активностите за изградба на пречистителна станица во Прилеп, Гевгелија, Струмица, Радовиш и Кичево. Ќе се продолжи со реконструкција и надградба на дел од канализационата мрежа Прилеп, како и проширување и рехабилитација на канализационата мрежа за Берово и Куманово, во рамките на ИПА Компонента 3.

Во овој период, ќе заврши изработката на техничка документација за изградба на пречистителни станици и проширување на канализационата мрежа за градовите Тетово и Битола, како и ќе започне изработка на техничка документација за градовите Кавадарци, Гоствар, Дебар, Велес и Штип.

Исто така, во овој период ќе биде изработен Планот за управување со речен слив на реката Брегалница.
Ќе продолжат предвидените активности за подготовка на Планот за управување со речен слив на реката Црн Дрим.

Ќе се започне со спроведување на ИПА проектот „Изработка на Национална студија за водите“ во рамки на која ќе се изработата планови за спроведување на Директивите за третман на отпадните води и водата за пиење, како и ќе се изработи План за управување со милта согласно барањата на Директивата за третман на урбаните отпадни води.

Во 2016 година, предвидено е да започнат активности за спроведување на делот од законодавството кое се однесува на управување со поплави во рамките на проектот „Подобрување на имплементација на Директивата за поплави со подготовка на Планови за управување со ризици од поплави“.

Предвидено е зајакнување на Секторот за води за 2016 година преку одржување обуки и тренизни. Во Секторот води, МЖСПП предвидени се и 3 нови вработува.

### *Среднорочни приоритети*
Во овој период, ќе продолжи донесувањето подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за водите, со што ќе се обезбеди понатамошно усогласување со соодветните правни акти на ЕУ во областа на водите. За повеќе детали за подзаконските акти кои ќе бидат донесени во 2017-2018 година види АНЕКС 3.27 Животна средина 3.27.4 Квалитет на водите, 2017-2018.

Во насока на подобро управување со речните сливови, како барање на рамковната Директива за води и законските барања, во 2018 година ќе започне подготовка на План за управување со речен слив на река Вардар. Додека во 2017 година, предвидено е да се донесе Планот за управување со речен слив на реката Црн Дрим, како и донесување на Национлната студија за води и Планот за управување со милта.

### *Програми и проекти*

Во 2017 година, во рамките на проектот „Техничка помош за подготовка на Национална студија за води“ ќе се дефинираат агломерации и чувствителни зони на урбани отпадни води. Исто така, во рамките на Проектот ќе се подготват детални планови за спроведување на ЕУ мерките (Директивата за третман на отпадните води и Дрективата за вода за пиење) со кој ќе се дефинираат потребните инвестиции и проекти.

Ќе заврши изградбата на пречистителна станица во Прилеп, Гевгелија, Струмица, Радовиш и Кичево. Ќесе реконструирира и надгради делот од канализационата мрежа Прилеп, Берово и Куманово, во рамките на ИПА Компонента 3.

Ќе се изработат физибилити студии и техничка документација за подобрување на собирањето и третман на отпадните води во Гостивар, Кавадарци, Дебар, Велес и Штип.

Во овој период, предвидено е во рамки на проектот „Имплементација на Проектот за заштита на Преспанското езеро“ да се спроведат мерките за заштита од ерозија во сливот на Преспанското Езеро и реставрација на делтата на Голема Река и искористување на постоечките (напуштени) рибници во рамките на „Езерани“ за обезбедување дополнителен/терцијарен третман на отпадните води од постоечката пречистителна станица.

Во 2018 година, ќе се работи на подготовка на План за управување со поплави во рамките на кој ќе се предвидат мерки.

Предвидено е зајакнување на Секторот за води преку одржување обуки и тренизнии и нови вработува на среднорочен план.

## 3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

*Во насока на унапредување на заштитата на природата, планирано е понатамошно хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ за заштита на природата, преку усогласување на Законот за заштита на природата со ЕУ Директивата за живеалишта и ЕУ Директивата за птици, изработка на подзаконските акти, како и идентификација на идните Натура 2000 подрачја. Со истото ќе се овозможи поефикасна заштита на природата преку изработка на стратешки документи како Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план, Националната стратегија за заштита на природата и Црвена листа за најмалку една таксономска група. Исто така, ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за природа со нови вработувања и тренинг-обуки и работилници со засегнатите страни за ЕУ законодавството од областа на заштитана природата.*

### *Тековна состојба*

Во 2015година, продолжија активностите за прогласување заштитени подрачја на територијата на Република Македонија.

Во рамки на ГЕФ/УНЕП/МЖСПП проект „*Ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со Акциски План на Република Македонија и изработка на 5-от Национален извештај кон Конвенција за биолошка разновидност“*, воспоставен е механизам за размена на информации за биолошка разновидност (ЦХМ), односно изработена е посебна веб-страница за биолошка разновидност (http://biodiverzitet-chm.mk). Воедно, во рамките на истиот проект, изготвен е Извештај за потребите од зајакнување на капацитетите за заштита на биолошката разновидност за спроведување на Националната стратегија за биолошка разновидност како и изработка на Акциски план.

Во рамки на проектот„Програма за зачувување на природата“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), започнаа активности за изработка на Национална Стратегија за заштита на природа. Досега, се реализирани дел од теренските истражувања и извршена е анализа на постоечките научни податоци, кои се потребни за изработка на стратегијата.

Во 2015 година, беа зајакнати капацитетите на Секторот за природа, преку едно вработување.

Одржани се тренинг-обуки и работилници на теми поврзани со ЕУ политики за заштита на природата, преку кои беа унапредени знаењата на вработените во Секторот за природа.

**Регионална мрежа за пристапување во областа на животната средина и климата (ЕКРАН)**

Во септември 2015 година од страна на Европската комисија преку ТАИЕКСинструментот во рамките на ЕКРАН проектот („Регионална мрежа за пристапување во областа на животната средина и климата“) беше реализирана експертска мисија за процена на состојбата за воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000. Целта на мисијата беше да се одреди степенот на подготвеност на земјата за поднесување на предлог за воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000.

Во октомври 2015 година се одржа втора субрегионална работилница за спроведување соодветна проценка на влијанијата врз пилот подрачјето Тиквеш. Работилницата беше организирана во рамките на ЕКРАН проектот. Целта на оваа работилница е ЕКРАН земјите (Република Македонија, Република Албанија и Република Косово) да се запознаат со принципите и правилата за спроведување соодветна процека на влијанијата врз идните Натура 2000 подрачја.

Во октомври во рамките на билатерлната соработка со Република Словенија, одржана е работилница за Натура 2000. На истата учествуваа претставници од научните институции, експерти, невладини организации и други засегнати страни од областа на заштита на природата. Беа презентирани словенечките искуства за изготвување на референтните листи на живеалишта и видови кои се вклучени во Директивата на ЕУ за зачувување наживеалишта и Директивата на ЕУ за зачувување на диви птици, за собирање на податоци, дисеминација на резултатите, пополнување на празнините и идентификување на предизвици, како и за определување потенцијални Натура 2000 подрачја и искуствата за подготвување и спроведување на ЛИФЕ проекти во областа на заштитата на природата.

На покана на Меѓународна заедница за заштита на природата (ИУЦН) за Југоисточна Европа и хрватското Министерство за животна средина и природа на 7-8 септември 2015 година претставници на МЖСПП учествуваа на втората годишна средба на директорите за заштита на природата во Југоисточна Европа во Хрватска, НП Бриони.

Прекуграничната соработка за заштита на природата е унапредена во рамки на иницијативата за формирање фонд за природа Преспа - Охрид. Одбележан е Меѓународниот ден за биодиверзитетот - 22 мај, Стење-Преспа.

Изработена е веб-страница на тема: “Да ја израдуваме природата“ за промоција на Националните паркови Маврово, Пелистер и Галичица (http://priroda.moepp.gov.mk /). Целта на веб-страницата е да се подигне еколошката свест кај најмладите за вредностите и значењето на националните паркови и другите заштитени подрачја во Република Македонија како и развивање одговорен пристап кон природата, преку активно учество во нејзина заштита.

Во 2015 година, се зајакна соработката на МЖСПП со меѓународни организации од областа на заштитата на природата (УНЕП, УНДП, ИУЦН, СДЦ, WWF, РЕК, ГИЗ и др.).

Согласно Законот за заштита на природата, спроведени се испити за полагање на чувар во заштитено подрачје, односно во НП Пелистер, НП Маврово и НП Галичица. Со оваа активност се овозможи унапредување на знаењата кај чуварите во националните паркови за прашања поврзани со заштита на природата, а со тоа и поефикасно спроведување на посочениот закон.Се зајакна соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (фармерите, сопствениците на земјиште, ловците и риболовците) и невладините организации инволвирани во заштита на природата, преку организирање состаноци и обуки.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Ќе се изготват измени и дополнувања на Законот за заштита на природата, со цел негово усогласување со ЕУ директивите за хабитати и птици.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата, ќе продолжи процесот на прогласување заштитени подрачја.

Во овој период планирано е да се донесе Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план и Националната стратегија за заштита на природата. Исто така ќе се започне со изработка на Црвена листа за најмалку една таксономска група.

Во рамки на ИПА проект (ТАИБ 2011) „Зајакнување на централните и локалните административни капацитети за спроведување на Натура 2000“ ќе се започне со идентификација на типовите живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора

(31992L0043), заради изготвување Листа со предложени подрачја од интерес на ЕУ, како и со идентификацијата на посебно заштитените области, согласно Директивата за диви птици (2009/147/ЕЗ).

За повеќе детали за подзаконските акти кои ќе бидат донесени во 2016 година види АНЕКС 3.27 Животна средина 3.27.5 Заштита на природа за 2016 год.

**Институционална рамка**
Во 2016 година, ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за природа со нови вработувања.

Исто така, ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување тренинг-обуки и работилници.

Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 и за спроведување ЕУ мерки од областа на заштитата на природата.

Во текот на 2016 година, ќе се унапреди соработката на МЖСПП со меѓународни организации од областа на заштитата на природата (УНЕП, УНДП, ИУЦН, СДЦ, WWF, РЕК, ГИЗ и др.).

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (фармерите, сопствениците на земијште, ловците и риболовците) и невладините организации инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци, работилници и тренинг-обуки.

### *Среднорочни приоритети*
Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата, ќе продолжи процесот на прогласување заштитени подрачја. Црвена листа за најмалку една таксономска група ќе се финализира.

Во период 2017-2018 година, ќе се донесат подзаконските акти со кои ќе се транспонираат ЕУ мерки од оваа област. Ќе се утврди Националната еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и еколошки значајните подрачја за ЕУ-Натура 2000 при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147, 31992L0043 и 31997D0266.

Во овој период, ќе се изготват подзаконски акти со кои ќе се утврдат типовите на живеалишта, вклучувајќи го видот и степенот на нивната загрозеност и значајност, како и начинот на нивно означување, начинот на изготвување, одржување и означување на типовите живеалишта на карта, начинот за определување на степеност на загрозеност, начинот на вршење на процената на состојбата и загрозеноста на типовите живеалишта, како и типови на живеалишта за чие што зачувување е неопходно одредување на посебни подрачја за зачувување и мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L0043.

Во рамки на ИПА проект (ТАИБ 2011) за „Зајакнување на централните и локалните административни капацитети за спроведување на Натура 2000“ ќе се заврши со идентификација на типовите на живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора и Директивата за диви птици.

Во овој период, ќе започне со реализација ИПА проект (ТАИБ 2012-2013) за „Зајакнување на административните капацитети на Секторот за природа“, во рамите на кој ќе се изготват нацрт-верзии на Планови за управување за две пилот заштитени подрачја и ќе се изработат акциони планови за клучните типови на хабитати и видови и ќе се изработи методологија за спроведување мониторинг на природата.

За повеќе детали за подзаконските акти кои ќе бидат донесени во 2017 година види АНЕКС 3.27 Животна средина 3.27.5 Заштита на природа за 2017-2018 год.

**Институционална рамка**
На среднорочен план, се предвидува зајакнување на капацитетите на Секторот за природа, преку нови вработувања.

Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија, ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување тренинг-обуки.

Во периодот 2016-2017 година, ќе се унапреди соработката на МЖСПП со меѓунардони организации од обласа на заштитата на природата (УНЕП, УНДП, ИУЦН СДЦ, WWF, РЕК, ГИЗ и др.).

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (фармерите, сопствениците на земијште, ловците и риболовците), невладините организации инволвирани во заштита на природата, преку организирање состаноци и обуки.

## 3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

***Тековна состојба***

Согласно временскиот распоред за поднесување барање за добивање дозвола за усогласување со оперативенплан, вотекот на 2015 година, во МЖСПП се доставени вкупно 7 нови барања за добивање А–ИСКЗ дозвола, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 147. Во 2015 се издадени 2 А-дозволи за усогласување со оперативен план, 8 А–интегриранани еколошки дозволи, и 1 Целосен Пренос на А-Интегриранаеколошкадозвола.

Изготвени се 4 нацрт А-интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, во фаза на дополнување се 12 нацрт А-интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Во фаза на разгледување се 12 барања за добивање на А-интегрирани еколошкидозволиодноснодозволизаусогласувањесооперативенплан. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање интегрирана еколошка дозвола.Со цел изготвување на база на издадени дозволи,се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошкидозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

Во 2015 година, беше избран нов состав на Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники (НДТ). Континуирано се одржуваaa јавни расправи по однос на издавање на А-интегирани еколошки дозволиили дозволи за усогласување со оперативен план.

Оваа година, започна со спроведување на ИПА твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за транспонирање и спроведување на Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ ".Главната цел на проектот е зголемување на ефикасноста во подготовките на земјата за влез во ЕУ преку зајакнување на административните капацитети на Министерството за животна средина и просторно планирање/Управата за животна средина, како и единиците на локалната самоуправа при транспозиција и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ.

Согласно Законот за животна средина,ормирано емеѓуресорско тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции во ноември 2015 година.

Се продолжи со воспоставувањето на Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции, како законска обврска од Закон за животна средина, во делот превенција на хаварии со присуство на опасни супстанции.

Во однос на активностите во делот на еко–етикетирање, сереализираа активности за информирање на јавноста за значењето на еколошкото означување сообјавување на информации преку електронските медиуми, како и на интернет страницата на МЖСПП. Воедно, МЖСПП учествуваше на повеќе работилници и конференции кои имаазацел поттикнување на зелената потрошувачка.

Во однос на спроведување на одредбите на Директивата за големите согорувачки инсталации, односно спроведување на Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница, беа реализирани две ТАИЕКС

експертски мисии во 2015 година. Истите имаа за цел изготвување Национален план за редукција на емисиите од големите согорувачки инсталации.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции, ќе се донесе Правилник за видовите на опасните супстанции и количините за присуство на опасните супстанции, со што се прилагодува постоечкиот правилник на Анекс I на КЕБЕКО III Директива 32012L0018.

Национален план за редукција на емисиите од големите согорувачки постројки, кој е согласно Директивата 32001L0080, ќе биде усвоен од страна на Владата во 2016 година. Истиот произлегува од Законот за амбиентален воздух[213].

Во 2016 година се планира подготовка на Националните референтни документи за најдобри достапни техники (НДТ) за различни сектори.

Во овој период, ќепродолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрираниеколошки дозволии за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт-дозволи за истите. Истовремено,ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање интегрирани еколошки дозволии дозволи за усогласување со оперативен план. При тоа, особено ќе севложат напори во делот за учество на јавноста во издавањетона дозволите.

Исто така во текот ан 2016 година ќе се продолжи со воспоставувањето на Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции, како законска обврска од Закон за животна средина, во делот превенција на хаварии со присуство на опасни супстанции.

Согласно Законот за животна средина, ќе се донесат Правилник за критериумите кои штотреба да се исполнат за добивање еколошка ознака за цврсти подни облоги, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0607 и Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање еколошка ознака за услуги на туристички кампови, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0578.

Во 2016 година, во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за транспонирање и спроведување на Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ “, за ќе се започне со изработка на нов Закон за индустриски емисии во кој ќе се транспонира Директивата за индустриски емисии 2010/75 ЕУ.

Во областана еколошко етикетирање, ќе се продолжи со промоција на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака.

**Институционална рамка**

Ќе се продолжи со зајакување на капацитетите на Одделението за индустриско спречување и контрола на загадувањето и Одделението за управување со ризик и хемикалии во УЖС. Зајакнувањето ќе се врши со нови вработувања, како и со посета на работилници и студиски посети во рамките на постојните проекти, како и организирани настани во рамките на ТАИЕКС.

Во рамките на твининг-проектот, ќе се започне со подготовка и на економска анализа за проценка на влијанието кое транспонирањето на Директивата ќе го има врз засегнатите страни.

Поврзаносоова,воовојпериодпредвиденоезапочнувањенаактивноститезаспроведувањепроектза еколошкоозначувањенанајмалку10.капацитетизатуристичкосместувањеипроектзаоведувањена најмалку10.еколошкоозначени производии услуги.

### *Среднорочни приоритети*

---

213 Службен весник на Република Македонија бр. 67/2004, 92/2007, 83/2009, 35/2010, 47/201, 59/2012, 100/2012, 163/2013 и 10/2015.

Во областа на спречувањето на хавариите со присуство на опасни супстанции, согласно постоечкиот Закон за животна средина, ќе биде донесен Правилник за поблиски критериумите врз основана кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија со што ќе се транспонираат одредби на КЕБЕКО III Директивата (32012L0018).

Воедно, ќе продолжи изработката и ревидирањето на Национални референтни документи (упаства) за НДТ за различни сектори, кои ќе преставуваат упатства за применување на НДТво А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

Во зависност од одобрените финансиски средства, предвидено е продолжување на активностите во однос на проектите за еколошко означување.

Во областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето, ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање интегрирани еколошки дозволи.

Во 2017 година ќе се донесе нов Закон за индустриски емисии кој ќе ја транспонира Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ, ќе се изработат и подзаконски акти согласно истиот. Како дел од компонента 3 од ИПА проектот ќе се подготови Програма за јакнење на администартивните капацитети за спроведување на Директивата за индустриски емисии 2010/75 ЕУ. Ќе се изработи проценка на Економското влијание за транспонирањето и имплементирањето на Директивата за индустриски емисии врз индустријата и државата на централно и локално ниво. Односно економската процена ќе покаже колку ќе чини воведувањето на новите достапни технологии согласно директивата кај индустријата, како и за државата. ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите за спроведување на Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ“ ќе се спроведува и во текот на 2017 година.

### 3.27.7 ХЕМИКАЛИИ

Ќе се продолжи со спроведување на националното законодавство од оваа област, како и понатамошно усогласување со закоодавството на ЕУ од оваа област.

#### *Тековна состојба*

Во 2015 година, со измените и дополнувањата на Законот за хемикалии[214] сите обврски од делот на хемикалиите од Агенцијата за лекови преjдоа во надлежност на Министерството за здравство.
Министерството за здравство продолжи да ги регистрира сите фирми што увезуваат и/или користат хемикалии во својот производен процес и води регистар во форма на електронска база на податоци за тие правни лица. Во моментов, вкупно се регистрирани 273. правни лица, додека во регистарот на правни лица кои работат со прекурзори (хемикалии) регистрирани се 98. правни лица.
Во листата на биоцидини производи кои се ставени во промет во Република Македонија се впишани 221.
Се води постапка за ставање на хемикалии-детергенти во промет за општа и професионална употреба кои се впишани во електронаката база на податоци која ја води Министерството за здравство. Во регистерот се впишани 34. детергенти кои се користат за професионална употреба. Целта на водење вакви регистри е воспоставување контрола на употребата на хемикалиите споредниввната класа на опасност во државата, со цел заштита на здравјето на луѓето и животната средина.
Министерството за здравство ја следи работата на Националниот центар за контрола и информирање за труење од хемикалии, преку квартални и годишни извештаи. Во областа на управувањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка,се донесени подзаконски акти кои се усогласуваат со ЕУ мерката 32009R1005 (види Анекс 3.27 Животна средина 3.27.7 Хемикалии).
Во 2015 година, направена е конверзија од ХКФК-141б во производството на полиуретански пени за комерцијални единици (изолирани врати).
Во областа на управувањето со ПОП, заврши спроведувањетона проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за подготовка и спроведувањена легислативата во областа на перзистентните органски загадувачи“, преку спроведување на следните активности:

[214]Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 53/11, 164/13 и 116/15.

- Анализа на недостатоци на постоечката национална легислатива за управување со перзистентните органски загадувачи;
- Подготовка на акционен план за хармонизација на националната легислатива со легислативата на ЕУ во областа на управување со перзистентните органски загадувачи.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Предвидено е донесување на Измена и дополнување на Правилникот за начинот на собирање, обновување и рециклирање на средства за ладење со ЕУ мерка. Во овој период, ќе продолжи транспонирањето на ЕУ мерките во националното законодавство во делот на управувањето со средствата за ладење (види Анекс 3.27 Животна средина, 3.27.7 Хемикалии).

**Институтионална рамка**

Во 2016 година, ќе продолжи регистрацијата на правни лица кои работат со хемикалии.

Националниот Центар за информирање и следење на труењата од хемикалии ќе продолжи со собирање податоци и известување.

Системот на информирање на сите засегнати страни, во делот на управувањето со хемикалиите, преку одржување на едукативни настани, ќе продолжат да се спроведува како неопходен и одржлив начин на размена на информациите нагоре и надолу по синџирот на движењето на хемикалијата.

И во овој период, ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети во Секторот за хемикалии и спроведување обуки на вработените и на инспекторите одговорни за спроведувањетона одредбите од Законот за хемикалии.

Во 2016 година, планирано е спроведување на иницијална процена на присуството на жива во земјата, преку процена на правната рамка за управување со жива.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во овој период, ќе продолжи транспонирањето на ЕУ мерките во националното законодавство, во делот на управувањето со средствата за ладење, преку донесување подзаконски акт (види Акенс 3.27 3.27.7 Хемикалии).

Во периодот 2017-2018 година, планирано е спроведување иницијална процена на присуството на жива во земјата преку:

- процена на институционалната рамка за управување со жива;
- иницијален инвентар на жива;
- идентификација на изворите на емисии на жива.

**Институционална рамка**

Во овој период, фокусот ќе биде насочен кон спроведувањена одредбите од Законот за хемикалии преку вршење инспекциски надзори, контрола на забранети хемикалии во производите, подобрување на соработката помеѓу институциите за спроведувањето на истиот.

## 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ (ГМО)

Донесување Закон за изменување и дополнување на Закон за генетски модифицирани организми, во кој ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32001L0018 и 32009L0041, со кој ќе се разграничат надлежностите на органите во постапувањето со ГМО. Исто така ќе се зајакнат капацитетитенанационално ниво за ефективно спроведување на Законот за генетски модифицирани организми.

***Тековна состојба***

Согласно Законот[215] за генетски модифицирани организми, беше донесен следниот подзаконски акт: Правилник[216] за начинот и постапката за спроведување на активностите во случај на ненамерно ослободување на ГМО во животната средина, а кои можат да имаат негативни последици за здравјето на луѓето и за животната средина на

[215]„Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008,163/13, 146/15.

[216]„ Службен весник на Република Македонија бр.190/2014.

територијата на друга држава.Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката на Советот 32002D0628.Исто така, беше донесен и Правилникот[217] за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО,во кој се транспонира ЕУ мерката 32004 D0204.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување наЗаконотзагенетскимодифицираниорганизми, во кој ќе се транспонираатЕУ мерките: 32001L0018 и 32009L0041.
Ќе биде донесен подзаконски актза Процена на ризик за ограничено користење на ГМО, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32009L0041.

**Институционална рамка**

Надлежен орган за подрачјето генетски модифицирани организми за спроведување на Законот за генетски модифицирани организмии прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Ворамките на Управата за животна средина (УЖС), Секторот за природа има Одделение за генетски модифицирани организми каде што се предвидени работни места со работни задачи поврзани со следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн. Моментално, во Одделението за генетски модифицирани организми има вработено само 1 лице.

Врз основа на Законот за безбедност на храна[218], Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за издавање одобренија за производство на храна од ГМО( заповеќедеталивидипоглавје3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика). Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе започне постапка за ратификација на **Протокол за одговорност и надомест на штета согласно член 27 од Картагенскиот Протокол за биосигурност.**

## 3.27.9 БУЧАВА

Ќе се продолжи со спроведуваето на националното законодавство за бучава, како и понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ од оваа област.

**Тековна состојба**

Подготвена е ТАИЕКС апликација за одржување работилница за запознавање со Директивите31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020 кои се однесуваат на донесување Правилник за поблиски извори на бучава како и условите за заштита од бучава предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај.
Во рамките на ИПА проектот „Зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството од областа наживотната средина на локално ниво“ набавена е опрема замерење бучава во животната средина, со којаќе се овозможи воспоставување мониторинг на бучавата, како иинтегрирање на податоците за подготовка на стратешки карти забучава.Мерните инструменти се набавени за МЖСПП, како и за општините кои во согласност со уредбата[219] имаат обврска за изработка настратешки карти за бучава, општините Скопје, Тетово, Битола и Куманово.
Дополнително, во рамките на проектот, извршена е набавка на апликативен софтвер, кој ќе овозможидокументирањена база на податоци за подготвување на стартешки карти за бучава.
Одржана е обука за управување со набавениот софтвер за подготовка на стратешки карти за бучава како и обука за управување со набавениот преноснен систем за мерење на бучавата во животната средина, на која присуствуваа претставници на МЖСПП, град Скопје, Општина Куманово, Тетово и Битола.

[217]„ Службен весник наРепублика Македонија бр.175/14.
[218] Службен весник на Република Македонија бр.157/2010, 53/2011,1/12 164/13,187/13,43/14,72/15.
[219]Уредбата за агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги, главните аеродроми за кои треба да се подготватстратешки карти за бучава Службен весник на Република Македонија бр. 15/2011.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2016 година, ќе се донесе **подзаконски акт за поблиските видови на посебни извори на бучава, како иусловите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, со кој ќе сеизврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020**. Со донесување на овој правилник, ќе се уреди контролирањето на бучавата, која потекнува од патниот, железничкиот и водниот сообрќај иќе се утврдат стандардите за заштита од бучавата во животната средина предизвикана од овие извори на бучава.

Во рамките на ИПА проектот„Зајакнување на капацитетите на централната и локалната власт за спроведување назаконодавството вообласта на животната средина на локално ниво", ќе се изработи Прирачник за подготовка настратешки карти за бучава, кој ќе го олесни процесот на изработка на овие стратешки карти.

**Институционална рамка**

Во однос на следењето бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналнатабучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10.центри за јавно здравје, од кои само 3.центри (Битола,Куманово и Кичево) собираат и обработуваат податоци од мерењата од други лаборатории, кои сеоднесуваат на бучавата создадена од различни категории создавачи на бучава (индустрија, аеродроми,угостителско-туристички капацитетии други активности).

Воспоставена е државната мрежа за мониторинг на бучава во животната средина прекудонесувањето на Одлуката заформирање на државна мрежа за следење на животната средина.

Се планира зајакнување на капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања испроведување на обуки, кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од областа набучавата во животната средина на централно и локално ново. Планирано е спроведување на обука на која ќе се презентира Упатството за подготвување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава со конкретни мерки и активности, кои треба да бидат превземени од страна на МЖСПП и општините, коишто треба да подготвуваат стратешки карти за бучава, на која ќе присуствуваат претставници од МЖСПП и споменатите општини, како и обука за развивање стратешки карти за бучава.

### *Среднорочни приоритети*

Во овој период, се очекува правната рамка во подрачјето бучава да продолжи со понатамошно усогласување созаконодавството на Европската унија.

### *Програми и проекти*

До крајот на 2017 и 2018 година, ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата воживотната средина се со цел целосно спроведување на барањата од ЕУ Директивтаа за воспоставувањеинфраструктура за просторно информирање во ЕЗ (ИНСПИРЕ).Директивата обезбедува законска рамка заспроведувањена Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти одЕвропскиот информативен системза животна средина(СЕЕИС).

До крајот на 2017 година, ќе се спроведуваат активности во врска со изработка **на стратешки карти за бучава иакциони планови за бучава**, со што ќе се добие целосна слика за нивото на бучава во животната средина, како имерките кои ќе бидат превземени со цел намалување на нивото на бучава, а со тоа и намалување на штетните ефектикои произлегуваат од истата.

Во овој период, ќе започнат активности за воспоставување на информативниот систем за состојбата на бучавата воживотната средина, како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, којќе ги опфаќа податоците добиени од следењето на бучавата, стратешките карти и акционите планови и другисоодветни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.

Ќе започнат активности за воспоставување и одржување **катастар на создавачи на бучава во животнатасредина.**

## 3.27.10 ШУМАРСТВО

Во наредниот период ќе се продолжи со креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија согласно барањата на ЕУ законодавството, преку донесување на стратешките документи и усогласување на законодавната рамка со законодавството на ЕУ од оваа област.

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за шумите[220], беше донесена Програма за проширена репродукција на шумите за 2015 година[221]. Со програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на превентивна и пресупресивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

Воедно, Владата на Република Македонија ја донесеИнформацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2014 година.

Во декември 2015 година,се спроведе акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, при што беа засадени 3.013.200 садници на утврдените локации на вкупна површина од 929,63 хектари на цела територија на Република Македонија.

### *Краткорочни приоритети*

Ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2016 година и истата ќе се спроведува до крајот на 2016 година.

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво ќе изработи Информација за здравствената состојба на шумите за 2015 година.

Во овој период, ќе се преземат активности за реализирање нови вработувања и јакнење капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ – Сектор за шумарство и ловство и на ДИШЛ.

За спроведување на Регулативата ЕУ/995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и  производи од дрво на пазарот,ќе се идентификува/идентификуваат и назначи/назначат компетентна/и институција/и.

### *Среднорочни приоритети*

Во овој период,ќе се направи анализа на обврските кои би произлегле одРегулативата ЕУ/995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и  производи од дрво на пазарот, од која ќе произлезат препораки за нејзино вградување во националното законодавство.

### *Програми и проекти*

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции, се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.

Во овој период, ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво изработува Програма за проширена репродукција на шумите и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

Во овој период, ќе се воспостави Шумарски информативен систем на Република Македонија (MacedoFIS), согласно Законот за шумите и Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија.

## 3.27.11 ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

Во насока на унапредување на цивилната заштита, планирано е понатамошно хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ за цивилната заштита пред се Одлуката на ЕК 2014/762/ЕУ за спроведување на Одлуката на Парламентот и Советот 1313/2013/ЕУ за формирање на Механизам за цивилна заштита на Унијата. Со тоа ќе се овозможи поефикасен систем за заштита на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи. Во наредниот период се очекува и зајакнување на капацитетите на Дирекцијата за заштита и спасување за оперативно дејствување пред сево делот на справувањето со поплави каде

[220]Службен весник на Република Македонија бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15 и 147/15)
[221]Службен весник на Република Македонија бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15 и 147/15)

што преку неколку регионални проекти (ЈЕРУ) и ИПА Поплави ќе се добие лична и колективна опрема за тимовите за спасување.

### *Тековна состојба*

Собранието на Република Македонија го ратификува Меморандумот за разбирање за институционалната рамка на Иницијативата за превенција и подготвеност од катастрофи на ЈИЕ[222]. Со ова, Република Македонија останува силно посветена на регионалната соработка во делот на превенција и подготвеност од катастрофи во ЈИЕ. За наредната година, преку оваа Иницијатива се очекува завршување на ЈЕРУ проектот преку кој Република Македонија треба да добие лична опрема за тимот за спасување на вода со користење на чамци**.** Дополнително на ова, преку учеството во тренинг-програмата на Иницијативата, и понатаму, ќе се продолжи со трендот на зајакнување на пресоналните капацитети.

Во 2015 година, реализирани се одвоени билатерални средби со сродните служби на Руската Федерација, Република Турција и Република Романија во Москва, Анкара и Букурешт, со цел продлабочување на досегашната соработка во делот на едукацијата, тренингот и вежбите. Во овој период, завршени се преговорите околу утврдување на текстот на билатералниот договор со Република Албанија за меѓусебна помош при катастрофи по што следи постапка за негово потпишување.

Во истиот период, во соработка со Универзитетот „Американ колеџ“ од Скопје и Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ изработена е физибилити студија за идејно решение за информациски систем за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување(СИПРЕС), кој доколку биде спроведен,во иднина, треба да овозможи целосна каталогизација на сите постоечки ресурси и капацитети во Дирекцијата и со тоа да овозможи системска подршка на операциите за одговор при големи катастрофи

2015 година је одбележаа три настани – поплавите во месец јануари и февруари, настанот во Тетово во Август 2015 и одржувањето на меѓународната вежба ИПА КАМПЕКС 2015. За првите два настани, Дирекцијата за заштита и спасување беше целосно вклучена со сите расположиви капацитети за справување со последиците. За првпат од формирањето за настанот во Тетово беше активиран и Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, а се побара активирање на системот Коперникус, преку кој се добија сателитски снимки од погодените подрачја, кои беа искористени за планирање на опоравувањето и активностите за реконструкција. На барање на Владата на Република Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување побара советодавна помош од Механизмот за цивилна заштита на ЕУ преку испраќање на тим за утведување на причините за поплавите во Тетово. Тимот беше во Република Македонија од 13-26.8.2015 година, а Дирекцијата за заштита и спасување ја обезбеди целокупната логистичка поддршка за негово непречено функционирање. Во моментов, се работи на преводот на извештајот, по што ќе биде доставен до Владата на РМ.

Месец јуни беше целосно посветен на одржувањето на вежбата ИПА КАМП ЕКС 2015. На вежбата учествуваа единици за цивилна заштита од 8. земји и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Германија, Италија, Косово, Србија, Турција и Црна Гора кои заедно со единиците на Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот крст на Република Македонија имаа задача да испланираат, постават и практично да менаџираат камп за внатрешно раселени лица по катастрофален земјотрес во Скопје. На вежбата имаше вкупно 700 учесници, по различни основи, што ја прави истата најголема од овој вид во Европа.

Во 2015 година,се продолжи со активно учество во ИПА проектот Поплави, преку кој Република Македонија во наредните 2 години треба да добие современа опрема за спасување од поплави. Дополнително,ИПА проектот Поплави презема активности и во правец на спроведување на ЕУ Директивата за поплави.

Во месец април, во соработка со кацеларијата на УНДП во Скопје, се организира обукасо ДХЛ Германија и ТАБМакедонија за подготовка на аеродромите за прием на меѓународна помош во случај на катастрофи. Оваа обукабеше во насока на ЕУ упатствата за поддршка на земјата-домаќин при прием на меѓународна помош.

Иницирано од настаните во Тетово во периодот од 29-30.9.2015 година, Дирекцијата за заштита и спасување во соработка со данската Агенција за управување со вонредни состојби организираше семинар за процена на ризиците од природни непогоди и други несреќи. Целта на семинарот беше зајакнување на локалните капацитети за изработка на овие плански документи, кои се во насока на превентивното дејствување од природни непогоди и други несреќи.

[222]Службен весник на Република Македонија бр. 25/15.

Во месец октомври, истотака, во Скопје се одржа ТАИЕКС работилница за цивилна заштита во соработка со полската Национална противпожарна служба, чија цел беше размена на искуства во користењето на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во тек се активности на работните групи за измени на Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство. Членството во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ предвидува спроведување на Одлука на ЕЗ бр. 2014/762/ЕУ за спроведување на Одлуката на Парламентот на ЕУ и Советот за формирање  Механизам за цивилна заштита на ЕУ бр. 1313/2013/ЕУ. Во таа насока, измените на наведените закони ќе бидат и во правец на спроведување на дадените препораки.

ИПА Поплави проектот преку кој Република Македонија во наредните 2 години треба да добие современа опрема за спасување од поплави. Дополнително проектот ИПА Поплави превзема активности и во правец на спроведување на ЕУ Директивата за поплави.

За наредната година, се очекува завршување на ЈЕРУ проектот преку кој Република Македонија треба да добие лична опрема за тимот за спасување на вода прекукористење на чамци. Дополнително на ова, преку учеството во тренинг-програмата на Иницијативата, и понатаму, ќе се продолжи со трендот на зајакнување на пресоналните капацитети.

Во насока на зајакнување на соработката со соседните држави на ова поле, Дирекцијата планира потпишување на билатералниот-Договор со Република Албанија за меѓусебна помош при катастрофи**.**

**Институционална рамка**

Во тек е реорганизација на структурата на Дирекцијата за заштита и спасување и усогласување со националното законодавство, во делот на работните односи. Новата организациска структура на Дирекцијата во комбинација со измените на прописите за силите за заштита и спасување треба да доведат до поголема ефикасност во превентивното и оперативното дејствување.

## *Среднорочни приоритети*

Постојано унапредување на правната рамка врз основа на научените лекции и препораки од ЕУ, во делот на цивилната заштита.

Зајакнување на административните капацитети и перформанси на институцијата за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во поглед на природните непогоди и другите несреќи.

# 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Земјата е умерено подготвена во областа на заштитата на потрошувачите и здравствената заштита. Постигнат е одреден напредок минатата година. Наредната година земјата треба особено:

- да ги зајакне оперативните структури кои служат за заштита на потрошувачите;
- да обезбеди ефикасна и високо квалитетна здравствена заштита.

***Резиме***

*Политиката на заштита на потрошувачите има за цел градење на законодавна рамка за заштита на потрошувачите и незина ефективна примена во заштитата на правата на потрошувачите. Се планира подготовка на нов Закон за заштита на потрошувачите.*

*Приоритети во областа на јавното здравство се подигање на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентивата и воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани.*

*Министерството за здравство е посебно фокусирано на зајакнување на човечкиот потенцијал во здравството преку стручната доедукација на здравствениот кадар во јавните здравствени установи, спроведување на специјализации и стручни обуки во странство. Исто така, во континуитет се спроведува осовременување на медицинската опрема како икомплетната реконструкцијана јавните здравствени установи.*

## 3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

***Тековна состојба***

Министерство за економија

Донесен еЗакон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15) во кој е транспониранаДиректива 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и Советот на ЕУ од 25.10.2011 годиназа правата на потрошувачите со кои се регулираат правилата коитребадабидатобезбедениза потрошувачите и трговцитепри купувањето на производите и услугите особено преку средствата за далечинска комуникација (како што се интернет и електронска пошта како и при договори склучени надвор од деловните простории на трговецот.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачитедонесен е Правилник за формата и содржината на Образецот за повлекување од договор на далечина или договор склучен надвор од деловните простории на трговецот(„Службен весник на Република Македонија" бр. 206/15) со које уредена постапката како потрошувачот да го оствари правото за повлекување од договор на далечина или договор склучен надвор од деловните простории на трговецот со пополнување на Образец согласно Упатството кои се составен дел на овој Правилник.

Заради усогласување со новиот Закон за прекршоци ("Службен весник на РМ"број 124/15),донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ" бр. 152/15) и се воведе нова методологија за одмерување на висината на глобите од страна на надлежните инспекциски и прекршочни органи која што се заснова на критериумите „вкупен приход остварен во претходната фискална година", „просечен број на вработени" и „претходно поведение на сторителот".

Формиран е Совет за заштита на потрошувачите во нов состав со претставници од министерствата на ниво на државни секретари, а од институциите на ниво на директори (Решение за именување на членови на Советот за заштита на потрошувачите „Службен весник на РМ" бр. 13/15 и 72/15).

Агенција за храна и ветеринарство

По однос на усогласување на законодавството со Европската унија - /Поглавје 3.12/.Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ" бр. 752/15) во кој е транспонирана

регулативата на ЕУ бр. 1169/011/, која се однесува на обезбедување на информации за храната, наменети за потрошувачите.
Донесен е Правилник за информации поврзани со храната(„Службен весник на РМ" бр. 150/015)во кој детално се пропишани барањата за информациите поврзани со храната.

**Реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за период 2015-2016 година, во 2015 година.**
Министерството за економија
Програмата се реализираше во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите и тоа:

- регионални семинари во две општини со цел согледување на координираните активности во надзорот на пазарот од институциите вклучени во надзорот на пазарот(Координативно тело за надзор на пазарот) заради подобрување на безбедноста на производите и услугите на пазарот,
- изготвена брошура на тема „Договори на далечина" и двата летоци на теми „Безбедност на производите" и „Гаранција и сервисирање",
- соработка со општинските совети за заштита на потрошувачите со одржување на 2 работни средби,
- регионални семинари во три општини за алтернативните форми за решавање на потрошувачките спорови (медијација и др.),
- Одбележан 15 март-Светски ден на потрошувачите под мотото „Потрошувачи користете ги вашите права и внимателно читајте го означувањето на храната" со промоција на едукативни материјали-летоци во поголемите трговски центри во земјава.

Агенцијата за храна и ветеринарство

- Изготвени, дистрибуирани и промовирани информативно-едукативни лифлети на следните теми:„Од нива до трпеза од фарма до вилушка" и „Традиционални производи".
- Изготвен и промовиран видео спот: Од нива до трпеза од фарма до вилушка безбедна храна за граѓаните на Македонија.
- Реализирано истражување на темата„Перцепција на граѓаните по прашања врзани за храната и исхраната".

Државен санитарен и здравствен инспекторат

- Одржани работилници за спроведувањена Законот за заштита на правата на пациентите и измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита, како и практична примена на Проектот „Мој Термин"директно поврзан со користењето на здравствените услуги во здравствените установи од страна на пациентите;
- TAIEX работилници; и
- Одржани работни средби за спроведувањена Правилникот за безбедност на детски играчки.

Министерството за образование и наука -Биро за развој на образованието

- реализирани стручно-консултативни и советодавни посети и работилници во основните училишта во делот на изборниот наставен предмет Вештини за живеење каде што е застапена темата „Ученикот како потрошувач".
- предавања/дебати со наставници и ученици од основни училишта и едно училиште за средно образование за актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги.
- изготвен нов прирачникза наставници од основно образование „ Правата на потрошувачите по предметот вештини на живеење".
- реализирани работилници со наставници од основно и средно образование за промоција на прирачникот.

**Надзор над пазарот**
**Државниот пазарен инспекторат**(ДПИ) во надзорот над примената на Законот за заштита на потрошувачите во период 01.01 до 30.09.2015 година изврши 1524 редовни, 773 контролни и 1036 вонредни инспекциски надзори.
За утврдени неправилности поднесени се 6 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови и 5 барања до прекршочната комисија.

Во постапка на порамнување издадени се 89 платни налози во износ од 5.566.245денари, а наплатени се 32платнииналози во износ од 827.008 денари. Издадени се 4 поканиза наплата на глоба на износ од 265.150 денари, а наплатени се 4 покани во износ од 166.050 денари.
Во овој период, во Државниот пазарен инспекторат се примени вкупно 689 претставки од потрошувачи и по истите е постапено.
Државниот пазарен инспекторат во периодот јануари-септември 2015 година спроведе 220 едукации, согласно Законот за заштита на потрошувачите.

**Организација на потрошувачите на Македонија (ОПМ)**во период јануари -октомври 2015 годинаизврши1424советувања напотрошувачите, од кои 1312 се од доменот на општо правните советувања, а 112 се специјалистички советувања. Најголем дел од советувањата беа направени по телефонски пат и тоа 964, по електронска пошта 371и85 лични советувања. Најголем број од поплаките на потрошувачите се однесуваат на проблеми во остварување на правата од гаранцијата и гарантниот лист на техничките производи каде доминираат поплаките на потрошувачите за проблеми со мобилните телефони.

Во **Агенцијата за храна и ветеринарство**во период јануари – октомври поднесени се вкупно 315 претставки, од кои 96 се поднесени на бесплатниот телефонски број на Агенцијата за храна и ветеринарство. Од вкупната бројка на претставки, 46 се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните, а 269 претставки се однесуваат на храната од животинско и храната од неживотинско потекло. Околу 67 претставки се во фаза на постапување.
Од поднесените претставки 45% се основани и донесени се 47 решенија, спроведени се 25 едукации, наплатени се 10 глоби, уништени се 2.820 кг. храна и поднесени се 3 прекршочни пријави.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**
Согласно **Законот за заштитата на правата на пациентите** во периодот јануари-декември 2015година извршен е редовен надзор на 1035 Здравени установи- болнички и 1012 надзори во Здравствени установи во кои не се сместени пациенти.
Донесени се 23 решенија и 3 прекршочни пријави, остварени се 6 едукаци кои се однесуваат на здравствени установи-болнички и 3 едукации во здравствените установи во кои не се сместени пациенти.
Претставките се решаваат во рокот одреден со закон, за дел од нив е иницирран стручен надзор во врска со лекувањето и третманот на пациентите до Лекарската Комора на Република Македонија.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат во периодот јануари-септември 2015 година има решено 6704 барања за испекциски надзор над пратки кои се увезуваат (козметички производи, детски играчки, предмети за општа употреба, детергенти).
Вкупно земени се 632 мостри за лабораториско испитување на здравствената безбедност на производите согласно Стратешки план за анализа на ризик, Стандардни оперативни процедури и Годишен план за мострирање.
По добивање на резултатите од лабораториско испитување е утврдено дека 632 мостри се здравствено безбедни.
Во овој период Државниот санитарен и здравствен инспекторат има издадено 6704 решенија за одобрен увоз на предметни пратки.

**Кадровска екипираност**
Во **Министерството за економија,** во Одделението за заштита на потрошувачите работат три (3)лица.
Во**Агенција за храна и ветеринарство,** вооделението за заштита на потрошувачи работи едно(1) лице. Вработувања во инспекциските служби, види Поглавје 3.12.
Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат формирано е посебно Одделение за јавно здравје и права на пациентите во кое работат четири(4) лица.

### *Краткорочни приоритети*

Реализација на **Програмата за заштита на потрошувачите**за периодот **2015-2016 година, во 2016 година** од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

Министерство за економија

Одржување на регионални семинари, работни средби,отворени трибини и други промотивни активности во пооделни општини за:

- информирање на потрошувачите за безбедноста на производите кои се нудат на пазарот и за законските прописи со кои се регулира оваа област;
- можноста за елекронско тргување и заштита на правата на потрошувачите;
- информирање на потрошувачите за измените на Законот за заштита на потрошувачите.
- информирање на потрошувачите за соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија со Советите за заштита на потрошувачите од пооделниопштини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.
- подготовка на брошури за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

Во 2016 година, се планира да се се изготви Програма за заштита на потрошувачите за период 2017-2018 година и во декември ќе се достави до Владата на Република Македонија на усвојување.

В 2016 година Министерството за економија во соработка со Министерството за локална самоуправа и НВО ќе иницираат работни средби со општините заформирање на нови Совети за заштита на потрошувачите во општините каде не се формирани согласно член 126 од Законот за заштита на потрошувачите и активирање на веке формираните совети.

Министерството за економија ќе иницира обуки за Државниот пазарен инспекторат за новите директиви за продажба на далечина (електронска трговија), и Државниот инспекторат за техничка инспекција за имплементација на законската регулатива од областа на безбедноста на производите и надзор над пазарот, како и занатамошно јакнење на капацитеттите на вработените за натамошна хармонизација на законодавството во делот на заштитата на потрошувачите, безбедноста на производите и надзорот на пазарот.

Агенција за храна и ветеринарство

По однос на усогласување на законодавството,види Поглавје 3.12

Изготвување, печатење и промоција на информативно едукативни материјали- летоци за потрошувачите на темите „Опасности во храната", Следливост/Водич за потрошувачите ,,Информации поврзани со храната" и Зоонози. Истите ќе се инсертираат во дневни весници и ќе се промовираат на настани во Скопје, Битола, Гостивар и Охрид.

Државен санитарен и здравствен инспекторат

Одржување на регионални работни средби, обуки за поефикасна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите, со цел формирање на Комисии за заштита на правата на пациентите во општините каде не се формирани.

Редовно изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите, континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.

Одржување на работни средби за спроведување на Правилникот за безбедност на детски играчки.

Министерство за здравство -Државен санитарен и здравствен инспекторат ке иницира обуки во делот на имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите, законот за здравствена заштита и безбедноста на детските играчки.

Министерство за образование и наука

Биро за развој на образованието

- Работилници и предавања за унапредување на процесот на едукација на младата популација од областа на заштита на потрошувачите, од најмала возраст/градинки па се до средношколската младина.
- Стручни посети за поддршка на наставниците во основното образование кои го реализираат наставниот предмет вештини на живеење или слободни ученички активности на таа тема.

- Предавања/дебати, работа на ученички проекти, слободни ученички активности на актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги за училиштата и ученичките домови.

**Кадровска екипираност**
Во **Министерството за економија,** во Одделението за заштита на потрошувачите, се планира едно (1)ново вработување.
Агенција за храна и ветеринарство
Зајакнување на Организационата единица за заштита на потрошувачи со едно (1) ново вработување.Вработувања во инспекциските служби и обуки, види Поглавје 3.12.

***Среднорочни приоритети***
Ќе се подготви нов Закон за заштита на потрошувачите во кој ќе бидат спроведени новите директиви од областа на заштитата на потрошувачите и усогласување со европското законодавство (ноември 2017 година).
Реализација на активностите од **Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година, во 2017** година од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

## 3.28.2 ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

***Тековна состојба***
Во финална фаза е подготовката на Стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, подготвена со примена на пристапите „цела-влада“,„цело-општество“ и „здравјето во сите политики“, како и на неколку документи кои се нејзин составен дел: стратешка рамка и АП за јавно здравје, за здравје и животна средина, за незаразни болести.
Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи усвои Национални стандарди за акредитација на здравствените установи од секундарно и терциерно ниво. Континурано се одвива интензивна соработка со болничките тимови за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита и нивна подготовка во процесот на акредитација. Спроведена е обука на првата група на надворешни оценувачи во процесот на акредитација и подготвен е Правилник за надворешно оценување. Капацитетите на Агенцијата се зајакнати со вработување на уште 7 нови лица. Агенцијата потпиша Меморандум за соработка со Фондот за здравствено осигурување на РМ. Воедно, интензивирана е соработката со регионалните Агенции за квалитет и акредитација и потпишан е Меморандум за разбирање и соработка со Агенцијата за акредитација во здравството на Босна и Херцеговина.
Започна да функционира Управа за електронско здравство која има надлежности во управување со процесите поврзани со е-здравство. Во Националниот систем за електронска евиденција во здравството извршено е целосно спроведување на е-упатување и е-рецепт. Изработени се модули за електронска евиденција на индивидуалните извештаи кои се користат при создавање на регистрите за заразни и незаразни болести, модул за водење на евиденција за издавање на инсулинска терапија. Изработено е решение за водење на електронски медицински дневник. Воведена е електронска евиденција и листа на чекање за хируршки интервенции. Во изработка се Регистар на здравствени работници и Регистар на здравствени установи кои ќе го поддржат електронски процесот на регистрација на здравствени установи во Република Македонија. Изработен е модул кој го опфаќа болничкото работење.
Континуирано се спроведуваат активности за обезбедување на достапност и соодветната географска дистрибуција на примарната здравствената заштита, и во мината година во 66 населени места каде има до 3500 жители отворени се аптеки, а започнаа да функционираат 6 подвижни аптеки во населени места каде има до 1000 жители**.** Преку проектот домашна визита, реализирани над 156 илјади патронажни посети во домовите на лицата со посебни потреби и хронични болни, стари лица, тешко подвижни лица, лица со посебни потреби. Преку програмата Рурален доктор здравствените работници обезбедуваат основни услуги од примарната здравствена заштита за повозрасното население и социјално загрозени категории на население во 64 рурални населби, и во периодот јануари - октомври 2015 година извршила над 58 илјади прегледи, а преку телефонската линија „Ало докторе“ реализирани се 100 000 повици во текот на една година од нејзиното воведување при што граѓаните добиле бесплатни совети и упатувања поврзани со нивното здравје.
Развојот на човечките ресурси во здравството останува еден од главните приоритети на Министерството за здравство. Преку Програма за едукација на здравствени работници се обезбедуваат средства за обуки и

усовршување на здравствени специјалисти вработени во јавно здравствените установи (ЈЗУ) од секундарно и терциерно ниво за обука за примена на нови методи на дијагностика и третман на болести надвор од матичната установа. Склучени се нови 4 Меморандуми за соработка со врвни медицински установи во Европа и надвор од неа. Во текот на 2015 година реализирани се обуки на над 900 здравствени работници.
Континуирано продолжува набавката на современа медицинска опрема и во 2015 година завршена е постапката за набавка на нова современа медицинска опрема за повеќе јавни здравствени установи, чија вкупна проценета вредност е околу 05, милиони евра, а во тек се постапките за набавка на опрема за 30 здравствени установи во вкупна вредност од околу 9,5 милиони евра. Продолжуваат инвестициите за реконстукција и изградба на здравствени установи: во финална фаза е изградбата на ПЕТ центарот вреден околу 17,3 милиони евра, и реконструкцијата на дел од клиничкиот центар Битола во вредност од околу 1,5 милиони евра.

## 1. КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

Во рамки на 10-те Центри за јавно здравје (ЦЈЗ) функционираат Советувалишта за одвикнување од пушење. Бројот на советувани граѓани во периодот од првата половина на 2015 година изнесува 153. Институтот за трудова медицина во рамките на активностите за спроведување информативни кампањи за smoke-free работна околина во тек на 2015 година организира едукативни состаноци кај здравствените работници, а преку превентивни прегледи на вработените реализирани се редовни здравствено-промотивни активности, наменети за охрабрување на прекинот на пушењето кај работната популација. Согласно Законот за заштита од пушењето, ДСЗИ континуирано врши надзор во јавни и приватни здравствени установи, социјални установи, објекти во кои се врши воспитно-згрижувачка дејност и превозни средства во меѓународен сообраќај**.** Во периодот јануари - септември 2015 година, ДСЗИ направил 3213 контроли додека Државниот пазарен инспекторат во трите квартали од 2015 година извршил контрола во 3700 објекти на територија на целата држава при што заради непочитување на законот изречени се казни на 59 субјекти.

## 2. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Континуирано се врши спроведување на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата предвидени во јавно здравствените програми (Програма за јавно здравје, Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во РМ, Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, Програма за задолжителна имунизација на населението во РМ, програма за превенција на ТБ).
Во согласност со Стратегијата за имунизација, завршена е набавката на поливалентни вакцини и од август 2015 година започна имунизацијата со нив. Одржани се две работилници за обука на сите вработени во службите за имунизација за примената на новите вакцини. Обезбедена е и вакцина против Streptococus pneumonia за деца по клинички индикации и препорака од педијатар.
Од октомври 2015 година номинирани лица од ИЈЗ ги внесуваат податоците од следење на грип во државата (лабораториски и епидемиолошки) во TESSY системот на ECDC, за што претходно била спроведена едукација. Од сезоната 2014/2015 година воведено е сентинел следење на грипот при што од октомври 2015 година бројот на ILI сентинел места од 6 во 2014 година се зголеми на 15 во 2015 со цел да се постигне поголема покриеност со системот. Бројот на SARI сентинел места е ист во двете години (3 места). Спроведени се обуки за правилно пријавување и земање на материјал за лабораториска анализа на сите сентинел места. Сентинел системот во моментот функционира како проект, паралелно со постојниот рутински систем за следење на грип.
Како резултат на спроведена едукација на две лица од РМ во рамки на Проект број 7 од EU CBRN Risk Mitigation Centres of Excellence (CoE) Initiative спроведена е обука „Биосигурност и биобезбедност во лаборатории: трансфер на најдобри знаења и практики“ во која се опфатени лаборатории од здравствениот сектор, ветеринарниот сектор и од секторот криминалистика.
Согласно Проектот за рационално пропишување на антибиотици за респираторни инфекции по втор пат е спроведена студија кај 100 избрани лекари, како и нивна едукација на оваа тема. Во септември 2015 година спроведена е студија на поинт преваленца за употребата на антибиотици согласно медицина базирана на докази. Во рамките на меѓународната иницијатива за подигнување на свеста за рационална примена на антибиотици, 55 доктори од земјата успешно ја завршија првата европска е-обука за рационално пропишување антибиотици во организација на Универзитетот во Стенфорд, Медицинскиот факултет Скопје и СЗО. Спроведена е студија во клиниките и болниците која покажа значително намалување на потрошувачката на антибиотици: ако во 2011 година биле пропишани 600 милиони дози антибиотици, во претходните две години бројката е намалена на 300 милиони

дози. Во рамки на одбележувањето на светската недела за АМР и Европскиот ден за рационална употреба на антибиотици Здружението на микробиолозите на Македонија организира состанок на националната CAESAR мрежа за следење на антимикробната резистенција на кој присуствуваа претставници од сите микробиолошки лаборатории и болници. Во 5 училишта во Скопје спроведена е едукација за употребата на антибиотици кај деца од 8 и 9 то одделение. Воедно, одржани се и предавања за состојбата со резистенција и рационалната употреба на антибиотици во 5 клиники/болници избрани согласно утврдената состојба со пропишување на антибиотици при спроведената студија за болничка потрошувачка на антибиотици. Во текот на овие настани на присутните ученици / здравствени работници им е поделен промотивен материјал. Дел од лабораториите од почетокот на 2015 година започнаа да ја применуваат EUCAST методологијата, а се очекува до крајот на 2015 година да се применува во сите лаборатории.

Во рамки на одбележување на Европската недела на имунизација, исто така, одржана е работилница со околу 100 здравствени работници од службите за имунизација. Со теренски активности откриени се и вакцинирани 180 неевидентирани и невакцинирани деца од кои 55 деца од ромска националност. Реализирани 38 настапи на ТВ медиуми за бенефитите од имунизацијата и одржани 169 предавања на граѓани.

Продолжува соработката со ECDC и учеството во MediPIET програмата. Оваа година годишната Научна Конференција (First MediPIET Annual Scaentific Conference), на која учествуваа повеќе од 120 лица од земјите учеснички, Европската унија и Европската Комисија се одржа во Скопје.

Република Македонија во изминатиот период континуирано се соочува со прилив на мигранти од Блискиот Исток кои транзитно ја користат територијата на државата до нивната крајна дестинација, западно еврпските држави. Нивниот број континуирано се зголемува, а се очекува трендот на зголемување да продолжи и понатаму. Со цел справување со зголемен број на мигранти кои што транзитираат низ земјата во поглед на безбедно преминување на државата, намалување на ризиците од нивниот престој со превземање на соодветни мерки и активности по здравјето и безбедноста на граѓаните подготвен е „Акциски план за постапување на здравствениот систем при зголемен наплив на мигранти“. Со Акцискиот План дефинирани се четири можни сценарија согласно состојбата на теренот,односно врз основа на бројот на лица кои престојуваат, транзитираат во и низ земјата должината на нивниот престој,бројот на лица кои имаат потреба од медицинска интервенција, бројот на хоспитализирани лица. Екипите на Црвениот крст пружаат интервенции и прва помош согласно нивните надлежности. Со одлука на Владата на РМ здравствена заштита за мигрантите е бесплатна на сите нивоа од здравствениот систем. Од самиот почеток се превземаат општи превентивни противепидемиски мерки со цел спречување заштита од можна појава на заразни заболувања и тоа:редовна секојдневна дезинфекција на возови со кои се превезуваат мигрантите на релација Гевгелија – Табановце и редовна секојдневна дезинфекција на површини каде престојуваат мигранти (жел.станици Гевгелија Табановце, Куманово, Транзитен центар Гевгелија и Табановце). До 15.11.2015 година спроведена е дезинфекција на вкупно 800.000 $м^2$ и дезинсекција на 25.000 $м^2$ површини. Во Транзитниот центар за регистрација на мигранти во Гевгелија во специјални два контејнери функционира комплетно опремена дисперзирана амбуланта со дневна болница во која медицинска екипа обезбедува 24/7 здравствена заштита, а исто така обезбедно е и возило на итна медицинска помош во случај да постои потреба упатување во здравствена установа од повисоко ниво. Досега е пружена здравствена заштита на вкупно 1219 лица и извршени се 106 транспорти до институции на повисоко ниво од здравствена заштита. На секундарно и терциерно ниво пружена е здравствена заштита на околу 700 лица, од кои осум породувања. Во ОБ Гевгелија со цел побрз прифат и третман на мигрантите како и спречување на можна појава на интрахоспитални инфекции обезбедена е амбуланта со дневна болница со посебен издвоен влез.

ХИВ/СИДА

Во 2015 година продолжи спроведувањето на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА и Националната Стратегија за ХИВ /СИДА за периодот 2012- 2016 година, како и спроведувањетона проектните активности финансирани преку грантот на ГФАТМ: Во првото полугодие од 2015 со програма за намалување на штети опфатени се 3.112 лица кои инјектираат дроги, а 1.402 корисници на дрога се опфатени со супституциона терапија. Превентивни пакети се обезбедени за 2982 МСМ и 1282 сексуални работници. Бесплатни, доброволни тестови за ХИВ/СПИ, како и бесплатни советувања се обезбедени за 1094 лица кои спаѓаат во групата на клучни популации (551 корисници на дроги, 342 мажи кои имаат секс со мажи, 118 сексуални работници и 83 затвореници). Стручни обуки се обезбедени за 54 лица членови на невладини организации и припадници на клучните популации. Во 2015 беа отпечатени извештаите од спроведените истражувања. Врз основа на наодите од истражувањата и ХИВ системот за надгледување, во 2015 година се интензивираа активностите за доброволно советување и тестирање кај популацијата на МСМ со цел рана дијагноза и терапија. Со цел тестирањето за ХИВ да

биде подостапно за клучните популации овозможено е брзите тестови за ХИВ да се спроведуваат од стручни лица во рамките на невладините организации. Со оваа мерка бројот на направени тестови кај МСМ е речиси двојно зголемен споредено со претходното полугодие.

ТУБЕРКУЛОЗА
Активностите за борба против туберкулоза утврдени со Националната стратегија 2013-2017 се спроведуваат во склоп на годишната превентивна програма за ТБ надополнета со активности кои се финансираат од Глобален фонд преку проектот насловен „*Обезбедување на високо квалитетни и одржливи ДОТС интервенции во Република Македонија“.* Како резултат од примената на програмските активности намален е апсолутниот број на новорегистрирани пациенти од 485 во 2009 на 285 во 2014 година, со стапка од 13.8/100.000), а тенденцијата на намалување продолжува и во 2015 година. Редовно се применуваат претходно воспоставените активности, а во тек се активности за воведување на ПАЛ во наставните програми за додипломски студии на Медицински факултет при Универзитет Св Кирил и Методиј, како и наставните програми за специјализација по семејна медицина и континуирана медицинска едукација .

**3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Во рамки на примарната здравствена заштита, секоја година избраните лекари за своите пациенти на возраст од 14-65 години спроведуваат превентивни прегледи за рано откривање на дијабетес, бубрежни и кардиоваскуларни болести, и обезбедуваат едукација на хроничните болни осигуреници со висок ризик од кардиоваскуалрни заболувања над 25 годишна возраст. Заокружена е мрежата на центри за интервентна кардиологија низ државата и исполнети се европските стандарди - еден ангиограф на секои 200 илјади жители. Центри за интервентна кардиологија освен во Скопје, функционираат и во Битола, Штип, Тетово, Струмица и во Охрид, а дополнително инсталиран е нов ангиограф во ГОБ 8 Септември. Во тек на 2015 година Центарот за семејна медицина подготви проект за скрининг и третман на пациенти со дијабетес мелитус од избрани лекари. Направена е он-лајн програма, во тек е селекција и обука на доктори и се планира проектот да започне од крајот на 2015 година
Врз основа на спроведените оценки на влијанието на аерозагадувањето и индистриското загадување врз здравјето на населението подготвена е финална верзија на Стратегија за здравје и животна средина со АП во кој се определени приоритетни цели, мерки и активности за намалување на штетните ефекти од аерозагадување, од небезбедна вода, храна, правилна диспозиција на отпад, пестициди во земјоделски производи и др.
Спроведена е проценка на капацитетите на здравствениот систем во РМ за справување со незаразни болести, со посебен осврт на ризиците поврзани со исхраната, како доминантни ризици и едни од ризиците на кои може да се влијае преку промени во животниот стил. Во тек се подготовки на Нацрт-стратегиска рамка со акциски план за незаразни болести (НЗБ) и ризици за НЗБ.

**3.1 Малигни неоплазми**

Со оглед на фактот што малигните неоплазми се втората најчеста причина за смрт во Република Македонија, континуирано се унапредуваат активностите за превенција на ризик фактори и за рано откривање на канцер. Во рамки на превентивната здравствена заштита, заради рано откривање на малигни заболувања на грлото на матката, избраните гинеколози имаат обврска да направат ПАП тест, како и микробиолошки испитување кај сите бремени жени од 12-30 недела на бременост.
Согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања, во делот за скрининг на рак продолжија бесплатните превентивни прегледи и во текот на 2015 година спроведени се прегледи за рано откривање на цервикален карцином на 24 662 жени од возрасната група од 24-35 години, кај 675 од нив откриени се клеточни абнормалности (3,1% од цитолошки анализираните брисеви) .Исто така, спроведени се прегледи кај 2156 лица за колоректален канцер, а позитивни наоди се потврдени кај 13 лица. Во периодот од април до октомври 2015 спроведени се 4862 мамографски прегледи кај жени на возраст од 50-69 години, по што на дополнителни испитувања се испратени 987 лица, а кај 6 е утврден карцином. За потребите на Националната програма за рано откривање на малигни заболувања изработено е апликативно решение кое ќе се користи во процесот на спроведување на програмата за рано откривање на карцином на дојка. Воедно, поставени се основи за изградба на регистар на скриниг за карцином на дојка. Системот ќе овозможи лесно и ефикасно внесување и ажурирање на потребните податоц и ќе биде интегриран со националниот систем за електронски евиденции во здравството - Мој Термин.

Во рамки на програмата Здравје за сите спроведени се превентивни прегледи во рурални средини на 4612 лица, а во рамки на вонредните прегледи за превенција од топлотни бранови прегледани се 19.338 лица. Со цел да се согледаат недостатоците и да се подобри состојбата со скринингот, спроведена е проценка на успешноста на спроведувањето на скринингот на карцином на грло на матка и карцином на дојка, во целата држава со сите вклучени чинители во скринингот.

**<u>3.2. Сексуално и репродуктивно здравје</u>**

Континирано се спроведуваат активностите утврдени во Програмата за активна заштита на мајки и деца. Формиран е Државен центар за репродуктивно здравје каде ќе се формира база на податоци за состојбата со репродуктивното здравје на бремените жените и доенчињата во РМ. Формирана е комисија за стручен надзор за перинатален и матернален морталитет и изготвени се обрасци за процедури за известување. Континуирано се спроведува Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца насочена кон намалување на морталитетот и морбидитетот на бремените жени и доенчињата. Преку програмата се врши и набавка на фолна киселина и јод за секоја бремена жена во РМ. Во тек се активности за формирање на банка за мајчино млеко.
Спроведени се регионални работилници за патронажни сестри за семејно планирање, како и за здравствени работници од превентивните тимови и од породилиштата. Центарот за семејна медицина, заедно со невладиниот сектор и меѓународни подготви дводневна работилница за планирање на семејство за избрани лекари во примарна здравствена заштита. Во тек на 2015 година се одржаа 10 работилници со кои се опфатени 200 специјалисти по семејна медицина кои се стекнаа со знаења и компетенции да може ефективно да се вклучат во грижата за сексуалното и репродуктивно здравје на своите пациенти.
Подготвен е Акционен План за сексуално и репродуктивно здравје за време на хуманитарни кризи со стандардна оперативна постапка за координација и управување, а одржани се и две работилници за MISP (минимален иницијален пакет на услуги).

**<u>3.3. Зависности</u>**

<u>а) дроги</u>

Третманот на лица зависни од дроги е расположив во целата земја, преку 12 центри за превенција и третман од злоупотреба на дрога и други психоактивни супстанции и Клиниката за Токсикологија и ургентна медицина (која нуди третман само со бупренорфин), како и за сите затворени и притворени лица. Со Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависност во земјата се обезбедуваат средствата за набавка на метадон и бупренорфин како и за лекување во дневна болница/болница и лекувањето на зависници-судски случаи. Во првата половина на 2015 година лекувани се околу 1402 лица зависни од опијати со метадон  подолго од 6 месеци и околу 200 лица зависни од опијати со бупренорфин. Изработена е Локалната стратегија за дрога 2015-2020 со Акциски план за Град Скопје, а во тек е изработка на Локална стратегија за ХИВ на Град Скопје за 2016- 2020 со Акциски план. Во рамките на Проектот на ГФАТМ спроведени се два семинари за континуирана едукација на 50 здравствени работници и соработници од центрите за превенција и третман на зависност од droги, еден семинар за 31 матични лекари за третман на лица кои употребуваат дрога со супституциска и психосоијална терапија  и еден семинар за 25 лица од целната група (лица кои употребуваат дрога) на тема предозирање од дрога. Република Македонија е вклучена во проект подржан од Помпиду група, Совет на Европа за „он-лајн” интервенции кој се планира да  се реализира од крајот на 2015 до крајот на 2017 година. Претставник од РМ учествуваше на настани организирани од ЕМЦДДА (Техничка конференција на ЕМЦДДА и Прва Европска конференција за зависност и зависничко однесување). Во рамки на проектот подржан од Град Скопје и НВО, во Советувалиште за млади за превенција на дрога и други психоактивни супстанции реализирани се услуги за 200 клиенити (млади, нивни родители и партнери) за превенција, рана детекција и рана интервенција за употреба на дрога. Во рамките на НВО работи и Дневен центар за ресоцијализација и рехабилитација на лица кои употребуваат дрога и нивни семејства финансиски подржан од Град Скопје во кој психијатар, психолог и педагог реализирале услуги за 336 клиенти (лица кои употребуваат дрога, нивни партнери и деца).

<u>б) злоупотреба на алкохол</u>

Преку Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависност во земјата се обезбедуваат средства за лекување на лица зависни од алкохол во дневна болница и во болница. Во финална фаза е подготовка на нова Стратегија со Акционен план за превенција штетните ефекти од алкохол.

**3.4. Повреди и насилство**

Завршен е проект за собирање податоци за безбедност во сообраќајот за Република Македонија, објавени во СЗО Глобален извештај за безбедност на патиштата 2015. Изготвена е Втора национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 во координација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и донесен е нов Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата. Институтот за јавно здравје и Министерството за здравство во соработка со другите партнери реализираа активности во рамките на Декадата за акција за безбедност на сообраќајот на патиштата 2011-2020, како и за одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајот. Континуирано се спроведува едукација за контрола и превенција на повреди и насилство на додипломски и постдипломски студенти на Медицинскиот факултет Скопје. Во тек се активности за спроведување на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство и Акциониот план за реализација на истата за делот здравство. Донесен е и се спроведува Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и изготвени се соодветните подзаконски акти за здравство, социјална заштита и полиција. Изготвен е и се спроведува протокол за меѓусебна соработка и постапување за заштита од семејно насилство, Протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца и Протокол за постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Одржани се 3 едукативни работилници за едукација на 30 здравствените работници и други професионалци за TEACH VIP за превенција на насилство. Континуирано се спроведуваат активности на ИЈЗ како Регионален развоен центар за јавно здравствени служби за здравствената мрежа на ЈИЕ и како Центар за поддршка на Безбедни заедници.

**3.5.Ментално здравје**

Во текот на 2015 година спроведена е обука на обучувачи за областа превенција и третман на депресија и превенција на суицид, а публикуван е Практикум за ментално здравје во заедницата.

**3.6. Здравје и животна средина**

Спроведено е оценување на успешноста на спроведувањето на Стратегијата за климатски промени и Акциониот план за превенција од топлотни бранови. Подготвен е Национален профил за азбест земјата, а во тек е и изработка на Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест. Согласно усвоениот Акционен план за превенирање на последиците од топлотни бранови врз здравјето на населението (2011-2015), Институт за медицина на трудот, изготви методологија и спроведе пилот студија за ефектите на сончевата УВ радијација врз здравјето на селектирана група работници (земјоделци и градежни работници).

Во соработка со здравствени домови и со Црвениот крст, Министерството за здравство во периодот јули-август организира пунктови за бесплатни превентивни прегледи и совети за превенција од топлото време. Превентивни прегледи се вршат на пунктови во 33 градови, каде се мери крвен притисок и се даваат совети за превенција од топлото време и за здрав начин на живот. Отпечатени се и поделени 30 000 флаери за превенција од тополото време наменети за населението, работниците и работодавачите

Во рамки на Националната програма за јавно здравје заради процена на здравствено - еколошкиот ризик на хигиенскиот квалитет на воздухот во Центрите за јавно здравје преку стационарен и мобилен мониторинг систем на Министерството за животна средина и просторно планирање и ИЈЗ се следи вкупен аероседимент на 81 мерни места, присуство на Pb, Cd, Zn, Ni и Fe во аероседимент во Велес , Pb, Cd и Zn во аероседимент во Куманово; во Скопје и Велес се следат лебдечки честички (чад) и $SO_2$-сулфур двооксид а во Скопје се следи и присуство на CO. Како мерка за намалување на колчеството на pm 10 честички во Скопје и во Тетово, каде нивната концентрација е најголема, започна да се применува мерката на прскање на улиците со калциум магнезиум ацетат.

**3.7. Храна и исхрана**

Активностите поврзани со проценка на ризикот поврзан со исхрана кај популации од интерес во државата се спроведуваат преку активностите утврдени во Националната годишна програма за јавно здравје. Континуирано се врши проценка на нутритивниот квалитет на исхраната, како и нутритивниот статус кај популации од интерес во РМ. Во текот на 2015 година се спроведе кампањата на Владата на РМ за подигање на свеста на населението за здравствените придобивки од прикладната исхрана и практикувањето на физичка активност насловена „Здравјето е избор“. Во периодот април-јуни 2015, Институтот за јавно здравје ја спроведе првата Национална студија за навиките во исхраната кај населението. Република Македонија активно учествува во акциските мрежи на СЗО за

намалување на притисокот од рекламирање на нездрава на децата и во мрежата за намалување на сол во исхраната.

## 4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

Институтот за трансфузиона медицина отпочна проект финансиран од германската влада за унапредување на состојбата во областа на трансфузионата медицина во РМ со кој е предвидена набавка на опрема и едукација на медицинскиот персонал. Во тек се подготовки за воведување на нов Национален софтвер за евиденција на крводарители (e-Delphyn), со негово конфигурирање, тестирање и едукација на персоналот. Целосно е реновиран и опремен просторот во Гинеколошка болница Чаир, кој опфаќа амбуланта за крводарители, сала за дарување на крв и трпезарија за крводарители, амбуланта за пациенти со тромботични хемостатски нарушувања и лабораторија за имунохематолошки и хемостатски испитувања за лежечки и амбулантски болни. Дополнети се СОП-овите во работењето на различните оддели и утврдени се индикатори за квалитет кои ќе се следат од областа на трансфузионата медицина, покрај веќе предвидените индикатори за квалитет во Правилникот за видовите на индикатори за квалитет на здравствената заштита. Во тек се подготовки за сертификација според ИСО 9001:2008. Воспоставена е нова метода за бактериолошка контрола на крвта и крвните компоненти. Започнат е проект е-дарител, со кој се воспоставува соработка меѓу Институтот за трансфузиона медицина и Фондот за здравствено осигурување.Започната е изработка на регистер за дарители на тромбоцити со аферезна постапка. Во однос на грижа за пациентите воведени се нови методи и спроведена е едукација на персоналот: HLA klasa I и II молекуларна типизација на мултиплекс платформа (Luminex) и HLA антитела (mix, PRA i Single antigen), како и уште еден тест за молекуларна детекција на генетски мутации за тромбофилија означен како MTHFRC677T. Од 2015 година започна уште еден проект на ИТМ со Клиниката за нервни болести за докажување на протективната улога на ХЛА антигените од класа II кај пациенти кои имаат антитела кон определена терапија. Во Центарот за хемофилија набавен е апарат BNnefelometar, на кој се воведени нови методи за иследување на коагулопатиите. Воведени се софтверски решенија за: регистер на лица со хемофилија, регистер на сензибилизирани бремени и пациенти, амбулантско работење со автоматско префрлување на резултатите од автоаналајзери во ИТМ Скопје. Набавени се три коагулометри и три хематолошки бројачи за регионалните центри (Битола, Штип и Тетово)

## 5. ТКИВА И КЛЕТКИ

Во 2015 година се направени дополнителни измени на Законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување со кои се врши дефинирање на лицата кои може да даруваат органии, односно се дефинира во кое сродство може да се лицата за да даруваат органи при донација од жива дарител, со што е направено проширување на листата. Воведена е можноста за т.н. размена на дарителите меѓу двата пара и истовремено пресадување на органите со што примателите добиваат орган од компатибилен дарител. Во Кадаверичната трансплантација во моментов се вклучени 9 клиники, каде функционираат тимови за трансплантација кои под раководство на Националниот координатор за трансплантација ја водат целата постапка на идентификација на можен кадавер, пријавување и потврдување на мозочна смрт, експлантација на органи, селектирање на реципиенти на органите, ХЛА компатибилност, трансплантација на органите и следење на пациентите со трансплантирани органи.

Националниот координатор за трансплантација учествува на состаноците на ЕК за надлежни тела и органи за трансплантација и континиурано се вршат консулатции поврзани со зачленувањето на РМ во Еуротрансплант мрежата.

## 6.ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

### 6.1.Лекови за хумана употреба

Водечки документ во оваа област е Законот за лекови и медицински помагала (Службен весник бр. 106/07; 88/10; 36/11; 53/11; 11/12; 147/13; 164/13; 27/14; 43/14). Законот и подзаконските акти кои произлегуваат од него се усогласени со повеќе ЕУ мерки кои ја регулираат областа: 32001L0020, 32003L0063, 32003L0094, 32001L0083, 32004L0010, 32004L0024, 32005L0028,31989L0105, 32004R0726. Во септември 2014 година, Бирото за лекови се трансформираше во независен орган, Агенција за лекови и медицински средства. Во периодот од нејзиното вопоставување до денес завршени се постапките неопходни за дефинирање на нејзина организациска поставеност, во завршна фаза е постапката за сертифицирање според стандардите на ISO 9001, и изготвени се повеќе од 30

процедури кои ги дефинираат активностите во сите сегменти и сектори на Агенцијата. Агенцијата кадровски се доекипираше со прием на уште 10 лица со што вкупниот број вработени сега изнесува 43. Заради зајакнување на капацитетите на вработените во текот на 2015 година спроведени се обуки за фармаковигиланца, добра клиничка практика, огласување и други теми од делокругот на агенцијата. Заедно со други државни институции Агенцијата за лекови и медицински средства учествува во имплементацијата на поголем број проекти: Проект за рационална употреба на лековите, Проект за неможноста за купување на антибиотици и седативи без лекарски рецепт, Проект за аптеки/ аптекарски станици во населени места до 3500 жители, Проект за подвижни аптеки во населени места до 1000 жители, Проект за Брајлово писмо во кординација со Министерство за труд и социјална политика, проект за воведување на нови лекови на листата за лекови кои се на товар на ФЗОМ

**6.2. Ветеринарно Медицински Препарати (Лекови за ветеринарна употреба)**

Поблиските услови за ставање во промет, производство, увоз, поседување, промет, употреба и контрола на ветеринарно-медицинските препарати се уредени со Законот за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на РМ" бр. 42/10 и 136/11) како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот. Законот за ветеринарно медицински препарати е усогласен со принципите, барањата и стандардите дефинирани во Европското законодавство во најголем дел преку усогласување со Директива 2001/82/ЕК на Европскиот Парламент и на Советот од 6 Ноември 2001 година за Кодекс во однос на ветеринарно-медицинските препарати на Заедницата (32001L0082). Во рамки на Агенцијата за храна и ветеринарство функцкионира Сектор за ветеринарно јавно здравство, со повеќе одделенија меѓу кои Одделение за ветеринарно медицински препарати. АХВ во 2015 година ги донесени следните подзаконски акти во насока на потполно усогласување со соодветното законодавство на ЕУ, и тоа: Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно - медицинскиот препарат за ставање во промет ("Службен весник на РМ" 34/2015 од 06.03.2015), усогласен со регулативата на ЕУ 32008R1234; и Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина ("Службен Весник на РМ" бр. 156/2015 од 10.09.2015), со што е постигната усогласеност со измените на регулативата 32010R0037.

**7. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**

Усвоен е Акциски план за 2015 година за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа на Република Македонија (2011-2015). Институтот за медицина на трудот, во соработка на Лекарска комора на Македонија, спроведе истражување кај околу 3000 доктори за идентификација на проблемот на насилство и стрес на работа во здравствениот сектор, со мерки за превенција и промоција на здравјето на здравствените работници и активности за зголемување на нивото на свесност на клучните партнери во заедницата за овој проблем. Преку Националната програма за јавно здравје 2015 година спроведено е епидемиолошко и клиничко истражување на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците со фокус на токсиколошките ефекти кај 300 земјоделци од Скопскиот и Струмички регион. Истовремено се спроведени и здравствено - промотивни активности кај земјоделците (дисеминација на информации и флаери „Ти си земјоделец, чувај го своето здравје!") .

Министерството за здравство продолжи со имплементација на Проектот за ромски здравствени медијатори(РЗМ). Во периодот до септември 2015, медијаторите асистирале во остварувањето на правото на матичен лекар/гинеколог/стоматолог на 1709 лица, извршиле едукативни советувања на 2753 лица за пристап до здравствените услуги, извршиле едукативни советувања за здрави животни стилови во 1870 семејства и откриле 1194 случаи на невакцинирани или нередовно вакцинирании деца кои се понатаму упатени во соодветните служби. РЗМ помогнале во 1521 случаи за остварување на правото на здравствено осигурување, а освен тоа асистирале во 572 случаи за остварување на правото на социјална парична помош и асистирале во 865 случаи за обезбедување на лична документација. Од месец ноември 2015, здравствените медијатори се активно вклучени и во активностите кое Министерството за здравство ги превзема во насока на намалување на доенечката и матернална смртност. Во текот на месец јули и август 15 лица завршиле обука за нови медијатори .

Во согласност со прописите за заштита на лични податоци во Министерството за здравство води регистер на лица со ретки болести во земјата, кој служи како основа не само за увид на моменталната состојба со пациенти од оваа категорија, туку и за водење на сите административни форми за набавка и издавање на лекови во рамките на проектот за медикаментозна поддршка на лица со Ретки Болести при Министерството за Здравство. Преку

Програмата за лекување на ретки болести се обезбедуваат средства за терапија и лекови за најчестите ретки болести во земјата. Во моментот се обезбедуваат 29 лекови за околу 120 пациенти. Секојдневно се ревидира состојбата на сите пациенти кои се веќе регистрирани и се регистрираат нови. Продолжува едукацијата на здравствените работници во Македонија за примена на најсовремени методи за дијагностицирање и третман на деца со аутизам.

### *Краткорочни приоритети*

Се планира да се усвои Стратегијата за здравје до 2020 година на Република Македонија, Стратешката рамка и АП за јавно здравје, стратешката рамка и АП за здравје и животна средина, за незаразни болести, и да отпочне работата на подготовката на стратешките рамки и АП за заразни болести и за здравствен систем и човечки ресурси во здравството.

Центарот за семејна медицина ќе продолжи со своите активности како домаќин на годишното собрание на катедрите по семејна медицина од Медицинските Факултети на Словенија, Хрватска, БИХ, Црна Гора и Србија со цел хармонизација на стандардите за едукатори, ментори и наставници.Се планираат работилници за надградба на наставниот кадар на Катедрата по семејна медицина со ментори и едукатори, како и редовни едукативни работилници за одржување на квалитетот на постојните едукатори, ментори и наставници. Соработката со ЕМСА продолжува со организирање на работилници за студентите по медицина, како и изготвување на брошури за информирање на младите лекари и помош во започнување на работа како матични лекари. Центарот за семејна медицина за 2016 година планира организирање на континуирана медицинска едукација за матичните лекари со теми од интерес, како и спроведување на сопствено истражување за следење на квалитетот на работата кај дел од лекарите. Се планира и развивање на е-учење платформа и развивање на нови модули за далечинско учење со што ќе се олесни и ќе стане подостапна континуираната медицинска едукација на матичните лекари.

Заради модернизација на работата на здравствените установи ќе продолжи набавката на нова медицинска опрема за ЈЗУ (клиника за токсикологија, за максилофацијална хирургија и др.), возила за службата за итна медицинска помош, Согласно Законот за здравствена заштита, ќе се усвојат 21 јавно здравствена програма. Ќе продолжат активностите за изградба на новиот клинички центар во Скопје за што се обезбедени околу 50 милиони евра преку Банката за развој на Совет на Европа, како и нова Клиничка болница во Штип. Исто така, продолжуваат активностите за реконструкција на Клиничката болница Битола, болниците во Прилеп, Велес, Куманово, како и здравствени домови во неколку општини во Република Македонија во вкупна вредност од околу 4,7 милиони евра.

Управа за електронско здравство во текот на 2016 година ќе го финализира и модулот за национално електронско здравствено досие за сите пациенти, кој ќе содржи административни податоци за пациентот, податоци за неговото здравствено осигурување како и медицински податоци.

### **1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**

Работата на Советувалиштата за одвикнување од пушење ќе биде поддржана преку Националната годишна програма за јавно здравје со дефинирање на индикатори за следење на работата и одредување на сума на средства кои ќе ја направат оваа активност одржлива.

### **2. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

На полето на рационално пропишување на антибиотици Центарот планира да излезе со резултатите од вториот циклус испитувања кои се спроведе во ноември 2015 година, презентација на резултатите на меѓународни конференции, активно учество во активностите на СЗО и нашите институции за намалување на антимикробната резистенција. Ќе продолжи развивањето и проширувањето на он-лајн едукацијата за избрани лекари. Ќе се спроведе ревизија на досега постигнатите резултати за целосно усогласување со меѓународниот здравствен правилник и потребни идни активности. Активностите ќе бидат насочени кон создавање на мрежа од одговорни лица за меѓусобна комуникација од сите релевантни институции, нивна едукација, како и кон воспоставување на тим за проценка на ризик и брза интервенција во сите области. Ќе продолжи соработката со ЕЦДЦ, како и активностите во рамките на MediPIET Програмата, преку продолжување на едукацијата на 4-те претставници во две Кохорти и учество во највисокото управувачко тело - Научно советодавно тело (SAB - Scientific Advisory Board.

ХИВ/СИДА

Ќе продолжи спроведувањето на активностите за превенција од ХИВ/СИДА преку Годишната програма за ХИВ/СИДА и активностите од Програмата за туберкулоза поддржани од ГФ.

ТУБЕРКУЛОЗА
Продолжуваат активностите на Медицински факултет и Центарот за семејна медицина за интегрирање на ПАЛ во додипломските студии по медицина, како и во континуирана медицинска едукација, што ќе овозможи одржливост на обуките по завршување на грантот во 2016 година.

## 3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Се планира отпочнување на проектот на Центарот за семејна медицина за скрининг и квалитет на грижа за пациенти со дијабетес мелитус со цел да се подобри грижата на примарно ниво за овие пациенти. Центарот ќе продолжи со започнатите проекти за активен пациент и за полово насилство со креирање и одржување на едукативни работилници, сензибилизација на докторите и зголемување на здравствената писменост на пациентите со што ќе се зајкне нивната улога во грижата за своето здравје.
Се планира да се усвои Стратегијата за незаразни заболувања. Исто така, се планира да се усвои Стратешката рамка за здравје и животна средина со АП во која ќе се определат приоритетни цели, мерки и активности за намалување на штетните ефекти од аерозагадување, од небезбедна вода, храна, правилна диспозиција на отпад, пестициди во земјоделски производи и др.

### 3.1 Малигни неоплазми

Се планира спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, програмата Здравје за сите, програмата за систематски прегледи кај деца, програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, националната програма за јавно здравје програмата за кардиоваскуалрни болести и др. Се планира да се донесе Акционен план за скрининг на карцином на грло на матка, со цел подобра координираност и спроведување на активностите.

### 3.2. Сексуално и репродуктивно здравје

Центарот за семејна медицина планира обука на специјалисти по семејна медицина за планирање на семејството и во тек на 2016 година .
Во руралните средини каде има недостиг на матични гинеколози ќе се спроведуваат посети на гинеколози со мобилни гинеколошки амбуланти.

### 3.3. Зависности

Третманите во центрите за превенција и третман на зависност од дрога ќе продолжат. Се планира одржување на 2 семинари на тема Коморбидност и Третман и грижа на специјални групи за вкупно 60 учесници вработени во центрите за третман на злоупотреба и зависност од дрога,1 семинар за 25 лица од целна група (лица кои користат дрога) на тема предозирање и 1 семинар за 30 матични лекари на тема Третман и грижа за лица кои користат дрога (специјални групи)
Проектот за „он-лајн" интервенции се планира да започне во 2016 година и да трае во периодот до 2017 година. Во рамки на Конференцијата за судска психијатрија ќе се одржи Симпозиум за третман на лица кои употребуваат дрога во затворите. Се планира и одржување на TAIEX семинар на тема превенција на дрога и алкохол на работно место.

### 3.4.Повреди и насилство

Ќе продолжи спроведувањето на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство.

### 3.5.Ментално здравје

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести и ќе продолжат активностите насочени кон отварање на нови центри за ментално здравје во заедницата.

### 3.6. Здравје и животна средина

Се планира да се усвои Стратешката рамка и АП за здравје и живтна средина. Со поддршка на МЗ, изработена е и усвоена Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест и се планира започнување на нејзината имплементација со интерсекторски пристап. Се планира спроведување на клиничко-епидемиолошка

студија за ефектите на сончевата УВ радијација врз здравјето на селектирана група работници во РМ (земјоделци и градежни работници) и изработка на водичи за превенција, организација на национална кампања за превенција на штетните ефекти од УВ зраци.

**3.7. Храна и исхрана**

Во 2016 година континуирано ќе се врши проценка на нутритивниот квалитет на исхраната, како и нутритивниот статус, кај популации од интерес во РМ, согласно НГПЈЗ. Во 2016 година се планира спроведување на собирањето на податоци за 4-тата рунда на Иницијативата за следење на дебелината кај децата во Европа (COSI) на СЗО, во која РМ учествува преку активностите на НГПЈЗ во делот на проценка на нутритивен статус, кои ги спроведуваат ИЈЗРМ и ЦЈЗ. ИЈЗРМ ќе иницира активности за креирање Национална база на податоци за состав на храната во РМ.

## 4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

Се планира да заврши процесот на сертифицирање со ИСО 9001:2008. Се планира и отпочнување на активностите за воспоставување на систем на хемовигилност со точно дефинирање на активностите меѓу ИТМ и клиники/болници кои употребуваат крв и крвникомпоненти, како и национално поврзување и формирање на единствена база за сите дарители на крв преку новиот софтвер e-Delphyn. Ќе се воведе нова молекуларна метода (NAT) за тестирање на крводарителите кон болести преносливи со крв, со која уште повеќе ќе се унапреди квалитетот и безбедноста на крвта/компонентите, но и ќе се исполни еден од основните критериуми за прибирање на плазма за фракционирање. Се планира и воведување на уште една нова метода за изолација на фетална ДНА за пренатална детекција на Rh генотипна плод преку мајчина крв. Се планира и набавка на опрема за трансплантација на црн дроб од МЗ – тромбоеластометар и агрегација на тромбоцити, како и опрема за испитување на ИНР кај лица на антикоагулантна терапија.

## 5. ТКИВА И КЛЕТКИ

Се планира до крајот на 2016 година во мрежата на здравствени установи кои ќе изведуваат трансплантации, покрај постојните 9 да се вклучат уште 5 со што би се зголемил бројот на потенцијални кадавери и трансплантации. Се планира и подготовка на софтвер за водење на националната листа на потенцијални приматели на органи, активна ХЛА типизација на сите пациенти кои се на дијализа во земјава, обезбедување на континуирана медицинска едукација на тимовите за трансплантација во центри во Европа, отпочнување на соработка со медицински центри од Франција заради проширување на кадаверичната трансплантација на црн дроб. Се планира да се спроведе национална кампања за запознавање на населението со придобивките на органодонорството и трансплантацијата.

## 6.ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

Континуирано ќе се одвиваат активности за харминизација на законодавството и за унапредување на работата на Агенцијата за харана и ветеринарство, како и на Агенцијата за лекови и медицински средства. Заради целосно усогласување на националното законодавство со европското во однос на воспоставување на систем на фармаковигиланца, Агенцијата за лекови ќе подготви нов текст на Закон за лекови кој ќе биде усогласен со директивата 2001/83 и Регулативата 2010/1235. Исто така, од одредбите од Законот за лекови и медицински помагала, кои се однесуваат на медицинските помагала и на аптеките ќе се подготват два засебни акти: Закон за медицински помагала и Закон за аптеки.

## 7. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

Во интерес на унапредување на здравјето на бремените жени и доенчиња, ќе започне примената на мерката за бесплатни прегледи на жени во репродуктивен период и бесплатно породување на сите бремени жени, неависно ос стаусот на здравствено осигурување.

Преку Проектот домашна визита патронажните служби од здравствените домови ќе стават посебен акцент на посета на бремените жени од социјално ранливите групи, како што се бремени жени со понизок степен на образование, односно без образование или со основно образование, како и жени кои примаат социјална помош. Во овие активности ќе бидат вклучени и Ромските здравствени медијатори.

Во соработка со МТСП ќе се подготви Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2016-2020 година во Република Македонија со Акционен план, согласно принципите на EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020, 6.6.2014,COM(2014) 332 final. Се планира да се спроведат активности за истражување и развој за

нови и зголемени ризици на одделни приоритетни прашања од областа на здравјето на работниците и подготовка на мерки и препораки за превенција и промоција на здравјето на работниците. Институтот за медицина на трудот, Македонско здружение за медицина на трудот и Македонско здружение за заштита при работа, во насока на зајакнување на капацитети, ресурси и промоција и дисеминација на знаењата и добрите практики во областа на здравје и безбедност на работа планира да одржи обуки, семинари, едукативни состаноци за различни таргет групи (здравствени работници,стручни лица, работници и работодавачи) за одделни прашања од интерес (стрес поврзан со работата, мускулоскелетни заболувања, проценка на ризик на работното место).

***Среднорочни приоритети***

Центарот за семејна медицина планира активности за развивање на научноистражувачки проекти од областа на примарната здравствена заштита и градење на академски кадар. Воедно, се планира Развивање на индикатори за контрола на квалитет на работа на матичните лекари за најчестите хронични незаразни заболувања и континуирана медицинска едукација согласно потребите за учење на лекарите. Се планира да продолжи обуката на здравствениот кадар на светски познатите универзитети, како и склучувањето на меморандуми за соработка со реномирани универзитетски клиники и институти, модернизацијата на медицинска опрема. Се планира продолжување на инвестициите за реконструкција и доградба на здравствени установи во РМ, како и набавката на нова современа опрема.

**1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**

Се планира спроведување на мерките и активностите за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на советувалиштата за откажување од пушење.

**2. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Ќе продолжи спроведувањето на годишните превентивни програми. Се планира да продолжи континуирано спроведување на превентивните јавно здравствени програми, а со оглед на завршувањето на програмските активности за ХИВ/СИДА и ТБ финансирани преку ГФ, активностите ќе продолжат да се спроведуваат преку годишните програми на МЗ

**3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Се планира спроведување на мерките и активностите за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на скрининг на малигни неоплазми.
Се планира спроведување на мерки и активности во превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ), согласно годишните Програми за КВБ.

**Зависности**

Во периодот 2017-2018 се очекува да продолжат активности за он-лајн интервенции за лица кои употребуваат дрога. како и работата на Советувалиштето за млади за превенција од дрога и други психоактивни супстанции и Дневен центар за ресоцијализација и рехабилитација на лица кои употребуваат дрога и нивни семејства

**Повреди и насилство**

Ќе продолжи спроведување на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство и новото законодавство.

**Ментално здравје**

Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести и ќе продолжат активностите насочени кон отварање на нови центри за ментално здравје во заедницата

**Здравје и животна средина**

Се планира спроведувањето на Стратегијата за здравје 2020 и Акционите планови за јавно здравје и животна средина. Се планира и спроведување на усвоената Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест со интерсекторски пристап, преку бројни активности за воспоставување систем на инспекција и мониторинг на изложеноста на азбест во работната средина, подобрување на евиденција на болестите

предизвикани од азбест (Регистар за професионални болести и Регистар за рак), спроведување на обуки и изработка на водичи за инспекциите и работниците во засегнати сектори, зголемување на свесноста на работната популација инаселението за ризик од азбест (едукација, тренинг, кампањи).

**Храна и исхрана**

Во периодот 2017-2018 година се планира спроведување на определени законски и други мерки со кои би се влијаело врз подобрена исхрана на населението, а особено на децата, со посебен акцент на рекламирањето на храна богата со масти, сол и шеќер на деца. За предвидените активности во 2017 и 2018 година, ИЈЗРМ планира да аплицира и за фондовите за техничка и стручна помош на ЕУ.

## 4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

Се планира да продолжи работата на унапредување на системот за безбедна крв според стандарди и услови за работење во интегрираниот систем на функционирање. Ќе се воведе нова метода за молекуларно определување на ретки крвни групи и молекуларно определеување на крвни крупи кај мајки.

## 5. ТКИВА И КЛЕТКИ

Континуирано ќе продолжи работата на унапредување на системот за трансплантација на органи преку едукација на кадар, усогласување на законодавството и сите други мерки и активности неопходни за приклучување кон Евротрансплант.

## 6.ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

Континуирано ќе се одвиваат активности за харминизација на законодавството и за унапредување на работата на Агенцијата за храна и ветеринарство, како и на Агенцијата за лекови и медицински средства.

Во насока на дополнително зајакнување на институционалните и административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на ИПА 2012, во областа на ветеринарно-медицинските препарати, во рамки на ИПА 2012, предвидена е реализација на следните активности:

- Изработка на документи и тоа: програма за антимикробна отпорност, национален акциски план за спречување на појава на опасности од антимикробна отпорност, потоа прирачници, работни документи вклучително Добра ветеринарна пракса во однос на препишување на ветеринарно медицински препарати – вмп и во однос на примена на дозите за вмп од страна во приватна ветеринарна пракса;
- воведување на оперативен систем односно центар за несакани дејства предизвикани од ветеринарно-медицинските препарати;
- воспоставување на функционален систем за контрола на прекумерна употреба и погрешна употреба на антибиотици наменети за употреба во ветеринарната медицина;
- воспоставување на службен систем за мониторинг/пратење на несаканите дејства од ветеринарно-медицинските препарати.

## 7. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

Континуирано ќе се спроведуваат активности годишните јавно здравствени програми. Се планира спроведување на активности кои ќе се утврдат со Стратегијата за БЗР 2016-2020 со Акционен план со континуирани активности според утврдени приоритети и цели.

# 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Земјата има **добро ниво на подготовка** во областа на царинската унија. Постигнат е **добар напредок** во законодавството, административниот и оперативниот капацитет, иако воведувањето надоместоци за царински декларации е чекор назад. Одредени царински одредби од Законот за технолошко-индустриско развојни зони сè уште не се усогласени со правото на ЕУ. Во претстојната година земјата особено треба да:

- ги отстрани надоместоците за царински декларации;
- ги заврши и консолидира тековните ИТ проекти, обезбедувајќи одржување и деловен континуитет на ИТ системите.

***Резиме***

*Царинската управа на Република Македонија ќе продолжи со спроведување на основните обврски: зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент, како и реализација на економските политики на Владата на Република Македонија.*

*Царинското законодавство на Република Македонија е во голема мера хармонизирано и усогласено со законодавството на ЕУ. Клучни приоритети претставуваат: инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола врз примена на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка, како и одржување и надградба на ИТ системите.*

*Во 2016 година, Царинската управа ќе се фокусира на финализација на имплементација на новиот електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи,финализирање и консолидирање на тековните ИТ проекти и обезбедување на нивно одржување и континуитет на работењето на ИТ системите, како и понатамошно усогласување на царинското законодаство и забрзување на постапките.*

## 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

***Тековна состојба***

Законодавството на Царинската управа е во голема мера хармонизирано со законодавството на Европската унија, но континуирано се врши усогласување со новите регулативи на Европската унија.

На 1 јули 2015 година стапија на сила Законот за ратификација на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Законот за ратификација на Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока, кои беа донесени во мај 2015 година[223]. Со нивното стапување во сила, Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската унија и учествува во спроведување на заедничката транзитна постапка која се извршува со употреба на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитните формалности со употреба на техника на електронска обработка на податоци.

Во февруари 2015 година донесен е Закон за изменување на Царинскиот закон[224],со што се изврши одложување на примената на одредбите кои се однесуваат на влезната и излезната збирна декларација до влегувањето на Република Македонија во ЕУ. Одредбите за влезна и излезна збирна декларација со измените во законодавството извршени во текот на 2010 и 2011 година се целосно услогласени со одредбите на Царинскиот законик на ЕУ, но со оглед на фактот дека се работи за одредби кои се специфични за Унијата, примената на овие одредби се одлага до влегувањето на нашата држава во неа.

За усогласување со новиот Закон за прекршоци[225], донесени се измени и дополнувања на Законот за Царинската управа и Царинскиот закон[226].

Во април 2015 се усвои Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон[227]. Со измените се изврши одложување на примената на одредбите кои се однесуваат на поднесување и обработка на

[223]„Сл.весник на РМ“ бр. 86/15
[224]„Сл.весник на РМ” бр. 15/15
[225]„Сл.весник на РМ“ бр.124/2015
[226]„Сл.весник на РМ“ бр.129/2015

определенивидови на декларации изготвени со техника на електронска обработка на податоци (електронски царински декларации), до 1 јануари 2016 година. Одложувањето на примената е директно поврзано со ставањето во функција на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД).
Во јули 2015 година[228]со измените и дополнувањата на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон се изврши усогласување со претходно извршените измени во Царинскиот закон. Измените се извршени во рамките на прилагодувањето и подготовката за членство во Заедничката транзитна постапка.
Со донесените измени и дополнувања на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки[229], извршено е натамошно прецизирање на определени одредби од законот во насока на олеснување на неговата практична примена.
Во февруари 2015 година донесен е Правилник за изменување *и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација*[230]. Измените и дополнувањата на Правилникот се донесени заради обезбедување на поголема следивост на влезните ветеринарни документи кои ги издава Агенцијата за храна и ветеринарство и со истите се направи разграничување помеѓу влезните ветеринарни документи за живи животни и за производи од животинско потекло, при увоз и при транзит.
Во март 2015 годинадонесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа[231]. Со оваа измена на законот се врши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулатива(ЕЕЗ) бр. 2658/87 на Советот за тарифна и статистичка номенклатура и Општа царинска тарифа, односно се исполнува обврската на Република Македонија за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усогласување на правото на Европската унија[232], како земја-кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.
Во мај 2015 година, донесен е уште еден Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа[233], со кој сенаправени намалувања на царинските стапки кон трети земји во девет тарифни ознаки, додека во две тарифни ознаки има промени во текстот на наименуванието. Намалувањата се извршени на репроматеријали за производство.
Во мај 2015 година е донесен новиот Закон за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост[234]. Структурата на истиот е изработена врз основа на новата Регулатива бр. 608/2013на ЕУ, при што постои значителна разлика во врска со претходниот закон кој е базиран на старата Регулатива бр. 1383/2003на ЕУ. Со овој закон се уредуваат условите и постапките за преземање дејства од страна на царинскиот орган кога постојат оправдани причини за сомневање дека стоката ги повредува правата на интелектуална сопственост, е или треба да биде предмет на царински надзор или царинска контрола во царинското подрачје на Република Македонија согласно царинските прописи, во случаите кога е декларирана за пуштање во слободен промет, извоз или повторен извоз, се внесува или изнесува од царинското подрачје на Република Македонија или кога е ставена во постапка на транзит или е ставена во постапка на царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола или привремен увоз, или која е ставена во слободна зона или слободен склад во согласност со царинските прописи. Со неговите измени во јули 2015 година[235] извршени се измени во делегирањето на надлежност при решавање на управните предмети во второстепена постапка со воведување на можност за поведување на управен спор, наместо жалба како што беше пропишано досега. Со измените во ноември 2015 година[236] извршени се измени во делот на прекршочните одредби и висината на глобите со што овој закон се усогласува со Законот за прекршоците.
Во текот на 2015 година донесени се измени на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија. Со нивното донесување, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја-кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата.

[227]„Сл.весник на РМ“ бр.62/15
[228]„Сл.весник на РМ“ бр.111/2015
[229]„Сл.весник на РМ“ бр. 154/2015
[230]„Сл.весник на РМ” бр. 15/15
[231]„Сл.весник на РМ" бр. 44/15
[232]ЕУ
[233]„Сл.весник на РМ“ бр.81/15
[234]„Сл.весник на РМ“ бр.88/15
[235]„Сл. весник на РМ“ бр. 154/2015
[236]„Сл. весник на РМ“ бр. 192/2015

Во текот на 2015 година донесен е Правилник за спроведување на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост[237]со цел усогласување со Регулатива1352/2013на ЕУ. Со Правилникот се предвидени нови обрасци на барањето за преземање и барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејства, како и потребни податоци, информации и документација кои се поднесуваат кон барањата за преземање на царински дејства.
На основа на донесените законски и подзаконски акти изработено е Упатство за примена на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во текот на 2016 година ќе се извршат анализи на измените и дополнувањата на законодавството на ЕУ, особено на Царинскиот закон на Унијата и регулативата поврзана со неговата имплементација.
На крајот од 2016 година ќе се донесе Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2017 година, со цел усогласување и изменување согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ.
Во текот на 2016 година ќе се донесе нова Уредба за распоредување на одредени стоки во Комбиниранатаноменклатура согласно регулативите на Европската комисија, како и три дополнувања на истата, со целусогласување со регулативите на Европската унија.

**Институционална рамка**

Царинското законодавство на земјата е во голем дел хармонизирано со законодавството наЕвропската унија, но континуирано се врши усогласување со новите регулативи на Европската унија и зајакнувањена административниот и оперативниот капацитет.
Во 2016 година ќе продолжи приемената накомуникацискиот јазол ЗКМ/ЗСП (CCN/CSI) (Заедничка комуникациска мрежа/Заедничка системска поврзаност - Common Comunication Network/Common System Interface) воспоставен во 2015 година запотребите на поврзувањето со европските системи, преку програмата ЦАРИНА 2020.
Целосно ќе се имплементира новиот електронски систем за обработка на царинскидекларации и акцизни документии притоа ќе се изврши консолидација на тековните ИТ проекти. Во текот на 2016 година ќе продолжи одржувањето и активностите за континуитет на работењето на ИТ системите.
СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
Ќе се донесе нов Царински закон како и Уредба за спроведување на новиот Царински закон, со цел усогласувањесо Царинскиот закон на Европската унија донесен на 1 јуни 2013 година (Reg. EU952/2013-OJ L 269,10.10.2013), акој ќе стапи на сила на 1 јуни 2016 година. Со нивно донесување ќе се постапи согласно препораката од царинскитеупатства (Customs Blueprints). Оваа препорака ја потенцира потребата за усогласување во доменот на доставувањена информации пред пристигнување (pre-arrival) и пред тргнување (pre-departure) на пратките и воведување насистеми за анализа на ризик и натамошно промовирање на концептот за Овластен економски оператор.Ќе се изврши дополнително усогласување на царинското законодавство и постапките со законодавството на ЕУ,како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа.

## 3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година извршено е унапредување на процесот за управување со ризик и отстранети сенедостатоците врз основа на заклучоците од Комитетот за управување со ризици.
Капацитетите заразузнавање се подобрени со консолидирање на електронската разузнавачка база на податоци и ставање вопримена на Упатството за користење на истата.
Имплементирани се стандардите на Светската царинска организација за зајакнување на безбедносниот итрговскиот режим, така што се донесени две стратегии, поддржани со акциони планови, и тоа:

- за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето налуѓето и
- за спречување на нелегална трговија со оружје.

[237]„Сл. весник на РМ“ бр. 106/2015

Во 2015 продолжија активностите за реализација на стратегиите со што е подобрен оперативниот капацитет и контролата, како и примената на законите во доменот наСекторот за контрола и истраги во Царинската Управа.
Во 2014 година донесен е Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија заучество на Република Македонија во програмата на Унијата - Царина 2020[238], со што сепристапи кон оваа програма со важност од 2014 година до 2020 година. Царинската управа е интензивно вклучена во Програмата,преку различни видовина активности кои придонесуваат за јакнење на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа.
Заради осовременување на организациската структура и функционалноста на Царинската управа донесени се нов Правилник за организација на работата и нов Правилник за систематизација на работните места во Царинската управа. Истите се подготвени и донесени согласно новите законски решенија (Законот за административни службеници и Правилникот за формата и изгледот на Правилниците за организација и систематизација, од страна на МИОА). Според новата организациона поставеност: Одделението за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција се состои од 3 служби, во Секторот за царински систем е лоцирано Одделението за нетарифни мерки и заштита на правата од интелектуална сопственост, се воведува Сектор за правни работи кој се состои од 3 одделенија (за правни работи, застапување и управна постапка; за прекршочна постапка и за канцелариско иархивско работење).

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во периодот на имплементација на проектот „Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата заЗаедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока" (одсептември 2014 до јуни 2016) ќе се изврши анализа на новата регулатива на ЕУ (закон и подзаконски акти) која има влијание на царинското работење, особено транспонирањето на одредбите од Царинскиот закон на Унијата и Уредбата за негово спроведување, кои во ЕУ треба да стапат на сила во мај 2016 година.

**Институционална рамка**

Во текот на 2016 година, со имплементација на системот за обработка на царински декларации и акцизни документи(СОЦДАД), ќе се обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските ИТ системи на ЕУ, управување соцаринските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка иархивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизиранаелектронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени ивратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока,подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.
Во текот на 2016 година ќе продолжи имплементацијата на Проектот хармонизација на акцизното законодавство наРепублика Македонија со најдобрите практики од Европското законодавство во областа на акцизите, поддржан одЕУ (ИПА 2010). Во рамки на проектот се предвидува усогласување на акцизното законодавство на РепубликаМакедонија преку воведување на најдобрите практики во областа на управувањето со акцизите. Особенапридобивка ќе претставува воведувањето на целосна електронска размена на податоците помеѓу акцизнитеобврзници и Царинската управа, како и електронското следење на движењето на акцизните стоки.
Во периодот 2016-2017 година се очекува да се реализира проектот: Зајакнување на царинските административникапацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост.Главна цел на проектот е зајакнување на капацитетот на Царинската управа за спроведување и примена на праватаод интелектуална сопственост преку понатамошно усогласување на законодавството и постапките со правото на ЕУ (acquis) инајдобрите практики поврзани со царинското спроведување на правата од интелектуална сопственост, како исоработка за поефикасно и здружено делување во откривање, истрага и гонење на организираниот криминалвклучен во фалсификувани и пиратски стоки.
Во текот на 2016 година е предвидено да започнат градежнитеработи на инфраструктурниот проект: Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце. Истиот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз за дополнителни 4.000 $м^2$, изградба на придружни објекти (објект за Царинска управа, водовод и канализација, осветлување, изградба на пречистителна станица) долж пан-европскиот коридор 10. Овој проект се очекува да биде завршен до 2018 година (за реализација на проектот се потребни две години).

[238]„Службен весник на РМ" бр. 159/2014

### *Среднорочни приоритети*

Во текот на 2017 година ќе започне проектот: Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан. Проектот опфаќа градба на објектите за царинење и инспекциски органи на ГП Ќафасан, градба на нов увозно-извозен царински терминал од 9,5 илјади м$^2$, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи (објект за царинска управа, водовод и канализација, осветлување, изградба на пречистителна станица), како и реконструкција на постојните објекти. Изградбата на нова инфраструктура ќе придонесе за создавање на современи услови за давање на повисок квалитет на услуги на граничните органи застапени на преминот, што ќе значи олеснување и забрзување на движењето на стоките преку преминот. Воедно, со овој проект ќе се обезбеди дополнително олеснување на граничните формалности, подобри услуги за економските оператори и натамошно унапредување на безбедноста на државата. Овој проект се очекува да биде завршен во 2018 година (за реализација на проектот се потребни две години).

До 2017 година, согласно буџетското планирање за 2016 година, се очекува добивање на Акредитација на царинската лабораторија (организација во лабораторијата, донесување на Прирачникот за квалитет, потребни обукиво согласност со ИСО,интерна контрола, меѓулабораториски тестови и др.). Ова подразбира воведување на ИСО17025 во царинската лабораторија, ревизија на организациската поставеност на царинската лабораторија согласнобарањата на ИСО 17025. За добивање на акредитација изготвен е Акциски план за акредитација на царинскаталабораторија.
Во периодот 2015 - 2020 година ќе се врши континуирано користење на средствата од програмата Царина 2020 занадградба на административните и оперативните капацитети во Царинската управа.

### *Програми и проекти*

**Тековни проекти**

- Хармонизација на акцизното законодавство со најдобрите практики од Европското законодавство во областа на акцизите (ИПА твининг 2010)
- Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијатаза поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА твининг 2010)
- Имплементација на системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)
  Проект: Надградба на Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM.Истиот е во функција од 2008 година и од година во година станува сè пософистициран, зголемувајќи јаефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрираникорисници.

**Планирани проекти**

- Проект: Зајакнување на царинските административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (во соработка со Државниот завод за индустрискасопственост) (ИПА 2011).
- Проект: Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012).
- Проект Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан (ИПА 2013).

# 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на надворешните односи, со **одреден напредок** во текот на изминатата година. Земјата ја продолжува својата добра соработка со ЕУ во рамките на Светската трговска организација (СТО), но нејзиниот институционален капацитет за целосно учество во трговските, развојните и хуманитарните политики на ЕУ е сè уште недоволен.

**Резиме**

*Активностите во Поглавјето 30 се насочени кон имплементација на ЦЕФТА 2006 и Столбот за интегриран раст на Стратегијата на ЈИЕ 2020 , креиран е нов развоен модел во димензија А ,,слободна трговска област“, и во димензија Ц ,,интегрирање во глобалната економија“.*

*Фокусот на активности беше насочен во олеснување на трговијата, либерализација во трговијата со услугите, со постепено пристапување кон прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги. Олеснувањето на трговијата треба да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот. Една од позначајните активности која е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само према постојните извозни дестинации, туку и према други пазари во рамки на ПЕМ регионот е измената на Протоколите за потекло на стоката согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.*

## 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Република Македонија во 2015 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со обврските кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА), Договорот за слободна трговија на земјите од Централна Европа (ЦЕФТА 2006) и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим. Република Македонија го ратификува Протоколот на Спогодбата за олеснување на трговијата со СТО.

Во текот на 2015 година активностите во рамките на ЦЕФТА беа насочени кон реализација на годишната Програма на Република Молдавија за претседавање со ЦЕФТА 2006, во која беа вклучени приоритетите и активностите на Столбот за интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020. Главните приоритети во претседавањето со ЦЕФТА 2006 се:

**Создавање на слободна трговска зона –** Во 2015 година продолжија преговорите за натамошна либерализација на трговијата со услугите во ЦЕФТА во секторите: деловни и професионални услуги, туристички услуги, услуги за животна средина, комуникациски услуги, аудиовизуелни и градежни услуги, образовни и здравствени услуги. Се одржаа четири рунди на преговори за склучување на регионален Протокол за трговијата со услуги. Напредокот во процесот на преговорите ќе продолжи во следниот период и треба да резултира со склучување на регионален Протокол за трговија со услуги до крајот на 2016 година. Регионалниот Протокол ќе овозможи остварување на прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги, во контекст на европската интеграција.

- Напоредно со преговорите за либерализација на услугите, предвидено е во 2016 година да се преговара и да се склучи Спогодба за признавање на професионалните квалификации, со која директно ќе се влијае на олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги, со цел да се редуцира било какво ограничување кое денес постои во регионот при извоз на услуги.

Во рамките на ЦЕФТА отпочннаа преговори за склучување на Договор за олеснување на трговијата, се одржаа 2 рунди на преговори и се очекува преговорите интензивно да продолжат во следниот период и да резултираат со склучување на договорот до средината на 2016 година. Целта на активноста е директно насочена кон олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги за земјите од регионот. Олеснувањето на трговијата треба

да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот.
**Интегрирање во глобалната економија** - Продолжија активностите за изменување на протоколите за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со цел да се применува идентична дијагонална кумулација за потекло на стоката на земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно со Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Целта е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само кон постојните извозни дестинации, туку кон други пазари во рамки на ПЕМ регионот. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.
Република Македонија го ратификува Протоколот за потекло на стоката согласно ЦЕФТА Договорот на 27 август 2014, што значи веќе четири земји од вкупно седум земји на ЦЕФТА (Република Македонија, Република Албанија, Република Србија и Црна Гора) официјално од 12 септември 2014 година во меѓусебната трговија го применуваат протоколот за потекло од конвенцијата. Наскоро ќе се потпише и усогласената Одлуката помеѓу Република Македонија и Советот за стабилизација и асоцијација меѓу на ЕУ. За следната година останува да се заврши започнатото усогласување на текстот на Одлуката за измена на Протоколот за потекло на стоката од Договорот со ЕФТА и со Република Турција.
**Конкурентна економска средина** – Продолжи да јакне транспрентноста во рамките на програмите на претседавачите преку развивање на концептот на ЦЕФТА менаџмент –информациски систем со што пакетот за транспарентност ќе биде достапен на бизнис секторот.
Во 2015 година за време на молдавското претседавање со ЦЕФТА реализирани се следните активности: Дополнителниот протокол за елиминирање на преостанатите квоти за вино помеѓу Република Македонија и Република Молдавија е потпишан од двете земји и Република Македонија го ратификува во јули 2015 година. Одржани се следните состаноци: 1 вонреден состанок на Мешовитиот комитет,1 на Мешовитиот комитет, 2 Стратегиски состаноци, 1 на Надзорниот комитет, 1 на заменици министри, 2 на Комитет за трговски олеснувања, 4 на Поткомитет за трговијата во услугите, по еден состанок на Поткомитетот за царина, Поткомитетот за ТБТи НТБ и Поткомитетот за земјоделие, 1 на Работната група за статистиката во трговијата со услугите, 2 на Работната група за взаемно признавање на професионал квалификации, 2 на Работната група за инвестиции, 1 на Работната група за ТБТ и др.
Во 2015 година успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба.
Во 2015 година, Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР), преку кредитни линии за поддршка на извозно ориентирани компании, како и кредитното осигурување и извозен факторинг, нудеше финансиска поддршка на македонски компании кои вршеа пласман на своите производи и услуги на странски пазари. Преку овие кредитни линии и продуктитите како кредитно осигурување и извозен факторинг, компаниите ја подобруваа својата конкурентност, финансиска стабилност и сигурност при настап на странските пазари. Активностите на МБПР, во овој дел се во согласност со законските рамки со кои е уредено работењето на МБПР, како Закон за банки на Република Македонија, Закон за МБПР и меѓународните директиви со кои е регулирано надворешното трговско финансирање.

### *Краткорочни приоритети*

Република Македонија ќе продолжи со спроведување на преземените обврски кои произлегуваат од членството во СТО, како и обврските кои произлегуваат од другите договори за слободна трговија.
До крајот на 2016 година се планира да заврши усогласувањето на текстот на Одлуките за измена на протоколите за потекло на стоката со ЕУ, Турција и ЕФТА земјите, согласно на Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло и да се спроведе процесот на ратификација.
Во рамки на ЦЕФТА се планира до крајот на 2016 година да се склучи регионален Протокол за трговија со услуги, Спогодба за признавање на професионалните квалификации и Договор за олеснување на трговијата.
Континуирано ќе се реализира имплементацијата на заедничката консолидирана агенда на ЦЕФТА и Столбот за Интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020.
Ке продолжи мапирањето на ЦЕФТА проектите во 2016 година и истите ќе бидат достапни и транспарентни на ЦЕФТА веб-страницата.
Во 2016 година, во согласност на Протоколот на Спогодбата за олеснување на трговијата, Република Македонија ќе формира Информативно тело за олеснување на трговијата (во Царинската управа на Република Македонија) и

Национален комитет за олеснување на трговијата (во Министерството за економија), и истите ќе отпочнат со работа откако Спогодбата за олеснување на трговијата ќе биде ратификувана од поголемиот број на членки на СТО.
Во 2016 година ќе биде донесена Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба, усогласена со најновата регулатива на Советот ЕЗ .
Надлежни институции за спроведување на трговската политика во Република Македонија се Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка, Министерството за финансии и Царинската управа на РМ.

### *Среднорочни приоритети*
Мапирањето на ЦЕФТА проектите ќе продолжи и во наредниот среднорочен период.
Имплементација на протоколите за потекло на стоките со идентична примена на дијагонална кумулација за потекло на стоката во договорите за слободна трговија со земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло.

## 3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ
### *Тековна состојба*
Република Македонија досега има склучено 43 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите. Од нив, 37 се влезени во сила, додека 4 договори се ратификувани само од страна на Република Македонија и ќе влезат во сила по завршување на процесот на ратификација во соодветните држави, а два се во постапка на ратификација.
Од вкупниот број склучени договори, 18 се со земји членки на Европската Унија и сите се влезени во сила.
Во текот на 2015 година Република Македонија го ратификуваше Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Виетнам и потпиша договори со Косово и со Кралството Данска. Последните два договори се во фаза на ратификација од страна на Собранието на Република Македонија. На почетокот на 2015 година беше парафиран Договор за поттикнување и заемна заштита на со Исланд и истиот е во фаза на потпишување. Исто така, започнаа преговори за Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Обединетите арапски емирати, а продолжија и преговорите со Канада.
Во делот на склучување на договори за трговска / економска соработка со трети земји, во 2015 година се ратификува Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Виетнам. Договорот за економска и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Кувајт влезе во сила на 6 март 2015 година.

### *Краткорочни приоритети*
Република Македонија ќе продолжи со активностите за спроведување и за анализирање на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.
Во текот на 2016 година се очекува да се завршат преговорите за Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Обединетите Арапски Емирати, да завршат преговорите за Договорот со Канада и да отпочнат преговори со Кралството Саудиска Арабија, Естонија и Молдавија.
Министерството за економија- Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии-Секторот за финансиски систем, се надлежни за усогласување и парафирање на билатералните договори со трети земји.

## 3.30.3 РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА
### *Тековна состојба*
Во текот на 2015 година, двајца дипломати од Министерството за надворешни работи на Република Македонија учествуваа во студиска посета на Министерството за надворешни работи на Република Словенија и Министерството за надворешни и европски работи на Република Хрватска. Посетата беше организирана од GIZ (Германското друштво за меѓународна соработка)- Отворени регионални фондови за Југоисточна Европа и намената за дипломати од ЈИЕ за ЕУ Acquis- Поглавје 3.30. Целта на посетата беше запознавање со словенечката и хрватска политика и институционална организација на развојната соработка и хуманитарна помош. Посетата беше

корисна и овозможи размена на искуства за процесот на преговори за Поглавјето 3.30, како и за предизвиците во имплементацијата на развојната соработка.
Во делот на развојната политика оваа година продолжи процесот на прибирање информации за функционирањето на развојната политика на ЕУ и институционалната организираност на овие активности кај земјите-членки на ЕУ. Стекнатите сознанија ќе бидат искористени за подобрување на нацрт-текстот на Предлог-законот за спроведување на развојна соработка во консултација со засегнати институции, невладини организации и граѓани.

***Краткорочни приоритети***

На краток рок се планира Министерството за надворешни работи, како надлежна институција за спроведување на развојната политика и соработка, да ги запознае останатите ресорни министерства и надлежни институции со принципите и политичките заложби на ЕУ на овој план содржани во документите на ЕУ и др. релевантни меѓународни документи како: Европскиот консензус за развој (Агендата/Принципите од Париз, 2005), Агендата за акција од Акра (2008), Глобалното партнерство за ефективен развој (Бусан, (2011), Агендата за промени (2011), политиката на ЕУ за ефективна помош (Policy Coherence for Development), како и поинтензивно да ги вклучи во имплементацијата на завршните документи од Конференцијата за ОН за финансирање на развојот и Самитот на ОН за одржлив развој.

***Среднорочни приоритети***

Провизорниот рок за донесувањето на Законот за спроведување на развојната политика е поместен за 2017 година. Во меѓувреме ќе се работи врз дефинирање на наши географски и тематски приоритети, создавање база на податоци за расположивите капацитети на земјата за спроведување на развојна соработка и воведување механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Дополнително, во наредниот период ќе се работи врз стекнување сознанија за методологија што се користи при известувањето за официјалната развојна помош и обука на администрацијата за методологијата што ја користи OECD/DAC, како би се зголемила институционалната подготвеност за обврските што ќе претстојат на овој план од членството во ЕУ. Се планира и интензивирање на соработка со невладиниот сектор и со другите земји-членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

## 3.30.4. ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

***Тековна состојба***

Во месец Февруари Собранието на Република Македонија го ратификува Меморандумот за разбирање за институционалната рамка на Иницијативата за превенција и подготвеност од катастрофи на ЈИЕ ( Службен весник на РМ бр. 25/15). Со ова земјата останува силно посветена на регионалната соработка во делот на превенција и подготвеност од катастрофи во ЈИЕ. За наредната година преку оваа Иницијатива се очекува завршување на JERU проектот преку кој земјата треба да добие лична опрема за тимот за спасување на вода со користење на чамци. Дополнително на ова преку учеството во тренинг програмата на Иницијативата и понатаму ќе се продолжи со трендот на зајакнување на пресоналните капацитети.
Во 2015 година реализирани се одвоени билатерални средби со сродните служби на Руската Федерација, Република Турција и Република Романија во Москва, Анкара и Букурешт со цел продлабочување на досегашната соработка во делот Вна едукацијата, тренингот и вежбите. Во овој период завршени се преговорите околу утврдување на текстот на билатералниот договор со Република Албанија за меѓусебна помош при катастрофи по што следи постапка за негово потпишување.
Во истиот период во соработка со Универзитетот Американ Колеџ од Скопје и Воената Академија „Генерал Михајло Апостолски“ изработена е физибилити студија за идејно решение за информациски систем за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување (SyPRes), кој доколку биде имплементиран во иднина треба да овозможи целосна каталогизација на сите постоечки ресурси и капацитети во Дирекцијата и со тоа да овозможи системска подршка на операциите за одговор при големи катастрофи
2015 година је одбележаа три настани – поплавите во месец Јануари и Февруари, настанот во Тетово во Август 2015 и одржувањето на меѓународната вежба ИПА КАМПЕКС 2015.

За првите два настани Дирекцијата за заштита и спасување беше целосно вклучена со сите расположиви капацитети за справување со последиците. За прв пат од формирањето за настанот во Тетово беше активиран и Механизмот за Цивилна заштита на ЕУ а се побара активирање на системот Коперникус, преку кој се добија сателитски снимки од погодените подрачја кои беа искористени за планирање на опоравувањето и активностите за реконструкција. На барање на Владата на Република Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување побара советодавна помош од Механизмот за цивилна заштита на ЕУ преку испраќање на тим за утведување на причините за поплавите во Тетово. Тимот беше во земјата од 13-26.08.2015 а Дирекцијата за заштита и спасување ја обезбеди целокупната логистичка поддршка за негово непречено функционирање. Во моментов се работи на преводот на извештајот по што ќе биде доставен до Владата на РМ.
Месец Јуни беше целосно посветен на одржувањето на вежбата ИПА КАМП ЕКС 2015. На вежбата учествуваа единици за цивилна заштита од 8 земји и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Германија, Италија, Косово, Србија, Турција и Црна Гора кои заедно со единиците на Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот Крст на Република Македонија имаа задача да испланираат, постават и практично да менаџираат камп за внатрешно раселени лица по катастрофален земјотрес во Скопје. На вежбата имаше вкупно 700 учесници, по различни основи, што ја прави истата најголема од овој вид во Европа.
Во 2015 година продолживме со активно учество во ИПА ФЛОДС проектот преку кој Република Македонија во наредните 2 години треба да добие современа опрема за спасување од поплави. Дополнително проектот ИПА ФЛОДС превзема активности и во правец на спроведување на ЕУ Директивата за поплави.
Во месец Април во соработка со кацеларијата на УНДП во Скопје, се организира тренинг со ДХЛ Германија и ТАВ Македонија за подготовка на аеродромите за прием на меѓународна помош во случај на катастрофи. Овој тренинг беше во насока на ЕУ упатствата за поддршка на земјата домаќин при прием на меѓународна помош.
Иницирано од настаните во Тетово во периодот од 29-30.09.2015 година, Дирекцијата за заштита и спасување во соработка со Данската агенција за управување со вонредни состојби организира семинар за процена на ризиците од природни непогоди и други несреќи. Целта на семинарот беше зајакнување на локалните капацитети за изработка на овие плански документи кои се во насока на превентивното дејствување од природни непогоди и други несреќи.
Во месец Октомври истотака во Скопје се одржа ТАИЕХ работилница за цивилна заштита во соработка со Полската Национална противпожарна служба, чија цел беше размена на искуства во користењето на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во тек се активности на работните групи за измени на Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство. Членството во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ предвидува спроведување на Одлука на ЕК - 2014/762/ЕУ за спроведување на Одлуката на Парламентот на ЕУ и Советот за формирање на Механизам за цивилна заштита на ЕУ – 1313/2013/ЕУ. Во таа насока измените на наведените закони ќе бидат и во правец на спроведување на дадените препораки.

**Институционална рамка**

Во тек е реорганизација на структурата на Дирекцијата за заштита и спасување и усогласување со националното законодавство во делот на работните односи. Новата организациска структура на Дирекцијата во комбинација со измените на прописите за силите за заштита и спасување треба да доведат до поглема ефикасност во превентивното и оперативното дејствување.

### *Среднорочни приоритети*

Постојано унапредување на правната рамка врз основа на научените лекции и препораки од ЕУ во делот на цивилната заштита.
Зајакнување на административните капацитети и перформанси на институцијата за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во поглед на природните непогоди и другите несреќи.

## УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

### *Тековна состојба*

Центарот за управување со кризи во периодот август – декември 2015 година функционира согласно надлежностите во услови на прогласена кризна состојба. Владата на Република Македонија (ВРМ) на седница одржана на 19.08.2015 година донесе одлука за прогласување на кризна состојба заради зголемениот обем на влез и транзитирање на мигранти низ нејзината територија, на јужната и северната граница на земјата. Од почетокот на оваа година, земјата во континуитет се соочува со прилив на зголемен број на бегалци и мигранти кои од територијата на соседна Република Грција во организирани групи влегуваат на наша територија која се наоѓа на т.н "транзитен коридор", кој бегалците и мигрантите од земјите на Блискиот Исток и Северна Африка го користат да пристигнат во земјите на Западна Европа, како нивна крајна дестинација, мотивирани од безбедносни и економски причини. Согласно член 24 од Законот за управување со кризи веднаш се воспостави функционирањето на Главниот штаб кој во рок од 24 часа по прогласената кризна состојба изготви Акционен план за превенција и справување со влез и излез на бегалци и мигранти низ територијата на земјата.

Центарот за управување со кризи учествуваше во ИПА Програма за "Соработка во областа на цивилната заштита за земјите кандидати и потенцијалните кандидати" со цел приближување на земјите од Западен Балкан и Турција до Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Истите беа наменети за воведување на учесниците во основните принципи на функционирање на Механизмот на Цивилна заштита на ЕУ, обезбедување на помош за поддршка на погодената земја/земја која бара помош, во рамките на управување со катастрофи од меѓународен карактер; Учество на тимови за интервенција во регионални вежби; Р*азвој на 112-системи и др.*

Со цел продлабочување на регионалната соработка помеѓу Република Македонија, Република Албанија и Република Косово во областа управување со кризни и итни состојби формирана е трилатерална Работна група која ја изработи "Програмата за регионална соработка во областа на управување со кризни и итни состојби".
Главната цел е да се намали ранливоста на трите земји од природни катастрофи, преку јакнење на националните и регионалните капацитети за намалување на ризици од катастрофи.
Програмата ќе помогне во создавање на интегрирана проценка на опасности и ризици во согласност со насоките на ЕУ. Исто така, ќе промовира заедничка визија за проценка и управување со ризици во суб-регионот и има за цел да ја поттикне заедничката соработка, размена на знаења и техничка помош.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

Унапредување на меѓународната билатерална договорна состојба на Центарот за управување со кризи со сродни институции. Унапредување на капацитетите на Центарот за регионално вмрежување, соодветна размена на податоци и меѓусебна помош при катастрофи и кризни состојби.

### *Програми и проекти*

Реализирани се активности во рамките на проектната соработка со JICA на проектот "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари" (воспоставен е систем за следење и анализирање, воспоставена е ВЕБ платформа, креирани се апликативни карти со кои ќе може да се направи полесна детекција на жаришта, процена на штети и останати параметри во однос на управување со шумски пожари и др.)

Во текот на 2015 година се отвори можност да се споделат искуствата од реализираниот проект преку "Програмата за обука на трети земји", и со тоа Центарот за управување со кризи да прерасне од "примач на знаење" во "обезбедувач на знаење". Овие обуки ќе се вршат на песонал од сродните институции во земјите од регионот Србија, Црна Гора, Албанија, Косово и БиХ, а нивна цел е зголемување на меѓуграничната соработка и размена на информации во случај на шумски пожари. Првата обука е реализирана во период од 09-11.12.2015 година во Приштина и Тирана.

# 3.31 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

***Наоди и препораки од Извештајот на ЕК2015***

*Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Беше постигнат **одреден напредок,** додека земјата продолжува со учество во цивилните и воените мисии на управување со кризи.*

*Во следната година, земјата треба особено*

- *да се подобри во усогласувањето со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот за надворешна и безбедносна политика.*


**Резиме**

*Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Земјата учествува во операцијата на ЕУ во БиХ ЕУФОР „Алтеа“, НАТО мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил“ во Либан како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово. Во наредниот период, државата ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ преку учеството на состаноците на ЕУ за политички дијалог со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ.*


## 3.31.1 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА (ЗНБП)

### *Тековна состојба*

Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица.

Земјата редовно и активно учествува во билатералниот политички дијалог со ЕУ во различни формати и тела.

Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки редовно одржува состаноци. Регистарот на одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки, кој е објавен на веб-страницата на Министерството за надворешни работи редовно се ажурира.

Се подготвуваат измени и дополнувања на Законот за спроведување на меѓународни рестриктивни мерки.

Во однос на контролата на оружјето, како обврска од меѓународните инструменти за контрола на оружје, разоружување и непролиферација, земјата редовно подготвува извештаи за извоз на оружје во согласност со заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП, но и за сите други меѓународни договори/документи во рамките на ОН и ОБСЕ.

Доставен е иницијален извештај за имплементација на Договорот за трговија со оружје (Arms Trade Treaty - ATT), ратификуван од Република Македонија во јануари 2014 година.

Се подготвуваат подзаконски акти на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Националната комисија за мало и лесно оружје продолжува со извршување на своите активности за планирање, следење и анализирање на состојбата за контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции.

Националното координативно тело (НКТ) за хемиско, биолошко радијационо и нуклеарно оружје со свој претседавач од Министерството за надворешни работи, редовно ги извршува своите активности. Продолжува активнотото учество во иницијативата на Европската комисија за центрите за извонредност за превенција и намалување на ризиците од хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје и направи, како и имплементација на проектите во рамките на Иницијативата.

Република Македонија е членка на Бордот на гувернери на ИАЕА (Меѓународната агенција за атомска енергија) со седиште во Виена,во периодот од септември 2014 до септември 2016 година, за што постои зајакнат ангажман во оваа меѓународна организација.

Земјата е во фаза на преговори и прилагодување на националниот систем за контрола на оружје и стратешка трговија, со цел реализација на апликацијата за членство во Васенар аранжманот, поднесена во август, 2014 година.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. Во 2016 година, земјата ќе продолжи со прифаќање на декларациите, изјавите и правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП,со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица.

Во текот на 2016 година се очекува да бидат заокружени измените и дополнувањата на Законот за спроведување на меѓународни рестрктивни мерки.

Се подготвуваат подзаконски акти на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Во 2016 година ќе продолжат активностите за склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки и со земји-кандидати (Италија, Австрија, Кралство Белгија, Романија, Холандија, Финска, Португалија и Црна Гора), но и со други европски земји. Во текот на 2016 година, ќе бидат преземени активности поврзани со покренатата иницијатива за склучување административен аранжман со Европската агенција за одбрана со цел да се овозможи учество на македонските компании на меѓународните класифицирани тендери што ги објавува Агенцијата.

Исто така во 2016 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) ќе преземе активности за утврдување на потребата за измена на постојните подзаконски акти за регулирање на надлежностите во однос на сајбер заштитата во рамките на националната стратегија за сајбер одбрана.

**Институционална рамка**

Ќе продолжат активностите за обука на државните службеници во доменот на ЗНБП. Приоритет ќе биде ставен на обука на извршителите задолжени за спроведување на меѓународните рестриктивни мерки и контрола на оружјето.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ и користење на ТАИЕКС инструментот на ЕК. Воедно, ДБКИ ќе продолжи со активното учество во регионалните инцијативи за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите на поранешна Југославија (форумот 6С) и на земјите од Југоисточна Европа (форумот СЕЕНСА).

Во однос на соработката со меѓународни организации, Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др).

Исто така, земјата ќе продолжи да ги спроведува рестриктивните мерки воведени од страна на Советот на ЕУ.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се продолжи со напорите за изнаоѓање решение за укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на билатералниот договор со САД за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со водечките принципи на ЕУ.

Правната рамка ја надополнуваат и билатералните спогодби за размена и заштита на класифицирани информации склучени со ЕУ и со земјите-членки.

Ќе се спроведува континуирана обука за ЗНБП на извршителите во министерствата и институциите вклучени во спроведувањето на оваа политика на ЕУ. Во оваа насока, се планираат организирање на обуки и студиски посети во земји-членки на ЕУ со цел размена на искуства во однос на ефикасно спроведување на меѓународни рестриктивни мерки и контролата на оружјето.

Ќе биде обезбедена континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните органи и институции, кај јавните и приватните правни лица.

Ќе продолжат активностите за издавање безбедносни сертификати на физички и на правни лица и за унапредување на безбедносната организација за работа со класифицирани информации со повисок степен на класификација. Соработката со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот ќе биде интензивирана преку Регионалниот центар за соработка на ЕУ.

## 3.31.2 ЗАЕДНИЧКА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА (ЗБОП)

### *Тековна состојба*

Во духот на стратегиските определби на Република Македонија за членство во ЕУ и НАТО и за континуиран придонес кон Евроатланската безбедност и стабилност, земјата континуирано придонесува кон операциите предводени од ЕУ, НАТО и ООН.
Земјата учествува во операцијата на ЕУ во БиХ ЕУФОР „Алтеа", НАТО мисијата „Одлучна поддршка" во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил" во Либан како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР" во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово.
Земјата, во јуни 2015 година ги потврди декларираните сили од копнената структура на АРМ кои ќе бидат дел од додатокот на Каталогот на сили на ЕУ 2015/16, и тоа: 1) Една механизирана пешадиска чета; 2) Еден вод на воена полиција; 3) Еден медицински тим на Ниво 1.
Земјата на покана на ЕУ учествува на неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ во формат за министрите за одбрана на земјите кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ (ЕУ + 7), на состаноците на Политичкиот безбедносен комитет (ПБК) на ЕУ, на состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ + 7, учество на работната сесија за операцијата „Алтеа" во рамките на Глобалната конференција за генерирање сили на ЕУ и на координативните конференции за борбените групи на ЕУ.
Земјата континуирано и активно спроведува одбранбена соработка на билатерално, регионално и мултилатерално ниво, преку учество во регионалните иницијативи, А-5 Јадранската повелба, процесот на соработка на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа (СЕДМ) и Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ).
Земјата направи првични чекори за иницирање на можно воспоставување соработка со Европската одбранбена агенција.
Министерството за одбрана е посветено и на имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 за жените, мирот и безбедноста преку реализација на активности во земјата и странство со цел интеграција на родовата перспектива на сите нивоа во одбранбениот систем. Покрај обука на персоналот од Армијата и Министерството за одбрана за прашањата во областа на родовата сензитивност, оваа област е составен дел и од предупатната обука на лицата во подготовка за распоредување во мировните операции предводени од НАТО, ЕУ и ООН.
Донесена е Стратегија за развој на полиција и Акциски план за нејзино спроведување.
Претставници на Република Македонија учествуваа на деветтиот циклус на Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ наменета за земјите од процесот за стабилизација и асоцијација (три модули). Полициски службеници од МВР учествуваа на курс за мировни мисии организиран од МВР на БиХ во камп Бутмир - Сараево на два курса во февуари и октомври 2015 година и на деветиот циклус на Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

Ќе продолжи учеството во операцијата на ЕУ во БиХ ЕУФОР„Алтеа" со две штабни позиции и со еден доктор.
Република Македонија ќе продолжи со придонесот во НАТО мисијата „Одлучна поддршка" во Авганистан која започна на 1-ви јануари 2015 година, а во која учествуваме со воен персонал од 39 лица. Со истото ниво на придонес земјата ќе продолжи до крајот на 2015 година, како и во 2016 година, согласно потребите на мисијата.
Придонесот во мисијата на Обединетите Нации „Унифил" во Либан ќе продолжи со 1 штабен офицер.
Ќе продолжиме и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР" во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово.
Земјата продолжува со одбранбените реформи во насока на зајакнување на капацитетите на Министерството за одбрана и за развој на интероперативни воени способности на Армијата на Република Македонија.
Стратегијата за развој на полицијата ќе започне со спроведување во првиот квартал на 2016 година.
Република Македонија, на покана на ЕУ, ќе продолжи да учествува на следните состаноци за политички дијалог на ЕУ со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ: неформални состаноци на министрите за одбрана на ЕУ, состаноците на Политичко безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ, состаноците на Воениот комитет на ЕУ. Исто така, Република Македонија ќе учествува и на состаноците за операцијата на ЕУ во БиХ, „Алтеа", како и на координативните конференции за борбените групи на ЕУ.

# 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во изминатата година, особено во зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола (ПИФЦ) и надворешната ревизија. Сепак, потребни се значителни напори за обезбедување доследна примена на законодавството за ПИФЦ во јавната администрација и за делегирање на одговорностите. Сѐ уште не е постигната независност на Државниот завод за ревизија во Уставот. Во претстојната година земјата особено треба да:

- обезбеди дека постои посистематско следење на препораките на владата по извршениот годишен преглед на ПИФЦ;
- обезбеди ефикасно спроведување на проценката на ризик и други алатки и техники во процесите на управување со организациите од јавниот сектор;
- ја зајакне координативната улога на Службата за борба против измами и подобрување на управувањето со нерегуларности, преку системот за управување со неправилности.

***Резиме***

*Во 2016 година ќе продолжи развојот на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилен и ефикасен систем на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор. Во областа на финансиското управување и контрола, ќе се зајакнува системот на внатрешни контроли преку развој на системот на управување со ризиците со што ќе се обезбеди разумно уверување дека во постигнување на целите, буџетските и другите средства ќе се користат правилно, етички, економично, ефикасно и ефективно. Заради зајакнување на спроведувањето на внатрешната ревизија и заокружување на процесот на сертификација на внатрешните ревизори, во 2016 година ќе продолжат подготовките за отпочнување национална сертификација, а исто ќе продолжи меѓународна сертификација на внатрешните ревизори.*

*Во текот на 2016 година ќе бидат зајакнати капацитетите на Државниот завод за ревизија и ќе биде донесена и Националната стратегија за спречување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2016- 2018 година.*

## 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДОВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

***Тековна состојба***

Во септември 2014 година започна спроведувањето на Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за периодот од 2015 до 2017 година. Системот на јавната внатрешна финансиска контрола во 2015 година продолжи да се развива преку зголемување на свеста за значењето и придобивките на овој систем и зајакнување на раководната одговорност, како и преку развој на системот на управување со ризиците со што се очекува обезбедување разумно уверување дека во постигнување на целите, јавните средства ќе се користат правилно, етички, економично, ефикасно и ефективно.

Во 2015 година, во Министерството за финансии, започна со работа финансиската инспекција во јавниот сектор согласно Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор[239] чиј оперативен капацитет ќе се зајакнува.

Продолжија активностите за институционалното зајакнување на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор и активностите на Комитетот за финансиско управување и контрола и Ревизорскиот комитет во Министерството за финансии.

Измените на Уставот на Република Македонија, со цел Државниот завод за ревија да се дефинира како уставна категорија, е во собраниска процедура.

### 3.32.1.1 Финансиско управување и контрола

[239] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/13, 43/14 и 153/15

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Приоритетите за развојот на системот на јавната внатрешна финансиска контрола во 2015 година се дефиниран во Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за периодот од 2015 до 2017 година. Со цел зајакнување на раководната (менаџерската) одговорност, ќе се ажурира Прирачникот за финансиско управување и контрола и ќе бидат изготвени Насоки за раководна одговорност.

**Институционална рамка**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Во 2016 година, ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку внатрешна прераспределба и пополнување на раководните работни места, и во Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор ќе се зајакне со вработување на 5 нови лица.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите**

Во 2016 година фокусот на активности ќе биде ставен на зајакнување на системот на внатрешни финансиски контроли и зголемување на свеста за значењето и придобивките на овој систем. Исто така, ќе се зајакне раководната (менаџерската) одговорност, а Комитетот за финансиско управување и контрола редовно ќе се свикува на квартална основа.

Посебен акцент ќе се стави на делегирањето на должностите и одговорностите и зајакнувањето на единиците за финансиски прашања преку ажурирање на Плановите за воспоставување и развој на ЈВФК.

Во функција на зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола, ќе бидат организирани работилници за финансиско управување и контрола и промовирани “лидери институции“ и обуки за управување со ризици, со цел реформата на јавната внатрешна финансиска контрола подобро да се интегрира во тековниот процес на реформи во јавната администрација.

Во функција на зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола, ќе биде воведено систематско следење на препораките на Владата по повод усвоениот Годишен извештај за функционирање на јавната внатрешна финансиска контрола, а исто така ЦХЕ ќе го засили следењето и надзорот над спроведувањето на финансиското управување и контрола во организациите од јавниот сектор преку спроведување на супервизија на квалитетот на системот на финансиско управување и контрола.

Управувањето со ризици треба целосно да е вградено во процесите на управување на организациите.

### *Среднорочни приоритети*

Во 2017 година ќе се направи анализа на правната рамка за финансиското управување и контрола, особено во делот на ажурирање и приспособување на потребите на помалите буџетски корисници, а исто така ќе се преоцени можноста за скратување на рокот за доставување на Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола.

## 3.32.1.2 Внатрешна ревизија

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Заради зајакнување на спроведувањето на внатрешната ревизија и заокружување на процесот на сертификација на внатрешните ревизори, во 2016 година ќе продолжи подготовката за отпочнување национална сертификација и ќе бидат изготвени: Прирачник за правен систем, јавни финансии, сметководство во јавниот сектор, јавни набавки, државни и јавни службеници и заштита на информации, Прирачник за основи на внатрешната ревизија, Прирачник за сметководство и финансиско известување во јавниот сектор и Прирачник за управување и контрола.

**Институционална рамка**

**Зајакнување на институционалните капацитети на Министерството за финансии**

Во 2016 година Централната единица за хармонизација ќе продолжи со активностите за меѓународна сертификација на внатрешните ревизори од централно и локално ниво, а ќе ги преземе и неопходните мерки за подготовка на национална сертификација на внатрешните ревизори која се очекува да започне во 2017 година.

Со цел размена на искуства и подобрување на методологијата за работа на внатрешните ревизори, Централната единица за хармонизација во 2016 година ќе ја зајакне соработката со институтите и здруженијата на граѓани од областа на ревизијата, со организирање работни средби на кои ќе учествуваат внатрешни ревизори, ревизори од ДЗР, претставници од институти, здруженијата на граѓани и експерти од областа на ревизијата.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**

Во 2016 година фокусот на активности ќе биде ставен на меѓународната сертификација на внатрешните ревизори и зајакнувањето на спроведувањето на внатрешните ревизии, заради што во институциите од централно и локално ниво единиците за внатрешна ревизија ќе спроведат хоризонтална ревизија на тема „Ревизија на ефикасност и ефективност на системот за финансиско управување и контрола“. Ревизорскиот комитет редовно ќе се состанува на квартална основа со цел разгледување и усвојување на упатства, одлуки и мислења поврзани со внатрешната ревизија.

Ќе се зајакнуваат институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор, особено во единиците за внатрешна ревизија каде има само по еден внатрешен ревизор, а стратешки и годишни планови ќе бидат изготвени врз основа на Водичот за проценка на ризиците во планирањето на ревизијата изготвен од ЦЕХ, а обезбедувањето на квалитет на ревизијата ќе се изврши преку спроведување на супервизија на квалитетот на работењето на единиците за внатрешна ревизија.

***Среднорочни приоритети***

Зајакнувањето на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2017 година ќе продолжи со вработување на нови лица во единиците за внатрешна ревизија и со продолжување на процесот на сертификацијата на внатрешните ревизори.

## 3.32.2 ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Согласно Меморандумот за соработка помеѓу Собранието на Република Македонија и Државниот завод за ревизија, ќе продолжат активностите за унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија за изнаоѓање на формален механизам за разгледување на поединечните ревизорски извештаи.

**Институционална рамка**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2016 година ќе се обезбеди со пет нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 99. Развојот и користењето на софтверот за ревизија дополнително ќе го олесни надзорот и следењето на спроведувањето на препораките содржани во ревизорските извештаи и ќе го подобри квалитетот на ревизиите.

***Среднорочни приоритети***

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2017-2018 година ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 10 извршители, со што вкупниот број на извршители ќе биде 109;
- Реализација на проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на системот за управување со ревизиите (AMS).
- Со цел да се задржи квалитетот на работењето и да се обезбеди соодветна ревизорска покриеност, ќе се спроведат подготовки за донесување на Повеќегодишна стратегија за ревизија.

***Програми и проекти***

Во 2016 година ќе продолжи со реализација проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (AMS). Со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Норвешка, проектот се реализира во периодот од ноември 2012 до декември 2016 година. Следната фаза на проектот опфаќа развивање и тестирање на софтверско решение на систем за управување со ревизиите (AMS) и обуки на вработените во ДЗР за користење на истиот.

## 3.32.3 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

### 3.32.3.1 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

***Тековна состојба***

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности до сега ја исполнија 70 институции од централно ниво и 61 единица на локалната самоуправа. Во текот на 2015 година обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполнија 6 институции на централно ниво и 2 единици на локална самоуправа. Во 2015 година Националниот координатор за авторизација во Министерството за финансии до Управата за финансиска полиција достави 2 извештаи за неправилности при користењето на средствата од предпристапната помош од ЕУ.

***Краткорочни приоритети***

Со цел обезбедување ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската унија, преку јакнење на системот за спречување на неправилности и измами, во 2016 година, Управата за финансиска полиција – Одделението за спречување на неправилности и измами ќе реализира Твининг лајт проект „Зајакнување на напорите за превенција и борба против измами и неправилности на европски фондови". Во рамки на проектот ќе се изврши проценка на правната рамка на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ, преку обуки на вработените ќе се зајакне соработката на институциите вклучени во системот за заштита на финансиските интереси.

Одделението за спречување на неправилности и измами ќе ги фокусира своите напори на развивање и ширење на методолошки алатки, воспоставување на мрежа на АФКОС и организирање на обука за службеници за откривање нерегуларности.

Исто така, во рамките на проектот ќе се изготви нацрт Национална стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2016- 2018 година.

Соработка со Европската комисија, во делот на солидното следење на истражувањата и известувањето, ќе биде зајакната со спроведување на заеднички истраги и пријавување неправилности, електронски и на хартија, во Системот за управување со неправилности на Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ).

### 3.32.3.2 РЕВИЗИЈА НА СРЕДСТВА ОД ИПА

Функцијата на Ревизорското тело е верификација на ефективното и стабилното функционирање на системите за управување и контрола на пред-пристапната помош на ЕУ во РМ и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила со цел обезбедување законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Заедницата и националните интереси.

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 година Ревизорското тело ги спроведе активностите пропишани согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ИПА регулативата.

За континуирано одржување на функционалната и оперативната независност на Ревизорското тело во вршењето на ревизија на системите за управување и контрола, во јуни 2015 година ажуриран е Стратешкиот план 2014-2016 година и донесен е Стратешки план на Ревизорското тело 2015-2017 година. Преку реализација на стратешките цели, Ревизорското тело ќе продолжи да ги зајакнува капацитетите и да обезбедува високо ниво на компетентност и ефективност при извршувањето на ревизиите во согласност со правилата и прописите на Европската унија и релевантните меѓународно прифатените стандарди за ревизија.

Бројот на извршители во Ревизорското тело заклучно со ноември 2015 изнесува 33 извршители.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Ревизорското тело продолжува да ги извршува своите активности согласно ИПА Регулатива 718/2007 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка

во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош[240], а во новиот програмирачки период 2014-2020 година (ИПА II) ќе извршува активности согласно ИПА Регулатива 447/2014 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Македонија и Европската Комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА II)[241] и тоа:

- ревизија на целосноста, точноста и вердостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и соодветни годишни сметки;
- ревизија на ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор;
- ревизија на законитост и регуларност на настанати трансакции;
- изготвување тригодишни стратегии за ревизија по области согласно меѓународно прифатените ревизорски стандарди, насоки и упатства дадени од Европската комисија;
- изготвување Годишно ревизорско мислење за годишните финансиски извештаи или изводи и соодветни годишни сметки за претходната финансиска година заедно со Годишен извештај за ревизорска активност;
- изготвување Мислење за каква било завршна финансиска изјава за расходи која НАО ја поднел до Комисијата за затворање на која било програма или кој било дел од истата. Каде што е соодветно, Завршен извештај за ревизорска активност го поддржува мислењето.

При спроведување на ИПА II, тригодишните стратегии за ревизија, годишните извештаи и мислења ќе се доставуваат до ГД за Соседство и преговори за проширување и ГД за Земјоделие и рурален развој,

Согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ИПА регулативата и Годишните работни планови за ревизија за 2016 година по ИПА компоненти, планирано е вршење системска ревизија, ревизија на операции за ИПА К1, К2, К3, К4 и К5 и финансиска ревизија за ИПА К5.

Исто така во текот на 2016 година ќе биде ажуриран Стратешкиот план 2015-2017 година, ИТ Стратегијата и Стратегијата за управување со ризици.

**Институционална рамка**

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско екипирање на Ревизорското тело, во 2016 година се очекува да се реализираат 4 нови вработувања.

Во 2016 година, Ревизорското тело со цел обезбедување на континуирана професионална едукација на вработените ќе достави апликации за организирање обуки од ТАИЕКС за теми и прашања од областа на ревизијата.

### *Среднорочни приоритети*

Јакнењето на оперативните капацитети и обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело година ќе се реализира преку:

- Спроведување на активности за прилагодување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош со новата легислатива на ЕУ за програмскиот период 2014-2020 година, како и усогласување со националните регулативи
- Донесување на Стратегија за управување со човечки ресурси
- Донесување на Стратегија за комуникација и
- Донесување на Упатство за контрола на квалитет во ревизијата
- Ажурирање на Прирачникот за ревизија на ИПА – заеднички дел и посебни делови

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско екипирање на Ревизорското тело, планирано е да се реализираат 4 нови вработувања во 2017 година и 4 во 2018 година.

### *Програми и проекти*

Исто така, во периодот 2016-2018 година ќе се реализира проектот "Зајакнување на капацитетите за ефективно управување и ревизија на европските фондови" во рамки на НП 2012 од ИПА К1 Помош во период на транзиција и институционална надградба, каде Ревизорското тело се јавува како еден од корисниците на овој проект и тоа во

---

[240] "Службен весник на РМ" број 18/2008
[241] "Службен весник на РМ" број 99/2015

следните договори – Твининг за понатамошен развој и зајакнување на организациските, административните и техничките капацитети на РТ и набавка на стоки – набавка на опрема и опрема за контрола на лице место.

### 3.32.3.3 ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Во текот на 2015 пуштени се во оптек 253 фалсификувани евра во различни апоени или приближно колку и претходната година, а откриени се двајца македонски државјани кои набавиле и пуштиле во оптек 21 фалсификувана банкнота од по 100 евра.

Во текот на 2015 год. е извршено електронско поврзување на 8 сектори од Министерството за внатрешни работи со е-базата за фалсификувани пари во Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари. Ова овозможува 3 до 5 полициски службеници од овие сектори кои работат на проблематиката на спречување на фалсификување пари директно да ги користат овие податоци.

Исто така, во тек е спроведување на ИПА 2010 проект во рамки на кој ќе се изготви Анализа на функционирањето на воспоставената база на податоци за фалсификувани валути во која ќе бидат содржани препораки за нејзино подобро користење, како и Анализа на недостатоците во функционирањето на Централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари и препораки за подобра ефикасност и унапредена соработка.

Во текот на 2015 година во Единицата за Финансиски Криминал беа вработени 6 нови полициски службеници.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2016 година ќе се подобри соработката помеѓу националните институции вклучени во борбата против фалсификувањето преку систематска обука, проширување на практичното искуство и вештини и подобрување на соработката со Европската комисија и Европската централна банка.

Во 2016 година ќе биде спроведена обука на полициските службеници кои добија пристап до е-базата, како и ново вработените во Единицата за финансиски криминал со цел поефикасно користење на податоците од истата, а ќе бидат спроведени и препораките од анализите изготвени во рамки на проектот од ИПА 2010.

Во 2016 година ќе биде покрената иницијатива за потпишување договор за соработка во борбата против фалсификувањето банкноти со Европската комисија за монети или со Европската централна банка

***Среднорочни приоритети***

Во 2017 година ќе биде изменет и дополнет Кривичниот Законик во насока на усогласување на кривичното дело “фалсификување на пари“ со Рамковната Одлука на Советот за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување (2000/383/JHA) од 29 мај 2000 година.

Во 2017 година ќе биде извршено поврзување на Министерство за финансии - Царинска Управа, Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција и Народна банка на Република Македонија со базата на податоци за фалсификувани пари воспоставена во МВР, со што ќе се овозможи навремена размена на информации преку системот на база на податоци на фалсификувани банкноти.

# 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

### *Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2015*

Подготовките се во **рана фаза**, но постигнат е **одреден напредок** во ова поглавје. Треба да се воспостави административна рамка за примена на правилата за сопствени ресурси.

***Резиме***

*Поглавјето Финансиски и буџетски одредби во суштина ги покрива правилата и потребните услови и капацитети за воспоставување на системот на сопствени ресурси, со цел навремена и прецизна пресметка на прибирањето, плаќањето и надзорот на средствата кои Република Македонија од денот на нејзиното пристапување во ЕУ ќе ги уплаќа во буџетот на Европската унија. Овие средства се таканаречените традиционални сопствени средства кои потекнуваат од прибраните приходи од царини, данок на додадена вредност, надоместоци од производство на шеќер, како и од бруто националниот доход на секоја земја-членка. Земјите-членки треба да имаат соодветно изградени административни капацитети за ефикасно координирање и обезбедување на прецизни калкулации, прибирање, плаќање и контрола на сопствените ресурси.*

*Правната легислатива во ова поглавје е задолжителна и не бара транспонирање во националното законодавство. Во рамките на веќе воспоставените институции (Министерство за финансии на Република Македонија, Државен завод за статистика, Царинска управа и Управа за јавни приходи), како и врз основа на утврдените механизми и процедури кои се применуваат во областа на буџетирањето, даночната, царинската регулатива и статистиката, Република Македонија не очекува позначајни потешкотии со имплементацијата на правото на Европската унија во ова поглавје.*

*Министерството за финансии на среден рок ќе преземе активности за воспоставување на целосна оперативна координативна структура за да се обезбеди точна пресметка, сметководство, предвидување, собирање, плаќање и контрола на сопствените ресурси и известување за спроведување на правилата на ЕУ за сопствени ресурси.*

## 3.33.1 ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ

### *Тековна состојба*

Законот за буџети претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон, буџетот на Република Македонија е дефиниран како акт со кој се планираат годишните приходи и приливи и одобрените расходи и одливи и го вклучува централниот буџет и буџетот на фондовите кои се целосно интегрирани во единствената трезорска сметка. Со Законот за буџети се уредуваат целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската унија и меѓународните стандарди.

Буџетот на Република Македонија за 2016 година е донесен од страна на Собранието на Република Македонија во законски утврдениот рок. Исто така, од страна на Владата на Република Македонија донесена е Фискалната стратегија на Република Македонија 2016-2018 како среднорочна интегрална рамка на макроекономската и фискалната политика и политиката на јавниот долг.

Унапредувањето на управувањето со јавните финансии преку подобрување на среднорочната буџетска рамка, како и унапредување на транспарентноста ќе остане клучниот приоритет во наредниот среднорочен период.

Во изминатиот период особено се интензивираше соработката со Европската унија и се преземаа повеќе активности и реформи во функција на натамошно унапредување на управувањето со јавните финансии и тоа:

Во рамки на Проектот за Реформа на јавната администрација по барање на Европската комисија, во текот на 2015 година, SIGMA спроведе мисија со цел да се обезбедат релевантни информации во областа на јавната администрација и јавните финансии врз основа на прибирање на податоци од релевантните институции. Извештајот

за управување со јавните финансии од страна на SIGMA ќе биде објавен по објавувањето на Извештајот за напредокот на Европската унија.

Во текот на 2015 година спроведена е Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност согласно PEFA (Public Expenditure Financial Accountability) Методологија. Целта на проценката на PEFA е да се утврди моменталната состојба на системот за управување со јавните финансии (PFM) во Република Македонија. Извештајот (во моментот е нацрт-верзија) треба да служи како заедничка база на информации за дијалогот меѓу Владата на Република Македонија и нејзините партнери во развојот.

Во рамките на ИПА ТАИБ 2011, од ноември 2015 година ќе започне да се реализира Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии“ (Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management). Основната цел на Проектот е унапредување на управувањето со јавните финансии со централен фокус на среднорочното буџетско планирање како основен предуслов за здрави јавни финансии и одржување стабилна фискална позиција. Главните активности на Проектот за зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии, ќе бидат насочени кон утврдување на програмска класификација на расходите, зајакнување на капацитетите за среднорочно планирање и известување согласно ЕСС - Европскиот систем на сметки (ESA – European System of Accounts) методологија, а се со цел унапредување на квалитетот на јавните расходи. Очекувани резултати од проектот се унапредување на програмската класификација и подготовката на среднорочна буџетска рамка, при што концептот за имплементација на СРТ - Среднорочната рамка на расходи (MTEF - Medium-term Expenditure Framework) и СБР - Среднорочната буџетска рамка (MTBF - Medium-term Budget Framework) ќе биде соодветно дефиниран, а согласно со тоа ќе бидат подготвени и соодветни законски измени, упатства и подзаконски акти.

Од IPA 2011 Technical Assistance Facility Envelope добиени се средства за реализација на проект “Развој на предлози за имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии”. Со проектот Министерството за финансии планира да ангажира експерти кои треба да направат Студија со анализа и оценка на постојната состојба на информациските системи на Министерството за финансии за управување со јавните финансии и ќе се предложат решенија за воспоставување на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии.

Во овој период на предлог на Владата на Република Македонија се подготви и иницијативата за предлог амандмани на Уставот, во рамките на кои се предлага воведување на фискални правила кои се однесуваат на таргетирање на буџетскиот дефицит и нивото на јавниот долг. За оваа цел се изврши анализа на најдобрите практики во земјите на ЕУ кои имаат воведено фискални правила во своите национални законодавства-закони или Устав, се одржаа средби со Венецијанската комисија и се подготвија одговори на коментарите од комисијата за потребата и целисходноста на воведувањето на фискалните правила.

### *Краткорочни приоритети*

Министерството за финансии своите активности ќе ги насочи континуирано кон унапредување на управувањето со јавните финансии како клучен приоритет.

Во 2016 година ќе продолжи со имплементација проектот „Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management како дел од проектот „Реформа на јавна администрација-е влада„ финансиран од ИПА ТАИБ-2011, во рамките на кој ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите во Министерството за финансии надлежни за среднорочно креирање на политиките и среднорочното буџетско планирање, активности за подготовка на програмска класификација, како и развивање на капацитети за известување во согласност со ESA 2010. Како очекувани резултати од имплементацијата на овој проект на краток рок се проценка на постојниот буџетски процес, правната рамка, клучните документи од горенаведените области, како и проценка на административните капацитетите на Минстерството за финансии и пилот буџетски корисници надлежни за среднорочно планирање. Дополнително на ова, ќе бидат спроведени обуки од страна на експертите за согледување на најдобрите ЕУ практики, препораки во областа на унапредување на буџетското планирање и подготвени Нацрт-Упатства за подготовка на среднорочна буџетска рамка;

Ќе се преземат активности за подготовка на техничка документација за набавка на интегриран информатички систем за управување со јавните финансии.

***Среднорочни приоритети***

Во наредниот среднорочен период, Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

- Со цел реализирање на планираните среднорочни цели за фискална консолидација и обезбедување на фискална одржливост, преку ИПА проектот ќе се подготват нацрт-измени во постојната законска регулатива во функција на воведување на среднорочно буџетско планирање, како и подготовка на Нацрт-Документ за среднорочно буџетско планирање;
- Ќе се преземат активности за набавка и имплементација на интегриран информатички систем за управување со јавните финансии;
- Ќе се реализираат активности за воспоставување на целосна оперативна структура за координација со сопствените ресурси со цел обезбедување на точна пресметка, сметководство и нивно собирање и контрола, како и известување на ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси. Во овие рамки ќе се воспостави посебно тело за менаџирање на системот на сопствени ресурси и негово соодветно екипирање во согласност со потребите и временскиот рок. Ова тело ќе биде надлежно за подготовка на методологија и процедури за прецизна проценка и прибирање на сопствените средства.

***Програми и проекти***

Во рамките на ИПА ТАИБ-2011 потпишан е и во фаза на имплементирање договорот за имплементација на твининг проектот „Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management “ како дел од проектот „Реформа на јавна администрација-е влада, во рамките на кој ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите во Министерството за финансии надлежни за среднорочно креирање на политиките и среднорочното буџетско планирање, активности за подготовка на програмска класификација, како и развивање на капацитети за известување во согласност со ESA 2010.

# IV. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015**

Во текот на наредната година фокусот ќе биде ставен на:

- Натамошно зајакнување на начелата на отчетност, транспарентност и заслуги, вклучително и воведување на подобрен информатички систем за управување со човечки ресурси;
- Донесување на нова Стратегија за реформа на јавната администрација за следниот петгодишен период и Програма за реформа на управувањето со јавните финансии, која ќе одговори на идентификуваните слабости, вклучително и поголема буџетска транспарентност.


***Резиме***

*Во областа на реформа на јавна админинстрација, се ќе продолжи следењето на спроведувањето на Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор. До крајот на 2016 година ќе биде подготвена новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2016-2020 со претходна приоритизација на приоритети и изработка на стратешка рамка со главни цели за новата стратегија.*

*Ќе се преземат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, и тоа: воведувањето на систем за управување со квалитет, согласно стандардот ИСО 9001 во државните институции, имплементацијата на Заедничката рамка за оценка во другите институции (CAF) како и имплементација на системот на интероперабилност. Ќе се работи на подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси. Посебно внимание ќе се посвети на унапредувањето на воспоставениот систем  за стратешко планирање интегриран со буџетскиот процес.*

*Секретаријатот за европски прашања (СЕП), ќе продолжи со координацијата на процесот на пристапување, на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), следењето на реализацијата на Пристапното партнерство, координацијата и реализацијата на Планот на активности подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија, како и реализацијата на НПАА. Посебно внимание ќе се посвети на координацијата на ИПА и другата странска помош. Ќе продолжи подготовката на македонската верзија на правото на ЕУ како и информирање и комуникација со јавноста.*


## 4.01 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### 4.01.1 Хоризонтални прашања

***Тековна состојба***

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст: МИОА) продолжува со: координацијата на процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) преку следење на реализацијата на Акцискиот план за РЈА; со планирање на нова Стратегија за РЈА 2016 – 2020 и нејзин Акциски план; со имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор; со унапредувањето на правната рамка за управни постапки преку новиот Закон за општа управна постапка; со обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; со подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси, како и давањето услуги на граѓаните.

Агенцијата за администрација (во понатамошниот текст: АА), како самостоен државен орган овозможува развој и одржливост на професионална и услужно-ориентирана администрација, преку примена на нов пристап за управувањето со човечките ресурси, заснован врз компетенции. Оваа цел, АА ја остварува преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива за административните службеници, согласно утврдените текови во процесот на реформата на јавната администрација во земјата.

***Краткорочни приоритети***
МИОА во 2016 година ќе продолжи со зајакнување на сопствените капацитети за координирање на процесот на реформата на јавната администрација. МИОА заедно со АА ќе продолжат со следење на спроведувањето на Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор. Во насока на подобрување на јавните услуги, МИОА до крајот на 2016 година ќе обезбеди интероперабилност на 25 државни институции, ќе воспостави Каталог на сите управни постапки во државата и ќе воспостави сала за јавни услуги. Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на МИОА и на останатите институции преку воведување на ИСО и ЦАФ и нивно пспроведување каде што се веќе воведени. До крајот на 2016 година ќе биде подготвена новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2015-2020 и изработка на стратешка рамка со главни цели за новата стратегија. Во текот на 2016 година ќе се подготви Годишна програма за обука за административно управување за 2017 година. Ќе се работи на подобрување на координативниот механизам за управување со човечки ресурси на ниво на цела администрација преку наградба на воспоставената мрежа за човечки ресурси и ќе се воспостави електронскиот систем за управување со човечки ресурси.

Во текот на 2016 година АА во своето работење ќе биде фокусирана на ефикасно и ефективно спроведување на обврските првенствено утврдени во Законот за административни службеници: објавување на огласи за вработување на административни службеници; организација на постапки за селекција на административни службеници; спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност; водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување, водење евиденција на мрежни пристапи до компјутерите во просторијата за полагање на испит за административен службеник и до модулот и базата на прашања за испитит и тестови, со време на пристап, корисничко име на вработениот кој пристапил и акции кои ги извршил при пристапот, како и постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор (во понатамошниот текст: ССРД) во текот на 2016 година, ќе продолжи да се залага за соодветно следење и спроведување на уставното начело на соодветна и правична застапеност согласно новата законска регулатива. Следствено на ова, ќе бидат преземени соодветни активности за распоредување на административните службеници вработени во ССРД и развивање на методи за интеграција на работното место и управување со различностите.

***Среднорочни приоритети***
МИОА ќе продолжи со подобрувањето на јавните услуги преку континуирана реализацијата на проектот „Оцени ја администрацијата“ и проектот „Барометар на квалитет“. Ќе се подготват Годишни програми за обука за административно управување за 2018 и 2019 година. Ќе се работи и на спроведување на Системот за управување со учењето и Системот за микроучење во јавната администрација и ќе се одржува платформата за е-обуки.

## 4.01.2 Стандардни на квалитет, стратешко планирање, јакнење на капацитетите

***Краткорочни приоритети***
МИОА ќе преземе низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: имплементација на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, ќе продолжи имплементацијата на Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) во другите институции, ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси (УЧР) врз основа на компетенции и ќе се спроведе функционална анализа во одреден број на институции.

Во 2016 година МИОА ќе преземе активности во насока на подобрување на координативниот механизам за управување со човечки ресурски, преку надградба на воспоставената мрежа за човечки ресурси.

Во Програмата на Владата на Република Македонија 2014-2018 утврден е и Проектот – Јакнење на административните капацитети за стратешко планирање, подобрена координација во министерствата, воведување на писмени процедури и учество на јавноста во процесот на креирање политики. Во однос на унапредувањето и координирањето на функционалниот процес на стратешко планирање Генералниот секретаријат на Владата на

Република Македонија (во понатамошниот текст: ГС) ќе продолжи со поддршката во утврдувањето на стратешки приоритети и цели на Владата. Исто така, ГС во текот на 2016 година ќе продолжи со развивањето на оддржлив и стабилен систем на обуки од областа на стратешкото планирање и со давање стручни совети и зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државна управа. Воедно, ГС во 2016 година ќе продолжи и со координирање на процесот на подготвување и следење на остварувањето на годишната Програма за работа на Владата.

Во однос на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе продолжи со своето спроведување.

***Програми и проекти***

- ИПА 2010 - Твининг Техничка помош на МИОА за имплементација на реформата на јавната администрација и државната служба
- ИПА 2010 - Набавка на опрема за рамката за интероперабилност во МИОА
- ИПА 2012/2013 - Секторско фише реформа на јавната администрација

# 4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

## 4.02.1 Процес на пристапување кон ЕУ

***Тековна состојба***

По повод десетгодишнината од имплементацијата на ССА, СЕП објави детална анализа за досегашната примена на спогодбата од аспект на придобивките од имплементацијата, резултатите кои би се оствариле со преминот во втората фаза од асоцијацијата, како и последиците кои се трпат заради непреминувањето. Се заокружи единаестиот циклус на состаноци на телата воспоставени согласно ССА.

СЕП ја координира работата на Работните групи формирани согласно НПАА, Работниот комитет за европска интеграција, како меѓуминистерско тело за координација на прашањата поврзани со европската интеграција и Поткомитетот на Работниот комитет за европска интеграција. Редовна точка на дневен ред е степенот на реализација на предвидените мерки и активности од НПАА, реализација на преземените обврски од ССА итн.

Во СЕП, во тек е имлементација на Твининг проектот "Понатамошно јакнење на институционалнаите и организациски капацитети во процеост на европска интеграција", од страна на Конзорциум од Германија, Полска, и Хрватска. Проектот ги опфаќа сите координативни структури, и има за цел консолидацијa и јакнење на капацитетите во процесот на пристапување. Проектот се спроведува во две компоненти:

*Компонента 1:* Јакнење на централните координативни структури. Во рамките на оваа компонента, утврдена е состојбата на централните коориднативни структури во процесот на интеграција (СЕП, Секретаријатот за законодавство, Процесот на подготовка на националната верзија на acquis, ИПА оперативните структури, Центарот за обуки на СЕП, и МНР), и дадени се низа препораки за подобрување на капацитетите, постојните методологии, инструменти и алатки.

*Компонента 2*: Јакнење на капацитетите на НПАА работните групи. Во текот на 2015, од страна на НПАА работните групи, и со поддршка на твининг експерти, спроведена е груба анализа на состојбата во секое НПАА поглавје. Секоја НПАА работна група, со помош на аналитички табели, направи пресек на тековната состојба во однос на утврдување на релевантното acquis и степенот на усогласеност, како и утврдување на клучните недостатоци. По завршувањето на грубата анализа, екпспертите ќе подготват Извештаи, со нивна оценка за состојбата, и препораки на краткороечен и среднорочен план. За напредокот во оваа компонента, СЕП поднесува информација до Владата, на квартално ниво.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

**Доследно спроведување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација**

Заклучно со јули 2016 година ќе биде заокружен дванаесеттиот циклус на одржување на институционалните тела согласно ССА, а на редовна основа ќе се следи и реализацијата на преземените обврски.

**Координација на процесот на подготовка и следење на НПАА**

- По усвојувањето на ревизијата на НПАА 2016-2018, планирано е за истата да биде одржана дебата со претставници на невладиниот сектор, како и со Собранието на Република Македонија (Комисија за европски прашања и Националниот совет за европска интеграција). Дополнително, можат да бидат организирани и тематски состаноци за поодделни области од европското законодавство.
- СЕП ќе продолжи да го следи степенот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку воспоставените координативни структури. Одржувањето на состаноци на РКЕИ и ПРКЕИ на редовна основа и стабилна агенда се очекува да продолжи и понатаму.
- Во соработка со Германското друштво за соработка (ГИЗ) се планира анализа и подготовка на акциски планови во селектирани области.
- Во СЕП ќе продолжи твининг проектот "Понатамошна поддршка на организациските и институционални капацитети за процесот на европска интеграција". Во рамките на проектот, ќе се продолжи со консолидација на постојните координативни структури, механизми и капацитети, подготовка на длабинска анализа на избрани поглавјата на НПАА, консолидација на завршената работа и подготовка на акциски планови во области за кои ќе бидат утврдени недостатоци.

**Координација на ПАРИРП**

Реализацијата на Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети (ПАРИРП) ќе се следи на неделна основа на седниците на Влада. Истиот е подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети на Европската комисија, Извештајот на групата високи експерти за состојбите во областа на владење на правото, како и нереализирани активности од Пристапниот дијалог на високо ниво.

## 4.02.2 Координација на ИПА и друга странска помош

***Краткорочни / среднорочни приоритети***

Во фокусот на активностите во 2016 година ќе биде понатамошното надградување на ИПА оперативната структура. Тековно се реализираат активности за програмирање на оперативната програма за компонента 2, преку активно вклучување и учество на сите релевантни институции и организации.

Преку серија активности, како донаторска координација, учество и координација на состаноци на работни групи, како и координација на програмски пакети за одредени сектори, Секторот за координација на странска помош (СКСП) директно ќе придонесе за зајакната меѓусекторска координација за програмата за ИПА1 и ИПА2 и друга странска помош и успешно спроведени програми и акциски документи во рамките на ИПА1 и ИПА2.

Со цел да се постигне наменска и рационална искористеност на средствата од билатерална помош, СКСП ќе се фокусира на спроведување на новиот регионален РОМ проект според подготвен работен план за 2016 година.

Во 2016 година, СКСП и Секторот за стратешко планирање и поддршка на процесот на пристапување, заеднички ќе спроведат активности за подигнување на нивото на искористеност на странска помош за потребите на СЕП. За остварување на овој резултат, од голема помош ќе биде зајакнување на капацитетите на вработените во СЕП за изготвување на високо квалитетни проектни фишеја за кои би постоела поголема веројатност за финансирање.

Успешноста на проектите финансирани преку ИПА1 и ИПА2 механизмите ќе се мери преку редовни евалуации и за истите ќе се изготват извештаи. За таа цел ќе бидат основани секторски мониторинг комитети за програмите финансирани преку ИПА 2014 година и ќе постапува и заедничкиот мониторинг комитет за ИПА 2014-2020. Исто така, ќе се следи и известува за напредокот на исполнувањето на предусловите од ТАИБ програмата.

**ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА СЕП**

***Тековна состојба***

Во 2015 година, Центарот за обука на СЕП спроведе 52 обуки за јакнење на капацитетите, кои ги следеа 1351 учесник.

Обуките и другите активности за јакнење на административните капацитети директно се поврзани со Твининг проектот кој тековно се спроведува во СЕП (и партнерските институции: СЗ и МНР). Најголем дел од активностите на проектот, како што се експертските мисии, состаноците, работилниците, аналитичката работа, обуките, се случуваат во Центарот за обука на СЕП со целосна поддршка од кадарот на Центарот за обука на СЕП.
Во декември 2015 година, беа дистрибуирани 2 одделни обрасци за утврдување потреби од обука, едниот се однесува на основната група на службеници кои работат на НПАА, а вториот се однесува на годишната активност која ја адресира Оперативната структура на ИПА. До крајот на декември ќе се приберат податоците, и врз основа на истите, до крајот на јануари 2016 година за двете целни групи ќе се подготви реалистичен двогодишен-план за обуки темелен на докази/податоци.

***Краткорочни приоритети***

Врз основа на спроведената анкета за утврдување потреби од обука и реалистичниот план за обука за 2016 година, ќе се спроведат активности со цел да се адресираат потребите на администрацијата, која е директно или индиректно инволвирана во процесот на европска интеграција, на генеричко, специфично и напредно ниво. Планот за обуки ќе се реализира со фондови од СЕП, т.е. Центарот за обука на СЕП, и поддршка од донаторите, со нагласен фокус на користење постојните ресурси и експертиза од администрацијата. Оттаму, предвидливите елементи на Планот за обука за 2016 година се активностите од Твининг проектот (блиску до 80 настани), норвешкиот проект за континуирано учење (5-10 настани), француска помош (4-5 настани), Проектот на ГИЗ за поддршка на СЕП (5-10 настани), поддршка од ReSPA, ДЕУ и службите на ЕК (5-10 настани), и други билатерални и мултилатерални донатори, размена на искуства и трансфер на знаење (повеќе од 10 настани). Со користење на административните службеници како обучувачи, СЕП и Центарот за обука на СЕП ќе се обиде да дизајнира, организира и испорача најмалку 20 настани за јакнење на административните капацитети.

### 4.02.3 Подготовка на македонската верзија на acquis

***Тековна состојба***

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) е мултидисциплинарен процес со учество на стручни лица од повеќе области. Се проценува дека севкупното право на Европската унија изнесува 160.000 страници.
Главните функции на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis (СПНВА) се: подготовка на македонската верзија на acquis communautaire, преведување на законодавството на Република Македонија на еден од официјалните јазици на Европската унија и преведување за потребите на преговорите за членство во Европската унија. Во СПНВА вработени се вкупно 18 државни службеници.

***Краткорочни приоритети***

Дополнително, ќе продолжи одржувањето на постојните бази на податоци и нивно унапредување со цел подобрување на процесот на координација и планирање на преведувањето на актите кои се преведуваат преку Секторот ќе продолжи да се реализира во наредната година. Во овие активности индиректен придонес ќе даде и Секторот за ИКТ.
За да се обезбеди целосна релевантност на преведените правни акти на ЕУ со приоритетите во процесот на интеграција во ЕУ, СПНВА ќе спроведе анализа за утврдување на потребите. Резултатите од анализата ќе бидат основа за генерален план за преведување на релевантни правни акти на ЕУ и за извлекување на терминологија на ниво на акт
Квалитетната јазична ревизија на правни акти на ЕУ согласно НПАА приоритетите и барањата од страна на релевантните институции, како и утврдувањето и извлекувањето на специфични термини во текот на јазичната ревизија и нивно внесување во терминолошките бази на податоци ќе придонесат кон зголемување на бројот на усогласени термини од областа на ЕУ (РПЦ 5.3.1). Дополнително, Секторот ќе продолжи и со одржување и дополнување на терминолошката база МултиТерм. Редовно се користи и ажурира регистерот на преведени правни акти (ТР), како и ЦЦ Виста базата на ЕУ. СЕП тековно врши превод на регулативи и директиви од Европската унија за потребите на НПАА.
Во рамките на тековниот Твининг проект на СЕП во 2016 година остануваат за реализација следните активности:

- обука на вработените во СПНВА како дополнување на знаењето стекнато со еднонеделниот стаж во соодветниот сектор при Министерството за надворешни работи на Хрватска. Обуката и еднонеделниот стаж се

во функција на оспособување на вработените во СПНВА да делуваат како обучувачи за секој нов учесник во процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ. Обуката е планирана за последната недела од јануари 2016.

- организирање конференција наменета за подигнување на свеста за процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ за највисокото ниво на лица кои учествуваат во донесување одлуки. Конференцијата предвидено е да се организира првата половина на јуни 2016.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот 2016 – 2017 година се планира да продолжат активностите за подготовка на македонска верзија на acquis така што се планира да се преведат дополнителни 15.000 страници и да се изврши јазична ревизија на најмалку 6.000 страници на правни акти од Службениот весник на Европската унија, на Република Македонија и на други документи од важност за процесот на европска интеграција.

Ќе се продолжи со континуирано полнење и одржување на базите на податоци поврзани со процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Се планира да се примени процедуралниот прирачник за собирање, градење и проверка на терминологијата од областа на Европската унија.

## 4.02.4 Информирање и комуникација со јавноста

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Во текот на 2016 година планирано е  да се реализираат следните активности и проекти:

- Одржување на прес-конференции, брифинзи и интервјуа за печатени и електронски медиуми;
- Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП; изработка на месечен електронски билтен;
- Подготовка и печатење на брошури на процесот на европска интеграција;
- Организација на тематски информативни предавања од доменот на ЕУ/ИПА, ЕУ разговори, дебати, трибини, конференции, домашни меѓународни форуми; (Медиуми, ОГО, Бизнис заедница, локална самоуправа);
- Испитување на јавното мислење;
- Имплементација на активности од ИПА комуникациската стратегија на централно и локално;
- Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор;
- Организација на настани за дипломатскиот кор (пр. Европски појадок, ЕвропскатаУнија во Македонија)
- Зајакнување на соработката и организација на настани за младите како целна група (ЕУ ѕвезди);
- Креирање на ИПА интерактивна мапа
- Редовна работа на МК-ЕУ инфо центарот
- Агенда за видливост на ЕУ